ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРАВНАТА РАМКА ЗА СТЕЧАЈ И ЛИКВИДАЦИЈА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

ПРИРАЧНИК
ЗА
СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Септември, 2017

Овој Проект е финансиран
од Европската Унија

Одрекување:

Содржината на Прирачникот за стечајната постапка е единствена одговорност на конзорциумот на Pohl Consulting & Associates Consortium и на ниту еден начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.
Овој документ е изготвен врз основа на постојното законодавство во доменот на стечај, заклучно со септември 2017 година.

Почитувани,

Во Прирачникот е пред Вас претставена е стечајната постапка, утврдена со Законот за стечај, со важност на 30 септември 2017година. Опфатени се сите процесни дејства, со оглед на тоа што самата стечајна постапка претставува низа на процесни дејства што ги преземаат субјектите и со кои таа започнува, се развива и се заклучува, тргнувајќи од претходната постапка, за утврдување на условите за нејзино отворање и дејствата што тогаш се преземаат.

Следејќи ги основните цели на СЦБЛ Проектот, во Прирачникот се наведени законските норми и дискутирани постојните добри но и лоши практики во примената на законската легислатива во доменот на стечајната постапка, утврдена во 2006 година, со бројни измени и дополнувања во периодот до 2014 година.

Стечајните управници кои учествуваа во проектните советувања за нормативните аспекти и основните начела на стечајните постапки, како и во дебатите каде што е анализирана примената на постојната законска регулатива, посочувајќи на одредени слабости и недоследности, како и на различни толкувања, ја истакнаа потребата од изработка на ваков прирачник за стечајната постапка.

Прирачникот е изработен во рамките на Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“(СЦБЛ), се остварува во рамките на Министерството за економија, се реализира со средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија и се имплементира од страна на конзорциум предводен од Pohl Consulting&Associates, во партнерство со Ernst&Young.

Се надеваме дека Прирачникот ќе го користат постојните стечајни управници и сите оние кои се подготвуваат тоа да станат, со добивање на лиценца на стечаен управник, а по обуките реализирани во рамките на СЦБЛ Проектот, во текот на септември 2017 година. Секако, се надеваме дека ќе го користат и сите други кои работат или се заинтересирани да се запознаат со постапките и процедурите на стечајот .

Од СЦБЛ Проектот

СОДРЖИНА

1. НАСТАНУВАЊЕ НА КРИЗА ВО ТРГОВСКОТО ДРУШТВО 12

1.1. ОБВРСКИ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ ВО НАДМИНУВАЊЕ НА КРИЗАТА 14

1.1.1. Обврски на членовите на органите на управување и надзор по евидентирање на загуба 15

1.1.2. Обврски на членовите на органите на управување и надзор по утврдување на инсолвентност или презадолженост 17

1.2. Правни последици за органите на управување и надзор во случај кога не постапуваат согласно посебните обврски 19

1.2.1. Одговорност на членовите на органите на управување и надзор за штета поради неподнесување на предлог за отворање на стечајна постапка 20

2. НОРМАТИВНА РАМКА ЗА МОЖНО РАЗРЕШУВАЊЕ НА КРИЗАТА 23

3. ПОСТАПКИ ШТО ОВОЗМОЖУВААТ РЕСТРУКТУИРАЊЕ НА БИЗНИСОТ ВО РАНА ФАЗА 28

3.1. РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРГОВСКО ДРУШТВОТО ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА 29

3.1.1. Материјално правни претпоставки за поведување на вон стечајна реорганизација 30

3.2. Процесно - правни претпоставки за поведување на вон стечајна постапка 34

3.2.1. Предлог за отворање на стечајна постапка 34

3.3. Постапка за донесување на планот 35

4. ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА 37

5. РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ДОЛЖНИКОТ ВО СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА 39

5.1. План за реорганизација 41

5.2. Модели на реорганизација 42

5.3.Составување на планот за реорганизација 44

5.3.1. Претпоставки за составување на планот за реорганизација 44

5.4. Стечајниот управник и реорганизација на должникот 45

5.4.1. Обезбедување и задржување на претпријатието на должникот за време на спроведување на постапката за реорганизација 45

5.4.2. Подготвување на прифатлив и спроведлив план за реорганизација 47

5.4.3. Што значи прифатлив и спроведлив план за реорганизација ? 48

5.4.4. Содржина на планот за реорганизација 51

5.5. Општи насоки 53

5.5.1. Реорганизација со натамошно водење на претпријатието од страна на должникот 56

5.5.2. Реорганизација со дополнително финансирање 57

5.5.3. Реорганизација со препуштање на еден доверител или санатор да го продолжи работењето на должникот 57

5.5.4. Реорганизација со продажба на имот на должникот 57

5.5.5. Реорганизација со стекнување на акции, удели, права или интереси во трговското друштво 58
5.5.6.Реорганизација со преземање на статусни промени на должникот 58
5.7. План за реорганизација поднесен од должникот заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка, а не побарал спроведување вон стечајна реорганизација 59
5.8. План на пазарот и маркетингот 60
5.9. План на организација на друштвото....61
5.9.1. Финансиски план 62

6. ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ КОИ НАСТАПУВААТ ОД ПОДНЕСЕНИОТ ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА 64

6.1.Располагање со имотот на должникот и негова распределба 64
6.2. Планот за реорганизација и градежно земјиште 64
6.3. Планот за реорганизација и земјоделското земјиште....65

7. ПОСТАПКА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА....66

7.1. Изјаснување по планот за реорганизација....66
7.1.1. Доставување на план за реорганизација 66
7.1.2. Депонирање на планот за реорганизација во стечајното досие 67
7.2. Доставување на планот за реорганизација на мислење....68
7.3. Постапка за прифаќање и одобрување на планот за реорганизација 69
7.3.1. Свикување на собранието на доверители за расправање и гласање по предложениот план за реорганизација....69
7.4. Одобрување на планот за реорганизација и правно дејство на решението за заклучувањето на стечајната постапка 74
7.4.1. Правно дејство на одобрениот план за реорганизација 79
7.4.2. Извршување на одобрениот план за реорганизација....81
7.5. Причини за отворање на нова стечајна постапка....83
7.5.1. Отворање на нова стечајна постапка над субјектот во реорганизација 85
7.5.2. Правни последици од отворањето на стечајната постапка над субјектот во реорганизација....86
7.6. Надзор и контрола на спроведување на планот за реорганизација 87
7.6.1. Целта на надзорот и контролата на планот за реорганизација....87
7.6.2. Кој може да врши надзор на спроведување на планот за реорганизација....88
7.6.3. Што е опфатено со надзорот и како се спроведува надзорот....88
7.7. Известувањето на доверителите за сите преземени мерки од субјектот во реорганизација 90
7.8. Времетраење на надзорот врз спроведување на планот за реорганизација....91
7.9.Трошоци за надзорот врз спроведување на планот за реорганизација 92

8. ПОСТАПКА НА ЛИЧНО УПРАВУВАЊЕ ОД ДОЛЖНИКОТ И ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА 93

8.1. Зошто оваа постапка е различна од стечајната постапка? 94
8.1.1. Основни должности на повереникот....95

8.1.2. Посебни должности на повереникот 96
8.1.3. Специјални должности на повереникот 96
8.2. Како влијае постапката за лично управување од должникот на планот за реорганизација 97

СТЕЧАЈ И СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА....99

9. ПРЕТПОСТАВКИ КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ ИСПОЛНЕТИ ЗА ОТВОРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА....99

9.1. Материјално- правни претпоставки....100
9.1.1. Стечајна способност 100
9.1.2. Постоење на имот....102
9.1.3. Стечајна причина....103
9.2. Околности кои укажуваат на инсолвентност 105
9.3. Процесно – правни претпоставки за отворање на стечајната постапка 106
9.3.1. Предлог за отворање на стечајна постапка 107
9.3.1.1. Претходно испитување на предлогот 109
9.3.2. Докази за инсолвентност....112
9.3.3.Аванс на трошоците за водење на претходната постапка....119

ПРАВНА ПОЛОЖБА И ДОЛЖНОСТИ НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА....120

10. ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА....120

10.1. Непосредно отворање на стечајна постапка 121
10.1.1. Должникот – ликвидатор како предлагач 122
10.1.2. Доверител како предлагач....122
10.1.3. Предлог за отворање на стечајна постапка над субјект во реорганизација 122
10.2. Влијание на претходната постапка на правниот субјективитет на должникот 123
10.3. Мерки за обезбедување....124
10.3.1. Видови на мерки за обезбедување 126
10.4. Ограничување на правниот субјективитет на должникот 126
10.4.1. Општата забрана за располагање со имотот 127
10.4.2. Овластувања на привремениот стечаен управник 128
10.4.3. Располагање со имотот со претходно одобрение од стечајниот судија или привремениот управник....133
10.4.4. Забрана на исплатите од сметката на должникот....133
10.5. Ограничување на автономијата на доверителите - мирување на постапките 134
10.5.1. Забрана или привремено одложува одредување или спроведување на присилното извршување или обезбедување против должникот....134
10.6. Укинување на мерките за обезбедување 137
10.7. Обврски на органите на управување на должникот во претходна постапка 139
10.7.1. Извештај за економско финансиска состојба кој го поднесува должникот 140
10.8. Присилни мерки против органите на управување....141
10.8.1. Приведување на членовите на органите на управување заради давање изјава 142
10.8.2. Притвор заради обезбедување присуство 142

10.8.3. Парична казна 143
10.9. Рочиште за испитување на услови за отворање на стечајната постапка 143
10.9.1. Процесни претпоставки за одржување на рочиштето за испитување на услови за отворање на стечајната постапка....145
10.9.2. Преземање на долг од трето лице 147

СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА 150

11. ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ОТВОРЕНА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА 150

11.1. Основни правни последици....151
11.1.1. Материјално правни последици....151
11.1.2. Процесно правни последици – мирување на постапките....152
11.2. Правни последици и правниот субјективитет на должникот 154
11.2.1. Обврски на органите на управување во стечајна постапка....157
11.2.2. Присилни мерки против органите на управување во стечајна постапка 157
11.3. ПРАВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ И ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ....158
11.3.1. Пристигнување на побарувањата....160
11.3.2. Побарувања подложни на раскинлив или одложен услов 162
11.3.3. Солидарна одговорноста на повеќе должници за исполнување на иста чинидба на доверителот во целост....163
11.3.4. Права на солидарни содолжници и гаранти 164
11.3.5. Непарични побарувања....165
11.3.6. Побарувања со повремено давања....165
11.3.7. Обезбедени побарувања....166
11.4. ПРАВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ И ПРАВНИТЕ РАБОТИ НА ДОЛЖНИКОТ....167
11.4.1. Обврски на стечајниот управник при исполнување на двострано товарни договори 167
11.4.2. Фиксни договори 168
11.4.3. Делива чинидба 169
11.4.4. Договор за продажба со задржување на правото на сопственост 169
11.4.5. Договор за закуп 171
11.4.6. Договор за вработување 173
11.4.7. Договор за налог....174
11.4.8. Понуда 175
11.4.9.Полномошно....175
11.5. Отворање на стечајна постапка и нејзино неспроведување поради недоволност на имотот 176
11.6. Стечајна постапка од мала вредност 179

12. ПОБИВАЊЕ НА ДОЛЖНИКОВИТЕ ПРАВНИ ДЕЈСТВА 180

12.1. Дозволено намирување....183
12.2. Недозволено намирување 184
12.3. Правни работи со кои доверителите непосредно се оштетуваат 184
12.4.Намерно оштетување 185
12.5. Двострано товарни договори склучени со блиски лица....186
12.6. Правни работи без надоместок или со безначаен надоместок 187

12.7. Правни работи кои не можат да се побиваат 187
12.8. Постапката за побивање на правни дејства во стечајна постапка 187

13. УПРАВУВАЊЕ СО СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА....191

13.1. Стечаен судија 193
13.2. Органи на доверителите....197
13.2.1. Одбор на доверители....197
13.2.2. Должности на одборот на доверители 203
13.2.3. Донесување одлуки на одбор на доверители 209
13.2.4. Награда и трошоци на членовите на одборот на доверители....212
13.3. Собрание на доверители 212
13.3.1. Овластени субјекти за свикување на собрание на доверители 213
13.3.2. Донесување на одлуки....215
13.3.3. Поништување на одлуките донесени на собрание на доверители 218
13.3.4. Укинување на одлука на собрание на доверители 218
13.3.5. Прво извештајно собрание на доверители 219

14. СТЕЧАЕН УПРАВНИК 222

14.1. Услови за стекнување на лиценца за вршење на работите стечаен управник....222
14.1.1. Општи услови 222
14.1.2. Посебни услови....225
14.1.3. Ограничувања поради кои физичкото лице неможе да се стекне со лиценца за вршење на професијата стечаен управник....229
14.2. Услови за одземање на лиценцата 230
14.2.1. Услови за одземање поврзани со обновување на лиценцата 230
14.2.2. Одземање на лиценцата поради неисполнување на услови за вршење на професијата стечаен управник 232
14.2.3. Одземање на лиценцата поради изречена дисциплинска мерка 232
14.3. Правни последици од одземањето на лиценцата, односно необновувањето на лиценцата 235
14.4. Правна положба на стечајниот управник во стечајна постапка 236
14.4.1. Именување на стечајниот управник во стечајната постапка според метод на електронски избор од листата на стечајни управници 239
14.4.2. Именување на стечаен управител по предлог на доверител 240
14.4.3.Пречки за именување на стечајниот управник....242
14.5. Контрола врз работата на стечајниот управник....243
14.5.1.Сменување на стечаен управник од страна на доверителите....244
14.5.2. Санкции кои можат да бидат изречени против стечајниот управник поради неизвршување на должноста....245
14.6. Примопредавање на должноста во случај на сменување или разрешување....250
14.6.1. Примопредавање на должноста во случај на смрт на стечајниот управник....250
14.7. НАГРАДУВАЊЕ И НАДОМЕСТУВАЊЕ НА РЕАЛНО ПОТРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК 251
14.7.1. Постапка за одобрување на наградата 251
14.7.2. Реално потребни трошоци за водење на стечајната постапка 252

ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТЕЧАЈНИТЕ УПРАВНИЦИ 254

14.8. Комора на стечајни управници 254
14.8.1. Собрание на комора 255
14.8.2. Управен одбор 256
14.8.3. Претседател на комората 256
14.8.4. Надзорен одбор 257
14.9. Надзор над вршењето на јавните овластувања на Комората 257
14.9.1. Санкции кои може да изрече министерот спрема Комората 258

15. ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ ВО СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА....260

15.1. СТЕЧАЈНИ ДОВЕРИТЕЛИ 260
15.2. ИЗЛАЧНИ ДОВЕРИТЕЛИ....262
15.2.1. Право на потрага на ствари 264
15.2.2. Земјоделско земјиште во сопственоста на државата 265
15.2.3. Трансформирање на излачно во стечајно побарување....266
15.3. РАЗЛАЧНИ ДОВЕРИТЕЛИ....267
15.3.1. Карактеристики на заложното право....268
15.3.2. Поделба на заложното право 269
15.3.3. Влијание на правни последици од стечајната постапка на заложните права....272
15.4. ДОВЕРИТЕЛИ НА СТЕЧАЈНА МАСА....276
15.4.1. Необезбеден кредит како трошок на стечајната постапка 277
15.4.2. Обезбеден кредит како трошок на стечајната маса 278
15.4.3. Обврски на стечајната маса 279

16. УПРАВУВАЊЕ СО СТЕЧАЈНАТА МАСА ВО СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА....280

16.1. Формирање на стечајната маса 288
16.1.1. Пронаоѓање на имотот на стечајниот должник 291
16.1.2. Испитување на можностите за враќање на имотот во стечајната маса 291
16.2. ПРЕЗЕМАЊЕ НА ИМОТОТ КОЈ ВЛЕГУВА ВО СТЕЧАЈНА МАСА 292
16.2.1. Преземање на имотот од органите на управување на должникот 292
16.2.2. Преземање на имотот од трето лице 293
16.2.3. Обезбедување на преземениот имот....294
16.2.4. Управување со банкарската сметка 295
16.2.5. Управување со пари, хартии од вредност и скапоцености 298
16.3. Попис и проценка на имотот кој влегува во стечајна маса....298
16.3.1. Постапка за спроведување на попис 299
16.4. Проценка на имотот кој влегува во стечајната маса....300
16.4.1. Некои основни поставки на меѓународните стандарди на проценка 302
16.5. Изработка на проценката....304
16.6. Список на доверители и должници на стечајниот должник....305
16.7. Почетен стечаен биланс 307
16.8. ВОДЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВОТО ПО ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА....309
16.9. СТЕЧАЈНО ДОСИЕ....310

17. ВОДЕЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ ПОТФАТ НА ДОЛЖНИКОТ ПРЕД ПРВОТО ИЗВЕШТАЈНО СОБРАНИЕ 311

17.1. Стечајниот управник и завршување на започнатите, незавршени работи....314

18. ИСПИТУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ....315

18.1. Автоматско мирување на постапките и побрувања 316
18.2. Пријава за побарување во стечајна постапка 316
18.2.1. Пријава за побарување на разлачен доверител 319
18.3.Испитување на пријавата за побарување 320
18.3.1. Посебна табела за ненавремени пријави поднесени од стечајните доверители 321
18.3.2. Посебна табела за неуредни пријави за побарување 321
18.3.3. Испитување на пријава на доверител со право на одвоено намирување....322
18.4. Табела (шема) за утврдени и оспорени побарувања....323
18.4.1. Право на приговор на доверителите на табелата(шема) за утврдени и оспорени побарувања 326
18.5. Испитно рочиште....327
18.5.1. Решение за утврдени и оспорени побарувања 328
18.6. Судска заштита на доверителите со оспорено побарување 329
18.6.1. Правно дејство на пресудата донесена во парница по оспорено побарување 332

19. ГЛАСАЧКИ ПРАВА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ 334

19.1.Гласачки права на доверителите со право на одвоено намирување од предмет или право. 334
19.2. Потребно мнозинство да се донесе одлука на собранието на доверители....335

20. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕКОНОМСКО – ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК 337

20.1. Краткиот историјат и статусот на стечајниот должник 338
20.2. Описот на мерките и активностите кои ги превземал стечајниот управник во управувањето со имотот на стечајниот должник....341
20.3. Анализа и евиденција на книгите и документацијата на должникот: 342
20.4. Очекуваниот исход во случај на затворање на деловниот потфат и ликвидација на стечајниот должник 343
20.5. Одлука на доверителите по предложениот извештај за економско финансиска состојба на должникот....343
20.5.1. Доставување на извештајот, пописот и почетниот стечаен биланс во стечајното досие....343
20.5.2. Закажување на седницата на првото извештајно собрание 344
20.6. Одлука за понатамошно постапување во стечајната постапка 345
20.6.1. Ликвидација в.с. реорганизација....346

21. ЛИКВИДАЦИЈА НА ДЕЛОВНИОТ ПОТФАТ И ВПАРИЧУВАЊЕ НА ИМОТОТ 348

21.1. Конечно затворање на деловниот потфат 348
21.1.1. Постапка за впаричување на имотот....348
21.1.2. Огласување на намерата за продажба....350

21.1.3. Јавно наддавање по електронски пат 350
21.1.4. Неуспешна продажба 353
21.1.4.1. Распределба на стечајната маса на доверителите 353
21.1.5. ПРОДАЖБА НА ИМОТ ПОД ПОСЕБНИ УСЛОВИ 353
21.2. Реализација на право на одвоено намирување надвор од стечајна постапка....357

22. НАМИРУВАЊЕ НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ 359

22.1. Авансна распределба 360
22.2. Конечна распределба 363
22.3. ЗАВРШНА СМЕТКА И ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ 364
22.3.1. Завршно собрание на доверителите 367
22.4. Распределба на вишокот од конечна распределба 368

23. ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА....369

23.1. Дополнителна распределба 371

24. ЗАПИРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА....374

24.1. Запирање на стечајната постапка во случај кога стечајната маса не е доволна да ги покрие трошоците во постапката 374
24.2. Запирање на стечајната постапка во случај кога стечајната маса не е недоволена за намирување обврските на стечајната маса 375
24.3. Запирање на отворената стечајна постапка поради непостоење на услови за спроведување на стечајната постапка....376
24.4. Запирање на стечајната постапка со согласност на доверителите 377

КРИЗА ВО ТРГОВСКОТО ДРУШТВО И МОЖНОСТИ ЗА НЕЈЗИНО РАЗРЕШУВАЊЕ

1. НАСТАНУВАЊЕ НА КРИЗА ВО ТРГОВСКОТО ДРУШТВО

Кризата, може да се дефинира како краткотрајна, несакана и критична состојба во трговското друштво која настанала поради надворешни или внатрешни причини и непосредно го загрозува натамошниот развој и постоење.

Во врска на појавата на кризата се поставуваат две одделни прашања, а тоа се како влијае кризата врз управувањето во друштвото, поточно како се однесуваат органите на друштвото во оваа состојба и каква е нивната улога во разрешувањето на кризата.

Одговорите на овие две прашања тесно се поврзани со причините поради кои настанала кризата. Генерално гледано причините за настанување на кризата може да се поделат на внатрешни и надворешни.

Внатрешни причини на кризата, односно субјективни причини за настанување на кризата се оние причини кои настанале непосредно внатре во друштвото, и пред се се резултат на односите во друштвото.

Тие причини најчесто се однесуваат на несоодветната стручна оспособеност на менаџерите, лошата организација и неефикасен информациски систем. Тесно поврзани со овие причини се проблемите со кадровскиот менаџмент, неефикасната финансиска функција, прескапо производство и не конкурентната положба на пазарот .

Од друга страна надворешните причини односно објективни причини за настанување на кризата најчесто се оние кои настанале во околината на друштвото и на кои друштвото не влијаела директно. Тие можат за определат како промени на пазарот, економска криза, одредени макроекономски одлуки, природни несреќи и др. Сепак можно е појавувањето на кризата во друштвото да биде условено од истовременото влијание на надворешните и внатрешните причини на кризата при што произлегува дека интензитетот и појавата на кризата во секое друштво е различна.

Состојбата на криза во која се наоѓа друштвото влијае на однесувањето на органите на управување, вработените од една страна, акционерите, доверителите и конкурентите, од друга страна. Во овој период се повеќе доаѓа до израз судирот на интереси на сите овие учесници, а тие интереси се разликуваат посебно во услови на криза.

Во ова фаза на состојба на криза, кога е се поизвесно дека друштвото неможе нормално да работи, менаџерите најчесто сакаат да создадат слика дека не се работи за криза туку се работи за моментални пречки во работењето кои ќе се надминат и

дека работењето најнормално продолжува. Покрај тоа, тие во овој период не се спремни да преземат никакви промени кои можат да доведат до потврдување на кризата од причина што доколку преземат одредени промени ќе се докаже дека кризата и навистина настанала. Кога друштвото се наоѓа во состојба која е многу блиска до нејзино пропаѓање, непосредно се загрозени и интересите на акционерите на друштвото како и нивните имотни права.

Поради тоа во овој период истите треба преку органите во кои ги остваруваат своите членски и имотни права да преземат мерки за заштита на своите имотни права од вложениот капитал.

Тука, посебна одговорност имаат органите за надзор кои ја извршуваат надзорната функција, кои и во голема мерка се претставници на капиталот, односно на акционерите во друштвото, да предупредат за можното настанување на кризата и да побараат преземање на мерки за нејзино спречување. Меѓутоа, во практиката тоа не се случува и членовите на надзорниот одбор по правило се изненадени од појавата на кризата во друштвото.

Вообичаена реакција во ваков случај, плашејќи се одговорноста за настаната криза е отстапување од функцијата член на надзорниот одбор со што на друштвото не му помагаат туку напротив, ја доведуваат во уште посложена состојба.

Настанување на инсолвентноста е резултат на лошото управување со ризиците со кои се соочува друштвото. Инаку под ризик се подразбира веројатност на претрпување на штета. Таа штета може да се манифестира као намален квалитет, зголемени трошоци или пак целосен неуспех. Со други зборови ризикот се состои од две компоненти кои меѓу себе се поврзани, а тоа се:

- веројатноста од неуспех во остварување на определена цел

- последицата од тој неуспех

Инаку, тесно поврзано со управувањето на ризикот е и развојот на менаџерските способности кои се однесуваат на планирање на ликвидноста, надминување на негативните влијанија на повремените осцилации на ликвидноста, исправно толкување на пораките кои произлегуваат од проекцијата на паричниот тек како и донесување на деловни одлуки врз основа на расположливите информации.

Кои се основните мерки кои треба да ги преземат менаџерите во врска со надминување на кризата која настапила?

Постојат три ситуации кои влијаат на одговорот на ова прашање, а во исто време и на различно однесување на органите на друштвото.

Поточно, одговорот на ова прашање зависи од тоа дали кризата настапила, дали настапила и се работи на нејзиното разрешување и третиот случај е кога настапила и постои можност за нејзино надминување.

Во првиот случај кога кризата се уште не настапила во тој случај се работи за спречување на кризата. Како инструмент за спречување на кризата е стратешкиот менаџмент односно стратешкото планирање во друштвото.

Вториот случај е кога кризата настапила и треба да дојде до нејзино разрешување. Инаку, кризата како процес или состојба може да се дефинира како состојба која трае многу кратко време. Таа непосредно го загрозува опстанокот и развојот на друштвото, трае многу кратко време, резултатот од нејзиното разрешување може да биде опстанок на друштвото или негово пропаѓање. Таквата карактеристика на кризата се нарекува амбивалентност.

Значи, по правило секоја криза претставува краткотрајна состојба која се развива во понатамошнен стадиум кој може да донесе добро или лошо разрешување.

Тргнувајки од можноста за надминување на кризата може да се направи разлика помеѓу два вида друштва.

Тоа се друштвата кои неможат да ја совладаат кризата. Кај овие друштва разликуваме безнадежните примери и друштва кои можат само краткорочно да преживеат, меѓутоа се под постојана закана за пропаѓање односно отворање на стечајна постапка.

Понатаму, друштва кои можат да ја совладаат кризата. Во овој случај разликуваме два вида друштва, тие кои скромно ќе преживеат со низок приход и компании кои трајно ќе ја решат кризата со примерен приход.

Третиот случај е кога кризата настапила и започнува процесот на нејзино санирање. За овој случај може да се каже дека не постои модел, концепт или пристап кој може да биде применлив во секоја ситуација. Може да се зборува само за одредени мерки кои можат да се применат како средство за надминување на кризата.

По правило се работи за комплексни мерки кои се преземаат на одредени подрачја и тоа на подрачјето на менаџментот и организацијата, на приходите, на финансиите, на трошоците и кадрите.

1.1. ОБВРСКИ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ ВО НАДМИНУВАЊЕ НА КРИЗАТА

Состојбата на криза во која се наоѓа друштвото влијае на однесувањето на органите на управување, вработените од една страна акционерите, доверителите и конкурентите, од друга страна. Во овој период се повеќе доаѓа до израз судирот на интереси на сите овие учесници, а тие интереси се разликуваат посебно во услови на криза.

Во моментот кога трговското друштво ќе се соочи со кризата пред се заради заштита на интересите на доверителите настануваат уште четири дополнителни обврски за членовите на органот на управување и надзор. Тие обврски се поврзани со анализирање на причините за настанување на загубата и инсолвентноста, еднаков третман на сите доверители во периодот на инсолвентност, свикување на седницата на собрание на акционери, како и разрешување на инсолвентноста со употреба на постојните средства во рамките на постојниот деловен потфат. Последната обврска посебно е поврзана со забраната на содружниците, органите на управување да

формираат ново трговско друштво и да бидат управители или членови на органите на управување и надзор во друго друштво.

Последица на неспроведување на наведените посебни обврски во случај на криза на друштвото е неограничената и солидарна одговорност на членовите на органите на управување и надзор за настаната штета на доверителите и акционерите на друштвото.

1.1.1. Обврски на членовите на органите на управување и надзор по настанување на загуба

Членовите на органите на управување и надзор во акционерското друштво имаат одредени обврски во случај кога друштвото во текот на работењето, а особено ако според тримесечната или полугодишната пресметка, односно годишната сметка покажува нова загуба, поголема од 30% од вредноста на имотот на друштвото, односно 50% од основната главнина.

Со други зборови се работи за појава на сигнали кои предупредуваат дека друштвото се приближува кон состојба на инсолвентност, односно постои сомневање за успех во идното работење на друштвото. Значи појавата на сигнали за настанување на идна кризна состојба на друштвото претставуваат задолжителен основ за органите на управување и надзор да преземат одредени дејства. Тука мора да споменеме дека појавата на загубата не е единствен сигнал за настанување на идната криза, што значи дека членовите на органите на управување и надзор анализата на состојбата треба да ја вршат постојано и длабински.

Механизамот на посебната одговорност на органите на управување и надзор се активира во случај кога ќе биде исполнет еден од овие претпоставки односно доколку друштвото ако во текот на работењето покаже загуба која е поголема од 30% од вредноста на имотот или 50% од основниот капитал. Од толкувањето на ваквото нормирање може да се заклучи дека членовите на органот на управување се должни да ги преземат мерките во случај ако се работи за нова загуба според тромесечната, полугодишната или годишната сметка. Значи прифатена е поширока концепција околу сознанието за тоа кога членовите на органот на управување и надзор дознале дека настанала загубата. Со други зборови органите на управување и надзор се должни да ги преземат мерките веднаш кога ќе утврдат дека постои загуба односно во било кој случај, а тоа немора да биде само во времето кога се изработуваат тромесечната, полугодишна или годишната пресметка.

При примената на ова правило посебно при оценка на тоа дали членовите на органите на управување и надзор ги преземале сите дејства може да се постави прашање кога настанува загуба на една половина на основниот капитал. До таква состојба доаѓа во случај кога за санирањето на загубата треба да се ангажира барем половина на основниот капитал. Значи загубата би била значајна ако износот кој е добиен од одземање на резервите и нераспоредената добивка од вкупната загуба ја надминува половина од основниот капитал.

Исто така за утврдување на посебните обврски на органите на управување и надзор важно е како ќе биде проценета вредноста на имотот на друштвото.

По правило се применува начелото на континуитет на деловниот потфат, (going concern) Сепак примената на ова начело зависи од проценката на органите на управување и надзор дали постојат услови за продолжување на деловниот потфат или не. Ако оценката е дека нема услови за продолжување на деловниот потфат во тој случај проценката се врши според ликвидациска вредност.

Во случај на настанување на загубата обврската на членовите на органите на управување и надзор треба веднаш да подготват извештај во писмена форма. Овој извештај треба да содржи два дела. Во првиот дел треба да биде извршена анализа на причините поради кои дошло до загубата. Вториот дел од извештајот треба да ги содржи мерките со коишто загубата ќе биде покриена. Вака составениот извештај го одобрува одборот на директори, односно надзорниот одбор.

Времето во кое органот на управување треба да свика седница на собранието на акционерите е 48 часа од моментот на сознавањето за загубата. Се работи за задолжително свикување на собранието на акционери кое по правило е вонредно собрание на акционери. Истовремено ќе мора да го определат времето и местото на одржување на собранието како и начинот на кој ќе биде свикано. Постојат три можности за свикување на собранието со покана или со објавување јавен повик или со покана и со објавување на јавен повик до акционерите. По исклучок кај акционерските друштва кои котираат на берза и друштво според посебните закони е со посебна обврска за известување треба да ја објави содржината на јавниот повик освен во најмалку еден весник што излегува на територија на Република Македонија, и насловната страна на својата официјална интернет страна.

Инаку, во овој кризен период во кој се наоѓа друштвото, органите на управување покрај известување на акционерите треба да преземат мерки за надминување на кризата По правило се работи за преземање на комплексни мерки на одредени подрачја и тоа на подрачјето на членовите на органите на управување и организацијата, на приходите, на финансиите, на трошоците и кадрите.

Основни мерки што се преземаат во врска со органите на управување кога кризата настанала зависат пред се од анализата на причините за настанување на кризата.

Доколку, се утврди дека до настанувањето на кризата дошло поради лоша одлука на извршните директори или органот на управување кој ја извршувал функцијата раководење со друштвото, доаѓа до израз правилото тој што кризата ја предизвикал неможе успешно да ја изврши и функцијата на надминување на кризата.

Поради тоа се преземаат чекори за итни промени на органи на управување со нов кој ќе ја извршува функција на управување на друштвото според начелата на кризниот менаџмент. Тоа подразбира дека новиот тим ќе треба да се зафати со две задачи. На една страна се работи за разрешување на настанатите проблем од минатото, а од друга страна треба да се занимава со развојни прашања.

Втората мерка која се презема во услови на криза, е т.н. централизирано управување посебно во сферата на финансиското работење. Со тоа директно се воспоставува надзор над паричниот тек, трошоци на работење и инвестициите.

Трета мерка која треба да се преземе, а која е непосредно поврзана со централизираното управување е промена на организацијата на друштвото. Така наместо хиерархиското поврзување кое постоело до тогаш се воведува нова организација која се заснова на проектот на разрешување на проблемите. За таа цел се воспоставуваат нови односи помеѓу поединци во друштвото и кризниот менаџмент.

Последната мерка која е непосредно поврзана со управувањето е воведување на нов систем на комуницирање и информирање. Инаку самиот процес на санирање на друштвото може да се започне само тогаш кога кризата настанала, превентивното делување било неуспешно, а се оценува дека кризата може да се надмине.

По правило санацијата се одвива во две основни подрачја. Првото подрачје е санирање на деловниот процес, а второто подрачје е санирање на финансиите. За успешно санирање треба да бидат исполнети три кумулативни услови: да постои здраво претпријатие или барем негов дел кој е способен да обезбеди позитивен паричен тек и од аголот на развој, способни органи на управување и финансиски извори кои се на располагање за да биде извршена ревитализација.

Значи преземените активности на водење на друштвото кое се наоѓа во акутна криза чија основна задача е да запрат негативните движења и да се воспостават темелите на нов развој (ревитализација - оживување) се нарекува кризен менаџмент Инаку самото објавување на јавниот повик за свикување на собранието на акционери може да има и негативен ефект врз финансиската позиција на друштвото. За друштвата кои котираат на берзата ваквата информација има карактер на ценовно чувствителна информација.

Одговорот на ова прашање е поврзан со секој поединечен случај(case by case) и зависи од тоа во каква финансиска состојба се наоѓа друштвото. Во одредени случаи, а посебно кога постојат можности загубата да се надмине можно е само акционерите да го разгледаат извештајот на органите на управување и да им дадат одврзани раце во разрешување на кризната состојба односно надминување на загубата во која се наоѓа друштвото. Во друг случај постои можност акционерите да донесат одлука за спроведување на ликвидација на друштвото, ако од финансиските показатели произлегува дека друштвото има имот од кој можат да се исплатат побарувањата на доверителите целосно. И на крајот, доколку се работи за презадолженост, во тој случај акционерите можат да одлучат органите овластени за застапување да поднесат предлог за спроведување на стечајна постапка.

1.1.2. Обврски на членовите на органите на управување и надзор по настанување на инсолвентност или презадолженост

Посебни обврски за органите на управување и надзорот во случај на инсолвентност како услов за отворање на стечајната постапка е да свикаат собрание на

акционери најдоцна во рок од 21 дена по настапувањето на инсолвентноста. При свикувањето на собранието на акционери, органот на управување треба да се раководи од фактот што инсолвентноста односно презадолженоста значат дека е последен момент во кој треба акционерите да бидат информирани за ваквата состојба па поради тоа треба што е можно побрзо внатре во рокот од 21 ден да свикаат собрание на акционери. Обврска на органот на управување е на оваа собрание да ги информира за состојбата во која се наоѓа друштвото како и за мерките кои биле преземени и за мерките кои треба да бидат преземени за надминување на оваа состојба. На собранието акционерите треба да донесат одлука со која ќе ги одобрат мерките кои треба да бидат преземени.

Инаку доколку над друштвото во меѓувреме е отворена стечајна постапка, не постои основ за свикување на собранието на акционери поради материјално правните последици кои настануваат ex lege од отворањето на инсолвентната постапка и губењето на членските права на акционерите. Сепак можно е свикување на собранието на акционери, само што одлуките кои ќе бидат донесени не се однесуваат на управувањето со друштвото, туку со контрола на работата на стечајниот управник, а се поврзани со заштита на имотните права на акционерите.

Всушност, основата за ваквата контрола е тоа што согласно Законот за стечај акционерите и нивните побарувања што произлегуваат од акционерскиот капитал претставуваат група на доверители од понизок исплатен ред, што значи дека тие немаат обврска да ги пријават овие побарувања туку стечајниот управник внимава на нивната исплата доколку бидат исполнети другите услови. Сетоа тоа се поврзува со правото на акционерите да им биде исплатен остаток од имотот по целосната исплата на доверителите.

Должноста за свикување на седница на акционери не би требало да постои и во случај кога друштвото ја надминало состојбата на искажана загуба.

Во врска со свикувањето на собрание на доверители дополнително се поставува прашањето за кој период може да се одложи собранието на доверители доколку нема кворум за неговото одржување. Во секој случај доколку дојде до ваква ситуација одлагањето треба да биде извршено во најкраток можен рок. Исто така може да се каже дека проблематично е какви одлуки акционерите треба да донесат на ова собрание односно дали воопшто се должни да одлучуваат.

Во овој период кога настапила инсолвентноста односно презадолженоста нормирани се две забрани со цел да се создадат услови за рамноправен третман на доверителите при исплата на нивните побарувања. Во овој период постои општа забрана за вршење на какви било исплати од сметка на друштвото, како и преземање на нови обврски, освен оние кои се неопходни за редовно работење на друштвото

Со други зборови органот на управување не смее ниту да предлага ниту да врши било какви исплати кои се поврзани со намирување на побарувањата на доверителите. Во овој момент е важно да се зачува должниковото претпријатие во најголема мерка, па така дозволени се само исплати поврзани со работата на друштвото. Тоа значи дека за време на инсолвентноста и презадолженоста, органите на управување можат да одобрат и да вршат исплати на тековните трошоци, по основ на добавување на стоки и услуги и плаќање на даноци, сите исплати, односно зделки кои

се поврзани со работата на должниковото претпријатие пред поведувањето на инсолвентната постапка.

Исто така забрането е преземање на правни дејства, поради кои доверителите кои во однос на друштвото биле во иста положба ќе добијат различен третман.

Се работи за преземање на правни дејства со кои се прави било какво пренасочување на финансиските токови на друго правно или физичко лице како и оние кои можат да се побиваат согласно правилата на други закони.

Во овој контекст би споменале уште едно ограничување кое се однесува на инсолвентното друштво, членовите на органот на управување и надзор, лицата овластени за застапување како и содружникот и содружниците во друштвата за ограничена одговорност, а тоа е додека трае состојбата на инсолвентност да неможат да се појават како основачи на ново трговско друштво. Покрај тоа, овие лица неможат да бидат и управители, членови на органот на управување и надзор за време траење на ограничувањето, односно додека не ја разрешат инсолвентноста. За овие лица Централниот Регистар на Република Македонија води посебен електронски регистар во кој се запишуваат овие лица.

1.2. Правни последици за органите на управување и надзор во случај кога не постапуваат согласно посебните обврски

Непостапувањето согласно нормираните посебни обврски, односно постапувањето спротивно на вака предвидените обврски претставува основ за солидарна одговорноста на членовите на органот на управување и надзор за надомест на штета. Значи фактот што органите на управување и надзор не ги преземале дејства поврзани со свикување на собранието на акционери во роковите предвидени во законот и тоа во случај на загуба и инсолвентност претставува основ за нивна имотно правна одговорност.

Право на поднесување на тужба за надомест на штета против членовите на органот на управување имаат акционерите и доверителите.

Значи, во состојба кога е нарушена финансиската стабилност на друштвото, објект на заштита од неспроведување на посебните обврски предвидени за органот на управување се доверителите и акционерите, а не самото друштво.

Така, акционерите можат да поднесат тужба за надомест на штета пред се поради тоа што органот на управување не свикал собрание на акционери во рок од 48 часа кај загубата, или најдоцна во рок од 21 ден од денот на настанувае на инсолвентнсота или презадолженоста и во случај кога предложил или вршел исплати на доверители по настанување на состојбата на инсолвентност. Всушност се работи за изведено право на акционерот како член на акционерското друштво за поднесување на тужба за сметка на друштвото.

Доверителот може да поднесе тужба за надомест на штета против членовите на органот на управување поради тоа што по настапување на инсолвентноста не ги штител

и неговите интереси, со тоа што биле предложени или извршени исплати на други доверители освен оние кои се неопходни за редовното работење. При тоа доверителот треба да докаже дека има побарување од друштвото што не му било исплатено.

И во овие случаи на страната на членовите на органот на управување е да докажат дека не постоела вина на нивната страна при преземањето на овие дејства или пак ги преземале дејствата согласно когентните норми. Така, нема да бидат одговорни за штета ако го свикале собранието на акционери, а тоа не било одржано поради немање на кворум.

Значи, во случај на одговорност за штета на член на органот на управување и надзор, субјект кој е одговорен за предизвикување на штетата е членот на органот на управување и надзор. Штетното дејство се манифестира со пропуштање на постапување со должно внимание. Штетата мора да биде предизвикана на страна на друштвото, членовите на друштвото и доверителите. При проценка на одговорноста на штетата предизвикана на друштвото и членовите на друштвото се применува критериумот одговорност за штета заснован на претпоставена штета. За членовите на органот на управување и надзор постои можност да докажат дека постапувале согласно наведениот стандард и дека не се виновни за предизвиканата штета, односно да настанување на штета дошло поради дејства првеземни од трето лице.

1.2.1. Одговорност на членовите на органите на управување и надзор за штета поради неподнесување на предлог за отворање на стечајна постапка

Како надоврзување на овие обврски, во нашето стечајно право е регулирана посебна одговорност за членовите на органите на управување која е поврзана со настапување на правните последици од отворањето на инсолвентната постапка.

Така предвидена е дека лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор на трговските друштва и други правни лица ќе бидат лично, солидарно и неограничено одговорни за штетите што ги предизвикале на доверителите на трговското друштво или друго правно лице - должник, ако не поднеле предлог за отворање на стечајна постапка, иако знаеле или морале да знаат за презадолженоста на трговското друштво или друго правно лице. Имотната одговорност за штети на лицата и органите не ја исклучува и не влијае врз можната казнена (кривична) одговорност на тие лица. Органите на должникот овластени за неговото застапување според закон се должни да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од 21 ден од денот на настапувањето на причините за отворање на стечајна постапка.

За воспоставување на оваа одговорност треба да бидат исполнети неколку услови. Првиот и основен е да се настанати правните последици од отворената стечајна постапка. Со други зборови, членовите на органот на управување и надзор нема да бидат одговорни за штетата која настанала ако стечајна постапка нема да биде отворена и не се спроведува без разлика што биле исполнети условите.

За утврдување на одговорноста на членовите на органот на управување и надзор за штета поради неподнесување на предлог за отворање на стечајна постапка во рок од 21 ден од денот на настанување на причината за отворање на инсолвентната постапка потребно е да бидат исполнети одредени објективни и субјективни критериуми. Така при утврдување на околноста дали членот на органот на управување морал да знае дека друштвото нема да може да избегне отворање на инсолвентна постапка, се очекува дека членот на органот на управување треба да има знаење и искуство кое се очекува од лице кое извршува иста функција која ја извршувал членот на органот на управување во однос на друштвото, како и да има знаење и искуство кое го тој член на органот на управувањето. Во овој случај се бара лицето да постапувало со внимание на совесен трговец, односно неговото знаење и искуство да биде од повисок степен доколку се работи за трговско друштво кое врши посложени, повредни и ризични работи.

Значи, членот на органот на управување знаел или морал да знае дека друштвото е пред инсолвентност одредено време пред отворањето на стечајната постапка како и дека лицето било член на органот на управување во тој момент.

Членот на органот на управување нема да одговара за штетата која ја предизвикал кон доверителите или друго правно лице должник доколку, докаже дека ги преземал сите мерки со цел да ја намали загубата која ја претрпеле доверителите. При оценката на околноста дали членот на органот на управување ги преземал сите мерки треба да се земат во предвид сите факти кои му биле познати како член на органот на управување, притоа имајќи го предвид неговото постапување како вешт човек кој има знаење и искуство кое може да се очекува од лице кое ја извршува таа должност.

Исто така, членовите на органот на управување и надзор нема да бидат одговорни за надомест на штета доколку докажат дека ја извршиле оваа своја должност, односно поднел предлог за отворање на стечајна постапка, меѓутоа судот не ја отворил поради одредени причини. На пр. органот на управување на должникот, поднел предлог за отворање на инсолвентната постапка во рок од 21 ден од денот на настанувањето на причината за отворање на инсолвентната постапка, меѓутоа, судот во претходна постапка утврдил дека друштвото не е инсолвентно и не се исполнети условите за отворање на стечајна постапка.

Имајќи го предвид фактот што оваа посебна одговорност на членот на органот на управување се воспоставува само во случај на отворање на инсолвентната постапка над друштвото, може да се заклучи дека на овој начин се штитат интересите на доверителите, а не на акционерите на друштвото. Одговорноста и висината на штетата ја утврдува судот во парнична постапка, при што единствено активно легитимирано лице за поднесување на тужба е стечајниот управник. Значи, доколку некој од доверителите поднесе тужба по овој основ, судот треба да ја отфрли како недопуштена поради тоа што во стечајната постапка важи правилото дека барање на надомест на штета што

заеднички ја претрпеле стечајните доверители заради намалување на имотот што влегува во стечајната маса пред или по отворањето на стечајната постапка (заедничка штета), во текот на стечајната постапка може да бара само стечајниот управник кој е застапник по закон на стечајната маса во која влегува ова побарување.

Доколку, членовите на органот на управување и надзор ќе бидат задолжени да платат надомест на штета, износот кој треба да го платат влегува во стечајната маса од која рамномерно се намируваат стечајни доверители. Значи ниту во еден случај не постои основ за поединечно намирување на доверителите ниту за време на траењето на инсолвентната постапка ниту по заклучување на инсолвентната постапка по овој основ.

При тоа со закон не е предвидено во кој рок стечајниот управник може да поднесе тужба за надомест на штета. При таква состојба може да се заклучи дека стечајниот управник тужбата против членовите на органот на управување и надзор може да ја поднесе најдоцна до заклучувањето на стечајната постапка.

Според когентните правила кои се однесуваат на овластувањата на стечајниот управник кој го застапува и претставува друштвото во стечајната постапка само во оние работи кои се однесуваат на стечајната постапка и стечајната маса, може да се заклучи дека тој единствено има право да поднесе тужба за надомест на штета против членовите на органите на управување. Во ниту еден случај стечајниот управник своето право на поднесување на тужба неможе да го пренесе на доверителите.

Доколку, пак во текот на стечајната постапка тужбата не била поднесена и стечајната постапка била спроведена и заклучена, по нејзиното заклучување не постои веќе законската претпоставка за поднесување на тужба од страна на стечајниот управник. Доколку пак некој од доверителите поднесе тужба за надомест на штета против член на органот за управување, по заклучување на стечајната постапка, судот вака поднесената тужба треба да ја отфрли како недопуштена со оглед на тоа што е поднесена од неовластено лице.

Во секој случај, стечајниот управник е орган на стечајната постапка кој е должен да ги преземе сите потребни дејства со цел да ги провери сите факти околу основаноста за поднесување тужба за надомест на штета против членовите на органот на управување. Поднесување на таква тужба претставува правно дејство од посебно значење за кое стечајниот управник треба да прибави дозвола од одборот на доверители, односно собранието на доверители.

Во судската практика може да се постави прашањето, дали правните последици од отворената стечајната постапка влијаат на тужбата за надомест за штета која ја

поднеле доверителите пред отворање на стечајната постапка од членовите на органите за управување и надзор поради груба повреда на должноста да постапува со внимание на уреден и совесен трговец поради што не успеале да ги намират своите побарувања, односно членовите на органот на управување ако постапиле спротивно на обврската за свикување на собрание на акционери во случај на значителна загуба, односно во случај на инсолвентност и презадолженост како и вршење на исплати на други доверители во случај на инсолвентност. Правните последици од отворената стечајната постапка нема да влијаат и постапките по тие тужби нема да бидат прекинати пред се поради фактот што на страна на тужениот се јавува член на орган на управување, а предмет на тужбата е надомест на штета за кој тој е солидарно одговорен. Од друга страна единствено што е спорно е можноста доверителот двапати да го наплати своето побарување и како стечаен доверител и во постапка за надомест на штета. Значи стечајниот управник ќе треба кога ја прави анализата за тоа колку тужби се поднесени против стечајниот должник, да направи анализа дали и по кој однос се поднесени тужби против неговите органи на управување. Таа спорна околност треба да ја расправи стечајниот управник при разгледување на пријавата поднесена од доверителот. Истото се однесува и во случај кога тужбата за надомест на штета била поднесена од страна на акционер и таа постапка не би требало да биде прекината и на неа отворената инсолвентна постапка не влијае.

Од друга страна доколку друштвото преку членовите на надзорниот одбор повела постапка за надомест на штета спрема членовите на органот на управување во тој случај постапката по таа тужба судот ќе ја прекине и наместо членовите на надзорниот одбор постапката ќе ја продолжи стечајниот управник, а досудената штета ќе претставува стечајна маса.

2. Нормативна рамка за можно разрешување на криза

Од анализа на нормативната рамка што ја регулира можноста за излез од кризата, може да се заклучи дека во моментов во Република Македонија се во примена два вида на нормативни рамки кои се разликуваат според критериумот дали постапката за разрешување на кризата се спроведува по отворање на стечајната постапка или пред тоа.

Втор критериум кој исто така може да се користи како предмет за разграничување на нормативните рамки е поврзан со тоа која постапка се спроведува за можното разрешување на кризата, односно дали постапката ја спроведува судот или орган на управување.

При разгледување на овие прашања може да се заклучи дека нашето законодавство релативно доцна го прифати модерниот концепт за комплексна реорганизација како можност за излез од кризата.

Всушност, присилното порамнување како можност за спасување на друштвата беше ограничен сегмент од реорганизација кој се занимаваше со намалување на процентот на намирување и периодот во кој стечајниот должник беше должен да ги исплати овие побарувања, односно само финансиска реорганизација. Со Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација покрај постапка за впаричување на имотот на должникот, беше предвидена и можност за спроведување на посебна судска постапка под услов да се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, а која имаше за цел да ги спречи настанувањето на правни последици од стечајната постапка. Условот за спроведување на оваа постапка беше должникот со одредено мнозинство на доверители да склучи спогодба за одлагање на исполнување на неговите обврски и за начинот на нивното исполнување, со што се создаваа услови за негово финансиско оздравување, а и можност за намирување на доверителите под што поповолни услови. Отворањето на стечајната постапка како и постапката за присилно порамнување според овој закон беше можно само под услов должникот да е трајно инсолвентен.

Овој закон по однос на присилното порамнување како основно правило ја предвидуваше функционалната поврзаност помеѓу постапката за присилно порамнување и стечајот, со тоа што односот на овие две постапки е одреден со начелото за правен и функционален приоритет на постапката за присилно порамнување која може да се поведе и пред отворање на стечајна постапка како и во текот на отворена стечајна постапка. Исто така, овој закон предвидува и правилото за недопуштеност за истовремено и одвоено спроведување на овие постапки .

Значи, присилното порамнување претставуваше само спогодба помеѓу должникот и доверителите чии побарувања изнесуваат повеќе од половина од побарувањата од сите доверители кои имаат право на глас и кога тоа ќе го одобри советот на порамнувањето или стечајниот совет, во зависност дали истата се спроведуваше пред отворање на стечајната постапка или во текот на стечајната постапка.

Предлог за присилно порамнување може да поднесе должникот во случај кога се исполнети законските услови за поведување на стечајната постапка, како и доверителите и самиот должник доколку постапката за присилно порамнување се спроведува во случај кога е отворена стечајна постапка над должникот.

Во периодот додека се уште во правниот систем на Република Македонија се применуваше Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација кој со Уставниот закон беше и преземен како републички пропис започна постапката за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со цел да се номинира сопственикот на општествениот капитал. Во периодот на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, исто така беше можно да се спроведе трансформација на општествениот капитал на друштвото во стечајна постапка, со изготвување на посебна програма за трансформација , со чие прифаќање од доверителите се запираше отворената стечајна постапка.

Основна цел на оваа постапка која се спроведуваше по постапката за трансформација на претпријатието со општествен капитал е санација, реорганизација, финансиска консолидација и продолжување со работа на должникот над кого е отворена стечајна постапка. Во исто време се создадоа можности да се изврши и сопственичка трансформација со тоа што се стекнува сопственост над општествениот капитал и се врши трансформација на должникот над кого е отворена стечајна постапка во акционерско или друштво со ограничена одговорност. Основен услов за спроведување на оваа постапка беше претпријатието да има општествен капитал и предлог од овластени органи.

Инаку, овластени субјекти да поднесат предлог за привремено запирање на стечајната постапка и отворање на постапка за трансформација на претпријатието во стечај беа доверителите и Агенцијата за приватизација.

Постапувајќи по ваковиот предлог, стечајниот совет образуваше одбор на доверители кој пак именува Управен одбор како орган на управување, и најдоцна во рок од шеесет дена донесува програма за финансиска и сопственичка трансформација, која што треба да ја прифатат доверителите чии побарувања изнесуваат повеќе од половина на побарувањата на сите доверители кои имаат право на глас.

Програмата за финансиска и сопственичка трансформација треба да ги содржи мерките, дејствата и активностите за долгорочна консолидација на претпријатието - должникот над кого е отворена стечајна постапка, а посебно: преземање на долговите од страна на доверителите; отпишување на долговите или одлагање на плаќањата по пат на доброволно или принудно порамнување; конверзија на долгот во траен влог; гаранција и емство на доверители; утврдување на структурата на капиталот и именување на сопственици на капиталот во идното друштво; Исто така со програмата за финансиска и сопственичка трансформација може да се предвиди и принудна конверзија на долгот во траен влог.

Од друга страна, пак анализирајќи ги споредбено одредбите од наведените закони кои досега се применуваат, а кои се однесуваат на овие правни институти, произлегува дека целта на присилното порамнување како спогодба помеѓу должникот и доверителите чии побарувања изнесуваат повеќе од половина од побарувањата од сите доверители кои имаат право на глас и постапката за привремено запирање на отворената стечајна постапка заради трансформација и донесувањето на програмата за финансиска трансформација е иста, а тоа е финансиска консолидација на должникот и негово продолжување со работа, со што се создаваат услови за колективно намирување на доверителите.

Покрај тоа што целта на овие постапки е иста сепак постојат и разлики во нивното спроведување.

Основната разлика е во тоа што постапката за трансформација на претпријатието во стечај предвидуваше активно учество на доверителите во спроведувањето на наведената постапка, со оглед на фактот што само нив им е оставена можност да поднесат предлог за поведување на постапка.

Понатаму, покрај санацијата, реорганизацијата и финансиска консолидација се спроведува и постапка за сопственичка трансформација односно се определува

титуларот на општествениот капитал и се врши трансформација на должникот над кого е отворена стечајна постапка во акционерско или друштво со ограничена одговорност.

Судската практика покажа одредени недостатоци и во двете постапки насочени кон условно спасување на должниците кај кои се покажало дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка.

Кај постапката за присилно порамнување се покажа дека некои должници ја искористија само формално и дека во суштина голем процент од нив неуспешно ја завршија со тоа што повторно беше отворена стечајна постапка.

Од друга страна, постапката за трансформација на претпријатијата со општествен капитал покажа одредени процесни слабости кои создадоа услови одредени стечајни постапки кои беа привремено запрени поради трансформација се уште да не се завршени. Тоа е недостатокот во постапката, судот да утврди дека истата не успеала и да отвори стечајна постапка. Таквата можност е оставена на Управниот одбор на должникот составен од членови на одборот на доверители.

Сепак, оценката е дека присилното порамнување претставуваше само потфат во појавен облик, кој не зафаќа во основата на должниковите тешкотии. Тоа му овозможуваше на должникот олеснување на исполнување на само намалените обврски, со што му е дадена шанса која зависи дали ќе биде искористена од неговата деловна успешност.

Донесувањето на Закон за стечај од 1997 година, значеше големи промени во сите сегменти на стечајната постапка, вклучувајќи ја постапката за реорганизација.

Концептот реорганизација во нашето стечајно законодавство најправо беше внесен како стечаен план. Многу брзо по почетокот на примената на законот беше напуштен терминот стечаен план и со првата поголема новела на законот беше внесен терминот план за реорганизација. Се работеше за комплексна материја со која беа опфатени две можности, првата должникот самиот да состави план за реорганизација и да го поднесе до судот заедно со предлог за отворање на стечајна постапка. Во овој случај ако стечајната постапка беше отворена, на првото извештајно собрание доверителите најпрво се изјаснуваа по предложениот план за реорганизација. Втората можност, доверителите на првото извештајно собрание да го задолжат стечајниот управник да изготви план за реорганизација и да го поднесе во нивно име. За ваквата можност требаше доверителите да донесат одлука за продолжување на деловниот потфат. До изработка на план за реорганизација можеше да дојде и во случај ако стечајниот управник предложил во извештајот за економско финансиска состојба продолжување на деловниот потфат и изработка на план за реорганизација со цел деловниот потфат да биде спасен. Од друга страна стечајниот управник треба да напарви анализа за тоа придобивките на доверителите од реорганизацијата на должникот во однос на ликвидација на деловниот потфат. Меѓутоа, подоцнежните новели на Законот за стечај создадоа услови за целосна елиминација на реорганизацијата како можност за спасување на должникот. Тоа беше видливо во два сегмента. Првиот сегмент е со воспоставување на приоритетна наплата на побарувањата по основ на неплатени придонеси и плати. Тргнувајки од состојбата во нашата економија особено транзициониот период се карактеризираше со огромни долгови на друштвата по основ на придонеси кои кај некои друштва изнесуваа и повеќе

од десет години. При ваква состојба, со воспоставување на приоритет за наплата на овие побарувања пред останатите стечајни доверители се создадоа услови за неможност за примена на реорганизација како можност за спасување на должникот.

Вториот сегмент беше воспоставување на посебен третман на земјоделското земјиште кое беше во сопственост на државата и со воспоставување на императивна норма дека истото треба да се врати во сопственост на државата во рок од осум дена по отворањето на стечајната постапка. На овој начин се создадоа услови друштвата кои се занимаваат со земјоделска дејност, а кои беа инсолвентни да неможат да бидат предмет на спасување, односно реорганизацијата кај нив беше оневозможена.

Реформата на законска регулатива со која се регулираше стечајната материја продолжи со донесување на Законот за стечај во март 2006 година. На почетокот овој закон не донесе некои револуционерни новини во делот за реорганизација на трговските друштва. Остана стариот модел на реорганизација, со тоа што овозможуваше на органите на управување во друштвата кои се наоѓаат во финансиски потешкотии да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка и план за реорганизација, меѓутоа постапката за донесувањето на планот да се спроведе во услови на правни последици од отворена стечајна постапка. Управувањето со должникот го преземаше стечајниот управник. Се работеше за т.н. скратена постапка за реорганизација бидејќи првото собрание на доверители се претвора во собрание на доверители на кое се расправа и се гласа по предложениот план за реорганизација. Во овој случај доаѓа до израз и договорниот карактер на планот за реорганизација бидејќи истиот во овој случај претставува договор за порамнување помеѓу должникот и доверителите што е насочен кон продолжување на деловниот потфат на должникот.

Во прилог на подобрувањето на решенијата кои беа вградени во почетниот текст на закон беше и олеснување на примена на институтот лично управување (debtor in possession) под надзор на повереник за должниците правни лица и по отворање на стечајната постапка. Концептот лично управување, значеше можност органите за управување на друштвото и понатаму да управуваат со друштвото над кое е отворена стечајна постапка, правните последици кои настапуваат од отворање на стечајната постапка се ограничени, а должникот работи под надзор на повереник кој има ограничени должности. Можноста за лично управување на должникот е условена со донесување на одлука на стечајниот судија.

Со овој закон беа донесени и професионални стандарди кои се задолжителни за стечајниот управник. Така на стапувањето во сила на овој закон во врска со реорганизацијата беа донесени професионални стандарди кои се однесуваа на минимум податоци кои треба да ги содржи планот за реорганизација кој го поднесува стечајниот управник и Професионални стандарди за вршење на контрола над извршување на планот за реорганизација.

Голем чекор напред во развојот на реорганизацијата на должниците беше направен со донесување на Законот за изменување и дополнување на законот за стечај од мај 2013 година. Со овие измени беше нормиран нов хибриден модел на реорганизација за кој може да се опише како рана можност за вон стечајно разрешување на неуспехот во бизнисот и инсолвентноста под судски надзор

Спроведување на оваа постапка овозможува постигнатиот договор помеѓу должникот и постигнатото потребно мнозинство на доверители, надвор од судот, да биде верификуван во посебна судска постапка без целосно настанување на правните последици од стечајната постапка.

По донесувањето на овој закон и неговата примена, беше донесен Законот за вонсудско спогодување со кој е уредена посебна постапка за вонсудско спогодување помеѓу должникот или друштвото кое има финансиски потешкотии. Со него се регулира постапка во која должникот постигнува договор со доверителите да се надмине идната инсолвентност со донесување на план. Се работи за спроведување на управна постапка под надзор на државата односно Министерството за економија а се верификува пред нотар.

3. ПОСТАПКИ КОИ ОВОЗМОЖУВААТ РЕСТРУКТУИРАЊЕ НА БИЗНИСОТ ВО РАНА ФАЗА

За да може воопшто да зборуваме за успешно реструктуирање на бизнисот во рана фаза потребно е да бидат исполнети два услова и тоа кумулативно.

Првиот е навремена реакција на органите на управување, препознавање на финансиската криза и второ постигнување на договор со доверителите околу мерките кои ќе бидат содржани во планот за реструктуирање односно спасување на бизнисот. Законската регулатива во Република Македонија нормира две постапки кои овозможуваат брзата реакција на органите на управување и постигнатиот договор со доверителите да добие релативно брза завршица и планот да добие својство на извршна исправа кој ќе биде задолжителен за сите доверители.

Во овој контекст може да се зборува за две постапки кои се разликуваат помеѓу себе по многу елементи. Првата разлика се однесува за карактерот на постапките. Така нормирана е можност за рано реструктуирање под надзор на судот во претходна постапка која е и судска постапка. Втората можност е ваквото реструктуирање да заврши во управна постапка пред органите на државната управа министерството за економија.

Законската регулатива овозможува и т.н. стечајна реорганизација која се спроведува во рамките на единствената стечајна постапка, како последица на одлука на доверителите која се донесува на првото извештајно собрание на доверители.

3.1. РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

Основна претпоставка за спроведување на оваа постапка е постоење на должник со активен деловен потфат, со дефиниран бизнис план и со дефинирана стратегија за излез од финансиските потешкотии. За да може да дојде до спроведување на судското продолжување на неформалната реорганизација се поднесувањето предлог за отворање на стечајна постапка заедно со изготвен план за реорганизација.

Карактеристично за оваа постапка е во тоа што во претходната постапка не се изготвува планот за реорганизација (како кај стечајната реорганизација кога планот за реорганизација се изготвува во текот на постапката за реорганизација) туку, се разгледува веќе изготвениот план за реорганизација. Вториот сегмент кој се разгледува во текот на оваа постапка се побарувањата на доверители кои треба да го донесат предложениот план.

Една од основните карактеристики на оваа постапка е брзината на донесувањето на планот за реорганизација. Според нормативните решенија, постапката за усвојување на поднесениот план за реорганизација во вон стечајна реорганизација треба да заврши во рок од шеесет дена.

Уште една карактеристика на постапката за вон стечајната постапка е тоа што се спроведува во претходна постапка, под услов да се работи за должник кој има финансиски потешкотии кои ги испитува судот и правниот субјективитет на должникот не е ограничен, дури може да се каже дека останува недопрен. Тоа значи дека органите на управување на должникот и понатаму го водат деловниот потфат без за тоа да бараат да се спроведе посебна постапка за лично управување.

Од друга страна механизмот на мирување на сите извршни постапки кои се водат против неговиот имот (automatic stay) е загарантиран со одлука на стечајниот судија во вид на мерки за обезбедување.

Друга карактеристика на оваа постапка е тоа што трошоците на постапката се сведени на минимум. Тоа значи дека вон стечајната реорганизација е многу поевтина од реорганизацијата која се спроведува по настапување на правните последици од отворање на стечајната постапка. Трошоците кои се карактеристични за оваа постапка се поврзани со поведувањето на претходната постапка, изработката на планот за реорганизација и трошоци поврзани со преговорите со доверителите, постапка која понекогаш може да трае подолг временски период и нив ги сноси друштвото кое е во финансиски потешкотии.

На крајот, карактеристика на оваа постапка е ограничената можност за блокада на спроведување на постапката за вонстечајно реорганизарање, од причина што во истата постои можност доверителите да бидат доведени во состојба да го прифатат планот, наспроти интересите на поедини доверители кои сакаат спогодувањето да го искористат за нивно целосно намирување. Всушност, се работи за доверителите кои не се подготвени да ги прифатат условите за репрограмирање кои се нудат со предложениот план за реорганизација и во периодот на вон стечајното договорање по секоја цена сакаат да дојдат до целосно намирување на своето побарување. Со други зборови, во случај кога се спроведува постапка за вон стечајна реорганизација, овие

доверители ја губат моќта да го блокираат процесот на прифаќање на однапред предложениот план за реорганизација доставен од должникот, бидејќи истиот се смета за прифатен од доверителите ако е „прифатен со просто мнозинство од вкупниот износ на побарувања на доверителите присутни на собранието и добил просто мнозинство во сите групи, освен ако со планот не е определено поголемо мнозинство.“ На овој начин законодавецот предвидел кумулативно двојно мнозинство и просто мнозинство по групи на доверители и просто мнозинство од сите доверители. Услов за воопшто судот постапува по поднесениот план за реорганизација со истиот да биде поднесени изјави дека мнозинските доверители по групи го прифаќаат планот.

3.1.1. Материјално правни претпоставки за поведување на вон стечајна реорганизација

3.1.1.1. Исполнети услови за отворање на стечајната постапка

Првата материјално правна претпоставка за поведување на вон стечајната постапка е друштвото да покажува знаци на неликвидност кои со тек на време можат да прераснат во идна инсолвентност или инсолвентност. Сепак за да биде овој процес успешен, органите на управување на друштвото не треба да чекаат друштвото да дојде во инсолвентност поточно да стане трајно неспособно да ги исплаќа своите пристигнати обврски туку тој процесот на спасување да го започне кога финансиските потешкотии се во вмногу рана фаза.

Веднаш може да се постави прашањето што претставува рана фаза. Дефинитивно кога органите на управување ќе ги забележат првите знаци кои укажуваат дека друштвото нема да биде во можност да ги исплаќа доспеаните побарувања треба да го започнат процесот на преговори со доверителите кој ќе резултира со постигнување на спогодба за спроведлив план за реорганизација. значи органите на друштвото по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка на судот да му направат веројатно дека на друштвото му престои идна инсолвентност која може да прерасне во инсолвентност и да го загрози претпријатието на друштвото. Од тие причини е нормирана и идната инсолвентност, односно идната неспособност за плаќање на пристигнатите обврски. Значи, во зависност од секој поединечен случај, ќе треба да докаже дека на одреден ден во иднина, друштвото ќе нема паричани средства да ги исплати пристигнатите парични обврски и тоа значи дека постојат услови сметката да биде блокирана. Со други зборови друштвото на одреден ден ќе дојде во ситуација да има органичен пристап кон финансиите и поради тоа нема да може да исплати пристигнатите обврски спрема доверителите, односно на датумот на пристигнување на овие обврски должникот ќе нема парични средства на својата сметка истите да ги исплати. Со тоа се смета дека е исполнет условот за отворање на стечајна постапка.

3.1.1.2. Изготвување на план за реорганизација

Предностите на започнување на постапката за изготвување на план за реорганизација во раната фаза на финансиска криза или инсолвентност секогаш се поврзуваат со користење на послободни техники во преговорите со доверителите како и нивна проактивна улога во тој процес. И покрај тоа што планот за реорганизација кој треба да биде подготвен е строго формален акт и мора да ги содржи со закон предвидените елементи, самиот процес на негово изготвување по правило се одвива подалеку од очите на јавноста и од шпекулациите, овозможува постигнување на целта со помалку судири помеѓу страните кои преговараат, со поголема можност за постигнување на пазарна спогодба.

Исто така, ваков процес може да му донесе и помала штета на угледот на друштвото од спроведувањето на формалниот процес на реорганизација кој се потпира на законот за стечај.

Постапката за изготвување на план за реорганизација започнува само во случај кога ќе бидат исполнети услови кои се поврзани со:

- големината на долгот што треба да им се исплати на доверителите;

- индиции дека друштвото нема да може да го исплати долгот;

- оценката дека е подобро да се побара согласност од доверителите за план за реорганизација, со тоа што ќе се употребат сите техники кои ќе овозможат да се изменат и да се изврши преструктуирање на долговите на должникот.

- индиции дека доколку се постигне согласност за предложениот план за реорганизација доверителите ќе добијат поголема корист во однос на примената на постапката за реорганизација предвидена во законот за стечај;

Органите на должникот овој процес мора да го започнат со изработен предлог план за реорганизација во кој можат да предвидат:

- превземање на организациони промени во друштвото. Тие опфаќаат промени во управувачката структура на друштвото и тоа со учество на доверителите, потоа намалувањето на вработените во друштвото. Може да се предвидат статусни промени и интеграции на друштвото со други друштва, затворање на одредени подружници, делови од претпријатието.
- преструктуирање на обврските кон доверителите како што се намалување на побарувањата, продолжување на роковите на отплата и др.
- финансиско зајакнување на друштвото. Финансиското зајакнување на друштвото по правило се остварува со зголемување на капиталот, емисија на нови акции од страна на постоечките акционери или пак привлекување нови инвеститори кои можат како составен дел од договорот со акционерите да ја преземат контролата над друштвото заедно со одговорноста околу отплаќање на обврските на друштвото.

3.1.1.3. Постигната согласност со доверителите по изготвениот план за реорганизација

По завршување на фазата на подготовка на предложениот план за реорганизација, треба да се пристапи кон втората фаза,а тоа е постигнување на согласност со мнозинските довеерители за прифаќање на предложениот план за реорганизација.

Предложениот план за реорганизација на друштвото треба да содржи точни информации за деловните активности и позицијата на друштвото на пазарот. Покрај овие информации потребно е во истиот да се наведат и податоци за неговата општа финансиска позиција, состојбата со имотот како и обврските.

Оваа фаза се состои во неколку подфази:

- првата под фаза е воспоставување на место каде што должникот и доверителите ќе можат да се состанат за да ја преиспитаат можноста за да се преговара околу посигнување на согласност за предложениот план за реорганизација кој би довел друштвото успешно да се справи со финансиска криза.

- одредување на еден од доверителите кој ќе има главната улога во оваа постапка и кој е спремен да воспостави организација, менаџмент и администрација на постапката. Покрај ова ќе треба да се избере одбор кој ќе биде колективен претставник на доверителите во постапката.

- основното што треба во оваа под фаза на постапката да се постигне е согласност на мнозинските доверители по предложениот план за реорганизација. За целиот овој процес успешно се заврши пожелно е во оваа под фаза да се постигне согласност за склучување на посебен договор за запирање на сите активности на доверителите насочени кон промени во финансискиот статус и имотната положба на друштвото. Постигнувањето на ваквиот договор треба да резултира со краткотрајно мирување на постапките за извршување кои ги водат доверителите кон должникот.

Втората фаза од овој процес за постигнување на спогодба по предложениот план за реорганизација започнува со спроведување на постапката за преговори.

Постапката започнува со средба на доверителите и органите на управување на друштвото. Овој дел од постапката е и најтежок и можни се најголеми пречки во негото започнување. Во овој дел на постапката органите на должникот ќе треба да покажат што поголема посветеност на разговорите со доверителите и надминување на сите пречки околу вклучувањето на доверителите кои одбиваат да го започнат овој процес токму поради неговиот колективен пристап. За да се олесни овој процес пожелно е да се ангажираат советници или експерти кои можат да бидат од различни области.

Многу брзо по започнувањето на постигнување на согласност по предложениот план за реорганизација треба на доверителите да им бидат презентирани докази дека деловната активност на друштвото е стабилна што позитивно ќе влијае на самиот процес на постигнување на спогодба по предложениот план за реорганизација. По правило најдобра координација на преговорите се постигнува со активно учество на главниот доверител, како и поважните добавувачи кој пак за постигнатите резултати го

информира одборот кој е претставник на доверителите. Ваквата состојба е условена пред се поради фактот што во постапката за постигнување на согласност по предложениот план за реорганизација неможат да бидат вклучени сите доверители, пред се поради нивниот број и нивниот различен вид. Меѓутоа, токму поради нивната важност за продолжување на деловниот потфат на должникот тие неможат и да бидат игнорирани.

Друг проблем кој може да се појави е и недостатокот на знаење на овие доверители за водење на еден ваков процес. Сепак поради неформалноста на целиот процес за постигнување на согласност по предложениот план за реорганизација не постојат правила со кои сите доверителите ќе бидат присилени дадат согласност по предложениот план за реорганизација.

Постојат две можности да се поедностави постапката за неформална реорганизација во оваа фаза. Тоа се: исплата на побарувањата на помалите доверители или спроведување на постапка за постигнување на согласност на доверителите по предложениот план за реорганизација со доставување на предлог планот до сите доверители.

Исплатата на побарувањата на помалите доверители можеби во оваа фаза наликува на селективен пристап и нееднакво третирање на доверители, меѓутоа може многу да помогне во комерцијална смисла.

Втората можност е добивање на согласност од сите доверители на тој начин што предлог планот за реорганизација на друштвото во финансиска криза или инсолвентност со кој се согласиле или пак го усогласиле најголемите доверители со органите на друштвото да се достави до сите доверители со барање за нивна согласност. Ваквата постапка е добар тест за успешноста на планот и во случај кога сите доверители нема да ја дадат својата согласност.

Инаку, постапката за добивање согласност завршила успешно во моментот кога органите на друштвото и мнозинските доверители ќе постигнат согласност за условите предвидени во планот. Значи процесот завршува успешно со давање на изјави за согласност од овие доверители и нивната заверка пред нотар. Со тоа се смета дека овие доверители ќе гласаат за прифаќањето на планот за реорганизација на рочиштето во претходна постапка.

Целта на вака нормирана постапка за вон стечајна реорганизација под надзор на судот е да овозможи зголемена брзина на спроведување на постапката за реорганизација, за разлика од стечајната реорганизација, намалување на трошоците на стечајната постапка, како и создавање услови за намалување на ризикот од блокада на постапката за постигнување на договор за реорганизација од одредени доверители.

На крајот не треба да се заборави и фактот дека должникот треба да ја презентира спроведливост на планот пред ревизор кој ќе треба да даде свое мислење дека планот за реорганизација е спровелив. Без ова мислење на ревизорот планот за реорганизација е неупотреблив за судската постапка и ако нема вакво мислење стечајниот судија ќе го отфрли предлогот и поднесениот план.

3.2. Процесно- правни претпоставки за поведување на вон стечајна постапка

Покрај материјално – правните претпоставки, за да дојде до почеток и воопшто спроведување на оваа постапка треба да бидат исполнети и одредени процесно – правни претпоставки. Во процесно правни претпоставки спаѓаат предлог за отворање на стечајната постапка, аванс за водење на претходната постапка.

3.2.1. Предлог за отворање на стечајна постапка

Една од процесно – правните претпоставки е и поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка. Се работи за формален акт кој треба да ги содржи сите податоци кои ги содржи еден поднесок. Карактеристика на предлог за отворање на стечајна постапка е во тоа што во него покрај барањето за отворање на стечајна постапка треба да биде поставено и барањето за спроведување на постапка за реорганизација по поднесениот план за реорганизација. Кон предлогот за отворање на стечајна постапка поради спроведување на план за реорганизација треба да бидат доставени, тековна состојба за должникот и изготвениот план за реорганизација со сите изјави. Докажувањето на инсолвентноста зависи од конкретен случај: Најчесто се докажува со извештај од Централниот регистар за блокирана сметка или извештај за економско финансиска сотојба со кој ќе се докаже идната инсолвентност како услов за отворање на стечајната постапка.

3.2.1.1. Претходно испитување на предлогот

Судот по приемот на предлогот врши испитување на предлогот и изготвениот план за реорганизација.

Предмет на испитување се формалните аспекти на поднесениот предлог и план за реорганизација. Така ако стечајниот судија утврди дека изготвениот план за реорганизација содржи недостатоци и технички грешки кои можат да се поправат, стечајниот судија по службена должност со решение ќе му наложи на должникот во рок од осум дена да го уреди. Неуредувањето на планот во оставениот рок, значи и отфрлање на предлогот за отворање на стечајна постапка со изготвениот план за реорганизација, за што стечајниот судија носи писмено решение. Против решението на стечајниот судија за отфрлање на предлогот за отворање на стечајна постапка, жалба не е дозволена. Исти така стечајниот судија го испитува и предлогот за отворање на стечајна постапка и поднесениот план за реорганизација од процесен аспект.

Стечајниот судија може да го отфрли предлогот ако доверителот не доставил докази од кои може да се утврди дека не се исполнети условите за отворање на стечајната постапка. Постои законска можност стечајниот судија по предлог на заинтересирано лице да донесе решение со кое ќе го отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка и предлог за спроведување на реорганизација по изготвен план за реорганизација, во случај кога планот не е во согласност со законот.

Иста е состојбата ако планот е непотполн или неуреден, а посебно ако изготвениот план за реорганизација не е составен согласно одредбите на овој закон со кој се уредува, кој може да го поднесе планот за реорганизација, содржината и рокот за поднесување на план за реорганизација, а недостатоците можеле да се отстранат или не се отстранети во рокот кој го определил стечајниот судија.

Стечајниот судија при оценка на планот за реорганизација посебно внимание треба да посвети на доверителите кои се опфатени со планот за реорганизација и колку тие можат да влијаат на донесување на планот. Така ако со планот не се офатени доверителите кои доколку биле опфатени со планот, можеле со своето гласање да влијаат на одлуката за донесување на планот во тој случај стечајниот судија може да донесе решение со кое го отфрла предлогот и поднесениот план.

3.2.1.2. Аванс за водење на претходната постапка

Сите трошоци на претходната постапка ги надоместува предлагачот во износ кој ќе го определи судот во рок од три дена по приемот на решението. Решението за определување на аванс го носи стечајниот судија во текот на постапката по донесувањето на решението за поведување на претходна постапка и определување на мерки за обезбедување. Авансот кој треба да се уплати за водење на оваа претходна постапка неможе да биде повисок од 50.000,00 денари**.** Ако авансот не биде уплатен во рокот од осум дена стечајниот судија ќе донесе решение со кое ќе ја запре претходната постапка и предлогот за отворање на стечајната постапка ќе го отфрли. Според правилата нормирани во овој член против решенијата со кој стечајниот судија поведува претходна постапка, определува мерки за обезбедување како и определување на аванс на трошоците за поведување на претходна постапка не е дозволено да се поднесе жалба.

3.3. Постапка за донесување на планот

Во фокусот на оваа постапка на самиот почеток по поднесување на уреден предлог за отворање на стечајна постапка со изготвен план за реорганизација е стечајниот судија. Тој е должен во рок од три дена од денот на поднесување на уреден предлог да донесе решение за поведување на претходна постапка за испитување на

условите за отворање на стечајна постапка и постапка за реорганизација по изготвен план за реорганизација.

Со ова решение веднаш закажува и одржување на рочиште за одлучување за предлогот и гласање за планот на кое ги повикува сите познати доверители на стечајниот должник. Рочиштето ќе се одржи во рок од 60 дена од денот на донесеното решение, во кој рок треба да заврши и претходната постапка.

Истовремено со донесување на ова решение стечајниот судија е должен да донесе решение со кое ги определува мерките за обезбедување и е должен да именува привремен стечаен управник. Именувањето на привремениот стечаен управник се врши по пат на електронски избор на стечајни управници кои имаат посебни познавања од областа на план за реорганизација.

За донесеното решение за определување на мерки за обезбедување стечајниот судија изработува оглас кој се објавува на огласна табла на судот, Службен весник на Република Македонија како и во најмалку два високо тиражни дневни весници кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија, а по потреба да биде објавен и во меѓународни средства за информирање.

Со огласот се повикуваат доверителите да извршат увид во планот за реорганизација кој е депониран во стечајното досие и се повикуваат сите заинтересирани учесници кои имаат забелешки на предлогот на изготвениот план за реорганизација со кои ја оспоруваат неговата содржина, а посебно основот или висината на опфатените побарувања, да ги достават до судот и должникот во рок од 15 дена од денот на објавување на огласот во „Службен весник на Република Македонија“.

Доколку има забелешки предлагачот на планот е должен одговорот на забелешките да го достави до надлежниот суд во рок од 8 дена од денот на приемот на забелешките во судот. Ваквото нормирање овозможува целосна контрола на сите заинтересирани лица да ја контролираат содржината на планот за реорганизација.

Доколку има потреба стечајниот судија во текот на претходната постапка може да закаже рочиште на кое ќе се разгледуваат одредени прашања во врска со претходно изготвениот план за реорганизација. За да скрати периодот на доставување објавата за свикување на рочиште стечајниот судија ќе го изврши преку огласна табла и преку еден дневен весник,

На закажаното рочиште за одлучување по предлогот и изготвениот план за реорганизација, доверителите гласаат по поднесениот план за реорганизација. Можни се две ситуации, доверителите да го прифатат изготвениот план или да не го прифата. Доколку го прифатат, стечајниот судија носи решение со кое ја констатира дека планот за реорганизација поднесен од должникот, го одобрува прифаќањето на поднесениот план и ја отвора стечајната постапка над должникот со тоа што истата ја запира.

Доколку планот за реорганизација е прифатен, обврските кои настанале од денот на поднесување на изготвениот план за реорганизација, до денот на одржувањето на рочиштето за одлучување по предлогот и изготвениот план за реорганизација, се сметаат за трошоци на стечајната постапка, доколку со планот за реорганизација не е поинаку определено.

Доколку на рочиштето доверителите не го прифатиле изготвениот план за реорганизација, во тој случај стечајниот судија донесува решение со кое го одбива предлогот за отворање на стечајна постапка со изготвен план за реорганизација.

Во случај кога планот не е прифатен поради тоа што должникот во доставениот изготвен план за реорганизација прикажал неточни податоци, односно пропуштил да ги наведе податоците што се од значење за донесување на одлуката на судот, во тој случај органите на управување на должникот се одговорни за штетата што им ја нанеле на доверителите, поради тоа што било донесено решение за определување на мерки за обезбедување.

4. ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА

Со донесување на Законот за вонсудско спогодување се отвора можноста за вонсудско спогодување со цел да се воспостави повторно солвентност пред отворањето на стечајната постапка.

Инаку, постапката за вонсудско спогодување е задолжителна за сите правни субјекти без разлика дали се наоѓаат во состојба на неликвидност, инсолвентност или презадолженост. Целта на вградените нормативни решенија во овој закон е тој да овозможи поповолни можности за намирување на побарувањата на доверителите од можностите кои би ги добиле со отворање на стечајна постапка спрема должникот.

Со други зборови, предлагачот на вонсудското спогодување треба да достави анализа за тоа зошто спроведувањето на вонсудско спогодување е поповолно за доверителите во однос на спроведувањето на стечајната постапка од аспект на максимизирање на наплатата на побарувањата на доверителите.

Со нормирање на ваквата цел за спроведување на постапката за вонсудско спогодување може да се препознаат првите знаци на воспоставување нова постапка за реорганизација, која всушност претставува паралелен систем на вон стечајната и стечајната реорганизација. Оттаму, може да се заклучи, дека со овој закон е нормирана задолжителна постапка за реорганизација или задолжително финансиско реструктуирање над должниците под будно око на државната управа која има приоритет во однос на стечајната постапка, односно постапката за реорганизација која ја спроведуваат судовите.

Целта на нормирање на една ваква посебна постапка за вонсудско спогодување е ставање во втор план на реорганизацијата односно рехабилитацијата која се спроведува под надзор на судовите. Вонсудско спогодување е комбинација од управна постапка, во која се прифаќа планот за финансиско реструктуирање и постигнување на мнозинство од доверителите во врска со вонсудската спогодба на рочиште кое се одржува пред надлежен нотар кој треба да донесе и решение за одобрување на склучената вонсудска спогодба.

Така, постапката за вонсудско спогодување ја води спогодбен совет составен од тројца членови кои ги именува министерот за економија. Покрај советот, како орган на

оваа постапка, како еден вид оперативен орган во постапката за вонсудско спогодување е предвиден повереник на вонсудското спогодување од редот на лиценцираните стечајни управници. По однос на спогодбениот совет и неговите овластувања, може слободно да се постави прашањето за компетентноста и независноста на членовите на спогодбениот совет да спроведат сложена постапка за финансиско реструктуирање, дотолку повеќе што со законот им се дадени надлежности поврзани со испитувањето на побарувањата на доверителите кои ги пријавиле своите побарувања.

Отворената постапка за вонсудско спогодување има одредени правни последици кои се многу слични на основните правни последици кои настануваат кога ќе се отвори стечајната постапка. Тоа се однесува посебно на т.н ефект на стаклено ѕвоно на стечајната постапка или мораториум, кој по отворањето на стечајната постапка паѓа со цел да го заштити имотот на должникот од налетот на одделни доверители да ги наплатат своите побарувања, посебно во постапка за извршување, за да би можело да се примени начелото на колективно намирување. Поради тоа и во овој закон како правна последица од отворената постапка за вонсудско спогодување е предвидено дека „постапките на извршување и обезбедување кои започнале пред отворање на постапка за вонсудско спогодување, се прекинуваат“. Тоа значи дека веднаш по донесувањето на решението за отворање на постапката за вонсудско спогодување треба да дојде до прекин на сите постапки за извршување и обезбедување кои се водат против должникот односно друштвото во фински потешкотии.

Сепак постои ограничено и селективено делување на ефектот стаклено ѕвоно, односно мораториум на доверителите. Така предвидена е можност постапките за обезбедување и извршување да продолжат за излачните и разлачните доверители кои правото на одвоено намирување го стекнале 90 дена пред отворање на постапката за вонсудско спогодување. Со други зборови, излачните и разлачните доверители кои се стекнале со овие права 90 дена пред донесување на решението за спроведување на вонсудско спогодување, можат слободно да го наплатат своето побарување и да ги остварат своите права, и токму поради нив да не биде прифатен предложениот план за финансиско реструктуирање.

По однос на постигнување на спогодбата, може да се заклучи дека не се работи за спогодба на должникот и доверителите, уште помалку таа да биде доброволна, туку за присилна спогодба или наметнување на план за финансиско реструктуирање, спакувано како вонсудско спогодување на доверителите. Така од начинот на кој законот го регулира правното дејство на изгласаниот план за реструктуирање, односно постигнатата вонсудска спогодба, произлегува дека „извршните исправи кои не биле пријавени во постапката за вонсудско спогодување, а кои настанале пред отворањето на постапката, за време на траењето на вонсудското спогодување ја губат правната сила во однос на должникот до истекот на рокот за извршување на вонсудската спогодба“. Значи, доверителите кои не учествувале во постапката за вон стечајно спогодување се доведени во полоша положба од оние кои учествувале во постапката и го пријавиле своето побарување. Тие ќе можат да го наплатат побарувањето дури по протекот на рокот на извршување на вонсудската спогодба. Со други зборови, ако должникот им понудил на доверителите исплата на нивните побарувања во намален износ од 40%, одложениот рок за исплата не може да биде подолг од осум години, па

така дури по протекот на осум години доверителот ќе може да го наплати своето побарување кое стасало за наплата по извршна исправа, меѓутоа доверителот не ја пријавил во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот за отворена постапка на вонсудско спогодување на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

По однос на испитување на побарувањата предвидено е дека доверителите и должникот се спогодуваат околу признавањето на пријавеното побарување, а спогодбениот совет само евидентира во табела кое побарување е утврдено, а кое е оспорено. И при гласањето за прифаќањето на планот за реструктуирање, потребна е согласност на должникот и доверителите со право на глас, за да им се признае правото на глас на доверителите со оспорено побарување. Нема задолжителни норми дека доверителите со оспорени побарувања треба да поведат парница за утврдување на побарувањето туку оставена е диспозиција на доверителот да води парница во која ќе го докаже своето побарување и ќе се стекне со извршна исправа која ја има судбината на чекање на наплата по исплатата на сите доверители на начин и рок предвиден со планот за финансиско реструктуирање.

Должностите на повереникот на вонсудското спогодување во постапката за утврдување на побарувањата не се докрај дефинирани. Од една страна е предвидено дека тој треба да ги прегледа пријавените побарувања, а во постапката за испитување не е предвидена неговата улога. Со законот е предвидено дека спогодбениот совет се грижи и дава упатства на повереникот за испитување на состојбата на средствата и работењето на должникот, за прегледување на пописот на доверители, пописот на должниковите должници, пријавени побарувања и други работи во врска со подготвување на испитната постапка, односно одлучувањето на спогодбениот совет. Колективната грижа и давање на упатства од страна на спогодбениот совет е многу нефункционална и ја прави оваа одредба целосно неприменлива во практиката, пред сè поради тоа што е можно да дојде до судир на интересите кај членовите на спогодбениот совет.

5. РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ДОЛЖНИКОТ ВО СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Реорганизацијата во стечајна постапка е посебна судска постапка која се спроведува во рамките на отворената стечајна постапка и е насочена кон максимизирање на наплата на побарувањата на доверителите во стечајна постапка, а со примарна цел продолжување на деловниот потфат на должникот и со поинакво уредување на правната положба на должникот.

Реорганизацијата на должникот се спроведува преку план за реорганизација кој претставува склучување на посебен договор за порамнување на побарувањата. Извршувањето на планот за реорганизација како посебен договор се спроведува по заклучувањето на стечајната постапка кога должникот, повторно се стекнува со правен

субјективитет односно субјектот на реорганизација е должен да го исполни планот. Планот за реорганизација го извршуваат органите на реорганизираниот должник односно субјектот на реорганизација. Самата во стечајната постапка, вклучувајки ги и органите на стечајната постапка треба да создадат услови на должникот во реорганизација, односно друг правен субјект што побрзо да ја заврши оваа постапка за да може да започне втората фаза која е важна за доверителите, а тоа е намирување на нивното побарување. Оваа фаза би требало да започне по заклучувањето на стечајната постапка, а зависи пред се од видот на планот за реорганизација кој е одобрен .

Доверителите покрај должникот можат да поднесат иницијатива или предлог план за реорганизација во насока на рехабилитација на деловниот потфат на должникот.

Рехабилитација на должникот, може да започне кога доверителот заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка или пред или на самото прво извештајно собрание на доверители доставиле иницијатива или предлог план за реорганизација, односно одобриле стечајниот управник да состави план за реорганизација. Во овој случај гледано од аспект на должникот станува збор за принуден карактер на планот за реорганизација, бидејќи, доверителите или трето лице го преземаат деловниот потфат на должникот и истиот престанува да постои. Поради тоа со законот е предвидена можност по прифаќањето на предложениот план за реорганизација должникот да се изјасни по истиот.

Во праксата најчесто плановите за рехабилитација на деловниот потфат на стечајниот должник значат и престанување на неговиот правниот субјективитет и преземање на неговото претпријатие од страна на ново правно лице основано од доверителите или трето лице кое се јавуваат во својство на санатори. Значи, може да се каже дека реорганизацијата и рехабилитацијата претставуваат можност за продолжување на деловниот потфат на стечајниот должник и покрај тоа што е отворена стечајна постапка и настанале правните последици од отворената стечајна постапка.

Според предвидените модели на реорганизација, плановите за реорганизација можат да се поделат на три групи. Критериум за една ваква поделба е целта која што се сака да се постигне со планот за реорганизација. Во првата група спаѓаат ликвидациските планови, во втората преносните планови, односно план за т.н. преносна санација и во третата група спаѓаат санационите планови.

Карактеристика и цел на првата група на планови кои се наречени и ликвидациски планови е впаричување на имотот на должникот преку план за реорганизација и бришење на должникот од трговскиот регистар.

Предност на ликвидациониот план за реорганизација во однос на спроведување на постапката за впаричување е во тоа што со него може да се отстапи од законските правила за начинот и времето на впричување на стечајната маса.

Плановите за преносна санација претставуваат бришење на стечајниот должник од регистарот, меѓутоа не и на претпријатието на кое е тој правен носител. Во таа смисла може да дојде до пренос на целината или дел од претпријатието на должникот на трето лице или доверителите, тоа да продолжи да функционира и да остварува приходи кои би се искористиле за намирување на побарувањата на доверителите.

Целта на санациониот план претставува санација на самиот должник со тоа што самиот стечаен должник останува и понатаму правен носител на своето претпријатие.

Гледано од нормативен и од практичен аспект може да се заклучи дека, реорганизацијата односно рехабилитацијата како посебен вид на постапка која се спроведува во рамките на стечајната постапка е во функција на целта на стечајната регулатива односно воведување на сигурност на пазарот и кредитниот систем и со тоа се промовира строга финансиска дисциплина. Во фокусот на стечајната реорганизација се интересите на доверителите, најчесто мнозинските доверители од аспект на што повисоко намирување на нивните побарувања и поради тоа плановите за реорганизација имаат принуден карактер за малцинските доверители.

5.1. План за реорганизација

Ако реорганизацијата е процес со кој добрата, финансиска состојба и одржливоста на претпријатието на должникот може да се обноват, со тоа што претпријатието може да продолжи да функционира, тогаш во стечајната постапка треба да се создадат услови овој процес да продолжи. Реорганизацијата на должникот во стечајна постапка се спроведува преку составување на план и спроведување на посебна постапка која се состои од повеќе фази во која овој план се донесува, односно треба да биде прифатен од доверителите и од судот. Доколку оваа постапка заврши успешно во тој случај планот добива карактер на договор помеѓу доверителите и должникот и добива својство на извршна исправа.

Со други зборови планот за реорганизација претставува писмен договор склучен помеѓу должникот, стечајните доверители во посебна судска постапка кој во себе го содржи начинот на кој ќе се обнови добрата финансиска состојба и одржливост на претпријатието на должникот, начинот на намирување на побарувањата на стечајните доверители. Целта на планот за реорганизација е максимизирање на намирување на побарувањата на доверителите и постигнување на подобар резултат во однос на спроведување на постапка за впаричувањето на имотот на должникот.

Постапката за донесување на планот за реорганизација се состои во повеќе фази.

Првата фаза без која оваа постапка неможе да започне е поднесување на предлогот за поведување на постапка за реорганизација.

Во зависност од тоа кој го поднел планот за реорганизација, оваа фаза може да биде проследена и со постапка за подготвување односно формулирање на планот за реорганизација.

Втората фаза е постапка за објективна анализа на планот за реорганизација

Третата фаза е расправа и изјаснување на доверителите по планот за реорганизација,

5.2. Модели на реорганизација

Тргнувајќи од препоставката дека природата на планот треба да биде комерцијален, законот за стечај остава слобода на учесниците во постапката за реорганизација самите да го определат начинот на кој ќе биде извршена реорганизацијата. Притоа законодавецот се определил на голем број на опции кои можат да бидат предложени како би се остварила основна цел на реорганизацијата.

Реорганизација треба да биде насочена кон зачувување на деловниот потфат на должникот кој носи приход, додека намалувањето или отпишувањето на долгот да биде насочено кон создавање на реалните можности должникот да ги поднесе. Во секој случај реорганизацијата не значи дека должникот како друштво треба да биде зачувано. Спроведувањето на реорганизацијата може да биде пренесена на друг правен субјект при што должникот престанува да постои.

Во зависност од тоа дали во конкретниот случај постои можност со реорганизацијата да му се врати правниот субјективитет на должникот и неговите органи на управување или не, може да се направи разлика помеѓу реорганизација:

- со натамошно одржување на правниот субјективитет како и претпријатието на должникот и

- со раздвојување на доходовниот дел на претпријатието од сопственичката структура на должникот.

Така реорганизација преку натамошно одржување на правниот субјективитет како и претпријатието на должникот може да се спроведе на тој начин што ќе му се препушти на должникот понатамошното управување или располагање со целиот или со еден дел од неговиот имот.

Овој начин на реорганизација е поврзан со целосно враќање во сила на правниот субјективитет на должникот, кој со настапувањето на правните последици од отворената стечајна постапка бил ограничен. Тоа значи може да биде предложен план за реорганизација со кој се предлага должникот со органите на управување кои истиот го довеле во положба на инсолвентност да продолжи со работа со цел да ги врати побарувањата на доверителите. Со други зборови се работи за втора шанса на органите на управување да го спасат должникот.

Заедно со вака предложениот план со кој не се менува статусот ниту формата на друштвото по правило се предлага и начинот на намирување на стечајните доверители, како и намалување или одложување на исплатите на обврските на должникот. Исто така може да се предложи намирување или ќе се изменат правата на одвоено намирување, како и обврските на должникот ќе се претворат во кредит.

Планот за реорганизација може да биде спроведен и со промена на сопственичката структура на должникот, меѓутоа резултатот од ваквата реорганизација во суштина останува ист и должникот продолжува да постои.

Така може да биде предложен план за реорганизација со кој ќе се намират некоја или сите обврски на должникот кон доверителите со удел или со акции кои ги поседуваат содружниците, односно акционерите. Овој начин на спроведување на

планот создава услови за целосна промена на сопственичката структура на должникот со тоа на местото на дотогашните сопственици би дошле доверителите.

Покрај овој начин на спроведување на планот за реорганизација можно е спроведување на планот за реорганизација со претворање на некоја или сите обврски на должникот кон доверителите во удел или акции во реорганизираниот должник, во износ според претходна процена од страна на овластен проценител на нето вредноста на основната главнина на друштвото. Со други зборови постои можност дотогашните сопственици, акционери или односно содружници да обезбедат и понатамошно учество во сопственичката структура на друштвото.

Истото може да се постигне и кога се предлага план за реорганизација со можност за зголемување на основната главнина на друштвото преку издавање на акции и удели за доверителите или за нови инвеститори.

Покрај, вклучувањето на инвеститорот во сопственичката структура на должникот, неговото вклучување може да биде извршено и на друг начин, односно со преземање на гаранција или друго обезбедување за исполнување на обврските на должникот, како и со дополнително вложување.

Покрај сите овие мерки кои можат да се преземат, можно е реорганизацијата да биде извршена и со измена на договорот за друштвото, статутот односно друг основачки акт или друг акт на стечајниот должник со кој се определуваат посебни права на подносителот на планот за реорганизација.

Реорганизација на должникот може да биде извршена и со давање на негова посебна согласност за лично управување под надзор на повереник.

Втората група на можните начини на спроведување на реорганизација на должникот, а која е насочена пред се кон раздвојување на доходовниот дел на претпријатието од сопственичката структура на должникот и по правило резултира со елиминирање на должникот од правниот промет. Во овие случаи се работи за спасување на доходовниот дел од должникот со тоа што тој престанува да постои.

Овој вид на реорганизација се спроведува со статусна промена на должникот со која ќе се пренесе целиот имот на должникот или само еден дел од имотот на должникот на едно или на повеќе правни лица кои постојат или кои ќе бидат основани кој истовремено ќе ги преземе обврските спрема доверителите.

Втората можност за реорганизација која резултира со престанување на должникот е неговото спојување со едно или повеќе лица. Секако, друштвата кои ќе настанат по спојувањето со должникот ги преземаат обврските спрема доверителите на должникот.

Инаку, можноста за поделба на имотот на должникот помеѓу доверителите, како и продажбата на целиот имот или дел од имотот на должникот е исто така предвидена само што тргнувајки од карактерот на овие мерки нивното самостојно преземање многу тешко би довеле до реорганизација или спасување на должникот. Повеќе овие мерки треба да се земат во предвид како дополнување на другите мерки за реорганизација на должникот.

Инаку, флексибилноста на законот за стечај е во таа мерка голема што овозможува спроведување на реорганизација и на секој друг начин или мерка, меѓутоа само под еден услов а тоа тие да се во согласност со законот.

5.3.Составување на планот за реорганизација

5.3.1. Претпоставки за составување на планот за реорганизација

Основна претпоставка за да започне постапката за составување на планот за реорганизација е доверителите на првото извештајно собрание да донеле одлука за продолжување на деловниот потфат на должникот и составување на план за реорганизација. Значи, иницијалниот акт кој му претходи на составување на планот за реорганизација е донесеното решение од стечајниот судија со кое констатира дека доверителите на првото извештајно собрание донеле одлука деловниот потфат на должникот да продолжи, а стечајниот управник да изготви план за реорганизација.

Значи, постапката за составување на планот за реорганизација започнува по правило секогаш кога за тоа ќе биде донесена одлука. Тоа е и основната разлика од постапката за впаричување на имотот која секогаш започнува ex officio односно кога нема да биде донесена друга одлука или пак кога овластеното лице согласно законот нема во роковите утврдени со законот да поднесе план за реорганизација .

Исто така, план за реорганизација може да поднесе и доверител по отворање на стечајната постапка се до првото извештајно собрание на доверители. Во овој случај доверителите можат да донесат одлука по поднесениот план во зависност од периодот кога истиот е доставен и дали имале време да го разгледаат инаку по него можат да постапуваат како по поднесена иницијатива за план за реорганизација . Во овој случај поднесениот план за реорганизација можат да го прифат да одлучат деловниот потфат на должникот да продолжи и предлогот план за реорганизација да го сметаат за иницијатива за подготовка за план за реорганизација. Значи, доверителот може да поднесе план за реорганизација заедно со поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка како и до првото извештајно собрание на доверители.

За разлика од доверителот, органите на должникот можат да поднесат предлог за реорганизација само заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка, доколку не го искористат правото да побараат вон стечајна реорганизација.

Инаку, во случај кога должник или доверител заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка поднел и план за реорганизација, во тој случај оваа фаза на составување на план за реорганизација нема да се спроведува, туку веднаш ќе се пристапи кон спроведување на постапка за прифаќање на поднесениот план за реорганизација.

5.4. Стечајниот управник и реорганизација на должникот

Стечајниот управник во стечајна постапка во која се спроведува постапка за реорганизација има сложена улога која е насочена во два правци. Првиот правец е обезбедување на задржувањето на деловниот потфат на должникот и второ составување на план прифатлив за доверителите и кој ќе може да биде спроведен по неговото прифаќање од страна на доверителите.

5.4.1. Обезбедување и задржување на претпријатието на должникот за време на спроведување на постапката за реорганизација

Секоја постапка на спасување на должникот е проследена со одредени проблеми кои се поврзани со обезбедување на ликвидни средства за одржувањето на деловната активност. По правило во овој период потребата за парични средства со кои ќе се платат обврските спрема добавувачите, вработените и сл. е особено изразена и стечајниот управник ќе мора да ги искористи сите законски можности за да го реши овој проблем. Во спротивно може да се случи и покрај тоа што постојат услови да не може да започне постапката за реорганизира.

Стечајниот управник со цел да прибере што поголема сума на готови пари може да спроведе постапка за:

- продажба на подвижните предмети како што е дел од опремата која не го нарушува технолошкиот процес, репроматеријали, недовршени производи, инвентар, отпадни материјали и сл .
- може да издаде под закуп деловен простор кој е во сопственост на стечајниот должник
- може да склучи договор за кредит со тоа што како обезбедување може да заложи имот сопственост на должникот на кого не е воспоставена хипотека.

Сите овие дејства стечајниот управник може да ги преземе доколку претходно прибави одлука од одборот на доверители со која се одобрува преземање на овие дејства.

Покрај овие дејства стечајниот управник во текот на стечајната постапка треба посебно внимание да посвети на управувањето со наплата на побарувањата кои ги има должникот спрема своите должници. Така по правило веднаш по преземањето на писмената документација од должникот тој е должен да направи согледување на тоа колку должници има должникот, висината на нивниот долг како и за можностите за наплата на овие побарувања.

Во таа смисла стечајниот управник треба да изготви еден вид план за наплата на побарувањата на должникот од неговите должници. Основата на овој план би го сочинувала правна анализа за можноста на наплата на овие побарувања и преземање на правни дејства за нивна наплата. Така, доколку некој од побарувањата не биле

утужени стечајниот управник треба да ги преземе сите мерки за што побрзо нивно утужување .

Од друга страна за успешно остварување на оваа должност од стечајниот управник се очекува и активно вклучување во наплата на побарувањата, поточно остварување на контакти со должниците на должникот околу можноста за што што побрза исплата на долгот. Секако управувањето на наплата на побарувањата на должникот во себе вклучува и евентуална можност за намалување на побарувањето, опростување на каматите за што во секој случај стечајниот управник во оваа фаза од постапката ќе треба да прибави соодветно мислење од одборот на доверители.

Во секој случај може да заклучи дека реорганизацијата на должникот е повеќе изводлива во случај кога постои активен деловен потфат на должникот. Во тој случај стечајниот управник продолжува да ја одржува активноста на деловниот потфат при што може целосно да се ослони на органите на управување на должникот со кои треба активно да соработува и да ја контролира нивната работа.

Инаку, настанувањето на правните последици од отворената стечајна постапка влијаат на органите на управување при што во целост им ја одземаат моќта на управување и располагање си имотот на должникот. Овие функции во целост ги презема стечајниот управник.

Исто така поради настапувањето на правните последици од отворената стечајна постапка престануваат договорите склучени помеѓу должникот и извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, односно управителите.

Во случај кога должникот поднел предлог за отворање на стечајна постапка или кога е отворена стечајна постапка над должникот кој има активен деловен потфат стечајниот управник може при извршувањето на своите должности да се ослони и на постоечките органи на управување. Така, освен тоа што од нив треба да прибере информации кои се од значење за водењето на стечајната постапка, истите можат да бидат ангажирани и да го водат деловниот потфат на должникот понатаму. Секако преземањето на овие чекори во врска со задржувањето на истите органи на управување на должникот, како и склучување на нови договори и под кои услови треба да бидат одобрени и од одборот на доверителите. Ова од причина што доверителите немаат никаква доверба во органите на управување на должникот што е и разбирливо кога не им биле исплатени побарувањата. Во секој случај потребно е повторно разгледување на состојбата со органите на управување на должникот посебно од аспект на овластувањата кои ги имаат одредени членови на овие органи.

Посебно внимателно треба да се постапува во случајот кога самиот должник поднел предлог за отворање на стечај на постапка и план за реорганизација од причина што менувањето на органите на управување во овој случај може да биде контрапродуктивно на спроведувањето на планот за реорганизација. Во овој случај органите на должникот имаат можност да ја надминат оваа состојба и да побараат отворање на постапка за лично управување која може да заврши со донесување на план за реорганизација во која ќе можат да продолжат да управуваат со должникот под надзор на повереник.

Покрај решавањето на проблемите со органите на управување на должникот, во оваа фаза стечајниот управник треба да реши уште едно многу важно прашање а тоа е поврзано со вработените кај должникот и нивните договори за вработување. Состојбата со вработените на должникот во овој период може да биде многу комплексна. Инсолвентноста на должникот, неисплатените плати, тешката финансиска состојба по правило придонесува вработените на должникот да го напушаат должникот. Во таква состојба по правило најдобрите работници го напуштаат должникот и отворено се поставуваат две прашања. Како да се мотивираат вработените кои останале на работа кај должникот да продолжат со работа под вакви услови и под кои услови да се спроведат евентуално нови вработувања на работници кои се неопходни за нормалниот тек на деловниот потфат на должникот кој треба да биде предмет на реорганизација.

Инаку, како правна последица на отворањето на стечајната постапка договорите за вработување склучени помеѓу должникот и вработените престануваат . Стечајниот управник донесува решение со кое го констатира престанокот на договорите за вработување поради отворена стечајна постапка и ги одјавува вработените на должникот во надлежната служба за посредување при вработување. За да нема застој во работењето на должникот тој истиот ден и пријавува одреден број на вработени кои му се неопходни за одржување на деловниот потфат на должникот за време на спроведувањето на постапката за реорганизација со цел да се зачува вредноста на претпријатието на должникот. Со овие работници склучува договор на определено време за што претходно треба да прибави решение со кое стечајниот судија му одобрува вработување на одреден број работници**.**

5.4.2. Подготвување на прифатлив и спроведлив план за реорганизација

Во стечајната постапка во која се води постапка за реорганизација основното што треба да биде постигнато е предложениот план да исполнува две претпоставки.

Првата претпоставка е предложениот план да биде спроведлив и да има економски ефект кој е поповолен за доверителите во однос на она што би се постигнало со впаричување на имотот на должникот.

Втората претпоставка е предложениот план за реорганизација да биде прифатлив за сите доверители. По правило во стечајната постапка доверителите имаат заеднички интерес кој се состои во намирување на своите побарувања. Меѓутоа не и сите доверители имаат иста положба во стечајната постапка по однос на приоритетот за намирување на побарувањата. Така во зависност од тоа дали доверителите имаат обезбедено побарување или не, тие можат да се поделат на две групи. Во првата група на доверители спаѓаат доверителите кои имаат право на одвоено намирување од предмет или прво а во втората група сите други стечајни доверители.

Во оваа групата на доверителите со право на одвоено побарување од предмет или право, основното правило според кое се врши намирување е времето на воспоставувањето на заложното право. Така доколку на еден предмет или право се

воспоставени повеќе заложни права, најпрво во целост се намирува побарувањето на доверителот кој прв воспоставил заложно право.

Од друга страна побарувањата на стечајните доверители може да се поделат на побарувања од повисок и понизок исплатен ред, со тоа што што во секој исплатен ред постојат и редослед на исплата. Во повисокиот исплатен ред во прв редослед треба да бидат намирени побарувањата на вработените за неисплатени плати и придонеси во последните три месеци пред отворањето на стечајната постапка во целост пред да започне исплата на побарувањата на другите стечајни доверители.

Доколку вработените имаат побарување кое се однесува на поголем временски период во тој случај побарувањата над три месеци спаѓаат во обичниот неприоритетен исплатен ред, како и сите други стечајни доверители чии побарувања се исплаќаат според начелото на паритет .

Оттаму, може да се заклучи дека на страната на доверителите постојат различни видови на доверители кои имаат различни интереси во стечајната постапка, меѓутоа сепак постои заедничкиот интерес кој се состои во намирување на побарувањето во што поголем процент. Токму различните интереси на доверителите ја прави постапката за прифаќање на планот сложена.

5.4.3. Што значи прифатлив и спроведлив план за реорганизација ?

Целта на спроведување на постапка за спасување на должникот е максимизирање на исплата на побарувањата на доверителите во однос на она што би им припаднало доколку имотот на должникот бил ликвидиран односно впаричен. Тргнувајки од оваа цел на постапката за спасување и оценката за тоа што значи спроведлив план за реорганизација е оставена на доверителите.

Доверителите се тие кои ќе донесат деловна одлука, односно ќе одлучат дали предложениот план дава гаранции дека нивните побарувања ќе бидат исплатени во повисок процент од оној кој би можел да им биде исплатен со спроведување на постапката за впаричување на имотот. Уште поточно доверителите се тие кои одлучат дали предложениот резултат односно ефект од планот е комерцијално возможен.

Оттаму произлегува дека оценката за тоа дали планот е прифатлив и дали тој може да се спроведе е одлука на доверителите која е заснована на нивните економски интереси. При донесувањето на оваа одлука треба да бидат исклучени сите други условно кажано позитивни ефекти од спроведувањето на постапката за спасување, а тоа е дека претпријатието на должникот или некој од негов дел ќе продолжи со работа, ќе бидат зачувани работните места, постоечките органи на управување или дел од органите на управување или надзор ќе продолжат со работа, опстанок на истите сопственици на должникот, формирање на ново друштво кое ќе ги исполнува даночните обврски.

Основата за подготвување спроведлив план за реорганизација претставува пред се собирање на доволно информации за состојбата во која се наоѓа должникот односно неговата економско финансиска состојба.

По донесувањето на одлуката за продолжување на деловниот потфат од страна на собранието на доверителите како и стечајниот управник задолжен да изготви план за реорганизација треба да се утврди начинот на кој реорганизацијата ќе биде спроведена и да се определат инструментите на реорганизација.

При составувањето на планот се отвораат одредени прашања кои треба да бидат многу брзо решени. Првото прашање е кој ќе го составува планот за реорганизација, односно кој ќе биде одговорен за осмислување на планот. И покрај сите должности кои ги има стечајниот управник, а кои се непосредно поврзани со изготвувањето на планот и давањето мислење по него, може да се случи доверителите да одберат и друго лице кое ќе биде овластено да подготви план за реорганизација**.**

При определувањето на начинот на реорганизацијата покрај стечајниот управник, главната улога има и одборот на доверители. Поради тоа многу важно прашање за кое треба да одлучат доверителите на првото собрание на доверители е кој доверители ќе бидат предложени и именувани во одборот на доверители како и колку члена одборот на доверители ќе брои. Овие прашања се поврзани со неговото успешно функционирање како при формулирање на планот за реорганизација така и при определувањето на насоките за начинот за реорганизација на должникот. Во секој случај одборот на доверители има огромна улога во самата постапка на осмислување на планот во случај кога е прифатена иницијативата на стечајниот управник да подготви план за реорганизација, или кога е прифатена иницијативата за подготвување на план за реорганизација од некој од доверителите.

Значи по определувањето на начинот на реорганизација на должникот потребно да биде изготвен план за реорганизација што ќе ги содржи сите елементи предвидени во законот.

Во оваа фаза на стечајната постапка треба да се постигнат две цели, а тоа се успешно одржување на деловниот потфат на должникот и изготвување на прифатлив и спроведлив план за реорганизација до полн израз доаѓаат менаџерските способности на стечајниот управник кои се поврзани со организација и управување со деловниот потфат на должникот како и способноста за преговарање со доверителите околу условите под кои доверителите би го прифатиле планот за реорганизација, како и изнаоѓање на инвеститор кој ќе бил спремен да влезе во ризик и да му овозможи на должникот да продолжи со водење на претпријатието. Тоа значи дека секој стечаен управник кој се стекнал со лиценца за вршење на работите стечаен управник нема да може успешно да ги изврши овие должности доколку не ги поседува и овие дополнителни вештини кои се бараат од него при спроведување на една ваква сложена постапка.

Посебна тешкотија за изготвување на план за реорганизација претставува постоење на повеќе доверители со право на одвоено намирување од предмети или права кои се во сопственост на должникот. Следејќи ги правата на овие доверители со право на одвоено намирување на нивното побарување од предметот или правото кое е дел од стечајната маса, посебно фактот дека можат да го прекинат мораториумот кој настапува со настапувањето на правните последици на отворената стечајна постапка и да ја продолжат постапката за реализација на заложното право по завршувањето на постапката за утврдување на побарувањата на доверителите , многу тешко стечајниот

управник ќе може овие доверители да ги вклучи во планот за реорганизација. Ова посебно се однесува доколку заложното право е воспоставено на имотот на должникот (производствен објект, фабрички хали или машини) од кој зависи доходовниот дел на деловниот потфат.

Основното прашање кое се поставува во овој случај е како овие доверители да се вклучат во планот со цел да успее реорганизацијата на должникот .

Првата можност која ја има стечајниот управник во овој случај е по пат на преговори со доверителот со право на одвоено намирување на предмет или право да му понуди повеќе солуции за намирување на неговото побарување, а со цел имот над кого е воспоставено заложното право да остане дел од претпријатието на должникот и да се искористи како можност за реорганизација.

На прво место е соодветна заштита на обезбеденото побарување . То се мерки кои се насочени кон одржување на економската вредност на имотот за обезбедување и имотот поседуван од трето лице за време на стечајната постапка.

Заштитата може да се обезбеди на повеќе начини :

- со парични исплати,
- овозможување на право на обезбедување на алтернативен или дополнителен имот,
- со други средства утврдени од судот за да се обезбеди соодветна заштита.

Исто така, судот може со одлука да утврди такво обезбедување со кое вредноста на гаранциите е поголема од вредноста на побарувањата на доверителот.

Примената на овој инструмент во стечајна постапка зависи пред се од конкретните можности на должникот и неговото претпријатие да обезбеди една од наведените можности за заштита на обезбеденото побарување. Неговата цел е создавање услови, по било кој основ да не се намали можноста на доверителот со право на одвоено намирување од предмет или право да го наплати своето побарување и да претрпи штета во текот на постапката.

Постојат повеќе видови на мерки за заштитата на обезбеденото побарување на доверител, со право на одвоено намирување од предмет или право со кое може да се обезбеди:

- соодветна компензација за секое можно намалување на обезбедено побарување по пат на готовински исплаќања или
- соодветна замена или дополнително обезбедување со поседување на дел од имотот или
- гаранција за каматата која ќе се акумулира, така што вредноста на гаранцијата во моментот на поднесувањето на барањето ќе го обезбеди побарувањето.

Со еден збор, стечајниот управник во текот на отворената стечајна постапка ќе треба да ги процени сите можности со кои располага должникот за да го привлече доверителот со право на одвоено намирување од предмет или право и покрај неговите права од одвоено намирување да учествува во реорганизација на должникот.

Доколку, дојде до примена на било од кој погоре наведените мерки тоа треба да биде проследено со соодветни уписи во јавната книга, врз основа на решение на стечајниот судија. Значи, стечајниот судија треба да донесе решение со кое ќе констатира дека е исполнета обврската спрема доверителот со право на одвоено намирување од предмет или право. Ова решение претставува правна основа за бришење од јавните книги на оптоварувањето на стечајната маса. Истото се однесува и во случај кога трето лице ги намири побарувањата на доверителот со право на одвоено намирување од имот или право.

Инаку, доколку постојат услови за спроведувањето на оваа постапка за заштита на обезбеденото побарување, стечајниот судија може да донесе решение за прекинување на постапката за реализацијата на обезбеденото побарување, без разлика во која постапка реализацијата се спроведува и кој орган ја спроведува . Предлог за донесување на ова решение може да поднесе доверителот со право на одвоено намирување од предмет или право како и стечајниот управник**.**

5.4.4. Содржина на планот за реорганизација

Со законот за стечај предвидена е содржината на планот за реорганизација, односно елементите кои тој треба да ги содржи, без притоа да навлегува во комерцијалната природа на планот.

Всушност, без разлика за тоа кој начин на реорганизација се предлага како и инструментите за неговата реализација содржината на планот е строго нормирана и кон неа мора да се придржува секој оној кој што е овластен да поднесе, односно предложи план за реорганизација. Значи планот мора да биде изготвен во писмена форма и да се состои од два дела.

Првиот дел од планот за реорганизација е подготвителен, односно декларативен дел, додека вториот дел на планот е содржински или спроведлив дел. Покрај овие два дела планот за реорганизација содржи и посебен дел со правни изјави на волја на одредени субјекти во врска со спроведување на планот.

Изјави кои задолжително мораат да бидат приложени кон планот за реорганизација за тој да произведува правно дејство, односно за да може да биде предмет на разгледување или одобрување се разликуваат во зависност од тоа на кој начин ќе биде спроведен.

5.4.4.1. Подготвителниот дел на планот за реорганизација

Се работи за дел од планот за реорганизација во кој по правило се наведуваат податоци од информативен карактер, а кои се неопходни за сите учесници во стечајната постапка.

Донесувањето на економски рационална одлука за прифаќањето или одбивањето на планот за реорганизација е условена од предходната целосна, точна и прецизна информираност на доверителите за сите факти кои можат да влијаат на нивната одлука.

Поради тоа предложениот план за реорганизација мора да биде заснован на веродостојни, објективни и целосни информации.

Тие информации се однесуваат на *состојбата во која се наоѓал должникот пред отворањето на стечајната постапка*, причините кои довеле до настапувањето на условите за отворање на стечајната постапка, сите основни податоци кои се однесуваат на должникот, органите на управување и дејноста која ја вршел, анализа на работењето на должникот пред отворањето на стечајната постапка.

Во овој т.н. историски дел на подготвителниот дел на планот треба на јасен, концизен и недвосмислен начин да бидат:

- објаснети причините кои довеле до влошување на финансиската состојба на должникот,
- наведени податоци за тоа колку долго должникот работел со финансиски потешкотии,
- наведени основните податоци за тоа на кој начин овие причини се одразиле на економско-финансиската состојба на должникот.

Понатаму, во овој дел од подготвителниот дел на планот треба детално да бидат опишани сите мерки кои биле преземени од страна на органите на управување на должникот, со цел да се отстранат причините за финансиските потешкотии на должникот, како и резултатите од тие мерки. Исто така треба да биде наведено каков систем на управување избрал должникот, односно дали бил прифатен едностепен систем на управување, односно одбор на директори, или двостепен систем на управување со управен одбор или управител и надзорен одбор. Во овој дел од планот треба да биде приложен и список на акционери, односно на содружници како и членови на одборот на директори, односно на управниот одбор и членовите на надзорниот одбор на стечајниот должник. Сите правни лица кои се во сопственост на стечајниот должник или се со него поврзани на друг начин, мораат да бидат наведени во планот за реорганизација.

Овој дел од планот за реорганизација, треба да ги содржи и *податоците кои се однесуваат на сите мерки кои биле преземени од страна на стечајниот управник* и органите на стечајната постапка по настапувањето на правните последици од отворањето на стечајната постапка.

Посебно овој дел треба да содржи податоци за тоа што ќе се постигне со планот за реорганизација и какви се последиците врз должникот и доверителите во стечајната постапка. Доколку со планот за реорганизација се опфаќаат одредени права на доверителите со право на одвоено намирување посебно ќе треба да се анализираат ефектите од планот за реорганизација на нивните права.

Покрај овие податоци во овој дел од планот за реорганизација ќе треба да се наведат сите релевантни податоци кои можат позитивно да влијаат на одлуката на доверителите и стечајниот судија да го одобрат планот.

5.4.4.2. Содржинскиот дел на планот за реорганизација

Содржинскиот дел на планот за реорганизација претставува основниот дел на планот за реорганизација.

Законодавецот се определил за описно определување на тоа што треба да биде содржано во овој дел на планот, а во зависност од тоа каков начин на реорганизација се предлага, не давајќи насоки за природата на планот за реорганизација.

Инаку, стечајниот управник при составувањето на планот за реорганизација ќе треба секогаш да се придржува кон професионалните стандарди кои при извршувањето на неговите должности се задолжителни. Се работи за Професионалниот стандард со кој се определени минимум податоци кои треба да ги содржи планот за реорганизација кој го поднесува стечајниот управник (Службен весник на Република Македонија бр. 119/06)

Инаку овој стандард содржи општи насоки за тоа што треба да содржи секој план за реорганизација, како и насоки за тоа што треба да содржи одредени начини на спроведување на реорганизација.

5.5. Општи насоки

Во предложениот план за реорганизација треба да бидат содржани:

- мерките и средствата за реализација на планот како и детален опис на мерките кои е потребно да се преземат и начинот на кој ќе се спроведе реорганизацијата.
- висината на паричните износи или имотот кој ќе служи за целосно или делумно намирување според исплатниот ред, вклучувајќи ги и обезбедените и необезбедените доверители, како и постапката за намирување на побарувањата и временската динамика на нивното плаќање (намирување);
- податоци со кој ќе биде докажано дека преку спроведувањето на предложениот начин на реорганизација ќе се постигне повисоко намирување на побарувањата на доверителите во однос на намирувањето преку впаричување на имотот на должникот.
- финансиска анализа преку од која ќе произлезе дека со неговата примена ниту еден од доверителите нема да добие помалку од она што би можеле разумно на очекуваат како прилив од постапката на впаричување на имотот на должникот.

- треба да биде составен така што неговата реализација нема да биде условена од идни настани, за кои што доверителите тешко можат да ја проценат веројатноста на своето успешно намирување со спроведувањето на таквиот план за реорганизација.

Реализацијата на планот за реорганизација, исто така, не може да биде условена со настаните на кои страната што го предлага нема влијание (на пример, промена на курсот или царинскиот режим).

- детален опис за начинот на намирувањата на доверителите како и побарувањата на доверителите во стечајната постапка.
- треба прецизно да се опише начинот на намирување на побарувањата на доверителите, со образложение дадено за секое побарување кое постои по стечајната маса и како во планот ќе се третира секое побарување кое вклучува странка блиска на должникот и анализа на нивната основаност.
- сите податоци за утврдените, односно оспорените побарувања на доверителите.
- ќе ги определи класите и приоритетите во намирувањето на доверителите, и планираниот начин, динамиката и роковите за намирување на побарувањата
- да содржи прецизни рокови за негово извршување, како и рокови за реализација на главните елементи на планот.
- да содржи список на членовите на органите кои управуваат со стечајниот должник и износот на нивниот надомест. Наведувањето на членовите на органите на управување е потребно за доверителите во моментот кога гласаат за планот за реорганизација, со оглед на тоа дека треба да знаат кој управува со стечајниот должник, односно кој во постапката за примена на планот за реорганизација ќе биде одговорен за извршување на планот и намирувањето на нивните побарувања.
- ќе бидат наведени експертите кои ќе бидат ангажирани во постапката на неговата реализација, како и да даде детален опис на нивните должности, овластувања и обврски. Исто така ќе биде одредена и висината како и начинот на исплата на наградата и надоместоците на ангажираните стручни лица, како и висината на наградата на стечајниот управник .
- ќе бидат наведени правните работи и дејства кои должникот односно претходниот стечајниот управник ги заклучил односно превзел, а кои можат да бидат предмет на побивање во стечајната постапка. Исто така ќе го опише начинот на кој би се постапило во однос на ваквите правни работи и дејства доколку предложениот план за реорганизацијс биде прифатен.
- ќе биде наведен датумот за почеток на примена на планот и динамиката на неговото извршување.
- ќе бидат дефинирани организациски, менаџерски, законски, финансиски, техничко-технолошки и други мерки за спроведување на планот за реорганизација;

Исто така во планот за реорганизација при утврдување на правата на учесниците можат да се формираат групи во кои на различни видови на доверители ќе им биде даден различен правен статус. При тоа може да се направи разлика помеѓу:

- -доверители со право на одвоено намирување, ако нивните права се засегнати од планот .
- -доверители од повисок исплатен ред
- -доверителите можат да бидат организирани во групи согласно нивните интереси, при што во рамките на секоја група на доверители ќе им се дадат еднакви права. Во рамките на секоја група доверители мора да им се дадат исти права. Секој различен третман на учесниците кои формираат една група ќе бара согласност на сите заинтересирани учесници.

Планот за реорганизација покрај подготвителниот и содржинскиот дел мора да биде придружен и со изјави на волја на учесниците посебно кога во содржинскиот дел е предвидено

- прибавување, односно стекнување на сопственички или други стварни права врз подвижните предмети или врз недвижностите;
- измена на сопственичките или други стварни права врз подвижните предмети или врз недвижностите;
- пренесување на овие права или врз подвижните предмети или врз недвижностите;
- отуѓување на сопственички или други стварни права врз подвижните предмети или врз недвижностите;
- други стварни права се службеноста , правото на залог, реални товари.

Доколку со планот за реорганизација се опфатени права врз недвижности, во него мора да бидат наведени неопходните упатства за сите дејства што треба да бидат преземени во врска со регистрацијата на тие права или товари во соодветните јавни книги во кои се укнижени правата врз недвижностите како и во други соодветни регистри.

- треба да содржи опис на должностите на стечајниот управник во постапката на спроведување на надзор над извршувањето на планот за реорганизација, висината на наградата на стечајниот управник за вршење на овој надзор, како и изворот на средства од кои ќе се исплаќа оваа награда.
- јасно да се дефинира кои настани претставуваат суштински промени во однос на состојбата предвидена со усвојувањето на планот за реорганизација, а со оглед на кои стечајниот управник го известува судот и доверителите за неисполнување на планот.

5.5.1. Реорганизација со натамошно водење на претпријатието од страна на должникот

Доколку со планот за реорганизација се предвидува намирување на побарувањата на доверителите со приходи кои должникот ќе ги оствари во иднина со продолжување на неговото работење тој мора да содржи :

- детално објаснување на кој начин причините кои довеле до инсолвентност на должникот ќе бидат одстранети во постапката на спроведувањето на реорганизацијата.

- да биде вклучена проекцијата на готовинските текови за следните пет години во случаи кога планот е заснован на идното успешно работење на субјектот на реорганизација. Оваа проекција треба да ги прикаже реалните очекувања на средствата кои ќе бидат генерирани во периодот што следи.

- да бидат јасно и во целост да бидат изложени основните претпоставки за изворот на средствата за финансирање на планот заради проценка на веројатноста на овие претпоставки од доверителите.

- овие проекции се неопходни, како во случај кога со планот за реорганизација е предвидено дека доверителите треба да се исплатат во готовина која се собира од понатамошното работење или со продажба на имотот на стечајниот должник, како и во случај кога побарувањата на доверителите се намируваат со конверзија на побарувањата во капитал.

- износот до кој должникот ќе биде ослободен од постојните обврски;

- да бидат наведени деловите кои можат да продолжат со работа, вработувањето и обемот на задоволувањето на доверителите ако планот за реорганизација содржи делумно впаричување на имотот и ефектите што ќе бидат постигнати со тоа;

Без разлика дали е должникот правно лице друштво на капитал или друштво на лица или поединец кон планот за реорганизација ќе мора да биде приложена изјава на органите на должникот односно неограничено одговорни содружници дека се подготвени да продолжат да го води деловниот потфат (претпријатието) на начинот и под условите утврдени во предложениот план за реорганизација.

Од ова правило има исклучок во случај кога самиот должник поднел предлог за отворање на стечајна постапка и поднел план за реорганизација. Во тој случај се смета дека истиот односно неговите органи се подготвени да продолжат да го водат претпријатието со цел наведена во планот за реорганизација.

5.5.2. Реорганизација со дополнително финансирање

Во случај кога планот за реорганизација предвидува дополнително финансирање, тој план задолжително содржи:

- податоци за давателот на заем, износот и останатите услови на финансирање, како и за условите за враќање на заемот.
- евентуалните можноста за создавање нов долг од страна на должникот и видови на гаранции кои можат да бидат понудени на доверителите-кредитори и инвеститори,
- дефинирање на начинот и дистрибуција на понудената компензација,

Доколку, реорганизацијата се спроведува со преземање на обврски спрема доверителите од трето лице по прифаќање на планот истиот ќе биде придружен и со изјава на согласност на тоа трето лице.

5.5.3. Реорганизација со препуштање на еден доверител или санатор да го продолжи работењето на должникот

Во случај кога планот за реорганизација предвидува дека побарувањата на доверителите ќе бидат исплатени од ново друштво кое ќе биде формирано со планот за реорганизација чиј основач ќе биде доверител или инвеститор кон планот покрај сите елементи кои треба да бидат содржани како во случај кога должникот продолжува со работа треба да биде приложена и

- писмена изјава во која тој изјавува дека ќе ја продолжи работата на должникот и ќе биде одговорен за обврските што ќе произлезат во иднина од ваквото работење.

5.5.4. Реорганизација со продажба на имот на должникот

Во случај кога со планот се предлага продажба на имотот на друг начин од оној кој што е предвиден во законот и стандардите, во планот за реорганизација треба да се наведе:

- причината поради која предложениот начин на продажба на имотот на должникот којшто влегува во стечајната маса се смета за поцелисходен.
- исто така треба да се наведе и опис на постапката за продажба на имотот со наведување на имотот кој ќе се продава, дали е тој со заложно право или без него и намена на приходите од таа продажба,

- роковите во кои ќе се изврши планот за реорганизација и роковите за реализација на главните елементи на плановите за реорганизација;
- проценка на паричните износи кои се очекуваат по продажбата на имотот во стечајната постапка.

5.5.5. Реорганизација со стекнување на акции, удели, права или интереси во трговското друштво

Доколку, пак планот за реорганизација предвидува дека доверителите на должникот ќе стекнат акции, удели, права или интереси во трговското друштво, без оглед на тоа за што се работи, истиот ќе биде придружен со изјави за согласност на тие доверители.

5.5.6.Реорганизација со преземање на статусни промени на должникот

Во случај кога со планот за реорганизација се предвидени статусни промени како што се припојување, поделба и спојување кои што претставуваат подвид на реорганизација со стекнување удели и акции во тој случај кон планот треба да се приложат и изјави на органите на управување на правните лица кои ќе учествуваат во статусните промени. Тие статусни промени можат да бидат присоединување, спојување и поделба на должникот.

5.5.6.1.Присоединување на должникот

Со присоединувањето едно или повеќе друштва може да се присоединат со должникот на тој начин што помеѓу друштвото што презема и должникот кој што се присоединува се пренесува целокупниот имот и на обврските на друштвото што присоединува, во замена за удели односно акции од друштво што презема. Тоа значи дека должникот, односно стечајната маса може да биде во положба на друштвото што се присоединува. Па во тој случај потребно е да биде приложена изјава на согласност на друштвото што презема.

5.5.6.2.Спојување на должникот

Доколку две или повеќе друштва се спојуваат со основање на едно ново друштво корисник на кое што преминува целокупниот имот и обврски на друштвата

што се спојуваат, во замена на удели, односно акции од новото друштво - корисник. Во случај кога планот за реорганизација да содржи одредби според кои должникот се спојува со едно или две друштва, со тоа што тие го преземаат имотот и обврските спрема доверителите на должникот во замена на удели односно акции од новото друштво корисник, потребно е кон планот да бидат приложени изјави на волја на органите на друштвата или друштвото кое се спојува со должникот .

5.5.6.3.Поделба на должникот

Доколку планот за реорганизација содржи одредби според кои должникот ќе се подели и истовремено, ќе го пренесе сиот имот и обврските на две или повеќе новоосновани друштва односно да дојде до раздвојување со основање или должникот да се подели на две или повеќе постојни друштва односно раздвојување со преземање, и на тој начин должникот да престане да постои потребно е кон планот за реорганизација да бидат доставени изјавите на волја на друштвата кои ќе ги преземат обврските и имотот кај раздвојувањето со преземање.

5.7. План за реорганизација поднесен од должникот заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка, а не побарал спроведување вон стечајна реорганизација

Доколку, планот за реорганизација е поднесен од должникот заедно со поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка во тој случај задачата на стечајниот управник како и на доверителите е да испитаат дали вака предложениот план за реорганизација е заснован на реални основи и дали истиот може да биде остварлив. Должникот може да поднесе план за реорганизација само во случај кога не побарал спроведување на вон стечајна реорганизација.

Во таа смисла стечајниот управник е должен да преземе одредени дејства кои се поврзани со предложениот план за реорганизација, а кои се поврзани со должноста на органите на должникот да соработуваат со стечајниот управник

Целта на преземањето на овие дејства е создавање на што подобри услови доверителите да бидат информирани односно истите да добијат релевантни информации за должникот, неговите средства и обврски, финансиска позиција и зделки.

Покрај, прибирањето на сите потребни информации за доверителите кои се од влијание за нивното изјаснување по поднесениот план, стечајниот управник, е должен да изврши анализа на поднесениот план и да даде мислење за изводливоста на планот за реорганизација .

Анализа на предложениот план за реорганизација која ќе ја изготви стечајниот управник треба да содржи:

- оценката дали резултатот од предложениот план за реорганизација ќе биде поповолен од оној кој што доверителите би можеле да го остварат преку впаричување на имотот на должникот. Во таа смисла, стечајниот управник може да направи и опис на плановите за кој смета дека би дале поповолни резултати по однос на намирување на доверителите.
- да даде детален опис на претпоставките врз кои е заснована анализата на остварливоста на планот за реорганизација, на условите и мерките потребни за остварување на резултатите кои би довеле до успешно извршување на планот на реорганизација вклучувајќи ја и можноста за дополнително финансирање, со наоѓање на финансиски извори како и податоци за степенот на можна подршка од страна на останатите учесници во стечајната постапка, а особено можноста за добивање подршка од доверителите со права на одвоено намирување ако се овие податоци битни за изводливоста на планот на реорганизација.

Инаку главниот извор на информации за состојбата во која се наоѓа должникот доаѓа од органите на управување на должникот. Во таа смисла потребно е нивно вклучување во постапката за реорганизација. Така кога планот за реорганизација е поднесен од должникот заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка за обезбедување на што поголеми информации за состојбата во која се наоѓа должникот и што се предлага со предложениот план за реорганизација, потребно е претставниците на органите на управување на должникот да биде повикан на некоја од седниците на одборот на доверители за да одговорат на прашањата на доверителите.

Покрај оваа анализа стечајниот управник во врска со предложениот план за реорганизација од страна на органите на управување на должникот треба да направи и анализа, односно да изврши контрола на тоа дали органите на должникот како овластен предлагач на планот за реорганизација се придржувале кон пропишаните стандарди или не. Во овој случај одборот на доверителите има повеќе улога на контрола на поднесениот план со цел да заштитат интересите на доверителите во стечајната постапка.

5.8. План на пазарот и маркетингот

Стечајниот управник ќе мора да ги презентира основните карактеристики на пазарот каде што функционирал и / или се планира да функционира друштвото во иднина. Овој дел на планот има за цел да покаже на инвеститорот дека стечајниот управник размислил за потенцијалот на производот и за неговото пласирање на пазарот. Овде треба да се содржат следниве елементи:

- Приказ на пазарот, со дефинирање на неговата големина, раст и перспектива;
- Дефинирање на позицијата на претпријатието на пазарот и тоа сите аспекти (по производи, по подрачја, по потрошувачи итн.);

- Статистички податоци со кои ќе се потврди состојбата на пазарот што се истражува;
- Кои се потрошувачите, каде се наоѓаат, зошто го купуваат производот и кога го купуваат производот;
- Која е конкуренцијата и каде се наоѓа;
- Споредба со конкуренцијата според големината, потенцијалот и учеството на пазарот на секој поголем конкурент;
- Кои се силните, а кои слабите страни на конкуренцијата и проценка на одговорот на конкуренцијата на повторното враќање на друштвото на пазарот;
- Детали од политиката на цени;
- Очекувања за глобалните движења на цените;
- Кусо запознавање со глобалната маркетинг стратегија, во која се презентираат размислувањата за пазарното учество кое се планира да се освои, целите, имиџот, целите во врска со подрачјето на настап, специјализацијата, промоцијата итн;
- Можни начини на дистрибуција на производот (сопствена продажна мрежа, преку специјализирани дистрибутери, преку трговија на мало, извоз, директна испорака итн.);
- Аранжмани за сервис и гаранции по продажбата;
- Детали за типична големина на нарачката, понудени кредитни услови, извршени истражувања, со што би можела да се предвиди идната продажба;
- Доколку постојат зрели договори со потрошувачи, тие треба да се наведат;

Истражувањето на пазарот се врши со собирање првенствено на секундарни податоци, односно податоци кои веќе некој ги обработил и систематизирал во истражувања, написи, извештаи за одредени прашања. Тие се наоѓаат во специјализирани ревии, во извештаи на определени владини агенции или стопански комори, во универзитетски работни извештаи и сл.

5.9. План на организација на друштвото

Во овој дел на планот за реорганизација се опишува обликот на сопственоста и организацијата на друштвото, правните прашања, како и одговорностите и улогата на одделните учесници внатре во друштвото - сопствениците, менаџментот и вработените. Во овој дел треба да се опише следново:

- Дали се планира да се продолжи со истиот тип на друштво, или се планира промена: акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност, трговец поединец, друг вид?

- Кои се потребните лиценци, дозволи, и дали тие се набавени?
- Прашања на интелектуална сопственост.
- Кои се главните акционери или сопственици на удел во друштвото? Кои се сопствениците пред реорганизацијата и дали се предвидува промена во сопственоста со реорганизацијата. Тоа ќе биде посебно обработено во планот за реорганизација, затоа што сопственоста ќе се јавува како резултанта или како почеток на промените.
- Кој ќе го формира менаџмент тимот?
- Дали постои потреба од нови менаџери и како тие ќе се избираат?
- Треба посебно да се наведат грешките од минатото, со забелешка дека тие биле лекција за иднина и со забелешка за тоа како ќе се справува со нив;
- Детали за средниот и понискиот круг на менаџери, и за другите вработени, со објаснување на нивната улога, способности, плати и други видови на наградување, итн.;
- Дефинирање на политиката за избор и за обука на кадри;
- Детали за сегашниот менаџмент информациски систем и детали за промени, ако има такви и организациска структура на вработените и менаџментот.
- Дали има надворешни соработници, советници, правници или други консултанти?

5.9.1. Финансиски план

Стечајниот управник е обврзан да даде проекции на финансиската перформанса и финансиската положба во наредните години - најчесто 5, но ако станува збор за многу капиталноинтензивна дејност, тогаш и повеќе. Проекциите за првата година вообичаено се изразуваат месечно, а натаму тие можат да бидат изразени месечно, квартално или годишно. Притоа, треба да се обрне внимание на следново:

- Проекција на продажбата за наредните 5 години (колку производи ќе се продадат, со која динамика, по која цена итн.);
- Колкаво е оптималното ниво на производство за да ја задоволи проекцијата на продажбата, но и да одржи практично ниво на залихи;
- Калкулација на директните трошоци на производство;
- Проценка на основните фиксни трошоци и објаснување за тоа како тие се вклучени во проекцијата;
- Проекција на билансите на успех во наредните 5 години;
- Проекција на билансите на состојба во наредните 5 години;
- Проекција на готовинските текови во наредните 5 години;

- Кои претпоставки се вклучени во проекцијата на билансите и на готовинските текови;
- Детали од даночната регулатива на која подлежи друштвото;
- Подетален коментар на проекциите;
- Да се провери дали постои конзистентност на добиените податоци со целината или некои други детали од планот;
- Анализа на чувствителноста (еластичноста): каков е ефектот врз профитот доколку продажбата, ефикасноста на трудот, цената на основната суровина и сл. се променат за определен процент.

Посебен дел од финансиската анализа е анализата на структурата на изворите на финансирање. Во овој дел од планот е потребно да се презентира од колку капитал ќе биде финансирано друштвото во идниот период, а колку од изворите ќе бидат обврски. Покрај идната структура на капиталот, потребно е да се анализира и досегашната капитално-долговна структура, која се изразува преку неколкуте индикатори за финансиска стабилност: Капитал во однос на вкупната пасива, Капитал во однос на вкупната задолженост, Вкупни долгови во однос на вкупната пасива и сл.

Посебен дел од финансиската анализа ќе биде списокот на обврските и планот и образложението како тие ќе се подмират и / или преструктуираат. Веројатно ќе треба да се прикажат повеќе шеми кои ќе бидат фокусирани само на таа анализа и кои ќе ја прикажуваат состојбата пред стечајот и пред реорганизацијата и состојбата по реорганизацијата. Тоа ќе биде изразено во билансот на состојба и особено во сметките на капиталот и обврските.

Покрај основното тело на планот за реорганизација, потребно е да се додадат прилози во кои подетално ќе бидат објаснети некои елементи и ќе даваат дополнителен кредибилитиет на предложениот план. Такви прилози можат да бидат следниве:

- Анализи на пазарот, објавени написи од часописи во врска со претпријатието или производот или услугата предмет на деловниот план;
- Организациони шеми;
- Биографии на врвните менџери;
- Литература и технички спецификации на производот;
- Патенти, дозволи, индустриски стандарди;
- Референци;
- Список на склучени договори, писма на намери, со добавувачи, купувачи, доколку има такви;
- Приказ на економско-финансиската состојба за последните три или повеќе години, преку финансиски извештаи;
- Почетен биланс на состојба;
- Список на обврски на друштвото во стечај;

- Финансиски проекции за идните 3 до 5 години;
- Индекс на основните термини.

6. Правни последици кои настапуваат од поднесениот план за реорганизација

6.1.Располагање со имотот на должникот и негова распределба

Поднесениот план за реорганизација може да предизвика посебни правни последици кои се однесуваат на располагањето со имотот на должникот, како и на евентуалната распределба на имотот кој што влегува во стечајната маса. За да настапат овие правни последици потребно да биде поднесено барање од стечајниот управник или од должникот. Стечајниот судија е тој кој што во конкретниот случај одлучува по вака поднесеното барање и може да донесе решение со кое ќе определи запирање на располагање со имотот на должникот или пак негова распределба. При донесувањето на ова решение стечајниот судија треба да го има во предвид фактот до кој степен таквото располагање или распределба влијаат на реализација на планот за реорганизација, односно да го задрозат или да му наштетат на спроведување на планот за реорганизација.

6.2. Планот за реорганизација и градежно земјиште

Предложениот план за реорганизација може да се однесува и на користењето на градежното неизградено земјиште, па во тој случај стечајниот судија може да определи да не се покрене постапка за одземање на правото на користењето на градежното земјиште од должникот и да се остапи на државата. Ваквото постапување е во насока на непречена реализација на планот за реализација кога тој се однесува на градежното земјиште, особено во случај кога се спроведува реорганизација со вклучување на инвеститор.

Тука треба да се спомне дека субјектот во реорганизација ги презема и сите постапки кои се отворени и се однесуваат на утврдување на правен статус на објектите на должникот кои се нерегулирана сопственост.

6.3. Планот за реорганизација и земјоделското земјиште

Стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка при преземањето на имотот на должникот има обврска да утврди неколку битни факти:

- прво дали должникот заклучил договор за закуп и користи земјоделско земјиште кое во евиденцијата на Агенцијата за катастар се води како земјиште на Република Македонија
- второ дали на земјиштето има трајни вложувања кои се состојат од долгогодишни насади, објекти, иригациони системи и друга инфраструктура кои се сопственост на должникот.

По утврдувањето на овие факти треба да достави извештај до стечајниот судија со податоците во врска со тоа. Од тоа што ќе го утврди стечајниот управник ќе зависи и одлуките кои ќе бидат донесени. При таква состојба можни се две ситуации:

Прво стечајниот судија да донесе решение со кое ќе констатира престанок на правото на користење на земјиштето од страна на стечајниот должник и ќе го задолжи стечајниот управник да ја спроведе постапката за негово враќање во владение на Република Македонија само во случај доколку на земјоделското земјиште нема трајни вложувања кои се состојат од долгогодишни насади, објекти, иригациони системи и друга инфраструктура. Вакво решение стечајниот судија е должен да донесе во рок од 8 дена од правосилноста на решението за отворање на стечајната постапка.

Второ доколку на земјоделското земјиште во сопственост на државата има трајни вложувања кои се состојат од долгогодишни насади, објекти, иригациони системи и друга инфраструктура, кои се сопственост на должникот стечајниот судија во овој рок нема да донесе решение, туку постапката продолжува и по утврдувањето на вредноста на трајните вложувања кои влегуваат во стечајната маса, истите можат да бидат предмет на постапката за реорганизација.

Во случај кога е предложен план за реорганизација и истиот подоцна е прифатен од доверителите, правото на користење на земјоделското земјиште во државна сопственост, заедно со трајните вложувања преминуваат на лицето определено со планот за реорганизација. Во случај на усвоен план за реорганизација јасно е воспоставен концептот на приоритет на лицето кое со планот за реорганизација ја преземало обврската да ги намири побарувањата на доверителите како и да го продолжи деловниот потфат на должникот во рок од два месеци од денот на прифаќање на планот за реорганизација, да склучи договор за закуп за натамошно користење на земјоделското земјиште, со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството

7. Постапка за прифаќање на планот за реорганизација

По составување на планот за реорганизација потребно е истиот да биде доставен на доверителите за да се запознаат со неговата содржина. Доставувањето до доверителите заради нивно запознавање со планот за реорганизација е една од најважните фази во постапката за прифаќање на планот.

Запознавањето со содржината на планот за реорганизација за доверителите е од исклучително значење и директно е поврзана со донесувањето на одлука која по правило е од економски карактер, односно дали ќе го прифатат планот за реорганизација или не.

Анализата на планот за реорганизација за доверителите треба да даде одговор на прашањата дали предложениот план за реорганизација е спроведлив особено од аспект на максимизиран повраток на побарувањето и дали предложениот ефект од планот за реорганизација е комерцијално возможен. Поради тоа треба да им се овозможи на доверителите да извршат објективна анализа на планот за рерганизација.

Оваа анализа покрај доверителите треба да ја изврши и стечајниот управник во случај кога планот за реорганизација е поднесен од другите овластени субјекти и за тоа да изготви посебен извештај со кој ќе ги запознае доверителите.

Поради тоа и постапката за донесување на планот за реорганизација е поделена во во две фази.

7.1. Изјаснување по планот за реорганизација

Првата е фазата на изјаснување по планот за реорганизација. Оваа фаза започнува со доставувањето на предложениот план за реорганизација.

7.1.1. Доставување на план за реорганизација

Инаку, овластениот субјект има рок од 30 дена од денот на добивањето на овластувањето до стечајниот судија да достави план за реорганизација. Овој рок се однесува на стечајниот управник и на доверителот кој поднел иницијатива за поднесување на план за реорганизација. Рокот по правило започнува да тече по заклучување на првото извештајно собрание на кое е донесена одлука да се продолжи деловниот потфат на должникот и да се изготви план за реорганизација.

Рокот, од 45 дена е од преклузивен карактер, меѓутоа неговото течење може да се продолжи. Условот за продолжување на рокот е овластениот субјект да поднел барање до стечајниот судија за продолжување на рокот. Стечајниот судија овој рок за подготвување на планот може да го продолжи уште за 15 дена. Ако овластеното лице не поднесе барање за продолжување на рокот во тој случај се смета дека планот за

реорганизација не бил ниту поднесе и стечајната постапка продолжува со впаричување на имотот.

Доколку и во овој период од 60 дена стечајниот управник или доверителот кој добил овластување за подготвување на план за реорганизација не го изготвил планот тој може да поднесе предлог за продолжување на рокот и до одборот на доверители. Одлуката на одборот на доверители за продолжување на рокот а подготвување на планот е условена од две работи. Прво, овластениот субјект (стечајниот управник или доверител) да треба да поднесе барање и до одборот на доверители за продоложување на рокот, а втората работа од која зависи дали ќе биде продолжен рокот за подготвување на план за реорганизација или не е донесување на одлука на одборот на доверители со која ќе се продолжи рокот за изготвување на планот за реорганизација за уште најмногу шеесет дена. Оваа одлука одборот на доверители ја донесува со двотретинско мнозинсттво од присутните членови.

При донесувањето на одлуката за продолжување на рокот за изготвување на планот за реорганизација членовите на одборот на доверители ќе треба да го имаат во предвид аргументите на стечајниот управник или на друг доверител чија иницијатива била прифатена поради кои се бара продолжување на рокот за подготвување на планот за реорганизација. При тоа особено ќе треба внимателно да ја оценат комплексноста на планот кој се предлага.

Доколку одборот на доверители не донесе одлука со која се продолжува рокот за изготвување на планот за реорганизација уште за 60 дена или пак стечајниот управник или доверителот во оставениот рок не поднесе план за реорганизација , постапката за реорганизација завршува и стечајниот ex lege донесува решение со кое стечајната постапката продолжува со впаричување на имотот. Може да заклучи дека постапката за изготвување на планот за реорганизација може да трае најмногу стодваесет дена по заклужувањето на првото извештајно собрание на доверителите.

7.1.2. Депонирање на планот за реорганизација во стечајното досие

Покрај доставата на органите на доверителите и претставникот на вработените, подносителот на планот за реорганизација е должен предложениот план да го достави и во стечајниото досие на должникот кое го води судот кој ја води стечајната постапка.

Целта на вака извршеното депонирање на планот е да се создадат услови за уште поширока информираност на доверителите за поднесениот план за реорганизација како и неговата содржина.

На овој начин се создаваат услови доверителите да добијат непосредна можност да извршат увид во предложениот план. Сите заинтересирани учесници можат да извршат увид во него во рок од осум дена од денот на доставување на планот за реорганизација во стечајното досие во судот. Поради кусиот рок во кој може да се изврши увид во планот за реорганизација се бара многу брза реакција од доверителите кои не се членови на одборот на доверителите.

7.2. Доставување на планот за реорганизација на мислење

Првото процесно дејство по поднесување на предлог планот за реорганизација од овластениот субјект кое треба да биде преземено во врска со одобрувањето на планот за реорганизација е негово доставување на мислење на одборот на доверителите и претставниците на вработените.

Во врска со тоа на кој орган да биде доставен на изјаснување. треба да се направи разлика по однос на тоа кој го поднел планот за реорганизација или кој субјект бил овластен да го изготви.

Доколку планот за реорганизација е поднесен од должникот заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка во тој случај тој треба да биде доставен на изјаснување до одборот на доверителите, претставникот на вработените и стечајниот управник.

Истото се однесува и на планот за реорганизација доставен од доверителот заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка над должникот. По предлогот за отворање на стечајната постапка како и поднесениот план за реорганизација, органите на должникот односно должникот поединец може да се изјасни уште во претходна постапка. Доколку над должникот е отворена стечајна постапка, во тој случај по завршувањето на постапката за утврдување на побарувањата на доверителите веднаш треба да започне и постапката за изјаснување на планот за реорганизација.

Во тој случај планот за реорганизација стечајниот судија го доставува веднаш до одборот на доверители и претставникот на вработените како и стечајниот управник на изјаснување. Овие органи треба најдоцна во рок од петнаесет дена по приемот на планот за реорганизација да се произнесат по него. Оставениот рок од 15 дена за произнесување по предложениот план за реорганизација нема преклузивен карактер, нема никакви последици за одборот на доверители, како и за претставниците на вработените.

По однос на стечајниот управник можни се одредени последици со оглед на фактот што тој има обврска да состави извештај по предложениот план за реорганизација. Анализата што стечајниот управник треба да ја изврши по предложениот план за реорганизација, се однесува на тоа во која мерка предложениот план ја задоволува содржината пропишана со професионалниот стандард. Доколку, планот за реорганизација не ги содржи сите елементи, стечајниот управник е должен да го запознае органот на должникот, како подносител на планот за реорганизација, со недостатоците и да го упати да направи соодветни измени.

Во случај предлагачот да одбие да ги внесе измените во планот за реорганизација, а стечајниот управник утврди дека поднесениот план за реорганизација не ги штити интересите на доверителите, односно интересите на одредена група на доверители, а посебно кога на одредени доверители или дури на сите доверители очигледно повеќе би им одело во прилог впаричување на имотот, тој е должен да го извести одборот на доверители и стечајниот судија за ваквата состојба, пред денот на рочиштето на кое се гласа за прифаќање на планот за реорганизација. Во

случај да не се произнеле во овој рок, постапката по планот за реорганизација продолжува.

Доколку планот за реорганизација е доставен во текот на стечајната постапка од доверителот тогаш истиот повторно се доставува преку стечајниот судија на истите органи на произнесување.

Во случај кога на извештајното собрание на доверители е донесена одлука со која е овластен стечајниот управник, одборот на доверители или одреден доверител да изготви план за реорганизација, тогаш планот за реорганизација се доставува на останатите органи на стечајната постапка, освен на оној кој го изготвувал. Во секој случај доставувањето треба да оди преку стечајниот судија кој може да го овласти и стечајниот управник да ја изврши достават. Без разлика на кого му се доставува планот за реорганизација потребно е изјаснувањето по него да биде доставено во рок од петнаесет дена по неговиот прием.

7.3. Постапка за прифаќање и одобрување на планот за реорганизација

7.3.1. Свикување на собранието на доверители за расправање и гласање по предложениот план за реорганизација

Оваа фаза започнува со свикување на собрание на доверители на кое тие треба да расправаат и да гласаат по предложениот план за реорганизација. Стечајниот судија е должен да ги преземе сите мерки, постапката за изјаснувањето на доверителите по поднесениот план за реорганизација да биде спроведена во роковите утврдени во законот кои пак го одразуваат начелото на итност како едно од најважните начела во стечајната постапка.

Така, стечајниот судија по доставувањето на планот за реорганизација на изјаснување на органите на стечајната постапка како и во стечајното досие на должникот во судот по истекот на три дена од последниот ден кој е определен за увид во планот , ќе свика собрание на доверители за расправање и изјаснување по поднесениот план за реорганизација.

Тоа значи дека стечајниот судија веќе пред самото доставување на планот за реорганизација во стечајното досие ќе треба да ги преземе сите мерки и активности собранието на доверители навремено да биде свикано. Свикувањето на собранието на доверители, стечајниот судија ќе го изврши со објавување на оглас кој треба да содржи:

- -датумот на одржувањето на собранието на доверители за изјаснување и гласање по предложениот план за реорганизација. Инаку, собранието на доверители неможе да биде одржано пред протекот на дваесет и еден ден од денот на свикувањето ниту пак по протекот на триесет дена.

- -во огласот ќе биде наведено дека учесниците во стечајната постапка можат да извршат увид во стечајното досие на должникот како и во планот за реорганизација заедно со сите изјави и прилози.

Тоа значи дека сите учесници во стечајната постапка, освен на оние на кои планот за реорганизација ќе им биде доставен. имаат право да извршат увид во планот за реорганизација кој се наоѓа во стечајното досие и во наредниот период по објавувањето на огласот па се до последниот ден пред одржувањето на собранието.

Огласот со кој се свикува собранието на доверители за расправање и гласање по предложениот план се доставува по пат на јавно објавување во дневниот печат, на огласна табла во судот и на огласна табла во седиштето на должникот. Доставата на огласот преку јавното објавување по правило се изврши во еден од трите најтиражни весници кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија.

Собранието стечајниот судија го свикува во рок од три дена по истекот на рокот од осум дена којшто е предвиден за вршење на увид во предложениот план за реорганизација во стечајното досие на должникот во судот.

Инаку, собранието на доверители може да се одржи во рок кој не е покус од 21 ден, но не подолг од 30 дена од денот на свикувањето на собранието на доверители.

Стечајниот судија ги повикува доверителите како и должникот со тоа што ќе го објави датумот на одржувањето на собранието преку:

- јавно објавување во еден од три дневени весници со најголем тираж коишто се дистрибуираат на територијата на Република Македонија и
- истакнување на огласна табла во судот
- и кај должникот.

Судот ќе назначи дека предложениот план за реорганизација и примените изјаснувања се достапни за увид на учесниците во стечајното досие.

Инаку, собранието на доверители во ниту еден случај неможе да биде свикано пред одржувањето на испитното рочиште на кое се испитуваат на кое се испитуваат побарувањата на доверителите. Постои можност во одредени случаи кога самата постапка тоа го дозволува, а посебно во случај кога должникот заедно со предлогот поднел план за реорганизација, испитното рочиште и собранието за изјаснување и гласање по предложениот план за реорганизација да биде споено со што се овозможува брзо завршување на оваа постапка . Во оваа ситуација постои можност стечајниот судија уште со огласот за отворена стечајна постапка да го определи датумот на одржување на собранието за изјаснување и гласање по предложениот план за реорганизација.

7.3.1.1. Седница на собранието за изјаснување и гласање по предложениот план за реорганизација

Седницата на собранието на доверители за изјаснување и гласање по предложениот план за реорганизација по правило има три дела.

Првиот дел е почетен дел и се состои во констатирање на присуство на доверителите и утврдување на гласачките права на доверителите,

Вториот дел од седницата на собранието е разгледување на планот за реорганизација од страна на доверителите и третиот последен дел е изјаснување на доверителите по предложениот план со гласање.

7.3.1.2. Утврдување на гласачките права на доверителите

Стечајниот судија веднаш по констатирањето на присутните доверители започнува со утврдување на гласачките права на доверителите. По правило се утврдуваат гласачките права на сите доверители кои поднеле пријави за побарување навремени и кои биле испитани и за кои Судот се произнел со решението за утврдување и оспорување на побарувањата.

Право на глас на собранието на доверители за изјаснување и гласање по планот за реорганизација го имаат сите стечајни доверители на кои стечајниот управник им го признал побарувањето и тоа во висина на утврденото побарување, односно сите доверители внесени во решението на стечајниот судија кое е донесено врз основа на табелата(шемата) за утврдени и оспорени побарувања на стечајниот управник.

Гласачки права на доверителите со право на одвоено намирување се утврдуваат на тој начин што тие можат да гласаат по предложениот план за реорганизација само како:

- стечајни доверители и тоа во случај да им е должникот лично одговорен и доколку тие се откажале од своето право на одвоено намирување. Покрај овие два случаја доверителите кои стекнале право на одвоено намирување можат да гласаат по предложениот план за реорганизација само за износот односно делот за кој не успеале целосно да се намират преку правото за одвоено намирување.

Доверителите со право на одвоено намирување имаат право да гласаат по предложениот план за реорганизација и во случај кога со предложениот план за реорганизација се зафаќа во нивното право на одвоено намирување, поточно во случај кога имотот односно правото врз кое е воспоставено правото на одвоено намирување е внесен во планот за реорганизација. За нивните гласачки права исто така ќе се расправа на седницата на собранието на доверители со тоа што доколку нивното право на одвоено намирување е оспорено од стечајниот управник или некој од доверителите

со право на одвоено намирување во тој случај правото на глас ќе се утврди врз основа на одредбите од овој закон кој го нормираат правото на глас. Тие ќе гласаат во посебна група, заедно со сите други разлачни доверители.

Според тоа, на овие доверители и покрај тоа што им е оспорено правото на одвоено намирување, доколку е воспоствено со извршна исправа и е запишано во јавна книга, имаат право да гласаат по предложениот план за реорганизација.

Доверителите кои своето побарување го засноваат врз основа на раскинлив услов имаат правото на глас по планот за реорганизација, само доколку дале средства за обезбедување дека ќе го врати она што го примиле од имотот што влегува во стечајната маса кога ќе настапи тој услов.

Доверителот чие побарување е врзано за одложен услов исто така има право на глас само во случај кога ќе му се обезбедат соодветни средства од имотот што влегува во стечајната маса .

Доверителите кои своето право го засноваат врз основа на заедничка сопственост врз одредено право при гласањето ќе се сметаат за еден доверител. Во иста состојба ќе бидат и доверителите кои своето право го стекнале врз основа на право на залога или право на плодоуживање

Со оглед на тоа што постои можност планот да биде поднесен во стечајна постапка со голем број на доверители, стечајниот судија во подготовката на собранието на доверители претходно ќе треба да изврши анализа на доверителите кои имаат право на глас.

7.3.1.3. Разгледување на планот за реорганизација од страна на доверителите

По утврдувањето на гласачките права на доверителите, доверителите можат да го се впуштат во разгледување на планот за реорганизација. Во овој дел од собранието на доверители секој од присутните доверители може да се произнесе по предложениот план за реорганизација.

Произнесувањето по поднесениот план за реорганизација подразбира изнесување на некој суштински неправилности кои се однесуваат на планот за реорганизација особено од аспект на положбата на доверителите и начинот на нивното намирување.

7.3.1.4. Гласање по предложениот план за реорганизација

По утврдувањето на гласачките права на доверителите и изјаснувањето на доверителите по предложениот план за реорганизација, стечајниот судија кој раководи

со собранието на доверители е должен да им овозможи на сите доверители со право на глас да гласаат по предложениот план.

Гласањето по предложениот план за реорганизација може да биде непосредно, со јавно изјаснување на доверителите односно нивните полномошници дали се за или против предложениот план за реорганизација или посредно писмено преку пошта. Условот гласањето на доверителите преку пошта да се смета за полноважно е изјаснувањето по планот да пристигнало до судот пред одржувањето на собранието. Покрај овој процесен услов потребно е писменото изјаснување да биде во форма на заверена изјава од нотар во која застапникот по закон, односно лице-поединец, јасно го изразил ставот дека гласа за или против прифаќање на планот за реорганизација.

Стечајниот судија пред да започне јавното гласање констатира со записник кои од доверителите писмено гласале по поднесениот план.

Се смета дека планот за реорганизација е усвоен ако е прифатен со просто мнозинство од вкупниот износ на побарувања на доверителите присутни на собранието и добил просто мнозинство во сите групи, освен ако со планот не е определено поголемо мнозинство, вклучувајки ги и оние кои гласале писмено.

За правилно утврдување на резултатот на гласањето прво треба да се утврди колку доверители биле присутни на собранието на доверители, односно нивните вкупно утврдени побарувања. Се смета дека планот за реорганизација е усвоен од доверителите на седницата на собранието доколку за донесување на предложениот план гласале доверители кои имаат 51% од вкупно утврдените побарувања на доверителите кои се присутни на собранието и добил просто мнозинство во сите групи.

Со планот за реорганизација може да биде определено поголемо мнозинство или пак доверителите да се изјаснуваат по групи.

Групата на доверители чии побарувања спрема планот за реорганизација треба да бидат подмирени во целост пред почетокот на примена на планот, немаат право да гласаат за планот на реорганизација, и ќе се смета дека е усвоен во таа група.

При гласањето по предложениот план за реорганизација можни се одредени ситуации во кои доверителите со право на одвоено намирување од предмет или право можат намерно да го отежнат донесувањето на планот за реорганизација со тоа што ќе гласаат против предложениот план.

По правило доверителите со право на одвоено намирување сочинуваат посебна гласачка група на доверители и во рамките на таа група треба и да гласаат.

Доколку при гласањето не било утврдено потребното мнозинство за донесување на планот во оваа гласачка група се смета дека доверителите со право на одвоено намирување ја дале својата согласност за планот. Со нормирање на вакво решение се олеснува донесувањето на планот за реорганизација од една страна и се штитат интересите на стечајните доверители од однесувањето на посебната гласачка група на доверители со право на одвоено намирување од предмет или право од друга страна.

При примената на ова правило, стечајниот судија ќе треба да оцени дали овие доверители со прифаќањето на планот за реорганизација, трпат загуби или штети како

и дали во разумна мера учествуваат во економските вредности кои што им припаѓаат на учесниците во планот за реорганизација.

Во секој случај предмет на оценка или споредба за стечајниот судија треба да биде положбата на доверителите со право на одвоено намирување како и нивната положба пред поднесување на планот за реорганизација. Важно е да се утврди тоа дека предложениот план за реорганизација не ги става во состојба да трпат загуби или штети со прифаќањето на тој план. Исто така е важно да се утврди дали сите доверители со предложениот план за реорганизација се ставени во иста позиција во однос на економските вредности кои би им припаднале. Тоа значи дека разумно учество во економските вредности постои доколку според планот ниту еден друг доверител не треба да прими имотна корист која го надминува полниот износ на неговото побарување.

7.4. Одобрување на планот за реорганизација и правно дејство на решението за заклучувањето на стечајната постапка

Покрај прифаќањето предложениот план за реорганизација од доверителите за да истиот произведува правно дејство, треба да бидат исполнети уште два услова.

Првиот услов е должникот да се согласил со предложениот план за реорганизација и вториот услов е стечајниот судија да го одобрил предложениот план за реорганизација.

По однос на првиот услов потребата да се прибави согласност од должникот е во случај кога планот за реорганизација не е поднесен од органите на должникот. Во случај кога должникот поднел план за реорганизација во тој случај нема основ за примена на ова правило, се смета дека тој се согласил со поднесениот план.

Значи во случај кога планот за реорганизација е поднесен од стечајниот управник или од други овластени субјекти (доверители и сл.) органите на должникот треба да се произнесат по предложениот план. Должникот, може да оствари своето право да се спротивстави на планот за реорганизација доколку, тој најдоцна до денот на одржувањето на собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација се спротивставил на планот во писмена форма, или дал посебна писмена изјава до стечајниот судија. Доколку, стечајниот судија до овој ден не прими поднесок или изјава од должникот дека се спротивставува на планот за реорганизација се смета дека тој ја дал својата согласност за планот за реорганизација.

За постапката на реорганизација и постапувањето на судот односно стечајниот судија во неа е важно какво становиште стечајниот судија ќе заземе доколку должникот дал писменото спротивставување односно писмената изјава со која се изјаснил против планот за реорганизација.

Стечајниот судија треба да се впушти во оценка на писмениот приговор од должникот во што се состојат забелешките на планот за реорганизација. Секако предмет на оценка треба да биде неговата положба со предложениот план за

реорганизација и во која состојба должникот ќе биде по прифаќањето на планот за реорганизација. Секако при аргументирана анализа на приговорот треба да се има предвид и намирувањето на стечајните доверители и нивниот основен интерес, побарувања да бидат намирени во што поголем износ. Заштита на интересите на должникот во овој случај е во тоа што со планот за реорганизација да не биде доведен во полоша положба од онаа во која бил пред донесување на планот.

Вториот услов прифатениот план од доверителите да произведе правно дејство и да стане извршна исправа која ќе биде задолжителна за сите учесници во постапката е истиот да биде одобрен од стечајниот судија.

Улогата на судот односно на стечајниот судија е да обезбеди заштита на интересите на сите учесници во постапката, без можност да врши било каква измена во планот. Неговата улога е ограничена со тоа што неможе да врши било какво влијание на изготвувањето на планот, како и на можноста некој од учесниците во постапката да бил присилен да се согласи со планот.

Предмет на оценка на стечајниот судија по службена должност е утврдување на процесно правните претпоставки за донесување на планот кои се состојат во тоа:

- дали ги содржи сите потребни податоци кои се предвидени со законот и

- дали правилно е спроведена постапката за негово донесување и гласање.

Стечајниот судија при оценката на прифатениот план посебно внимание треба да посвети на утврдувањето на фактот како планот за реорганизација ги третира доверителите поточно дали одредена група на доверители по однос на намирување на побарувањата се ставени во поповолна положба од друга група доверители. Секако овде единствено спорно може да се постави прашањето околу тоа дали намирувањето на доверителите е во законските рамки, а не и временскиот редослед на намирување на побарувањата

Понатаму, предмет на оценка може да биде дали прифатениот план за реорганизација ги почитува приоритетното право на доверителите за намирување, како и третманот на групите на доверители по однос на нивното намирување во споредба со нивно намирување со впаричување на имотот должникот. Во секој случај стечајниот судија овие фактички прашања ќе треба да ги оценува од случај до случај како и преку целосна оценка на планот на реорганизација и тоа дали планот е поднесен односно прифатен согласно одредбите од овој закон.

Улогата на судот односно стечајниот судија која ја има при оценка на прифатениот план за реорганизација е во согласност со неговите овластувања кои ги има во текот на постапката за реорганизација. Тие овластувања пред се се поврзани со ефикасното водење на постапката за реорганизација и контрола на постапката за реорганизација во смисла на оценка дали таа се води согласно постапката предвидена со законот. Значи основното што треба да биде предмет на оценка кај прифатениот план за реорганизација за судијата е дали е тој е во интерес на сите доверители.

Пред стечајниот судија да донесе решение со кое ќе го одобри прифатениот план за реорганизација ќе треба да го испита следново:

- процентот на доверителите кои гласале за прифаќање за предложениот план за реорганизација
- кои доверители гласале по предложениот план за реорганизација писмено и дали писмените докази за гласањето по планот се пристигнати во судот пред одржувањето на собранието за расправање и гласање по предложениот план за реорганизација
- дали пред одржувањето на собранието за расправање и гласање по предложениот план до судот стигнал приговор од органите на должникот по предложениот план за реорганизација
- дали се исполнети процесните услови прифатениот план за реорганизација да биде одобрен

Имајки ги во предвид сите овие факти стечајниот судија во рок од три дена по заклучувањето на собранието на доверители треба да донесе решение во врска со одржаното собрание на доверители за расправање и гласање. Зависно од резулатите на гласањето и оценката на останатите факти тој може да донесе решение со кое ќе го одобри планот за реорганизација или пак ќе го одбие планот за реорганизација. Ова решение се доставува до доверителите и должникот кои имаат право на жалба против донесеното решение.

Правото на жалба на должникот против донесеното решение зависи од тоа дали истиот го оспорил предложениот план за реорганизација во писмена форма најдоцна до денот на одржувањето на собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација и се спротивставил на планот, односно дали дал посебна писмена изјава до стечајниот судија.

Доколку должникот не поднел приговор во тој случај се смета дека дека тој дал согласност на предложениот план за реорганизација. Во овој случај стечајниот судија жалбата поднесена од должникот против решението за одобрување на планот ќе ја отфрли како недозволена.

Во случај пак должникот навремено го оспорил предложениот план, а стечајниот судија донел решение со кое го одобрил планот за реорганизација во тој случај, должникот има право на жалба меѓутоа причини за поднесената жалба неможе да се однесуваат на тоа дека со прифаќањето на планот за реорганизација должникот не е ставен во понеповолна положба во споредба состојбата во која се наоѓал без тој план и дека ниту еден доверител нема да прими имотна корист или друга погодност што го надминува полниот износ на неговото побарување. Доколку, се наведени само овие причини во жалбата во тој случај стечајниот судија ќе ја отфрли како недозволена.

Доколку пак предложениот план за реорганизација не бил прифатен од доверителите и стечајниот судија не го одобрил планот за реорганизација, и решението за одбивање на планот станало правосилно во тој случај стечајната постапка ex lege продолжува со впаричување на имотот на должникот. Во овој случај стечајниот судија нема потреба да го свикува собранието на доверители за да донесат одлука за впаричување туку веднаш продолжува стечајната постапка со впаричување на имотот на должникот.

Во случај кога стечајниот судија донел решение со кое го одобрува предложениот план за реорганизација во тој по правосилноста на ова решението, стечајниот судија треба да донесе решение за заклучување на стечајната постапка над должникот. Од ова правило нема исклучоци па така со планот за реорганизација неможе да се предвиди т.н. условно заклучување на постапката, односно за дел на имотот трето лице да го преземеи да формира ново правно лице, а дел од имотот како стечајна маса да остане под надлежност на стечајниот управник и да управува со него. Единствена обврска која ја има стечајниот управник пред заклучувањето на стечајната постапка е да ги намири побарувањата на доверителите на стечајната маса.

Во случај доколку се тие спорни со решението со кое ќе се заклучи постапката треба да биде определено на кој начин ќе бидат обезбедени овие побарувања кои по правило се приоритетни.

Пред да го објави решението за заклучување на стечајната постапка, стечајниот судија ќе ги извести за тоа должникот, стечајниот управник и членовите на одборот на доверители за тоа кога решението за заклучување на стечајната постапка ќе произведува правно дејство .

Во решението за заклучување на стечајната постапка стечајниот судија определува заклучувањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во други соодветни регистри. Исто така стечајниот судија е должен да објави дека е донесено решение за заклучувањето на стечајната постапка со тоа што ќе ги наведе причините за нејзиното заклучување .

Тоа значи дека ќе мора да изврши посредна достава на ова решение со јавно објавување на оглас во Службен весник на Република Македонија и непосредна достава на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги, како и до трговскиот регистар, односно до соодветниот регистар, за да биде извршен соодветен упис во регистарот.

Инаку решението за заклучување на стечајната постапка отворена над должникот треба да содржано уште податоци за надзорот врз спроведување на планот за реорганизација .

Така, стечајниот судија во решението со кое ја заклучува стечајната постапка над должникот поради одобрен план за реорганизација треба да наведе и :

- над кој се врши надзорот односно правниот статус на субјектот во реорганизација (дали должникот продолжил да го води претпријатието или трето лице го преземало водењето на претпријатието)
- фактите дека надзорот се однесува и на трговското друштво или друго правно лице кое го презело или продолжило да го води деловниот потфат на должникот или некој негов дел,
- критериумите за утврдување на правните дејства што бараат претходно одобрение на стечајниот управник ,
- максималниот износ на заемот вредноста на стечајната маса на субјектот во реорганизација.

Решението на стечајниот судија со кое се заклучува стечајната постапка поради тоа што е одобрен план за реорганизација, произведува правно дејство врз органите на стечајната постапка како и врз правните дејства кои ги преземал стечајниот управник во текот на стечајната постапка и правно дејство спрема имотот на должникот или субјектот се реорганизира.

Решението за заклучување на стечајната постапка влијае и врз должностите на стечајниот управник и одборот на доверителите на тој начин што овие должности во голема мера престануваат. Во зависност од тоа кој од начините на спроведување на планот е предвиден можно е во содржинскиот дел на планот да биде предвиден надзор и контролата врз спроведувањето на планот за реорганизација. Во случај да биде предвиден надзор и контрола врз спроведувањето на планот за реорганизација тогаш треба да биде наведен и органот кој ќе го врши надзорот и контролата врз спроведување на планот за реорганизација. Доколку е тоа стечајниот управник тогаш неговите овластувања продолжуваат и по заклучувањето на стечајната постапка, меѓутоа тие во оваа фаза се ограничени и се однесуваат само на надзор и контрола врз спроведувањето на плнот за реорганизација.

Истото се однесува и за должностите на одборот на доверители со таа разлика што во секој случај, кога е предвиден надзор и контрола врз планот за реорганизација во тој случај овластувањата на одборот на доверители кои што ги имал за време на спроведувањето на стечајната постапка престануваат и преоѓаат во контролна функција на органот кој е предвиден да го врши надзорот и контролата на спроведување на планот за реорганизација.

За разлика од правното дејство на решението за заклучување на постапката поради ликвидација на деловниот потфат односно впаричување на имотот на должникот кога како последица од ова решение должникот престануваше да постои како правен субјект во овој случај се работи за можна дијаметрално спротивна ситуација. Решението за заклучување на стечајната постапка значи дека завршува целосниот судски надзор над субјектот над кого е отворена стечајната постапка и бил во процес на реорганизација и истиот продолжува со деловна активност и повторно ги презема сите права врз имотот кои што ги имал пред отворањето на стечајната постапка односно правото да управува и располага со имотот или пак тие права се се пренесуваат врз новиот субјект кој се основа со планот за реорганизација според утврдениот начин за негово спроведување .

Решението за заклучување на стечајната постапка поради одобрен план за реорганизација има правно дејство и врз дејствата кои биле преземени од стечајниот управник во текот на стечајната постапка.

Стечајниот управник може да презема одредени активности со цел да ја зголеми стечајната маса односно да ги побие правните дејства кои што ги преземал должникот пред отворање на стечајната постапка со цел да го намали имотот или да ги повласти доверителите. Во овој случај, стечајниот управник може да ја продолжи постапката по тужбата за побивање на должниковите правни дејства, и по заклучувањето на стечајната постапка под два услова кои треба кумулативно да бидат исполнети:

прво ако во содржинскиот дел од планот е содржано оваа овластување на стечајниот управник и тоа дека дејствата во постапката по тужбата ќе ја врши за сметка на должникот односно субјектот во реорганизација.

второ стечајниот управник да биде определен за лице кое има овластување да врши надзор и контрола врз спроведување на планот за реорганизација.

Постапката по оваа тужба може да ја преземе и субјектот кој се реорганизира во случај надзорот врз планот да го води друго лице кое е предвидено во содржинскиот дел на планот за реорганизација.

7.4.1. Правно дејство на одобрениот план за реорганизација

Доколку, решението на стечајниот судија со кое е одобрен планот за реорганизација станало правосилно без разлика дали против истото била поднесена жалба која е одбиена или воопшто не била поднесена жалба, содржинскиот дел од планот за реорганизација има својство на извршна исправа .

Тоа значи, дека реорганизацијата на должникот може да започне.

Одредбите од содржинскиот дел на планот стануваат задолжителни за сите доверители како и други учесници во постапката.

Понатаму, изјавите кои се составен дел на планот за реорганизација стануваат извршни. Исто така содржинскиот план за реорганизација е задолжителен за сите оние кои се вклучени во планот, а врз кои се темели создавањето, измената, преносот, ограничувањето или пренесувањето на правата врз предметите или правата, или преносот на акциите или уделите.

Правното дејство на одобрениот план за реорганизација, посебно неговиот содржински дел се однесува на сите доверители, без разлика дали гласале против предложениот план за реорганизација.

Основно правило во стечајната постапка е дека само доверителите кои пријавиле свое побарување во роковите утврдени со огласот за отворена стечајна постапка се стекнуваат со право да бидат намирени и се странки во стечајната постапка. Втор услов за да се стекнат со ова право е стечајниот управник да го признал или оспорил нивното побарување и да го забележал во табелата(шемата) на утврдени и оспорени побарувања.

Значи правната основа за наплата на побарувањето во стечајна постапка произлегува од пријавувањето на побарувањето во стечајната постапка. Лицето кое не го пријавило побарувањето во стечајната постапка ниту има право да ја продолжи постапката за наплата на своето побарување надвор од стечајната постапка ниту пак може да бара наплата на своето побарување само поради тоа што должникот продолжил да постои поради одобрениот план за реорганизација.

Ова правило важи без оглед на начинот на кој се намируваат побарувањата на доверителите дали е со ликвидација односно впаричување на имотот на должникот или преку реорганизација на должникот односно со план за реорганизација.

Должникот или трето лице кое ги преземало обврските врз основа на планот за реорганизација е должно да ги исплати побарувањата на доверителите кои во текот на стечајната постапка биле утврдени онака како тоа е наведено во табелата(шемата) на утврдени и оспорени побарувања.

Само по однос на овие побарувања одобрениот план за реорганизација е правосилен и има сила на извршна исправа.

Условите за исплатата на овие побарувањата се утврдени во содржинскиот дел од планот за реорганизација.

Исто така и доверителите чии оспорени побарувања подоцна биле утврдени по тужбите поднесени пред надлежниот суд го имаат истото право.

Тоа што по правосилно одобрениот план за реорганизација се заклучува отворената стечајна постапка, нема правно дејство на започнатите постапки пред надлежниот суд за утврдување на оспореното побарување и тие продолжуваат со тоа што кој ќе ги преземе зависи од тоа што е предвидено во содржинскиот дел од планот за реорганизација. Можни се повеќе ситуации по однос на тоа кој ќе го преземе водењето на парниците. Така можно е должникот да продолжи да ги води парниците, или истите да ги презима новоформираното правно лице со планот за реорганизација.

Поради тоа истото е должно да ги исплати побарувањата по овој основ доколку доверителите успеат во тужбите за утврдување и истите станат правосилни. За нив важат истите услови утврдени во содржинскиот дел од планот како и за сите други доверители чии побарувања биле утврдени.

Намирувањето на овие доверители според планот за реорганизација ќе биде извршено и во случај кога трето лице, со посебна писмена изјава доставена до стечајниот судија дало гаранција или заедно со должникот презело некоја друга обврска во врска со спроведувањето на планот за реорганизација.

Одобрениот план за реорганизација не влијае:

- -на правата што доверителите во стечајната постапка ги имаат против должниковите солидарни содолжници и гаранти.
- -врз правата на доверителите, кои тие ги имаат врз предметите или правата што не претставуваат дел од имотот што влегува во стечајната маса .

Одобрениот план за реорганизација го ослободува должникот од побарувањата на своите солидарни содолжници и гаранти, како и од сите други регресни побарувања против него. Спрема овие побарувања, планот за должникот влијае на ист начин како што тој бил ослободен од побарувањата на доверителите во стечајната постапка.

7.4.2. Извршување на одобрениот план за реорганизација

По правосилноста на решението со кое е одобрен планот за реорганизација, лицето кое е овластено со планот за реогранизација за извршување на планот има право и обврска да започне да го спроведува планот за реорганизација. Тоа значи дека во планот за реорганизација треба да биде назначено лице кое е овластено за извршување на планот за реорганизација. Неговите овластувања се поврзани со начинот на реорганизацијата кој е предвиден во планот.

Во зависност од тоа што е предвидено со планот за реорганизација тој има обврска да поднесе барање за упис во трговскиот регистар, во други регистри и во други јавни регистри односно јавни книги, во Централниот депозитар за хартии од вредност, и евентуално да ја извести Комисијата за хартии од вредност за настанатите промени над должникот.

Одобрениот план за реорганизација како и моделот на реорганизација кој во него е предвиден мора да се почитува. Во таа смисла, треба да се почитуваат сите правила вградени во содржинскиот дел од планот кој се однесува на роковите и начинот на исплатата на побарувањата на доверителите. Ова се однесува особено на должникот или третото лице кое со планот за реорганизација ги преземало обврските за исплата на доверителите.

Покрај обврзувачкото дејство на планот спрема субјектот во реорганизација тој иа обврзувачко дејство и спрема доверителите. Така во случај кога доверителот ќе прими повеќе од она што било предвидено во планот за реорганизација, или кога доверителот ќе се намири во поголем процент или пак во пократок рок од оној што бил утврден во планот, тој е должен да го врати применото.

Во содржинскиот дел од планот за реорганизација може да биде предвидено дека субјектот во реорганизација во времето на надзорот врз спроведување на планот може да склучува договори за кредити односно заеми со трети лица. Ваквото нормирање му овозможува на субјектот во реорганизација пристап кон свежи пари кои во оваа фаза на реорганизацијата од посебно значење за него и продолжување на неговото претпријатието.

Меѓутоа, ваквиот начин на финансирање бара да се исполнат одредени услови кои се од значење за стечајните доверители чии побарувања се утврдени и чекаат наплата на своите побарувања.

Прво, во содржинскиот дел од планот мора точно да се наведе висината на заемот односно кредитот кој што ќе може да биде земен.

Второ, треба да биде предвидена заштитна клаузула за наплата на побарувањата на инвеститорите или кредиторите кои во оваа фаза вложиле или позајмиле одредени парични средства на субјектот во реорганизација.

Утврдувањето на највисокиот износ на заемот или кредитот и неговото нормирање во содржинскиот дел од планот за реорганизација е со цел да се заштитат стечајните доверители кои при исплата на утврдените побарувања ќе се најдат во понизок ранговен статус во однос на идните кредитори.

Така највисокиот износ на заемот или кредитот не може да ја надмине вредноста на имотот, односно на предметите и правата во сопственост на субјектот во реорганизација наведени во пописот на имот што претставува составен дел на планот за реорганизација. Од друга страна, збирот на главнината, каматата и трошоците на заемот земен во периодот по заклучување на стечајната постапка, а во фаза на спроведување на планот за реорганизација да не го надминува највисокиот износ кој е предвиден во содржинскиот дел од планот за реорганизација.

Значи, понискиот ранговен статус на стечајните доверители при исплата на побарувањата по основ на заемот или кредитот е по исклучок и таквата состојба треба јасно да биде дефинирана во содржинскиот дел од планот.

За таа цел во содржинскиот дел од планот за реорганизација, треба да биде определено дека субјектот во реорганизација по заклучување на стечајната постапка, односно во времето на надзорот на планот може да се задолжува пред трети лица. и побарувањата на овие доверители кои произлегуваат од заеми дадени по заклучувањето на стечајната постапка и за време на надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација ќе бидат повисоко рангирани во однос на стечајните доверители во случај ако се отвори стечајна постапка врз субјектот во реорганизација.

Правното дејство на договорот за заемот или кредит во оваа фаза на пост стечајната постапка или фаза на рехабилитација е условено од две претпоставки:

- Првата е да биде склучен во писмена форма
- Втората да биде одобрен од страна на лицето кое е овластено да врши надзор над спроведување на планот за реорганизација односно стечајниот управник, или контролорот. Втората претпоставка е од облигаторен карактер и директно влијае кредиторот да се стекне со приоритет во однос на стечајните доверители при наплата на побарувањето.

Доколку и покрај вака предвидените одредби во содржинскиот дел од планот за реорганизација субјектот во реорганизација земе заем и кредит а тоа не било одобрено од лицето овластено за контрола врз спроведување на планот во овој случај се смета дека побарувањето на доверителот кој што го дал кредитот или заемот е од понизок исплатен ред .

Овие одредби кои се предвидуваат во содржинскиот дел од планот се задолжителни за субјектот во реорганизација, а истите ќе се применуваат и во случај повторно да се отвори стечајна постапка над субјектот во реорганизација.

Субјектот во реорганизација може во текот на реорганизацијата да склучува двострано товарни договори, со тоа што побарувањата на доверителите кои произлегуваат од овие договори спрема субјектот во реорганизација ќе имаат понизок ранговен статус при исплата на побарувањата во однос на доверителите кои имаат побарувања врз основа на заеми и кредити дадени во истиот период.

Побарувањата кои настанале пред заклучувањето на стечајната постапка, што произлегуваат од договори за закуп, договори за дело или работа и од други слични потрајни облигации, исто така, ќе бидат пониско рангирани во однос на кредиторот

доколку по заклучувањето на стечајната постапка, доверителот односно стечајниот управник можел да ги откаже или раскине, но тој не го сторил.

Субјектот во реорганизација има можност да го одржи претпријатието, со свежи средства, а од друга страна се создаваат услови идните кредитори да бидат заштитени при намирувањето на нивните побарувања по основ на кредит или заем во текот на спроведување на планот за реорганизација како и во случај да биде отворена нова стечајна постапка над субјектот во реорганизација.

7.5. Причини за отворање на нова стечајна постапка

Спроведувањето на реорганизацијата над должникот е комплексен процес и често пати се случува да не биде успешен.

Како основна причина која може да доведе до повторно отворање на стечајна постапка над субјектот во реорганизација најчесто се неисплатувањето на обврските кон доверителите во роковите предвидени со планот за реорганизација.

Во ваков случај влијаат и строгите правни правила кои се предвидени со законот. Притоа е прифатено правилото дека доколку субјектот во реорганизација кон доверителите во значителна мера не ги извршува обврските, во тој случај одложените рокови за намирување на побарувањата на доверителите, или пак намалениот износ на побарувањата на доверителите во стечајната постапка, предвидени во содржинскиот дел од планот, немаат правно дејство за доверителите.

Се смета дека обврските не се извршуваат навремено во значителна мера во случај кога должникот, односно лицето кое е го извршува планот за реорганизација, нема да изврши намирување, односно исплата на пристигнато побарување и покрај тоа што доверителот претходно со писмено известување го повикал да го стори тоа, оставајќи му рок за исполнување од 15 дена. Значи, за да може да профункционира оваа заштитна мерка за доверителите, потребно е да настапил рокот кој е предвиден со планот за реорганизација за исплата на побарувањата на доверителите. Доколку субјектот во реорганизација не ги почитувал овие рокови во тој случај доверителот може да му остави остави уште еден рок од петнаесет дена за го исплати побарувањето на доверителот.

За докажувањето на околноста дека субјектот во реорганизација во значителна мера не ги извршува своите обврски од планот за реорганизација, на доверителот му е доволно само до стечајниот судија да достави дека по писмен пат го повикал должникот да ја исполни својата обврска и дека изминал предвидениот рок за тоа. Во таа смисла доверителот не мора да докажува никакви други факти што би претставувале пропуштање на страната на субјектот во реорганизација со цел да стекне извршен наслов за своето побарување и да побара извршување заради намирување

Неизвршување на обврските во значителна мера кај оспорените побарување има различен третман од оној во случај на стечајните доверители кога во содржинскиот

дел од планот е предвиден намален процент на исплата и одложени рокови за наплата.

Исклучок од правилото за тоа што претставува не извршување на обврските во значителна мера постои кога се работи за побарување на стечаен доверител што било оспорено од страна стечајниот управник на испитното рочиште или кога се уште не е утврден делот од побарувањето на доверител со право на одвоено намирување на предмет или право што нема да биде намирено преку одвоено намирување .

Во планот за реорганизација субјектот во реорганизација, ги презима сите обврски спрема доверителите кои ги пријавиле своите побарувања во стечајна постапка, без разлика дали тие се делумно или целосно оспорени. Истото се однесува и на доверителите со право на одвоено намирување на предмет или право на неговото побарување кое што нема да биде намирено преку продажбата на предметот или правото над кое е воспоставено одвоеното намирување.

Во овие два случаја нема да се претпостави дека при спроведувањето на планот за реорганизација, должникот во значителна мера не ги извршувал своите обврски кон доверителите, доколку субјектот во реорганизација ги земал предвид тие побарувања до конечното утврдување на оспореното побарување или до конечното утврдување на делот од побарувањето на доверителот со право на одвоено намирување на предмет и право, што не бил намирен ни по одвоеното намирување, до степенот што соодветствува на одлуката на стечајниот судија во врска со правото на глас на тие доверители при гласањето за планот.

Доколку постои разлика помеѓу конечното утврдување на износот на побарувањето и она што привремено било утврдено од страна на стечајниот судија во тој случај, субјектот во реорганизација доколку не извршил целосна исплата на својот долг, по основ на побарувањата на овие доверители тој ќе мора да го исплати побарувањето во целост.

Претпоставката дека должникот во значителна мера не ги извршил своите обврски што произлегуваат од планот за реорганизација во овие случаи постои само ако должникот односно лицето кое го извршува планот не ги исплати побарувањето на овие доверители во целост, и покрај тоа што доверителот со писмено известување претходно го повикал да го стори тоа, оставајќи му рок за исполнување од најмалку 15 дена.

Должникот, односно лицето кое ги преземало побарувањата по основ на планот за реорганизација, може да бара враќање (реституција) на повеќе од исплатениот износ што би бил платен доколку се утврди дека повеќе исплатило од утврденото побарување на овие доверители, односно во случај кога исплатило не пристигнато побарување.

7.5.1. Отворање на нова стечајна постапка над субјектот во реорганизација

Не спроведување на планот за реорганизација претставува основ за отворање на нова стечајна постапка над имотот со кој располага субјектот за реорганизација.

Условите кои треба да бидат исполнети за да се отвори стечајна постапка над субјектот во реорганизација е да биде поднесен предлог од овластено лице и да бидат докажано неисполнувањето на содржинскиот дел на планот за реорганизација. Предлагачи кој може да поднесат предлог за отворање на стечајната постапка се стечајниот управник или лицето овластено да врши контрола над спроведување на планот за реорганизација, секој доверител кој е опфатен со планот за реорганизација како и самиот субјект во реорганизација.

Кога во планот за реорганизација не било предвидено вршење на надзор над спроведување на планот во тој случај предлагачи за отворање на стечајната постапка можат да бидат и самите доверители. Предлогот за отворање на стечајна постапка мора да биде образложен посебно да бидат наведени причините поради кои се бара повторно отворање на стечајна постапка над имотот на субјектот за реорганизација.

Освен услов кој треба да биде испитан во овој случај е дали субјектот во реорганизација го исполнува планот за реорганизација, односно дали ги исплатил побарувањата на доверители во предвидениот рок и на определениот начин. Во овој случај неликвидноста на субјектот во реорганизација не е од пресудно значење, поради тоа што субјектот во реорганизација може да биде ликвиден меѓутоа не ги исплаќа побарувањата на доверителите. Предмет на оценката по однос на отворањето на стечајната постапка е дали субјектот во реорганизација во значителна мера не ги исплатил побарувањата на доверителите. Во овој случај не е од значење бројот на доверителите чии побарувања не биле исплатени, како и висината на нивното побарување.

Доколку предлогот за отворање на стечајната постапка е поднесен од органите на субјектот во реорганизација во тој случај постапката за отворање на стечајната постапка треба да се спроведе без поведување на претходна постапка и испитување на условите за отворање на стечајната постапка.

Исто така, предлог за отворање на стечајна постапка над субјектот на реорганизација може да поднесе и лицето овластено да врши надзор врз спроведување на планот за реорганизација доколку доверителите се определиле за контрола и надзор за спроведување на планот за реорганизација.

Во овој случај, стечајниот судија е должен да ги испита сите околности поради кои не се спроведува планот за реорганизација, а кои ги навел како причини субјектот кој поднел предлог за отворање на стечајна постапка. За таа цел истиот нема можности да отвори претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, туку тоа ќе го стори на рочиштето за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, а по претходно изјаснување на предлагачот и субјектот на реорганизација. На оваа постапка соодветно ќе се применуваат и другите одредби кои се однесуваат на непосредно отворање на стечајна постапка.

7.5.2. Правни последици од отворањето на стечајната постапка над субјектот во реорганизација

Во случај стечајниот судија да оценил дека се исполнети условите за отворање на нова стечајна постапка над имотот на субјектот во реорганизација и донел решение за отворање на стечајната постапка, постапката се спроведува на поинаков начин.

Прво во овој случај по настапувањето на правните последици од отворената стечајна постапка одобрениот план за реорганизација не произведува правно дејство. Во тој случај, доколку не биле исполнети сите обврски преземени со планот за реорганизација, како исплатата на побарувањата во одложените рокови за наплата или процентот за исплата на побарувањата утврдени во тој план за реорганизација тие повеќе не се задолжителни за доверителите во стечајната постапка.

Второ, не испитуваат повторно побарувањата на доверителите кои биле пријавени во стечајната постапка отворена над должникот. Доверителите кои пропуштиле можност тогаш да го пријават побарувањето при новоотворената стечајна постапка исто така немаат можност да го пријават побарувањето кое настанало пред отворање на стечајната постапка над должникот.

По однос на утврдените побарувања на доверителите стечајниот управник треба да испита дали субјектот во реорганизација кој го исполнувал планот за реорганизација делумно ги исплати побарувањата на доверителите. Доколку е таков случајот во новоотворена стечајна постапка на доверителите ќе им се исплати разликата помеѓу висината на утврденото побарување и исплатениот дел.

Во оваа постапка можат да ги пријават побарувањата само оние доверители чии побарувања настанале спрема субјектот во реорганизација од моментот на заклучувањето на стечајната постапка до моментот на отворањето на повторната стечајна постапка.

Трето, стечајниот управник ќе треба да го има предвид фактот по однос на тоа дали во времето на реорганизацијата имало нов кредиторот како и дали тој се стекнал со приоритет во однос на стечајните доверители чии побарувања биле утврдени во отворената стечајна постапка над должникот.

Четврто, во новоотворената стечајна постапка нема можност за спроведување на повторна реорганизација на субјектот во реорганизација и веднаш започнува постапката за впаричување на имотот на субјектот во реорганизација. Тоа значи дека на првото собрание на доверители нема да се гласа по изготвениот извештај за економско-финансиска состојба на должникот, ниту пак стечајниот управник ќе предлага спроведување на реорганизација.

7.6. Надзор и контрола на спроведување на планот за реорганизација

Се работи за спроведување на посебна постапка чија цел е заштита на интересите на доверителите кои се опфатени со планот за реорганизација во периодот на реорганизација и финансиска рехабилитација на субјектот во реорганизација. Спроведувањето на оваа постапка зависи од тоа дали истата е предвидена во планот за реорганизација. Значи, спроведувањето на постапката за надзор и контрола на планот за реорганизација зависи од тоа дали во содржинскиот дел од планот за реорганизација е предвидено дека се спроведува надзор и контрола на спроведувањето на планот за реорганизација.

Ваквата одлука зависи пред се од тоа кој модел на реорганизација се спроведува. Постои најголема веројатност дека доверителите ќе одлучат да се спроведе ваква постапка во сите случаи кога се предлага реорганизација на субјектот на реорганизација со негово продолжување на деловниот потфат и намирување на доверителите во намален процент некој подолг временски период. За разлика од вакиот случај на реорганизација сигурно во случај кога побарувањата на доверителите ќе се претворат во основачки влог или во акции во субјектот во реорганизација не е потребно да се спроведе постапка за надзор и контрола на планот за реорганизација.

Значи спроведувањето на ваква постапка зависи од секој конкретен случај. Основната причина поради која надзорот врз спроведување на планот за реорганизација треба да се предвиди е тоа што се создаваат услови доверителите да имаат увид во она што го презема субјектот во реорганизација при спроведувањето на планот за реорганизација,

7.6.1. Целта на надзорот и контролата на планот за реорганизација

Надзорот врз спроведување на планот за реорганизација е еден од инструментите кои доверителите можат да го предвидат за да ги заштитат своите права и по заклучување на стечајната постапка, особено правото да го наплатат своето побарување во што е можно поголем износ.

Овој инструмент на заштита на правата на доверителите од можните злоупотреби на субјектот во реорганизација како во намирувањето на побарувањата на доверителите така и во располагањето со имотот по правило треба да се предвиди во содржинскиот дел на планот.

Значи основната цел која треба да се постигне со предвидувањето на надзорот е благовремено да се открие и да се известат органите на доверители за секој настан, промена или отстапување, кои може негативно да се одразат на готовинските текови (cach flow), да го оневозможи деловниот потфат на субјектот во реорганизација, да ја намали веројатноста за успешно извршување на планот за реорганизација и значително да го загрози интересот на една или повеќе класи на доверители. При

составувањето на содржинскиот дел од планот за реорганизација треба да биде предвидено следното:

- кој ќе го врши надзорот врз спроведување на планот за реорганизација,
- времетраењето на надзорот,
- што е опфатено со тој надзор.

7.6.2. Кој може да врши надзор на спроведување на планот за реорганизација

Субјекти кои се овластени да го вршат надзорот врз спроведување на планот за реорганизација се стечајниот управник и одредено друго лице т.н. контролор.

Значи, можно е во зависност од секој конкретен случај доверителите да одлучат кого ќе ангажираат за спроведување на постапката за надзор и контрола на планот за реорганизација. Ваквата одлука на доверителите зависи од моделот на реорганизација, како и од тоа каква улога имал стечајниот управник во текот на постапката за изготвување на планот. Доколку планот за реорганизација е поднесен од должникот кој се појавува и во улога на субјект во реорганизација, со планот за реорганизација може да предложи контролор на спроведување на планот да биде и друго лице. Истото може да се случи и во случај кога планот е поднесен од доверител. Меѓутоа сепак на доверителите е последниот збор да одлучат кој ќе га спроведува оваа постапка. Во секој случај кога доверителите одлучиле друго лице, а не стечајниот управник да го врши надзорот врз планот за реорганизација потребно е да имаат во предвид дека тоа лице треба да има најмалку исто образование и деловно искуство потребно како за именување на стечајниот управник според законот за стечај. Ова од причина што постапката за надзорот врз спроведување на планот за реорганизација е многу важна должност и потребно е лицето кое ќе биде определено за контролор да биде компетентно во вршењето на надзорот за да ги заштитии доверителите од штетни последици кои можат да настанат.

Лицето кое ќе биде определено да го врши надзор над спроведување на планот за реорганизација извршувањето на надзорот треба да го применува професионалниот стандард за вршење на контрола над извршување на планот за реорганизација .

7.6.3. Што е опфатено со надзорот и како се спроведува надзорот

По правило надзорот треба да ја опфати контролата врз спроведување на планот за реорганизација особено мерките предвидени во содржинскиот дел од моментот на донесување на судското решение се до целосното извршување на планот, или додека неговата контролна улога не биде завршена од некоја друга причина.

Посебно ќе се врши контрола над динамиката на намирувањето на побарувањата на доверителите според содржинскиот дел од планот за реорганизација, како и финансиите на субјектот во реорганизација без разлика дали субјект на реорганизација е должникот или било формирано некое ново трговско друштво

Пред започнување на вршење контрола над извршување на планот за реорганизација, лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација, треба да изготви програма за вршење на контрола на работата над субјектот во реорганизација.

Покрај тоа ова лице треба да го информира субјектот во реорганизација за тоа што ќе се смета за суштинска промена од усвоениот план за реорганизација. При вршењето на надзорот над спроведување на планот за реорганизација субјектот во реорганизација е должен да му дозволи на лицето овластено да ја врши контролата да влезе во неговите деловни простории како и да му ги достави сите потребни писмени документи во врска со надзорот.

Лицето кое е овластено да го врши надзорот за да може да ја подготви програмата за вршење контрола на работењето над субјектот за реорганизација, треба да прибави:

- копија од документацијата која е доставена со планот за реорганизација, вклучувајќи ја и проекцијата на очекуваните парични текови (cash flow) ако планот за реорганизација предвидува да доверителите се намируваат од идните приходи;
- да ги дефинира околностите кои можат негативно да делуваат на проектираните парични текови (cash flow);
- да обезбеди финансиските проекции да ги содржат проекциите на паричните текови, проектираниот биланс на состојба, билансот на успех и др;
- да оствари контакт и обавува претходни разговори со сите лица од чија подршка суштински зависи успешното извршување на планот за реорганизација;
- да воспостави континуирана комуникација со органите на управување и сопствениците на субјектот во реорганизација како би можел да им даде одговори на прашања и потребни информации поврзани со спроведување на планот за реорганизација;
- да одржи состанок со органите на управување на субјектот во реорганизација како би ги известил за својата обврска и обемот за вршење надзор и постапка за реорганизација, обврска и известување на судот и доверителите за секое отстапување од извршување на планот за реорганизација, како и да воспостави соработка со нив.
- да ги утврди критериумите за идентификација на околностите и нивото на нивниот негативен удел на проекцијата на очекуваните парични текови;
- да го дефинира текот и динамиката за вршење надзор над извршување планот за реорганизација;

- да утврди дали и во која мерка постоечките информациони системи за управување и работење и финансиско работење на субјектот во реорганизација се такви да можат да обезбедат благовремено прибавување на сите потребни информации;
- да врши проверка на остварените резултати од работењето и ги споредуваат со проекцијата на паричните текови и други финансиски проекции и показатели;
- да врши контрола на резултатите наведени во извештаите за работењето на субјектот во реорганизација поради објективната проценка на нивната точност.

Покрај овие општи овластувања на лицето кое е овластено да врши контрола на спроведување на планот во содржинскиот дел на планот за реорганизација можат да бидат предвидени и специјални овластувања.

Како специјално овластување на лицето кое е овластено да врши контрола на спроведување на планот во содржинскиот дел на планот за реорганизација може да биде утврдено и давање согласност на органите на субјектот во реорганизација за преземање на одредени правни дејства.

Оваа согласност на органите на субјектот во реорганизација за преземање на одредени правни дејства има задолжителен карактер и има за последица секое преземено дејство без согласност на лицето овластено за контрола врз спроведување на планот за реорганизација да не произведува правно дејство. Исклучок, од ова правило се преземените дејства од страна на субјектот во реорганизација за кои важат општите правила за заштита на верба во јавните книги .

Инаку, органите на субјектот во реорганизација се должни да соработуваат со лицето кое е овластено да ја врши контролата, да му овозможат да влезе во неговите деловни простории како и да му ја даде на увид целата потребна писмена документација во врска со спроведување на планот за реорганизација .

7.7. Известувањето на доверителите за сите преземени мерки од субјектот во реорганизација

Лицето овластено за контрола за сите утврдени факти при контролата треба да ги извести доверителите.

Известувањето на доверителите се врши со:

- поднесување на редовни извештаи најмалку еднаш на секои шест месеци
- поднесување на периодични извештаи во случај кога тоа ќе го побараат одборот на доверителите односно стечајниот судија
- поднесување на посебни информации за спроведување на планот за реорганизација, особено за финансискиот статус на субјектот во реорганизација како и неговото управување со имотот кој го преземал со цел да го исполни планот за реорганизација.

Исто така лицето кое е овластено да го врши надзорот врз спроведување на планот е должно веднаш да ги извести доверителите за секоја промена во деловната активност на субјектот во реорганизација насочена кон намирувањето на доверителите, односно негова неможност да го изврши планот за реорганизација. За ваквата состојба лицето овластено за контрола го известува стечајниот судија и одборот на доверители односно сите доверители кои имаа побарувања во стечајната постапка.

Кога лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација утврди дека настапила околност која се одразила негативно на проекциите за очекуваните парични текови или на други аспекти од финансикото работење на субјектот во реорганизација, без одлагање ги опоменува ораните на управување на субјектот во реорганизација на таквите околности и го информира за работите кои по тој повод има намера да ги преземе. Доколку утврди дека и по упатената опомена до органите на управување планот за реорганизација не се спроведува, лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација, го известува одборот на доверители, односно доверителите за потребата за поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка над субјектот во реорганизација.

Лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација на одборот на доверители доколку бил основан и на стечајниот судија покрај извештајот за работата на субјектот во реорганизација, доставува и финансиски извештаи, како и извештај за остварените резултати во постапката на извршување на планот за реорганизација, динамиката на намирување на побарувањата на доверителите утврдена со планот за реорганизација освен ако стечајниот судија со своја одлука не утврди поинаква динамика за доставување на овие извештаи.

Стечајниот управник го информира одборот на доверители и стечајниот судија за утврдените негативни околности кои доведуваат до отстапување од усвоениот план за реорганизација.

7.8. Времетраење на надзорот врз спроведување на планот за реорганизација

Со оглед на тоа што реорганизацијата на субјектот кој ја спроведува реорганизацијата не може да трае вечно така и надзорот може да биде временски ограничен. Инаку надзорот престанува во следниве случаи:

- кога побарувања на доверителите се намирени односно кога е дадено соодветно обезбедување дека ќе бидат намирени;

Во овој случај лицето кое го врши надзорот треба да даде известување до стечајниот судија, односно одборот на доверители дека се исполнети условите за укинување на надзорот поради настанување на околности кои се поврзани со исплата на побарувањата на доверителите утврдени во стечајната постапка, односно дека должникот, односно трето лице обезбедило соодветно обезбедување дека ќе бидат намирени.

- кога поминале три години по денот од заклучувањето на стечајната постапка и не било побарано отворање на нова стечајна постапка;

Протекот на рокот како можност за укинувањето на надзорот е условен со тоа против субјектот во реорганизација да не било побарано отворање на стечајна постапка. Се разбира во овој рок се претпоставува дека субјектот во реорганизација направил напор да ги исплати побарувањата на доверителите утврдени во стечајната постапка. Со други зборови субјектот во реорганизација може да биде под надзор најмногу три години, сметано од денот на заклучувањето на стечајната постапка.

Покрај протекот на рокот од три години за укинувањето на надзорот над субјектот во реорганизација потребно е да биде исполнет и вториот услов, а тоа е во овој период да не било побарано отворање на стечајна постапка над субјектот во реорганизација.

Кога ќе бидат исполнети овие услови, стечајниот судија треба да донесе посебно решение со кое ќе го укине надзорот врз спроведување на планот за реорганизација.

Писменото решение со кое се укинува надзорот врз спроведување на планот за реорганизација ќе биде објавено и доставено на ист начин на кој се објавува и доставува решението за определување на надзорот односно заклучувањето на стечајната постапка. Објавувањето на ова решение е од посебно значење за субјектот во реорганизација и неговата понатамошна дејност, со оглед на тоа што тоа значи дека субјектот во реорганизација успешно ги надминало сите проблеми во процесот на спасување односно рехабилитација.

7.9.Трошоци за надзорот врз спроведување на планот за реорганизација

Субјектот во реорганизација без оглед дали се работи за должникот или пак друг субјект кој е основан и кој го преземал деловниот потфат на должникот ги сноси трошоците за надзорот врз спроведување на планот за реорганизација.

Овие трошоци се однесуваат на наградата и материјалните трошоци кои ги имало лицето овластено за контрола на планот за реорганизација .

Доколку овие трошоци не му биле исплатени на лицето овластено за надзор над планот за реорганизација, во случај да биде повторно отворена стечајна постапка над субјектот на реорганизација. тие имаат карактер на трошоци на стечајната постапка.

8. Постапка на лично управување од должникот и планот за реорганизација

Постапката за лично управување од должникот е посебна постапка која се спроведува во рамките на отворената стечајна постапка. Оваа постапка се разликува од стечајната постапка, посебно по правните последици кои настапуваат кога ќе се отвори оваа постапка. Значи основна претпоставка за спроведување на постапката за лично управување на должникот е да се исполнети условите за отворање на стечајна постапка .

Постапката за лично управување на должникот може да биде отворена ако предлагачот должникот или доверителот тоа го побарале со поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка. Исто така овој предлог може да биде поднесен и план за реорганизација од должникот.

Втора можност е доверителите на првото собрание на доверители да побараат од стечајниот судија да донесе решение за одобрувањењ на лично управување од страна на должникот.

Стечајниот судија при оценката на тоа дали се исполнети условите за лично управување од должникот, ќе донесе решение за лично управување на должникот ако кумулативно се исполнети следните услови:

- предлогот да е поднесен од овластено лице и
- доколку утврди дека со оглед на околностите на случајот ваквото решение нема да доведе до одлагање на постапката или
- со тоа нема до предизвика некои други штети за доверителите.

Покрај овие три услови кои треба кумулативно да бидат исполнети, стечајниот судија може да донесе решение за лично управување и во случај кога е тоа предвидено со планот за реорганизација.

Стечајниот судија при донесувањето на одлуката ќе треба да ги испита сите факти кои се однесуваат на економско финансиска та состојба на должникот и како ќе влијае донесувањето на оваа одлука на положбата на доверителите како и на брзината на постапката. На донесувањето на оваа одлука особено ќе влијае колку органите на должникот се спремни да соработуваат со стечајниот судија.

Исто така, по барање поднесено од собранието на доверители, доверителот со право на одвоено намирување или стечајниот доверител како и должникот, стечајниот судија може да го укине решението со кое дозволил лично управување.

Во случај кога предлогот за укинување на решението за лично управување го поднеле доверител со право на одвоено намирување или стечајниот доверител тие се должни да ги докажат околностите дека одобреното лично управување придонесува постапката да се одолговлекува односно предизвикува штетни последици за доверителите или пак го попречува реализирањето на планот за реорганизација.

Кога овој предлог е поднесен од доверителите, пред да донесе решението, стечајниот судија задолжително ќе го сослуша должникот. Право на жалба против решението донесено од стечајниот судија имаат должникот и доверителот. Именуваниот повереник во постапката за лично управување може да биде именуван и за стечаен управник во постапката над должникот.

Решението односно извод од решението со кое се одобрува лично управување на должникот или пак тоа се укинува се објавува во Службен весник на Република Македонија. Покрај јавното објавување овие решенија и непосредно се доставуваат, а примерок од решенијата се доставува и до органите кои ги водат регистрите односно јавните книги .

8.1. Зошто оваа постапка е различна од стечајната постапка?

Прво, отворањето на оваа постапка значи отстапување од основните правни последици кои настапуваат по отворање на стечајната постапка.

Тоа отстапување е највидливо кај правата кои ги имаат органите на управување со имотот на должникот. Во оваа постапка за разлика од стечајната постапка органите на должникот продолжуваат да управуваат и располагат со имотот на должникот.

Сепак овие права на органите на должникот во врска со имотот на должникот, се ограничени и условени со прибавување на одобрение од одборот на доверители. Така органите на управување на должникот ќе треба да прибаваат посебна дозвола од одборот на доверители при преземање на дејства од посебно значење како и привремена забрана за преземање на овие правни дејства како и отуѓување на имотот без претходна дозвола .

Од овде произлегува дека правата на органите на управување да располагаат и управуваат со имотот на должникот во оваа постапка не се неограничени. Тие ќе треба да ги прибави потребните одлуки од одборот на доверители со кои им се одобрува преземање одредени правни дејства кои се од посебно значење, а кои можат да придонесат кон влошување на финансиската состојба на должникот и намалување на имотот на должникот, а со тоа и да ги намали можностите доверителите да ги намират своите побарувања од стечајната маса на должникот.

Понатаму, преземањата на сите правни дејства можат да бидат и условени со одлука на стечајниот судија да бидат преземани само со одобрение на повереникот .

Органите на управување на должникот над кого е отворена постапка за лично управување ги имаат следните обврски:

- да спроведат попис (инвентар) на имотот што влегува во стечајната маса,
- да состават список на доверителите и
- да состават преглед на имотот

- да ги водат и чуваат трговските книги, сметките и другите деловни документи и извештаи.

Значи, органот на должникот, односно должникот поединец е тој што во оваа постапка е должен да ги направи основните обврски кои ги има стечајниот управник во отворената стечајна постапка. Тоа е и разбирливо со оглед на карактерот на оваа постапка, како постапка во која должникот ги задржал сите особености на правно лице, вклучувајки ја и правната способност.

Второ, наместо стечаен управник кој ќе ја застапува стечајната маса, во оваа постапка надзорот на спроведување на постапката го врши повереник. Разликата помеѓу должностите на повереникот и стечајниот управник е огромна. Тргнувајки од фактот дека повереникот врши надзор над спроведување на постапката што значи дека тој ги нема овластувањата на стечајниот управник кој ги преземаше во целост правата на управување со имотот на должникот. Управувањето и располагањето со имотот на должникот во оваа постапка останува на органите на должникот додека повереникот само врши надзор.

Лицата кои според одредбите на овој закон можат да бидат именувани за стечаен управник можат да бидат именувани и за повереници. Значи само стечајните управници кои положиле испит за овластен стечаен управник, се стекнале со лиценца за вршење на работите стечаен управник и се запишале во регистарот на стечајни управници можат да бидат именувани за повереник.

Во постапката за лично управување повереникот ги има истите одговорности како и стечајниот управник, како и правото на награда за својата работа и надомест на материјалните трошоци.

8.1.1. Основни должности на повереникот

Должностите на повереникот се разликуваат од оние кои ги има стечајниот управник во стечајна постапка. Основна функција на повереникот е контролната функција на работата на органите на должникот.

Така, тој има за обврска да ја потврди веродостојноста и сеопфатноста на пописот (инвентарот), списокот на доверителите и на прегледот на имотот за што ќе даде посебна изјава во писмена форма за секој од наведените документи.

Се изјаснува по извештајот за економска состојба кој го составува должникот и го поднесува на првото извештајно собрание на доверители.

Повереникот со давање посебна изјава во писмена форма ќе ја потврди веродостојноста и сеопфатноста на должниковите годишни сметки. Доколку постои основ за сомнение во веродостојноста и сеопфатноста на тие годишни сметки ќе треба да достави писмената изјава во која ќе ги изнесе сите причини за сомневањата.

Негова должност е да:

- -ја утврди економско - финансиската состојба на должникот и

- -врши контрола врз начинот на управувањето со деловниот потфат (претпријатие)
- -да ги известува стечајниот судија и одборот на доверители, односно сите доверители кои што пријавиле побарувања како и сите доверители со право на одвоено намирување. за сите околности што упатуваат на заклучок дека натамошното лично управување од страна на должникот може да доведе до нанесување штета на доверителите или нивно ставање во понеповолна положба.

Доколку се работи за должник поединец тогаш повереникот врши и контрола врз расходите што должникот ги прави за сопствено издржување и живеење.

За да може повереникот да ги изврши своите должности непречено, должникот односно должникот -поединец треба да му овозможи непречен пристап до деловните простории како и увид во трговските книги и другата писмена документација.

8.1.2. Посебни должности на повереникот

Покрај овие основни должности, повереникот има и посебни должности. Тие се:

- да го контролира и да го одобрува преземањето на било какво правно дејство од страна на органите на должникот вклучувајки ги оние правни
- дејства кои се однесуваат и на редовното работење

8.1.3. Специјални должности на повереникот

Во постапката за лично управување од должникот, собранието на доверители може да побара стечајниот судија да ги зголеми овластувањата на повереникот во однос на должникот.

Така, стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе го услови преземањето на одредени правни дејства од страна на должникот со добивање претходно одобрение од повереникот. Доколку, стечајниот судија донесе вакво решение сите преземени дејства од должникот без претходна согласност на повереникот не произведуваат правно дејство

Кога пак повереникот одобрил преземање правна работа што создава обврски за стечајната маса и на тој начин ги оштетил доверителите на стечајна маса поради неисполнување на обврските во тој случај се применуваат одредбите за одговорност од штетни последици на стечајниот управник.

Покрај решенијата со кое се дозволува или укинува личното управување и решението на стечајниот судија со кое е условено преземањето на одредени правни

дејства од страна на должникот со претходната дозвола на повереникот се објавува и доставува на соодветен начин како и другите решенија.

Објавувањето и доставувањето се однесува и на решението кога е потребна дозвола на повереникот за преземањето правни дејства во врска со преносот на недвижности односно предмети кои се запишуваат во соодветни регистри .

- кога тоа ќе го побара да ги врши и сите парични уплати и исплати

И во овој случај важи правилото дека се ништовни сите правни дејства кои ги преземал должникот без одобрение на повереникот. Повереникот во постапката за лично управување покрај ограничени овластувања кои ги има во споредба со овластувањата на стечајниот управник во отворената стечајна постапка, сепак ја има и основната должност да се грижи и за имотот на должникот кој што влегува во стечајната маса.

Така во случај да настане штета што заеднички ќе ја претрпат стечајните доверители заради намалување на имотот што влегува во стечајната маса пред или по отворањето на стечајната постапка (заедничка штета) во текот на стечајната постапка, активно легитимиран да бара надомест на штета е повереникот.

Ако барањата за надомест на штетата се насочени против стечајниот управник, или повереникот таквите барања може да ги истакнува само новопоставениот повереник или стечаен управник.

Истото правило се однесува на должникот кој е друштво на лица во кое постојат неограничено одговорни содружници односно членови, личната неограничена одговорност на тие содружници односно членови, за обврските на тоа правно лице во текот на постапката за лично управување, може да ја побара само повереникот.

Исто така само повереникот е активно легитимиран да поведе постапка за побивање на правни дејства кои ги презел должникот пред отворањето на постапката за лично управување, а со кои се нарушува сразмерното намирување на доверителите (оштетувањето на доверителите), односно со кои одделни доверители се стават во поповолна положба

Должникот поединец на кого судот му одобрил лична управа ги задржува сите оние права кои во стечајна постапка му припаѓаат како на должник поединец па со тоа и водењето на деловниот потфат. Право на лична управување е лично право кое не може да се пренесе па со неговата смрт се гаси и самото право.

8.2. Како влијае постапката за лично управување од должникот на планот за реорганизација

Во врска со спроведување на оваа постапка и планот за реорганизација можни се три ситуации кои се разликуваат помеѓу себе.

Првата ситуација е должникот правно лице да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка заедно со план за реорганизација во кој ќе биде предложено за времето додека да биде усвоен планот за реорганизација, органите на должникот да управуваат со деловниот потфат како и со имотот кој што влегува во стечајната маса. Стечајниот судија со решението за отворање на стечајната постапка ќе констатира дека дозволил лична управа на должникот под надзор на повереник. Во овој случај ќе се применуваат одредбите од законот кои го регулираат личното управување на должникот.

Втората ситуација која може да се појави е реорганизацијата на должникот да биде спроведено со лично управување од должникот. Во случај овој план за реорганизација да биде усвоен во постапка утврдена со овој закон стечајниот судија во решението со кое го одобрува планот за реорганизација ќе констатира дека дозволил лично управување по надзор на повереник.

Трета ситуација е која може да се појави е во текот на постапката за лично управување со должникот да биде предложен план за реорганизација.

Доверителите на првото извештајно собрание во зависност од околностите на случајот како и од извештајот за економска состојба можат да оценат дека има услови должникот да се реорганизира и на тој начин да ги намири побарувањата на доверителите може да го овласти должникот или повереникот да состави план за реорганизација.

Доколку собранието на доверители донело одлука планот за реорганизација да го состави должникот тогаш повереникот ќе учествува во изготвување на планот со задолжителни упатства и контрола на изготвување на планот за реорганизација.

Доколку доверителите на собранието за разгледување и гласање по планот за реорганизација го изгласаат и стечајниот судија го одобри во тој случај контрола на спроведување на планот за реорганизација врши повереникот. Исто така стечајниот судија по одобрување на планот за реорганизација ќе треба да ја укине одлуката за лично управување и субјектот кој се реорганизира ќе треба да ги намири побарувањата на доверителите на начин утврдени во планот за реорганизација.

СТЕЧАЈ И СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Стечајот како поим на правото на друштвата се дефинира како начин на престанок на правниот субјективитет на едно трговско друштво. Во економска смисла пак стечајот претставува инструмент на пазарот, преку кој се врши селекција на здравите и успешни трговски друштва за да можат да опстанат на пазарот за разлика од оние кои не се здрави.

Стечајна постапка е посебна постапка регулирана со закон која се спроведува во случај кога се исполнети определени услови, а тоа е кога правните субјекти ќе станат неспособни да ги исплаќаат пристигнатите побарувања. Стечајната постапка се спроведува пред се заради остварување на интересите на доверителите кои согласно правилата на таа постапка треба да ги наплатат своите побарувања.

Исто така и на должникот кој подолго време е платежно неспособен, односно му престои невозможност да ги плати своите обврски правото му признава правен интерес да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка или по успешните преговори до доверителите да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка и план за реорганизација за спроведување на вон стечајна реорганизација.

Основна карактеристика на стечајната постапка е во тоа што доверителот не поднесува барање за правна заштита затоа што должникот не сакал доброволно да ја исполни својата обврска, туку затоа што таа обврска не е способен да ја исполни поради финансиската состојба во која се наоѓа.

9. Претпоставки кои треба да бидат исполнети за отворање и спроведување на стечајната постапка

За да може да дојде до отворање на стечајната постапка потребно е да бидат исполнети повеќе претпоставки.

Претпоставките можат да се поделат во две групи.

Во првата група спаѓаат материјално - правните претпоставки за отворање на стечајната постапка. Тие се: постоење на стечајна способност на должникот, постоење на имот во сопственост на должникот од кои ќе се формира стечајната маса како и постоење на стечајна причина.

Во процесно - правни претпоставки за спроведување на стечајна постапка спаѓаат: поднесен предлог за отворање на стечајната постапка, докази од кои ќе може да се утврди дека постои стечајна причина. Покрај овие две процесно правни

претпоставки предвидена е уште една, а тоа е да биде уплатен аванс на трошоците за водење на претходната постапка.

Исполнувањето како на материјално - правните и процесно - правните претпоставки треба да биде кумулативно, па така за да може стечајната постапка да биде спроведена потребно е да бидат исполнети сите овие претпоставки истовремено.

9.1. Материјално- правни претпоставки

Анализата на материјално - правните претпоставки за отворање на стечајната постапка упатува на заклучок дека се работи за претпоставки кои се поврзани со суштествените услови за отворање на стечајната постапка. Значи за да може да дојде до отворање на стечајна постапка потребно е кумулативно да бидат исполнети сите материјално правни претпоставки. Првиот и основен услов е друштвото против кое е поднесен или самото поднело предлог за отворање на стечајна постапка да има стечајна способност.

9.1.1. Стечајна способност

Стечајна постапка може да се отвори над должник кој по отворањето на стечајната постапка добива својство на стечаен должник или должник во реорганизација и претставува субјект на стечајната постапка.

По правило субјекти на стечајната постапка можат да бидат правните субјекти кои претприемачите ги основале со цел да вршат трговска дејност

Гледано од аспект на нашата законска регулатива стечајна постапка може да се отвори над трговецот како основен правен субјект кој врши трговска дејност. Трговецот е дефиниран како секое лице кое самостојно, трајно или во вид на занимање врши трговска дејност заради остварување на добивка со производство, трговија и давање на услуги на пазарот. Тргнувајќи од овие правила, стечајна постапка може да се отвори и спроведе над правните лица кои имаат правен субјективитет. Според нашиот правен систем стечајна способност имаат сите правни лица основани согласно посебните законските прописи. Тоа се однесува на сите трговски друштва.

Трговското друштво е правно лице во кое едно или повеќе физички лица, вложуваат пари, ствари или права во имот што го користат за заедничко користење и заеднички делат добивка или загуба во работењето. Правна способност се дефинира како способност на правните лица да бидат носители на права обврски и должности. Содржината и обемот на правна способност на правното лице е определено со закон. Со договор неможе да се располага со правна способност, да се делува на неа, да се воспоставува како и да се одрекува од неа.

Стекнувањето на правната способност значи дека дека трговските друштва можат да имаат имот. Имотот на друштвото се состои од она што членовите на друштвото го внеле како основачки влог како и она што друштвото го стекнало со своето работење. Значи, друштвото станува сопственик на имотот кој членовите на друштвото го внеле како непаричен влог и неспорна е разликата помеѓу имот на друштвото и имот на членовите на друштвото. Всушност се работи за примена начелото на автономија на имотот на друштвото во однос на имотот на членовите на друштвото.

Друштвата за обврските во правниот промет одговараат со целиот свој имот. Тоа значи дека доверителот може да го наплати своето побарување од целиот имот кој е во сопственост на друштвото.

Меѓутоа постои и одредена разлика која е поврзана со формата на друштвото. Доколку се работи за друштва на лица во тој случај доколку друштвото нема имот за намирување на побарувањето, се отвора супсидиерна одговорност на основачите на ваквата форма на друштва со сиот свој имот.

Стечајна способност има и имотот на физичките лица и тоа само оние кои вршат трговска дејност како трговци поединци. Правната положба на трговецот поединец е уредена со Законот за трговските друштва. Трговецот поединец е дефиниран како физичко лице кое врши одредена трговска дејност во вид на занимање.

Основната карактеристика која ја определува правната положба на трговецот поединец е тоа што претпријатието кое се создава со стекнување на својството трговец поединец нема својство на правно лице. Трговецот поединец за своите обврски одговара со сиот свој имот. Тоа значи дека се работи за лична, самостојна и непосредна одговорност спрема доверителите со целиот имот кој го поседува трговецот поединец, без разлика дали го создал во текот на работењето со своето претпријатие или го има како имот во своја сопственост. Поради тоа должникот поединец одговара за обврските и заклучувањето на стечајната постапка се додека не ги исплати обврските спрема доверителите во целост, освен ако не побарал спроведување на посебна постапка за ослободување д преостанатите обврски.

Токму, ваквиот начин на одговорност за обврските спрема доверителите во случај на инсолвентност на трговецот поединец ја отвора и стечајната способност, на имотот на умрено лице трговец, заедничкиот имот на брачни другари и заедничкиот брачен имот со кој заеднички и спогодбено управувале и располагале обата брачни другари.

Исто така, стечајна способност има и стопанската интересна заедница. Стопанската интересна заедница е форма на интересно здружување на две физички лица или правни лица кои имаат правен субјективитет. Се работи за посебна нетипична форма на друштво на лица кое се основа заради остварување на заеднички цели на основачите и посебно заради одговорноста на на основачите за обврските на здружението. Значи за обврските спрема доверителите, одговара заедницата со својот имот. Доколку, доверителот неможе да го наплати своето побарување од заедницата во тој случај, може да го наплати своето побарување од било кој член на заедницата кои одговараат со сиот свој имот по начелото на супсидиерна одговорност. Тоа значи дека за обврските одговараат сите негови членови без разлика кога пристапиле кон заедницата и кога настанала обврската.

Со други зборови, новиот член кој пристапил кон заедницата одговара и за обврските кои ги имала заедницата пред неговиот прием. Од ова правило постои исклучок, а тоа е новиот член, со одлуката за прием да бил ослободен за обврските на заедницата пред неговото пристапување

Со законот е предвидена и стечајна способност на имот на друштво над кое се спроведува ликвидација. Ликвидацијата се спроведува во случај кога до престанување на друштвото доаѓа како последица на интересите на содружниците да ги прекинат социетните односи и да можат да стекнат стварни права да над имотот кој до моментот на настанувањето на причината за престанок на правното лице припаѓал на друштвото како носител.

Во случај кога имотот на должникот кој е во ликвидација не е доволен да бидат исплатени доверителите тогаш ликвидаторот кој ја спроведува ликвидацијата е должен да предложи отворање на стечајна постапка над имотот на должникот во ликвидација. При ваква состојба, не е од директно влијание дали должникот е инсолвентен, бидејќи со самото отворање ликвидацијата, јасно е изразена волјата друштвото да престане да постои. Во конкретниот случај до отворање на стечајна постапка доаѓа поради презадолженоста на должникот, односно кога обврските се поголеми од имотот. Единствениот услов кој треба да биде исполнет е да не биде започната распределбата на ликвидационата маса.

Материјалните и процесните правила предвидени во законот за стечај претставуваат т.н. општа стечајна постапка. Тоа значи дека овие правила секогаш се применуваат во случај кога е отворена стечајна постапка на должник - правно лице чија стечајна способност е определена со овој закон. Во случај кога е отворена стечајна постапка над имот на други т.н. финансиски организации, како што се банки, штедилници, осигурителни друштва за кои со посебните закони се предвидени одредби од материјално – правен карактер кои ја регулираат стечајната постапка во тој случај одредбите од овој закон се применуваат супсидиерно, ако со тие закони не е поинаку регулирано.

9.1.2. Постоење на имот

Основниот концепт на кој се заснова Законот за стечај е дека стечајната постапка може да се отвори и да се спроведе над имотот на должникот. Ова правило важи и за должникот правно лице и за должникот поединец.

Постоењето на имот од кој може да бидат исплатените трошоците во стечајната постапка претставува conditio sine qua non за спроведување на стечајната постапка. Доколку овој услов не е исполнет не може да дојде до спроведување на стечајната постапка, а може да биде и причина за запирање на веќе отворената стечајна постапка.

Малиот обем или недоволноста на имотот на должникот, претставува пречка интересот поради кој се спроведува стечајната постапка, а тоа е наплата на побарувањата да може да се оствари, а со тоа и процесната претпоставка за водење на таа постапка не е исполнета. Во овој случај кога имотот на должникот е во мал обем

или недоволен за да се спроведе постапката поради инсолвентност се спроведува посебна постапка во која стечајната постапка се отвора со тоа што не се спроведува и веднаш се заклучува.

9.1.3. Стечајна причина

Настанување на одредена економско-финансиска состојба кај должникот претставува материјално-правна претпоставка за отворање на стечајна постапка. Таа економско-финансиска состојба е инсолвентност односно неспособноста за плаќање.

Ваквата состојба настапува кога должникот не ги намирува своите пристигнати парични обврски односно е неспособен да се исплати стасаните долгови односно обврски. Постоењето на стечајната причина се испитува во претходната постапка која се поведува по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка.

9.1.3.1. Инсолвентност

Неспособноста за плаќање – инсолвентноста, со одредени варијации е прифатена како општ и основен стечаен услов во речиси сите законодавства кои ги регулираат постапките условени од инсолвентноста.

Основна карактеристика на нашето законодавство е во тоа што тоа го прифаќа начелото на единственост на причини за поведување на сите инсолвентни постапки. Со други зборови и стечајната постапка и постапката за реорганизација може да биде поведена само доколку е исполнет овој услов. Постоењето на инсолвентноста е општ и основен услов за отворање на стечајната постапка. Во таа смисла треба да се направи одредено разграничување со поимот неликвидност.

Друштвото е неликвидно во случај кога своите доспеани обврски ги исплаќа со задоцнување. Според појавните форми, можеме да разликуваме повеќе видови на неликвидност, односно задоцнето плаќање. Такви се: задоцнето плаќање на обврските кон други друштва (добавувачи), кон банките - по основ на отплата на рати по кредит, на државата - по основ на неплатени јавни давачки, како и обврски спрема работниците по основ на неплатени плати, придонеси и даноци. Кога ќе се направи анализа на сите задоцнувања може да се дојде до вистинската слика за неликвидноста на друштвото. По правило, секое задоцнување на плаќање на обврските може да се надмине, а доколку тоа не се случи се создаваат услови да настапи инсолвентноста.

Неликвидноста е одвоена од инсолвентноста. Неликвидноста на должникот претставува краторочен недостиг на парични средства на сметката кај носителот на платниот промет, за разлика од инсолвентноста кога се работи за состојба кога должникот е трајно неспособен да ги исплатува доспеаните парични обврски. Неликвидноста се појавува како предвесник на инсолвентноста.

Од сето ова може да се заклучи дека поимот инсолвентност како еден од основите правни стандарди на инсолвентното право воглавном се дефинира како состојба во која должникот не може потрајно да ги исполнува своите доспеани парични обврски.

Според нашата законска регулатива, инсолвентноста не е релативизирана ниту со квантитетот на обврската на должникот спрема доверителите ниту пак бројот на обврските. Со други зборови за утврдување на инсолвентноста не е од влијание висината на обврските кои должникот ги има спрема доверителите.

Понатаму, определена т.н. маргина на инсолвентноста. Се работи за определување на одреден временски период кој се смета за граница по која должникот е инсолвентен. Таа маргина според нашиот закон изнесува 45 дена од моментот кога друштвото престанало да ги исплаќа обврските.

Ако во конкретниот случај се утврди дека во периодот од 45 дена должникот без прекин општо престанал со плаќање на обврските спрема доверителите, се работи за несоборлива претпоставка за утврдување на инсолвентноста. Од друга страна релевантно за течење на овој рок е денот кога предлагачот поднел предлог за отворање стечајна постапка до судот, односно дали во моментот кога прдлагачот го поднел предлогот за отворање стечајна постапка, должникот повеќе од 45 дена го запрел плаќањето од своите сметки. Во овој случај можни се две ситуации кои не влијаат на оценката на состојбата на инсолвентноста, а тоа се: во овој период должникот да исплатил дел од доспеаните обврски, или исплатил само некој дел од своите обврски. Оценката на инсолвентноста во овие случаи е ограничена само на фактот дали и покрај тоа што вршел некакви исплати имал и други неподмирени доспеани обврски. Значи постои индиција за инсолвентност во секој случај доколку на должникот му останале неисплатени доспеани обврски по важечки основи.

9.1.3.2.Идна инсолвентност

За разлика од инсолвентноста која претставува состојба која за друштвото веќе настанала, идната инсолвентност е состојба која се очекува дека ќе настане. Според сите околности, само органите на управување на должникот можат да ја препознаат состојбата кога постојните парични обврски нема да може да ги исполни по нивното пристигнување.

Значи друштвото има одредени парични обврски кои се уште не се пристигнати (во моментот на поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка) и дека истите нема да може да ги исполни по нивното пристигнување. Тоа значи дека на датумот на пристигнување на овие обврски должникот ќе нема парични средства на својата сметка истите да ги исплати. Со други зборови, органите на должникот очекуваат дека во многу блиска иднина ќе настапи инсолвентноста односно неспособни за плаќање за должникот.

9.2. Околности кои укажуваат на инсолвентност

На постоење на инсолвентност може да укажуваат многу околности.

Инсолвентноста по правило претставува последица на неуспешното работење на друштвото, предизвиканата загуба и недостаток од финансиски извори. Пред да настане инсолвентноста по правило друштвото е презадолжено и пристапот кон дополнителни финансиски извори е целосно ограничен.

Целата оваа состојба создава услови и фактичкото работење на друштвото да се поремети. Недостатокот на финансиски средства создава услови друштвото да неможе да ги исполнува тековните обврски како и обврските утврдени во поголем број на пресуди кои станале извршни.

Поради ваквата состојба по правило доаѓа до блокада на сметката отворена кај носителот на платниот промет кој што претставува и првиот надворешен знак, меѓутоа и најчесто внатрешен знак на инсолвентноста, на се почестото задолжување на друштвото кое на почетокот е долгорочно а на крајот е краткорочно.

Друштвото на почетокот ги исплаќа сите задоцнети обврски, меѓутоа на крајот ги продава своите основни средства и со тоа го нарушува здравото јадро и полека го намалува основниот капитал. Тоа доведува до крајна состојба кога сметката е блокирана, вредноста на основниот капитал е нула или пак е негативен при што обврските ја надминуваат вредноста на имотот на друштвото.

Доколку постои можност за било какви деловна активност во вакви околности, друштвото во овој период најчесто работи преку други сметки. Карактеристично за оваа состојба е што должникот одредени свои обврски посебно спрема доверителите ги исполнува со асигнација или компензација.

Покрај овие околности кои ја индицираат инсолвентноста, постојат и други кои се поврзани со менување на седиштето на друштвото, како и затворање на седиштето на должникот. Во одредени случаи и органите на управување на друштвото неможат да се пронајдат.

Исто така околност која може да укажува на инсолвентноста е распродажба на имотот на друштвото по пониски цени, пренесување или продажба на имотот на друштвото на акционерите без да се изврши плаќање и сл.

И покрај поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка постои можност должникот да ја надмине настанатата инсолвентност. Се работи за т.н. соборливи претпоставки за постоење на инолвентноста.

Тоа е во случај кога должникот ги исплати сите побарувања на доверителите кои имаат важечки основи за наплата од сметката на должникот. Со други зборови се работи за деблокирање на сметката или сметките и за тоа должникот треба да поднесе до судот јавна исправа со која ќе го докаже фактот дека сите доверители кои имале побарување и истите биле за наплата на сметката која ја води носителот за платен промет се исплатени. Фактот, дека доверителите биле исплатени може да се докаже и

со потврда издадена од Централниот регистар дека сметката е деблокирана. Се работи за дејства кои должникот треба да ги преземе самостојно во рамките на извршувањата кои се поведени против должникот пред надлежните извршители. Лоша практика е ако судот дозволи во претходна постапка должникот да депонира средства на депозитната сметка на судот и подоцна се исплаќаат доверителите.

Втората можност, трето лице да побара од судот да се спроведе постапка за преземање на долг. Постапката за преземање на долг се спроведува во текот на претходната постапка и по барање на трето лице кое е активно легитимирано да побара судот да спроведе постапка за преземање на долг.

Правната последица од спроведување на постапката за преземање на долг со која трето лице без разлика дали е физичко или правно лице е неговата солидарна одговорност за обврските кои ги има должникот спрема доверителите до денот на отворање на стечајната постапка. Разликата помеѓу исплата на важечките основи за наплата кои лежат на сметката на должникот и преземањето на долгот е во тоа што во првиот случај се исплаќаат само висината на побарувањата на доверителите поради кои е блокирана сметката на должникот, а во вториот случај банкарската гаранција за преземање на долгот треба да биде во висина на сите обврски на должникот кои ги има спрема доверителите до денот на давањето на изјавата.

Исправата со која се докажува соборливата претпоставка, односно се докажува постоење на околноста дека побарувањата биле исплатени ја издава Централниот регистар на Република Македонија. Со истата се докажува дека должникот ги исплатил сите побарувања кои врз основа на важечките основи за плаќање чекале наплата од неговите сметки за наплата. Оваа исправа Централниот регистар е должен без одлагање да ја издаде врз основа на барање доставено од предлагачот или должникот.

Во случај на преземање на долг, ваква исправа издадена од Централниот регистар не може да биде издадена, бидејќи преземањето на долгот не претставува основа врз која важечките основи за наплата автоматски ќе бидат наплатени и сметката на должникот деблокирана.

9.3. Процесно – правни претпоставки за отворање на стечајната постапка

Процесно правни правни претпоставки за отворање на стечајна постапка се: постоење на предлог за отворање на стечајната постапка, докази од кои ќе може да се утврди дека постои стечајна причина. и уплата на аванс на трошците за водење на претходната постапка.

Предлагачот сите овие претпоставки треба да ги исполни кумулативно односно сите заедно, сукцесивно во текот на претходната постапка.

9.3.1. Предлог за отворање на стечајна постапка

Стечајната постапка општо кажано претставува форма на остварување на правото на правна заштита. Според тоа, кој може да биде носител на правото на заштита во стечајната постапка, остварувањето на правото на правна заштита е специфична. Така покрај титуларот на субјективното право, во конкретниот случај доверителот, правото на правна заштита му се признава и на должникот. Значи и органите на должникот за управување и застапување имаат изричито законско овластување да побараат заштита на туѓи субјективни права. На пример кај акционерското друштво како друштво на капиталот органите на управување и застапување имаат изричито законско овластување да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка и на тој начин да ги заштитат своите индивидуални интереси, а воедно и имотните права на акционерите.

Покрај, постоењето на граѓанското субјективно право, потребно е субјектот кој бара правна заштита да ја докаже и корист која очекува да ја оствари преку интервенција на судот. Тоа би значело дека треба да докаже и од каде произлегува негово побарување спрема должникот кое се очекува да се наплати. Со други зборови треба да го стори веројатен правниот интерес за водење на стечајната постапка. За доверителот тоа е наплата на побарувањето кое поради финансиската состојба во која се наоѓа должникот неможе на друг начин да ја постигне. Значи доверителот може да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка и покрај тоа што не побарал друг вид на заштита на своето субјективно право.

Значи секој доверител кој во конкретниот случај ќе ја докаже материјално правната поврзаност на своето побарување со должникот има правен интерес да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка, без разлика со каков основ за наплата располага и дали претходно водел друга постапка за остварување на своето граѓанско субјективно право. Со други зборови правото за поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка не е поврзано со постоење на извршна исправа со која доверителот исклучиво ја докажува материјално правната поврзаност со должникот ниту пак претходен услов е поведување на постапка за извршување, доколку доверителот претходно се стекнал со извршна исправа спрема должникот за наплата на своето побарување.

Од друга страна, состојбата е поинаква со правниот интерес на должникот за поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка. Тој правен интерес е определен со закон и поради тоа органот на управување и застапување на должникот тој правен интерес не мора да го докажува. Истото се однесува и на трето лице кое со посебен закон е овластено да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка.

Барањето на заштита во стечајната постапка постапка или иницијалниот акт за отворање на оваа постапка е предлог кој мора да биде поднесе во писмена форма. Предлогот за отворање на стечајна постапка мора да биде поднесе од овластено лице кое има можности слободно да располага со него па дури и да го повлече.

Предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот, може да поднесе секое лице овластено за застапување со закон како и секој ликвидатор.

Карактеристично за отворање на стечајната постапка е тоа што ликвидаторот е овластен да поднесе предлог согласно посебен закон во случај кога ќе утврди дека друштвото кое е во ликвидација нема доволно имот за целосно намирување на пријавените побарувања. Значи ликвидаторот не е обврзан да го докажува условот неспособност за плаќање.

Во случај кога друштвото има повеќе лица кои се овластени да го застапуваат, а предлогот го поднел еден од нив, подносителот на предлогот треба да го направи веројатно постоењето на условот за отворање на стечајна постапка. Доколку со поднесениот предлог едниот од повеќето застапници доставил доказ за инсолвентноста на должникот, стечајниот судија може да ги сослуша другите лица овластени за застапување. Истото се однесува и во случај кога се именувани повеќе ликвидатори. Сослушувањето го врши по поведувањето на претходната постапка на рочиштето за испитување на услови за отворање на стечајна постапка.

Судот може да се откаже од нивно сослушување во случај кога другите лица овластени за застапување кои треба да бидат сослушани се со непозната адреса, со непознато престојувалиште или се наоѓаат во странство, па нивното сослушување би довело до прекумерно одолжување на постапката.

Доколку другите застапници ќе достават други докази од произлегува поинаква фактичка состојба по однос на инсолвентноста тогаш судот ќе треба да поведе претходна постапка за утврдување на условите за отворање ан стечајната постапка и нема да може да ги примени одредбите од овој закон кои се однесуваат на непосредно отворање на стечајната постапка.

Во случај кога предлогот за отворање на стечајна постапка се однесува на јавно трговско друштво, командитно друштво или на командитно друштво со акции, во кои ниту еден од неограничено одговорни содружници не се физички лица, во тој случај судот ќе ги сослуша одборот на директори, управниот одбор или надзорниот одбор, управителите, неограничено одговорните содружници или ликвидатори, на оние неограничено одговорни содружници (правни лица) што се овластени за застапување на должникот.

Истото се однесува кога и по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка групирањето на правните лица продолжило да постои на некој друг сличен начин.

Пропуштањето на овој рок има одредени правни последици за лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор на трговските друштва и други правни лица, бидејќи, ако не поднеле предлог за отворање на стечајна постапка, иако знаеле или морале да знаат за презадолженоста на трговското друштво или друго правно лице, во тој случај тие ќе бидат лично, солидарно и неограничено одговорни за штетите што ги предизвикале на доверителите на трговското друштво или друго правно лице – должник со тоа што не поднеле предлог за отворање на стечајна постапка. Во овој случај се работи за посебен вид на одговорност на наведените органи на должникот за штета која настанала поради не поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка.

Поднесувањето на предлог за отворање на стечајна постапка претставува процесно дејство со кое се поведува стечајната постапка. Ова дејство се смета дека е преземено во моментот кога предлогот пристигнал, односно е доставен до судот.

Предлогот може да биде поднесен само писмено во вид на поднесок, од страна на предлагачот лично или преку пошта со препорачана пратка.

Поднесување на предлогот за отворање до судот има материјално-правно така и процесно-правно дејство. Во сферата на материјално-правните односи поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка предизвикува настанување на ограничување на правниот субјективитет на должникот, се создаваат услови управителот да се ослободи од одговорноста за евентуално настаната штета спрема доверителите поради неподнесување на предлог за отворање на стечајна постапка и др.

Во секој случај поднесувањето на предлогот влијае пред се на должникот, вршењето на неговиот деловен потфат и ограничување на дејноста на органите на управување и застапување на должникот.

Процесно-правните дејства се однесуваат на надлежноста на судот како и диспозиција на странките. Стечајниот судија е должен предметот да го земе во работа во рок од осум дена од денот кога истиот е примен во судот.

9.3.1.1. Претходно испитување на предлогот

По поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка судот, пред донесување на решение за поведување на претходна постапка, треба да спроведе претходно испитување на предлогот. Во овој стадиум, судот односно стечајниот судија ги испитува процесните претпоставки од кои зависи дозволеноста на постапувањето и одлучувањето по поднесениот предлог за отворање стечајна постапка. Така во овој стадиум од претходната постапка се испитува предлогот од аспект на формата и содржината.

Се смета дека поднесокот е разбирлив ако содржи означување на судот, име и презиме поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар поткрепени со доказ од соодветниот регистар, нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат и потпис на подносителот, односно електронски потпис, Email адреса и контакт телефон.

Поднесоците поднесени од адвокати, државен орган односно орган на државна управа, единици на локалната самоуправа, правни лица и лица кои вршат јавни овластувања покрај овие податоци треба да содржат и податоци за електронско сандаче за достава на писмената регистрирано согласно со закон. Странката во поднесокот е должна да го наведе својот единствен матичен број на граѓанинот, односно единствен матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) за правните лица.

Поднесокот од адвокат задолжително содржи печат, односно електронски потпис од адвокатот, во спротивно поднесокот се смета за неуреден.

Ако утврди дека предлогот е неразбирлив или нецелосен, судот ќе му го врати предлогот на предлагачот заради исправка или дополнение и истовремено ќе определи рок за повторно поднесување на предлогот. Ова се однесува само во случај кога предлагачот нема полномошник.

Во спротивно доколку предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен преку адвокат како полномошник, а е неразбирлив или не е поднесен во доволен број примероци, судот ќе донесе решение со кое го отфрла предлогот за отворање на стечајна постапка како неразбирлив.

Од друга страна ако предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од странка која нема полномошник и е неразбирлив или нецелосен тогаш стечајниот судија презема дејства со кои треба да му овозможи на предлагачот да го уреди предлогот за отворање на стечајната постапка. Во тој случај го враќа предлогот за отворање на стечајна постапка на предлагачот и ќе определи и рок кој неможе да биде подолг од осум дена предлогот да биде уреден. Во зависност од тоа како ќе постапи предлагачот, зависи и одлуката во овој стадиум на постапката.

Доколку, предлагачот предлогот не го уреди и не го врати во судот, во тој случај судот ќе донесе решение со кое ќе констатира дека предлогот за отворање на стечајна постапка е повлечен. Ако предлагачот го врати предлогот за отворање на стечајна постапка во судот меѓутоа не направил исправка односно дополнението, судот ќе донесе решение со кое ќе го отфрла предлогот.

Во случај кога предлогот не бил поднесен до судот во доволен број на примероци во тој случај, судот ќе го повика предлагачот да достави доволен број на предлози во рок од три дена. Пропуштањето на овој рок има за последица отфрлање на предлогот.

Доколку, предлагачот го вратил предлогот за отворање на стечајна постапка исправен односно дополнет, судот го продолжува постапувањето во овој стадиум како предлогот да е поднесен истиот ден кога е поднесен прв пат до судот.

Во овој стадиум на постапката, судот испитува дали постои негова надлежност за постапување по предлогот. Се работи за испитување на стварна и месна надлежност на судот. Инаку, по однос на судската надлежност важи правилото дека судот на Република Македонија исклучиво е надлежен за спроведување на стечајна постапка против стечаен должник чие седиште е во Република Македонија. Во случај судот да утврди дека е стварно ненадлежен, односно дека постои стварна надлежност на друг суд од повисок степен тогаш треба да се огласи за стварно ненадлежен. На пример, предлогот за отворање на стечајна постапка предлагачот го поднел пред суд од основна надлежност. При таква состојба судот од основна надлежност треба да се огласи за стварно ненадлежен со оглед на тоа што за стечајната постапка се стварно надлежни судовите со проширена надлежност.

По однос на месната надлежност на судот важи правилото дека надлежноста на судот се определува според општата месна надлежност, односно според седиштето на стечајниот должник. На пример ако седиштето на должникот е во Гевгелија, месно

надлежен ќе биде судот со проширена надлежност во Велес. Инаку, судот во стечајната постапка може да донесе решение со кое ќе се огласи за месно ненадлежен само по приговор на должникот.

Во овој стадиум на претходно испитување на предлогот, стечајниот судијата уште испитува дали постојат пречки за негово постапување по предлогот. Така посебно испитува дали постојат апсолутни пречки односно дали постојат одредени околности или својства кои го доведуваат судијата во некаква правна, економска, морална, професионална или работна поврзаност со странките во спорот. Нивното постоење секогаш резултира со изземање на судијата од конкретниот предмет, односно од постапувањето по предлогот за отворање на стечајната постапка. Овие правила се однесуваат и на судиите во Апелационите судови посебно во случај кога постапувале во предметот како стечајни судии.

Со оглед на тоа што стечајната постапка е итна постапка, од особено значење е стечајниот судија во случај на постоење на овие пречки или доколку постојат и други околности за кои смета дека се пречка за негово постапување по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка, по службена должност да поднесе иницијатива за негово изземање од конкретниот предмет. Затоа тој треба уште во овој стадиум на постапката да ја прекине работата на предметот и да го извести претседателот на судот, кој определува друг судија кој ќе продолжи да постапува по конкретниот предмет оформен по предлогот за отворање на стечајната постапка.

За разлика од апсолутните пречки кои барат судијата веднаш да реагира, за релативните пречки за постапување на судијата по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка е карактеристично што странките односно доверителите можат во текот на целата стечајна постапка да поднесат предлог за изземање на судијата со тоа што ќе мора да ја докажат постоењето на конкретни околности кои укажуваат на непристрасност на судијата.

Во овој стадиум на постапката, судот испитува дали постојат недостатоци на способноста на предлагачот или должникот да бидат странки во постапката или недостатоци кои се однесуваат на овластувањето на застапникот да поведе постапка стечајна постапка. Во овој стадиум на постапката се испитува и стечајната способност на должникот.

Карактеристично за стечајната постапка е што предлагачот слободно располага со поднесениот предлог. Предлагачот без разлика дали е тоа должникот или доверителот може да го повлечат поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка до одреден момент. Во случај кога стечајниот судија донел решение за отворање на стечајна постапка, предлагачот има право да го повлече предлогот за отворање на стечајна постапка до моментот кога судот ќе го истакне огласот на огласната табла на судот, односно до моментот кога се уште не настанале правните последици од отворање на стечајната постапка. Со други зборови по настапување на правните последици од отворање на стечајната постапка не постојат услови за преземање на ова процесно дејство односно повлекување на предлогот за отворање на стечајната постапка.

9.3.2. Докази за инсолвентноста

Гледано од аспект на судот при утврдување на оваа процесно – правна претпоставка еден од најважните моменти е кои докази треба да ги приложи предлагачот за да се утврди, основното спорно прашање во овој момент, а тоа е дали предлагачот е инсолвентен или му престои идна инсолвентност. Значи анализата на оваа процесно – правна претпоставка е директно поврзана со материјално – правната претпоставка – постоење на инсолвентност.

Доказите кои укажуваат на постоење на инсолвентност може да се разликуваат, по тоа кој го поднел предлогот за отворање на стечајна постапка

9.3.2.1.Должник како предлагач

Кога предлагач за отворање на стечајна постапка е должникот неговите органи на управување пред настанување на условите за отворање на стечајна постапка требало да утврдат дали постои одредено ниво на инсолвентност односно кога неликвидноста прераснала во инсолвентност или на должникот му престои идна инсолвентност. Тоа значи дека органите на должникот можат многу лесно да го докажат стандардот на инсолвентноста, со оглед на тоа што ја имаат анализата на финансиската состојба на должникот. Всушност претходната анализа на должностите на органите на управување укажа на фактот дека раното откривање на инсолвентноста, претставува основна обврска на менаџерскиот тим на секое друштво. Не само раното откривање, туку и јавното објавување на овој момент на органите на друштвото е од значење за преземање на натамошни чекори кон спасување на деловниот потфат.

Доказите кои органите на должникот треба да ги поднесат до судот за да го докажат стандардот на инсолвентноста се поврзани и со фактот дали на должникот му престои идна инсолвентност, со други зборови дали на должникот за одреден период му престои неспособност за плаќање или веќе е инсолвентен, односно неспособен за плаќање. Анализата на идната инсолвентност како стечајна причина укажува на тоа дека само должникот може да го докаже постоењето на индиции за идна инсолвентност. Доверителите, како предлагачи не можат да се повикаат на овој услов за отворање стечајна постапка поради фактот што тие не располагаат со доволно информации за финансиската состојба на должникот. Доколку, должникот поднесе предлог за отворање стечајна постапка поради идна инсолвентност ќе треба во извештајот за економско – финансиска состојба, да ги опише причините поради кои смета дека му престои идна инсолвентност. Во овој извештај треба да бидат наведени конкретно сите неприспеани обврски што треба да пристигнат и во кој момент, вклучувајќи и непостоење на можности овие обврски да бидат платени. Со други зборови, треба да се наведат и причините поради кои друштвото во тој период нема да оствари прилив на средства што можат да се употребат за исплата на овие овие обврски.

Доколку, должникот веќе се соочил со инсолвентноста и таа фактички веќе се манифестирала со неможноста за плаќање на обврските спрема доверителите со тоа што доверителите започнале постапки за извршување и друштвото нема доволно средства да ги исплати овие обврски од сметките кои се отворени кај носителите на платен промет повеќе од 45 дена во тој случај доказот кој што треба да се приложи е информацијата која ја издава Централниот регистар на Република Македонија или доказ издаден од носителите на платен промет – извод од последната состојба пред поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка од сметката на друштвото.

9.3.2.2.Доверител како предлагач

Од гледна точка на доверителот, тестот на докажување на стандардот инсолвентност е поинаков и не треба да се поистоветува со оној предвиден за должникот. Значи, на доверителот како предлагач е товарот на докажување дека должникот е неспособен за плаќање и поради тоа не ги исплатил пристигнатите обврски, вклучувајќи го и побарувањето на предлагачот.

Тоа значи дека овој услов е исполнет доколку од изведените докази од страна на судот во претходната постапка произлегува дека должникот се наоѓа во таква финансиска состојба поради која трајно неможе да ги намири доспеаните обврски.

Еден од доказите од кои може да се утврди инсолвентноста е информацијата која ја издава Централниот регистар на Република Македонија за неможност должникот да врши плаќање од неговата сметка повеќе од 45 дена. Можно е должникот да ја оспори оваа околност и да приложи докази од кои произлегува дека истиот има средства кои може да ги искористи за намирување на побарувањата на доверителите и покрај моменталната состојба со немањето на парични средства како приливи на сметката. Во овој случај на судот може да наложи привремениот стечаен управник да испита како стручно лице дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка или да ангажира вешти лица кои тоа ќе го утврдат. Се работи за индирекно утврдување на тоа дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка преку оценка на останатите околности кои посредно на неа упатуваат. Наодот и мислењето на привремениот стечаен управник би претставувал доказ за тоа дека се исполнети или не се исполнети условите за инсолвентност. Во овој случај утврдувањето на инсолвентноста се врши преку анализа на финансиската состојба во која се наоѓа друштвото. односно дали должникот има други финансиски средства кои може да ги искористат за исплата на доспеаните парични обврски или не. Утврдувањето на економско-финансиската состојба на друштвото од аспект на неговата ликвидност и потенцијална солвентност се врши преку анализа на неговите финансиски извештаи, а особено анализа на билансот на состојба преку индикаторите за ликвидност.

Покрај индиректниот начин на утврдување на постоењето на инсолвентноста, постои и директен начин кој всушност претставува изјава на органите на должникот кои се овластени за застапување и управување со која ја потврдуваат инсолвентноста.

9.3.2.1. Финансиска анализа на ликвидноста

Еден од основните фокуси на анализата на финансиските извештаи на друштвата е анализата на неговата ликвидност.

Од финансиски аспект, ликвидноста претставува состојба во која друштвото има доволно пари во определен момент.

Солвентноста, од друга страна ја објаснува состојбата во кое друштвото може да одговори на своите обврски во време кога тие ќе достасаат.

Друштвото може во определен момент да биде неликвидно, но тоа автоматски не значи дека е и инсолвентно. Причината за моментната неликвидност може да лежи во фактот што средствата на друштвото се врзани во залихи, побарувања, краткорочни хартии од вредност или некои други тековни средства, но со нивно продавање, тие лесно можат да се претворат во пари тогаш кога друштвото ќе има потреба за да ги намирува своите обврски. Доколку друштвото ќе нема доволно средства за да ги отплаќа достасаните обврски дури ни по впаричувањето на тековните средства, тогаш всушност станува збор за негова инсолвентност.

Оценката на финансиската состојба на друштвото од аспект на неговата ликвидност и потенцијална солвентност, се врши преку анализа на неговите финансиски извештаи и особено кон анализа на индикаторите за ликвидност. Основни елементи кои се набљудуваат при проучувањето на индикаторите на ликвидноста се главно елементите од билансот на состојба, и тоа особено следниве:

Од активата:

1. Тековни или краткорочни средства, кои се состојат од:
   - Залихи
   - Побарувања од купувачи
   - Однапред платени средства (АВР)
   - Други краткорочни побарувања
   - Готови средства

2. Тековни или краткорочни обврски кои се состојат од:

- Обврски кон доверители
- Обврски кон банките за краткорочни кредити и позајмици
- Однапред наплатени приходи (разни видови ПВР)
- Обврски за даноци
- Други краткорочни обврски

Врз основа на горе прикажаните елементи, ликвидноста може да се мери. Основните индикатори врз основа на кои се мери ликвидноста се следниве:

Индикатор бр. 1: Тековен коефициент

$$\text{Тековен коефициент} = \frac{\text{Тековни средства}}{\text{Тековни обврски}}$$

Тековниот индикатор ја означува способноста на друштвото да ги намирува краткорочните обврски. Во анализата се вклучени сите краткорочни средства и сите краткорочни обврски. Индикаторот се чита на следниов начин: За секој денар краткорочни обврски друштвото има, или чува, или располага со "Х" денари краткорочни средства. Иако нема многу јасно правило за тоа колкав треба да биде тој коефициент, многу јасно е дека друштвото е во многу мал финансиски ризик од несолвентност доколку неговите тековни средства се идентични со износот на краткорочните обврски, односно доколку тековниот коефициент е еднаков на единица. Сепак, колку висок ќе биде тој коефициент, зависи од самата дејност на друштвото, од бројот на обртите во текот на годината, од ликвидноста на пазарот во кој друштвото работи и од повеќе други фактори. Подолу ќе видиме примери на успешни друштва со многу различни нивоа на тековен индикатор, а индикаторите се разликуваат само затоа што станува збор за различни дејности кои имаат сосема различна потреба од ликвидни средства во определен период на време.

Индикатор бр. 2: Брз (ликвиден) коефициент

Брзиот (ликвиден) коефициент го има предвид моментот на брзо впаричување на средства, а тоа може да се случи ако од вкупните тековни средства се изземат залихите. Логиката е дека готовите пари се веќе ликвидни средства, побарувањата тргнале да се наплатуваат, залихите се најмногу неизвесни и затоа тие се издвојуваат од масата на брзо наплатливи средства, односно од броителот на претходниот индикатор и се стават во сооднос со сите тековни обврски. Индикаторот се пресметува на следниов начин:

$$\text{Брз коефициент} = \frac{\text{Ликвидни средства}}{\text{Тековни обврски}},$$

при што

Ликвидни средства = Тековни средства – Залихи, или

Ликвидни средства = пари + краткорочни хартии од вредност + побарувања од купувачи

Индикаторот се чита на следниов начин: За секој денар краткорочни обврски Друштвото има, или чува, или располага со “Х” денари ликвидни средства. Исто како и sa претходниот индикатор нема многу јасно правило за тоа колкав треба да биде тој коефициент, но повторно многу јасно е дека друштвото е во помал финансиски ризик од несолвентност доколку голем дел од неговите краткорочни обврски, значи оние кои достасуваат во рок помал од година дена, можат во голема мера да се отплатат со ликвидните средсва. Во друштва кои се или ги загрозува состојба на стечај, нивото на ликвидните средства во споредба со неговите тековни обврски станува многу значајно.

Индикатор бр. 3: Паричен коефициент

Паричниот коефициент е коефициентот кој го прикажува степенот на најголемата ликвидност на друштвото. Во броителот на коефициентот се стават само парични средства и најликвидни хартии од вредност. Тоа се оние хартии што можат во секое време да се продадат на берза и чија вредност е прилично извесна затоа што со нив постојано се тргува на пазарот на капитал. Пресметката на овој коефициент е следна:

$$\text{Паричен коефициент} = \frac{\text{Парични средства + пазарни хартии од вредност}}{\text{Тековни обврски}}$$

Индикаторот се чита на следниов начин: За секој денар краткорочни обврски Друштвото има, или чува, или располага со “Х” денари најликвидни средства, односно

пари и средства кои можат да се трансформираат во пари за неколку дена. И повторно како и за претходните индикатор јасно е дека Друштвото е во помал финансиски ризик од несолвентност доколку добар дел од неговите краткорочни обврски, значи оние кои достасуваат во рок помал од година дена, можат во голема мера да се отплатат со најликвидните средсва. Повторно, во друштва кои се во стечај или ги загрозува состојба на стечај, нивото на ликвидните средства во споредба со тековните обврски станува многу значајно.

Индикатор бр. 4: Коефициент на тековна ликвидност

Коефициентот на тековна ликвидност е уште еден индикатор кој покажува каква е ликвидноста на друштвото чиишто финансиски извештаи се анализираат. Тој се пресметува на следниов начин.

$$\text{Коефициент на тековна ликвидност} = \frac{\text{Тековни обврски} - \text{Ликвидни средства}}{\text{Готовински тек од работењето}} \times 365,$$

каде што

Ликвидни средства = Тековни средства – Залихи, или

Ликвидни средства = пари + краткорочни хартии од вредност + побарувања од купувачи

Готовински тек од работењето = Профит+ Амортизација

Овој индикатор е прилично комплексен. Тој го објаснува следново: Обврските можат да се платат со ликвидните средства веднаш, или да се чека од готовинскиот тек од работењето на фирмата, кој најпоедноставен износ се состои од нето добивката и амортизацијата. Во броителот се пресметува разликата помеѓу обврските и ликвидните средства. Доколку таа разлика е позитивна тоа значи дека ликвидните средства нема да бидат доволни за да се исплатат краткорочните обврски и затоа е потребно да се види колку Друштвото остварува готовински тек за еден ден. Во овој индикатор негативната вредност значи помал или непостоење на ризик од несолвентност, а доколку индикаторот е поголем, толку е поголем и ризикот. Според тоа, недостигот на готови средства (разликата меѓу постојните обврски и постојните ликвидни средства) се става во сооднос со готовинскиот тек (нето профит плус амортизација) и тој сооднос се множи со 365 дена. Резултатот покажува колку дена се потребни во нормално работење на друштвото за да си ги плати постојните обврски.

Други индикатори на ликвидност

Постојат уште индикатори на ликвидност, а некои можат и самостојно да се креираат согласно барањата и потребите на конкретната анализа. Еве некои од нив:

Интервал на заштита:

$$\text{Интервал за заштита} = \frac{\text{парични средства+ пазарни хартии од вредност + побарувања од купувачи}}{\text{проектирани издатоци}} \times 365$$

каде што

Проектирани издатоци = трошоци на продадени добра + други оперативни трошоци - амортизација

Овој индикатор е индикатор кој покажува што би се случило во најлош можен случај, односно што би се случило доколку друштвото престане со работа и има потреба да одработи само за да ги исплати сегашните тековни обврски. Тоа е така нареченото најлошо сценарио. Се изразува во број на денови за да се сврти производен и продажен циклус за да би се исплатиле постојните обврски.

Побарувања од купувачите / Обврски кон добавувачите:

Овој индикатор едноставно ги става во сооднос побарувањата од купувачите спрема обврските кон добавувачите. Индикаторот се чита на следниов начин:

За секој денар обврски кон добавувачи Друштвото побарува “x” денари побарувања од купувачи. Како и кај сличните индикатори, колку е поголем индикаторот, толку финансиската сигурност е поголема, и обратно.

9.3.3.Аванс на трошоците за водење на претходната постапка

Конечното уредување на предлогот за отворање на стечајната постапка или ако тој стадиум не воопшто започнат значи завршување на стадиумот на претходно испитување на предлогот за отворање на стечајната постапка, и почеток на нов стадиум. Се работи за стадиум на постапката во кој треба да биде исполнета основната процесна претпоставка за продолжување на постапката по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка, а тоа е авансирање на износ на име трошоци за спроведување на претходната постапка.

Овој стадиум на постапката по поднесениот предлог започнува со донесување на решение со кое судот го определува износот потребен за покривање на трошоците потребни за водење на претходната постапка и рокот во кој тој износ треба да биде уплатен. Значи, судот веднаш по завршувањето на претходно испитување на предлогот носи решение со кое го определува износот кој предлагачот треба да ги авансира за покривање на трошоците за водење на претходната постапка.

Доколку, предлагачот во оставениот рок ги уплати средствата, судот пред да отвори претходна постапка треба да испита дали се исполнети условите за определување на мерки за обезбедување. Авансот на трошоци за водење на претходна постапка изнесува од 15.000,00 до 25.000,00. Истиот се уплатува на депозитната сметка на судот.

Последицата од не плаќањето на авансот во рок од осум дена сметано од денот на приемот на решението е донесување решение со кое се отфрла предлогот поради неуплатен аванс на трошоци за водење на претходна постапка.

Правните последици од отворената стечајна постапка влијаат на уплатениот аванс. Така доколку претходната постапка заврши со правосилно решение за отворање на стечајната постапка во тој случај уплатениот износ на име аванс за водење на претходната постапка претставува трошок на стечајната постапка, што значи дека од првите средства кои ќе влезат од впаричената стечајна маса, овој износ треба да му се исплати на предлагачот. На оваа обврска не влијае дали предлагачот барал враќање на овој износ или не. Се работи за обврска на стечајниот управник, кој е должен да внимава на овој факт и да побара одобрение од стечајниот судија да го исплати овој износ на предлагачот.

Во случај ако не дојде до отворање на стечајната постапка и било донесено решение со кое се одбива предлог на предлагачот за отворање на стечајната постапка или решение со кое се отвора стечајната постапка и истата не се спроведува и веднаш се заклучува. Од уплатениот аванс за водење на претходна постапка се исплаќаат настанатите трошоци за спроведување на претходната постапка.

ПРАВНА ПОЛОЖБА И ДОЛЖНОСТИ НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

Должностите на стечајниот управник поврзани со стечајната постапка започнуваат уште во претходната постапка. Сепак улогата на стечајниот управник во претходна постапка е ограничена и зависи од одлуката на стечајниот судија. Значи, таа зависи од тоа дали стечајниот судија во претходната постапка ќе определи мерки на обезбедување и ќе ги определи должностите на стечајниот управник.

Улогата на стечајниот управник во претходна постапка има привремен карактер и затоа во претходната постапка тој се појавува како привремен стечаен управник. Значи, се очекува од стечајниот управник во овој стадиум на постапката кога се врши испитување дали се условите за отворање на стечајна постапка. да преземе дејства кои се насочени кон заштита на интересите на доверителите и должникот од една страна и утврдување на сите факти во врска со околностите поврзани со испитување на условите за отворање на стечајна постапка .

10. Претходна постапка

Решението за поведување на претходна постапка донесено од страна на стечајниот судија, го означува крајот на стадиумот на испитување на предлогот за отворање на стечајната постапка и уплатувањето на авансот на трошоците за водење на претходната постапка.

Стечајниот судија, решението за поведување на претходна постапка го донесува вон рочиште и со него се определува датумот на одржувањето на рочиштето за испитување на услови за отворање на стечајната постапка. Примерок од решението се доставува до Централен регистар на Република Македонија и се објавува на веб страницата на судот кој го донел решението.

Стечајниот судија, заедно со решението за поведување на претходна постапка го доставува и предлог за отворање на стечајната постапка на должникот во случај кога предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од доверител**.** На овој начин должникот се запознава со предлогот за отворање на стечајната постапка и може да се произнесе по истиот.

Целта на спроведување на претходната постапка е да се испита дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Судот во овој стадиум на постапката внимава на тоа дали против истиот стечаен должник веќе бил поднесен предлог за отворање на стечајна постапка и во кој стадиум се наоѓа постапката по тој предлог.

Во случај еден или повеќе доверители независно еден од друг да поднесат предлози за отворање на стечајна постапка над ист должник во различни фази од претходната постапка, стечајниот судија кој прв започнал да презема одредени процесни дејства во врска со поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка по службена должност ќе мора да ги спои сите подоцнежни предлози за отворање на стечајна постапка поднесени од друг доверител спрема ист должник и да одлучи по нив. Ова од причина што поднесување на предлог од еден доверител значи дека веќе е заснован и започнал да тече еден стечајно процесен однос.

Спојувањето на постапките судот ќе го направи со донесување на писмено решение. Во овој случај важи правилото дека судот со едно решение ќе одлучи за сите поднесени предлози за отворање на стечајната постапка

Значи, со оглед на тоа што во стечајната постапка важи правилото дека над стечајниот должник може да се води само една стечајна постапка, во тој случај судот по службена должност води сметка за тоа колку предлози за отворање на стечајната постапка се поднесени против должникот со тоа што ќе изврши спојување на поднесените предлози во единствена постапка која се води над должникот заради заедничко расправање.

Концептот на кој се заснова стечајната постапка не дозволува и претставува пречка за настанување на повеќе стечајни процесни односи. Така доколку е отворена стечајна постапка против должникот и настанале правните последици од неа, не е допуштено судот да постапува по поднесен предлог за отворање на стечајна постапка од предлагач и стечајниот судија ќе треба да донесе решение со кое новиот предлог ќе го отфрли како недопуштен. Самата стечајна постапка и настанатите правни последици, претставуваат пречка паралелно или истовремено да се водат две стечајни постапки против ист должник во ист суд на територијата на Република Македонија.

Во врска со правилата за месната надлежност на судот треба да разликуваме и т.н. атракциона надлежност. Всушност од моментот на настапувањето на правните последици на отворената стечајна постапка доаѓа до т.н, потполна атракција на надлежноста, со оглед на тоа што судот кој донел решение за отворање на стечајната постапка е исклучиво надлежен да постапува и ги привлекува во својата надлежност сите спорови кои настанале по повод отворената стечајна постапка без разлика на стварната и месната надлежност на судовите кои ги воделе тие спорови.

10.1. Непосредно отворање на стечајна постапка

Инаку, постои можност да се отвори стечајна постапка и без поведување на претходна постапка. Се работи за т.н. непосредно отворање на стечајната постапка во три случаја кога не се спроведува оваа постапка за испитување на условите за творање на стечајната постапка туку до отворање на на стечајната постапка доаѓа во рок од осум дена по поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка.

10.1.1. Должникот – ликвидатор како предлагач

За да дојде до непосредно отворање на стечајната постапка во овој случај треба да бидат исполнети одредени услови. Покрај предлогот должникот односно ликвидаторот треба да поднесе и извештај за економско финансиска состојба на должникот.

За отворање на стечајна постапка по предлог на ликвидатор е специфично тоа што не се спроведува претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка од причина што во овој случај се отвора стечајна постапка поради презадолженост односно обврските спрема доверителите се многу поголеми од имотот кој го има друштвото во ликвидација, па доверителите неможат да се намират во целост. На ликвидаторот е товарот на докажувањето дека започната ликвидација неможе да се доврши, односно дека друштвото во ликвидација нема доволно имот за намирување на доверителите во целост и поради тоа е потребно да се отвори стечајна постапка. Поради тоа тој е должен заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка да достави извештај за економско финансиска состојба на друштвото во ликвидација.

Инаку, заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка должникот треба да ги достави потребните исправи и докази од кои може да утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка и дека има имот над кој може да се спроведе стечајната постапка.

10.1.2. Доверител како предлагач

Вториот случај се однесува на случајот кога предлог за отворање на стечајна постапка поднел доверител. Основен услов кој треба да биде исполнет за да дојде до непосредно отворање на стечајната постапка е стечајниот должник го признае постоењето на условите за отворање на стечајна постапка и дека има имот над кој може да се спроведе стечајната постапка.

Значи доволно е должникот да достави поднесок или на рочиштето на записник да признае дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка како и достави докази дека има имот над кој таа може да се спроведе.

10.1.3. Предлог за отворање на стечајна постапка над субјект во реорганизација

Уште еден случај во кој не се испитува дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка во претходна постапка е отворање на стечајна постапка над

субјектот во реорганизација кој не ги исполнува обврските согласно содржинскиот дел од планот реорганизација. Во овој случај предлагач е контролорот или стечајниот управник, односно кој врши надзор на спроведување на планот за реорганизација. Доволно е во овој случај кон предлогот да бидат поднесени и докази дека планот за реорганизација не се извршува. Во овој случај предлагач може да биде и доверител кој е опфатен со планот за реорганизација.

10.2. Влијание на претходната постапка на правниот субјективитет на должникот

Анализата на правните последици од решението за поведување на претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка нема влијание на правниот субјективитет на должникот. Состојбата по должникот останува иста се до моментот кога судот ќе донесе решение со кое ќе одреди мерки за обезбедување. Значи, органите на управување на должникот продолжуваат да функционираат , да го водат деловниот потфат ако е активен и да носат одлуки кои се однесуваат на раководење со должникот. Во овој период за нив постои обврска да соработуваат со Судот околу информациите кои му се потребни да одлучи по поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка.

Секако дека органите на управување на должникот ќе имаат поинаков пристап кога предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од доверител кој до судот доставил докази за тоа дека должникот е неспособен за плаќање подолг временски период. Во овој стадиум на претходната постапка кога се испитуваат две основни работи, а тоа дали должникот има имотот наd кој може да се отвори стечајна постапка и дали должникот е инсолвентен, органите на должникот можат да го разгледат предлогот за отворање на стечајна постапка и да достават одговор на истиот до судот. Одговорот ќе треба да содржи факти кои се реален одраз на финансиската состојба во која се наоѓа должникот.

Можни се неколку ситуации кои органите на управување на должникот можат да ги искористат во ваква состојба. Првата е да достават до судот одговор на предлогот со кој ќе го известат судот дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка и да дојде до непосредно отворање на стечајна постапка без понатамошно спроведување на претходната постапка. Понатаму, да преземат сите дејства околу надминување на тешката финансиска состојба и за тоа да го известат судот.

Различно е правното дејство на ограничувањето на располагањето во случај кога се определени мерки за обезбедување заедно со решението за поведување на претходна постапка. Тоа влијае на имотно правниот субјективитет на должникот кој му овозможува да учествува во правниот промет. Имотно правниот субјективитет на друштвото е условен од повеќе елементи кои во целина гледано му овозможуваат на истото нормално функционирање во правниот промет.

Тие елементи се: правната способност која значи стекнување на можност за стапување во односи со трети лица од кои произлегуваат одредени права и обврски за друштвото. Деловната способност која друштвото ја стекнува истиот момент со стекнувањето на правна способност значи самостојно влегување во имотно правните односи. Деликтна способност е способност на друштвото да одговара за сторената штета. Оваа способност е пренесена од органите на друштвото на самото друштво.

Правните последици од решението со кое се поведува претходна постапка и се определуваат мерките за обезбедување влијаат на правниот субјективитет на друштвото во целина, а степенот на ограничување на правниот субјективитет зависи од тоа која мерка за обезбедување стечајниот судија ќе ја определи.

10.3. Мерки за обезбедување

Целта на определувањето на мерките за обезбедување е да се исклучи можноста да настанат било какви промени во финансискиот статус на стечајниот должник како и имотната состојба на должникот кои за доверителите би биле неповолни. Со други зборови со нивното определување треба да се создадат услови сите доверители да бидат во подеднаква положба спрема должникот и да се воспостави контрола над имотот кој влегува во стечајната маса. Правното дејство на мерките за обезбедување трае до моментот на донесување на решението за отворање односно одбивање на предлогот за отворање на стечајната постапка.

Мерките за обезбедување по правило можат да се определат само во случај кога доверителот поднел предлог за отворање на стечајна постапка.

Исклучок од ова правило е што овие мерки се определуваат ex lege и во случај кога органите на должникот овластени за застапување поднеле предлог за отворање на стечајна постапка и предлагаат стечајната постапка да се отвори со тоа што истата нема да се спроведе и веднаш ќе се заклучи поради тоа што должникот не располага со имот или тој имот е недоволен за исплата на трошоците на стечајната постапка

Во случај кога органите на должникот овластени за застапување поднеле предлог за отворање на стечајна постапка со предлог истата да се отвори и спроведе, судот не поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка и определува мерки за обезбедување. Во овој случај се применуваат правилата за непосредно отворање на стечајната постапка.

Мерките за обезбедување стечајниот судија ги определува со решение. Решението за определување на мерки за обезбедување, стечајниот судија може да го донесе:

- пред да биде донесено решението за поведување на претходна постапка,
- заедно со решението за поведување на претходната постапка,
- по донесување на решението за поведување на претходната постапка.

За донесувањето на решение за определување на мерки за обезбедување, стечајниот судија одлучува вон рочиште. Против ова решение без разлика дали истото е донесено заедно со решението за поведување на претходна постапка или подоцна не е дозволена жалба

При донесувањето на решението за определувањето на мерки за обезбедување, стечајниот судија испитува дали се исполнети условите за определување на мерки за обезбедување. Од ова правило има исклучок, а тоа е случај кога се спроведува скратена стечајна постапка, односно кога органите на должникот поднеле предлог за отворање на стечајна постапка и предложиле нејзино не спроведување и заклучување. Во овој случај стечајниот судија во секој случај ex lege донесува решение за поведување на претходна постапка, определува мерки за обезбедување со тоа што именува привремен стечаен управник кој покрај другите овластувања треба да испита дали должникот има имот над кој може да се спроведе стечајната постапка. И во случај кога е поднесен предлог за отворање на стечајна постапка со изготвен план за реорганизација, судот задолжително носи вакво решение.

При оценка на околностите во кој момент треба да биде донесено решението и дали постојат услови за определување на мерки за обезбедување, треба да се внимава и на деловниот углед на должникот. Ова од причина што донесувањето на вакво решение и правните последици од истото може да наштети на неговиот углед и уште повеќе да ја влоши неговата и онака лоша финансиска состојба. Ова посебно е однесува на случаите кога не е расправено прашањето за тоа дали должникот е инсолвентен.

Во случај кога може да се утврди уште на почетокот на претходната постапка дека должникот е инсолвентен подолг временски период, определувањето на мерките за обезбедување е задолжително.

Правните последици од определените мерки за обезбедување, односно ограничувањето со располагање по правило траат се до моментот додека стечајниот судија не донесе решение за нивно укинување, односно се до моментот кога стечајниот судија ќе донесе одлука по повод поднесениот предлог.

Доколку, стечајниот судија донесе решение за отворање на стечајна постапка нема потреба да донесе и решение со кое ќе ги укине ограничувањата определени со мерките за обезбедување. Ова од причина што правните последици од отворената стечајна постапка ги анулираат последиците од ограничувањата определени со мерките за обезбедување, односно тие ограничувања продолжуваат и по отворањето на стечајната постапка. Од ова правило има исклучок а тоа кога судот со отворањето на стечајната постапка ќе дозволи и лично управување под надзор на повереник. Во сите други случаи стечајниот судија со посебно решение ќе ги укине ограничувањата и јавно ќе ги објави.

10.3.1. Видови на мерки за обезбедување

Мерките за обезбедување имаат правно дејство на одлуките кои ги донесуваат органите на управување во врска со управувањето со имотот и вршењето на исплата од сметката на должникот.

Од друга страна тие влијаат и на можноста на доверителите да го наплатат своето побарување преку извршување или да го обезбедат своето побарување.

Значи не сите мерки за обезбедување имаат исто правно дејство, а со тоа влијаат и на управувањето со имотот и автономијата на доверителите при наплатата на побарувањето во претходната постапка.

Стечајниот судија со решението може да одреди една или повеќе мерки за обезбедување. Така тој може да:

- именува привремен стечаен управник од листата на стечајни управници кои се стекнале со звање овластен стечаен управник.
- да одреди општа забрана за располагање со имотот на должникот или
- да одреди дека должникот може да располага со својот имот само со претходно одобрение на стечајниот судија или на привремениот стечаен управник
- да забрани или привремено да го одложи одредувањето или спроведувањето на присилното извршување или обезбедувањето против должникот.
- да ги забрани исплатите од сметката на должникот.

Во секој случај постои можност за комбинирање на ограничувањата определени со мерките за обезбедување со цел да не се наруши имотната состојба на должникот како и да им се оневозможи на органите на управување на должникот да располагаат со имотот на начин што ќе ги доведе доверителите во нерамноправна положба или ќе создадат услови должникот да нема имот од кој би не намириле побарувањата на доверителите.

10.4. Ограничување на правниот субјективитет на должникот

При донесувањето на решението за определување на мерки за обезбедување стечајниот судија во зависност од околностите на секој поединечен случај треба да оцени што точно треба да постигне со определувањето на овие мерки, или уште поточно да оцени со кои мерки најдобро ќе се постигне целта на нивното определување.

Во таа смисла треба да се направи разлика помеѓу тоа дали целта на определување на овие мерки е насочена само кон функционирањето на органите на

управување на должникот, на тој начин што ќе им им се забрани располагање со имотот или целосна заштита на имотот на должникот.

Доколку, судија оцени дека целта на мерките за обезбедување ќе биде постигната само со ограничување на управување на органите на управување тогаш тоа може да се постигне на два начина.

Првиот начин е да се именува привремен стечаен управник и да се одреди општа забрана за располагање со имотот на должникот. Во тој случај овластувањето во врска со располагање со имотот на органите на должникот паѓаат на привремениот стечаен управник.

Од анализата на ограничувањата определени со мерките за обезбедување може да се заклучи дека тие имаат влијание на правната положба на органите на управување, односно на правната способност на должникот како правно лице.

10.4.1. Општата забрана за располагање со имотот

Правните последици од ограничувањето должникот да располага со имотот значат привремено суспендирање секаква можност органите на управување да располагаат со имотот на должникот.

Значи со одредување општата забрана за располагање со имотот на должникот органите на управување на должникот се ограничени да склучуваат било какви договори за отуѓување на имотот со трети лица. Оваа околност е од важно значење за нотарите. Тие треба да внимаваат ex lege со тоа што доколку е донесено решение со определување на ваква мерка за обезбедување, не треба да преземаат било какви дејства поврзани со составување на нотарските исправи во кои една од страните се органите на должникот.

Нотарот по приемот на решението за определување на мерка за обезбедување мора да ги запре сите дејства за составување на нотарски акт во секој случај кога органите на управување на должникот по донесувањето на решението за мерки за обезбедување пристапат со цел да склучат некој договор со доверител, со која располага со имотот.

Гледано пошироко привременото ограничување на располагање на органите на управување се однесува и на склучување на договори кој се однесува на подигање заем, кредит, ставање под залог и гаранција, односно отуѓување или стекнување на имот. Тука спаѓаат и склучување на договор за пристапување кон долг или располагање на имотот за потребите на трето лице и над тој имот ќе воспостави заложно право.

10.4.2. Овластувања на привремениот стечаен управник

Привремениот стечаен управник се именува од редот на овластените стечајни управници. Со оглед на тоа што со одредување на мерката за обезбедување, општа забрана за располагање со имотот се ограничуваат сите овластувања на органите на управување во врска со располагањето со имотот, на привремениот стечаен управник се пренесуваат одредени овластувања. Се работи за три основни овластувања од кои две се поврзани со управување на имотот. Тие се:

- заштита на имотот на должникот

При определување на оваа мерка за обезбедување мерките за заштита треба да бидат точно определени. Стечајниот судија определувањето на мерките за заштита на имотот може и дополнително да го направи со заклучок во зависност од секој конкретен случај.

Во секој случај, во претходната постапка дејствата на привремениот стечаен управник треба најпрво да бидат насочени кон пронаоѓање на седиштето на должникот посебно местото каде што го извршува деловниот потфат, констатирање на состојба кој е лицето кое управува со должникот, преземање на документацијата во врска со имотот, пронаоѓање на имотот и преземање на конкретни заштитни мерки. Тие би ги опфатиле, оценка на тоа кој го врши обезбедувањето на имотот и дали тоае доволно да се постигне целта на оваа мерка за обезбедување. Лоши практики би биле поврзани со инертноста на привремениот стечаен управник и непреземање на никакви мерки за заштита на имотот.

- согласност на органите на управување на должникот, односно на должникот, ако е трговец - поединец за водење на работењето сé до донесувањето на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот;

Овластувањата на органите на управување поврзани со водење на работењето на должникот остануваат и понатаму, меѓутоа тие се ограничени ex lege и за донесување на секоја одлука поврзана со работењето на должникот неопходна е согласност на привремениот стечаен управник. За секое дејство кое го презема органот на управување, доколку е тој активен потребна е согласност од привремениот стечаен управник. Лоши практики во овој дел, а кои можат дополнително да завршат и со одредена одговорност за органот на управување е преземање на конкретни дејства без согласност на привремениот стечаен управник, а кои се однесуваат на отуѓување на производи на должникот. На пример преземање дејства и вршење на извоз на стоки без добиена согласнот од привремениот стечаен управник. Добри практики во овој сегмент се детално известување на привремениот стечаен управник со потребата да се изврши продажба на определени стоки, негово разгледување на потребата од преземање на овие дејства од аспект на преземини договорни обврски кои биле претходно склучени и давање писмено одобрение.

Можна е ситуација кога органот на управување на должникот го напуштил должникот, а заради заштита на имотот, остранување на штетни последци кои дополнителн ќе го оптоварат имотот и во тој случај, сите дејства кои ги вршел органот

на управување може да ги преземе привремениот стечаен управник врз основа на решение на стечајниот судија со кое се одобрува водење на деловниот потфат пред отворањето на стечајната постапка.

Во случај ако должниците на должникот во овој период од постапката ќе ја исполнат обврската, тоа можат да го сторат на сметката на должникот при што привремениот стечаен управник ја има целосната контрола на приливите односно одливите од сметките. Значи привремениот стечаен управник ја контролира состојбата со приливите при што од посебно значење е контролата по кој основ приливите пристигале на сметката на должникот.

Со оглед на тоа што во овој период се уште не е отворена посебна сметка, можно е поради пристигнатите приливи на сметката на должникот, да престане формалниот услов на неспособноста за плаќање со што сметката од блокирана ќе стане функционална. На тој начин можат да престанат условите за отворање на стечајната постапка и да престанат условите за определување на мерки за обезбедување.

Должниците на должникот имаат обврска своите неплатени обврски спрема должникот да ги исплатат и привремениот стечаен управник, кој врши контрола на уплатените средства на сметката на должникот и тоа по основ и висина. Истото се однесува на должниковите солидарни содолжници и гаранти, кои исто така треба без одлагање, да ги исполнат своите обврски кон должникот.

- да испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Ова овластување е поврзано со испитување за фактите поврзани со вредноста на имотот кој треба да биде дел од стечајната маса, односно дали од тој имот ќе се може да се намират трошоците на стечајната постапка. Значи уште во оваа фаза кога се уште не е отворена стечајната постапка, привремениот стечаен управник треба да направи анализа дали имотот кој ќе влезе во стечајната маса е доволен за намирување на трошоците во постапката. Ова овластување е тесно поврзано со анализата на тоа колку ќе изнесуваат трошоците на стечајната постапка.

- ги презема и парниците и другите постапки кои се во тек

Определувањето на општа забрана на располагање со имотот значи дека овластувањето за располагање со имотот на должникот преминуваат на привремениот стечаен управник истиот ги презема и парниците и другите постапки кои се во тек.

Привремениот стечаен управник додека ја врши својата должност може да преземе одредени дејства кои се поврзани со предизвикување на трошоци и преземање на обврски во име на должникот. Тие трошоци се однесуваат во случај кога привремениот стечаен управник го водел деловниот потфат на должникот. Општо земено со законот е предвидено дека привремениот стечаен управник дава согласност на органите на управување на должникот, односно на должникот ако е трговец-поединец за водењето на работењето. Меѓутоа, можно е привремениот стечаен управник да го преземе и водењето на деловниот потфат на должникот, во случај кога тоа е напуштено од органот на управување пред се поради инсолвентноста со која се соочува должникот или стечајниот судија со решението посебно ќе го овласти.

Во овој случај, привремениот стечен управник е должен да ги изврши и обврските кои ги преземал во врска со исполнување на траен облигационен однос доколку примил против чинидба за имотот со кој управува по неговото именување. Значи, се работи за исполнување на обврските по траен облигационен однос, само доколку примил против чинидба.

Укинувањето на ограничувањето и забраните влијае на исполнување на обврските кои ги преземал во текот на траењето на ограничувањата и забраните определени со мерките за обезбедување. Во таков случај тој пред да биде разрешен односно укината мерката за обезбедување тој е должен да ги исполни обврските кои ги преземал како привремен стечен управник во име на должникот, како и обврските од траен облигационен однос, доколку примил против чинидба за имотот со кој управува по неговото именување.

Овие обврски привремениот стечаен управник е должен да ги исполни во оние случаи кога стечајниот судија ќе донесе решение за запирање на претходната постапка.

Во случај кога стечајниот судија на рочиштето за отворање на стечајна постапка донесе решение за отворање на стечајна постапка над должникот и привремениот стечаен управник ќе го именува и за стечаен управник тие обврски можат да бидат извршени и по отворање на стечајната постапка. Кога привремениот стечаен управник треба да ги изврши обврските во име и за сметка на должникот зависи од одлуката на стечајниот судија.

Разрешувањето на привремениот стечаен управник, може да биде дел од решението со кое претходната постапка се запира поради условите исполнети со закон и укинувањето на мерките за обезбедување.

Можно е стечајниот судија да донесе решение со кое само ќе определи привремен стечаен управник, без да биде одредена општа забрана за располагање на имотот.

Во тој случај во решението ќе треба точно да бидат одредени овластувањата на привремениот стечаен управник кои неможат да бидат пошироко определени од оние кои со закон се определени во случај кога е определена општа забрана за располагање со имотот. Со ова решение стечајниот судија може да одреди органите на управување на должникот да располагаат со имотот само со претходно одобрение на стечајниот судија или привремениот стечаен управник.

При вака јасно разграничување на овие две состојби погрешна е оценката дека ако со решението е определен само привремен стечаен управник без да се наведат кои се неговите овластувања, се работи за определување на општа забрана на располагање со имотот.

Именувањето на привремениот стечаен управник како мерка за обезбедување не значи и привремено ограничување на доверителите да ги наплатат своите побарувања во оваа фаза на постапката.

Доколку, судот сака со изречените мерки за обезбедување да дојде до целосна заштита на имотот на должникот тогаш тоа може да го постигне ако заедно општата забрана за располагање на имотот и именувањето на привремениот стечаен управник

ќе ги одреди и мерките за обезбедување со кои се забранува или привремено се одложува одредувањето или спроведувањето на присилното извршување или обезбедувањето против должникот.

Именувањето на привремениот стечаен управник, зависи од околностите во секој конкретен случај. Оценката за тоа дали судот во конкретен случај ќе именува привремен стечаен управник зависи од тоа дали должникот има активен деловен потфат или не. Ако се работи за активен деловен потфат тогаш по правило, судот треба да донесе решение со кое ќе биде именуван привремен стечаен управник и истовремено ќе одреди општа забрана на органите на должникот за располагање со имотот. Ова дотолку повеќе што една од должности на привремениот стечаен управник во овој случај е да дава согласност за преземените дејства на органот на управување на должникот при работењето. Значи привремениот стечаен управник е должен покрај преземените дејства поврзани со заштита на имотот активно да го надгледува работењето на органите на управување при водењето на деловниот потфат.

Во оваа фаза на постапката, привремениот стечаен управник при вршењето на своите овластувања посебно е должен да направи анализа дали работењето на должникот може да продолжи во одредени делови или во целина. Доколку се работи должник кој својата дејност ја вршел во повеќе објекти и имал недовршено производство кое е во тек, тогаш постојат услови уште во овој дел од постапката судот да му одобри на привремениот стечаен управник да го доврши дел од незавршените работи, со цел не настанат штетни последици по имотот на должникот и уште повеќе да се влоши неговата финансиска состојба. Доколку при извршување на своите овластувања привремениот стечаен управник направи обврски спрема трети лица тој е должен истите да ги надомести. Добри практики е продолжување на деловните активности на должникот во насока на одржување на производството.

Во случај кога продолжувањето на работењето на должникот може да доведе до штета по имотот кој влегува во стечајна маса и со тоа ќе се влоши финансиската состојба на должникот може да побара одобрение од стечајниот судија за привремено затворање на деловниот потфат.

Органите на управување на должникот правно лице, односно должникот поединец се должни непречено да му овозможат на привремениот стечаен управник пристап во деловните простории како и увид во целокупната деловна документација, трговските книги и сметководствена документација. Доколку органите на управување и надзор не ги извршуваат своите обврски и не соработуваат на привремениот стечаен управник може да се соочат со приведување, притвор и парична казна.

Во случај кога доверителот со предлогот за отворање на стечајна постапка, предложил и стечајниот управник, судот е врзан за овој предлог, освен ако се исполнети услови од овој закон кои го исклучуваат ова лице да биде именувано за стечаен управник. Понатаму, судот треба да ги испита и сите други околности кои можат да бидат пречка предложениот стечаен управник од страна на доверителот да биде именуван и за привремен стечаен управник.

Во случај доверителот како предлагач да не предложил стечаен управник, односно должникот предложил отворената стечајна постапка да не се спроведува поради недоволност на имот, во тој случај именувањето на привремениот стечаен

управник задолжително се врши по електронски пат од листата на стечајни управници на судот кој е месно и стварно надлежен да постапува по предлогот за отворање на стечајната постапка. Ова дотолку повеќе што овластувањата и улогата на привремениот стечаен управник е истоветна со онаа што ја има стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка.Лоша практика во овој дел од постапката ако судот не го почитува електронскиот избор на стечајни управници и за привремен стечаен управник именува едно лице, а подоцна кај отворањето на стечајната постапка со електронски избор врши изменување на друго лице.

Исто така, судот треба да внимава на ограничувањата кои се предвидени во законот а кои се однесуваат на тоа кој неможе да биде именува за стечаен управник. Покрај ова во оваа фаза на претходната постапка, стечајниот судија треба да испита дали постојат и други ограничувања кај лице кое треба да го именува за привремен стечаен управник.

Една од основните овластувања на привремениот управник во периодот додека ја врши својата должност е да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и спроведе стечајната постапка. Со други зборови треба да утврди дали должникот има имот од кој би се формирала стечајна маса за намирување на трошоците во постапката и побарувањата на доверителите.

Испитување на тоа дали должникот има имот е сложена операција бидејќи привремениот стечаен управник треба да направи целосна анализа од која ќе се утврди движењето на имотот на должникот, посебно дали тој имот бил отуѓуван. Притоа треба да изврши увид во документацијата на должникот.

Привремениот стечаен управник може да биде овластен од стечајниот судија како стручно лице да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка односно дали должникот е неспособен за плаќање. Стечајниот судија ако не го овласти привремениот управник како стручно лице да ги испита условите за отворање на стечајната постапка, во претходната постапка може да определи едно или повеќе вешти лица кои ќе испитаат дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка. Рокот во кој овластеното вешто лице е должно да го изготви вештиот наод и мислење е осум дена по донесувањето на решението за негово именување. Лоша практика би било да се именува вешто лице наместо привремениот стечаен управник затоа што со тоа се руши целата концепција на претходната постапка. Исто така лоша практика е именување на привремен стечаен управник и именување на проценувачи со цел да се процени вредноста на основачкиот влог на должникот. Добра практика би била стечајниот судија да одреди овластено вешто лице кое ќе ги испитува условите за отворање на стечајна постапка согласно со овој закон само во случаите кога е тоа спорно.

Именување на привремен стечаен управник нема влијание на договорни односи на должникот со неговите деловни партнери и тие по правило неможат да бидат откажани само од причина што над должникот била поведена претходна постапка и бил именуван привремен стечаен управник.

Имајќи во предвид дека се работи за мерка за обезбедување која има последици на работењето на должникот, како и на неговиот однос со трети лица, истата треба да биде јавно објавена. Решението за мерки за обезбедување јавно се

објавува само во делот на ограничувањата на располагањето на органот на управување на должникот.

Покрај јавното објавување на ова решение тоа се доставува на должникот и привремениот управник, а истовремено се доставува и до Централниот регистар и до другите јавни книги како што е катастарот за да биде запишано ограничувањето на располагањето. Стечајниот судија решението со кое одредил ограничувања со располагање јавно ќе го објави, односно ќе го достави до Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата ВЕБ страница, а се објавуваат и во "Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла на судот.

Доколку членовите на органот на управување на должникот ги повредат ограничувањето на располагањето одредени со решението на стечајниот судија, во тој случај тие правни дејства се ништовни и не произведуваат правно дејство. Се работи за сите располагања на застапникот на должникот со имотот кој претставува стечајна маса.

10.4.3. Располагање со имотот со претходно одобрение од стечајниот судија или привремениот управник

За разлика од општата забрана за располагање со имотот, мерката ограничувањето со располагање со имотот со претходно одобрение од стечајниот судија или привремениот стечаен управник не ја ограничува до крај правната способност на должникот. Органот на управување на должникот мора пред да преземе некое дејство кое е насочено кон располагање со имотот да добие одобрение од страна на стечајниот судија или привремениот стечаен управник. Во спротивно преземеното дејство не произведува правни последици и е ништовно. Одобрението од стечајниот судија или од привремениот управник по правило би требало да биде во вид на писмено решение.

10.4.4. Забрана на исплатите од сметката на должникот

Се работи за ограничување кое може стечајниот судија да го одреди во случај кога ќе оцени дека нема потреба да именува привремен стечаен управник и да наложи општа забрана за располагање со имотот. Ова ограничување, влијае на правниот субјективитет на должникот, на начин што создава услови органите на управување да не смеат да располагаат со паричните средства кои се наоѓаат на сметка на должникот.

Тоа ограничување може да се определи само ако стечајниот судија оцени дека нема негативно да се одрази на деловниот потфат на должникот и да направи дополнителни штети на стечајната маса.

10.5. Ограничување на автономијата на доверителите - мирување на постапките

Како што е претходно спомнато, привременото определување на ограничувањата има двојно влијание. Едното е привремено ограничување на правниот субјективитет на должникот, а второто ограничување на автономијата на доверителите во присилната наплата на побарувањата. Со второто ограничување се создаваат услови привремено да се забрани одредување на извршни дејства против должникот и неговиот имот. Втората појавна форма на овој вид на ограничување е привременото одложување на спроведување на извршните дејства.

10.5.1. Забрана или привремено одложува одредување или спроведување на присилното извршување или обезбедување против должникот

Одредување на мерката со која ќе се забрани или привремено ќе се одложи одредување или спроведување на присилното извршување или обезбедување против должникот има влијание на автономијата на доверителите да го наплатат своето побарување од должникот по присилен пат.

Целта на оваа мерка е имотот на должникот до отворање на стечајната постапка да остане во целина и да се овозможи активирање на механизмите на стечајната постапка за колективно намирување на доверителите.

Всушност, определување на една ваква мерка значи дека веќе во претходната постапка настанале процесно правните последици, а тоа е мирување на постапките кои се водат спрема должникот во кои е загрозен имотот на должникот (automatic stay).

Сепак и во овој случај може да каже дека ова привремено мирување нема за последица прекин на парниците кои се водат против должникот или кои ги води должникот, тие и понатаму продолжуваат. Оваа мерка има влијание само на спроведувањето на постапките за присилно извршување и постапките за обезбедување спрема должникот. Таа не настапува ex lege туку мирувањето може да дојде само по претходна оценка на стечајниот судија. Втората разлика е што настанува само делумно мирување на постапките меѓутоа доволно да биде постигната целта.

Со тоа и се разликува од мирувањето на постапките кое се случува како последица на правните последици од отворањето на стечајната постапка кога до целосно мирување на постапките доаѓа по сила на законот.

Со еден збор, без разлика каква одлука ќе донесе стечајниот судија, извршителот нема да може да постапува по поднесените нови барања за извршување ниту да продолжи по постоечките против должникот. Значи од денот на донесување на решението со кое е определено ова ограничување извршителот нема да може да ги

преземе односно да продолжи спроведување на извршните дејства, односно тој е должен да го прекине преземањето на било какво извршно дејство, без разлика дали се работи за правно или фактичко дејство во веќе започната постапка за извршување сметано од моментот на приемот на решението за определување на мерката за обезбедување.

Со други зборови, врз основа на вака донесеното решение на стечајниот судија настанува привремен застој на извршувањето, кое може да доведе и до запирање на извршувањето ако биде отворена стечајната постапка. Ова од причина што со настанување на правните последици од отворањето на стечајната постапка стечајните доверители своите побарувања можат да ги наплатат само според правилата на стечајната постапка. За нив е забрането да ги продолжат постапките за наплата на своето побарување преку извршување. Можноста за реализација на побарувањето и заложното право останува само за разлачните доверители, само доколку побарувањето и правото е утврдено во стечајната постапка и се изјасниле дека реализацијата ќе ја спроведат во постапка за извршување.

Во овој случај извршителот е должен да донесе заклучок со кој привремено ќе ја прекине постапката за извршување спрема должникот. Привремениот прекин за извршување има за последица престанок на течење на сите рокови определени за вршење на одделни дејства. Доколку тој што го поднел барањето преземал дејство спрема должникот по одредувањето на прекинот тие немаат никакво правно дејство. Привремено прекината постапка за извршување може да продолжи во случај кога ќе престанат причините за прекинот, а во конкретниот случај тоа е кога стечајниот судија ќе донесе решение за укинување на мерките за обезбедување.

Што се однесува до постапката за обезбедување на побарувањата, неа како самостојна постапка ја води судот и одлуките ги донесува судија поединец. Оваа постапка се поведува по барање на доверителот во форма на предлог во случај кога се поведува како самостојна постапка. По нејзиното поведување постапката за обезбедување, судот ја води по службена должност. Како средства за обезбедување на побарувањата со закон се определени заложно право на недвижност, заложно право врз подвижни предмети, претходни мерки, привремени мерки и пренос на сопственост на предмети и пренос на права.

Се работи за присилни средства за обезбедување на побарувањата кои што се определуваат и спроведуваат независно од волјата на должникот.

Исклучок од ова правило е преносот на сопственост на предмет и пренос на права кое претставува доброволно средство за обезбедување. За обезбедување со заложно право на недвижност може да се каже дека се работи за судско заложно право бидејќи се стекнува врз основа на судска одлука, донесена во постапка за обезбедување на побарувања и со запишување во соодветните јавни книги. Условот кој треба да биде исполнет за да може доверителот да се стекне со ваков начин на обезбедување на парично побарување е доверителот да поседува извршна исправа.

Правната последица од донесувањето на решението за определување на мерка за обезбедување на побарувањето во претходна постапка е спречување на донесување на решение со кое доверителот ќе се стекне со судско заложно право врз недвижност(хипотека) односно подвижни предмети.

Покрај тоа влијае на донесување на претходни мерки како што се попис на движни предмети, забрана на должников должник да му се исплати побарувањето, или да му предаде предмети, како и забрана на должникот да наплати побарување, да ги прими предметите и со нив да располага, забрана на носителот на платен промет на должникот или трето лице по налог на должникот да исплати од неговата сметка паричен износ за кој е дозволена претходната мерка и прибелешка на заложно право на недвижност на должникот или врз право запишано врз недвижноста.

Исто така влијае на донесување на привремена мерка за обезбедување на парично и непарично побарување како што се забрана на должникот да располага со подвижни предмети како и чување на тие предмети, забрана на должникот да отуѓи или оптовари своите недвижности или стварни права кои врз недвижноста се запишани во негова корист со прибелешка на таа забрана во јавна книга или да ги даде под закуп, забрана на должникот да продава хартии од вредност и удели, забрана на должниковиот должник да му исплати на должникот побарување или да му предаде предмети, како и забрана на должникот да прими предмети да наплати побарување или да му предаде предмети за наплата на побарување и да располага со нив и налог на носителот на платен промет на должникот или на трето лице по налог на должникот да не дозволи исплата од сметката на должникот на паричниот износ за кој е дозволена привремената мерка. Тука посебно треба да се нагласи дека со привремена мерка за обезбедување на непарично побарување не се стекнува заложно право.

Покрај наведеното, донесувањето на решението со кое е определена оваа мерка за обезбедување создава услови да се спречи на рочиште пред надлежниот суд на записник да се внесе спогодбата за обезбедување на парично и непарично побарување со пренос на сопственоста на подвижни и недвижни предмети и права познато и како фидуцијарен пренос на правото на сопственост или пренос на права.

Кај преносот на сопственоста на предметите, доверителот стекнува право на сопственост, а со преносот на некое право го стекнува во целост правото кое му е пренесено врз основа на спогодбата која ја склучил должникот. Оваа спогодба странките можат да склучат и кај нотар во форма на нотарски акт со кој му се пренесува на доверителот сопственоста на некој предмет од должникот или за таа цел на доверителот му се пренесува некое право на должникот.

Правни последици од донесеното решение за определување на мерки за обезбедување е прекин на постапката за обезбедување на побарувањето, се до моментот додека не се одлучи по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка. Тоа се однесува и склучување на спогодба за пренос на сопственоста на предметите и пренос на некое право пред нотар.

Покрај тоа што, донесувањето на решение за определување на оваа мерка за обезбедување има правни последици на извршните дејства кои ги презема извршителот, односно судот тоа има влијание и присилно извршување и определување на обезбедување од страна на управата за јавни приходи при наплата на даночниот долг на должникот како даночен обврзник. Всушност решението за определување на оваа мерка на стечајниот судија има влијание на даночно-правниот однос кој настанал помеѓу управата за јавни приходи и должникот како даночен обврзник, во врска исполнувањето на даночните обврски.

При определувањето на ова ограничување стечајниот судија треба да го има во предвид фактот дека е нормирана и заштита на доверителот поради одолжување на продажбата.

Така, кога како последица на вака донесено решение на доверител му е забрането да располага со предметот пред отворањето на стечајната постапка, овој доверител има право да му биде исплатена камата и тоа најдоцна во рок од деведесет дена по донесувањето на решението за отворање на стечајната постапка. Ова правило нема да се применува во случај кога од одредени околности произлегува дека обезбеденото побарување на разлачниот доверител нема да биде намирено. Се работи за околности кои се поврзани со износот на побарувањето на разлачниот доверител, вредноста на предметот врз кој постои разлачно право, приходите кои ќе бидат остварени од продажбата на предметот.

Исто така, кога како последица на вака донесено решение на разлачниот доверител му било забрането да располага со предметот над кое имал право на одвоено намирување и со тој подвижен предмет располагал привремениот стечајниот управник трошоците што ќе бидат предизвикани со располагањето на предметот ќе бидат намирени од стечајната маса, однапред и со користење на приходите остварени со располагањето. Доверителот со право на одвоено намирување има право веднаш да биде намирен од преостанатиот износ.

10.6. Укинување на мерките за обезбедување

Ограничувањата и забраните определени со решението на стечајниот судија со кое се определени мерките за обезбедување имаат правно дејство се до моментот додека не биде донесено некое друго решение кое влијае на ограничувањата и забраните предвидени со овие мерки. Не треба да се заборави дека се работи за ограничувања и забрани кои треба да бидат во правна сила многу кратко време.

Гледано од процесен аспект постојат два начина правното дејство на решението за определување на мерките за обезбедување и со тоа одредените ограничувања и забрани да престане.

Првиот начин е ex lege, односно по автоматизам.

Тоа е во случај кога предлагачот го повлекол предлогот за отворање на стечајната постапка. Во овој случај стечајниот судија ќе донесе решение со кое ќе ја запре претходната постапка и со истото решение ќе го укине решението за мерки за обезбедување и ќе го разреши привремениот стечаен управник доколку бил именуван.

Понатаму, кога во претходната постапка трето лице го преземал долгот на должникот. Во овој случај, стечајниот судија ќе донесе решение со кое ќе го одобри преземањето на долгот од страна на трето лице, ке ја запре поведената претходна постапка и ќе ги укине мерките за обезбедување.

Правното дејство на мерките за обезбедување престануваат ex lege и во случај кога во текот на претходната постапка должникот станал солвентен, односно престанале условите за отворање на стечајната постапка. Во овој случај стечајниот судија донесува решение за запирање на претходната постапка и ги укинува мерките за обезбедување. Доколку е именуван привремен стечаен управник истиот ќе го разреши.

Ваквото правно дејство престанува и во случај кога стечајниот судија ќе донесе решение со кое ќе одбие предлог за отворање на стечајна постапка по одржаното рочиште за испитување на услови за отворање на стечајната постапка. Во тој случај стечајниот судија ќе донесе решение со кое го одбива предлогот за отворање на стечајна постапка, ја запира поведената претходна постапка и го укинува решението за определување на мерки за обезбедување.

За разлика од погоре наведените случаи кога по сила на закон престанува правното дејство од одредените мерки за обезбедување, до престанување на правното дејство може да дојде и по одлука на судот.

Се работи за случаи кога судот ќе утврди дека се исполнети условите за ставање на истите вон сила, односно нивно укинување. Оценката на тоа дали се исполнети условите за укинување на мерките за обезбедување стечајниот судија ја заснова на доказите кои должникот ќе ги достави во текот на претходната постапка. Пред се должникот треба да презентира докази кои се поврзани со надминување на состојбата на инсолвентност. Покрај тоа на должникот е да докаже дека нема да настанат било какви негативни промени во неговиот финансики статус до моментот на донесување на одлуката во врска со поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка, кои за доверителите би биле неповолни.

Правното дејство на донесените решенија во текот на претходната постапка, односно од укинувањето на мерките за обезбедување влијаат на положбата на должникот и неговиот орган на управување. Повторно се воспоставува целосен правен субјективитет на друштвото, како и полн суверенитет на органите на должникот врз управувањето со имотот. Истовремено, престанува овластувањето на привремениот стечаен управник или другите мерки на ограничувања определени во другите видови на мерки на обезбедување.

Во сите овие случаи стечајниот судија е должен да го објави решението за укинување на мерките за обезбедување на истиот начин на кој го објавил и кога го донел.

Доколку, претходната постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка ќе заврши со донесување на решение за отворање на стечајна постапка над должникот, во тој случај не се укинуваат мерките за обезбедување од причина што нивното правно дејство продолжува во континуитет, со таа разлика што по настапување на правните последици од отворената стечајна постапка, ограничувањата кои настанале во текот на претходната постапка, продолжуваат на тој начин што доаѓа до целосно ограничување на правниот субјективитет.

Кога стечајниот судија, врз основа на извештајот на привремениот стечаен управник, ќе донесе решение со кое ќе отвори стечајна постапка и нема да ја спроведе и ќе ја заклучи, во тој случај исто така по автоматизам престануваат овластувањата на

привремениот стечаен управник. Доколку се определени други мерки за обезбедување нивното правно дејство престанува ex lege поради правните последици од решението за отворање, а не спроведување на стечајната постапка и негово бришење од регистарот каде што е запишан.

10.7. Обврски на органите на управување на должникот во претходна постапка

По поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, органите на управување на должникот, односно должникот поединец, има обврска да му ги стави на располагање и ќе му ги даде на стечајниот судија сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог.

Се работи за посебен вид на обврски за органот на управување на должникот кои се активираат како резултат на поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка до судот. До активирање на обврските доаѓа без разлика дали предлогот за отворање на стечајна постапка го поднело лицето овластено за застапување на должникот, или пак доверителот. Уште повеќе кога предлогот за отворање на стечајната постапка е поднесен од должникот, нормално е да се очекува дека органите на управување на должникот ќе соработуваат со судот, во насока на давање на сите информации во врска со поднесениот предлог.

Во секој случај, органот на управување на должникот има обврска да ги стави на располагање сите податоци и известувања кои можат да бидат од значење за отворањето на стечајната постапка. Стечајниот судија е тој кој во зависност од случајот може да ги побара овие податоци или известувања од органот на управување на должникот, а кои се од значење за донесување на одлука по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка.

Обврската за давање на податоците е насочена кон членовите на органот на управување и на органот на надзор, како и кон лично одговорните содружници на должникот, кои имаат овластување за застапување. Тие се должни да им ги дадат сите потребни информации за околностите што се однесуваат на постапката на стечајниот судија, привремениот стечаен и управник во претходната постапка, стечајниот управник, на одборот на доверителите и по налог на стечајниот судија, на собранието на доверителите по отворањето на стечајната постапка.

Инаку, обврската за информирање постои и за оние лица кои биле членови на органите на управување, надзор и биле овластени за застапување, кои биле избрани пред изборот на органите во моментот на поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка.

Овие лица, информациите поврзани со работењето на должникот се должни да ги дадат на стечајниот судија.

Во текот на претходната постапка, во која се утврдува дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, покрај тоа што постои должност за давање информации на привремениот стечаен управник, постои и обврска на органите на управување да му помагаат на привремениот управник при вршењето на неговите должности.

Покрај тоа, стечајниот судија може во секое време да им наложи на овие лица да ги достават бараните информации и да соработуваат со привремениот стечаен управник. Тие се должни да се воздржуваат од преземање на било какви активности кои се поврзани со отежнување на исполнување на оваа обврска.

Значи, овие лица се должни на привремениот управник да му ги дадат сите информации поврзани со финансиската состојба на друштвото, како и со состојбата со имотот на друштвото и побарувањата што ги има друштвото од трети лица, по основ на тужби или други основи за плаќање за склучените зделки со трети лица. При тоа, тие се должни да ги изнесат сите факти што можат да доведат и до нивно кривично гонење. Фактите што овие лица ги откриле, поради обврската наложена со овој член, не можат да се користат против нив без нивна согласност во судска, управна или друга постапка поведена против нив.

10.7.1. Извештај за економско финансиска состојба кој го поднесува должникот

Во секој случај кога органот на управување кој го застапува должникот поднел предлог за отворање на стечајна постапка заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка треба да поднесе извештај за економско финансиска состојба. Ако овој извештај не е поднесен, судот треба да му наложи да достави писмен извештај за економско финансиска состојба.

Стечајниот судија со писмено решение ќе му наложи на органот на управување во рок од осум дена да го достави извештајот. Ова решение стечајниот судија треба да го донесе уште во стадиумот на испитување на предлогот за отворање на стечајна постапка поради фактот што најпрво треба да се испита можноста за отворање на стечајна стечајна постапка без спроведување на претходна постапка.

За вистинитоста на податоците внесени во извештајот, нормирана е материјална и кривична одговорност за органите на управување кои го изготвиле извештајот. Во случај ако се работи за колективно управување, материјалната одговорност е солидарна.

Со оглед на фактот што извештајот за економско финансиска состојба во овој случај има карактер на доказ преку кој судот треба да утврди битни факти кои се поврзани со отворањето на стечајната постапка во тој случај се работи за поднесување на лажни докази или пак ако се утврди дека внесените податоци се лажни се работи за фалсификување на исправа.

Во извештајот за економско финансиска состојба, органите на должникот треба да ги наведат следните податоци и да ги приложат доказите за:

- имотот на должникот кој би влегол во стечајната маса, со тоа што се наведува недвижниот имот со кој располага должникот, доказ за сопственост и целокупниот подвижен имот.
- список на заложни права хипотека или рачна залога воспоставени над имотот на должникот
- список на заложните права кои ги има должникот спрема трети лица.
- основот на заложното право и висина на обврската која останала неисплатена
- побарување на должникот спрема трети лица кои не се наплатени, а се обезбедени со залог
- список на сите ненаплатени побарувања на должникот спрема трети лица со податоци за тоа дали истите се утужени или не, се води извршување итн.
- податоци за подвижен или недвижен имот кој се наоѓа кај должникот, а се во сопственост на трети лица
- список на сите важечки договори за закуп кој должникот ги склучил без разлика дали е закуподавец или закупец со податоци дали е платена закупнината или не.
- список на други двострано обврзувачки договори спрема добавувачи и трети лица кои не се извршени
- список на стечајните доверители на должникот со висината на побарувањата на истите спрема должникот.
- податоци за неисплатените обврски, блокада на сметка или услови да настане блокада на сметката.

Значи, ваков извештај судот може да побара во секој случај кога предлогот за отворање на стечајна постапка го поднел должникот, без разлика за тоа дали истиот во предлог бара да се отвори стечајна постапка или да се отвори стечајна постапка а да не се спроведе и веднаш да се заклучи.

10.8. Присилни мерки против органите на управување

Присилните мерките кои стечајниот судија може да ги определи спрема лицата членови на органот на управување и надзор како и спрема лицата овластени за застапување и лично одговорните содружници поради неисполнување на обврските за информирање се приведување, притвор заради давање на изјава и парична казна.

Инаку, карактеристично е што овие присилни мерки можат да бидат изречени како во претходната постапка така и по отворањето на стечајната постапка.

10.8.1. Приведување на членовите на органите на управување заради давање изјава

Приведување на членовите на органот на управување и надзор е мерка која се определува во случај кога стечајниот судија во претходната постапка, односно отворената стечајна постапка треба да прибави изјави потребни за одлучување по предлогот за отворање на стечајната постапка, односно за спроведување на стечајната постапка поврзана со финансиската состојба на должникот или со неговиот имот.

Основен услов кој треба да биде исполнет за може вакво решение да биде донесено е лицето од кое се бара изјавата намерно одбегнува да даде изјава.

Налогот за приведување го дава стечајниот судија по правило по предлог на привремениот односно стечајниот управник, со писмено решение против кое не е дозволена жалба. Извршувањето на решението за приведување го извршува надлежниот орган за внатрешни работи, со тоа што по пронаоѓање на лицето тоа се приведува кај стечајниот судија кој е должен во најкраток рок можен рок да ја прибави бараната изјава од приведениот член на органот на управување и надзор на должникот.

10.8.2. Притвор заради обезбедување присуство

Во зависност од однесувањето на приведеното лице и оценката на стечајниот судија во секој конкретен случај тој може да донесе решение со кое ќе определи и мерка притвор. Се работи за оние случаи кога стечајниот судија ќе оцени дека лицето избегнува или има намера да избегне давање на информации и соработка, а особено ако се подготвува за бегство.

За да може да дојде до донесување на решение за определување на мерката притвор на член на органот на управување и надздор треба да бидат исполнети процесни и материјални услови.

Основниот услов кој е процесен карактер кој треба да биде исполнет за стечајниот судија да го донесе решението за одредување на притвор, лицето да биде сослушано.

Посебни услови кои треба да бидат исполнети, а се од материјално правен карактер се поврзани пред се дејството кое го преземало лицето во врска со давањето на потребните информации. Тие дејства се одбивање лицето да ги даде потребните информации или да соработува со стечајниот управник во исполнувањето на неговите задачи.

Вториот услов е поврзан со избегнувањето или постоење на намера кај лицето да избегне давање на информации и соработка, а особено ако се подготвува за бегство или тоа е потребно да се спречи должникот во преземањето активности со кои би се

оневозможило или отежнало прибирањето на потребни исправи и информации, а особено прибирањето и заштитата на стечајната маса.

За донесување на одлука дали се исполнети условите за определување на присилна мерка притвор потребно е да биде исполнет еден од наведените услови.

10.8.3. Парична казна

Стечајниот судија може да донесе и решение со кое ќе определи парична казна за членот на органот на управување и надзор кој не ги исполнува наведените обврски. Определување на висината на поединечно изречената казна е во рацете на стечајниот судија и зависи во секој конкретен случај со тоа што поединечно изречената парична казна неможе да биде помала од 30.000 денари ниту повисока од 300.000 денари.

Наплата на определениот износ од ова решение кое има карактер на извршна исправа се врши во постапка за извршување. Добиените парични средства претставуваат стечајна маса и може да бидат предмет на распределба на стечајните доверители. под услов мерката да е изречена по отворањето на стечајната постапка.

10.9. Рочиште за испитување на услови за отворање на стечајната постапка

Донесување на одлука по поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка е последен стадиум во претходната постапка. Рокот во кој треба судијата да донесе решение за отворање на стечајна постапка по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка е триесет дена од денот на поведувањето на претходната постапка.

Се работи за рок кој нема преклузивен карактер, бидејќи оваа одлука може да биде донесена и по протекот на овој рок. Во зависност од случајот одлуката по поднесениот предлог може да се донесе и во пократок рок од предвидениот. Добра практика е кога стечајниот судија во зависност од околностите на случајот ќе одреди и рок кој е пократок од предвидените 30 дена. Лоша практика би била кога судот го продолжува предвидениот рок два или три пати без посебни причини.

Со определување на ваков рок се прави конкретизација на начелото на итност, така што стечајниот судија е должен да ги започне процесните дејства по поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка во рок од осум дена по приемот на предлогот во судот.

Во случај кога, со решението за определување на мерки за обезбедување привремениот стечаен управник е задолжен, да утврди дали должникот има имот над

кој може да се отвори и спроведе стечајната постапка и дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, привремениот стечаен управник составува извештај.

Овој извештај треба да содржи два дела.

Првиот или воведен дел треба да содржи податоци за самиот должник неговата форма, систем на управување и да се наведат причините поради кои должникот се нашол во состојба на инсолвентност и мерките кои ги преземал да ја надмине оваа состојба.

Во вториот дел привремениот стечаен управник треба да ги наведе сите мерки кои ги преземал во врска со заштитата на имотот на должникот и анализа на деловниот потфат доколку тој бил активен. Во овој дел треба да биде содржана и анализата на имотот на должникот, сопственичките права со наведување на евентуалните заложни права воспоставени врз подвижниот и недвижниот имот на должникот.

Исто така привремениот стечаен управник треба да направи и кратка анализа на побарувањата на должникот и можноста за нивна наплата.

Покрај тоа, во овој дел треба да биде направена и финансиска анализа на ликвидноста на должникот со користење на основните индикатори преку кои ќе измери ликвидноста. Тие индикатори се пресметување на тековен коефициент, брз ликвиден коефициент, паричен коефициент, коефициент на тековна ликвидност. Покрај овие основни индикатори можна е примена на други индикатори на ликвидност.

Привремениот стечаен управник, во извештајот за економско финансиска состојба дава мислење по однос на состојбата со имотот и анализата на ликвидноста на должникот до кое дошол по извршената анализа на трговските книги и финансиската документација на должникот. Донесувањето на одлуката и конкретната оценка на ова мислење е во надлежност на стечајниот судија.

Привремениот стечаен управник е должен да го достави овој извештај најдоцна во рок од осум дена пред одржувањето на рочиштето. Судот нема обврска овој извештај да го достави до должникот. Лоша практика е ако судот го доставува мислењето на стечајниот управник на органите на управување на должникот и чека нивно произнесување. Ова посебно во случај кога предлогот за отворање на стечајната постапка го поднел доверителот. На ваков начин се создаваат услови беспотребно да се одолговлекува претходната постапка кога органите на должникот можат по поднесениот извештај усно да се произнесат и на рочиштето на кое се испитуваат условите за отворање на стечајната постапка. Од друга страна привремениот стечаен управник извештајот го изготвува врз основа на сметководствената документација на должникот како и врз основа на писмени докази кои се прибавени од јавните книги, така што по правило констатираната состојба во тој извештај е неспорна.

Стечајниот судија во претходната постапка може определи вештото лице кое треба да ја испита инсолвентноста на должникот. Именувањето на вештото лице зависи од стечајниот судија кој треба да оцени дали има потреба да се именува во постапката пред се имајќи ги предвид доставените докази и мислењето на привремениот стечаен управник од една страна и оспорувањето на должникот од друга страна. Вештото лице исклучиво се определува само со цел да ја испита инсолвентноста на должникот. Лоша

практика е кога судот именува вешто лице во постапката и нему му ги пренесува овластувањата на привремениот стечаен управник. Вешто лице не е овластено во претходната постапка да испитува дали должникот има имот, односно дали имотот е доволен за намирување на трошоците во стечајната постапка.

Ако е определено, вештото лице има рок од 15 дена од денот на именувањето да состави наод и мислење и да го достави до стечајниот судија. Вештакот е должен вештачењето да го врши стручно и совесно во согласност со правилата на науката и струката, етичките норми и професионалните стандарди и да го достави до судот навремено во наведениот рок.

10.9.1. Процесни претпоставки за одржување на рочиштето за испитување на услови за отворање на стечајната постапка

Во случај кога стечајниот судија донел решение за спроведување на претходна постапка и определил мерки за обезбедување на рочиштето се повикуваат предлагачот, односно застапникот на должникот – правно лице, должникот поединец во зависност од тоа кој го поднел предлогот за отворање на стечајната постапка.

Така ако предлогот го поднел доверителот се повикува неговиот застапник по закон односно полномошник во зависност од конкретниот случај и застапникот по закон на должникот против кој е поднесен предлогот. Доколку предлогот е поднесен од должникот правно лице и должник поединец во тој случај се повикува застапникот по закон на должникот.

Покрај предлагачите и должниците, на ова рочиште се повикува и привремениот стечаен управник, доколку е именуван со решението за определување на мерки за обезбедување

На ова рочиште повиканите лица можат да се произнесат по поднесениот предлог по што стечајниот судија одлучува по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка и решението го објавува веднаш.

Стечајниот судија може да донесе решение за отворање на стечајна постапка или решение со кое ќе го одбие предлогот за отворање на стечајната постапка. Заедно со одлуката за одбивање на предлогот за отворање на стечајната постапка, стечајниот судија е должен да одлучи и за трошоците во постапката.

Покрај решението за отворање на стечајната постапка, стечајниот судија треба да донесе и решение со кое ќе ги определи трошоците во постапката кои по правило се наплаќаат од уплатениот аванс од страна на предлагачот. Во овој случај решението за определување на трошоците за водењето на претходната постапка не се доставува до предлагачот.

Основно правило во стечајната постапка е секој од учесниците да ги сноси своите трошоци во постапката освен во случај кога предлагачот ќе го повлече предлогот за отворање на стечајната постапка. Во тој случај трошоците на постапката паѓаат исклучиво на предлагачот. Во овој случај, стечајниот судија во решението со кое

констатира повлекување на предлогот за отворање на стечајна постапка е должен да наведе кој износ од уплатениот аванс е потрошен и доколку има повеќе уплатени средства истите треба да му се вратат на предлагачот.

Во секој случај како и да одлучи стечајниот судија по однос на предлогот за отворање на стечајна постапка против ова решение дозволено е правото на жалба во рок од осум дена.

Поднесената жалба од страна на должникот нема суспензивно дејство по однос на настанување на правните последици од отворената стечајна постапка.

Тоа значи дека и покрај тоа што е поднесена жалба од должникот, стечајната постапка продолжува и настапуваат правните последици од отворањето на стечајната постапка и процесните кои стечајниот управник треба да ги преземе. Добри практики е ако второстепениот суд одлучи брзо по поднесената жалба, а стечајниот управник не го запрел преземањето на процесните дејства. Лоша практика е ако стечајниот управник не презема никакво дејство во стечајната постапка чекајќи одлука од страна на второстепениот суд.

Ако решението за отворање на стечајната постапка по повод жалба е укинато од второстепениот суд, а во повторна постапка првостепениот суд донесе повторно решение за отворање на стечајната постапка, се смета дека правните последици од отворањето на стечајната постапка настапиле од денот кога првото решение за отворање на стечајната постапка било истакнато на огласната табла.

10.9.1.1. Рочиште за испитување на услови за отворање на стечајната постапка без спроведување на претходна постапка

Во случај кога стечајниот судија не донел решение за поведување на претходна постапка, тој треба веднаш да закаже и одржи рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајната постапка во рок од осум дена по приемот на предлогот.

На ова рочиштето судот ги повикува предлагачот, односно застапникот на должникот – правно лице. На рочиштето се разгледуваат доказите доставени од застапниците на должникот, или ликвидаторот кои се однесуваат на неспособноста за плаќање и дека должникот има имот над кој може да се отвори и спроведе стечајната постапка.

Доколку стечајниот судија од приложените докази утврди дека должникот нема имот над кој може да се спроведе стечајна постапка или пак тој е недоволен за покривање на трошоците на стечајната постапка, во тој случај стечајниот судија ќе донесе решение за определување на аванс на трошоци за спроведување на стечајната постапка со цел да поведе претходна постапка и да определи мерки за обезбедување односно да именува привремен стечаен управник кој би утврдил дали постојат услови за отворање на стечајната постапка и нејзино не спроведување и заклучување.

Значи во овој случај стечајниот судија може да донесе решение за отворање на стечајна постапка без спроведување на претходна постапка или да донесе решение со кое се определува висина на аванс за покривање на трошоците за спроведување на претходната постапка.

10.9.2. Преземање на долг од трето лице

Правните последици од спроведената постапка за преземање на долг е надминувањето на состојбата на инсолвентност и продолжување на нормално функционирање на деловниот потфат на должникот.

Со преземањето на долгот што должникот го има кон своите доверители од страна на трето лице, доаѓа до законска персонална суброгација со тоа што третото лице дава гаранција дека ке ја исполни обврската на должникот спрема доверителот и на него преоѓа обврската на должникот спрема доверителот.

Ова постапка може да се поведе без разлика по чиј предлог започнала стечајната постапка, по предлог на доверител или должник.

Активна легитимација за поведување на постапката за преземање на долг, ја има секое правно и физичко лице. Постапката за преземање на долг може да започне од денот кога судијата донел решение за поведување на претходната постапка, до моментот на заклучувањето на рочиштето за испитување на условите за отворање на стечајна постапка.

По заклучувањето на ова рочиште, односно донесувањето на одлуката за отворање на стечајна постапка над должникот не постојат услови за спроведување на постапката за преземање на долг.

Иницијален акт за поведување на постапката за преземање на долг е доставување на писмена изјава до судот од страна на третото лице. Покрај писмената изјава за преземање на долг третото лице треба да достави и банкарска гаранција. Доставувањето на банкарската гаранција е облигаторен услов стечајниот судија да ја разгледа изјавата за преземање на долг. Значи дадена усна изјава на записник пред судот без притоа да се достави писмена банкарска гаранција не значи дека постапката за преземање на долг била иницирана и стечајниот судија може да ја нотира на записник меѓутоа истовремено да констатира дека не се исполнети условите за поведување на постапка за преземање на долг од причина што не е доставена банкарска гаранција.

Во случај кога третото лице дало изјава или ја поднело во писмена форма до стечајниот судија и доставило банкарска гаранција во тој случај стечајниот судија може да го одложи рочиштето за испитување на услови за отворање на стечајна постапка за да ја провери банкарската гаранција. Во случај кога третото лице писмената изјава и банкарската гаранција ја доставило веднаш по донесувањето на решението за поведување на претходна постапка, постои можност судијата веднаш да ја провери доставената банкарска гаранција и да го презакаже рочиштето за испитување на услови

за отворање на стечајната постапка и да одлучи врз основа на поднесената изјава и банкарската гаранција.

Ако се утврди дека изјавата за преземање на долгот е без покритие, се отвора можност за негова одговорност за штета, ако се утврди дека настанала штета поради поднесената писмена изјава. Постапката за надомест на штета се поведува пред надлежниот суд. Воедно, трето лице е одговорно и за надомест на трошоците во стечајната постапка кои настанале поради одолговлекувањето на отворањето на стечајната постапка.

Значи, подносителот на изјавата покрај изјавата како иницијален акт треба да достави и банкарска гаранција во висина на долгот на должникот спрема доверителите до денот за давањето на изјавата и истата да биде дадена од првокласна банка.

Во случај, стечајниот судија да утврди дека заедно со изјавата е доставена и банкарска гаранција која има покритие во тој случај ќе донесе решение со кое ќе одобри преземање на долгот и ќе ја запре претходната постапка. Лоша практика е испитувањето на банкарската гаранција да ја врши привремениот стечаен управник. Тоа е обврска на стечајниот судија. Против решението со кое се одобрува преземањето на долгот, предлагачот има право на жалба. Стечајниот судија е должен примерок од ова решение да достави покрај на доверителот и должникот до Централниот регистар. Тоа значи дека должникот по правосилноста на решението за преземање на долг би можел повторно да ја извршува непречено својата деловна активност.

Правните последици од правосилното решение за запирање на претходната постапка со кое е одобрено преземањето на долгот кој го има должникот спрема доверителите создава нов правен однос помеѓу трето лице и неговиот гарант спрема доверителите на должникот како и помеѓу трето лице и должникот.

Тоа значи дека лицето кое ја доставило изјавата за преземање на долг и неговите гаранти одговараат солидарно со должникот за неговите обврски што настанале по давањето на изјавата за преземање на долгот. секој од доверителите кои во тој момент има побарување кое е опфатено со банкарската гаранција може да го наплати своето побарување веднаш со активирање на банкарска гаранција.

Со други зборови третото лице со својот гарант ги презема сите обврски на должникот спрема доверителите кои настанале до денот на давањето на изјавата и преземањето на долгот. Покрај нив за тие обврски одговара солидарно и должникот.

Поднесувањето на изјавата за преземање на долг има правно дејство на односите помеѓу преземачот на долгот и предлагачот.

Стечајниот судија со решението со кое го одобрува преземањето на долгот ќе определи и рок во кој преземачот на долг треба да ја намири обврската која ја има должникот спрема доверителот. Во моментот кога трето лице ќе го исплати преземениот долг тогаш тој доаѓа на местото на доверител спрема должникот и може да побара наплата на своето побарување од должникот во секое време .

Значи, во случај ако некое трето лице во текот на претходната постапка поднел предлог за преземање на долг на рочиштето заради расправање на условите за отворање на стечајната постапка се повикува и тоа лице. Во зависност од секој

конкретен случај на ова рочиште се разгледува извештајот на привремениот стечаен управник, како и наодот и мислењето на вештото лице ако бил определен и се испитува можноста за преземење на долг ако таков предлог од трето лице бил доставен.

11. Правни последици од отворена стечајна постапка

Донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка претставува основно решение во стечајната постапка, врз основа на кое настануваат правните последици од отворената стечајна постапка.

Со ова решение не само што, судот мериторно одлучува по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка туку и констатира дека должникот се наоѓа во посебна економско финансиска состојба на инсолвентност која има влијание на начинот на кој доверителите можат да пристапат кон намирување на побарувањата кои ги имаат спрема должникот.

Покрај донесеното решение, Судот треба да изготви и оглас со кој јавно се објавува е отворена стечајната постапка над должникот. Огласот треба да биде објавен на огласна табла на судот истиот ден кога решението за отворање на стечајна постапка ќе биде донесено и во Службен весник на РМ, како и во два најтиражни весници кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија.

Огласот кој ќе биде објавен во дневниот печат треба да содржи минимум информации за тоа дека е отворена стечајна постапка над должникот. Значи објавувањето на огласот во дневниот печат треба да биде повеќе сигнал доверителите да започнат со подготовки околу пријавувањето на побарувањата.

По правило тој оглас содржи елементи кои се однесуваат на назив на судот што го донел решението за отворање на стечајната постапка;бројот на предметот, датум кога е отворена стечајната постапка и објавен огласот на огласна табла на судот, фирма, седиште, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и број на сметката на должникот;име и презиме на стечајниот управник: датумите за кога се закажани испитното рочиште како и правото извештајно собрание. Се работи за податоци кои треба да ин бидат достапни на доверителите, особено за податокот во врска со денот кога е истакнат огласот на огласната табла на судот од причина што треба да знаат кога настанале правните последици од отворањето на стечајната постапка.

Инаку, рокот во кој доверителите треба да ги пријават своите побарувања започнува да тече од денот на извршената објава во Службен весник на Република Македонија. По правило објавата во Службен весник на Република Македонија ќе се случи многу подоцна од моментот кога ќе биде објавен во дневниот печат поради периодичното печатење на ова гласило. Елементите предвидени во оваа одредба се од облигаторен карактер за огласот кој се објавува во Службен весник на Република Македонија. Правното дејство на јавно соопштување што се врши со оглас објавен во

Службен весник е поинакво во однос на објавувањето на останатите огласи. Во овој случај, објавувањето на огласот во Службен весник на Република Македонија произведува правно дејство за учесниците во постапката, како и за доверителите веднаш од денот на објавувањето, а не од нормирани општи рокови.

Стечајниот управник решението им го доставува на предлагачот, должникот и банката која за должникот е носител на платен промет. Во случај кога предлагач е самиот должник тогаш доставата се врши само до него. Покрај на странките во постапката решение мора да се достави и до други органите кои се од значење за водењето на стечајната постапка.

Тоа се органите кои го водат трговскиот регистар и јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите и во други регистри, заради упис на решението за отворање на стечајна постапка. Органите кои ги водат овие регистри постапуваат по службена должност и го вршат уписот во соодветните регистри. Ваквиот упис е потребно да се изврши поради тоа што од денот на отворањето на стечајната постапка поточно од денот на објавувањето на огласот на огласната табла во судот настапуваат правни последици кои се непосредно поврзани со застапувањето на должникот и со забраната на извршување и обезбедување односно настапување на т.н. мораториум на постапките.

11.1. Основни правни последици

Со отворањето на стечајната постапка, односно наредниот ден кога огласот за отворање на стечајната постапка ќе биде истакнат на огласната табла настануваат и правни последици. Основна карактеристика на правните последици е во тоа што тие настануваат ex lege и неможат да се ограничат.

Целта на правните последици е да создадат услови за примена на начелото на еднаква положба на сите доверители со состојба на нивните побарувања на денот на отворањето на стечајната постапка како и да се оневозможат одредени доверителите да се стекнат со можност да го наплатат своето побарување пред останатите доверители или во повисок износ. Затоа и важи правилото дека стечајните доверители можат да го наплатат побарувањето само доколку го пријавиле во стечајната постапка

Правните последици можат да се поделат на правни последици од материјално правен карактер, и правни последици од процесно правен карактер.

11.1.1. Материјално - правни последици

Материјално - правни последици се оние правни последици кои влијаат на важењето или содржина на правните односи помеѓу должникот и неговите доверители, кои настанале пред отворањето на стечајната постапка. Некој правни

последици по сила на закон влијаат на содржината на правните односи меѓу доверителите и должникот без разлика на правниот основ на настанување на тие односи. Во врска со некои договорни односи настапуваат правни последици, не по сила на законот туку само доколку бидат исполнети одредени понатамошни услови.

Од материјално - правни последици од отворање на стечајната постапка треба да се разликува материјално правните последици кои влијаат на процесните дејства на доверителите во таа постапка, како што е пријавување на побарување. Треба да се каже дека и во овој случај се работи за основни правни последици кои влијаат на содржината на сите правни односи помеѓу должникот и доверителите. Како посебна материјално правна последица на отворањето на стечајната постапка е и побивањето на должниковите правните дејства.

11.1.2. Процесно правни последици – мирување на постапките

Процесно правна последица поврзана со побарувањата на доверителите е т.н. автоматското мирување на постапките. Ова правило има двојна цел, од една страна му се овозможува на стечајниот должник да го заштити својот имот и деловниот потфат на тој начин што ќе ја задржи неговата вредност и целокупност од налетот на доверителите со доспеани побарувања и да предложи реорганизација, а од друга страна директно е поврзано со спроведување на паритетното намирувањето на побарувањата на доверителите.

Се работи за процесно правно средство, кое ex lege делува на тој начин што спречува отворање односно суспендира продолжување на судски, административни или други индивидуални дејства насочени кон имотот, правата, обврските и одговорностите на должникот. На овој начин се ограничува и автономијата на доверителите, бидејќи тие неможат слободно да располагаат ниту пак да ги наплатат своите побарувања, се до моментот кога во стечајната постапка не се остварат услови за тоа.

Од моментот на настапувањето на правните последици од отворена стечајна постапка настапува мораториум кој е насочени на сите преземени дејства, а кои биле насочени кон отуѓување на имотот, како и обезбедувањата кои се во тек, а се определени со општите прописи. Оваа правна последица од отворање на стечајната постапка е насочена кон заштита на имотот на должникот и кон формирање на стечајна маса која ќе се употреби за намирување на побарувањата на стечајните доверители.

Така, не само што се прекинуваат постапките во кои судот забранил отуѓување или го оптоварил имотот на должникот, туку одлуките на судот со кои се определени забрана за отуѓување односно забрана за оптоварување на имотот на должникот заради заштита на интересите на поедини лица се без влијание во стечајната постапка.

Стечајниот управник при оценката на побарувањата на одредени доверители кои пред отворањето на стечајната постапка се стекнале со одлуки на судот во кои е определено дека е забранета продажба на целиот или на дел од имотот на должникот како и негово оптоварување, а со цел да обезбеди побарувањето на тој доверител нема

да ги зема во предвид. Лоша практика е донесување на привремена мерка со која судот забранува продажба на имотот дел од стечајната маса во парница која се води за оспорено побарување. Исто така лоша практика е ако стечајниот управник ги земе во предвид донесените привремени мерки во одредена парница и ги третира како обезбедено побарување. На ваков начин судиите фаворизираат одредени доверители и ги рушат сите начела на стечајната постапка кои се однесуваат на колективното намирување.

Правните последици од отворената стечајната постапка, влијае на сите парници, на тој начин што доаѓа до настапување на прекин на сите парници. Доколку, пред отворањето на стечајната постапка должникот како тужител водел парници кои се однесуваат на имотот, како и наплата на побарувања од своите должници кои што влегува во стечајната маса водењето на истите ги презема стечајниот управник. Истото правило важи и во случај кога биле водени парници од страна на доверителите како тужители спрема должникот во својство на тужен, со тоа што во овој случај тужителите кои имаат побарувања ќе мораат да ги пријават побарувањата во стечајната постапка.

Донесеното решение за прекинување на постапката од страна на судот има за последица да престанат да течат сите рокови определени за вршење на парничните дејства. За време на траење на прекинот. судот неможе да презема никакви дејства во постапката. Парничните дејства што ги презела едната од странките спрема другата странка додека трае прекинот на постапката немаат правно дејство. Нивното дејство започнува дури откако постапката ќе продолжи .

Ако прекинот на парницата во која доверителот е тужител настапи по заклучувањето на главната расправа, судот може врз основа на расправата да донесе одлука. На одлучувањето на судот односно дали ќе пристапи кон изготвување на пресудата влијае моментот кога парницата била прекината заради настанување на правните последици од отворената стечајна постапка. Со други зборови доколку прекинот настапил по објавувањето на пресудата, во тој случај тоа не влијае на изготвувањето на пресудата. Ова од причина што пресудата веќе била јавно објавена. Меѓутоа ако пресудата не била објавена, а прекинот настанал во тој случај парничниот суд ќе треба да застане со понатамошниот тек на парницата односно со јавното објавување на пресудата и со нејзиното изготвување.

Во овој случај, Судот ќе треба да ја прекине постапката и да не одлучува со оглед на тоа што доверителот односно тужителот ќе треба своето побарување кое е предмет на тужбата да го пријави во стечајната постапка. Дури по произнесувањето на стечајниот управник по пријавата на овој доверител (тужител во парницата) и како тој ќе се произнесе зависи продолжувањето на парниците или не.

Со ова одредба е нормирано прашањето кој ќе ги надомести трошоците во постапката, односно во кое својство доверителот ќе може да бара намирување на трошоците во постапката. Одговорот на ова прашање зависи од тоа како ќе се произнесе стечајниот управник по поднесената тужба. Доколку стечајниот управник го оспорил побарувањето на доверителот кој како тужител водел постапка против должникот и парницата продолжила по прекинот и стечајниот управник веднаш по продолжувањето на парницата го признал тужбеното барање, доверителот ќе може да ги оствари трошоците на парничната постапка само како стечаен доверител. Ако,

стечајниот управник ја продолжи парницата и го загуби спорот во тој случај тужениот,односно доверителот има право на надомест на парничните трошоци од стечајната маса со приоритет како обврски на стечајната маса.

11.2. Правни последици и правниот субјективитет на должникот

Во зависност на кои субјекти на стечајната постапка се однесуваат основните правни последици може да се поделат уште на правни последици кои се однесуваат на должникот, на доверителите и правни последици кои се однесуваат на трети лица .

Отворањето на стечајната постапка поточно денот кога огласот за отворање на таа постапка е закачен на огласна табла на судот е моментот од кога ex lege настапуваат правните последици кои влијаат на правната положба на должникот во стечајната постапка. Правните последици од отворената стечајна постапка влијаат на должникот на начин што доаѓа до ограничување на имотно-правниот субјективитет, со сите елементи на правна, деловна и деликтна способност, како и карактеристиките на друштвото, застапувањето и имотот и ограничување на работењето на органите на управување на трговското друштво.

Така, правната способност на друштвото по настапувањето на правните последици се пренесува на органите на стечајната постапка. Иако денот кога настапиле правните последици од отворената стечајна постапка не значи и губење на својството на правно лице на должникот. Пренесувањето на сите овластувања на органите на управување кои се однесуваат на имотот на должникот на стечајниот управник, значи и почеток на крајот на функционирањето на друштвото како правно лице.Истото се однесува и на деловна способност на друштвото како самостојно влегување во имотно правните односи и формирање на волјата за склучување на одредени договори.

Од отворањето на стечајната постапка и настапувањето на правните последици не постои можност должникот односно неговите органи самостојно да влегуваат во имотно правните односи и формираат волја за склучување на одредени договори во врска со вршењето на деловниот потфат од причина што деловната способност на друштвото е ограничена.

Деликтна способност, како способност на самото друштво да одговара за сторената штета со настапување на правни последици е исклучена од причина што за штета што ќе настане во овој период одговараат стечајниот управник, односно одборот на доверители.

Правните последици од отворената стечајна постапка директно влијаат на правата кои ги имаат основачите на друштвото, односно акционерите или содружниците со тоа што нивните гласачки права се целосно замрзнати.

Правните последици влијаат и на статусно - правните каратеристики на стечајниот должник. Се менува фирмата на стечајниот должник со тоа што кон постоечката фирма треба да се додаде дека е во стечај. При вршењето на трговската

дејност, како и при стапувањето во правниот промет трговските друштва, се индивидуализираат со фирмата која истовремено претставува име на друштвото. Фирмата претставува израз на правниот субјективитет на друштвото, како носител на правата и обврските во правниот промет. Фирмата на друштвото е името под кое друштвото работи и под кое учествува во правниот промет. Тоа е една од најважните карактеристики на друштвото и треба да биде определена со препознатливи белези кои ќе ја одвојат од исти или слични друштва со иста дејност. Фирмата на трговското друштво се определува и менува на начин определен со изјавата за основање на друштвото од едно лице, со договор за друштвото, односно со статутот. Фирмата на трговското друштво и сите нејзини промени се запишуваат во трговскиот регистар. Начелото на вистинитост доаѓа до целосен израз при определување на фирмата, па така податоците што се запишуваат во фирмата мора да се вистинити.

Фирмата мора да содржи и одредени податоци со кои ќе се означи предметот на работење на трговското друштво, седиштето и формата на друштвото. Фирмата може да содржи додатоци како што се: цртежи, слики, симболи, ознаки и друго, а кои се во функција на поблиско обележување на трговското друштво. Во фирмата не треба да бидат содржани податоци што создаваат или можат да создадат забуна во поглед на предметот на работењето на трговското друштво, впечаток за идентитет или за поврзаност со друго трговско друштво или ако водат кон повреда на правата на индустриската сопственост или на други права на други трговски друштва, односно лица регистрирани во земјата и во странство.

Покрај тоа што фирмата има индивидуалистички карактер таа претставува и самостојна имотна категорија.

На фирмата на должникот правните последици од отворената стечајна постапка влијаат на тој начин што истата треба да претрпи измени на тој начин што треба на јасен и недвосмислен начин на сите учесници да им се стави до знаење дека над должникот е отворена стечајна постапка. Така, до постојната фирма, со сите нејзини елементи, се додава наставката во стечај и истото треба да се впише во трговскиот регистар. Тоа пак за стечајниот управник значи дека одземените печати од должникот треба да ги уништат за што треба да состави и соодветен записник и да се направат нови печати со новата фирма на должникот. Покрај тоа измените во фирмата се запишува во Централниот регистар на РМ и во другите регистри и се објавува на ист начин како што се објавуваат податоците од тие регистри.

Потоа по правило се менува седиштето на стечајниот должник . Настануваат и промени на дејноста на должникот. Така неговата трговска дејност по правило престанува. Стечајниот должник не е веќе учесник во платниот промет и се менува неговиот статус на даночен обврзник.

Правните последици директно влијаат на правата кои ги имаат основачите на друштвото односно акционерите со тоа што нивните гласачки права се целосно замрзнати, со оглед на тоа што веќе не се носат одлуки поврзани со управувањето на друштвото. Со тоа кај акционерските друштва престанува постоењето на собранието на акционери како највисок хиерархиски орган во друштвото, поточно истото во ова фаза неможе да донесува никакви одлуки преку кои се остваруваат интересите на акционерите. По однос на правата на акционерите може слободно да се каже дека сите

престануваат освен оние кои остануваат во сферата на дел од имотните права на акционерите кои се однесуваат на правото на исплата на остатокот од стечајната маса. Ова право претставува и олицетворување на правниот интерес и процесна легитимација на акционерите да учествуваат во стечајната постапка, освен ако имаат одредени облигационо - правни односи до должникот.

Тоа е резултат на активирањето на правилото според кое правното лице одговара за обврските спрема доверителите со целиот свој имот што претпоставува одвојување на имотот на основачите од имотот на должникот кој влегува во стечајната маса. Престануваат нивните други имотни права на исплата на дел од добивката и правото за приоритетно стекнување на нови акции. Истовремено престануваат и членските права на акционерите како што се: активно и пасивно изборно право во органите на друштвото, право на надзор на работењето на друштвото, правата на информации и право на побивање на одлуките на органите на друштвото. Од друга страна правните последици доведуваат до престанување на сите надлежности на органите на управување и надзор кој биле основани кај должникот без разлика дали се работи за едно степен или двостепен систем на управување,кај акционерските друштва, вклучувајки го и правото на застапување и претставување во правниот промет. Значи овластувањата кои ги имале менаџерите во врска со водењето на работата на друштвото како и спроведувањето на одлуки престануваат.

Правните последици од отворена стечајна постапка има влијание и на располагањето на поранешните застапници на должникот без разлика дали се работи за должник правно лице или должник поединец со имотот од стечајната маса.

Во случај поранешниот застапник на должникот да не ја почитувал оваа забрана и понатаму продолжил да располага со имотот, во тој случај за преземените обврски одговара со лично со својот имот. Доколку, поранешните застапници располагале со имотот на одреден начин по настапување на правните последици од отворена стечајна постапка таквото располагање се без правно дејство по сила на закон.

Во случај кога и покрај ваквата забрана, поранешните застапници располагале со имотот, другата страна може да побара да и врати против чинидба од стечајната маса. Стечајниот управник постапувајќи по ваквото барање на втората страна ќе мора да утврди дали вредноста на стечајната маса е зголемена или не, со располагање на поранешните застапници. Во случај на зголемена вредност на стечајната маса, стечајниот управник ќе треба да и ја врати против чинидбата.

Покрај наведените ограничувања во правниот субјективитет, правните последици од отворената стечајна постапка влијаат и на деловниот потфат на трговското друштво. Доколку пред отворањето на стечајната постапка должникот имал активен деловен потфат, по правило тој може да продолжи и по отворање на стечајната постапка, се до моментот на изјаснувањето на доверителите на првото извештајно собрание на доверители. Одборот на доверители, именуван од стечајниот судија, може да одлучи деловниот потфат да биде затворен и пред одржување на собранието на доверители. Продолжувањето на деловниот потфат зависи од секоја конкретна ситуација и треба да биде предмет на оценка на стечајниот управник. Дефинитивната одлука по однос на функционирање на деловниот потфат ја имат доверителите и таа

одлука ја донесуваат на собрание на доверители. На седницата на првото извештајно собрание ќе се донесе конечна одлука околу финкционирањето на деловниот потфат.

Во секој случај, доколку деловниот потфат е продолжен пред првото извештајно собрание на доверители, него го води стечајниот управник. По исклучок, доколку е одобрено лично управување под надзор на повереник, во тој случај органите на управување на должникот го водат деловниот потфат.

11.2.1. Обврски на органите на управување во стечајна постапка

По настанувањето на правните последици од отворањето на стечајната постапка се менува и карактерот на информациите кои овие лица треба да ги дадат како и органите на кои ги даваат.

По отворањето на стечајната постапка органите на управување се должни да ги дадат сите информации поврзани пред се можноста да се пронајде што поголем имот кој би послужил за намирување на побарувањето на доверителите. Се работи за длабински информации, фокусирани на обврските кои ги има должникот спрема доверителите, посебно оние кои ги пријавиле своите побарувања во стечајната постапка. Предмет на информациите треба да бидат постоењето на поврзани друштва со должникот, како и сите побарувања кои ги има должникот спрема трети лица кои влегуваат во стечајната маса. Во тој контекст од огромна помош за самата стечајна постапка се информациите поврзани со поднесените тужби спрема должниците и дополнителни информации кои стечајниот управник неможе да ги утврди од трговските книги на должникот посебно ако тие биле неажурно водени. По настанување на правните последици овие информации се даваат на органите на стечајната постапка и тоа на стечајниот управник, како и на одборот на доверителите, а по налог на стечајниот судија, на собранието на доверителите.

11.2.2. Присилни мерки против органите на управување во стечајна постапка

Присилните мерките кои стечајниот судија може да ги определи спрема лицата членови на органот на управување и надзор како и спрема лицата овластени за застапување и лично одговорните содружници поради неисполнување на обврските за информирање се приведување, притвор заради давање на изјава и парична казна.Се работи а истите присилни мерки кои се обработени во делот кој се однесува на обврските на органите на управување во претходна постапка.

11.2.2.1. Забрана на примање на поштенски пратки

Покрај останатите мерки, против должникот во стечајната постапка може да биде преземена и мерка за забрана на примање на поштенски пратки. Оваа мерка е предвидена за да се откријат или да се спречат правни работи на должникот кои се преземаат на штета на доверителите. Ја определува стечајниот судија, со решение кое може да го донесе по службена должност, или по предлог на стечајниот управник.

Мерката се состои од наредба одредени или сите поштенски пратки за должникот да се доставуваат на стечајниот судија или на стечајниот управник. При спроведување на оваа постапка стечајниот судија задолжително ќе го сослуша должникот. Против ова решение право на жалба има должникот.

Стечајниот судија во случај кога ќе оцени дека нема потреба од ваква мерка може да донесе решение со кое ќе ја укине наредбата. Ова правило создава услови и за заштита на должникот така што стечајниот управник може да ги отвора само оние практи кои се однесуваат на стечајната маса додека сите други пратки може да ги отвори и да изврши увид во нив само стечајниот судија.

Причината за тоа е што по отворањето на стечајната постапка стечајниот управник го презима и клучот од фахот во кој стигнувала поштата на должникот така што има целосен увид во сите поштенски пратки што стигнуваат кај должникот. Определувањето на оваа мерка би имала смисла само во случај да се работи за одредени поштенски пратки што стигнуваат на други адреси на органите на должникот или пак во стечајните постапки отворени над должник поединец.

11.3. ПРАВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ И ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ

По настапувањето на правните последици од отворањето на стечајната постапка, стечајните доверители можат да го остварат своето побарување само во стечајна постапка.

Ова правило е едно од основните правила со кое се ограничува автономијата на доверителите при наплатата на своите побарувања. Значи од моментот на настанување на правните последици од отворената стечајна постапка доверителите можат да ги наплатат своите побарувања спрема должникот само во стечајна постапка.

Со други зборови последицата од ваквото правило со кое се разработува колективното намирување на доверителите е ако сакаат доверителите да го наплатат своето побарување од должникот тие се должни да го пријават во рок од 15 дена кој е преклузивен за стечајните доверители, а е предвиден во огласот за отворање на стечајната постапка објавен во Службен весник на Република Македонија.

Во спротивно, односно ако не поднеле пријава во стечајната постапка, стечајните доверители немаат можност ниту да водат парнична постапка против

должникот како средство за заштита на своите права ниту да го наплатат своето побарување во парница. Ова правило се применува и во случај кога е одобрен планот за реорганизација во стечајна постапка и должникот продолжил со деловниот потфат. Со други зборови субјектот во реорганизација со планот за реорганизација е должен само да ги исплати побарувањата на стечајните доверители кои го пријавиле своето побарување во стечајната постапка.

Тоа значи дека доколку нивното побарување во стечајната постапка е утврдено со решение донесено од стечајниот судија, тоа решение има својство на извршна исправа и се извршува во стечајната постапка.

Не постои правен основ, парничниот суд да води повторно парнична постапка за веќе утврдено побарување во стечајната постапка, ниту пак да води парница по тужба на тужител кој како доверител пропуштил да го пријави своето побарување во стечајната постапка.

Правните последици од отворената стечајна постапка различно влијаат на побарувањата на доверителите, а посебно на каматите поради задоцнета исплата на побарувањето. Така доверителите кои имаат необезбедени побарувања односно стечајните доверители имаат право на камата на своето неисплатено побарување до денот на отворањето на стечајната постапка. Овие доверители треба да ја пресметаат каматата од денот на доспевањето на долгот до денот на отворањето на стечајната постапка па заедно со главното побарување да го пријават во стечајната постапка. Каматата која должникот ја должни по основ на задоцнување на исполнување на обврската се пресметува согласно законот.

Во случај доколку останат средства по намирувањето на побарувањата на доверителите во целост, тогаш стечајниот судија може да одобри пресметување и плаќање на камати и по поднесувањето на предлогот за поведување на стечајна постапка. Ова може да се случи доколку се исплетени сите доверители од повисокиот исплатен ред, дури тогаш се отвора можност да се исплати камата која тече по отворањето на стечајната постапка.

Отворањето на стечајната постапка, ex lege влијае на правата на доверителите кои со судско извршување или со обезбедување, стекнале некое разлачно или слично право над имотот на должникот што влегува во стечајната маса. Со оваа одредба е нормирано ограничувањето до кој момент доверителите можат да стекнат судско заложно право врз предмет или право.

Доколку, доверителот во рок од 90 дена пред поднесување на предлог за отворање на стечајната постапка или потоа стекне вакво право со судско извршување или со обезбедување над имотот на стечајниот должник кој влегува во стечајната маса тоа право престанува по сила на закон. Доверителите кои стекнале вакво право во овој период пред да биде поднесен предлогот за отворање на стечајна постапка или потоа, можат своето побарување во стечајна постапка да го пријават само како стечајни доверители.

Лоша практика е да се поистовети стекнувањето на судското заложно право и договорното заложно право. Не е ограничено правото на стекнување на договорно заложно право туку ограничувањето се однесува на судското заложно право. Со други

зборови се работи за заложно право или обезбедување стекнато со судска одлука или при спроведување на постапката за извршување. Што се однесува до договорното заложно право и тоа може да дојде под удар на стечајниот управник и доверителите само со поднесување на тужба за побивање на правно дејство, доколку се исполнети општите и посебни услови.

Всушност, создавањето услови за рамноправен третман на сите доверители во стечајната постапка, односно оневозможување некој од доверителите поради одредени односи со должникот да се стекне со повеќе права од останатите доверители во моментите кога е очигледно дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, е во позадината ова правило.

Стечајниот управник доколку при испитувањето на пријавата на доверител кој го пријавил во стечајна постапка вака стекнатото заложно право, може да го утврди само побарувањето доколку за тоа се исполнети условите, а стечајниот судија да донесе посебно решение со кое ќе констатира дека судското заложно право престанало по сила на закон

По отворање на стечајната постапка, стечајните доверители неможат да бараат извршување ниту пак обезбедување на своите побарувања од имотот на стечајниот должник кој влегува во стечајна маса. Доколку некој од стечајните доверители се стекнал со извршна исправа пред отворањето на стечајната постапка таа не претставува основ за стекнување на такво право.

Значи, со настапувањето на правните последици од отворена стечајна постапка се прекинуваат сите извршувања и постапки за обезбедување кои се спроведуваат над имотот на должникот и доверителите треба да ги пријават своите побарувања во стечајната постапка на стечајниот управник. По отворањето на стечајната постапка не може полноважно да се стекнуваат права на делови од имотот што влегува во стечајната маса и кога тоа стекнување не се заснова на располагањето на должникот или на присилното извршување или обезбедување во корист на стечајниот доверител.

Забраната не важи за стекнувањето на делови од имотот кои се направени врз основа на располагања на стечајниот управник, поточно со судска продажба во текот на стечајната постапка како и стекнувања на права од страна на разлачните и излачните доверители согласно овој закон како и на случаите на стекнување со доверба во јавните книги.

11.3.1. Пристигнување на побарувањата

Правните последици од отворената стечајна постапка имаат правно дејство по побарувања кои ги имаат доверителите спрема должникот без разлика дали во тој момент тие пристигнале за наплата односно исполнување или не.

Доспеаност на побарувањата може да се дефинира како настапување на рок во кој должникот треба да ја исполни својата обврска. Со настапување на тој рок доверителот може да поднесе барање за исполнување на неговото побарување. Така во случај на ненавремено исполнување на обврската доверителот има право и на

камата сметано од денот на доспеаноста на побарувањето за исплата. Условите за настанување на обврските како и нивниот престанок е регулиран со посебен закон во кој е оставено на субјектите да ги утврдат условите под кои ќе настанување на обврските и како таа обврската престанува. Во исто време се утврдени и правата на доверителите при неисполнувањето на обврските како и обврските на должникот.

Субјектите на облигациони односи можат да се договорат за време и место на исполнување на обврската. Исполнувањето може да биде поврзано со настапување на одреден факт.

При таква состојба, без разлика како се договарале доверителот и должникот пред отворање на стечајната постапка, побарувањето да му биде исплатено на доверителот и во кој временски период, односно како да биде исполнето со денот на отворање на стечајната постапка, ова побарување се смета за доспеано за наплата.

Со ова правило им е овозможено на доверителите чии побарувања се уште не пристигнале за наплата да се сметаат за пристигнати и со тоа да го пријават во стечајната постапка. Специфичниот карактер на стечајна постапка како колективна постапка за намирување на побарувањата овозможува по отворањето на стечајната постапка доверителите да можат го намират своето побарување единствено според правилата на стечајната постапка. Меѓутоа, со настапувањето на правните последици од отворање на стечајната постапка за должникот сите договорни услови за исполнување престануваат и се смета дека истиот мора да ги исполни веднаш.

Така се создаваат услови сите доверители да бидат во иста положба при пријавување на побарувањата, како и да се утврди во целина висината на побарувањата на доверителите кон должникот.

Во случај кога по недоспеани побарувања не започнала обврската да се плаќа камата до денот на отворање на стечајна постапка, ќе се смета како да е исплатувана законска камата и побарувањето ќе се намали за износот на пресметаната законска камата, од денот на отворањето на стечајната постапка до денот на доспеаност на побарувањето.

Исто така, за пристигнати ќе се сметаат побарувањата на должникот кон неговите должници, во случај кога над нив била отворена стечајна постапка. Во тој случај стечајниот управник е должен да поднесе пријава за побарување според условите утврдени во овој закон.

Во случај на наплата на побарувањата стечајниот управник посебно треба да внимава по отворањето на стечајната постапка да не настанат услови кои го прават не наплатливо побарувањето по закон односно да не настапила застареност за наплата на побарувањата. За разлика од досегашната законска регулатива со овој закон не е предвидено како отворањето на стечајната постапка влијае на застареноста на побарувањата.

Така во стечајната постапка важат општите правила за застареност на побарувањето на доверителите, како и за побарувања на должникот кон неговите должници. Правото да се бара присилно исполнување на обврската престанува со застареноста. Застареноста настапува кога ќе истече определено време со закон во кое доверителот може да бара исполнување на обврската. Секој доверител треба да

внимава на застареноста, која започнува да тече првиот ден од денот кога доверителот има право да бара исполнување на обврската и настапува кога ќе истече последниот ден определен со закон.

По однос на застареноста треба да се укаже и на тоа дека судот не ја зема во предвид по службена должност туку само доколку должникот приговори. Општиот рок за застареност е пет години, со тоа што посебни рокови за застареност се предвидени за одредени побарувања.

Со тоа што овој закон не содржи посебни одредби за влијанието на правните последици од отворена стечајна постапка на прекин на застареност побарувањата на должникот спрема своите должници оставено е стечајниот управник да дејствува брзо и веднаш односно во најкраток можен рок да поднесе тужби за наплата на побарувањата на должникот спрема неговите должници.

При испитување на побарувањата на доверителите стечајниот управник треба посебно да обврне внимание на тоа дали постои застареност на пријавено побарување, од причина што може да приговара и да го оспори поради застареност.

11.3.2. Побарувања подложни на раскинлив или одложен услов

Правните последици од отворената стечајна постапка влијаат и на положбата на доверителите кои имаат условни побарувања. Тие условни побарувања се однесуваат на побарувањата со одложен услов и раскинлив услов. Доверителите можат да пријават побарувања во стечајна постапка и кога склучиле договор со должникот под услов ако неговото настанување или престанување зависи од неизвесен факт.

Доколку договорот е склучен под одложен услов па подоцна условот се исполни, договорот дејствува од моментот на неговото склучување. Исклучок од ова правило е доколку со законот односно од природата на работата или волјата на страните не произлегува нешто друго.

Во случај договорот да е склучен под раскинлив услов, договорот престанува да важи кога ќе се исполни условот. Се смета дека условот е остварен ако неговото остварување, спротивно на начелото на совесност и чесност, го спречи страната врз чиј товар е определен, а се смета дека не е остварен ако неговото остварување, спротивно на начелото на совесност и чесност, го предизвикува страната во чија корист е определен.

Во случај договорот да е склучен под одложен услов, доверителот чие право е условено може да побара соодветно обезбедување на тоа право ако е загрозено неговото остварување.

При состојба кога настапиле правните последици од отворена стечајна постапка доверителите кои склучиле договор под раскинлив услов и имаат побарување од тој договор можат да го пријават побарување во стечајната постапка.

Овие побарувања ќе бидат земени во предвид како побарувања кои не подлежат на раскинлив услов односно ќе бидат третирани како и останатите стечајни

доверители доколку доверителот даде средства за обезбедување дека ќе го врати она што го примил од имотот што влегува во стечајната маса кога ќе настапи тој услов.

Побарувањото врзано за раскинлив услов е во случај кога некое право престанува со настапувањето на идна неизвесна околност. Така овие доверители ги имаат истите права како и останатите доверители во стечајната постапка се додека нивното побарување постои, своите побарувања ќе ги пријават во стечајната постапка. Исто така стечајниот управник ќе ги земе предвид при планот за делба на стечајната маса под услов да дале обезбедување дека ќе го вратат применото со планот за распределба во случај раскинливиот услов да настапи.

Состојбата на доверителите кои имаат побарување врз основа на договор под одложен услов се разликува од доверителите чие побарување се заснова на договор под раскинлив услов. Овој доверител може да го пријави побарувањето во стечајна постапка, доколку биде утврдено, со планот за распределба, само му се обезбедуваат средства за исплата кои ќе му се исплатат кога ќе настапи одложниот услов. Во случај одложниот услов да не настапи до моментот кога е донесено решението со кое се одобрува планот за распределба на средствата истиот го губи правото да го наплати своето побарување и во тој случај обезбедените средства се распределуваат на останатите доверители.

Во таа смисла, а со оглед на тоа што се можни две распределби на средствата и тоа со авансна распределба и конечна распределба, стечајниот управник е должен овој доверител кој има побарување врз основа на одложен услов да го земе во предвид во планот за авансна распределба и да му обезбеди процентуално средства за намирување на побарувањето како и кај останатите стечајни доверители. Доколку до конечната распределба не настапи одложниот услов во тој случај обезбедените средства ќе влезат во стечајната маса и ќе бидат предмет на делба односно распределени на останатите стечајни доверители и правото засновано врз основа на одложен услов се гаси. Исто така предмет на оценка на стечајниот управник ќе биде и колкава можноста за настапувањето на тој услов.

11.3.3. Солидарна одговорност на повеќе должници за исполнување на иста чинидба на доверителот во целина

Кај солидарните обврски правилото е секој од должниците на солидарната обврска да одговараат за исполнување на доверителот во целост. Доверителот може да бара нејзино исполнување од било кој од солидарни должници се до моментот на потполното исполнување на обврската. Во случај кога еден од должниците на солидарната обврска го исполни побарувањето на доверителот во целост со тоа обврската престанува и другите солидарни должници се ослободуваат од исполнување на обврската.

Во овој случај доколку на доверителот за исполнувањето на иста чинидба му одговараат повеќе лица, тој може во стечајна постапка против секој од должниците да пријави побарување се до целосно намирување на побарувањето. Тоа значи дека

доколку побарување на доверителот не биде намирено во целиот износ кој го побарувал на денот на отворањето на стечајната постапка, во стечајната постапка над еден од должниците има право да бара намирување на остатокот од побарувањето од сите лица кои му одговарааат за побарувањето.

11.3.4. Права на солидарни содолжници и гаранти

Основното правило е дека должникот кој што ја исполнил обврската спрема доверителот има право да бара од секој содолжник да му го надомести делот од обврската која паѓа врз него. Во овој случај не влијае на обврската на другите содолжници тоа што доверителот го ослободил од долгот некого од содолжниците или му го намалил долгот.

Делот што паѓа врз должникот од кого не може да се добие надомест се дели сразмерно на сите содолжници. Значи правилото е дека секој должник треба да исплати еднаков дел, освен во случај кога солидарната обврска е склучена во исклучив интерес на еден солидарен должник, тој е должен да му го надомести целиот износ на обврската на содолжникот кој го намирил доверителот.

Солидарните должници и гаранти на должникот кои ја извршиле обврската на должникот и го исплатиле побарувањето пред отворање на стечајната постапка се стечајни доверители на должникот. Во тој случај тие можат да го пријават своето побарување во стечајната постапка над должникот.

Доколку тоа побарување го пријави и доверителот тогаш должноста е на стечајниот управник да испита сите спорни околности околу исплатата на побарувањето, односно дали доверителот бил намирен и да одлучи кое од пријавеното побарување ќе го признае.

Солидарните должници и гарантите можат во стечајната постапка да поднесат и барање да им се обезбеди и износот што ќе го платат за должникот сразмерно на износот што би им припаднал како стечајни доверители. Во овој случај е предвидено дека солидарните должници и гаранти кои за должникот пред или по денот на отворање на стечајната постапка се уште не ја исплатиле обврската и фактички не се доверители во стечајната постапка туку тоа можат во иднина да станат. Со цел да не го изгубат својот доверителски статус во стечајната постапка тие можат да поднесат барање за обезбедување на износот што ќе го платат за должникот сразмерно на износот кој ќе биде исплатен во стечајната постапла како на стечајни доверители.

Со оглед на тоа, а како поднесувањето на пријавите е врзано со рок за да не го изгубат правото, тие можат да поднесат барање за обезбедување на идното регресно побарување. Ова правило се однесува и во случај кога банките или други лица исплатиле за трети лица на должникот одредени побарувања по основ на банкарски гаранции и неотповикливи документирани акредитиви.

Основно правило е дека со банкарска гаранција составена во писмена форма се создава обврска за банката спрема примачот на гаранцијата (корисникот) дека во случај трето лице да не му ја исполни обврската во рокот на втасаноста, ќе му ја намири

обврската ако бидат исполнети условите наведени во гаранцијата. Доколку банката врз основа на склучен писмен договор за гаранција ќе ја намири обврската за должникот на трето лице кој се јавува во својство на корисник на гаранцијата има право на наплата на исплатените побарувања од должникот.

Со оглед на тоа што доспеаноста на побарувањето по гаранцијата може да падне по отворање на стечајната постапка, а во моментот на пријавување на побарувањето банката неможе да го докаже статусот на доверителот со оглед на тоа што не го исплатила побарувањето во тој случај може да поднесе барање за обезбедување на средства по овој основ од стечајната маса со оглед на тоа што ќе настапи регресно побарување.

11.3.5. Непарични побарувања

Доверителите во отворената стечајна постапка можат да пријават парични и непарични побарувања. Доколку доверителот има некое непарично побарување тогаш го пријавува во стечајната постапка во вредност која може да се процени во времето на отворањето на стечајната постапка. Значи доверителот е должен во случај да има некое непарично побарување истото да го процени и да го пријави во стечајна постапка во износ кој е проценет во времето на отворањето на стечајната постапка. Ова правило се однесува и на непаричните побарувања кои не биле достасани со оглед на тоа што со настапувањето на правните последици овие побарувања достасуваат исто како и паричните побарувања.

Проценката по правило треба да биде изготвена од овластено вешто лице.

Исто се однесува и во случај кога се пријавуваат побарувања чиј паричен износ не е определен. Доколку се работи за определени побарувања доверителите ги пријавуваат според вредноста која ја имале пред отворање на стечајната постапка.

Побарувањата на доверителите изразени во странска валута истите се должни да ги пријават во домашна валута имајќи предвид средниот валутен курс на денот на отворањето на стечајната постапка во местото одредено за плаќање.

11.3.6. Побарувања со повремени давања

Побарувања кои имаат за предмет повремени давања чиј износ и траење е однапред определено, се утврдуваат во износ кој ќе се добие со собирање на се уште периодични давања по одбивање на инеркаларната камата. Побарувањата кои се повторуваат во одреден временски период се капитализираат и се пријавуваат во капитализиран износ. Ова се однесува само на такви повремени давања кои пристигнуваат во иднина. Ова правило не е од формален карактер туку претставува материјално - правно претворање на идни орочени давања во едно побарување кое одговара на капитализиран износ на тие давања со денот на отворање на стечајната

постапка. Во случај кога траењето на давањето не е одредено во тој случај ќе треба да се изврши проценка и да се утврди износот на побарувањето.

11.3.7. Обезбедени побарувања

Доверителите со право на одвоено намирување имаат право на камата во зависност од тоа како е договорена. Овие доверители имаат право на наплата на каматата само до висина на вредноста на имотот којшто служи за обезбедување на побарувањето, освен доколку со договорот не е поинаку определена.

Исклучок од генералното правило дека со настапувањето на правните последици од отворање на стечајната постапка доверителите неможат да бараат извршување, ниту пак обезбедување на своите побарувања од имотот на стечајниот должник кој влегува во стечајна маса се доверителите со право на издвоено намирување од предмет или право односно излачни доверители и доверителите со право на одвоено намирување - разлачни доверители. За нив важи правило на прекин на постапките кои ги воделе за остварување односно реализација на своето право.

Меѓутоа, доколку се создадени услови за тоа, односно доколку го пријавиле побарувањето во стечајна постапка и стечајниот управник им го признал правото на одвоено намирување од предмет или право можат да поведат постапка или да ја продолжат започната постапка за остварување, односно реализација на своето право надвор од стечајната постапка.

Тргнувајќи од фактот дека обезбедените доверители односно доверителите со право на одвоено намирување од предмет или право имаат можност да ја продолжат постапката заради наплата на своето обезбедено побарување, со ваквото нормирање се создаваат услови овој вид на доверители да одлучи дали реализацијата на заложното право ќе го остваруваат надвор од стечајна постапка или пак ќе прифати да не го реализира заложното право и заложениот имот да биде предмет на планот за реорганизација под услов да му биде обезбедена соодветна заштита.

Така на барање на стечајниот управник или разлачен доверител, стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе констатира прекин на започнатата постапка за извршување во случај на овој доверител да му се обезбеди соодветна заштита на обезбеденото побарување.

Инаку под соодветна заштита на обезбедено побарување се подразбираат мерки кои се насочени кон одржување на економската вредност на имотот за обезбедување и имотот поседуван од трето лице за време на стечајната постапка. Заштитата може да се обезбеди на повеќе начини. Тоа се со парични исплати, овозможување на право на обезбедување на алтернативен или дополнителен имот и со други средства утврдени од судот за да се обезбеди соодветна заштита;

Во решението на стечајниот судија по правило треба да биде и утврдено обезбедувањето со кое вредноста на гаранциите треба биде поголема од вредноста на побарувањата на доверителот. На овој начин се создадат услови, по било кој основ да

не се намали можноста доверителот да го наплати своето побарување и да претрпи штета во текот на постапката.

Постојат повеќе видови на мерки за заштита на обезбеденото побарување на разлачниот доверител со што при тоа треба да се обезбеди:

- соодветна компензација за секое можно намалување на обезбеденото побарување по пат на готовински исплаќања или

- соодветна замена или дополнително обезбедување со поседување на дел од имотот или

- гаранција за каматата која ќе се акумулира, така што вредноста на гаранцијата, во моментот на поднесувањето на барањето ќе го обезбеди побарувањето.

Постои уште една можност на доверителот со право на одвоено намирување од предмет или право да му престане правото да бара извршување на обезбеденото побарување.

11.4. ПРАВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ И ПРАВНИТЕ РАБОТИ НА ДОЛЖНИКОТ

Правните последици од отворена стечајна постапка влијаат и на исполнувањето на првните работи кои должникот ги склучил пред отворањето на стечајната постапка. Настапувањето на правните последици од отворената стечајна постапка не влијаат на двострано товарните договори кои не се исполнети во целост и не се раскинуваат туку остануваат во сила.

11.4.1. Обврски на стечајниот управник при исполнување на двострано товарни договори

Ако должникот и неговиот содоговорник пред отворање на стечајната постапка склучиле некој двострано товарен договор и не го исполниле во целост или го исполниле во дел во тој случај можни се повеќе ситуации:

Прво, стечајниот управник може да го исполни договорот доколку оцени дека е тоа поповолно за стечајната маса и постои можност за тоа. Доколку го исполни договорот во тој случај се создаваат услови и втората договорна страна да го исполни договорот. За својата одлука во врска со исполнувањето на договорот стечајниот управник треба да ја извести другата договорна страна што е можно порано. Меѓутоа, ваквата одлука на стечајниот управник подразбира оценка на неколку околности кои се поврзани со неговото извршување на работите стечаен управник, а со самото тоа и заштита на стечајната маса и интересите на доверителите.

Стечајниот управник со преземање на обврската да го исполни двострано товарниот договор создава обврска за стечајната маса. Поради тоа, стечајниот управник треба да го има во предвид фактот дека исполнувањето на договорот треба да биде во корист за стечајната маса како и стечајните доверители кои ги пријавиле своите побарувања во стечајната постапка. Понатаму, исполнувањето на договорот да не биде на штета на стечајната маса, како и да ги има предвид интересите на другата договорна страна. Значи се работи за донесување на одлука која има одреден економски ефект и всушност претставува еден вид на инвестициона одлука. Стечајниот управник може да го одбие исполнувањето.

При донесувањето на одлуката за исполнување на договорот стечајниот управник треба во секој поединечен случај да оцени дали исполнувањето на двострано товарниот договор од другата договорна страна е во корист на стечајната маса. Ако го одбие исполнувањето и поради тоа настане штета за другата договорна страна оваа има право да побара штета во стечајната постапка при што има третман како стечаен доверител. Притоа, стечајниот управник треба да води сметка колкав дел од договорот веќе бил исполнет пред отворање на стечајната постапка и на тој начин ќе се создадат услови да ги утврди обврските за стечајната маса по прифаќањето на извршување на договорот, односно права кои ќе станат составен дел на стечајната маса.

Во случај ако другата договорна страна е должна прва да го исполни договорот таа може да го повика стечајниот управник да се изјасни за своето право на избор. Кога стечајниот управникот нема да се произнесе, другата договорна страна може да го повика стечајниот управник да се произнесе по однос на своето право на избор. Во таа смисла стечајниот управник е должен во рок од осум дена со препорачана пратка да ја извести договорната страна дали има намера да побара исполнување на договорот односно да го исполни договорот. Доколку не постапи на овој начин, стечајниот управник нема да може да бара исполнување на договорот од втората договорна страна.

11.4.2. Фиксни договори

Правните последици од отворената стечајна постапка влијаат и на договорите за купопродажба на стока по пазарна или берзанска цена која е договорена за фиксно определено време или во фиксен рок, на начин што кога времето односно истекот на рокот на исполнување на договорот настапи дури по отворањето на стечајната постапка, другата договорна страна не може да бара исполнување, туку само надомест поради неисполнување на фиксните договори. Ниту стечајниот управник ниту доверителот во случај на вака определени услови неможат да бараат исполнување на договорите за испорака на стока туку само надомест поради неисполнување на фиксните договори. Во овој случај доверителот има право своето побарување во висина на разликата помеѓу договорната и пазарната или берзанската цена да го пријави во отворената стечајна постапка.

Истото правно правило се однесува и за финансиско исполнување кое може да биде со испорака на благородни метали, со предавање на хартии од вредност или

слични права, со стекнување на удел во некое трговско друштво ако тоа не е сторено со намера за воспоставување на трајна врска со тоа друштво; што има пазарна или берзанска вредност е определено време или рок. плаќања во пари што се исполнуваат во странска валута или во некоја пресметковна единица; со плаќања во пари чии износи се директно или индиректно одредени со курсот на странската валута или пресметковната единица, со каматна стапка на побарувањето или со цената на други стоки или услуги и опциите и другите права на испорака или парични чинидби.

Висината на надоместот која другата страна во стечајна постапка може да го остварии како стечаен доверител поради неисполнување на работите и таа се состои во разликата меѓу договорената цена и пазарната или берзанската цена, што вториот работен ден по отворањето на стечајната постапка во местото на исполнувањето важи за договорите со договорено време на исполнување.

11.4.3. Делива чинидба

Стечајниот управник треба да ги има во предвид правилата кои се однесуваат на влијанието на отворената стечајна постапка на делумно исполнување на чинидба која е делива.

Во случај, другата страна својата чинидба во време на отворањето на стечајната постапка веќе делумно ја исполнила, таа своето побарување на против чинидбата, што одговара на нејзината делумно исполнета чинидба, ќе може во стечајната постапка да ја оствари како стечаен доверител. Тоа што стечајниот управник побарал исполнување на преостанатиот дел од чинидба не влијае на правото на другата страна своето побарување да го оствари како стечаен доверител.

Исклучено е правото на другата страна, поради неисполнување на своето побарување на против чинидбата од стечајната маса, да бара враќање на она што со делумно исполнување на нејзината чинидба, пред отворање на стечајната постапка, преминало во имот на должникот. Во овој случај, другата договорна страна може само да поднесе пријава за побарување по основ на делумно исполнетата чинидба до стечајниот управник. Исклучена е можноста овој доверител по овој основ на против чинидба да бара враќање на исполнетата чинидба без разлика дали е целосно или делумно исполнета.

11.4.4. Договор за продажба со задржување на правото на сопственост

Договорот за продажба со задржување на правото на сопственост е посебен вид на договор со кој продавачот го задржува правото на сопственост на продадениот предмет се до моментот кога купувачот не ја исплати цената.

Услови под кои овој договор може да биде заклучен е во договорот за продажба на определен подвижен предмет со посебна одредба да биде предвидено

дека продавачот го задржува правото на сопственост и по предавањето на предметот на купувачот се додека купувачот не ја исплати цената во целост.

За да произведува правно дејство овој договор за продажба треба да биде во форма на јавно заверена исправа. Ова се однесува во случај кога над купувачот ќе биде отворена стечајна постапка, за да може овој договор да има правно дејство спрема доверителите. Со други зборови доколку купувачот не ја платил цената во целост, а настапиле правни последици од отворена стечајна постапка, продавачот може да ги оствари своите права утврдени во договорот во отворената стечајна постапка.

Во случај кога продавачот е должникот на кого е отворена стечајна постапка тогаш стечајниот управник може да побара исполнување на договорот. Во случај кога купувачот нема да го исполни договорот односно нема да ја плати цената во тој случај стечајниот управник има право да побара раскинување на договорот и враќање на предметот во стечајната маса.

Во случај пак кога над купувачот е отворена стечајна постапка, а тој пред отворањето на стечајната постапка купил подвижен предмет на кој продавачот го задржал правото на сопственост и не ја платил цената, во тој случај стечајниот управник има право на избор исто како кај двострано товарните договори. Така тој може да ја го исполни договорот, односно да ја плати цената и предметот да биде дел од стечајната маса. Во зависност од конкретниот случај, стечајниот управник може да одлучи да не го исполни договорот и во тој случај треба да го врати предметот во владение на продавачот. Продавачот може како стечаен доверител да пријави побарување по основ на штета поради користење на предметот до враќањето.

Доколку стечајниот управник не го врати предметот и не го исполни договорот во тој случај продавачот може да пријави излачно побарување врз основа на посебната одредба во договорот за продажба со задржување на право на сопственост. Тука треба посебно да се укаже дека стечајниот управник е должен оваа обврска на избор да ја изврши во многу рана фаза на стечајната постапка, а најдоцна до првото извештајно собрание. Се работи за многу важна одлука која може да влијае на стечајната маса. Посебно при одлучувањето стечајниот управник е должен да внимава на тоа да не дојде до намалување на вредноста на предметот што е во негово владение.

Покрај склучување на ваков договор односно договорено задржување на правото на сопственост, паричните и непаричните побарувања можат да бидат обезбедени со пренос на сопственост на предмети и пренос на права. За раалика од склучувањето на договор за продажба со задржување на правото на сопственост, во овој случај се работи за посебно средство за обезбедување со кое се зајакнува довербата помеѓу доверителот и должникот. Се работи за склучување на посебна спогодба помеѓу должникот и доверителот пред надлежниот суд, по барање на должникот или доверителот на посебно рочиште на кое на записник се внесува спогодбата со која должникот му пренесува право на сопственост на некој предмет на доверителот, со тоа што предметот останува и понатаму во владение на должникот.

11.4.5. Договор за закуп

Договорот за закуп на недвижности или деловни простории во кои должникот се појавува како закуподавец, по правило остануваат во сила, со тоа што сега стечајниот управник се јавува како закуподавец. Тоа значи дека нема автоматизам помеѓу настанување на правните последици од отворената стечајна постапка и престанување на договорите за закуп.

Доколку овој договор остане во сила закупнината ќе се уплатува во корист на стечајната маса.

Не секогаш и по секакви услови ваквиот договор за закуп останува во сила. По извршената анализа на договорот за закуп од аспект на големина на деловниот простор и висина на закупнина што се шлаќа, одборот на доверители може да донесе одлука со која договорот за закуп треба да се откаже. Значи по правило кога одборот на доверители ќе утврди дека должникот пред отворање на стечајната постапка во својство на закуподавец склучил договор со многу ниска закупнина. Во тој случај, стечајниот управник треба да го откаже договорот за закуп. Откажувањето на договорот за закуп стечајниот управник треба да направи по писмен пат, односно на закупецот да му достави одлука со која се откажува договорот,

Закупецот е должен да постапи по отказот на стечајниот управник, меѓутоа доколку тоа не се случи тогаш стечајниот управник го известува стечајниот судија за настаната состојба. Во овој случај за извршувањето на отказот на договорот за закуп стечајниот судија донесува решение за иселување на закупецот од недвижноста или деловната просторија. Против тоа решение закупецот може да се изјави жалба.

Права кои ги има другата договорна страна, а кои се однесуваат на времето пред отворањето на стечајната постапка може да ги оствари само као стечаен доверител.

Со тоа што, стечајниот управник има активна легитимација да даде отказ на договорот за закуп, а стечајниот судија да донесе решение за иселување на закупецот од деловните простории или недвижноста се создаваат услови во рамките на стечајната постапка да дојде до иселување на закупецот.

Доколку, должникот како закуподавец на недвижност или просторија пред отворањето на стечајната постапка располагал со побарувања од закупен однос за некое подоцнежно време, тоа располагање односно наплата на закупнината без разлика дали врз основа на присилно извршување останува правно полноважно само во делот што се однесува на закупнината за календарскиот месец што тече во времето на отворањето на стечајната постапка. Доколку решението за отворање на стечајната постапката е донесено по петнаесетиот ден во месецот, располагањето произведува правно дејство и за следниот календарски месец.

По исклучок од правилата утврдени во овој закон кои се однесува на забрана на пребивање на побарувањето на должникот со она на доверителот, закупецот како доверител може да ги пребие своите побарувања спрема должникот со побарувањата на должникот од закупниот однос со кои овој располагал.

Стечајниот управник може да откаже договор за закуп на недвижност или на просторија кои ги склучил должникот пред отворање на стечајната постапка во својство на закупец. При откажувањето на договорот не е потребно стечајниот управник да се придржува кон договорениот отказен рок туку доволно е да се придржува кон законскиот отказен рок. Тој е должен во рок од 15 дена да ја извести другата страна за тоа дека има намера да се откаже од договорот. Овој рок има преклузивен карактер, доколку не го запази го губи правото на откажување.

Доколку, стечајниот управник изјави отказ на договорот за закуп на недвижност односно деловни простории, другата договорна страна може да бара надомест на штета причинета од предвремениот престанок на договорен однос само како стечаен доверител.

Во случај другата страна како закуподавец да има намера да го откаже договорот за закуп во тој случај и тој треба да се придржува на преклузивен рок од петнаесет дена во кој треба да го извести стечајниот управник за намерата за отказ на договорот за закуп.

Ако, должникот во времето на отворањето на стечајната постапка се уште не ја презел недвижноста или деловната просторијата, стечајниот управник и другата договорна страна можат да се откажат од договорот за закуп.

Во случај кога должникот склучил договор за закуп на недвижност или деловна просторија во својство на закупец, другата договорна страна односно закуподавецот не може да го откаже договорот за закуп по поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка. Во овој случај закуподавецот неможе да го откаже договорот за закуп наведувајки поради тоа дека над должникот бил поднесен предлог за отворање на стечајна постапка како и дека во овој период истиот задоцнил со плаќањето на закупнината и неговата имотната состојба била влошена.

Значи, лошата финансиска состојба и поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка неможе да биде основ за откажување на договорот за закуп.

Сепак, закуподавецот може да го откаже договорот за закуп по отворањето на стечајната постапка само доколку за тоа даде согласност одборот на доверители. Се разбира повторно клучна улога во ваквата ситуација игра стечајниот управник кој треба да направи анализа по однос на потребата договорот за закуп да остане во сила и понатаму, пред се од аспект на трошоците во постапката. Всушност со оглед на фактот дека закупнината паѓа на товар на стечајната маса, треба да се направи целосна анализа на склучениот договор за закуп, бидејќи во спротивно може да настане штета за стечајната маса, што значи помал процент за наплата на побарувањата на доверителите. Значи стечајниот управник ниту може да склучува нови договори за закуп нити да ги продолжи веќе склучените без согласност на одборот на доверители. Во случај ако деловниот потфат на должникот е активен во тој случај се отвора можноста за продолжување на склучениот договор за закуп.

Доколку, договорот за закуп да остане во сила стечајниот управник има обврска редовно да ја плаќа договорената закупнина на товар на стечајната маса. Во случај кога стечајниот управник не ја извршува обврската редовно да ја плаќа

договорената закупнина закуподавецот има право како доверител на стечајна маса да го наплати побарувањето врз основа на тој договор.

Поведувањето, односно отворањето на стечајната постапка има влијание и на фактот дали стечајниот должник ја земал недвижноста во владение или не. Доколку, стечајниот должник не ја земал недвижноста во владение стечајниот управник и закуподавецот имаат право да го откажат договорот за закуп.

11.4.6. Договор за вработување

Отворањето на стечајната постапка и правните последици кои настануваат влијаат и врз договорите за вработување склучени помеѓу работникот и работодавецот-должник. Денот кога настапиле правните последици од отворената стечајна постапка значи и престанување на договорите за вработување склучени помеѓу работникот и работавец должник. Стечајниот управник со решение констатира дека на овој ден на вработените кај должникот престанал да важи договорот за вработување склучен со должникот. Со оглед дека оваа правна последица настапува ex lege работникот нема право на жалба против ваквото решение донесено од стечајниот управник.

Стечајниот управник, покрај тоа што треба да донесе решение со кое ќе констатира дека договорите за вработување престанале да важат поради отворање на постапка за престанок на работодавецот потребно е сите вработени да ги одјави од фондовите за пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување и примерок од решението да го доставува до агенцијата за вработување на чие подрачје се наоѓа седиштето на стечајниот должник во рок од три дена од денот на донесувањето на решението.

Добра практика во овој случај би била, стечајниот управник да ги одјави сите вработени, за подоцна, по добиеното одбрение од стечајниот судија, да склучи нов договор за вработување на определено време со одреден број работници, доколку за тоа има потреба.

Стечајниот управник може да склучи договори за вработување на определено време со вработени на должникот, доколку има потреба да се извршат одредени работи во спроведување на стечајната постапка како и за завршување на започнатите работи и за отстранување на можните штети. Пред тоа тој е должен за тоа да го извести стечајниот судија и да поднесе предлог во кој ќе ги образложи причините за вработување на определено време како и бројот на работници кои треба да бидат ангажирани. Во случај кога стечајниот судија ќе донесе решение со кое се одобрува склучување на договори за вработување на определено време, стечајниот управник ќе пристапи кон склучување на нови договори за вработување на определено време. Поранешните работници кои биле вработени кај должникот имаат приоритет при склучувањето на овие договори на определено време.

Платите и надоместоците на работниците со кои е склучен договор за вработување на определено време ги определува стечајниот управник имајќи ги предвид одредбите од законот и колективниот договор. Пред да донесе решение со

кое ќе ги определи платите и надоместоците на овие вработени за тоа ќе го извести стечајниот судија кој треба предлогот писмено да го одобри. Платите и надоместоците по договорите за вработување на определено време се намируваат со приоритет како обврски на стечајната маса.

Правните последици од отворената стечајна постапка влијаат и на договорите со кои се уредуваат односите меѓу друштвото со извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, односно управителите. Со денот на отворање на стечајната постапка и овие договори престануваат.

Побарувањата кои ги имаат работниците по основ на неисплатени плати и надоместоци за периодот пред отворање на стечајната постапка работниците имаат право да ги пријават во стечајната постапка. Правните последици на отворената стечајна постапка влијаат на тој начин што за побарувањата за неисплатени плати од последните три месеци тие се приоритетни доверители, а за останатиот период се стечајни доверители. Лоша практика во овој случај е доколку Управата за јавни приходи ги пријавува овие побарувања и стечајниот управник ги признае пријавените побарувања кои се однесуваат на неисплатените плати на Управата за јавни приходи. Ова од проста причина што Управата за јавни приходи не е работодавец ниту пак имал обврска да им ги исплаќа платите на работниците. Вработените се стечајни доверители за неисплатени плати како и за последните три месеци од отворањето на стечајната постапка така и за периодот пред тоа. како стечајни доверители тие ги стекнале сите права врз основа на побарувањето. Признавањето на ова побарување на Управата за Јавни приходи од страна на стечајниот управник значи и повластување на овој доверител во отворената стечајна постапка.

11.4.7. Договор за налог

Правните последици од донесеното решение за отворање на стечајната постапка влијае и на склучен договорот за налог помеѓу налогодавач и налогопримач со кој налогопримачот се обврзува кон налогодавачот за негова сметка да преземе определени правни работи. Налогот престанува кога над налогодавачот или налогопримачот ќе биде отворена стечајна постапка. Настапувањето на правните последици од отворање на стечајната постапка договорот за налогот кој го склучил должникот што се однесува на имотот што влегува во стечајната маса престанува.

Се до моментот кога стечајниот управник ќе ги преземе должностите, налогопримачот е должен да продолжи со извршување на работата што не трпи одлагање. Доколку во овој период од отворање на стечајната постапка до преземање на извршувањето на работата по налог од страна на стечајниот управник настанат побарувањата за налогопримачот во врска со продолженото извршување на работата истиот има право да се намири од стечајната маса и тоа како доверител на стечајната маса.

Исклучок од правилото налогот да престане со отворање на стечајна постапка било на налогодавач или налогопримачот е во случај кога се работи за налог даден за

да може налогопримачот да постигне исполнување на некое свое побарување од налогодавач. При таква состојба налогодавач не може да се откаже од договорот и налогот не престанува со отворање на стечајна постапка на налогодавач или налогопримачот ниту пак кога еден од нив ќе биде наполно или делумно лишени од деловната способност

11.4.8. Понуда

Донесеното решение со кое е отворена стечајна постапка над должникот има правни последици и на предлогот за склучување на договор без разлика дали е тој направен од трето лице или органите на должникот, кој ги содржи сите суштествени состојки на договорот така што со неговото прифаќање може да се склучи договор. И во двата случаја тие предлози престануваат да важат односно не произведуваат правно дејство и никого не го обврзуваат. Стечајниот управник нема обврска да се произнесува по доставените понуди кои не биле прифатени од органите на управување на должникот, ниту пак од трети лица до денот на отворањето на стечајната постапка.

При оценката на фактот дали органите на должникот ја прифатиле понудата пред отворањето на стечајната постапка, стечајниот управник ќе треба да утврди дали дале изјава дека ја прифаќаат понудата. Ова се однесува и во случај кога трето лице добило понуда од страна на органите на должникот. Исто така се смета дека понудата е прифатена и кога понудениот (без разлика дали е должникот или третото лице) ќе го испрати предметот или ќе ја плати цената како и кога ќе стори некое друго дејство кое врз основа на понудата, практиката утврдена меѓу заинтересираните страни или обичајот, може да се смета како изјава за прифаќање. Прифаќањето на понудата за договор за чие склучување со закон е утврдена посебна форма, го обврзува понудениот само ако е направена во таа форма.

11.4.9.Полномошно

Донесувањето на решението за отворање на стечајната постапка влијае и на полномошни што должникот ги има издадено во врска со располагањето со имотот кој влегува во стечајната маса на начин што ex lege престануваат сите права на располагање со тој имот кој влегува во стечајната маса. Тука треба да се спомене обврската на стечајниот управник кој доколку утврди дека должникот пред отворањето на стечајната постапка дал полномошно на некое трето лице, да презема одредени дејства поврзани со имотот, да го извести органот пред кој ова полномошно било користено дека тоа не произведува правно дејство.

Сите дејства на располагање на органите на должникот или трети лица кои биле преземени по овој основ, а врз основа на полномоштва, не произведуваат правни дејства.

11.5. Отворање на стечајна постапка и нејзино неспроведување поради недоволност на имотот

Тргнувајки од основниот концепт на нашето стечајно законодавство, а тоа е дека стечајната постапка се спроведува само ако стечајниот должник има имот што може да влезе во стечајната маса, на посебен начин се разрешува прашањето ако должникот нема имот или тој е недоволен за намирување на трошоците во постапката.

Стечајната постапка неможе односно не би требало да биде спроведувана во случаите кога должникот нема имот, односно кога имотот кој би влегол во стечајната маса е незначителен. Спроведувањето на стечајната постапка во ваков случај секогаш предизвикува големи трошоци поврзани пред се со активирањето на т.н. стечајна администрација односно органите на стечајната постапка, а од друга страна не постојат услови стечајната постапка да биде спроведена доколку не се обезбедат средства за покривање на трошоците на стечајната постапка. Според концептот вграден во нашето стечајно законодавство постои разлика помеѓу трошоци за спроведување на претходна постапка и трошоци на стечајната постапка.

Трошоците во претходната постапка кои се исплаќаат од авансот во секој случај е поврзан со определување на привремениот стечаен управник. Во спротивно, ако стечајниот судија оцени дека целта во претходната постапка може да се оствари со други мерки за обезбедување во тој случај нема потреба да се авансираат средства за водење на претходната постапка.

Во секој случај, кога судот ќе оцени дека треба целосно испитување на тоа дали должникот има имот или не ќе треба да се авансираат средства за водење на претходната постапка, а тоа значи дека ќе мора да биде определена мерка за обезбедување именување на привремен стечаен управник.

Значи без разлика кој поднел предлог за отворање на стечајната постапка дали доверителот или должникот во секој случај стечајниот судија носи решение за поведување на претходна постапка во која треба да се испитаат условите за спроведување на стечајна постапка и се определуваат мерки за обезбедување-именување на привремен стечаен управник.

Должностите на привремениот стечаен управник во претходната постапка која се поведува по предог поднесен од должникот со кој бара да се отвори стечајна постапка и истата да не се спроведе и веднаш да се заклучи се покомплексни од оние што ги има во улогата на мерка за обезбедување.

Тие се поврзани пред се со истражување на имотот на должникот. Поточно покрај тоа што привремениот стечаен управник треба да утврди дали должникот располага со имот над кој може да се спроведе стечајната постапка, тој треба да испита се во врска со имотот. Поточно испитувањата треба да бидат длабински направени така што треба да се утврдат сите факти поврзани со располагање и управување со имотот. Се разбира дека привремениот стечаен управник треба да ги испита и сите зделки кои ги преземале органите на управување со цел да се утврди да не дошло до отуѓување на

имотот на друштвото. Притоа предмет на испитување треба бидат и сите правни работи кои органите на должникот ги склучиле со цел да го отуѓат имотот или начинот на кој го заложиле имотот. Посебно треба да се направи анализа на залихите, како и на побарувањата кои ги има должникот кон трети лица од аспект на можност за наплата на истите и поврзаноста на должникот со трети лица. Со еден збор треба да се испитаат сите правни дејства кои ги преземал должникот од аспект на нивната побивност.

Имајќи ги во предвид, правните последици од решението за отворање на стечајната постапка и нејзиното неспроведување и заклучување, со кое завршува оваа постапка. може да се заклучи дека притисокот на привремениот стечаен управник да ги испита сите факти во врска со имотот и зделките кои ги преземал должникот, договорите кои се склучени е уште поголем. Всушност правните последици од донесеното решение влијаат на доверителите на тој начин што тие нема да имаат можност веќе да го пријават своето побарување во стечајната постапка како и тоа дека во неа не се именува стечаен управник кој испитува каде се наоѓа имотот на должникот. Одговорноста на привремениот стечаен управник е многу голема бидејќи тој е единствениот орган на кој паѓа обврската целосно да испита дали должникот има имот или не.

Покрај оваа обврска привремениот стечаен управник треба да го испита и фактот дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Повторно во корелација со испитувањето на имотот и неговото отуѓување, треба да се анализа дали должникот го отуѓил целиот имот и поради тоа дошло до исполнување на условите за отворање на стечајната постапка.

Последната должност е да изврши продажба на имотот кој е од мала вредност и е недоволен за намирување на трошоците во постапката и побарувањата на доверителите. Значи, при спроведување на оваа постапка, привремениот стечаен управник треба да напрви анализа на трошоците на стечајната постапка. Покрај тоа треба да изврши увид во сметководствената документација на должникот и да утврди колку изнесуваат обрските спрема доверителите. Покрај тоа ќе треба да направи и анализа на извесноста за наплата на побарувањата кои ги има друштвото спрема своите должници.

По пронаоѓање на имотот и негова процена, привремениот стечаен управник во текот на претходната постапка го известува стечајниот судија за пронајдените подвижни или недвини предмети и за нивната вредност. Воедно, треба да го извести стечајниот судија и за висината на трошоците на стечајната постапка и за останатиот имот ако воопшто може да се пронајде. Ако се работи за имот од мала вредност од кој неможат да намират и трошоците во постапката, стечајниот судија носи решение за спроведување на постапка за впаричување на имотот на овој начин се избегнува спроведување на стечајна постапка која по правило е многу скапа постапка, арезултатот е ист. Остварените приходи од впаричената стечајна маса неможе да ги покрие ниту трошоците на стечајната постапка. Постапката за продажба ја спроведува привремениот стечаен управник која треба да заврши во рок не подолг од 30 дена според посебни правила кои се разработени со подзаконски акт. Добиените средства од извршената продажба ќе бидат искористени за намирување на трошоците на претходната постапка, а доколку има вишок на средства истите се уплатуваат на сметката на буџетот на Република Македонија.

Во овој случај кога се продава имот од мала вредност во претходната постапка, по впаричување на имотот се одржува рочиште на кое, Судот треба да донесе одлука дали стечајната постапка ќе биде отворена истата нема да се спроведува и заклучена. Привремениот стечаен управник изготвува посебен извештај за економско финансиската состојба на должникот со кој го известува судот за состојбата на имотот, условите за отворање на стечајната постапка. Во овој извештај влегува и анализата на извршената продажба на имотот од мала вредност ако до тоа дошло во текот на постапката. Во извештајот треба да е направена и анализата на сметководството на должникот од аспект на анализа на трошоците на постапката и побарувањата на доверителите.

Ако се исполнети условите стечајниот судија носи решение за отворање на стечајната постапка, нејзино заклучување и наложува бришење на должникот од регистарот во кој е запишан. Против решението на стечајниот судија доверителите имаат право на жалба во рок од осум дена од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија,,.

Основна правна поседица од донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка, нејзино неспроведување и заклучување е тоа што стечајната постапка нема да се спроведе и стечајниот должник се брише од регистарот во кој е запишан. Извод од тоа решение се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Покрај објавувањето на огласот стечајниот судија е должен да наложи и доставување на решението на должникот. Против ова решение доверителите имаат право на жалба во рок од 8 дена од денот на објавувањето на решението во "Службен весник на Република Македонија". За да го остварат правото на жалба доверителите треба да докажат дека имаат побарување од должникот кое не им било исплатено пред донесувањето на наведеното решение, односно дека имаат легитимација за поднесување на жалба.

Покрај јавното објавување на ова решение во Службен весник на РМ примерок треба да се достави и до предлагачот во конкретниот случај должникот и банката носител на платниот промет за должникот како и на органите кои ги водат регистрите,односно јавните книги. Ова решение се доставува и до канцеларијата на Централниот регистар на чие подрачје се наоѓа основниот суд кој постапувал по предметот за да се запише во трговскиот регистар и да се изврши бришење на должникот од трговскиот регистар.

Заклучувањето на стечајната постапка и бришењето на должникот од регистарот, нема влијание на стечајната способност на должникот, стечајната постапка да продолжи. Така во случај кога по спроведување на постапката и е донесено решение со кое е отворена и заклучена стечајната постапка, дополнително ќе биде пронајден имот тогаш стечајниот судија ќе ја продолжи постапката, со тоа што именува стечаен управник и ќе ги повика стечајните доверители да го пријават своето побарување. По правило се работи за имот кој е пронајден од должникот, а привремениот стечаен управник не успеал да го пронајде. Со други зборови во ваков случај судот ќе ја продолжи и спроведе отворената стечајна постапка, со оглед на тоа што веќе еднаш таа

била отворена. Лоша практика е во овој случај ако судот по предлог на предлагачот оформи нов предмет и донесе решение за спроведување на претходна постапка.

11.6. Стечајна постапка од мала вредност

Се работи за посебен вид на стечајна постапка. Разликата помеѓу стечајната постапка и стечајната постапка од мала вредност е во тоа што посебните одредби се применуваат само во случај кога вредноста на стечајната маса изнесува до 1.000.000,00 денари. Во тој случај не се именува одбор на доверители и продажбата на имотот се врши по посебни поедноставени правила. Целта која треба да се постигне со нормирање на стечајна постапка од мала вредност е во оние отворени стечајни постапки во кои вредноста на стечајната маса на стечајниот должник изнесува до 1.000.000,00 денари да се скрати постапката. Значи веднаш по отворањето на стечајната постапка, стечајниот управник ја утврдува висината на вредноста на стечајната маса, Доколку таа изнесува до 1.000.000,00 денари нема да предложи основање на одбор на доверители. Во овој вид на стечајни постапки за сите прашања одлучува стечајниот судија, со тоа што останува во функција собранието на доверители.

Со други зборови стечајната постапка се спроведува согласно законот, наместо одборот на доверители да ги донесува одлуките од својата надлежност тие одлуки ги донесува стечајниот судија. И во оваа постапка е можно да се спроведе реорганизација со тоа што за иницијативата за нејзино спроведување се одлучува на првото извештајно собрание на доверители.

12. ПОБИВАЊЕ НА ДОЛЖНИКОВИТЕ ПРАВНИ ДЕЈСТВА

Побивање на правни дејства на стечајниот должник како правна последица која настанува поради отворање на стечајната постапка е еден од најважните инструменти за заштита на правата на доверителите во стечајната постапка. Добра практика е доколку правните средства за побивање се користат и претставуваат основно средство за зголемување на стечајната маса која понатаму ќе биде предмет за распределба. Од друга страна со примената на овој институт може да се отстранат одредени последици од лошото управување со стечајниот должник насочено директно кон оштетување на доверителите и да се врати довербата на доверителите дека ќе успеат во намирување на своите побарувања.

Со денот на настапувањето на правните последици од отворената стечајна постапка, се создаваат можности под определени услови утврдени со овој закон да се стават вон сила сите правни дејства кои должникот ги преземал пред отворање на стечајната постапка поради кои одреден доверител се нашол во поповолна положба односно им нанел штета на другите доверители.

Се работи за т.н. повратно дејство на стечајот насочен кон преземените дејства, односно одредените полноважни имотно-правни располагања на должникот пред отворањето на стечајната постапка со цел да се заштитат интересите на доверителите и да се создадат услови да дојде до нивно колективно намирување.

Целта на побивање е праведно и потполно намирување на сите стечајни доверители, па заради тоа побиваното правно дејство се огласува без правна сила спрема стечајната маса, а имотната корист стекната врз основа на побиваното дејство се враќа во стечајната маса.

Оваа цел се остварува со поднесување на тужба за побивање на правни дејства кои стечајниот должник ги преземал, одредено време пред отворањето на стечајната постапка, а со кои се нарушува сразмерното намирување на доверителите (оштетувањето на доверителите), односно со кои одделни доверители се ставаат во поповолна положба. Ист третман му е даден на несторувањето, како правно дејство ќе се подразбира и пропуштањето на вршењето на тие дејства.

Побивање на правни дејства во стечајна постапка значи да се утврди дека побиваното правно дејаство кое го преземал должникот пред отворањето на стечајната постапка (поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка) нема дејство спрема стечајната маса, со тоа што доколку некој од доверителите нешто стекнал врз основа на правното дејство, должен е да го врати во стечајната маса.

Основен услов што е потребно да се исполни за да може да се побива одредено правно дејство според одредбите за стечајно побивање е стечајната постапка над должникот да била отворена и да настанале правни последици од отворената стечајна постапка.

Вториот услов кој што треба да биде исполнет за да може да се побива одредено правно дејства е правно дејство што може да се побива да постои, односно должникот пред отворањето на стечајната постапка да преземал било каква постапка со која имотот на должникот, се смалил во корист на некој друг или поради која доверителите се доведени во процесно-правна положба така што шансите за нивно намирување формално правно се отежнати.

Правни дејства кои можат да бидат предмет на побивање се договори, фактички дејства и пропуштање. Се работи за правни дејства со кои должникот ја пренел сопственоста, засновање на стварни и тоа заложни права, примање на обврски по пат на договор и други. Се смета дека правното дејство од страна на должникот е преземено кога ќе настапат неговите правни дејства.

Правни дејства за кои е потребен упис во јавна книга, регистар на бродови, на бродови во изградба или на воздухоплови, ќе се смета дека се преземени штом ќе бидат исполнети другите претпоставки за нејзина полноважност, кога изјавата на волјата за упис ќе стане обврзувачка за должникот и кога другата страна ќе поднесе барање за упис на правната промена. Ако правното дејство е со услов или рок, меродавно е времето на неговото преземање, а не времето на настапување на условот или истекот на рокот.

Трет услов што треба да биде исполнет е со побивањето да се создадат поповолни услови за намирување на побарувањата на доверителите. Тоа значи дека во случај кога имотот на должникот е доволен за целосно намирување на побарувањата на доверителите во утврдениот износ тогаш нема услови за побивање на правните дејства на должникот.

Значи до побивање на правните дејства може да се дојде само во случај кога должникот нема доволен имот кој влегува во стечајната маса за намирување на побарувањата на доверителите во целост, а пред отворањето на стечајната постапка тој преземал дејства со кои нарушува сразмерното намирување на доверителите односно настанало оштетувањето на доверителите, односно со кои одделни доверители се стават во поповолна положба.

Покрај општите претпоставки треба да бидат исполнети и посебните претпоставки.

Првата посебна претпоставка се однесува на испитувањето на околноста дали се исполнети условите за побивање на било кое од наведените правни дејства преземени на должникот пред отворање на стечајната постапка е непосредно поврзана со испитување на фактот дали должникот во времето на преземање на правното дејство бил неспособен за плаќање.

Понатаму, посебна претпоставка на побивањето е доверителот, односно третото лице во времето на нејзиното преземање знаел дека со неа се оштетуваат стечајните доверители.

Посебна претпоставка за побивање на правни дејства во стечајната постапка е оценката за тоа дали се исполнети условите во однос на временскиот период во кој се преземани. Со други зборови нема да можат да се побиваат правни дејства на должникот ако не се преземени во определениот временски период пред

поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка. Значи се работи за временски период на кој мора да се внимава, во спротивно стечајниот управник или доверителот ќе биде соочен со можноста тужбата за побивање на правни дејства да биде отфрлена.

Можат да се побиваат правни дејства преземени од должникот во определен временски период пред поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка и тоа со закон определен временскиот период утврдени за секое правно дејство поединечно. Пресметувањето на овој временски период се врши на тој начин што за почеток се смета денот во месецот што по број одговара на денот на кој предлогот за отворање на стечајната постапка е примен во судот. Ако тој ден со тој број не постои, рокот се пресметува од почетокот на следниот ден. Ако се поднесени повеќе предлози за отворање на постапка, рокот се смета по првиот дозволен и образложен предлог, без разлика што постапката е отворена по повод некој подоцнежен предлог.

Значи можат да се побиваат правни дејства преземени од должникот во определен временски период пред поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка и тоа:

- кај дозволено намирување може да се побиваат дејства сторени рокот од три месеци пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка;
- кај недозволено намирување или директно оштетување може да се побиваат дејства сторени рокот од 30 или 90 дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка;
- кај намерното оштетување може да се побиваат дејства сторени рокот од последните 10 години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка;
- двострано товарни договори склучен помеѓу должникот и нему блиско лице до две години пред поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка;
- правна работа на должникот без надоместок или со безначаен надоместок може да се побива ако е склучен до 4 години пред поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка;
- правна работа со која за побарувањата на содружник на друштвото за враќање на заем со кој се надоместува капитал или за некое нему соодветно побарување ако е преземена во последните десет години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка доколку се гарантира намирување ако работата е преземена во последната година;
- правна работа со која на тајниот содружник на друштвото влогот во целост или делумно му е вратен или со која во целост или делумно му е простен неговиот удел во настанатата загуба, ако спогодбата врз која се темели работата е склучена во последната година пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка над имотот на јавниот содружник или после тоа;

Засметувањето на времето на сторување на правното дејство пред отворање на стечајна постапка и можноста за побивање на истото е поврзано со поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка.

12.1. Дозволено намирување

Дозволено намирување е правна работа преземена од должникот, со која на еден стечаен доверител му се дава или му се овозможува обезбедување или намирување во согласност со содржината на неговите права.

Оваа правна работа може да се побива под следните услови:

- таа да е преземена последните три месеци пред поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка;
- во времето на преземањето на оваа правна работа должникот да бил инсолвентен;
- во времето на преземањето на правната работа доверителот да знаел дека должникот бил инсолвентен;

За да биде исполнет овој услов доволно е доверителот да знаел за околностите од кои нужно можело да се заклучи дека постои неспособност за плаќање или дека е поднесен предлог за отворање стечајна постапка.

Исто така предмет на побивање може да биде и правна работа со која на еден стечаен доверител му се дава или му се овозможува обезбедување или намирување во согласност со содржината на неговите права со таа разлика што таа правна работа била преземена по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка и ако доверителот во времето на нејзиното преземање знаел или морал да знае за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање стечајна постапка.

Со дозволено намирување не се оштетуваат доверителите, меѓутоа создава услови одредени доверители да бидат во привилегирана состојба и да се намират пред отворањето на стечајната постапка.

При утврдување на околноста дали доверителот знаел за неспособноста за плаќањето се тргнува од фактот дека тој знаел за околностите од кои нужно можело да се заклучи дека постои неспособност за плаќање или дека е поднесен предлог за отворање на стечајна постапка. За блиските лица на должникот се претпоставува дека знаеле за инсолвентноста на должникот и за тоа дека бил поднесен предлог за отворање на стечајна постапка.

12.2. Недозволено намирување

Разлика помеѓу дозволеното намирување кога помеѓу побарувањето на доверителот и намирувањето имало еквивалент, во случај кај недозволеното намирување таков еквивалент не постои. Значи, недозволено намирување постои во случај кога врз основа на правна работа доверителот бил намирен или му било овозможено да биде намирен односно неговото побарување обезбедено коешто тој немал право да го бара или немал право да го бара на тој начин или во тоа време.

Условите за побивање на оваа правна работа е поврзано со времето во која била преземена како и со тоа дали во тоа време должникот бил неспособен за плаќање или со фактот дека доверителот знаел дека со преземањето на правната работа се оштетуваат другите стечајни доверители. По однос на рокот кога е преземена може да се направи следната разлика:

- кога била преземена триесет дена пред поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка и/ или потоа тогаш не е потребно да се докажуваат и други услови поврзани инсолвентноста на должникот и сл. Во овој случај доволно е да се утврди дека ваква правна работа била предмет на недозволено намирување на доверителот.
- доколку била преземена деведесет дена пред поднесувањето на предлогот за отворањето стечајна постапка во тој случај побивачот на правната работа ќе треба алтернативно да докаже или дека должникот бил инсолвентен односно неспособен за плаќање или дека доверителот знаел дека со преземањето на ваквата работа се оштетуваат доверителите.

Фактот дека доверителот знаел за оштетувањето на доверителите се претпоставува и се поврзува со тоа дека доверителот знаел за околностите врз основа на кои нужно можело да се заклучи дека со неа доверителите се оштетуваат. За блиските лица на должникот и кај недозволеното намирување се претпоставува дека знаеле за оштетувањето на доверителите.

12.3. Правни работи со кои доверителите непосредно се оштетуваат

Под поимот правна работа на должникот со која стечајните доверители непосредно се оштетуваат, може да се разберат сите правни работи или дејства што ги преземал должникот пред отворањето на стечајната постапка:

- со кое тој губи некое од своите права или поради што повеќе не може да ги оствари,
- врз основа на кое може да остане во сила или да се оствари некое имотно-правно побарување против должникот.

За да може да се побие ваката правна работа по отворање на стечајната постапка треба да бидат исполнети следните услови:

- да биде преземено во текот на последните деведесет дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка;
- во времето на нејзиното преземање должникот да бил неспособен за плаќање;
- другата страна во времето на преземањето да знаела за таа неспособност;

Исто така предмет на побивање е и правната работа која должникот ја преземал по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка, а другата страна во времето на правната работа знаела или морала да знае за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање на стечајната постапка.

Се смета дека доверителот знаел за неспособноста на должникот или за предлогот за отворање стечајна постапка доколку знаел за околностите од кои нужно можело да се заклучи дека постои неспособност за плаќање или дека е поднесен предлог за отворање стечајна постапка. За лицето кое со должникот било блиско во времето на преземањето на работата се претпоставува дека знаело за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање стечајна постапка.

12.4.Намерно оштетување

Може да се побива и правна работа што должникот ја презел во последните десет години пред поднесувањето на предлогот за отворање стечајна постапка или потоа, со намера да ги оштети своите доверители. Во овој случај услови кои треба да бидат исполнети за побивање на оваа правна работа се:

- правната работа да била преземена во периодот во последните десет години пред поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка или потоа;
- другата страна во времето на преземањето на таа работа знаела за намерите на должникот;
- со правната работа се оштетуваат доверителите;

Во периодот кога била преземена оваа правна работа требало да постојат знаци дека на должникот му се заканува неспособност за плаќање и постоела намера кај должникот со таа правна работа да ги оштети доверителите. Всушност на другата страна при склучувањето на правната работа требало да и биде познато дека должникот се наоѓа или му престоела состојба на инсолвентност и дека постоеле и други доверители кои не биле намирени.

Предмет на побивање може да биде и правна работа што должникот ја презел во последните десет години пред поднесувањето на предлогот за отворање стечајна

постапка или потоа со која примил еквивалент на својата чинидба со намера да ги оштети своите доверители

12.5. Двострано товарни договори склучени со блиски лица

Предмет на побивање можат да бидат и двострано товарните договори склучени со блиски лица до должникот под услов доколку со тој договор непосредно

се оштетени стечајните доверители. И кај побивањето на овој договор е важно да се докаже намерата на должникот дека со склучување на ваков договор доверителите биле оштетени.

Овој договор неможе да биде предмет на побивање доколку е склучен по протекот на две години пред поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка како и доколку во парницата другата страна докаже дека во времето на склучувањето на договорот не и била позната намерата на должникот да ги оштети доверителите

Во овој случај основата задача на стечајниот управник при поднесување на тужба за побивање на правните дејства е да утврди дали постои одреден двострано товарен договор склучен со блиско лице. Блиски лица на должникот поединец се брачниот другар на должникот, дури и ако бракот е склучен по правната работа или ако престанал во последната година пред преземањето на работата, роднините на должникот или на брачниот другар во права линија, браќата и сестрите, односно полубраќа и полусестри на должникот или брачниот другар, како и брачните другари на тие лица и лицата кои живеат во заедничко домаќинство или во трајна животна заедница со должникот или живееле со должникот во последната година што и претходела на работата.

Блиски лица на должникот правно лице се: управителот односно управителите, членовите на органите на управувањето и членовите на надзорните органи и лично одговорните содружници на должникот и лицата кои во капиталот на должникот учествуваат со повеќе од една четвртина, лицето кое поради својата статусно - правна или трудово - договорна врска со должникот има можност да биде запознаено со економската положба на должникот и лицата кои имаат лични врски со едно од погоре наведените лица.

12.6. Правни работи без надомест или со безначаен надомест

Предмет на побивање може да бидат и правните работи кои ги преземал должникот без надомест или со безначаен надоместок. Овие правни работи можат да се побиваат само под услов да се преземени последните четири години пред поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка.

Може да се побива и правно дејство за кое е добиена извршна исправа и дејство кое е преземено во постапка за присилно извршување, ако е тоа определено со закон.

12.7. Правни работи кои не можат да се побиваат

Од системот на побивање на правни дејства исклучени се правните работи за вообичаен пригоден подарок со незначителна вредност.

Исклучено е побивање на правно дејство со кое должникот му исплатил на примателот врз основа на меница. Тоа се однесува во случај доколку според меничното право примателот одбие да го прими плаќањето, ќе го изгуби меничното барање спрема другите менични должници. Со ова правило се заштитени лицата кои врз основа на издадена меница од должникот може да се намират, а доколку одбијат исплата го губат правото за наплата на своето побарување спрема другите менични должници.

Не може да се побива правна работа со која на таен содружник во тајно друштво влогот во целост или делумно му е вратен или со која во целост или делумно му е простен неговиот удел во настанатата загуба ако причината за отворањето на стечајната постапка настапила дури по склучувањето на договорот.

12.8. Постапката за побивање на правни дејства во стечајна постапка

Постапката за побивање на правни дејства во стечајна постапка, во себе содржи три дела кои меѓусебно се поврзани и се испреплетуваат.

Првиот дел на постапката е откривање на правното дејство кое го сторил должникот пред отворање на стечајната постапка. Значи стечајниот управник или

стечајните доверители се должни да ги испитаат сите правни работи кои ги склучил должникот пред поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка..

Вториот дел од постапката претставува оценка на тоа дали се исполнети условите за побивање на правните дејства, информирање на одборот на доверители и добивање на одобрение од истиот. Оценката на тоа дали се исполнети условите за побивање на правните дејства е многу важен дел од постапката, бидејки истата може штетно да се одрази на стечајната маса и воопшто на водењето на стечајната постапка должникот и нејзиното траење. При оценката, стечајниот управник може да изврши определени консултации со стручни лица во поглед на можноста за побивање на конкретното правно дејство. Лоша практика е ако навистина постојат услови за побивање на правни дејства, меѓутоа стечајниот управник ангажира адвокат кој нема познавања од оваа материја и поради тоа ја изгубат парницата.

Поднесува на тужба да побивање на правни дејства од страна на стечајниот управник претставува преземање на дејства од посебно значење.

Тоа е поврзано со должноста на одборот на доверители за контрола над работењето на стечајниот управник и да му помага во водењето на работите дотолку повеќе што преземањето на ваков вид дејства како што е побивањето има директна поврзаност со зголемувањето на стечајната маса, односно дирекно влијае на намирувањето на побарувањето на доверителите. Во некој случаи во зависност од вредноста на спорот кој ќе треба да се поведе на стечајниот управник му е потребна посебна дозвола од одборот на доверителите.

Поднесување на тужба или пак друго правно средство предвидено со законот е последниот дел од постапката кое е поврзано со претходните две и зависи од нив.

Тужба за побивање на правните дејства може да се поднесе најдоцна до заклучувањето на стечајната постапка и се поднесува до судот кој е исклучиво надлежен за спроведување на отворената стечајна постапка.

Тужбата може да ја поднесат стечајниот управник или доверителот во името на должникот. Оттаму произлегува дека и стечајниот управник и доверителот оваа тужба ја поднесуваат како застапници на должникот. Значи не се работи за тоа дека во конкретниот случај на стечајниот управник му се признава својството на странка во парницата со посебен закон, туку тоа право го добива и го врши врз основа на овластувањето кое го има во стечајната постапка како орган кој го презема управувањето со должникот, вклучувајќи го правото да го го застапува и претставува должникот само за оние работи кои се однесуваат на стечајната постапка и стечајната маса.

Тужбеното барање може да биде со различна содржина.

Во случај кога противникот на побивање се уште ништо не стекнал врз основа на побиваното дејство, тужбеното барање треба да биде насочено само кон утврдување да побиените дејства немаат правна сила спрема стечајната маса.

Доколку противникот на побивањето нешто стекнал врз основа на побиваното дејство, против него треба да се истакнат две барања: со првото (деклараторно) се бара да се утврди дека побиено правно дејство нема правна сила спрема стечајната маса, со

второто (кондемнаторно) противникот на побивањето да се задолжи да во стечајната маса ја врати имотната корист што ја стекнал со побиваното правно дејство.

Лоша практика е кога тужителот односно стечајниот управник има и тужбено барање со кое се поништува правната работа што ја презел должникот и судот ваквото тужбено барање го прифаќа.

Правните дејства на должникот можат да се побиваат и со истакнување на приговор во парница без временското ограничување. Во постапката за побивање постојат две спротивни страни: една која е активно легитимирана, односно овластена да го користи правото на побивање, додека другата страна е пасивно легитимирана против која се врши побивањето и е противник на побивањето.

Стечајните доверители и стечајниот управник, во име на стечајниот должник, можат да ги побиваат правните дејства на стечајниот должник.

Правото на побивање на правните дејства на должникот му припаѓа на стечајниот управник и тоа како орган на стечајната постапка кои ги има сите права да го застапува и претставува должникот за оние работи кои се однесуваат на стечајната маса. Тој е овластен да поднесе тужба за побивање од моментот кога го преземал вршењето на работите стечаен управник.

Исто така новиот стечаен управник кој ја преземал должноста од разрешениот стечаен управник е овластен да ги продолжи парниците за побивање кои се поведени од претходниот стечаен управник.

Покрај тоа, а како што веќе е истакнато употребата на побивањето на правни дејства во стечајната постапка е насочено пред се кон заштита на правата на доверителите кои ги имаат во однос на намирувањето и заштита на стечајната маса. Тужбата за побивање на правни дејства се поднесува против:

- лицето спрема кое е преземено побиваното дејство, а тоа е најчесто должниковиот договорувач, односно лице со кое должникот склучил некое правно дело и против должникот ако тој не е тужител.
- наследник или друг универзален правен следбеник на противникот на побивањето.

Побивањето на правните дејства има и правни последици што се однесуваат на стечајната маса. Така, доколку барањето за побивање на правното дејство се усвои, правната последица е таква што побиеното правно дејство е без дејство спрема стечајната маса и спротивната страна е должна да ги врати во стечајната маса сите имотни користи стекнати врз основа на побиеното дејство. По однос на примателот на чинидбата без надомест или со незначителен надомест правната последица од побивањето не делува автоматски по однос на враќањето. Во овие случаи враќањето на она што е примено е условено со утврдување на факти по однос на тоа дали истиот со примаењето на чинидбата е збогатен. Утврдувањето на овие факти се исклучени во случај доколку примателот на чинидбата знаел или морал да знае дека со таква чинидба ги оштетува доверителите.

Покрај правните последици по стечајната маса побивањето создава и правни последици по противникот на побивањето.

Така усвоеното тужбено барање за побивање создава одредени правни последици и по однос на противникот на побивањето, со тоа што влијае на можноста за оживување на неговото побарување доколку го врати во стечајната маса оноа што го примил. Тоа значи дека, противникот на побивањето добива својство на доверител и може да го пријави своето побарување во стечајната постапка. Лоша судска практика или практика на стечајните управници ако ја отфрлаат пријавата како ненавремена поаѓајќи од фактот дека пријавувањето на побарувањето траело 15 дена. Овој рок во овој случај неможе да биде земен во предвид па поради тоа стечајниот управник може или да го признае побарувањето или да го оспори доколку смета дека нема услови да го признае.

Оваа правна последица е многу важна и може да придонесе побрзо да се заврши постапката поведена за побивање на правното дејство. Во неа е содржано начелото на рамномерно намирување на доверителите.

Тука се прави разлика во однос на правното дејство на побиваното дејство се однесува само на стечајната маса, а правото на противникот како стечаен доверител да бара намирување на побарувањето не се губи.

Исто така противникот на побивањето има право да бара неговата против чинидба да му се врати од стечајната маса како стечаен доверител доколку од таа маса се уште може да издвои или ако масата е збогатена со вредноста на чинидбата

Доколку противникот на побивањето го отуѓил или го пренел правото на некое трето лице, тоа не претставува пречка правното дејство да се побива и против наследник или друг универзален следбеник на противникот на побивањето.

Правно дејство може да се побива и против другите правни следбеници на противникот на побивањето доколку се исполнети следните услови:

- правниот следбеник во времето на стекнувањето да знаел за околностите врз кои се темели можноста за побивање на стекнувањето на неговиот правен претходник;
- во времето на стекнувањето спаѓал во лицата кои се блиски на должникот , освен ако докаже дека во тоа време не знаел за околностите на кои се темели можноста за побивање на стекнувањето на неговиот правен претходник и
- она што е стекнато му е отстапено без надоместок или со незначителен надоместок.

Можно е во текот на своето работење стечајниот управник да преземал одредени дејства, односно склучил одредени правни работи кои се насочени кон оштетувањето на стечајната маса. Така правното дејство преземено по отворањето на стечајната постапка што останува во сила според правилата за веродостојност на она што е запишано во јавните книги, може да се побива според правилата за побивањето на правните дејства преземени пред отворањето на стечајот. Рокот за тужба почнува да тече од настапувањето на правните последици на дејството.

13. УПРАВУВАЊЕ СО СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка има за последица која е поврзана со настапување на правните последици од отворена стечајна постапка. Овие правни последици директно се поврзани со правниот субјективитет на должникот и влијаат ограничувачки на правата на органите на управување, а можат да значат дефинитивно престанување на должникот како правен субјект.

Основна карактеристика на стечајната постапка е во тоа што таа е судска постапка и при нејзино отворање се формираат органи кои управуваат со постапката. Воспоставувањето на новите органи во судската постапка е тесно поврзана со остварување на целта на стечајната постапка, а тоа е остварување на интересите на доверителите кои се сведуваат на намирувањето на нивните побарувања, како и судска заштита на правата на доверителите за наплата на побарувањата во што поголем износ. Пошироко гледано може да се каже дека формирањето на овие органи има повеќе функции.

Првата функција е управувањето со стечајната постапка. Тоа ги опфаќа нивните права и обврските и надлежност во управувањето со стечајната постапка.

Втората функција кои ја имаат овие органи е поврзана со вршењето на корпорациските права на структурата на управување која постоела во друштвото пред отворањето на стечајната постапка. Тука станува збор за ограничено преземање на надлежности на органите поврзани со формирањето на волјата, управувањето и надзорот во друштвото како и одлучувањето во процесот на раководење, само за потребите на стечајната постапка.

Третата функција е тесно поврзана со управувањето, а се однесува на застапувањето и претставувањето на должникот над кого е отворена стечајна постапка.Тргнувајќи од фактот дека со отворањето на стечајната постапка, новите органи, а посебно стечајниот управник го презема управувањето со имотот, може да се зборува и за состојба кога овие органи фактички управуваат со стечајната маса која претставува нов нов процесен субјект. Значи органите кои настануваат фактички управуваат со стечајната маса.

Формирањето на органите на управување со стечајната постапка зависи од настанувањето на правните последици и по правило е сукцесивно. Тоа значи дека сите органи не се формираат во сите видови на стечајни постапки на ист начин и немаат иста надлежност. Сукцесивноста значи дека формирањето на органите зависат од претходно спроведени процесни дејства во постапката.

Правата и обврските како и надлежноста на органите кои се формираат заради управување со стечајната постапка се строго уредени со закон и не постои начин тие да бидат променети. Правните последици од отворената стечајна постапка создаваат услови должникот и неговите органи на управување да ја изгубат улогата на правната сцена која ја стекнале со моментот на основање и се спроведува судска постапка која

може да доведе до негово присилно престанување. Прв орган кој се појавува во стечајната постапка е стечајниот судија кој има функционална надлежност во судот да постапува по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка.

Овластувањата на стечајниот судија во стечајната постапка се разликуваат и зависат од фазата на стечајната постапка. Во претходната постапка на испитување на условите за отворање на стечајната постапка доаѓа до израз неговата процесна улога, како и мериторното одлучување посебно во утврдувањето на инсолвентноста на должникот, односно условите за отворање на стечајната постапка.

По однос на овластувањата со кои се здобива стечајниот управник може да се каже кај него се концентрираат сите овластувања кои ги имале органите на управување на должникот по однос на управувањето и располагањето со имотот кој бил во сопственост на должникот како правно лице.

Значи со самото отворање на стечајната постапка доаѓа до концентрација на водењето и одлучувањето со стечајната постапка во два органа стечајниот судија и стечајниот управник. Гледано од процесен аспект во овој период водењето на стечајната постапка е насочена во два правци. Еден правец е фактичкото преземање на управување со имотот на должникот од органите на управување на должникот и информации за состојбата во која се наоѓа претпријатието на должникот, а од друга страна тече процесот на пријавување на побарувањата на доверителите кој треба да заврши со утврдување на нивните побарувања.

Завршувањето на оваа фаза од стечајната постапка претставува и критичен момент кога се создаваат услови да биде формиран и одбор на доверители. За одборот на доверители кој го именува стечајниот судија како и стечајниот управник се само може да се каже дека се привремени органи со тоа што е оставена можност собранието на доверители на својата прва седница да одлучи за нивната промена. Оттаму може да се заклучи се работи за сукцесивно формирање на органите на стечајната постапка.

Инаку, именувањето на одборот на доверители зависи од тоа дали се спроведува главна стечајна постапка или стечајна постапка од мала вредност. Во случај ако се спроведува стечајна постапка од мала вредност основањето на одбор на доверители не е задолжително. При именувањето на неговиот состав, како и менувањето на составот постојат ограничувања кои мораат да бидат почитувани како од страна на стечајниот судија, така и од собранието на доверители. Значи во секој случај одборот на доверители може да биде именуван пред одржувањето на првото собрание на доверители особено во постапките кај должниците кои имаат стечајна маса повисока од 1.000.000,00 денари и зависи од бројот на доверителите кој го пријавиле своето побарување во стечајната постапка.

Последниот орган кој се формира во стечајната постапка, а е непосредно поврзан со управувањето на постапката, е собранието на доверители. Се работи за непосредно и ex lege формирање на овој орган.

Во него без исклучок влегуваат сите доверители кои пријавиле свое побарување во стечајната постапка, меѓутоа учеството во работата и донесувањето на одлуките е условен со стекнување на правото на глас. Улогата на овој орган е исто така насочена кон заштита на интересите на доверителите во стечајната постапка.

Карактеристика на стечајната постапка е во тоа што заштита на интересите на доверителите е поставена во повеќе слоеви. Така овозможена е заштита на интересите од страна на секој доверител поединечно, одборот на доверители и на крајот преку собранието на доверители. Собранието на доверители во стечајната постапка ја носи основната одлука од која зависи понатамошниот начин на управување со стечајната постапка која непосредно се одразува и на одржувањето и продолжувањето на вредноста на претпријатието на должникот.

Се работи за одлука која влијае на понатамошно однесување на сите органи во стечајната постапка како на корпорациска структура на должникот со тоа што може да дојде до спроведување на обична стечајната постапка која во суштина е поврзана со впаричување на имотот на должникот и распоредување на впаричени средства на доверителите и по правило значи престанување на должникот и негово бришење од трговскиот регистар.

Од друга страна доверителите можат да се определат за реорганизација на должникот што условно може да значи одржување и продолжување на вредноста на претпријатието на должникот во било која правно организациона форма. Тоа значи дека доверителите на седницата на собранието на доверители ја носат основата одлука која непосредно влијае на управување со постапката и посредно влијае на претпријатието на должникот и корпорациската структура на должникот.

13.1. Стечаен судија

По отворањето на стечајната постапка, стечајниот судија станува дел од органите кои се формираат заради нејзиното спроведување со тоа што доаѓаат до полн израз неговите големи овластувања во делот на управувањето на стечајната постапка.

Првото и основно овластување е надзор на законитоста на спроведување на стечајната постапка и контрола на работењето на другите органи кои се формираат во стечајната постапка. Во овој сегмент лоша практика е ако стечајниот судија ја води стечајната постапка без да се грижи за законитоста на спроведувањето на стечајната постапка. Професионалноста на стечајниот управник нема да го реши проблемот со контролата на законитоста на стеајната постапка, затоа што со контролата на законитоста на водењето на стечајната постапка значи и контрола на професоналноста на стечајниот управник и заштита од злоупотреба на професионалноста.

Стечајниот судија има можности да донесе мериторни решенија кои директно се однесуваат на законито спроведување на стечајната постапка, а во врска со спроведувањето на надзорот на работењето на другите органи.

Контролата над законитоста на работата на стечајниот управник, стечајниот судија ја врши по службена должност па така тој може да ги менува одлуките на стечајниот управник кој ги донел во текот на стечајната постапка во врска со своите овластувања. За правилно извршување на ова овластување потребно е стечајниот

судија да оцени дали одлуките, односно дејствата кои ги донел односно преземал стечајниот управник се спротивни на законот и на друг правен акт.

Овластени органи кои можат да предложат поведување на ваква постапка за оценка на законитоста на одлуките на стечајниот управник покрај стечајниот судија ex officio се и органите на доверителите во стечајната постапка вклучувајќи ги и секој доверител.

За да започне оваа постапка потребно е органите на доверителите, односно доверителот да поднесат иницијален акт во вид на приговор или предлог. Во случај кога стечајниот судија ќе утврди дека се исполнети условите за донесување на вакво решение тој носи решение со кое одредена одлука на стечајниот управник ќе промени во случај истата да се спротивна на законот. При одлучувањето за тоа дали определена одлука донесена од стечајниот управник е спротивно на законот стечајниот судија не прибавува мислење од одборот на доверители. Ваквото мислење е непотребно и во случај кога предлогот или приговорот е поднесен од одборот на доверители.

Меѓутоа, доколку предлогот е поднесен од собранието на доверители во тој случај стечајниот судија е должен да прибави вакво мислење од одборот на доверителите.

Во одредени сегменти на стечајната постапка стечајниот судија има улога како второстепен орган.

Така стечајниот судија одлучува по два вида на приговори кои се разликуваат по однос на тоа кој ги поднел. Првиот вид на приговори по кој одлучува стечајниот судија се оние кои се поднесени од страна на стечајниот управник, а вториот вид на приговори се оние кои се поднесени од доверителите и нивни органи против донесените заклучоци.

Стечајниот судија како второстепен орган постапува само во точно определените случаи кога со законот е пропишано во тие случаи да одлучува по приговорите поднесени од доверителите. Тоа значи дека стечајниот судија одлучува по т.н. процесни заклучоци донесени во врска со водењето на стечајната постапка:

- по приговорите поднесени од доверителите по шемата изготвена од стечајниот управник по пријавите за побарување поднесени по огласот за отворена стечајна постапка, по претходно изјаснување од стечајниот управник за секој поднесен приговор. Во овој дел неговото овластување е само формално.
- одлучува по приговорите поднесени од доверителите на планот за авансна распределба изготвен од стечајниот управник
- одлучува по приговорите поднесени од доверителите против предлог планот за конечна распределба
- одлучува по приговорите на доверителите против барањето за запирање на постапката.

Понатаму, стечајниот судија во текот на отворената стечајна постапка може и директно да влијае на продолжување на деловниот потфат на должникот, како и да донесе решение со кое одобрува кои од започнати работи треба да продолжат. Се

работи за многу важни одлуки на стечајниот судија за чије донесување треба да постапјат аргументи. Лоша практика е ако деловниот потфат е продолжен, неговото продолжување создава високи трошоци кои паѓаат на товар на стечајната маса, а со тоа се создаваат и услови доверителите повторно да го финансираат деловниот потфат на должникот.

При донесување на ова решение, односно при оценката за тоа кои започнати работи треба да завршат, стечајниот судија врши оценка на аргументите кои зависат од случај до случај и се поврзани со висината на трошоците и остварениот приход. Секош оваа анализа треба да биде позитивна, односно остварените приходи да бидат повисоки од трошоците. Анализата треба да биде направена од страна на стечајниот управник, одобрена од одборот на доверители. Во некој случаи одборот на доверители може и да не биде основан.

Што се однесува до овластувања за одобрување на исплата на доверителите, тие се поврзани со контролната функција. Така постапка за составување на предлог план за авансна распределба, односно конечна распределба на впаричената стечајна маса на доверителите ја спроведува стечајниот управник, додека стечајниот судија има контролна функција, која завршува со донесување на решение со кое се одобруваа таа исплата.

По однос на овластувањата поврзани со донесување на решение за заклучување на стечајната постапка, треба да се напомене дека тоа решение се донесува секогаш кога ќе биде претходно спроведена постапка на контрола на работата на стечајниот управник кој доставува и формален предлог со кој го известува судијата дека ги извршил сите негови должности определени со законот, посебно околу намирување на побарувањата на доверителите.

Постојат два вида на решенија за заклучување на стечајната постапка во зависност од тоа дали била спроведена постапка за впаричување на имотот на должникот или е спроведена постапка за реорганизација. Тие се разликуваат по правните последици.

Во случај кога решението за заклучување на стечајната постапка се носи поради преземање на сите дејства поврзани со впаричување на имотот, се спроведува посебна постапка во која доверителите ги разгледуваат извештајот на стечајниот управник за спроведување на стечајната постапка и треба да се одржи и завршно собрание на доверителите кои се изјаснуваат по повод на извештајот на стечајниот управник. Во овој случај се работи за задолжителни фази кои мораат да бидат спроведени како услов за донесување на решението за заклучување на стечајната постапка. Основна правна последица од донесување на решението за заклучување на стечајната постапка во постапката за впаричување е бришење на стечајниот должник од регистарот во кој е запишан.

Во постапката за реорганизација по донесувањето на решението за одобрување на планот за реорганизација стечајниот судија веднаш пристапува кон заклучување на стечајната постапка со донесување на решение за заклучување на стечајната постапка. Во овој случај по однос на правната последица поврзана бришењето на должникот од трговскиот регистар односно регистарот каде е запишан можни се две ситуации. Правата како последица на содржинскиот дел од планот за реорганизација е

должникот да биде избришан од трговскиот регистар и деловниот потфат да го продолжи ново друштво. Втората правна последица е должникот да го врати управувањето со имотот и да го продолжи деловниот потфат по заклучувањето на стечајната постапка.

Понатаму, стечајниот судија има овластувања кои се однесуваат на именувањето и работата на стечајниот управник како орган на стечајната постапка.

Во таа смисла тој е должен да спроведува именување на стечајни управници по електронски пат, што значи дека постои целосно ограничување на овластувањето на стечајниот судија слободно да избира на кој стечаен управник ќе му го додели предметот во работа.

Останува само неговото овластување да оцени дали постојат пречки поради кои избраниот стечаен управник по електронски пат да биде и именуван во стечајната постапка. Во таа смисла постои и понатаму веќе предвиденото ограничување на стечајниот судија да именува стечаен управник во случај кога доверителот како предлагач предложил именување на стечаен управник. Во овој случај како и претходниот, судијата треба да оцени дали стечајниот управник има законска пречка да биде именуван во стечајната постапка и во колку стечајни постапки е именуван. Лоша практика е непочитување на електронскиот избор на стечаен управник во претходна постапка. Во таа смисла, погрешна е оценката дека привремениот стечаен управник е само мерка за обезбедување и дека стечајниот судија може да избира кого сака од стечајните управници за привремен стечаен управник, а по завршување на претходната постапка по електронски избор се избира стечајниот управник. Дефинитивно, со ваква практика се нарушува континуитетот на претходната и на главната постапка и се создаваат услови главната постапка да ја води стечаен управник кој ги нема ниту основните информации за должникот. Од друга страна, евидентно е дека според овластувањата кои ги има согласно законот првременият стечаен управник во претходната постапка која се води заради испитување на можноста стечајната постапка да се отвори, да не се спроведе и веднаш да се заклучи ја има улогата на стечаен управни.

Стечајниот судија помеѓу другите овластувања во стечајната постапка врши и контрола на трошоците во постапката. Во досегашната судска практика се покажа дека оваа функција на стечајниот судија е една од најважните заедно со определувањето на наградата на стечајниот управник.Лоша практика е ако стечајниот судија при определување на наградата или при определување на авансната награда на стечајниот управник не го почитува подзаконскиот акт.

Контролата на трошоците во постапката стечајниот судија ја извршува преку анализа и одобрување на предлог пресметката на трошоците на стечајната постапка кои се очекуваат да настанат, која што по отворањето на стечајната постапка, стечајниот управник е должен да состави.

Контрола и одобрување на фактичките трошоци сторени во стечајната постапка. Тие трошоци се однесуваат на трошоците во самата постапка неопходни за спроведување на истата. Стечајниот судија овие трошоци ги одобрува месечно со решение врз основа на доставен предлог и пресметка од страна на стечајниот управник.

Исто така, стечајниот судија ја одобрува наградата на стечајниот управник. Ова овластување стечајниот судија е должен да го изврши применувајки ги подзаконските акти и основите за наградување на стечајниот управник.

Следењето на работата на органите на доверителите претставува многу важно овластување на стечајниот судија. Со други зборови, покрај овлстувањето кое е предвидено со закон - да ја води седницата на првото извештајно собрание на доверителите и завршното собрание на доверителите, треба да биде присутен и на сите седници на одборот на доверители. Се работи само за следење на работата на одборот на доверители, а не и за мешање при донесувањето на одлуките.

Стечајниот судија по правило своите овластувања ги извршува со донесување на решенија и заклучоци. Меѓутоа определени овластувања стечајниот судија ги извршува и со давање на писмени упатства. Тие упатства за извршување на неговите овластувања се од писмен карактер и се насочени по правило на извршување на должностите на стечајниот управник.

13.2. Органи на доверителите

Во рамките на стечајната администрација се формираат и органи на доверителите чија функција е поврзана пред се заштита на интересите на доверителите во стечајна постапка и надзор над работата на другите органи дел од стечајната администрација. Заштитата на интересите на доверителите во стечајната постапка, органите на доверителите во рамките на стечајната администрација ја остваруваат преку вршење на контролната функција и советодавна функција.

Тие органи се одборот на доверителите и собранието на доверителите. Карактеристично за овие органи на доверителите е тоа што постојат разлики по однос на нивното основање односно формирање како и начинот на работење.

13.2.1. Одбор на доверители

Се работи за орган на доверителите кој се основа во стечајната постапка пред се заради заштита на колективните интереси на доверители кои учествуваат во стечајната постапка и очекуваат намирување на побарување. Одборот на доверители ги извршува процесните дејства кои се во негова надлежност за сметка на сите доверители кои се стекнале со својство на странка во стечајната постапка

Тој како оперативен орган на доверителите се основа врз основа со решение на стечајниот судија, а по предлог на стечајниот управник. По однос на начинот како се формира може да се направи разлика помеѓу одбор на доверители именуван од стечајниот судија и одбор на доверители избран од собранието на доверители.

Одборот на доверители кој го именува стечајниот судија се формира по донесеното решение на стечајниот судија и има мандат до моментот на одржување на првото собрание на доверители, кога може неговиот состав за биде променет или да остане ист или проширен. Од тој момент по завршувањето на седницата на прво извештајно собрание, може да се каже дека се работи за одбор на доверители избран од собранието надоверители.

Инаку, стечајниот судија треба одборот на доверители да го именува веднаш по пријавувањето на побарувањата на доверителите со што ќе создаде услови доверителите да ги заштитат своите интересите во стечајната постапка.

За член на одбор на доверители може да биде именуван секој доверител кој пријавил побарување во стечајната постапка и за кое стечајниот управник смета дека е основано. Значи постојат само два услова кои треба доверителот да ги исполнува за да може да биде именуван како член на одборот на доверители, а тоа се навремено да го пријавил своето побарување во стечајната постапка и побарувањето да биде основано, што подоцна би значело дека ќе биде признато од страна на стечајниот управник, а утврдено од стечајниот судија.

При предлагањето на членот на одборот на доверители стечајниот управник има посебна одговорност со оглед на тоа што по правило одборот на доверители се основа пред завршувањето на постапката за утврдување на побарувањата. Значи во кругот на изборот за состав на одборот на доверители може да влезат сите стечајни доверители без разлика на висината на побарувањето, како и сите разлачни доверители. Лоша практика која треба да се напушти е за член на одбор на доверители секогаш да биде предложен и именуван доверителот кој е предлагач и го предложил стечајниот управник. Сите доверители треба да бидат во иста позиција при именувањето на одборот на доверители имајќи го предвид воспоставеното правило согласно законот кое предвидува кој од доверителите мораат да бидат исклучени при предлагањето и именувањето на одборот на доверители.

Значи со закон се забранува кои доверители можат да бидат членови на одборот на доверители. Ако тоа се случи и покрај ваквата забрана за учеството на овие лица во одборот на доверители, правната последица може да биде ништовност на одлуките кои биле донесени. Стечајниот судија е должен ex officio да внимава дали овие лица чија забрана е статуирана биле предложени за членови на одборот на доверители. Ако нив ги предложил стечајниот управник без да внимава на оваа забрана во тој случај може тоа да биде основ и за разрешување на стечајниот управник. Во одборот на доверители неможе да биде именувани од стечајниот судија по предлог на стечајниот управник ниту пак избран на прво извештајно собрание по предлог на доверителите, ниту пак подоцна стечајниот судија да го именува доколку разреши член на одборот на доверители:

- доверителот кој истовремено е и должник на стечајниот должник, со тоа што неговите обврски спрема стечајниот должник да надминуваат еден посто од проценетата вредноста на имотот кој влегува во стечајната маса. Значи доверителот кој истовремено е во улога и на должник односно има неисплатени долгови кои влегуваат во стечајната маса не може да биде член на одборот на доверители под услов неговите

обврски спрема стечајниот должник да надминува еден посто од проценетата вредност на имотот кој влегува во стечајна маса.

Во таа смисла стечајниот управник, веднаш по отворањето на стечајната постапка ќе мора да направи список на должници и по истекот на рокот на пријавување на побарувањето во рок од 15 дена по објавување на огласот во Службен весник на Република Македонија да направи посебен споредбен преглед на доверителите кои пријавиле побарување, а кои истовремено се и должници и кои имаат неисплатени обврски кон стечајниот должник. Истовремено заедно со пописот и извршената проценка на недвижниот имот да се наведе дали неплатената обврска на доверителот кој пријавил побарување надминува еден посто од проценетата вредноста на имотот кој влегува во стечајната маса. Добра пракса е стечајниот управник ниту еден од доверителите кои во истовреме се и должници на стечајниот должник да не предлага за иманување во оваа фаза на постапката.

Стечајниот управник ќе треба да направи анализа и на сите доверители кои се поврзани трговски друштва со должникот на стечајниот должник. Така во одборот на доверители неможе да членува и поврзано друштво со доверителот кој истовремено е и должник. Поврзани друштва се правно самостојни друштва кои се поврзуваат и кои воспоставуваат меѓусебни односи како друштво кое што во другото друштво има учество, значајно учество или мнозинско право во одлучувањето или заемно учество и зависно, владеачко друштво и друштва кои дејствуваат заедно.

За членови во одборот на доверители неможат да бидат предложени лица кои биле во статусен однос со должникот, управувал, односно го застапувал должникот, последните две години пред отворањето на стечајната постапка. Значи неможе да биде именуван за член на одборот на доверители лице кое било именувано за член на органите на управување, односно органот за надзор или прокурист на стечајниот должник. Неможе да биде именуван за член на одборот на доверители и членот на органот на управување или надзор како и прокурист на доверителот кој истовремено е и должник во стечајната постапка доколку се исполнети посебните услови. Истиот третман го имаат и сите блиски лица со лицата за кои постои забрана да бидат именувани односно избрани за членови на одборот на доверители.

Покрај овие лица неможат да бидат именувани ниту избрани за членови во одборот на доверители сите доверители кои имаат статус на излачни доверител. Оваа поради тоа што излачните доверители не учествуваат во стечајната постапка.

Неможат да бидат именувани за членови на одборот на доверители стечајниот управник именуван во друштво кое спрема стечајниот должник е во својство на доверител, извршител, нотар, овластен проценувач или сметководител кои имаа својство на доверител во стечајната постапка. Одборот на доверители треба да биде независен и ослободен од било какво влијание од страна на стечајниот судија и стечајниот управник. Независноста треба да дојде до израз посебно при донесување на одлуките за кои со овој закон се овластени да ги носат. Лоша практика е ако во самата постапка за именување на членовите на доверители постојат договори посебно помеѓу стечајниот управник и доверителите, или стечајниот управник за член на одборот на доверители го предлага доверителот по чиј предлог е отворена стечајната постапка и именуван стечајниот управник.

13.2.1.1. Постапка за именување на одборот на доверители

Иницијален акт за именување на одборот на доверители е предлог доставен од стечајниот управник. Предлогот за именување на членови на одбор на доверители, се доствува во писмена форма до стечајниот судија. Рокот во кој треба да го изврши ова дејство е три дена по истекот на рокот за пријавување на побарувањата на доверителите. Предлогот за именување на членови на одборот на доверители мора да биде образложен со тоа што стечајниот управник треба да ги наведе и причините поради кои се предлагаат доверителите за членови на одборот на доверители.

При изготвувањето на предлогот за именување на одбор на доверители стечајниот управник мора да ги има во предвид наведените ограничувања. кои што се задолжителни како за стечајниот управник така и за стечајниот судија при оценка на тоа кој е предложен и ќе биде избран за член на одборот на доверители.

Втората фаза од оваа постапка е оценка на предлогот на стечајниот управник од страна на стечајниот судија. Стечајниот судија може предлогот на стечајниот управник да го прифати, а може да побара и дополнение на истиот. Сепак оваа постапка мора да трае краток временски период со тоа што стечајниот судија, врз основа на предлогот на стечајниот управник во рок од три дена од денот на поднесување на предлогот носи решение со кое го основа одборот на доверители со тоа што го определува бројот и ги именува членовите на одборот на доверители.

Стечајниот судија при именувањето на членовите на одборот на доверители е ограничен со тоа што бројот на членовите мора да биде непарен и неможе да биде помал од три ниту поголем од пет.

Стечајниот судија може да именува и лице кое со оглед на неговото стручно знаење може да придонесе во работата на одборот на доверители. Меѓутоа предлог за именување на ова лице треба да произлезе од одборот на доверители. Тука треба да се појасни дека предлогот треба да произлезе исклучиво од членовите на одборот на доверители, а одлука ја носи одборот на доверители. Се работи за лице кое со своето експертско знаење ќе придонесе за успешна работа на одборот на доверители посебно од аспект на заштита на правата на доверителите во стечајната постапка. Не се работи за лице кое ќе составува записници на одборот на доверители или ќе ја води администартивната работа на одборот или слично туку се работи за експерт. За разлика од членовите на одборот на доверители ова лице како експерт нема право на глас при донесувањето на одлуките.

Решението донесено од страна на стечајниот судија со кое се основа одбор на доверители се доставува до именуваните членови на одборот на доверители и до Централниот регистар на Република Македонија.

Стечајниот судија ги именува членовите на одборот на доверители кои условно кажано имаат мандат до првото извештајно собрание кога доверителите можат да изберат нови членови на одборот, со тоа што бројот на членовите да неможе да биде поголем од 7 члена.

13.2.1.2. Разрешување на член на одборот на доверители

Без разлика дали се работи за именуван или избран член на одборот на доверители истиот може да биде разрешен доколку е исполнета една од причините за разрешување во секое време односно во текот на целата стечајна постапка.

13.2.1.3. Причини за разрешување на член на одборот на доверители

Прва причина за разрешување е не извршување на обврските предвидени со овој закон**.** Значи членот на одбор на доверители може да биде разрешен од должноста во случај и ако не изврши било која од обврските предвидени со овој закон.

Втора причина за разрешување е поврзана со недоаѓање на седниците и своето недоаѓање не го оправдал. Именувањето односно изборот во одборот на доверители претставува голема обврска на претставникот на доверителот. Се работи за вршење на должност од која зависи законитоста на стечајната постапка. Оттаму е особено важно членот на одборот на доверители постојано да биде присутен на сите седници на одборот и активно да ја врши својата должност со цел да ги заштити интересите на доверителот кој го претставува од една страна и интересите на сите доверители од друга страна. Во таа смисла потребно е постојана присутност на седниците и спремност да гласа за сите одлуки кои одборот на доверители ги донесува. Доколку, не е во можност членот на одборот да присуствува на седниците, должен е да го оправда своето отсуство. Во спротивно, се создаваат услови да биде разрешен од должноста.

Трета причина за разрешување е членот на одборот на доверители е без образложение да одбие да гласа за донесување на одлуките што се во интерес на доверителите. Ова дотолку повеќе, ако се работи за недонесување одлука со која се одолговлекува или отежнува спроведувањето на стечајната постапка.

Последната причина за разрешување на членот на одборот на доверители од оваа должност е доколку престанал правниот основ да биде именуван, односно избран во одборот на доверители**.** Се работи за случаите кога членот на одборот на доверители по било кој основ го изгубил доверителскиот статус. Ова посебно се однесува на разлачните доверители кога ќе побара реализацијата на залошното право врз предметот да се изврши надвор од стечајната постапка.

13.2.1.4. Предлог за разрешување

Предлог за разрешување на именуваниот односно избраниот член на одбор на доверители може да поднесе секој доверител, собранието на доверители и одборот на доверители.

Покрај по предлог од доверителите до разрешување на именуваниот односно избраниот член на одборот стечајниот судија може да разреши член на одбор на доверители без поднесен предлог.

Инаку, со тоа што е овозможено секој доверител да поднесе предлог за разрешување на член на одборот на доверители се создаваат услови за поострена контрола на работењето на членовите на одборот на доверители и воопшто на одборот на доверители. Впрочем одборот на доверители се основа заради заштита на интересите во колективното намирување на доверителите, па нормално е доверителите да го контролираат неговото работење. Во таа смисла лоша практика е ако записниците од седниците на одборот на доверители не се достапни до доверителите на нивно барање. Добра практика е јавно објавување на сите одлуки кои ги донесува одборот на доверители или барем тие да бидат достапни до сите доверители по нивно барање.

13.2.1.5. Донесување на решение за разрешување на член на одбор на доверители и именување на нов член

Постапката за разрешување на член на одбор на доверители е итна, со тоа стечајниот судија одлучува по поднесениот предлог со решение кое треба да го донесе во рок од три дена од денот на поднесување на предлогот. Во тие три дена стечајниот судија треба да го повика и да го сослуша членот на одбор на доверители чие разрешување се бара на околности наведени во предлогот за разрешување. Во секој случај стечајниот судија постапува ex officio кога причина за разрешувањето е кога престанал правниот основ за членување на претставникот на доверителот во одборот на доверители.

Во зависност од околностите на секој конкретен случај, стечајниот судија може да донесе решение со кое го одбива предлогот или го усвојува предлогот и именуваниот односно избраниот член го разрешува од должност. Против ова решение жалба може да поднесе или предлагачот или разрешениот член на одборот на доверители. Судот во рок не подолг од три дена доставува примерок од решението до Централниот регистар на Република Македонија.

Стечајниот судија именува нов член на одборот на доверители без разлика на тоа дали бил разрешен именуван односно избран член на одборот на доверители. Тоа ќе го направи дури по правосилноста на решението за разрешување, по предлог на стечајниот управник внимавајќи на основите кои го исклучуваат именување на член на одбор на доверители. Во таа смисла лоша практика е членот на одборот на доверители да биде избран од страна на доверителите на седница на собрание на доверители.

13.2.1.6. Одговорност за штета на член на одбор на доверители

Секој од членовите на одборот на доверители е одговорен за штета. Секој доверител кој смета дека некој или сите членови на одборот на доверители со својата работа или со тоа што е донесена одлука спротивна на интересите на доверителите, може да поведе постапка за надомест на штета против членот на одбор на доверители или сите членови на одборот на доверители.

При оценка на тоа дали поради некоја одлука која одборот на доверители ја донел настанале одредени штетни последици за стечајните или разлачните доверители, се тргнува од оценката дали тие при донесувањето на одлуката постапувале со внимание на совесен и чесен трговец.

Со други зборови внимание на уреден и совесен трговец е правен стандард за утврдување на одговорноста на член на одбор на доверители при вршењето на неговите работи и овластувањата, со кои се определува вниманието на членот на одборот на доверители кое треба да го има при вршењето на доверените работи, односно со внимание на способен и вешт човек (професионалец), при што тој одговара и за обично невнимание при вршењето на доверените работи.

Заинтересираната страна, може да го оствари правото за надомест на штета во граѓанска постапка со поднесување на тужба за надомест на штета против членовите на одборот на доверители, доколку донеле некоја одлука која е спротивна на интересите на доверителите и поради таа одлука претрпеле штетни последици, а при донесувањето на одлуката не постапувале со внимание на професионалци. Следејќи го правниот стандард по кој се утврдува настаната штета може да се заклучи дека членовите на одборот на доверители се во иста позиција како и стечајниот управник.

Барањето за надомест на штета причинета со повреда на должноста на член на одборот на доверители застарува по истекот на три години од сознанието на оштетениот за штетата и околностите на кои се заснова обврската на членот на одборот на доверители за надомест на штета.

Барањето за надомест на штета застарува најдоцна по истекот на три години од правосилноста на одлуката за заклучување на стечајната постапка.

13.2.2. Должности на одборот на доверители

Должностите на одборот на доверители може да се поделат на основни и посебни должности.

Основните должности на одборот на доверителите се поврзани со:

- следењето на работењето на стечајниот управник и стечајниот судија,

- контролирање на износот на готовината, плаќањата во готово како и сите приливи и одливи,
- оценка за потребата за свикување на седница на собранието на доверители и
- известување на доверителите за текот на стечајната постапка и состојбата на стечајната маса.

Според овие должности, одборот на доверители претставува централен орган на доверителите во стечајната постапка со тоа што му е овозможена целосна контрола на работењето на стечајниот управник.

Исто така тој е должен да ја следи и работата на стечајниот судија.

Од друга страна во основните должности на одборот на доверители спаѓа и должностите поврзани со информирањето на другите доверители преку свикување на собрание на доверители на кое доверителите треба да бидат известени за тоа во која фаза е стечајната постапка и во каква состојба се наоѓа стечајната маса. Добра практика е кога одборот на доверители работи активно и предлага свикување на собранието на доверители кога има навистина потреба доверителите да бидат информирани за одредени прашања поврзани со спроведувањето на стечајната постапка и состојбата на стечајната маса.

Во посебни или оперативни должности на одборот на доверители спаѓаат:

- **разгледување на извештаите на стечајниот управник за текот на стечајната постапка и за состојбата на стечајната маса.**

Одборот на доверители може по разгледување на месечниот извештај доставен од стечајниот управник да донесе одлука со која истиот ќе го прифати или може да побара доработување на истиот или усно или писмено образложение на стечајниот управник по однос на содржината на извештајот.

Одборот на доверители треба посебно внимание да посвети на сите прашања кои се третираат со извештајот, а се поврзани со состојбата на стечајната маса.Извештајот стечајниот управник мора да го состави согласно Професионалниот стандард за образец на месечниот извештај објавен во Службен весник на Република Македонија бр.

ИЗВЕШТАЈ НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК ЗА МЕСЕЦ _____ 201_ година

1) ПРИЛИВИ

рб	**ПРИЛИВИ од**	**Претходен период (кумулативно)**	**Оставарен прилив во тековниот месец**	**Вкупно приливи на крајот на месецот (кумулативно)**
1.	Продажба на недвижен имот			
2.	Продажба на опрема			
3.	Продажба на стоки, опрема инвентар			
4.	Продажба на суровини и репроматеријали			
5.	Продажба на друг имот			
6.	Закупнини			
7.	Други приливи			
	Вкупно			

2) ОДЛИВИ

Рб	**ОДЛИВИ – ТРОШОЦИ**	**Претходен период (кумулативно)**	**Оставарен одлив - трошок во тековниот месец**	**Вкупно одливи - трошоци на крајот на месецот (кумулативно)**
1.	Трошоци на претходна постапка			
2.	Исплатена награда на стечајниот управник			

3.	Исплатена награда на претходни стечајни управници			
4.	Закупнина			
5.	Патни и дневни трошоци			
6.	Телекомуникациски услуги (мобилен телефон)			
7.	Надомест за користење на сопствено возило			
8.	Трошоци за членови на Одбор на доверители			
9.	Канцелариски материјал			
10.	Електрична енергија			
11.	Комунални услуги (вода и смет)			
12.	ПТТ трошоци			
13.	Суровини и репроматеријали			
14.	Тековно одржување			
15.	Провизии			

3) СОСТОЈБА

р.б.	**состојба**	**Претходен период**	**Промени во тековниот месец**	**На крајот од месецот**
1.	Парични средства			
2.	Недвижен имот			
3.	Опрема			
4.	Производи стоки и инвентар			
5.	Друг имот			
	ВКУПНО			

4) НАМИРУВАЊЕ

Процент на исплата на утврдените побарувања на:

- разлачни доверители
- доверители од повисок исплатен ред
- стечајни доверители
- резервирани средства

5) **Податоци за други прашања** за кои добил задолжување од стечајниот судија, односно одборот на доверители и други позначајни информации од интерес на доверителите во стечајната постапка.

Стечаен управник

_____

Дата

_____

Одобрил,

Одбор на доверители

_____

Претседател на одбор на доверители

_____

- **преглед на трговски книги и целокупна документација преземена од стечајниот управник**.

По отворањето на стечајната постапка должникот е должен да ги предаде сите трговски книги, финансиски извештаи и годишни сметки на стечајниот управник. Одборот на доверители може да овласти еден од членовите да изврши увид во преземената писмена документација, со цел да направи анализа и да го извести одборот на доверители за состојбата во која се наоѓал должникот пред отворањето на стечајната постапка.

- **да поднесе приговор против работата на стечајниот управник.**

Тука може да настанат две ситуации. Едната е поднесување на приговор против предлозите на стечајниот управник доставени до стечајниот судија, во случај кога се спротивни на интересите на доверителите.

Втората ситуација е поднесување на барање за разрешување на стечајниот управник, поради неисполнување на неговите должности до стечајниот судија. Во секој случај, потребно е претходно одборот на доверители да донесе одлука за поднесување приговор, односно со одлука да се побара разрешување на стечајниот управник.

- **да донесе одлука со која ќе предложи на кој начин ќе биде впаричен имотот на должникот**.

Кога доверителите на првото извештајно собранието на доверители донеле одлука за впаричување на имотот треба веднаш да се одлучи и за еден од начините за впаричување на имотот. Меѓутоа, собранието на доверители може да донесе одлука со која ќе препушти одборот на доверители да донесе одлука со која ќе го одреди начинот за впаричување на имотот на должникот. Се работи за тоа дали со донесената одлука ќе се предложи продажба на претпријатието во целина и продажба на имотот во делови.

Одлуката дали стечајниот управник по отворање на стечајната постапка ќе пристапи кон завршување на започнатите работи а кои биле незавршени и кои од нив ќе ги заврши донесува стечајниот судија. Поточно стечајниот судија одобрува кои започнати работи треба да се завршат. За да може стечајниот судија да донесе решение, потребно е стечајниот управник најпрво да направи анализа преку која ќе утврди дали исполнувањето на договорите ќе ја зачува или ќе ја зголеми вредноста на стечајната маса. При анализа на целокупната состојба ќе мора да го има предвид и фактот дека се работи за многу краток временски период за извршување на работите и притоа предлогот ќе треба да се однесува на секоја поединечна работа која треба да се изврши.

Предлагањето на стечајниот судија дали треба да продолжат започнатите работи, односно работата на стечајниот должник е должност на одборот на доверители поврзана со продолжување на деловниот потфат на должникот, при што доверителите треба да имаат особено активна улога. При оценка на ова прашање во фокусот треба да биде економскиот интерес на доверителите односно како продолжувањето на работата на должникот ќе се одрази на стечајната маса. Тука, спаѓа и одлуката за тоа дали односно кои од започнатите работи треба да бидат завршени и дали постои економска оправданост истите да продолжат и да бидат завршени. Ова прашање треба

да биде анализирано особено од аспект на тоа како продолжувањето на работата на должникот ќе се одрази на стечајната маса и трошоците на стечајната постапка.

Давањето мислење за признавање на оправданите кусоци во инвентарот е должност на одборот на доверители која произлегува од должноста на стечајниот управник да изврши попис на стечајната маса во која влегува подвижниот и недвижниот имот. При извршениот попис на имотот кој го преземал стечајниот управник во споредба со пописот кој го вршел должникот може да се појават разлики за кои нема податоци за отуѓувањето.

Исто така можно е стечајниот управник да преземе имот особено подвижни предмети во многу лоша состојба или производи со поминат рок на употреба па должноста на одборот на доверители преку непосреден увид или на негов овластен член да даде мислење кое ќе го достави до стечајниот судија во врска со признавањето на оправданите кусоци. На донесувањето на мислењето претходи поднесен предлог од стечајниот управник.

13.2.3. Донесување одлуки на одбор на доверители

Стечајниот судија ја свикува првата седница на одборот на доверители во рок од три дена од денот на доставувањето на решението за основање на одбор на доверители на членовите. Значи, стечајниот судија може да ја свика седницата и со самото решение со тоа што за одржувањето на првата седница е од исклучително значење доставувањето на ова решение на членовите на одборот на доверители. На првата седница членовите на одборот треба да донесат одлука со која ќе го избират претседателот на одборот на доверители. Се работи за спроведување на посебна постапка која зависи од членовите на одборот на доверители кои се должни да предложат кој од членовите ќе биде претседател. Стечајниот управник нема никакви овластувања околу предлагањето на претседател на одборот на доверители.

Овластувањето на стечајниот судија да раководи со седниците на одборот на доверители престанува во моментот кога одборот на доверители ќе избере претседател на одборот на доверители. Значи, стечајниот судија нема право да раководи со другите седниците на одборот на доверители.

Наредните седници на одборот ги свикува и ги води претседателот на одборот на доверители. Присуството на седниците за членовите на одборот на доверители е задолжително.

Претседателот на одбор на доверители во рок не подолг од три дена е должен да свика седницата на одборот на доверители кога тоа го побарал некој од членовите на одборот на доверители. Доколку претседателот на одборот на доверители одбие да свика седница во определениот рок, седницата ја свикува стечајниот судија.

Со седниците на одборот на доверители раководи претседателот на одборот на доверители, кој ја води работата на седниците за што се составува записник, за сите донесени одлуки со назнака со какво мнозинство одлуката е донесена и кој од членовите гласале за или против. Посебниот записник го составува претседателот на

одборот на доверители. Лоша практика е ако стечајниот управник се меша во работата на претседателот на одборот на доверители и донесувањето на одлуките кои се во надлежност на одборот на доверители. Исто така, лоша практика е ако секоја седница на одборот на доверители се одржува во седиштето на судот наместо во седиштето на должникот и ако стечајниот судија раководи со седниците на одборот на доверители.

Со други зборови претседателот на одборот на доверители усно наведува што се запишува во записникот по секоја точка, предлага каква одлука треба да се донесе и на крајот констатира со какво мнозинство одлуката е донесена и кој од членовите гласале за или против.

Записникот и донесените одлуки се доставуваат до стечајниот судија, стечајниот управник и сите членови на одборот на доверители.

Член на одбор на доверители може да го замени полномошник кој е овластен со полномошно и кој може да гласа за одлуките кои се носат на седницата. Се работи за специјално полномошно со кое полномошникот се легитимира на седницата на одборот на доверители. Доколу, членовите на одбор на доверители гласале „за“ донесување на некоја од одлуките кои се во надлежност на одборот на доверители тие неможат по завршувањето на седницата да гласаат поинаку, ниту пак да бараат поништување на одлуката на одборот на доверители.

На седниците на одборот на доверители по правило се повикуваат стечајниот судија и стечајниот управник. Стечајниот судија и стечајниот управник немаат право на глас при донесување на одлуките.

Во одредени случај членовите на одборот на доверители можат да одлучат седницата да ја одржат и без присуство на стечајниот судија.

Членовите на одборот на доверители, можат да учествуваат и да одлучуваат на седница организирана со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организирана седница можат да се слушаат, да се гледаат и разговараат еден со друг, освен во случај кога тоа не е забрането со закон.

Учеството на ваква седница се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на ваков начин. Учеството на седницата се запишува во записникот на одборот на доверители што го потпишуваат сите членови што учествувале на седницата.

Записникот и донесените одлуки се доставуваат до стечајниот судија, стечајниот управник и сите членови на одборот на доверители.

Одборот на доверители може да одржи седница само доколку се присутни мнозинството од вкупниот број на членовите на одборот на доверители. Во спротивно се смета дека немало мнозинство седницата на одборот на доверители да се одржи. Оптималниот број на членови на одбор на доверители изнесува пет члена на одборот на доверители.

Сите одлуки одборот на доверители ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број членовите со право на глас.

Само членовите на одбор на доверители имаат право на глас, со тоа што исклучиво можат да гласаат „за“ или „против“ предложената одлука и неможат да се воздржат од гласање. Добра практика е сите членови на одборот на доверители секогаш да гласаат за одлуките кои се ставени на дневен ред.Тие неможат да се воздржат од управување со постапката, па така не би требало да се гласаат воздржано за одредена одлука и поради тоа што го штитат колективниот интерес на доверителите.

Во случај кога одборот на доверители не донел некоја одлука поради тоа што некој од членовите на одборот на доверители на самата седница побарал да се одложи гласањето, поради тоа што не бил спремен да гласа во тој случај, стечајниот управник треба да предложи стечајниот судија да донесе решение со кое ќе го задолжи одговорното лице во правното лице – доверител член на одборот на доверители, да ги надомести трошоците кои настанале поради одложувањето на гласањето.

Стечајниот судија мора да внимава на тоа како работи одборот на доверители, дали навремено ги носи одлуките или стечајната постапка се одолговлекува токму поради неактивноста на членовите на одборот на доверители.

Оваа функција стечајниот судија ја извршува со тоа што треба да присуствува на седниците на одборот на доверители.

Присуството на стечајниот управник на одборот на доверители е неопходно со оглед на тоа што истиот треба да ги образложи поднесените предлози по кој треба да одлучува одборот на доверители. Негото исклучување од одржување на седниците на одборот на доверители е можно само во случај кога одборот на доверители има на дневен ред точка поврзана со оценка на неговата работа. Дури и во тој случај стечајниот управник може да биде повикан и присутен на тие седници за даде образложение во врска со забелешките за неговата работа.

Донесување на решение со кое ќе се задолжи доверителот да ги исплати трошоците кои настанале од одржување на седницата е само една од казнените мерки кои стечајниот судија може да ги преземе спрема членовите на доверителите.

Инаку, ова правило не се однесува на сите членови на одборот на доверители. Така дозволена е можност кога член на одборот на доверители е државниот правобранител, односно претставник на државен орган, истиот да може дополнително да се произнесе по одлуката**.** Рокот во кој т.н. државен доверител треба да се произнесе односно да гласа по предложената одлука е пет дена. Добра практика е ако членот на одборот на доверители кој е претставник на државните доверители, односно државниот правобранител е спремен и секогаш гласа по предложената одлука.

Во случај ако претставникот на државниот доверител не е спремен да гласа за предложената одлука од други причини во тој случај другите членови треба да гласаат, и за истата одлука што била на дневен ред не се закажува нова седница туку по протекот на пет ден претседателот на одборот на доверители треба да констатира дали одлуката била донесена односно дали претставникот на државниот доверител, односно државниот правобранител гласал против или не гласал за одлуката**.**

Во случај кога претставникот на државниот доверител односно државниот правобранител не гласал и поради тоа да немало можности за донесување на одлука,

тогаш постои можност да се спроведе постапката за наплата на штетата која настанала од одговорното лице на соодветниот државен орган.

Друга казнена мерка која може стечајниот судија да ја преземе по службена должност е да го разреши членот на одборот на доверители.

13.2.4. Награда и трошоци на членовите на одборот на доверители

Правото на награда за својата работа како и надомест на реално потребните трошоци, создава услови членовите на доверители да бидат мотивирани да работат и што побрзо да ги извршат своите должности утврдени со закон. Тоа позитивно се одразува на брзината и законитоста на стечајната постапка.

Постои разлика во висината на наградата на членовите на одборот на доверители кога се спроведува постапка за впаричување на имотот и реорганизација.од друга страна стечајниот судија при определувањето на наградата на членовите на одборот на доверители е врзан за определен максимален износ кој може да го определи и по одржана седница, како и месечно.

13.3. Собрание на доверители

Основна карактеристика на стечајната постапка е во тоа што заштита на интересите на доверителите е поставена на повеќе ниво. Така, овозможена е заштита на интересите од страна на секој доверител поединечно, одборот на доверители и на крајот преку собранието на доверители.

Собранието на доверители се формира непосредно и ex lege. Тоа значи дека со никаков акт неможе да се спречи формирањето на овој орган на доверителите. Уште поедноставно кажано овој орган не се формира туку постои со самото отворање на стечајната постапка.

Собранието на доверители работи на седници и ги носи најважните одлука во стечајната постапка. Така доверителите на првото извештајно собрание треба да ја донесат одлуката од која зависи понатамошниот начин на управување со стечајната постапка која непосредно се одразува и на одржувањето и продолжувањето на вредноста на претпријатието на должникот. Се работи за одлука која влијае на понатамошно однесување на сите органи во стечајната постапка како на корпорациска структура на должникот со тоа што може да дојде до спроведување на ликвидација на должникот односно впаричување на неговиот имот и распоредување на впарichените средства на доверителите што значи престанување на должникот и негово бришење од трговскиот регистар.

Од друга страна доверителите можат да се определат за реорганизација на должникот што може да значи одржување и продолжување на вредноста на претпријатието на должникот во било која правно организациона форма.

Тоа значи дека доверителите на седницата на собранието на доверители ја носат основата одлука од која зависи начинот на намирување на побарувањата на доверителите со што непосредно влијае на управување со стечајната постапката, односно дали продолжува стечајната постапка или започнува нова постапка а тоа е постапка за реорганизација. Посредно влијае на претпријатието на должникот и корпорациската структура на должникот.

Покрај оваа одлука која се однесува на управувањето со постапката, доверителите на седница на собранието одлучуваат, за формирање и за промени во составот на формираните органи во постапката. Во таа смисла тие имаат можност да донесат одлука со која ќе изврши сменување на именуваниот стечаен управник како и промената на членовите на одборот на доверители. Може да ги врши и сите овластувања на одборот на доверители во постапките кога не е именуван одбор на доверител.

Од анализата на одлуките кои ги носат доверителите на седница на собрание може да се заклучи дека всушност се работи за орган на стечајната постапка кое се свикува во определени моменти при спроведувањето на стечајната постапка. Ваквите правила се предвидени пред се поради трошоците на стечајната постапка, бидејќи свикување на собрание на доверители гледано од аспект на доверителите е поврзано со високи трошоци кои ги сносат самите доверители. Лоша практика е ако стечајниот судија при состојба кога има именуван одбор на доверители, свикува собрание на доверители за се што е во надлежност на одборот на доверители. Не се предвидени правила доверителите на собрание на доверители да потврдуваат одлуки на одборот на доверители или стечајниот судија.

Во неговиот состав влегуваат сите доверители кои ги пријавиле побарувањата во стечајната постапка, со исклучок на излачните доверители и доверителите на стечајната маса.

13.3.1. Овластени субјекти за свикување на собрание на доверители

13.3.1.1. Стечаен судија

Може да се направи разлика по однос на критериумот кој го свикува собранието на доверители. Така ако собранието на доверители може да биде свикано од страна на стечајниот судија по сила на закон или по предлог на доверителите. Во таа смисла може да се направи разлика помеѓу седница на собрание свикана по сила на закон и по предлог на одредени предлагачи.

Стечајниот судија ex officio мора да ги свика првото собрание на доверители или прво извештајно собрание на доверители и завршното собрание кое ги свикува

стечајниот судија. На овие седници покрај доверителите може да учествува и должникот кој го треба да го оствари својот правен интерес со цел непосредно да биде запознает со одлуките на собранието на доверители.

Покрај седниците на овие две собранија стечајниот судија ги свикува и собранието на доверители на кое треба да се донесе:

- одлука за продажба на имотот на стечајниот должник на електронско јавно наддавање кога е понудена цена пониска од проценетата вредност
- одлука со која ќе му одобрат на стечајниот управник да преземе дејство од посебно значење во случај кога одборот на доверители не бил именуван односно избран,
- -одлука за одобрување на продажба на претпријатие или дел од претпријатието на купувач кој поседува една петтина од капиталот на должникот под неговата вредност.

Стечајниот судија го свикува завршното собрание на доверители веднаш откога ќе ги прими завршиот извештај, завршната сметка и предлог планот за конечна распределба. Тука мора веднаш да се напомене дека завршно собрание на доверители стечајниот судија ќе го свика и одржи само во случај кога се врши ликвидација на деловниот потфат и впаричување на имотот на должникот.

13.3.1.2. Други органи

Активна легитимација за поднесување на предлог за свикување на другите седници на собранието на доверители имаат стечајниот управник, одборот на доверители и секој стечаен доверител под услов збирот на неговите односно нивните побарувања да надминува една петтина од износот на побарувањата на сите стечајни доверители.

Предлогот за свикување на собранието се поднесува до стечајниот судија кој е должен да го свика собранието на доверители во рок од 30 дена по поднесување на предлогот.

Стечајниот судија по оценка на поднесениот предлог, посебно во случај кога тој е поднесен од доверител или доверители по однос исполнување на законскиот цензус, а тоа е дали збирот на нивните побарувања да надминува една петтина од износот на побарувањата на сите стечајни доверители. треба да го свика собранието на доверители во оставениот рок.

И во двата случаја собранието на доверители се свикува со јавно соопштување. Така на пример стечајниот судија со донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка и огласот кој се објавува истовремено го свикува првото извештајно собрание на доверители. Ако не се одржи во предвидениот термин стечајниот судија го одложува собранието и не е потребно јавното соопштување да се повтори. СО јавното објавување се смета дека сите доверители се повикани да присуствуваат на седницата на собранието на доверители.

Претседателот на одборот на доверители може да го свика собранието и во случај кога стечајниот судија не го свикува. Тоа правило е во случај кога стечајниот судија не го свикал собранието во рок од 30 дена, претседателот на одборот на доверители може да го свика собранието на доверители во рок од 8 дена со јавно соопштение. За свиканото собрание се известува стечајниот судија.

Со собранијата на доверители кој ги свикал односно е должен да ги свика раководи стечајниот судија.

Меѓутоа, во случај кога не го свикал собранието на доверители и покрај тоа што тоа го побарале овластените предлагачи тогаш со собранието на доверители раководи претседателот на одборот на доверители. Правилото е дека секогаш со седницата на собранието на доверители раководи стечајниот судија, а по исклучок претседателот на одборот на доверители

13.3.2. Донесување на одлуки

Начинот на кој се донесуваат одлуките на собранието на доверителите е едно од прашањата кое е од витално значење за стечајната постапка. Одлуките се донесуваат со мнозинство засновано на утврдените побарувања. Начинот на донесување на одлуките се заснова на кворум. Се претпоставува дека со објавеното јавно соопштение за свикување на доверителите сите доверители се уредно поканети.

Само присутните доверители на седницата на собранието кои стекнале право на глас можат да гласаат, а одлуката се смета за донесена доколку за неа гласале мнозинство од доверителите со утврдени побарувања од присутните доверители на седницата.

За да се утврди оваа состојба, односно дали одредена одлука е донесена со потребното мнозинство, стечајниот судија кој раководи со седницата на собранието на доверители пред отпочнувањето на седницата констатира присуство на доверителите со право на глас.

13.3.2.1. Право на глас на собранијата на доверители

Првиот критериум врз основа на кој се утврдува правото на глас за донесување на одредена одлука е степенот на утврдување на побарувањето во постапката која се спроведува заради утврдување на побарувањата на доверителите.

Така право на глас за одредена одлука на седницата на собранието на доверители го имаат доверителите со целосно утврдено побарување. Тоа се по правило стечајни доверители чии побарувања во постапката за испитување на побарувањата не ги оспорил ниту стечајниот управник ниту некој од доверителите.

Со оглед на тоа што правото извештајно собрание се одржува по заклучување на рочиштето за испитување на побарувањата, правото на глас се определува врз основа на решението за утврдени и оспорени побарувања донесено од стечајниот судија. Во случај кога ист ден се одржуваат испитното рочиште и првото извештајно собрание, кое нешто треба да биде правило во стечајната постапка, тогаш правото на глас се утврдува врз основа на табелата (шемата) за утврдени и оспорени побарувања која стечајниот управник веднаш ја ажурирал во зависност од неговото произнесување по приговорите. Значи во утврдувањето на правото на глас на доверителите активно учествува стечајниот управник.

Според овој критериум, во редот на доверителите со право на глас спаѓаат и доверителите со делумно утврдено побарување, односно стечајните доверители за кои со наведеното решение стечајниот судија е утврдено дека пријавеното побарување во дел е оспорено од страна на стечајниот управник, со тоа што правото на глас се однесува само на неоспориениот дел од побарувањата до моментот кога со правосилна пресуда ќе биде утврден и останатиот дел од побарувањето. Висината на утврденото побарување се пресметува сразмерно на учеството на вредноста на неговото побарување во вкупно утврдената вредност на побарувањата.

Покрај овој критериум, за утврдување на правото на глас е од особена важност и правниот однос врз основа на кој е засновано побарувањето. Во таа смисла, стечајниот судија треба да овозможи право на глас на доверител чие побарување се докажува со извршна исправа, односно доверител кој има побарување со одложен услов.

Според овој критериум на правото на глас нема влијание произнесувањето на стечајниот управник по однос на ова побарување, односно првото на глас не е поврзано со тоа дали стечајниот управник го признал или го оспорил побарувањето на овој доверител. Значи доверител со оспорено побарување од стечајниот управник секогаш има право на глас доколку постоењето на нивното побарување се заснова со извршна исправа и се работи за доверител со право на одвоено намирување од предмет кога тоа право да е запишано во јавна книга и побарувањето спрема стечајниот должник да не престанало.

Сепак постои исклучок од ова правило за утврдување на правото на глас, а тоа е ако должникот достави до судот заверена исправа од која произлегува дека тоа побарување престанало. Во тој случај се смета дека побарувањето спрема стечајниот должник престанало и на овој доверител во овој случај стечајниот судија нема да му признае право на глас.

Во овие случаи, стечајниот судија е должен со решение против кое доверителите немаат право на жалба да им признае право на глас и покрај тоа што нивното побарување било оспорено. За правото на глас на доверителите, стечајниот судија одлучува со процесно решение против кое не е дозволено правото на жалба.

13.3.2.2. Доверители со оспорено побарување со право на глас

Право на глас имаат и други доверители со оспорено побарување за кои стечајниот судија смета дека имаат право на глас. И во овој случај стечајниот судија има можност да донесе решение пред отпочнувањето на собранието на доверители со кое ќе одлучи на кои други доверители со оспорено побарување, освен оние доверители со извршна исправа и право на одвоено намирување од предмет или право побарување ќе им го дозволи правото на глас.

Стечајниот судија може да го измени своето решение по однос на тоа на кој од доверителите со оспорено побарување ќе му дозволи право на глас на наредните собранија на доверителите доколку за тоа е поднесен предлог од стечајниот управник или некој од присутните доверители.

Проширувањето на доверителите кои имаат право на глас значи воспоставување на уште еден инструмент за заштита на правата на доверителите во стечајната постапка од постапувањето на стечајниот управник и доверителите кои понекогаш и намерно ги злоупотребуваат своите права и ги оспоруваат побарувањата на другите доверители само со цел да го го изгубат правото на глас на првото извештајно собрание на доверители.

По однос на правото на глас на доверителите со право на одвоено намирување од предмет или право се нормирани посебни правила по однос на нивното право на глас. Правото на глас на овие доверители зависи од нивната диспозиција за начинот на кој ќе го реализираат своето право на одвоено намирување.

Ако овие доверители до првото извештајно собрание се изјасниле дека започнале со постапката за реализација на заложното право надвор од стечајната постапка немат право на глас. Воедно престанува и нивното учество во одборот на доверители кое нешто треба стечајниот судија да го констатира по службена должност.

Истото се однесува ако бил предложен план за реорганизација, а доверителот со право на одвоено намирување се произнел дека нема да учествуваат во планот за реорганизација, во тој случај овој доверител не влегува во посебната група на доверители кои гласаат по предложениот план за реорганизација.

Доколку, пак овој доверител по однос на реализацијата на заложното право не се изјаснил до денот на одржувањето или на самото прво извештајно собрание на доверители имаат право на глас.

Доколку со пријавата за побарување или најдоцна до одржувањето на првото извештајно собрание писмено се изјаснат дека ќе пристапат кон реализација на своето разлачно право надвор од стечајната постапка во тој случај на овие доверители им престанува правото на глас на првото извештајно собрание.

Тоа значи дека претходно биле исполнети два услова, а тоа е во текот на испитувањето на побарувањата на овие доверители, стечајниот управник им го признал побарувањето и има го утврдил правото на одвоено намирување од предмет или право и ниту еден друг доверител не им го оспорил побарувањето и правото на одвоено намирување и не бил упатен на спор.

Вториот услов е претходно изјаснување на овој доверител за начинот на кој ќе го реализира правото на одвоено намирување. Доколку овие доверители се изјасниле дека реализацијата на утврдено право на одвоено намирување, ќе го извршат надвор од стечајната постапка во тој случај го губат правото на глас воопшто на сите собранија на доверители. Инаку се работи за многу важно прашање од причина што по правило разлачните доверители најчесто банките можат да имаат многу големо побарување обезбедено со залога и од нивното право на глас да зависи донесувањето на одлуките на првото извештајно собрание кои се најважни во стечајната постапка и од кои зависи текот на стечајната постапка.

13.3.3. Поништување на одлуките донесени на собрание на доверители

Покрај тоа што по правило раководи со седниците на собранијата на доверители стечајниот судија има и контролната функција со тоа што може да ги поништи сите донесени одлуки на тоа собрание само доколку постојат законски причини.

Стечајниот судија неможе да поништи одлука донесена на првото извештајно собрание на доверители туку само оние одлуки кои се донесени на собрание на доверители кое е свикано на предлог на доверителите.

До поништување на одлука донесена на овие собранија може да дојде во случај ако за тоа се исполнети причини определени со закон. Инаку, на другите собранија свикани по предлог на доверителите неможе да бидат донесувани одлуките кои се носат на првото извештајно собрание или со закон предвидените собранија кои ги свикува стечајниот судија. Поништувањето на овие одлуки се строго поврзани со законитоста на стечајната постапка за која се грижи стечајниот судија.

Рокот во кој стечајниот судија е должен да ја поништи одлуката на собранието на доверители е осум дена по одржувањето на собранието на доверители. Одлуката на собранието на доверители стечајниот судија ќе ја поништи со решение. Против решението на стечајниот судија со кое се поништува одлука на собранието предлагачот за свикување на собранието може да поднесе жалба до апелациониот суд, кој одлучува во рок од 15 дена по приемот на жалбата.

13.3.4. Укинување на одлука на собрание на доверители

Овој систем на заштита можат да го активираат доверителите во случај кога кои сметаат дека собранието на доверители донело одлука спротивна на заедничките интереси на доверителите односно се оневозможува еднаков пристап на сите доверители во колективното намирување за да можат да го остварат своето право.

Активно легитимирани субјекти за поведување на оваа постапка се стечајниот управник или стечаен доверител чии права се повредени, под услов да не гласал за одлуката која е предмет на оспорување.

Материјални услови кои треба да бидат исполнети за да започне оваа постапка е доверителите на седница на собранието донеле одлука:

- со која се повредуваат интересите на доверителите во стечајната постапка или
- ако со таа одлука се оневозможува еднаков пристап на сите доверители кон колективното намирување

Се работи за алтернативно поставени услови, односно до укинување на одлуката може да дојде и кога е исполнет еден од овие услови.

Оваа постапка започнува со поднесување на предлог за укинување на донесена одлука. Процесна претпоставка за поведување на оваа постапка е собранието на доверители да донело определена одлука. Активна легитимација да поднесат предлог за укинување на одлуката имаат стечајниот управник, како и секој доверител.

Доколку предлогот за укинување го поднесува доверителот во тој случај треба да биде исполнет уште еден услов, а тоа е тој во предлог да докаже дека со донесување на одлуката неговите права се повредени како и дека тој не гласал за одлуката која се оспорува, односно дека гласал против нејзино донесување. Овие факти ги утврдува стечајниот судија кој треба да го донесе решението. И во овој случај рокот за поднесување на предлогот за укинување на одлуката е осум дена од денот на одржувањето на собранието на доверители.

Стечајниот судија може и по службена должност да ја укине одлука донесена од доверителите на собранието на доверители. И во двата случаја кога е поднесен предлог за укинување на одлуката од стечајниот управник односно од доверител, стечајниот судија треба да донесе решение во рок од осум дена и истото се објавува јавно.

Инаку, ако стечајниот судија донел решение со кое го усвоил предлогот на предлагачот односно по службена должност ја укинал одлуката на собранието на доверители, право на жалба има секој доверител кој треба да докаже дека неговите права се засегнати со вака донесето решение. Инаку, рокот за поднесување на жалба е осум дена и започнува да тече по јавното објавување на одлуката.

Во случај кога стечајниот судија донел решение со кое го одбил предлогот за укинување на одлуката право на жалба има стечајниот управник односно доверителот.

13.3.5. Прво извештајно собрание на доверители

Органи во стечајната постапка кои се овластени да ги заштитат интересите на доверители и да се грижат за остварување на нивните права се собранието на доверители и одборот на доверители. Овие два органа помеѓу себе се разликуваат по тоа што собранието на доверители не се основа туку тоа секогаш функционира по сила

на закон и во него се застапени сите доверители кои пријавиле побарување во стечајната постапка.

За разлика од него одборот на доверители секогаш или е именуван од страна на стечајниот судија или е избран од собранието на доверители под точно определени услови и е составено од одреден број доверители. Од ова правило има исклучок, а тоа е во случај кога во стечајната постапка има мал број на доверители,(најмалку двајца доверители) па нема потреба од формирање на одбор на доверители туку собранието ги врши сите овластувања предвидени во законот.

Првото извештајно собрание секогаш го свикува стечајниот судија со донесувањето на решението за отворањето на стечајната постапка и во огласот кој се објавува во „Службен весник на Република Македонија " го објавува датумот кога ова собрание треба да се одржи. За да се одржи ова првото извештајно собрание треба да бидат исполнети две процесни претпоставки, а тоа се побарувања на доверителите да бидат испитани и заклучено испитно рочиште, со што се создаваат услови да се утврдат гласачките права на доверителите и изготвен извештај за економско финансиска состојба на должникот од страна на стечајниот управник. За да биде изготвен овој извештај потребно е да се изготви почетниот стечаен биланс што подразбира дека е потребно да биде завршен пописот, проценката на вредноста на преземениот имот и др.

Првото извештајно собрание на доверители го води стечајниот судија при што најпрво констатира присуство на доверителите и донесува решение со кое ги утврдува гласачките права на доверителите.

Доверителите на првото извештајно собрание се овластени да ги донесат следните одлуки:

Прво, за тоа дали стечајниот управник именуван од страна на стечајниот судија, останува да ги врши работите стечаен управник, или ќе биде разрешен и ќе биде избран нов стечаен управник. Се работи за сменување на стечајниот управник без да има причина, односно стечајниот судија не е овластен да испитува постоење на причина за разрешување, туку само дали ново предложениот стечаен управник има пречки согласно законот да биде именуван за стечаен управник наместо сменетиот стечаен управник.

Инаку, сменувањето на стечајниот управник може да има последици и по донесувањето на одлуката за продолжување или затворање на деловниот потфат, Така во случај ако бил избран нов стечаен управник**,** во зависност од предлогот на доверителите да ја продолжи постапката за разгледување на поднесениот извештај за економско финансиската состојба од сменетиот стечаен управник или да го одложи разгледувањето за извештајот за економско финансиска состојба и донесувањето на другите одлуки во рок не подолг од 15 дена од денот на одржувањето на седницата на првото извештајно собрание. Против вака донесеното решение не е дозволена жалба. Значи, стечајниот судија е должен по завршување на првата точка да побара собранието на доверители да донесе одлуки дали истото ќе продолжи или ќе биде одложено со тоа што новиот стечаен управник е должен во рок од петнаесет дена да изготви нов извештај за економско финансиска состојба. Сменувањето на стечаен управник не значи и поништување на сите дејства кои ги преземал во стечајната

постапка. Лоша практиката е ако одредени судии по сменувањето на стечајниот управник ги поништуваат сите дејства кои ги преземал претходниот стечаен управник вклучувајќи го испитувањето на побарувањата.

Втората одлука која треба да биде донесена е дали одборот на доверители именуван од стечајниот судија ќе остане во ист состав, кои членови ќе бидат разрешени и дали одборот на доверители ќе биде проширен со избор на нови членови или избран нов одбор на доверители**.** И во овој случај не се работи за разрешување на членовите на одборот на доверители туку за нивни сменуваење.

Третата одлука која ќе треба да биде донесена се однесува на продолжување или за затворање на деловниот потфат и впаричување на имотот на стечајниот должник. Значи доверителите без разлика на предлогот на стечајниот управник даден во извештајот за економско финансиска состојба, можат да одлучат дали деловниот потфат ќе продолжи. Ако одлучат деловниот потфат да продолжи воедно треба да одлучат кој ќе пристапи кон изготвување на план за реорганизација. Во таа смисла можни се две солуции, а кои се поврзани со давање на иницијатива на план за реорганиција, Значи, ако доверител или доверители дале иницијатива за изготвување на план за реорганизација, по правило и тие го изготвуваат планот за реорганизација. Ако стечајниот управник предлага продолжување на деловниот потфат, тој ќе треба да го изготви планот за реорганизација.

На другите собранија кои се одржуваат во текот на стечајната постапка доверителите не можат да ги донесуваат овие одлуки. Со други зборови доверителите можат да одлучуваат по други прашања за кои согласно овој закон одлучува одборот на доверители, меѓутоа никако да одлучуваат за смена на стечајниот управник, промена на составот на одборот на доверители и промена на одлуката за продолжување на деловниот потфат.

На другите собранија на доверители, доверителите има право да побараат од стечајниот управник да достави извештаи кои се однесуват на текот на стечајната постапка како и состојбата и управувањето со стечајната маса и прометот и износот на готовината со која располага стечајниот управник.

14. СТЕЧАЕН УПРАВНИК

Основна должност на стечајниот управник во стечајната постапка е да го максимизира износот за намирување на побарувањата на доверителите. Тоа значи дека треба да направи целосна анализа и да ги спроведе сите дејства како да дојде до намирување на доверителите во што повисок процент. При таква состојба стечајниот управник како лице кое е овластено во стечајна постапка да ги води реорганизацијата или ликвидацијата на должникот има многу сложена работа со оглед на тоа што оние кои што ги изгубиле парите и работните места, ќе треба некого да обвинат. Тоа по правило е стечајниот управник и покрај тоа што тој нема никаква поврзаност со состојбите кои настанале кај должникот кој се соочил со инсолвентност поради која вработените ги изгубиле своите работни места, а доверителите своите побарувања.

Заради остварување на оваа своја должност во вакви сложени услови, а што побрзо спроведување на постапката и намирување на доверителите нормирана е професија стечаен управник како најважен орган во стечајната постапка.

14.1. Услови за стекнување на лиценца за вршење на работите стечаен управник

За да може физичко лице да се стекне со лиценца за вршење на работите стечаен управник треба да бидат општи и посебни услови.

Исполнувањето на општите и посебните услови кумулативно значат дека лицето ги исполнува условите да се стекне со лиценца што пак не значи дека автоматски се стекнува со правото да биде именуван за стечаен управник и да добива предмети од страна на стечајниот судија. Инаку, лиценцата ја издава Министерот за економија во рок од осум дена по приемот на писмено барање и потребните докази

14.1.1. Општи услови

1) Државјанство и живеалиште во Република Македонија

Основен општ услов кој лицето кое сака да се стекне со лиценца мора да го исполнува е да е државјанин на Република Македонија и да има живеалиште во Република Македонија.

2) Завршено високо образование:

- завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит – трансфер систем од областа на правото, економијата и бизнис администрацијата
- и друго завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит – трансфер систем

3) Континуирано деловното искуство

Така, лицето кое има завршено завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит – трансфер систем од областа на правото, економијата и бизнис администрацијата треба да има најмалку три години работно искуство по дипломирањето во струката

Лицата кои имаат завршено друг вид на образование треба да поседуваат најмалку пет години континуирано работно искуство во областа на трговските дејности по дипломирањето. Значи за нив е специфично што не се бара работно искуство во струката туку во трговските дејности. Лоша практика е ако се овозможува да полагаат испит сите кандидати без разлика дали имаат работно искуство во трговските дејности.

4) Потребна стручност - завршена почетна обука за стечаен управник

Лицето кое што сака да се стекне со лиценца за вршење на работите стечаен управник треба да има потребна стручност. Стручност како правен стандард кај оваа професија се цени преку тоа колку лицето пред да се стекне со лиценцата стечаен управник се стекнало со знаења и вештини потребни за вршење на работите стечаен управник. Според нашата стечајна регулатива почетната обука за лицата кои сакаат да се стекнат со лиценца за за вршење на работите стечаен управник е задолжителна и почетната обука е во надлежност на Комората на стечајни управници.

Почетната обука треба најмалку двапати годишно да се одржува и во траење од најмалку 30 часа. Се спроведува врз основа на Програмата според која се полага испитот. Лицето кое го полага испитот ги сноси трошоците поврзани со посетувањето на почетната обука за вршење на работите стечаен управник. Висината на надоместокот за учество на почетната обука ја определува комората на стечајните управници по претходно добиена согласност од министерот за економија врз основа на реалните трошоци за спроведување на обуката.

5) Положен испит и стекнато уверение за овластен стечаен управник

Испитот се состои од два дела и тоа:

теоретски дел, со кој се проверува теоретското знаење на кандидатот и се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

практичен пример со кој се проверува практичната способност на кандидатот за подготвување на план за реорганизација кој се состои од практичен пример -

изработка на план за реорганизација и прашања кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

Испитот се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литература. Програмата за полагање на испитот ја донесува министерот за економија.

Базите на прашања за теоретскиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот од овој член ги изготвува Комисија за полагање на испитот формирана од министерот за економија и тоа по предлог на:

- министерот за економија, двајца членови од кои еден од областа на трговското и стечајното право и еден од редот на раководни државни службеници вработени во Министерството за економија,
- Врховниот суд на Република Македонија од редот на стечајните судии
- Комората на стечајни управници од редот на овластени стечајни управници
- Комората на проценувачи од редот на овластени проценувачи

Барањето за полагање на испит лицето го поднесува до Министерството за економија. Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит, определени со овој закон.

Министерот за економија, или од него овластено лице, утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.

Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Трошоците за полагање на испитот ги определува министерот за економија. Трошоците за полагање на испитот за овластен стечаен управник паѓаат на товар на лицето кој го полага испитот

Стручниот испит започнува со полагање на теоретскиот дел, а потоа на практичниот пример. Услов за полагање на практичниот дел е лицето да го положило теоретскиот дел од испитот. Практичниот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на теоретскиот дел на испитот. Полагањето на теоретскиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер. Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот. Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути. Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Полагањето на вториот дел од стручниот испит се врши со проучување на практичниот пример и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од практичниот пример во вид на електронско софтверско решение т.н. електронски практичен пример. Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример. Вкупното траење на времето

определено за одговарање на прашањата од секој од практичниот пример од вториот дел изнесува 180 минути. Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

На кандидатите кои го положиле испитот им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

6) Со правосилна одлука да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната

Лицето, кое сака да се стекне со лиценца треба да достави до Министертвото за економија доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена забрана за вршење професија, должност или дејност. Со други зборови ова лице нема да може да добие линценца за вршење на работите стечаен управник се до моментот додека траат последиците на таа забрана.

7) Писмена изјава дека ќе работи ќе ги применува правилата во согласност со кодексот на етика и професионалните стандарди

Лицето пред да ја стекне лиценцата треба пред министерот за економија да достави писмена изјава дека ќе работи според стечајната регулатива и ќе го почитува кодексот на етика и професионалните стандарди.

14.1.2. Посебни услови

Се работи за дополнителни услови кои лицето кое добило лиценца треба да ги исполни за да биде запишано во регистарот на стечајни управници за да може да врши дејноста стечаен управник.

1) Склучен договор за осигурување од професионална одговорност за штета

Нашето стечајно законодавство го прифатил концептот на задолжително осигурување на лицата ги вршат работите стечаен управник од професионална одговорност.

Веќе спомнавме дека само склучен договор со осигурително друштво, во законскиот рок доставен до министерство за економија претставува услов стечајниот управник да започне да ја врши оваа должност со полн капацитет што подразабира негово евидентирање во регистарот на стечајни управници. Значи лицето кое добило лиценца треба да склучи договор за осигурување и во рок од осум дена од приемот на лиценцата договорот да го достави до Министерството за економија. Во спротивно се создаваат услови стекната лиценца да му биде одземена без разлика што не започнал да ги врши работите стечаен управник.

Тоа се однесува и во случај кога веќе склучил договор за осигурување благовремено ја доставил до Министерството за економија меѓутоа не започнал постапка за обновување на договорот за лиценцата осум дена пред истекот на рокот на лиценцата. Значи, стечајните управници се должни да внимаваат во секој момент да бидат осигурани од одговорност.

Ненавремена достава на договорот за осигурување значи дека стечајниот управник не ги исполнува условите за вршење на работите стечаен управник предвидени со овој закон и министерот за економија носи решение за одземање на лиценцата за вршење на работите стечаен управник по службена должност. Примерок од решението за одземање на лиценцата се доставува до Централниот регистар на Република Македонија, најдоцна во рок од три дена

Најниската сума на осигурувањето на стечајниот управник, трговец поединец изнесува 50.000,00 Евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија**,** а на друштвото стечаен управник 100.000,00 Евра Со осигурувањето на друштвото се смета дека се осигурани и вработените стечајни управници во друштвото.

За висината на дополнителното осигурување одлучува стечајниот судија во зависност од околностите на секој конкретен предмет. Определувањето на дополнителното осигурување со страна на стечајниот судија е директно поврзано со висината на стечајната маса како и со постоење на други посебни околности, како што се постоечките или можни идни ризици. Тоа може да изнесува 500.000 Евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија. Трошоците за плаќањето на премијата паѓаат на товар на стечајниот управник.

2) Упис на трговецот поединец во трговскиот регистар и се пријавил како вработен

Посебен услов. е секое физичко лице кое има намера да ги врши работите стечаен управник треба да биде запишано во една од формите, а тоа е или трговец поединец или трговско друштво и тоа или јавно трговско друштво или друштво со ограничена одговорност.

Условот кој треба да го исполни трговецот поединец е да е запишан во трговскиот регистар само за вршење на работите стечаен управник. Лоша практика е кога стечајните управници формираат трговец поединец во кој извршуваат повеќе дејности, како што сметководствената дејност и проненувачката дејност. Дејноста на трговецот поединец односно друштвото може да биде само вршење на работите стечаен управник, односно можат да вршат дејност исклучиво поврзани со спроведување на стечајната постапка како и изработка и контрола над спроведување на планот за реорганизација предвидени со овој закон.

Тука треба да се спомене дека лицето кое ќе изврши упис на трговецот поединец во трговскиот регистар треба да биде и пријавен како вработен во трговецот поединец.

3) Упис на друштво стечаен управник во трговскиот регистар

Оставена е можност, лицата кои имаат намера или веќе ја вршат професијата стечаен управник да одлучат во која форма тоа ќе го вршат. Тие професијата стечаен управник може да ја вршат и како правно лице во друштво со ограничена одговорност или јавно трговско друштво.

Во случај кога лицето ќе се определи за правно лице како форма преку која ја врши професијата до Министерството за економија треба да достави доказ од трговскиот регистар дека друштвото е запишано во регистарот.

Понатаму треба да достави докази кои се однесуваат на тоа дека:

- најмалку едно лице има уверение за положен испит за овластен стечаен управник со доказ за истото е пријавено во друштвото како вработен,
- докази за вработен во друштвото стечаен управник дипломиран правник и дипломиран економист,
- изјава од управителот на друштвото дека овластените стечајни управници и другите вработени лица во работењето ќе ги применуваат правилата содржани во Кодексот за етиката на стечајните управници и професионалните стандарди.

Времетраењето на лиценцата за правните лица е ограничено на три години.

4) Зачленување во Комората на стечајни управници

Лицето треба да се зачлени во Комората на стечајни управници. По зачленувањето во комората на стечајни управници тој се запишување во Именикот на стечајни управници кои го води Комората. Со зачленувањето во Комората, настанува и законскиот услов за плаќање на членарина. Само стечајните управници кои го исполнуваат овој услов, односно редовно ја плаќаат членаринаата се смета дека ги исполнуваат условите и понатаму да ја вршат оваа дејност. Од уплатената чланарина се финансира комората со тоа што стечајните управници задолжително за секоја година плаќаат годишна членарина во износ од една просечна плата исплатена во Републиката, а друштвото стечаен управник три просечни плати исплатени во Републиката во претходната година.

5) Пријава во најмалку еден стварно надлежен суд

Ова обврска е задолжителна и стечајниот управник треба да ја исполнува секоја година. Пред да биде запишан стечајниот управник во регистарот на стечајните управници тој треба да направи избор на најмалку еден од судовите кои се стварно надлежни да постапуваат по стечајните предмети во кој ќе ја врши дејноста.

Значи лицето кое се стекнало се лиценца за вршење на работите стечаен управник е должно во рок од осум дена да достави изјава во која ќе наведе во кој од стварно надлежните судови за водење на стечајните предмети ќе ја врши должноста

стечаен управник. Тоа значи дека секој стечаен управник, односно лице кое прв пат ја врши оваа дејност може својата должност да ја врши во сите дванаесет стварно надлежни судови со проширена надлежност во Република Македонија. Со други зборови овозможено е на секој стечаен управник професијата да ја врши непречено на територијата на целата држава.

Изјавата која ја дава лицето, односно стечајниот управник е за период од една година. Постоечките стечајни управници ваква изјава се должи да дадат најдоцна до 15.декември секоја година и да ја доставуваат до Министерство за економија, а истата важи од први јануари наредната година.

Недоставување на изјавата во оставениот законски рок има за последица откажување од вршење на работите стечаен управник, што значи дека дека министерот за економија ќе констатира дека се исполнети условите за одземање на лиценцата.

Регистарот на стечајни управници е јавна база на податоци која ја води Министерството за економија по службена должност во која се запишуваат податоците во врска со стекнувањето и одземањето на лиценцата за вршење на работите стечаен управник.

За да биде лицето запишано во регистарот треба сите документи кои се однесуваат на исполнување на посебните услови да ги достави до Министертвото за економија во рок од осум дена по приемот на лиценцата. Само во случај да ги достави сите документи, лицето се стекнува со можност да биде запишано во регистарот на стечајни управници и формално да започна да врши оваа дејност.

Водењето на регистарот е регулиран со Правилник за формата и содржината на регистарот и листите на стечајните управници по судови и начинот на нивното водење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/14).

Регистерот на стечајни управници во кој е вклучен и посебниот регистар за стечајни управници со специјалистички познавања од областа на планот за реорганизација се води електронски и ги содржи следните податоци:

- име и презиме на стечајниот управник, адреса, телефонски број,
- назив и седиште на друштвото стечаен управник, односно трговец поединец во кое е вработен стечајниот управник,
- број и дата на издавање и дата на обновување на лиценца за стечаен управник,
- број и дата на решението за одземање на лиценца на стечаен управник,
- висината, датумот и периодот на траење на осигурувањето од професионална одговорност,
- број на уверението за положен стручен испит на стчајниот управник и
- број и дата на издавање на сертификатот за положен испит за специјалистички знаења од областа на планот за реорганизација.
- Посебна листа на стечајни управници се води електронски за секој надлежен суд, во кои се пријавиле да водат стечајни постапки.

- Листата на стечајни управници по судови ги содржи следните податоци:
- име и презиме на стечајниот управник, адреса, телефонски број, електронска пошта,
- назив, седиште и ЕМБС на друштвото стечаен управник, односно трговец поединец во кое е вработен стечајниот управник и
- број и дата на издавање на сертификатот за положен испит за специјалистички знаења од областа на планот за реорганизација.

14.1.3. Ограничувања поради кои физичкото лице неможе да се стекне со лиценца за вршење на професијата стечаен управник

Треба да се истакне дека не секое физичко лице кое ги исполнило општите и посебни услови може да се стекне со лиценца за вршење на професијата стечаен управник. Се работи за ограничувања кои треба да бидат предмет на оценка од страна на Министерството за економија при поднесување на барање од страна на физичкото лице за добивање на лиценца. Тие се :

- со правосилна одлука на судот е утврдено, дека физичкото лице со умисла односно правното лице предизвикало стечај поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања, додека трае забраната утврдена со одлука на судот;
- кое било член на орган на управување, односно управител во трговско друштво над кое е отворена стечајна постапка, а како член на органот на управување не покренал иницијатива за постапување согласно член 354 од Законот за трговските друштва
- кое било член на орган на управување или управител во трговското друштво чија сметка била блокирана и не постапил согласно член 51 став 9 од Законот за стечај
- во други случаи кога со закон е одредена забрана за вршење на дејност додека трае забраната утврдена со одлука на судот

Значи, физичкото лице ќе треба покрај сите други докази при поднесување на барање за издавање на лиценца да достави и кратка биографија и со образложени каде го стекнал работното искуство. Дали бил именуван за член на органите на управување или управител и податоци за сите друштва во кои бил вработен. Воедно основен документ кој му е потребен е доказ дали е осудуван за кривични дела поврзани со предизвикување на стечај. Преку оценка на овие докази Министертвото треба да утврди како се однесувало лицето, за време додека бил управител или член на орган на управување на друштвото во кое претходно работел при настанување на инсолвентноста. Поточно дали преземал законски мерки за надминување на инсолвентноста или дали поднел предлог за отворање на стечајна постапка.

14.2. Услови за одземање на лиценцата

Постојат неколку основи за одземање на лиценцата. Првиот основ е поврзан со неспроведување на постапката за обновување на лиценцата. Вториот основ за одземање на лиценцата е поради престанување на условите за вршење на професијата утврдени со закон и третиот услов е поврзан со спроведена дисциплинска постапка и изречена дисциплинска мерка од страна на дисциплинската комисија на Комората на стечајни управници.

14.2.1. Услови за одземање поврзани со обновување на лиценцата

Еднаш издадената лиценца за вршење професија стечаен управник не е трајна. Таа треба да се обновува секоја трета година. Стечајниот управник кој нема да ја спроведе оваа постапка согласно законот, односно нема да ги достави сите документи од кои може да се утврди дека се исполнети условите за обновување може да дојде во фокусот на одземање на лиценцата. Така лиценцата може да биде одземена поради следните причини:

14.2.1.1. Ненавремено поднесување барање за обновување на лиценцата

По протекот на три години од стекнувањето на лиценцата, стечајниот управник треба истата да ја обнови.

Барањето за обновување на лиценцата стечајниот управник треба да го достави најдоцна триесет дена пред истекот на лиценцата. Се работи за преклузивен рок чие пропуштање значи дека стечајниот управник го губи правото да побара продолжување на лиценцата и со тоа тој се откажува од лиценцата за вршење на работите стечаен управник.

Во овој случај, министерот за економија треба веднаш да донесе решение со кое констатира дека на стечајниот управник му престанало правото да ја врши должноста стечаен управник поради неподнесување на барање за обновување на лиценцата. Со истото решение му ја одзема лиценцата и наложува бришење на стечајниот управник од регистарот на стечајни управници.

14.2.1.2. Неисполнување на законските услови за обновување на лиценцата

Обновувањето се врши на тој начин што, стечајниот управник до Министерството за економија треба да достави документација од која може да се утврди дека последните три години пред обновувањето на лиценцата бил именуван за стечаен управник во конкретен предмет. Доколку, во овој период не бил именуван за стечаен управник во ниту една отворена стечајна постапка се смета дека тој не ги исполнува условите за обновување на лиценцата бидејќи не ги вршел работите стечаен управник.

Исто така покрај овие докази стечајниот управник, треба да достави и докази од која може да се утврди дека последните три години совесно и уредно ги извршувал работите стечаен управник, согласно одредбите од овој закон, Кодексот за етика на стечајните управници и професионалните стандарди. Значи стечајниот управник ќе треба да достави доказ издаден од Комората на стечајните управници од кој може да се утврди дека против него не е поведена и спроведена дисциплинска постапка за сторена дисциплинска повреда. Доколку во овој период на стечајниот управник му била изречена некоја дисциплинска санкција во тој случај постои можност министерот за економија да не му ја обнови лиценцата. Се разбира дека тоа е предмет на оценка во секој конкретен случај и зависи од видот и тежината на повредата и изречената дисциплинска санкција.

И последниот услов кој што треба да биде исполнет е стечајниот управник секоја година да посетувал континуирана едукација од областа на стечајната постапка во организација на Комората на стечајни управници. Комората на стечајните управници има обврска да организира обука во траење од најмалку дваесет и четири часа континуирана едукација секоја година. Со други зборови само на стечајниот управник кој посетувал обука во траење од дваесет и четири часа годишно или седумдесет и два часа обука во последните три години пред поднесување на барањето ќе му биде обновена лиценцата. Тоа подразбира дека секој стечаен управник треба да достави заедно со барањето за обновување на лиценца доказ дека успешно ја посетувал обуката, издаден од Комората на стечајните управници. Се работи за организирање на обука од страна на Комората, а не и за посета на било какви други обуки кои ги организираат други институции.

Доколку се утврди дека стечајниот управник ги исполнува наведените услови министерот за економија во рок од осум дена од приемот на барањето ќе донесе решение за обновување на лиценцата.

Кога ќе утврди дека стечајниот управник не ги исполнува наведените услови министерот за економија ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето за обновување на лиценцата, ќе му ја одземе лиценцата за вршење на дејноста и ќе наложи бришење на стечајниот управник од регистарот на стечајни управници.

14.2.2. Одземање на лиценцата поради неисполнување на услови за вршење на професијата стечаен управник

Министерот за економија може да донесе решение со кое ќе одземе лиценцата на стечајниот управник во секое време кога врз основа на контролата ќе утврди дека тој престанал да ги исполнува условите за вршење на професијата стечаен управник согласно со закон.

Лиценцата може да биде одземена поради следното:

- ако стечајниот управник, не е пријавен, односно се одјавил за вработен во трговецот поединец или друштво.
- ако во друштвото стечаен управник не е вработен или му престанало тоа својство на еден дипл. правник и дипл. економист
- ако стечајниот управник спроведе постапка за бришење на трговецот поединец, односно започне ликвидација на трговското друштво од трговскиот регистар
- не ја плаќа членарина на Комората на стечајни управници согласно законот
- ако со трговецот поединец или друштвото стечаен управник или хонорарно врши други дејности кои не се поврзани со стечајната постапка (сметководство, проценка, вештачење, ревизија и др. дејности)

14.2.3. Одземање на лиценцата поради изречена дисциплинска мерка

Професионалната одговорност настанува со повреда на законските обврски на стечајниот управник во постапката на вршењето на обврските и должностите. Во рамките на професионалната одговорност може да се издвојат граѓанската, кривичната и дисциплинската одговорност.

Сите овие три одговорности можат да се реализираат паралелно, од причина што ниту една со друга не се исклучуваат, а уште повеќе може да се каже дека некој од нив се испреплетуваат. Карактеристично за секоја од овие одговорности е постоење на посебни и различни правни правила, услови за нивното постоење, постапки во кои се утврдуваат и санкции кои се изрекуваат.Така граѓанската и кривичната одговорност на стечајниот управник се утврдуваат и санкциите се изрекуваат во постапка пред надлежен суд во постапка утврдена со закон.

Дисциплинската одговорност на стечајниот управник ја утврдуваат дисциплинските органи кои се формираат во Комората на стечајни управници како професионално здружение во посебно нормирана дисциплинска постапка.

Разликите помеѓу граѓанската одговорност и дисциплинската одговорност се големи.

Граѓанската одговорност го става стечајниот управник спрема учесниците во стечајната постапка и има за цел да осигура дека на учесниците во стечајната постапка ќе се обештетат во случај да настанат одредени штетни последици, како последица од професионална грешка на стечајниот управник.

Од друга страна, дисциплинската одговорност го спротивставува стечајниот управник спрема органите на Комората кои се грижат за правилно вршење на професијата и кои поради тоа го контролираат извршувањето на дејноста на секој стечаен управник.

Дисциплинската одговорност има за цел да ја штити самата професија од однесувањето на нејзините членови, во случај на повреда на должностите и угледот на професијата стечаен управник.

Дисциплинската одговорност има за цел да ги заштити интересите на професионалната заедница од една страна, како и да ги заштити интересите на сите други учесници во стечајната постапка, кои се појавуваат како корисници на услугите на оваа професија.

Дисциплински органи на комората се:

- предлагач за поведување на дисциплинската постапка

- дисциплински совет

Овие органи на Комората ги избира собранието на Комората со мандат подолг од мандатот на претседателот и управниот одбор и тоа на четири години, со право на уште еден избор. Спроведувањето на дисциплинската постапка како и другите прашања во врска со работењето на дисциплинскиот совет се уредуваат со Статутот и со правилникот за дисциплинска постапка кој го донесува собранието.

Дисциплинските повреди можат да бидат лесни, тешки и многу тешки дисциплински повреди. Лесните повреди, односно неуредноста не е во групата на дисциплински повреди. Неуредноста може да се дефинира како однесување на стечајниот управник во работата и во приватниот живот со кое ги нарушува честа и угледот или ја доведува во прашање довербата на стечаен управник.

Во многу тешки дисциплински повреди спаѓаат:

- сите повреди на должностите утврдени со законот, со кои сериозно ја загрозил довербата во неговата непристрасност, а особено ако преземе службено дејство за работа за која според закон е исклучено, или ако ја повреди должноста за чување тајна, за плата врши некоја друга постојана дејност или се занимава со трговија и посреднички работи или со занимање што не е во согласност со угледот, честа или независноста на стечајниот управник, ако склучува договори под свое име за други лица или под туѓо име за себе, или ако е учесник во работа во која презема службени дејства како стечаен управник, ако парите што му се доверени на чување ги вложи на свое име спротивно на одредбите од овој закон, ако преземе обврски на гаранција или одговорности во работи кои се склучуваат со негово учество во својство на стечаен управник.

Во тешки повреди спаѓаат:

- сите повреди на одредби од статутот, кодексот за етика на стечајните управници, професионалните стандарди и акти со кои се определени обврски за стечајниот управник, грубо го повреди должното почитување спрема судовите и надзорните органи, не постапува по правосилните одлуки на судовите и надзорните органи, неуредно ги води книгите, особено ако остава празни рубрики или невнимателно го управува своето работење,на јавна продажба или во текот на некоја друга постапка, што ја води како стечен управник, купи за себе или за свои роднини предмети или купи наследни или други права, ако во рок од една календарска година ја повредил должноста, утврдена со овој закон во најмалку три предмета во кои бил именуван и поради тоа било донесено решение за негово разрешување од должноста стечаен управник, од страна на стечајните судии кои постапуваат во најмалку три различни стварно надлежни судови на територијата на Република Македонија.

Дисциплинскиот совет изрекува дисциплинска казна по свое убедување, имајќи ја во предвид тежината на сторената повреда, тежината на последиците и други околности. Лоша практика е ако претседателот на комората влијае на членовите на дисциплинскиот совет која мерка да биде изречена.

Предвидени се повеќе видови на казни кои зависат од тежината на дисциплинската повреда.

Така казните устен укор и писмено предупредување се изрекуваат за сторени лесни повреди.

Усниот укор се извршува на тој начин што му се упатува на стечајниот управник во присуство на претседателот на комората, со предупредување повредата да не се повтори.

Писмено предупредување се извршува на тој начин што писменото се става 30 дена да стои на вратата од салата за состаноци во седиштето на комората.

За сторени тешки повреди можат да се изречат парична казна и привремено одземање на правото за вршење на функцијата стечаен управник.

Парична казна се изрекува до висина на три просечни месечни плати исплатени во Републиката, може да се изврши и со плаќање во најмногу шест еднакви месечни рати.

За сторени многу тешки повреди повреди може да се изрече казната одземање на лиценца за вршење на работите стечаен управник.

Доколку со сторената дисциплинска повреда, стечајниот управник стекнал некоја недозволена имотна корист, паричната казна може да се зголеми со тоа што да се изрече најмалку во висината на двојниот износ на висината на таа корист. Привремено одземање на правото за вршење на функцијата стечаен управник во траење од еден месец до една година и предлог до министерот за економија за одземање на лиценцата за стечаен управник.

Против донесената одлука на дисциплинската комисија стечајниот управник има право на жалба до управниот одбор. во рок од осум дена од добивањето на одлуката за изречената казна. Поднесената жалба го одлага извршувањето на одлуката за изречената казна до донесување на конечната одлука по жалбата. Управниот одбор е должен да донесе конечна одлука во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

Во случај кога не е донесена одлука по жалбата во одредениот рок или стечајниот управник не е задоволен со одлуката донесена по жалбата, во случаи кога се работи за изречени казни за тешки и многу тешки повреди, стечајниот управник има право да поведе спор пред надлежен суд во рок од 15 дена сметано од денот на поднесувањето на жалбата, ако по жалбата не е одлучувано, односно од денот на добивањето на конечната одлука, заради поништување на таа одлука.

Управниот одбор на Комората ги извршува правосилните одлуки донесени во дисциплинска постапка. Правосилните дисциплински одлуки за изречената парична казна и за трошоците на постапката имаат сила на извршна исправа и можат присилно да се извршуваат од Управниот одбор на Комората. Тоа значи дека ако стечајниот управник не сака доброволно да ја плати казната, Управниот одбор во името на комората може да започне постапка за извршување против трговецот поединец или друштвото стечаен управник.

Средствата добиени со присилното извршување одат на сметката на Комората и тие може да се користат само за стручно оспособување во рамките на Комората.

Ако со правосилната дисциплинска одлука е изречена казна одземање на лиценцата, стечајниот управник на кого таа казна му е изречена, се брише од именикот на Комората и Министерството за економија ги објавува изречените казни во „Службен весник на Република Македонија“.

Секоја правосилна дисциплинска одлука со која е изречена некоја друга казна се запишува во именикот на стечајните управници. Казните устен и писмен укор ќе се бришат од именикот по истекот на една година, паричната казна по истекот на три години, а другите казни по истекот на пет години.

14.3. Правни последици од одземање на лиценца, односно од не обновување на лиценца

Основна правна последица од одземањето, односно од не обновување на лиценца е неможност да се водат стечајни постапки, како и бришење од регистарот на стечајни управници**.** Стечајниот судија е должен веднаш по приемот на известувањето од Министерството за економија дека на некој од стечајните управници му ја одземал лиценцата и го избришал од регистарот на стечајни управници, да го разреши од должноста стечаен управник во сите предмети во кои е именуван. Тоа се однесува и на разрешување на вршење на надзор над спроведување на планот за реорганизација и

во сите предмети со заклучена стечајна постапка каде е овластен во името на стечајната маса да ги доврши започнатите парници.

Понатаму, на физичкото лице покрај лиценцата му престанува и важноста на уверението за положен испит за овластен стечаен управник. Санкција од тоа што неправилно постапувал односно не ги исполнил условите за обновување на лиценцата е тоа што правото да полага испит е суспендирано за време од пет години сметано од денот кога е донесено решението од страна на министерот за економија со кое му е одземена лиценцата.

Донесето решение се впишува во регистарот на стечајни управници со тоа што стечајниот управник на кого му е одземена лиценцата се брише од регистарот. исто така треба да се достави до Комората на стечајни управници заради запишување во именикот на стечајните управници и до Централниот регистар.

Се работи за решение кое е конечно во управна постапка и против него може да се води управен спор. Министерот за економија, веднаш ги известува надлежните судови за сите промени кои ќе настанат во статусот на стечајните управници кои стекнале лиценца за вршење на работите стечаен управник како и за евентуалните промени во регистарот на стечајните управници.

14.4. Правна положба на стечајниот управник во стечајна постапка

Гледано од аспект на ограничувањата кои настануваат со настапување на правните последици од отворената стечајна постапка на сцената стапува стечајниот управник како дел од стечајната администрација на која и е пренесено правото да управува со стечајната постапка од една страна и во одредени случаи со должникот.

Значи, стечајниот управник е администратор именуван од судот со цел да ги изврши должностите предвидени со закон на кого се пренесени права и обврски кои дотогаш ги имале органите на управување на должникот - правно лице во однос на имотот, со примарна цел да се намират побарувањата на доверителите.

При извршувањето на своите должности тој треба да се прилагоди со тоа што ќе ги заштити интересите на должникот во стечајната постапка од една страна како и интересите на доверителите од друга страна. Балансот на заштитата на интересите на должникот од една страна и максимизирање на намирувањето на доверителите во стечајната постапка се основни работи за кои стечајниот управник мора да се грижи.

Оттаму, никако неможе да се прифати дека стечајниот управник ги има овластувањата на орган на управување, од причина што неговата положба е многу поспецифична и се разликува од онаа на органот на управување. Лоша практика е што стечајниот управник се третира како орган на управување на стечајниот должник и тоа треба да се запише во тековната состојба што ја издава Централниот регистар на Република Македонија за трговските друштва, која подоцна му служи за легитимирање. Добра практика би била Централниот регистар само да изврши

прибележување на решението донесено од судот за отворена стечајна постапка и името на стечајниот управник во трговскиот регистар, а податоците за стечајната постапка кои ги добива од судот да ги запишува во нов стечаен регистар.

Единствено донекаде може да се прифати неговата улога како орган на застапување, меѓутоа не на стечајниот должник, туку на стечајната маса во стечајната постапка. Истото се однесува и на извршување на одлуките на другите органи на стечајната постапка. Значи, ограничувањето на стечајниот управник е направено со императивни норми и правните последици кои настапуваат со отворањето стечајна постапка и неговите должности се строго определени, со цел да се спроведе стечајна постапка што е можно побрзо и да се намират побарувањата на доверителите што е можно во поголем износ.

Во таа смисла може да се заклучи дека по отворањето на стечајната постапка престануваат сите права на органот на управување на должникот кои се однесуваат на управувањето, така и застапниците по однос со располагањето на имотот, меѓутоа останува само правото да се заштитат интересите на содружниците и акционерите, со цел да го остварат своето право на намирување по основ на акциите или уделите.

Интересот на органот на управување на должникот над кого е отворена стечајна постапка зависи од конкретниот случај и може да биде или успешно продолжување на деловниот потфат и реализација на планот за реорганизација и придобивање на довербата на доверителите дека ќе успеат да ги намират побарувањата согласно извршената финансиска реорганизација на должникот. Во случај на впаричување на имотот продажба на имотот интересот на должникот особено основачите е продажба на имотот по што повисока цена со цел да да се постигне целосно намирување на доверителите и да има остаток од стечајна маса.

Се разбира можни се и исклучоци од ова што беше погоре наведено, и тоа во случај кога се спроведува постапка на реорганизација или кога се спроведува постапка за лично управување. Во овие случаи правата на органот на управување и застапникот на должникот може да останат во ограничен обем под контрола на стечајниот управник односно повереникот и органите на доверителите без разлика дали е тоа одборот на доверители или собранието се до моментот на одобрување на планот за реорганизација и заклучување на стечајната постапка поради одобрување на планот за реорганизација.

Од друга страна, основниот интерес на доверителите е максимално намирување на нивните побарувања и во двата случаја.

Значи овластувањата на стечајниот управник се комплексни и пред се засноваат на преземање на деловниот потфат од должникот негово водење доколку има услови за тоа. Со оглед на тоа што секој должник пред започнувањето на стечајната постапка влегол во одредени договорни односи со други правни или физички лица од кои односи произлегуваат и обврски, а и права, односно побарувања стечајниот управник согласно одредбите на овој закон продолжува да го застапува должникот само доколку се однесуваат на стечајната маса.

Со оглед на тоа што и побарувањата кои ги има стечајниот должник спрема своите должници влегуваат во стечајна маса, тој е овластен да ги продолжи овие

постапки пред судовите доколку се започнати, а во случај да не се започнати да поденесе тужби во случаите кога се очекува наплата на побарувањата.

По однос на склучување на договори во текот на стечајната постапка законот во многу го ограничува стечајниот управник, па неговото овластување за застапување и претставување на должникот доколку се поистоветуваат со овластувањата на застапникот по закон на трговско друштво може со право да се наречe дека стечајниот управник има ограничено право на застапување.

Ограничувањата на застапувањето на стечајниот управник се многу големи пред се поради тоа што истиот ја нема слободата на претприемачот туку е администратор кој ги извршува должностите согласно законот под контрола на доверителите односно нивните органи и стечајниот судија. Своите менаџерски способности стечајниот управник треба да ги покаже во планирањето, организацијата и водењето на должностите предвидени со закон, односно управувањето со стечајната постапка заради што побрзо и поефикасно завршување на стечајната постапка. Значи, стечајниот управник по преземањето на предметот треба целосно да ги испланира сите активности кои ќе ги преземе во текот на стечајната постапка. За остварување на оваа цел треба да ги усогласи материјалните и човечките ресурси и како и да ги координира сите активности кои се насочени кон остварување на целта на стечајната постапка.

Од друга страна, со оглед на тоа што стечајниот управник не донесува ниту една одлука самостојно, туку истите само ги извршува, потребно да воспостави таква организациона структура која ќе функционира беспрекорно со тоа што основните одлуки кои ги донесуваат органите на стечајните доверители, што побрзо и целосно ќе ги изврши. Секако оваа да кажеме подредена позиција во стечајната постапка не ја минимизира неговата улога, напротив треба да му овозможи својот дел од работат да го изврши со целосна одговорност.

Тоа може да се заклучи од овластувањето на стечајниот управник да го застапува и претставува должникот само за оние работи кои се однесуваат на стечајната постапка и стечајната маса.

По однос на правото на застапување на органот на управување на стечајниот должник како и полномошната со кои располагале трети лица да ги застапуваат пред отворањето на стечајната постапка истите со настапувањето на правните последици на стечајната постапка престануваат ex lege.

Оценката е на стечајниот управник во зависност од трошоците во постапката дали ќе ангажира други полномошници или ќе се потпре на истите кои овие работи ги вршеле пред отворање на стечајната постапка. Ова е особено важно за стечајниот управник кој ќе треба да внимава кое лице ќе го овласти да го застапува во активните и пасивните парници кои се водат заради наплата на побарувањата кои влегуваат во стечајната маса. Можни се две решенија, а тоа е да ангажира адвокат во својство на полномошник или да задржи лице кое било вработено кај должникот кое ги исполнува условите за застапување согласно Законот за парничната постапка. Доколку во стечајната постапка е именуван стечаен управник - друштво во тој случај може дипломираниот правник кој треба да биде вработен во друштвото да го преземе застапувањето покрај стечајниот управник. Добра практика е застапувањата да се извршат со што помалку трошоци за стечајната маса, затоа што во случај стечајниот

управник да го изгуби спорот заради лоша проценка на побарувањето на доверителот или не соодветна правно застапување од овластеното лице, трошоците на постапката и другите адвокатски трошоци паѓаат на товар на стечајната маса.

По однос на отворена стечајна постапка над должникот - поединец стечајниот управник ги води само оние работи што се однесуваат на стечајната маса и го застапува како стечаен должник со овластувања на законски застапник. Со мали измени и стечајниот управник во отворена стечајна постапка над должник поединец ги има истите овластувања кои ги има и во стечајната постапка над должник правно лице.

Заокружувањето на професијата стечаен управник е во тоа што стечајниот управник при вршењето на своите должности има статус на службено лице и право на заштита која според законот ја имаат службените лица во сите постапки кои му се доделени во работа. Статусот на службено лице кое е предвидено му овозможува надминување на сите недостатоци и поефикасно вршење на работите стечаен управник. Досегашната практиката покажа дека често пати другите органи кои се должни да соработуваат со стечајните управници, или со нив не соработуваат, или не им е овозвожено да ги вршат работите предвидени со закон.Тесно поврзана со статусот службено лице е тоа што стечајните управници пред другите органи и учесници ќе се легитимираат со службена легитимација издена од Комората според нејзиниот статут. Издавањето на службената легитимација е регулирано со Правилник за формата и содржината на легитимација на стечајниот управник („Службен весник на Република Македонија“ бр. 119/2006)

14.4.1. Именување на стечаен управник во стечајна постапка според метода на електронски избор од листата на стечајни управници

Од 01.01. 2014 година сменет е концептот на именување на стечајните управници во отворена стечајна постапка. Ако дотогашниот концепт се засноваше на слободна оценка на стечајниот судија кој стечаен управник ќе го именува во конкретен предмет, новиот концепт предвидуваше изборот на стечајните управници во конкретен предмет да се врши електронски. Лоша практика е кога стечајните судии работат само со одреден број стечајни управници, со образложение дека само тие се професионалци.

Со други зборови, остана досегашното решение стечајниот судија да го именува стечајниот управник, со решение за отворање на стечајната постапка**,** со тоа што при одредувањето на тоа кој стечаен управник ќе се именува, се применува методата на електронски избор од листата на стечајните управници.

Според ова решение, стечајниот судија е должен оваа метода да ја применува како во случај кога именува нов стечаен управник, така и во случај кога дошло до разрешување на претходниот стечаен управник. Инаку, со Правилникот за начинот на избор на стечајниот управник според методата на електронски избор („Службен весник на Република Македонија“ бр**.** 47/2014) е разработено на кој начин стечајните управници ќе бидат избирани. Примената на овој метод значи дека системот на Е-

стечај автоматски изготвува ранг листа на стечајни управници за секој суд посебно. Оваа ранг листа се изготвува врз основа на:

- број на стечајни предмети што стечајниот управник ги води во сите судови и
- времетраење на стечајните предмети.

За секој од овие два критериума предвидени се поени, така што секој стечаен управник добива вкупен број на поени со меѓусебно множење на поените. Стечајниот управник со најмал број поени е прв на ранг листата. Наместо системот да го поврзе стечајниот управник и поднесениот предлог, оставено е стечајниот судија да го избира прворангираниот стечаен управник.

Стечајниот судија е должен да го применува електронскиот избор на стечајниот управник и во случај на именување на привремен стечаен управник. Значи стечајниот судија е должен да го почитува концептот на случаен избор на стечајниот управник.

Стечајниот судија со решението за отворање на стечајната постапка за стечаен управник именува друштво, во тој случај назначува едно од вработените лица во друштвото кое се стекнало со лиценца за вршење на работите стечаен управник. Покрај името и презимето на физичкото лице се наведува и називот на друштвото кое е запишано во трговскиот регистар за вршење на дејноста исклучиво поврзани со спроведување на стечајната постапка како и изработка и контрола над спроведување на планот за реорганизација предвидени со овој закон.

14.4.2. Именување на стечаен управител по предлог на доверител

Примената на изборот на стечајниот управник според метода на случаен избор на стечајниот управник е исклучена во случаите кога предлагач за отворање на стечајната постапка е доверител и кога заедно со предлогот ќе предложи стечаен управник од листата на стечајните управници од надлежниот суд.

Вториот случај е кога на првото извештајно собрание била донесена одлука стечајниот управник именуван од страна на стечајниот судија без разлика дали тоа било според методата на случаен избор или по предлог на доверителот да биде сменет.

Во овие случаи, стечајниот судија го именува предложениот стечаен управник, со тоа што е должен да испита дали истиот се наоѓа на листата на стечајни управници, односно дали има пречки поради кои предложениот односно новоименуваниот стечаен управник неможе да биде именуван за стечаен управник во конкретниот предмет. Стечајниот судија освен испитувањето на околностите кои претходно беа кажани а кои се однесуваат на пречките за именување не е овластен да прави други испитувања.

Во случај кога постојат пречки за негово именување стечајниот судија, е должен да побара доверителите да предложат нов стечаен управник од листата на стечајни управници за подрачјето на тој суд. Значи последниот збор при именувањето на

стечајниот управник кога е тоа по предлог на доверител го имаат доверителите. Тие се должни во овој случај да достават нов предлог на стечаен управник наместо именуваниот или предложениот стечаен управник. Меѓутоа, со цел доверителите со својата неажурност да не го попречат спроведувањето на стечајната постапка, ограничен е рокот во кој тие можат да предложат или именуваат нов стечаен управник. Се работи за рок од осум дена по чиј протек истите немаат право веќе да предлагаат нов или да именуваат друг стечаен управник. Рокот од осум дена тече од денот кога стечајниот судија тоа го побарал од нив.

Така, во случај кога со предлог за отворање на стечајна постапка е побарано да биде именуван определен стечаен управник, а стечајниот судија утврдил дека тој има законски пречки да биде именуван, рокот од осум дена тече од моментот кога доверителот го примил известувањето од стечајниот судија дека предложеиот стечаен управник има законски пречки да биде именуван за стечаен управник.

Во случај кога на првото извештајно собрание од страна на доверителите е именуван нов стечаен управник, стечајниот судија треба веднаш да ги испита фактите дали тој има законски пречки да биде именуван за стечаен управник. Доколку се утврди дека тој неможе да биде именуван, во тој случај на самото собрание треба да се побара именување на друг стечаен управник. Доколку доверителите веднаш не предложат нов стечаен управник, имаат можност тоа да го сторат во рок од осум дена. Ако ниту во овој рок не поднеле предлог за нов стечаен управник кој би бил именуван наместо именуваниот стечаен управник од страна на стечајниот судија, во тој случај именувањето на новиот стечаен управник ќе се изврши според метода на електронски избор.

Освен овие два исклучоци постои и трет што се применува само во случај кога се врши именување на привремен стечаен управник во вон стечајната реорганизација. Во овој случај изборот се врши по методата на електронски избор од редот на стечајните управници кои се пријавиле во судот и имаат специјалистички познавања во областа на план за реорганизација. Доколку, во сите судови надлежни за спроведување на стечајна постапка не се пријавиле стечајни управници кои се стекнале со сертификат за специјалистички познавања од реорганизација, во тој случај може изборот да биде извршен од редот на стечајните управници кои имаат вакви познавања, а кои се запишани во регистарот на стечајни управници.

Во сите останати случаи изборот и именувањето на стечајните управници се врши преку, методот на електронски избор на стечаен управник кој подразбира именување на стечаен управник во предмет без влијание на стечајниот судија, односно самиот софтвер ќе треба да овозможи во моментот кога предметот ќе биде примен во судот, по случаен избор да бидат именувани и стечајниот управник и стечајниот судија, независно еден од друг.

14.4.3.Пречки за именување на стечаен управник

Не секогаш лицето или друштвото кое се стекнало со лиценца за вршење на работите стечаен управник може да биде именувано за стечаен управник во конкретен предмет. Постојат одредени пречки поради кои ова лице неможе да биде предложен, односно именуван за стечаен управник.

Пречките се најчесто поврзани со конфликт на интереси што може да настане доколку за стечаен управник во конкретен предмет ќе биде именувано лице кое е роднина на стечајниот судија и тоа:

- роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четвртиот степен (колено),
- роднина по сватовство до втор степен,

Оваа забрана се однесува и на роднините на брачен другар на стечајниот судија.

Понатаму за стечен управник неможе да биде именувано лице кое пред отворање на стечајната постапка било во одредени односи со должникот. Па така за стечаен управник неможе да биде именувано лице кое е:

- солидарен должник со стечајниот должник, кое било во договорен однос,
- - акционер или член на орган на управување или на надзорниот одбор на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;
- - вработено кај стечајниот должник три години пред покренување на стечајната постапка;
- доверител на стечајниот должник или е вработен кај доверителот на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;
- должник на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;
- конкурент на стечајниот должник или е вработено кај конкурентскиот правен субјект, односно кое има каков било конфликт на интерес во однос на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;
- советник на стечајниот должник во врска со имотот на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка.

Оваа забрана се однесува и за роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четвртиот степен (колено), роднина по сватовство до втор степен на кое било лице што не може да биде именувано за стечаен управник.

Исто така за стечаен управник неможе да биде именувано и друштвото доколку кој било од неговите вработени, кои учествуваат во водењето на стечајната постапка постои една од наведените пречки.

На овој начин се создаваат услови од конкретен предмет да бидат елиминирани лицата кои на било начин можат да бидат пристрасни во водењето на стечајната постапка или пак истата можат да ја искористат да се стекнат со одредени погодности, односно се во роднински врски со стечајниот судија неговиот брачен другар или членовите на стечајниот совет.

14.5. Контрола врз работата на стечајниот управник

Правата и обврските како и надлежноста на органите кои се формираат заради управување со стечајната постапка се строго уредени со закон и не постои начин тие да бидат променети. Оттаму и системот на контрола помеѓу органите кои се формираат заради управување со стечајната постапка е специфичен и поврзан. Всушност сите органи имаат можност да се контролират помеѓу себе. Ова правило во голема мера е ограничено за собранието на доверители, на тој начин неговите одлуки ги контролира само стечајниот судија.

Во таа смисла поставен е и системот на контрола врз работата на стечајниот управник и одборот на доверители од страна на собранието на доверители. Уште многу брзо на првото извештајно собрание доверителите имаат можност да донесат одлука со која стечаен управник, и членовите на одборот на доверители именувани од стечајниот судија да ги променат. Оваа одлука стечајниот судија нема можност да ја менува и мора да ја изврши. Лоша практика е ако доверителите без никаква анализа вршат промена на стечајниот управник и членови на одбор на доверители, а со цел да постават некој близок стечаен управник. Исто така лоша практика е ако стечајниот управник врши притисок врз мнозинските доверители да остане на должност. Добра практика е ако до сменување на стечајниот управник дошло поради согледување на одредени недостатоци во неговата работа.

Што се однесува до контролата на извршувањето на должностите и овластувањата на стечајниот управник, постојат повеќе степени на контрола. Неговата работа ја контролираат стечајниот судија, одборот на доверители и собраните на доверители. Собранието на доверители ја контролира неговата работа повремено, додека одборот на доверители како и стечајниот судија контролата ја вршат постојано.

Од анализата на должностите на органите на стечајната постапка може да се заклучи дека сепак примарна улога во контролата на работата на стечајните управници ја има стечајниот судија. Таквата улога на стечајниот судија произлегува од неговото овластување да побара дополнителна информација или извештај во секое време од стечајниот управник за текот на стечајната постапка и за состојбата и управувањето со стечајната маса, како и поради тоа што стечајниот судија треба да врши постојана оценка на работата на стечајниот управник.

14.5.1.Сменување на стечајниот управник од страна на доверителите

На првото извештајно собрание на доверители може да дојде до преиспитување на одлуката на стечајниот судија за именување на стечајниот управник. Всушност се работи за императивна законска норма, што значи дека стечајниот судија мора да го стави ова прашање на дневниот ред на седницата и да им овозможи на доверителите да расправаат по ова прашање. Во врска со таквата можност, а за да биде донесена ваква одлука доверителите треба да поднесат предлог за тоа кој ќе биде новиот стечаен управник. Лоша практика е ако стечајниот судија и покрај тоа што доверителите или најголемиот доверител се произнел за сменување на стечајниот управник, седницата да биде прекината без да биде донесена ваква одлука.

Ваков предлог доверителот или повеќе доверители може да го достават пред одржувањето на првото собрание или на самата седница на собранието. Тука треба да се напомене дека нема ограничување по однос на тоа дали предлогот за нов стечаен управник ќе го поднесе еден доверител или треба да го поднесат повеќе доверители. Исто така на поднесување на предлог за сменување на именуваниот стечаен управник и назначување на нов стечаен управник нема влијание со колкав глас располага доверителот кој го поднел предлогот за сменување на стечајниот управник и именување на нов стечаен управник. И накрајот на ваквиот предлог не влијае дали е поднесен од разлачен доверител или стечаен доверител, од причина што барањето за сменување на именуваниот стечаен управник и именување на нов е поврзано со правото на глас на доверителите на првото извештајно собрание.

Значи стечајниот судија мора да ваквиот предлог да го стави на расправање и одлучување пред доверителите при што по него гласаат доверителите со право на глас кои се присутни на првото извештајно собрание. Се смета дека одлуката е донесена ако за предлогот за сменување на стечајниот управник и именување на нов позитивно се изјасниле мнозинство од утврдените побарувања претставени од присутните доверители. Значи при пресметувањето на тоа колку проценти добил предлогот за да се именува нов стечаен управник се пресметува колку доверители изнесуваат вкупно утврдени побарувања на присутните доверители и колку од нив гласале за предлогот. Доколку е постигнато просто мнозинство во тој случај се смета дека одлуката е донесена.

Стечајниот судија кој раководи со ова прво собрание на доверители има обврска да утврди дали била донесена одлука за сменување на стечајниот управник со потребното мнозинство на доверителите присутни на собранието и на записник да констатира дека именуваниот стечаен управник е сменет и да наведе кој е избран за стечаен управник по предлог на доверителите. Исто така по заклучувањето на седницата на првото извештајно собрание, стечајниот судија треба да донесе посебно писмено решение со кое ќе констатира дека собранието на доверители избрал друг стечен управник и да го разреши претходниот стечаен управник.

Пред да ја донесе оваа одлука стечајниот судија е должен да ги утврди сите факти во врска со евентуалните ограничувања кои му оневозможуваат на ново

избраниот стечаен управник да ги врши работите стечаен управник. Доколку утврди дека постои некое од ограничувањето кое му оневозможува на ново избраниот стечаен управник да ги врши работите стечаен управник, ќе донесе решение со кое ќе конататира дека избраниот стечаен управни од доверителите не ги исполнува условите да биде именуван за стечаен управник во конкретниот предмет.

Во случај кога стечајниот судија во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието нема да донесе писмено решение со кое ќе го смени стечаен управник и ќе констатира дека собранието на доверители избрало нов стечаен управник се применува правилото на автоматизам според кое се смета дека го потврдил именувањето на стечајниот управник од страна на собранието на доверители.

Правилото вградено во оваа законска одредба дека одлуката на собранието се смета за донесена без одлука на стечајниот судија треба да биде исклучок во постапувањето на стечајниот судија во конкретниот предмет.

Не постои законска можноста на било кое друго собрание на доверители кое ќе биде одржано подоцна доверителите да избираат нов стечаен управник. На тие собранија тие можат да донесат одлука за разрешување на стечајниот управник која стечајниот судија треба да ја разгледа и да донесе решение дали ќе го разреши стечајниот управник или не. Значи, на првото извештајно собрание доверителите имаат единствена можност да донесат одлука за избор на друг стечаен управник со тоа што таа одлука е задолжителна за стечајниот судија. Лоша судска практика е да не се дозволи да се гласа по предлогот за сменување на стечајниот управник или пак дозволуваа доверителите на некој од другите собранија да донесат одлука за сменување на стечајниот управник. Доколку, стечајниот судија донел решение со кое одбил именување на стечајниот управник избран од собранието на доверители, тоа решение го објавува на огласна табла на судот**.** Против ова решение, право на жалба има секој доверител кој гласал за именување на нов стечаен управник.

14.5.2. Санкции кои можат да бидат изречени против стечајниот управник поради неизвршување на должноста

Постојат три вида на санкции кои можат да му бидат изречени на стечајниот управник во случај кога ќе се утврди дека тој ги извршува своите должности и овластувања спротивно на законот. Видот на санкцијата која стечајниот судија ќе му ја изрече на стечајниот управник зависи од тоа кои должности не ги извршил и дали поради неизвршувањето на должностите и овластувањата дошло до намалување на стечајната маса или до нерамноправниот третман на стечајните доверители.

14.5.2.1. Парична казна

Стечајниот судија може да донесе решение со кое на стечајниот управник ќе му изрече парична казна. Висината на парична казна не може да биде помала од 10.000,00 денари ниту поголема од 300.000,00 денари.

Во случај кога стечајниот управник доброволно нема да го изврши налогот на стечајниот судија за плаќање на паричната казана извршувањето на решението за изречената парична казна ќе го спроведе стечајниот судија по службена должност на тој начин што ќе го достави до носителот на платниот промет заради наплата од сметката на стечајниот управник трговец поединец односно друштво. Против решението со кое е изречена паричната казна стечајниот управник има право на жалба до стечајниот совет. Решението за изречената парична казна на стечајниот управник му го доставува стечајниот судија.

14.5.2.2. Разрешување на стечајниот управник од должност

Постои можност, стечајниот судија ex lege да го разреши стечајниот управник од должност или тоа го стори по предлог на овластени лица кои можат да поднесат ваков предлог. Без разлика кој е предлагач за разрешување или стечајниот судија постапува по службена должност треба да постои причина за разрешување на стечајниот управник. Стечајниот управник може да биде разрешен во текот на целата стечајна постапка посебно и пред одржувањето на првото извештајно собрание на доверители.

Стечајниот управник може да биде разрешен од должност поради следните причини.

во постапката за утврдување на побарувања признал побарување на доверител кое не постоело

Се работи за посебен основ за разрешување на стечајниот управник поврзан со најважната должност на стечајниот управник, а таа е испитување на побарувањата на доверителите. Доколку, стечајниот управник не се произнесе по побарувањата согласно писмените докази кои се наоѓаат кај стечајниот должник и дозволи определен доверител да дојде во позиција да има утврдено побарување, а тоа не произлегуваа од сметководствената документација се соочува со можноста веднаш да биде разрешен. Ваквото несовесно работење на стечајниот управник може да повлече и негова кривична одговорност. Неговата кривична одговорност во конкретниот случај може да се поврзе со соучесништво со доверителот кој лажно пријавил побарување или со злоупотреба на неговата службена положба.

Покрај кривичната одговорност вакво дејство на стечајниот управник може да го отвори и прашање за надомест на штета за која одговара со целокупниот имот како и со осигурувањето од професионалната одговорност. Тужба за надомест на штета може

да поднесе новиот стечаен управник со оглед на тоа што се работи за заедничка штета сторена спрема сите доверители.

Предлог за разрешување по овој основ можат да поднесат доверителите уште во фаза на испитувањето на побарувањето во моментот кога стечајниот управник изготвил табела (шема) за утврдени и оспорени побарувања. Доколку за ваквото дејство на стечајниот управник се дознае по донесувањето на решението за утврдување и оспорување на побарувањето состојбата е многу покомплексна со оглед се работи за правосилно решение во стечајна постапка и не постои можност за негова промена.

не направил задоволителен напредок во впаричување на имотот кој влегува во стечајната маса и по истекот на деведесет дена од денот на донесување на одлуката за впаричување, како и во спроведување на дејствата во стечајната постапка и по истекот од шест месеци, освен ако не докаже дека оддолжувањето на постапката не е по негова вина

До разрешување на стечајниот управник може да дојде по два основа, а кои се поврзани со ненавремено преземање на дејствата во стечајната постапка. Првиот основ е поврзан со впаричување на имотот кој влегува во стечајната маса. Значи стечајниот управник е должен да постапува согласно законските рокови предвидени со овој закон и да ја спроведе постапката за впаричување на имотот во рок од деведесет дена од денот на донесувањето на одлуката на собранието на доверители за впаричување на имотот. Секое одолговлекување на оваа постапка а за кое стечајниот управник нема оправдување, односно не докаже дека до оддолжување на постапката дошло од причини кои не се по негова вина, значи можност за негово разрешување од должноста стечаен управник ex lege.

Истото се однесува и за „не спроведување на дејствата во стечајната постапка и по истекот од шест месеци“. Значи секој стечаен управник е должен без разлика на комплексноста и сложеноста на отворената стечајна постапка во истата да ја поднесе предлог за заклучување на стечајната постапка во рок од шест месеци.

Стечајниот управник е должен да поднесе предлог за заклучување на стечајната постапка, во рок од 18 месеци од денот на отворањето на стечајната постапка**.** Со други зборови се работи за поврзување на овие два основа за разрешување на стечајниот управник. Од една страна е должен да ги спроведе сите дејства во стечајната постапка во рок од 18 месеци од денот на настапувањето на правните последици и е должен да достави предлог за заклучување на постапката.

За да може стечајниот управник да ги преземе сите овие дејства во овој рок потребно е да има одлична соработка со стечајниот судија и органите на доверителите. Овој рок од 18 месеци не претставува и рок во кој стечајната постапка треба во секој случај да биде заклучена бидејќи тој тече и за новиот стечаен управник од денот на неговото именување за стечаен управник. Во секој случај стечајниот управник може да се ослободи вината и да не биде разрешен од стечаен управник поради тоа што во рок од 18 месеци не поднел предлог за заклучување на стечајната постапка, ако за тоа даде образложени причини.

Понатаму, можно е кога „ заради болест, работна неспособност или смрт неможе да ги извршува работите стечаен управник“**.** Се работи за основ која досега недостасуваше, па сега доколку настапи една од овие состојби а тоа се болест, работна неспособност или смрт на стечајниот управник, стечајниот судија ќе треба да го разреши од вршењето на оваа должност со оглед на тоа што лицето објективно не може веќе да ја извршува оваа должност.

не поднесување предлог до стечајниот судија за донесување на решение за преземање на подвижниот и недвижниот имот кој претставува стечајна маса од должникот односно трето лице кое го има во владение имотот без правен основ

Со овој основ се санкционира неажурноста на стечајниот управник при преземањето на имотот од должникот. Може слободно да се каже дека овој основ за разрешување е особена важност поради тоа што овозможува стечајниот управник да биде разрешен поради несоодветно постапување при преземање на имотот на стечајниот должник особено ако со него управува некое трето лице или се наоѓа во негово владение без правен основ. Значи постои можност ваквиот имот кој го користи трето лице без правен основ, а е во сопственост на стечајниот должник, да биде преземен од страна на стечајниот управник. Посебно е важно да се спомене дека се предвидени механизми кои го разрешуваат ова прашање во рамките на стечајната постапка, а не стечајните управници треба да водат долгогодишни парници за да докажат дека тој имот влегува во стечајната маса. Со други зборови, кога ќе се појави ваков случај тогаш стечајниот судија треба да донесе решение за превземање на имотот.

Активна легитимација за поведување на постапка за разрешување на стечајниот управник имаат стечајниот судија по службена должност**,** одборот или собранието на доверители и секој доверител. На крајот би споменале дека и стечајниот управник може да поднесе предлог за негово разрешување.

Значи секој доверител кој што поднел пријава за побарување без разлика како се произнел стечајниот управник по вака поднесената пријава е активно легитимиран да поднесе предлог за разрешување на стечајниот управник. Лоша практика е толкувањето дека доверителскиот статус во стечајната постапка се стекнува дури откога ќе биде утврдено побарувањето.

Нашиот закон го прифатил концептот, според кој пријавувањето на побарување претставува основ за стекнување на способност да се биде странка во стечајната постапка, па оттаму произлегува и овластувањето и на доверителите чии побарувања не се признаени да бидат странки во оваа постапка и се активно легитимирани да поднесат предлог за разрешување на стечајниот управник.

Како посебен услов е предвидено дека предлогот поднесен од секој доверител, одборот или собранието на доверители за разрешување на стечајниот управник за да биде земен во разгледување од страна на стечајниот судија истиот треба да биде образложен.

Обврска на стечајниот судија пред да донесе одлука по поднесениот предлог за разрешување е да му овозможи на стечајниот управник писмено да произнесе по

истиот. Стечајниот судија треба во рок од три дена по приемот на предлогот за разрешување да го достави до стечајниот управник.

Доставата на предлогот за разрешување може да се изврши и со закачување на известие на огласна табла на судот. Во наредниот рок од осум дена стечајниот управник има право писмено да се произнесе по наводите истакнати во поднесениот предлог. По протекот на овој рок без разлика дали стечајниот управник го искористил своето право на писмено произнесување, стечајниот судија носи решение со кое се произнесува по поднесениот предлог, односно или ќе донесе решение со кое го разрешува стечајниот управник од должност или го одбива предлогот како неоснован.

Против решението за одбивање на предлогот за разрешување право на жалба или подносителот на предлогот за разрешување. Ако е усвоен предлогот и стечајниот управник е разрешен истиот нема право на жалба. Решението за разрешување на стечајниот управник, стечајниот судија го доставува до предлагачот и до Централниот Регистар на Република Македонија.

Во случај кога стечајниот судија донел одлука ex officio да го разреши стечајниот управник од должност во тој случај пред да го донесе решението го сослушува стечајниот управник. Доколку, стечајниот управник е разрешен истиот нема право на жалба. Решението за разрешување на стечајниот управник, стечајниот судија го доставува до стечајниот управник и до Централниот Регистар на Република Македонија

Последица од решението за разрешување на стечајниот управник од должноста е поврзана со основот поради кој е разрешен стечајниот управник. Така доколку стечајниот управник е разрешен поради несовесно вршење на своите должности нема право на награда за извршените должности.

Стечајниот судија во решението со кое го разрешува стечајниот управник веднаш назначува нов стечаен управник според метод на електронски избор.

Постои можност и стечајниот управник самиот да поднесе барање за разрешување на должност. Во тој случај ако стечајниот судија го одбие барањето за разрешување поради тоа што не се исполнети условите од закон за негово разрешување, стечајниот управник има право на жалба во рок од осум дена по приемот на решението.

Стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе го разреши стечајниот управник од должноста стечаен управник. На крајот можно е да донесе решение со кое стечајниот управник ќе го разреши од должноста стечаен управник и истовремено ќе му наложи да го врати она што го примил во текот на постапката на име авансна награда во текот на спроведувањето на одделни фази од стечајната постапка. Доколку, стечајниот управник не постапи по налогот на судот и не го врати она што му било исплатено во текот на постапката, стечајниот судија може со посебно решение да му изрече парична казна во наведената висина.

14.6. Примопредавање на должноста во случај на смена или разрешување

Во случај на разрешување од должност потребно е разрешениот стечаен управник да ја примопредаде должноста на новоименуваниот стечаен управник. Правна последица од донесувањето на решението за разрешување на именуваниот стечаен управник од страна на стечајниот судија е престанување на неговите овластувања и должности во стечајната постапка. Со други зборови со денот кога е донесено решението за разрешување односно сменување на стечајниот управник тој веќе неможе да преземе било какви дејства, ниту пак има било какви овластувања во стечајната постапка.

Покрај тоа разрешениот односно сменетиот стечаен управник е должен во рок од осум дена по приемот на решението да преземе одредени дејства со цел што побрзо да ја заврши постапката за сменување.

Тој е должен да состави извештај за периодот од последниот месечен извештај до денот на разрешувањето, односно сменувањето. Исто така тој е должен на новоименуваниот стечаен управник да му ја предаде целокупната писмена документација преземена од стечајниот должник, како и документацијата за преземените дејства во стечајната постапка.

Покрај тоа тој е должен да му го предаде на новоименуваниот стечаен должник владението и управувањето со имотот кој го преземал од стечајниот должник како правна последица од отворањето на стечајната постапка.

14.6.1. Примопредавање на должноста во случај на смрт на стечајниот управник

Во случај на смрт на стечајниот управник се спроведува посебна постапка за примопредавање на писмената документација.

Во тој случај стечајниот судија треба веднаш да донесе решение со кое ќе констатира дека престанале условите лицето да ја врши должноста стечаен управник и ќе го разреши од стечаен управник во конкретниот предмет. Инаку, стечајниот судија е должен истовремено кога ќе го разреши стечајниот управник да именува лице кое ќе изврши примопредавање на документацијата на новиот стечаен управник. Ако тоа не го стори во тој случај стечаен судија ќе треба да изврши примопредавање на документацијата

На стечајниот управник кој починал му престанува и лиценцата за вршењето на работите стечаен управник по сила на закон и Министерството за економија треба да преземе дејства со тоа што ќе го избрише од регистарот на стечајните управници.

14.7. НАГРАДА И НАДОМЕСТ НА РЕАЛНО ПОТРЕБНИ ТРОШОЦИ НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК

Стечајниот управник има право на награда и реално потребни трошоци за водење на стечајната постапка. Висината на наградата на стечајниот управник ја определува стечајниот судија со решение, согласно Правилникот за наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина донесен од страна на министерот за економија објавен во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/14) со кој се регулира наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина. Наградата се определува и исплаќа пред заклучувањето на стечајната постапка во случај на впаричување на имотот на стечајниот должник. Кај стечајната реорганизација состојбата е поинаква. Стечајниот управник има право на награда дури откако планот за реорганизација успешно ќе биде спроведен, само ако тој го изготвил.

Висината на наградата на стечајниот управник се утврдува според висината на паричната вредност на намирувањето на побарувањето на стечајните доверители, процентот на намирување на стечајните доверители, сложеноста на стечајната постапка,односно големината на стечајната маса, времетраењето на стечајната постапка, начинот на спроведување на стечајната постапка, односно дали се врши впаричување на имотот или се спроведува план за реорганизација, успешноста од спроведувањето на планот за реорганизација.

Во правилникот се предвидени два начина на определување на висината на наградата, во случај на реорганизација и во случај на впаричување на имотот на стечајниот должник. Во двата случаја основ за определување на наградата е висината на паричните средства потребни за намирување на побарувањата на стечајните доверители. Исто така, предвидена е можност наградата што треба да му се исплати на стечајниот управник да биде намалена: доколку стечајот трае повеќе од една година наградата се намалува по 4% месечно во наредните 18 месеци, така што по навршување на вкупно 30 месеци, наградата ќе изнесува најмногу до 28%.

14.7.1. Постапка за одобрување на наградата

Иницијален акт за спроведување на постапката за определување на наградата е предлог за исплата на наградата. Задолжителен дел на предлогот е пресметка на сите дотогашни исплати.

Пред да биде доставен овој предлог до стечајниот судија, потребно е по предлогот да се произнесе одборот на доверители во предметите кога е именуван. Значи по предлогот за одобрување на награда треба одборот на доверители да донесе одлука со која ќе ја одобри исплата на предложената награда. Секако дека и одборот на доверители при донесување на одлуката мора да ги имаат во предвид извршените исплати на стечајниот управник по основ на награда во текот на стечајната постапка.

Одлуката на стечајниот судија по поднесениот предлог за исплата на награда на стечајниот управник ќе зависи од тоа дали одборот на доверители донел одлука со која дал согласност за исплата на предложената награда или не. Значи доколку одборот на доверители дал согласност по поднесениот предлог во тој случај стечајниот судија треба да ја потврди одлуката на одборот на доверители, односно да донесе решение врз основа на кое стечајниот управник ќе ја подигне наградата од сметката.

Ако одборот на доверители не дал согласност или не е именуван во предметот по поднесениот предлог за одобрување на наградата во тој случај стечајниот судија е должен во рок од три дена да донесе одлука имајќи ги во предвид причините поради кои одборот на доверители одбил да даде согласност. Значи во секој случај без разлика дали одборот на доверители донел одлука со која не дал согласност или не донел одлука, конечната одлуката ја носи стечајниот судија.

Доставата на решението за определување на награда на стечајниот управник се врши преку огласна табла на судот, и на тој начин се овозможува запознавање на доверителите со тоа во која висина се исплаќа наградата на стечајниот управник.

Висината на определената награда не е тајна и таа информација треба да биде достапна до доверителите. Против решението на стечајниот судија за определување на награда на стечајниот управник право на жалба имаат доверителите, одборот на доверители, стечајниот управник во рок од осум дена од денот на објавување на решението на огласна табла на судот.

14.7.2. Реално потребни трошоци за водење на стечајната постапка

По однос на реално сторените трошоци за водење на стечајната постапка, стечајниот судија по предлог на стечајниот управник донесува решение еднаш месечно имајќи ги предвид трошоците направени во претходниот месец. Овие трошоци се поврзани со спроведување на стечајната постапка, а се одобруваат врз основа на предлог - пресметка на трошоци во стечајната постапка.

Надомест на реално потребните трошоци за водење на стечајна постапка се определува врз основа на писмени документи, како докази за трошоците, којшто стечајниот управник ги доставува до стечајниот судија, со образложение, заедно со предлог за исплата.

Секој поединечен трошок треба да се подели на сите стечајни предмети што ги води стечајниот управник, земајќи го предвид реалното учество на секоја стечајна постапка во реално сторениот трошок.

Во реално направени трошоци влегуваат:

- надомест за закупнина на канцеларијата на стечајниот управник, врз основа на склучен договор за закупнина во месечен паушален износ што неможе да биде поголем од 20.000 денари во вкупен износ за сите стечајни предмети што стечајниот управник ги води;

- патни и дневни трошоци на стечајниот управник во конкретен стечаен предмет;
- трошоци за телекомуникациски услуги, вклучувајќи мобилни телефони не повеќе од 5.000 денари за сите стечајни предмети што ги води;
- надомест за користење на сопствено превозно средство на подрачјето на надлежен суд во вкупен износ од 10.000 денари за сите стечајни предмети што ги води во тој суд;
- надомест за користење на сопствено превозно средство согласно Законот за работни односи и Општиот колективен договор за стопанство, доколку не се користи превозно средство во сопственост на стечајниот должник за конкретни стечајни предмети надвор од седиштето на стечајниот управник;
- трошоци за дополнително ангажирани лица што се однесуваат за сите стечајни предмети што ги води стечајниот управник и посебно за ангажирани лица вработени кај должникот;
- сите трошоци поврзани со водење на деловниот потфат, односно одржување на имотот на стечајниот должник;
- трошоци поврзани со спроведување на стечајната постапка со странски елемент, согласно Законот за стечај и
- други трошоци (комунални услуги, потрошени канцелариски материјали, користење на компјутерска техника и сл.)

ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТЕЧАЈНИТЕ УПРАВНИЦИ

14.8. Комора на стечајни управници

Коморското организирање на стечајните управници е форма на здружување на трговците (трговските друштва и трговци поединци кои ја вршат дејноста стечаен управник) чија цел е заштита и унапредување на нивните заеднички интереси и усогласување на нивните интереси со интересите на државата.

Коморското организирање е задолжително за стечајните управници кои се стекнале со лиценца за вршење на работите стечаен управник. Седиште на Комората е во Скопје. Комората има има својство на правно лице.

Основни акт на комората со кој се уредува организацијата, управувањето, работењето, финансирањето на Комората и внатрешната контрола е статутот.

Други акти на комората се Етичкиот кодекс на стечајните управници. ("Службен весник на Република Македонија" бр. 119 /06)

Со кодексот се пропишани правила на однесување по кои стечајните управници се должни да постапуваат во вршењето на работите стечаен управник. Пропишани се основните начела на постапување на стечајните управници, нивната професионална одговорност во вршењето на работите стечаен управник, потоа начелото на независност во работата, постапувањето со информациите добиени при вршењето на работите стечаен управник, судирот на интереси, начинот на чување и управување со имотот на должникот, како и располагање со него, правила кои се однесуваат на колегијалност во вршењето на работите стечаен управник, правила кои стечајниот управник треба да ги почитува, а се однесуваат на ангажираните и вработените лице, известувањето за неговата работа и соработка со Комората.

Комората на стечајни управници се финансира од членаринаата која ја уплатуваат стечајните управници годишно како и од други остварени приходи. Висината на членаринаата е различна по однос на тоа дали треба да ја уплати стечаен управник трговец поединец или стечаен управник друштво.

Годишната членарина е во износ од една просечна плата исплатена во Република Македонија, а за друштвото стечаен управник три просечни плати исплатени во Република Македонија во текот на претходната година. Во случај овие средства да не се доволни да ги покријат трошоците за работа на Комората, според истиот сооднос Собранието може да ја измени висината на плаќањето.

Секундарни извори на приходи за комората можат да бидат донации и други извори под услов тие да не ја нарушуваат самостојноста и чесноста на вршењето на работите на стечаен управник и на професионалната етика. како и доколку бидат одобрени од управниот одбор.

Органи на комората се Собрание на Комората, Управен одбор на Комората, Надзорен одбор на Комората и претседател на Комората.

14.8.1. Собрание на Комората на стечајни управници

Собранието е највисок орган на Комората на стечајни управници кој според нормирани надлежности одлучува за најважните прашања што се однесуваат на организација на Комората, на донесување акти на Комората и избор на членови на управниот орган, како и за други прашања поврзани со континуираната едукација на стечајните управници.

Собранието одлучува за прашања од својата надлежност на седници. Тие можат да бидат редовни и вонредни седници.

Редовна седница се одржува еднаш годишно и тоа во првата недела на февруари.

Вонредна седница на собранието на комората, се одржува по потреба и неа може да ја свика претседателот на Комората, управниот одбор врз основа на донесена одлука, најмалку дваесет членови на Комората по писмено барање и министерот за економија.

По правило министерот за економија може да даде само иницијатива за свикување на собранието до Управниот одбор на комората. Меѓутоа, во случај Управниот одбор на Комората да не го свика собранието во рок од 30 дена од денот на поднесување на иницијатива за свикување поднесено од страна на министерот, во тој случај се создаваат услови и самиот да го свика собранието на комората.

Ако претседателот не ја свика седницата во рок од еден месец од денот на донесувањето на одлуката на Управниот одбор, односно поднесување на барањето на членовите на Комората, во тој случај седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор одреден од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето.

На редовната годишна седница собранието одлучува за годишната пресметка и предлог пресметка за наредната година и го разгледува и усвојува извештајот за севкупните активности на стечајните управници.

На седницата е потребно присуство од најмалку половина од вкупниот број стечајни управници членови на Комората, а одлука се донесува со мнозинство гласови од присутните.

Собранието на Комората избира и членови на надзорниот одбор.

14.8.2. Управен одбор

Собранието на Комората од редот на своите членови стечајни управници избира управен одбор со мандат од три години. Бројот на членовите на управниот одбор го одредува собранието во согласност со статутот кој, вклучувајќи го и претседателот на Комората мора да биде со непарен број на членови.

Управниот одбор на Комората по правило го свикува претседателот на Комората. Меѓутоа, тој може да биде свикан и на барање на една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Одлуки управниот одбор може да носи и истите да се полноважни во случај кога на седницата присуствуваат повеќе од половина од членовите на управниот одбор.

По правило сите одлуки се донесуваат со мнозинство гласови на присутните членови на управниот одбор, освен за оние одлуки утврдени во статутот на Комората за кои е потребно квалификувано мнозинство на членовите на управниот одбор.

Во надлежност на управниот одбор на Комората спаѓаат; утврдување на предлог статутот, подготвување на седниците на собранието на комората, извршување на одлуките на собранието на комората, составување предлог на годишната пресметка и предлог за пресметка за наредната година, вршење увид над работењето на стечајните управници.

Посебна многу важна улога која ја има управниот однор на комората е поврзана со професионалното оспособување на стечајните управници при што организира продолженото стручно оспособување на стечајните управници со организирање семинари и предавања за што изготвува годишна програма. Учеството на семинарите и предавањата се задолжителни за сите стечајни управници, а нивното неоправдано отсуство, претставува дисциплинска повреда. Поради неучествување на семинари може да се случи стечајниот управник да ја обнови лиценцата.

Исто така, управниот одбор на Комората врши надзор над стручното оспособување на стечајните управници и издава уверенија за спроведено стручно оспособување.

Управниот одбор на комората има посебна функција која се состои во тоа како второстепен орган да одлучува по жалбите против одлуките на Дисциплинскиот совет донесени во дисциплинска постапка.

14.8.3. Претседател на комората

Претседателот на комората го избира собранието на комората за време од три години. Истовремено претседателот на Комората е претседател и на управниот одбор.

Управниот одбор од редот на своите членови избира и потпретседател на комората. Претседателот ја претставува и застапува Комората.

Неговите надлежности се утврдуваат со статутот на Комората со тоа што тој ги решава споровите помеѓу стечајните управници и се грижи Комората да дејствува согласно законот и статутот.

Доколку претседателот и потпретседателот се отсутни, ги заменува најстариот член на управниот одбор.

14.8.4. Надзорен одбор

Собранието на Комората на стечајните управници избира и членови на надзорниот одбор. Се работи за троица членови на надзорниот одбор од кои еден е претседател. Надлежноста на надзорниот одбор е поврзана само со контрола на материјално-финансиско работење и сметководствено работење. Надозорниот одбор може да има и други надлежности доколку тие се регулирани со статутот и да се во врска со наведените надлежности во законот.

14.9. Надзор над вршењето на јавните овластувања на Комората

Министерот за економија, односно лицата овластени од него, има можност да врши контрола на јавните овластувања кои ги врши Комората по службена должност. Инаку, на барање на стечаен судија или по приговор на било кое заинтересирано лице министерот може да определи преглед на работењето на Комората и на стечајните управници.

По извршениот преглед на работењето на Комората може да определи преземање на потребни мерки за отстранување и санкционирање на утврдените неправилности.

Контролата над работењето на стечајните управници се однесува само на исполнувањето на условите согласно законот за вршење на дејноста стечаен управник.

Министерот за економија нема ингеренции да се меша во тоа како стечајниот управник ги извршува должностите во отворена стечајна постапка. Надзорот над работењето на стечајниот управник во конкретен предмет го врши стечајниот судија, доверителите и нивните органи. Добра практика е министерот да нареди контрола на начинот на кој стечајниот управник ги води книгите за секоја стечајна постапка, посебно дали ги исполнува обврските предвидени во Законот кој се однесува на водењето на Е-стечајот.

Се работи за посебно софтверско решение кое ги содржи сите потребни информации за доверителите кое се води електронски од страна на стечајниот управник, регулирано со Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на Е-стечај („Службен весник на РМ“бр. 164/11).

Инаку, Комората и стечајните управници треба да му овозможи на министерот преглед на списите и книгите што се наоѓаат кај нив, со тоа што при вршењето на контролата треба да е присутен претседателот на Комората.

Покрај непосредната контрола, постои можност министерот за економија да ја контролира работа на комората посредно и тоа преку анализа на писмениот извештај кој што Комората секоја година во февруари е должна да го достави до министерот за економија за своето работење. Во овој извештај Комората треба со изложени мислења, предлози и ставови за состојбата на стечајните управници, како и предлогот на мерки што би требало да се преземат заради унапредување на тие состојби.

Покрај, ова министерот има овластување да врши и контрола на трошењето на финансиските средства од страна на Комората со кои се финансира. Во таа смисла Минстерот има овластување да наложи ревизијата на годишната сметка да ја изврши Државниот завод за ревизија.

Исто така, министерот дава согласност на секоја измена и дополнување на Статутот, Кодексот на стечајните управници и професионалните стандарди.

Заради спроведување на овој закон министерот за економија формира советодавно тело од домашни и странски стручни и компетентни лица од областа на стечајот, трговското право и економијата и од редот на раководни државни службеници.

14.9.1. Санкции што може да ги изрече министерот спрема Комората

14.9.1.1. Опомена

Ако во работата на телата на Комората органи утврди потешки неправилности, најпрво министерот ги опоменува овие органи да отстранат сите неправилности кои се појавиле во нивната работа.

Лицата овластени за вршење на надзорните дејства можат да му изречат на стечајниот управник казна укор за лесни повреди на должноста и за непримерно однесување и можат да побараат од Комората примена на дисциплински мерки за чие изрекување таа е надлежна. Министерот за економија може да поднесе барање за поведување на дисциплинска постапка во секое време против било кој стечаен управник. Лоша практика е ако органите на Комората надлежни за спроведување на дисциплинска постапка ја отфрлат иницијатива на министерот за спроведување на дисциплинската постапка како недозволена.

14.1.1.2. Свикување на вонредно собрание, распуштање на Управниот одбор и сменување претседателот на Комората

Ако тие по опомената не ги отстраниле неправилности или постојано не ги исполнуваат своите законски обврски во тој случај министерот може да свика вонредно собрание, да го распушти Управниот одбор на Комората и да смену претседателот на Комората.

Во своето решение, министерот ќе определи рок за избор на Управен одбор, односно претседател на Комората, а ќе именува и свој застапник меѓу стечајните управници, кој ќе ги врши работите на тие тела, се додека нивното вршење не го преземат новоизбраните тела.

15. ПРАВНА ПОЛОЖБА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ ВО СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

Во стечајната постапка може да се појават четири вида на доверители кои се разликуваат помеѓу себе.

Критериум според кој може да се разликуваат доверителите е кога го стекнале побарувањето. Во случај на побарување кое го има доверителот спрема должникот,пред отворањето на стечајната постапка се работи за стечајни доверители.

Доколку побарувањето е стекнато во текот на отворената стечајна постапка или во текот на претходната постапка и е резултат на правно дејство преземено од привремениот стечаен управник се работи за доверители на стечајна маса.

Во зависност дали доверителот се стекнал со некое стварно право над имотот на стечајниот должник пред отворање на стечајната постапка, а предметот се наоѓа кај должникот може да зборуваме за излачни доверители или доверител кој има право на издвојување на предметот или правото од стечајната маса. Значи се работи за стекнување на стварно право познато уште како стварно-право побарување. Ако доверителот има побарување спрема должникот на кое е воспоставено некое заложно право пред отворањето на стечајната постапка, тогаш се работи за разлачен доверител.

Воспоставеното заложно право над недвижен односно подвижен предмет со кое е обезбедено паричното побарување, за овој доверител значи можност за приоритетно намирување во стечајната постапка пред останатите стечајни доверители. Имотот над кој е воспоставено заложното право влегува во кругот на посебна стечајна маса која служи исклучиво за намирување на побарувањето на овој доверител.

Значи се работи за обезбеден доверител чие намирување е исклучиво поврзано со заложниот предмет или право.

Можни се и случаите кога врз ист имот двајца доверители имаат воспоставено заложно право. Намирувањето на заложниот доверител од прв ред и заложниот доверител од втор ред се врши според правилото „прв во времето прв во правото' што значи додека не се намири разлачниот доверител од прв ред во целост неможе да започне да намирува доверителот од втор ред.

15.1. СТЕЧАЈНИ ДОВЕРИТЕЛИ

Стечаен доверител е физичко или правно лице кое по која било основа има побарување спрема стечајниот должник, а кое настанало пред отпочнување на стечајна постапка. Побарувањето на овие доверители се необезбедени побарувања.

Побарувањата на стечајните доверители се рангираат во зависност од видот на побарувањето и правниот основ врз основа на кое настанало и тоа во два реда повисок исплатен ред и понизок исплатен ред.

Во повисокиот исплатен ред спаѓаат сите стечајни доверители кои имаат побарување спрема должникот без оглед на основот на настанување. Исплата на овие стечајните доверители од повисокиот ред се врши сразмерно на големината на нивните побарување.

Во прв ред на повисокиот исплатен ред спаѓаат неисплатените плати и придонеси на вработените последните три месеци пред отворање на стечајната постапка.

Правилото е доверителите од понизок исплатен ред да бидат намирени дури откако во целост ќе бидат намирени побарувањата на доверителите од првиот ред на повисокиот исплатен ред и доверителите од повисокиот исплатен ред. Тука доаѓа до израз начелото на апсолутен приоритет на доверителите од повисокиот исплатен ред и само по нивното целосно намирување се отвора можноста да се намират доверителите од понизок исплатен ред.

Во побарувања од понизок исплатен ред спаѓаат побарувањата на доверителите по основ на

- каматите на побарувањата на стечајните доверители што пристигнале од денот на отворањето на стечајната постапка

Во стечајната постапка прашањето на камата како побарување кое го има доверителот во случај кога должникот ќе задоцни со исполнување на паричната обврска е регулирано на посебен начин. Правните последици од отворената стечајна постапка влијае и на правото на доверителот на наплата на побарувањето по овој основ. Не е спорно дека правните последици на отворената стечајна постапка не влијаат на течењето на камата, и основно правило е дека каматата по отворањето на стечајната постапка продолжува да тече се до моментот на исплата на побарувањето. Меѓутоа, постојат разлики по однос на тоа во кој исплатен ред ќе биде исплатена.

Во таа смисла може да се направи разлика помеѓу камата пресметана на главното побарување до денот на отворање на стечајната постапка и камата пресметана по денот на отворањето на стечајната постапка до исплата. Во првиот случај оваа камата која е пресметана до денот на отворањето на стечајната постапка спаѓа во побарувањето на доверителот кое треба да му биде исплатено како побарување од повисок исплатен ред.

Во вториот случај каматата пресметана по денот на отворањето на стечајната постапка до конечната исплата, спаѓа во понизок исплатен ред. Значи, доколку останат средства од стечајната маса по намирувањето на трошоците во постапката и целосна исплата на доверителите од повисокиот исплатен ред се создаваат услови да се исплати камата која тече по денот на отворањето на стечајната постапка. Во понискиот исплатен ред побарувањето по основ на камата пресметана од денот на отворање на стечајната постапка до денот на исплатата спаѓа во прв ред.

- трошоците што за одделни доверители ќе настанат со нивното учество во постапката;

Основно правило во стечајната постапка е секој доверител да ги сноси трошоците во постапката. Со оваа законска одредба се отвора можност трошоците на одделни доверители кои ги имале пред отворањето на стечајната постапка да бидат исплатени и од стечајната маса, меѓутоа тие спаѓаат во понизок исплатен ред и тоа во втор ред од понискиот исплатен ред што значи дека до нивната исплата ќе да дојде доколку се исплатат побарувања на сите доверители по основ на камата во целост.

- паричните казни за кривично дело или прекршок како споредни последици од кривично дело или прекршок со кои се наметнува обврска за плаќање пари;

Во трет ред на пониско исплатниот ред спаѓаат за исплата побарувањата на доверителите по основ на парични казни за кривично дело или прекршок на правното лице односно стечајниот должник.

- побарувањата за бесплатна чинидба на должникот;

Исто така во побарувања од понизок исплатен ред кои можат да се исплатат доколку се исплатат сите погоре наведените спаѓаат и побарувањата на доверителите кои произлегле од бесплатна чинидба на должникот.

- **побарувањата за враќање на заем или друго соодветно барање со кои се надоместува имотот на содружник односно акционер.** Во овој случај доколку должникот пред отворање на стечајната постапка склучил договор за заем или на друг начин биле уплатени средства од содружник или акционер овие побарувања спаѓаат во последен ред од понискиот исплатен ред.

Постои и последен ред на намирување на побарувањата кој е тесно поврзан со карактерот на лицата кои треба да бидат намирен. Во овој последен ред спаѓаат **побарувања врз основа на удели и акции** и истите се намируваат во случај да има остаток од стечајната маса и доверителите од повисок и понизок исплатен ред да бидат во целост намирени. Овие лица не се стекнуваат со статус на доверители и по правило не ги пријавуваат своите побарувања бидејќи побарувањето по основ на удели или акции во основната главнина на должникот не е побарување кое произлегло од должничко доверителски однос, туку претставува остварување на правото кое произлегува од уделот и акциите.

Стекнувањето својство на стечаен доверител не настанува по автоматизам, односно не е доволно само да се има имотно-правно побарување од должникот. Потребно е тоа да биде пријавено на огласот за отворена стечајна постапка и стечајниот управник да го признал побарувањето на испитното рочиште, а и ниту еден доверител побарувањето да не го оспорил.

15.2. ИЗЛАЧНИ ДОВЕРИТЕЛИ

Излачен доверител е физичко или правно лице кое врз основа на некое лично или стварно право може да докаже дека некој предмет не спаѓа во стечајна маса. Значи

под излачни права се подразбира правото на трето лице на издвојување на предмет од стечајната маса кој не му припаѓат на должникот.

Предметите над кои постои излачно право мораат да бидат индивидуално одредени. Со други зборови излачно право е стварно право - право на сопственост над индивидуално определен предмет.

Оттаму е и основната разлика помеѓу овие доверители и стечајните доверители чии побарувања по правило се облигационо правни побарувања. И покрај тоа овие доверители можат да го докажат правото на издвојување на предмет или право од стечајната маса во друга постапка, тие по правило се должни да го пријават во отворената стечајна постапка

Доколку, стечајниот управник не го признае нивното излачно побарување кое во суштина има карактер на стварно - правно побарување во тој случај излачниот доверител може да побара утврдување на правото на издвојување на предметот од стечајната маса врз основа на правила што важат надвор од стечајната постапка. Во тој случај се применуваат посебните закони кои го регулираат правото на сопственост и стекнувањето на сопственоста.

Всушност се работи за поднесување на реивиндикациона тужба со која сопственикот, може да бара од држателот поврат на индивидуално определена ствар при што мора да докаже дека врз стварта чиј поврат го бара има право на сопственост, како и дека стварта се наоѓа во фактичка власт на туженият. Правото на поднесување на оваа тужба не застарува.

Во секој случај иако не е предвидено дека овие доверители треба да го пријават своето стварно правно побарување, во судската практика е прифатено дека нема автоматизам помеѓу утврдување на тој факт и остварувањето на тоа право.

Едноставно кажано може да се случи во моментот на отворањето на стечајната постапка кај должникот да се најде предмет кој не е негова сопственост. При таква состојба лицето без разлика дали е физичко или правно може да поднесе пријава за побарување со соодветни докази во врска со стекнатото лично или стварно право врз односниот предмет, а стечајниот управник е должен да се произнесе по вака поднесената пријава.

Доколку, излачниот доверител поседува докази дека погоре наведеното право е впишано во јавна книга, товарот на докажувањето дека предметот на кој тоа право се однесува спаѓа во стечајна маса е на стечајниот должник односно по отворањето на стечајната постапка на стечајниот управник кој во конкретниот случај има интерес за докаже дека правото односно предметот е дел од стечајната маса.

Излачните права исто како и разлачните права остануваат на сила и по отворање на стечајната постапка. За нив важи правилото на ограничен мораториум на наплата на побарувањата на доверителите.

Така за разлика од стечајните доверители, кои можат да ги наплатат побарувањата само во стечајната постапка, овие доверители поради остварување на своите права можат да поведат против должникот постапка за извршување по општите правила на извршување по отворањето на стечајната постапка. Прекинатите постапки

на извршување што тие доверители ги повеле пред отворањето на стечајната постапка, ќе ги продолжи и спроведе извршителот по правилата на постапка за присилно извршување врз основа на предлог на излачниот доверител.

Исто така правата на овие доверители остануваат во сила и тие по отворањето на стечајната постапка можат полноважно да стекнуваат права на делови од имотот што влегува во стечајната маса. Овие права остануваат во сила и во случај кога се работи за стекнување права на делови од имотот што влегува во стечајната маса и кога тоа стекнување не се заснова на располагањето на должникот или на присилно извршување во корист на стечајниот доверител.

15.2.1. Право на потрага на ствари

Доверители кои можат да го докажат издвојувањето на предметот или правото врз основа на право на сопственост се во иста правна положба како и оние доверители кои ќе докажат дека со право на пребарување - потрага на предметите истите треба да им се вратат.

Правото на потрага по предметите е излачно право кое им припаѓа на продавачот и на комисионарот и тоа за продажба на стока под одредени услови. Ова правило е во функција на заштита на продавачот односно комисионарот за продажба на стока заради воспоставување на состојба која постоела пред да ја исполнат својата чинидба. Така продавачот на кого куповната цена не му е исплатена во целост може да бара стоката која од друго место е пратена на должникот пред отворање на стечајната постапка, а не пристигнала на одредиштето, односно ако до тој ден должникот не ја презел, да му биде вратена. За да го докаже ова право треба да бидат исполнети три кумулативни услова. Тоа се должникот да не ја платил цената на стоката во целост, стоката да е пратена од едно место до друго и тоа пред отворањето на стечајната постапка и не пристигнала на одредиштето и должникот да не ја преземал стоката пред денот на отворање на стечајната постапка.

Правото на потрага на ствари може да се оствари само во случај на продажба од далечина односно во оние случаи кога стоката се испраќа од едно место на друго. Кај овој вид на продажба не е од влијание околноста дали купувачот и продавачот имаат седиште во исто место или различни места, туку е од влијание дека стоката патувала од едно место на друго. Од тие причини купувањето од далечина значи и кога договорот е склучен помеѓу договарачите кои биле присутни, меѓутоа стоката се испраќа на купецот од друго место. Комисионерот кај продажбата на стоката ја има улогата на продавач и затоа го има правото на потрага на предметите и тоа на предметите кои се прашаат на купувачот кој е во друго место.

Правото на потрага по ствари не припаѓа во случај доколку должникот цената во целост ја исплатил, и неможе да се остварува спрема трети лица односно оние лица на кои стоката должникот понатаму ја продал. Во тој случај продавачот има право како стечаен доверител да го пријави побарувањето по однос на неисплатената цена на стоката.

Ова правило кое се однесува на правото на потрага на ствари има за цел да ги реши прашањата кои се поврзани со настапувањето на правните последици од отворена стечајна постапка во однос на двострано - товарните договори. Така купувачот може да го спречи правото на продавачот и комисионарот на потрага на ствари доколку стечајниот управник го исполни договорот под условите предвидени во овој закон.

Меѓутоа, правото на потрага на ствари не постои доколку должникот ја преземал стоката само на чување која пристигнала во местото на одредиштето пред денот на отворање на стечајната постапка продавачот има право на враќање, но има право по редовен пат да ги оствари своите права во врска со таа стока како излачен доверител.

Во овој случај продавачот и комисионарот ги имаат правата на излачни доверители во однос на таа стока доколку стечајниот управник не го одржи договорот.

15.2.2. Земјоделско земјиште во сопственост на државата

Стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка при преземањето на имотот на должникот има обврска да утврди неколку битни факти поврзани со тоа дали должникот заклучил договор за закуп и користи земјоделско земјиште кое во евиденцијата на агенцијата за катастар се води како земјиште на Република Македонија, дали на земјиштето има трајни вложувања кои се состојат од долгогодишни насади, објекти, иригациони системи и друга инфраструктура кои се сопственост на должникот.

По утврдувањето на овие факти треба да достави извештај до стечајниот судија со податоците во врска со тоа. Од тоа што ќе го утврди стечајниот управник ќе зависи и одлуките кои ќе бидат донесени. Тие одлуки зависат од фактот каков вид на насади или дали на земјоделското земјиште кое е во државна сопственост стечајниот должник направил други вложувања.

Стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе констатира престанок на правото на користење на земјиштето од страна на стечајниот должник и ќе го задолжи стечајниот управник да ја спроведе постапката за негово враќање во владение на Република Македонија, во случај доколку на земјоделското земјиште нема трајни вложувања кои се состојат од долгогодишни насади, објекти, иригациони системи и друга инфраструктура.

Ова решение стечајниот судија го носи во рок од 8 дена од правосилноста на решението за отворање на стечајната постапка под услов склучениот договор за закуп на земјоделското земјиште да не бил раскинат пред отворањето на стечајната постапка.

Државниот правобранител нема обврска да поднесе пријава за излачување на земјоделското земјиште од стечајната маса.

Во случај кога на земјоделското земјиште во сопственост на државата има трајни вложувања кои се состојат од долгогодишни насади, објекти, иригациони системи и друга инфраструктура, кои се сопственост на должникот, стечајниот судија во овој рок нема да донесе решение, туку постапката продолжува и по утврдувањето на вредноста на трајните вложувања кои влегуваат во стечајната маса, истите можат да бидат предмет на продажба во стечајна постапка.

Ако овој имот е продаден во стечајната постапка, купувачот на долгогодишни насади, објекти, иригациони системи и друга инфраструктура кои влегуваат во стечајната маса по спроведената постапка за продажба на имотот и уплатување на цената во стечајната маса, е должен во рок од 3 месеци од денот на купопродажбата да склучат договор со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството заради уредување на натамошниот начин на користење на земјоделското земјиште.

15.2.3. Трансформирање на излачно во стечајно побарување

Побарувањата на излачните доверители можат да се трансформираат како побарувања на стечајни доверители или како доверител на стечајна маса само доколку бидат исполнети следните услови:

Првиот случај е доколку пред отворањето на стечајната постапка должникот неовластено го отуѓил предметот чие издвојување можело да се бара. Во овој случај излачниот доверител може да бара да му се пренесе правото на против чинидба ако таа се уште не е извршена. Тој може да бара против чинидба од стечајната маса ако таа се уште може да се издвои од таа маса. Исто така како стечаен доверител може да бара и надомест на штета што ја претрпел со неовластеното отуѓување, и тоа ако отуѓувањето го извршил должникот пред отворањето на стечајната постапка.

Во случај пак ако отуѓувањето го извршил привремениот стечаен управник по поведувањето на претходната постапка, односно стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка, ги има истите права но сега како доверител на стечајната маса, што значи како приоритетно намирување на овој доверител пред стечајните доверители.

Вториот случај е доколку предметот е неовластено отуѓен пред отворањето на стечајната постапка. Излачниот доверител може како стечаен доверител да бара надомест за претрпена штета, а како доверител на стечајната маса ако предметот го отуѓил привремениот стечаен управник по поведувањето на претходна постапка, односно стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка. Третот случај е поврзан со можноста за избор на излачниот доверител во случај на отуѓување на предметот во претходна постапка или во отворената стечајна постапка. Ако предметот чие издвојување можело да се бара го отуѓил привремениот стечаен управник пред отворањето на стечајната постапка може:

- да бара нему да му се пренесе правото на против чинидба ако таа се уште не е извршена, или

- да бара против чинидба од стечајната маса ако таа се уште може од таа маса да се издвои или

- да бара надомест на претрпената штета како доверител на стечајната маса

Во сите овие ситуации е овозможена заштита на излачниот доверител во случај предметот кој е над кого може да докаже стварно право должникот го отуѓил или пак тоа го сторил привремениот стечаен управник за време на претходната постапка или стечајниот управник за време на отворената стечајна постапка.

15.3. РАЗЛАЧНИ ДОВЕРИТЕЛИ

Инструментите кои се користат за обезбедување на плаќањето можат да се поделат на две групи и тоа облигационо-правни и стварно правни.

Основната разлика помеѓу овие две групи инструменти на обезбедување е во однос на правните последици кои настануваат по однос на трети лица.

Така, облигационо-правните инструменти за обезбедување на плаќањето имаат правни последици само помеѓу странките и не влијаат на односите кон трети лица. Таквото обезбедување на доверителот спрема должникот кој не ги исплаќа побарувањата не му даваат никакова привилегирана положба кон другите доверители на должникот. Во групата на облигационо-правни инструменти за обезбедување на побарувањето спаѓаат гаранција, банкарска гаранција и договор за обезбедување на побарувањето и задолжница.

Задолжницата е потврдена приватна исправа со која должникот дава согласност побарувањето на доверителот кое е назначено во неа, присилно да се наплати од сите расположиви средства на должникот кај носителот на платен промет. Во случај кога обврската од должничко - доверителен однос изнесува 300.000,00 денари плаќањето треба да биде обезбедено со задолжница. Доверителот побарувањето по основ на задолжница составена и издадена од нотар која се уште по било кој од претходно наведените основи не е избришана од регистарот на задолжници, треба да го пријави побарувањето во стечајната постапка во рокот предвиден со огласот. Поднесувањето на пријавата за побарување, претставува и основ за бришење на задолжницата од регистарот на задолжници, или уште попрецизно кажано, отворањето на стечајната постапка за која се известува и Централниот регистар значи основ за бришење на издадената задолжница од регистарот на задолжници. Со тоа престанува дејството на задолжницата како средство за обезбедување на побаување.

Од друга страна, основна карактеристика на стварно правното обезбедување на побарувањето е тоа што се работи за стварни права кои по својата природа влијаат апсолутно (erga omnes) што значи дека доверителот со стварното право или предност при наплатата од таа ствар која е предмет на тоа право пред сите други доверители на должникот и може така стеканата предност да ја оствари и во отворената стечајна постапка.

Стварно правни инструменти за обезбедување на побарувањата се: хипотека, рачна залога, фидуцијарен пренос на подвижните предмети и задржување на сопственичите права.

15.3.1. Карактеристики на заложното право

Заложното право претставува ограничено стварно право врз точно определена туѓа ствар која е воспоставена за обезбедување на определено побарување со кое е овластен носителот, побарувањето кое не било навремено исполнето да го наплати од вредноста на заложниот предмет.

Залогот може да се воспостави на една или повеќе ствари кои се во правниот промет. Правото на залог се однесува на цела ствар, на идеален дел на стварта, на нејзините плодови сé додека не се одвоени, како и на нејзините составни делови и припадоци. Правото на залог може да се заснова за идна, орочена како и за условна обврска. Заложниот доверител може да заснова право на залог на постојниот залог во корист на трето лице без согласност на заложниот должник (под залог).

Со заложената ствар се обезбедуваат побарувањето на заложниот доверител до целосно намирување на неговото побарување, без оглед на подоцнежната поделба на стварта (неделивост на залогот).

Кога на иста ствар постојат повеќе заложни права, редоследот по кој ќе се намируваат се определува според датумот на уписот во соодветната јавна книга.

Ако врз една иста ствар се запишани повеќе заложни права во еден ист ден, редоследот по кој ќе се врши намирувањето ќе се определува според часот на приемот на барањето за упис во соодветната јавна книга. Барањата поднесени во ист момент (ден и час) имаат еднаков третман во поглед на намирувањето на побарувањата, освен ако со закон поинаку не е определено. Правото на залог може да се пренесе на друг заедно само со преносот на побарувањето кое со тоа заложно право е обезбедено (акцесорност на залогот).

Заложен должник може да биде секое физичко и правно лице кое има определен паричен долг или долг чија вредност е изразлива во пари во однос на заложниот доверител од одреден облигационен или друг вид правен однос.Заложен должник може да биде и трето лице кое нема долг спрема заложниот доверител, а е согласно да одговора за туѓ долг со засновање на залог врз свој предмет, при што ова лице на заложниот доверител му одговара само со заложениот предмет.

Заложен доверител може да биде секое физичко и правно лице кое има определено парично побарување или побарување чија вредност е изразлива во пари во однос на својот должник, кој е согласен врз својот предмет да допушти засновање залог во полза на доверителот или место него тоа да го стори трето лице кое нема таков долг, а е согласно врз негов предмет да се заснова право на залог.

15.3.2. Поделба на заложното право

Заложното право може да се подели врз основа на објектот на кој се воспоставува и по однос на начинот на кој е воспоставено.

15.3.2.1 Објект на заложното право

Заложото право може да се подели врз основа на објектот на заложно право на недвижност (хипотека) и заложно право на подвижни предмети (pignus) и на заложно право на права(pignus nomini).

Разликата помеѓу хипотеката и рачната залога е во владението на стварта. Рачната залога му овозможува на заложниот доверител право на владение врз подвижниот предмет, хипотеката претставува типична невладетелска форма на заложното право.

Рачниот залог може да се заснова со предавање на предметот во владение (владетелски залог) или без негово предавање во владение (не владетелски залог), а хипотеката се засновува само како невладетелска.

15.3.2.2. Начин на кој настанало заложното право

Според начинот на кој може да се настане постојат повеќе видови право на залог со правна работа – договорно заложно право, судско одлука – присилно односно судско заложно право и врз основа на закон - заложно право на начин определен со закон.

Договорното заложно право настанува врз основа на правна работа односно заложен договор. Основно правило е овој договор да биде склучен во писмена форма, освен кога е склучен договор за владетелски залог кој може да биде склучен во која било форма.

Правото на хипотека се стекнува со склучување на договорот за хипотека и со запишување на хипотеката во јавна книга во која се врши запишувањето на правото на сопственост врз недвижностите и на другите стварни права врз тие недвижности, како и книгата во која се врши запишување на правото на сопственост и други стварни права врз ствари изедначени со недвижностите според овој и друг закон.

Значи договорниот залог се стекнува со склучување на договорот за залог и со запишување во соодветните јавни книги кога заложената ствар е недвижност, а кога заложената ствар се подвижни ствари или права, договорниот залог се стекнува со склучување на договорот за залог и со предавање на стварта во владение на заложниот

доверител (нерегистриран залог), односно со склучување на договорот за залог и со попис на заложната ствар, без предавање на стварта во владение на заложниот доверител (регистриран залог).

- **Договорниот залог во случај кога предмет на залогот е подвижна ствар, хартија од вредност, одредено имотно побарување или друго право (рачна залога)**

Овој вид на залог се разликува по однос на тоа кој располага со стварта над која е воспоставен залогот и дали се впишува во заложниот регистар. Во случај кога е склучен договор за залог и стварта е предадена во владение на заложниот доверител во тој случај се работи за владетелски залог.

Ако пак е склучен договор за залог и направен попис на заложната ствар, без да биде предадена стварта во владение на заложниот доверител и е впишан во заложниот регистар во тој случај се работи за не владетелски залог.

- **Договорниот залог кога заложната ствар е недвижност (хипотека)**

се стекнува со случување на договор за залог и со запишување во соодветната јавна книга. Под јавна книга се подразбира книгата во која се врши запишување на правото на сопственост врз недвижности и на други стварни права врз тие недвижнсти, како и книгата во која се врши запишување на правото на сопственост и другите стварни права врз ствари изедначени со недвижности согласно друг закон.

Карактеристика за хипотеката е што оптоварената недвижност останува во владение на должникот. При тоа побарувањето на доверителите мора да биде одредено, односно утврдено. Исто така и недвижниот имот што е предмет на хипотека мора да биде точно определен.

Хипотеката е стварно право и апсолутно право и истата има правно дејство кон сите, без оглед дали недвижниот имот што е предмет на хипотека го променил сопственикот.

Судскиот залог се стекнува со судска одлука донесена во постапка за присилно обезбедување на побарувањата и со запишување во соодветните јавни книги. Законските одредби со кои се уредува судската постапка за обезбедување на парични побарувања ги определува условите под кои судот може да одлучи да се заснова судско заложно право.

Други закони врз основа на кој може доверителот може да се стекне со овој вид на заложно право е Законот за извршување со кој е предвидено е дека и со преземање на определено извршно дејство, е можно да се стекне право на залог. Значи извршното дејство кое го презема извршителот во постапката за присилно извршување има карактер на заложно право.

Така, при извршувањето заради наплата на парично побарување и тоа при извршувањето од подвижните предмети изврши дејства кои ги презима извршителот се спроведување попис, процена, пленидба и продажба на предметите и намирување на доверителите од износот добиен од продажбата.

Во постапката за извршување врз парично побарување на должник извршувањето се спроведува со забрана и со пренос. Со налогот со кој се спроведува забрана врз парично побарување му се забранува на должниковиот должник да го намири тоа побарување на должникот, а на должникот му се забранува тоа побарување да го наплати или поинаку, да располага со него и со залогот што е даден за негово обезбедување. Со забраната доверителот стекнува заложно право врз побарувањето на должникот, како и редот на првенство на заложните права. Заложното право стекнато врз побарување по кое тече камата, се однесува и на каматите кои пристигнуваат по забраната. Редот на првенство на заложни права на повеќе доверители се определува според денот и времето на приемот на барањето за извршување кај извршителот. Доколку барањето за извршување е упатено по пошта со препорачана пратка, денот на предавањето на поштата се смета како ден на прием кај извршителот. Во случај кога барањата за извршување на повеќе доверители се примени кај извршителот истиот ден и време, нивните заложни права имаат ист ред на првенство. Во тој случај побарувањата се намируваат сразмерно, ако не можат да се намират во целост.

Исто така, доверителот се стекнува со заложно право во случај кога се извршува врз хартии од вредност со забрана за располагање и оптоварување, нивна продажба и намирување на доверителот. Забраната за располагање и оптоварување на хартии од вредност извршителот ја врши со доставување на налогот за забрана за располагање и оптоварување до Депозитарот за хартии од вредност. Со запишување на забраната доверителот стекнува заложно право на хартиите од вредност.

И во постапката за извршување врз удел доверителот се стекнува со заложно право врз уделот. Запленување на удел се врши со доставување на налогот за заплена на уделот на трговското друштво кое води книга на удели. Со запленувањето доверителот се стекнува со заложно право на уделот.

И кај присилната наплата на даночниот долг како начин за престанок на даночниот долг и заради обезбедување на даночното побарување во присилна наплата на ствари или на имотни права на должникот на присилната наплата се воспоставува присилно заложно право во корист на даночниот доверител. Даночен доверител е Република Македонија. Инаку залогот кој е воспоставен трае се до намирување на даночниот долг или поништување на даночното решение.

Залогот се воспоставува врз основа на решение за залог на Управата за јавни приходи.

Основ за донесување на решението за воспоставување на залогот се попис на движни предмети и запленување, попис на недвижностите, забрана на пренос на паричните средства преку сметка на должникот во присилна наплата отворена кај банка, забрана на должниците на должникот во присилна наплата да ги платат на должникот готовинските долгови, забрана на должниците на должникот да ги исполни другите обврски кон него . Тоа значи дека по доставување на решението за залог на должникот во присилната наплата не му се дозволува да располага со предметите предмет на присилната наплата на кои е воспоставен залог освен недвижноста.

Се запираат сите финансиски трансакции преку сметката на даночниот обврзник освен оние кои се однесуваат на наплата на намирување на данокот. Им се

забранува на должниците да ги намират своите обврски кон должникот во присилната наплата Воспоставување на заложно право со решение на даночниот доверител може да се стекат двата вида на залог и рачна залога и хипотека врз недвижност.

Законски залог се стекнува со исполнување на условите предвидени во посебни закони. Во Законот за облигациони односи предвидени се одредени случаи во кои се стекнува законски залог. Тоа е во случај кога е склучен договор за дело, договор за превоз на предмети, договор за складирање, договор за налог, договор за комисион, договор за трговско застапување, договор за експедиција (шпедиција), договор за контрола на стоки и услуги, договор за кредит врз основа залог од хартии од вредност.

Право на намирување на некој предмет се стекнува со т.н. **право на задржување** во случај доверителот со стасано побарување да има во свои раце некаков должников предмет, има право истиот да го задржи додека не му биде исплатено побарувањето. Побарувањето се смета за стасано во секој случај кога должникот станал неспособен за плаќање. Од правото на задржување доверителот се стекнува со правото да се намири односно да се наплати од неговата вредност од исти услови како заложниот доверител. За намерата истиот е должен навремено да го извести должникот.

15.3.3. Влијание на правни последици од стечајната постапка на заложните права

Основна карактеристика на стечајната постапка е тоа што доверителите со право на одвоено намирување од право или предмет (разлачни доверители) е тоа што тие го задржуваат правото на приоритет при намирување на своето побарување од предметот или правото на начин на кој тоа е воспоставено со други прописи.

Настапувањето на правните последици од отворената стечајна постапка над должникот влијае на стекнатото заложно право без разлика дали е тоа стекнато на подвижни предмети или недвижности во сопственост на должникот на тој начин што делумно го ограничува остварувањето на нивното право во стечајната постапка. Всушност се работи за краткотрајно ограничување кое е резултат на општиот мораториум кој се воспоставува со отворањето на стечајната постапка, односно привремено се оневозможуваат наплата на сите побарувања од должникот вклучувајки го и остварувањето на правото на наплата на побарувањето на доверителот со право на одвоено намирување од предмет или право.

Основното, што го прави овој вид на доверители различен од стечајните доверители е правото на одвоено намирување на побарувањето, каматата и трошоците од некој предмет или право кој што е дел од стечајната маса, односно од целокупниот имот на должникот на денот на отворањето на стечајната постапка. Правото на одвоено намирување подразбира дека овие доверители се стекнале со право своето побарување заедно со камата и трошоци да го наплатат од тој предмет или право пред останатите стечајни доверители.

Разликата пак помеѓу овие доверители и излачните доверители е голема и се состои во тоа што излачниот доверител има право да бара издвојување на предмет од стечајната маса врз основа на докажано лично или стварно право. За разлика од излачните доверители законот разлачните доверители ги дефинира и ги вбројува во доверители кои под одредени услови учествуваат и гласаат во Собранието на доверители и одборот на доверители и можат да учествуваат во стечајната постапка

Разлачните доверители можат да бидат и стечајни доверители ако должникот им е лично одговорен па во тој случај имаат право на сразмерно намирување од стечајната маса само во случај ако се откажат од одвоеното намирување и не успеат одвоено да се намират. Откажувањето од одвоеното намирување од предметот или правото треба да биде јасно изразена.

Во случај кога разлачниот доверител ја продолжил постапката за реализација правото на одвоено намирување надвор од стечајна постапка и во тој случај целосно ќе се намири од предметот или правото односно ќе остане не намирен во одреден дел на побарувањето, овој доверител треба да ги извести стечајниот управник. Така посебно ќе го извести стечајниот управник во кој дел останал не намирен по извршената продажба на предметот или правото, со докази и тоа треба да го стори најдоцна петнаесет дена по депонирањето на планот за распределба во стечајното досие на должникот.

Со ова право на одвоено намирување изедначено е и правото на намирување од акции, удели, други хартии од вредност и финансиски колатерали само во случај кога должникот е заложен доверител. Во спротивно многу се ретки случаите, посебно во случај на реорганизација на должникот, би можело да дојде до реализација на право на одвоено намирување врз акции, удели кои претставуваат основачки капитал на должникот.

Тргнувајки од општото правило кое ја определува улогата на разлачните доверители, доверителот кој има склучено договор за залог на удел со содружник неможе да се стекне со статус на разлачен доверител во стечајната постапка од причина што по отворањето на стечајната постапка уделите на должникот неможат да бидат предмет на продажба.

Правните последици од отворањето на стечајната постапка влијаат и на правата кои ги има закуподавецот по основ на се уште неисплатена закупнина.

Така доколку должникот склучил договор за закуп на недвижност како закупец и престанал со плаќањето на закупнината во тој случај закупудавецот како доверител може во стечајна постапка да пријави побарување за неисплатена закупнина за последните три месеци пред настанување на правните последици од отворањето на стечајната постапка.

Исто така овој доверител како закуподавец нема право да побарува во стечајна постапка и надомест на штета доколку стечајниот управник предвремено го раскинал договорот за закуп. Значи закуподавецот има право на одвоено намирување на закупнината за последните три месеци и нема право на надомест на штета во случај на предвремено раскинување на договорот за закуп од страна на стечајниот управник.

Од вака статуираното право постои исклучок според кој предвидените ограничувања кои се однесуваат на периодот на кој мора да се однесува побарувањето на неплатената закупнина и во врска со побарувањето надомест на штета поради предвремено раскинување на договорот од страна на стечајниот управник, нема да се применуваат кога предмет на договорот е закуп на земјоделско земјиште.

Како доверители со право на одвоено намирување на своето побарување, на каматите и на трошоците од вредноста на заложниот предмет. се стекнуваат и:

- доверителите на кои должникот поради обезбедување на нивните побарувања им предал некој подвижен предмет или им пренел некое право

Доверителот кој во моментот на отворање на стечајната постапка има кај себе некој подвижен предмет или предмет кој го добил од должникот врз основа на обезбедување на побарувањата се стекнува со правото да го намири своето побарување кое го има спрема должникот со продажба на предметот. Во овој случај се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба на предмет со воспоставено заложно право, а со истиот располага доверителот. За да се стекне со својството доверител со право на одвоено намирување од предмет или право истиот во законскиот рок ќе мора да го пријави побарувањето на стечајниот управник заедно со обезбедувањето.

- доверителите кои имаат право на задржување на некој предмет, бидејќи нешто употребиле во корист на тој предмет, во мерка во која нивното побарување по таа основа не ја преминува се уште постоечката корист;

Правото на одвоено намирување од предмет или право во стечајната постапка може да го стекнат и доверителите кои имаат право на задржување на некој предмет од причина што нешто употребиле во корист на тој предмет и тоа во мерка нивното побарување по тој основ да не ја преминува постоечката корист. Вложувањата кои ги има одреден доверител во предмет е фактичко прашање и е предмет на докажување. Всушност овој доверител при поднесување на пријавата за утврдување на одвоено намирување од предмет или право треба да достави и писмени докази со кој ќе докаже колкава вредност употребил во корист на предметот и дали таа вредност која ја употребил ја надминува користа која ја има од предметот.

- доверителите кои правото на задржување го имаат врз основа на закон

За да може доверителот да се стекне со правото на одвоено намирување врз основа на правото на задржување на некој предмет треба да бидат исполнети следниве законски услови:

- доверителот да има побарување од стечајниот должник;
- кај него да се наоѓа предметот;
- доколку не се намирил од задржаниот предмет пред отворањето на стечајната постапка да го пријави побарувањето во стечајна постапка.

При оценка на тоа дали се исполнети условите за доверителот кој врз основа на правото на задржување на предметот се стекнал со правото на одвоено намирување, стечајниот управник ќе треба особено да има предвид на кој начин доверителот го

задржал предметот. Доколку утврди дека должникот барал да му се врати предметот кој излегол од негов посед против негова волја, или кога должникот барал да му се врати предметот што му е предаден на доверителот на чување или на послуга, како и дека должникот дал обезбедување во тие случаи доверителот нема право по основ на правото на задржан предметот да се стекне со својството доверител со право на одвоено побарување.

Доверителот во ниту еден случај не може да задржи полномошно добиено од должникот, како ни други должникови исправи, легитимации, преписка и други слични предмети, како ни други предмети кои не можат да се изложат на продажба.

- Република Македонија или од неа овластено јавно правно лице, ако предметот за кој постои обврска за плаќање царина или данок по закон служи за обезбедување на јавните давачки.

Статусот доверител со право на одвоено намирување од предмет или право во стечајната постапка овој доверител го стекнува доколку во текот на отворената стечајна постапка докаже дека спровел постапка за присилна наплата на побарувањето на даночниот долг по спроведување на постапката за присилна наплата и се стекнал со имотот кој е предмет на пријавата за разлачно побарување.

По отворањето на стечајната постапка Република Македонија преку неговиот застапник Државниот Правобранител на Република Македонија ќе треба да го докаже правото на одвоено намирување од предмет или право без разлика што се работи за даночен долг. Во таа смисла ќе треба да ги достави сите решенија кои се донесени во таа постапка кака и останатите разлачни доверители да го остварува ова свое право.

Дејството на ограничена забрана на наплата на побарувањата се однесува и на овој орган и за овој вид на долг. Фактот дека се работи за побарување по основ на даночен долг не му овозможува приоритет на овој доверител да го наплати своето побарување.

Доверителите со право на одвоено побарување од предмет или право можат да бидат и стечајни доверители ако должникот им е лично одговорен па во тој случај имаат право на сразмерно намирување од стечајната маса само доколку бидат исполнети дева услова:

- доколку се откажат од одвоеното намирување

- ако не успеат одвоено да се намират до распределбата на стечајната маса

Во првиот случај, откажувањето од одвоеното намирување од предметот или правото треба да биде јасно изразено. Откажувањето од одвоеното намирување не значи и дека се откажале од намирувањето во стечајна постапка.

Во случај да не успеале целосно да го намират своето побарување без разлика на начинот на продажба на предметот или правото, дали е тоа извршено во стечајна постапка или надвор од неа, за разликата до не намиреният дел се намируваат како стечајни доверители.

За да се стекнат со правото на намирување како стечајни доверители истите треба пред авансната распределба до стечајниот управник да достават докази дека се

откажале од правото на одвоено намирување и за кој износ, или дека неговото побарување не било намирено во целост со таквото одвоено намирување. Ако наведените докази не бидат обезбедени навремено, побарувањето на тој доверител нема да биде земено предвид при распределбата.

15.4. ДОВЕРИТЕЛИ НА СТЕЧАЈНА МАСА

Доверителите на стечајната маса се посебна група на доверители. За разлика од сите претходно наведени видови доверители основна карактеристика на овие доверители е во тоа што нивното побарување настанало по отворањето на стечајната постапка.

Побарувањата на доверителите на стечајна маса се поврзани со обврските кои привремениот стечаен управник, односно стечајниот управник, ги преземал како за време на спроведување на претходната постапка, така и по отворањето на стечајната постапка.

Меѓутоа, постојат разлики помеѓу обврските настанати по основ на трошоци на стечајната маса и побарувањата на доверителите на стечајна маса.

Трошоците на стечајната постапка се исплаќаат пред сите други обврски на стечајната маса вклучувајки ги доверителите на стечајна маса. Трошоците на стечајната постапка ги карактеризираат неколку елементи:

прво, тие имаат целосен приоритет пред да се пристапи кон било каква распределба на средствата од стечајната маса на стечајните доверители.

второ, секогаш се исплатуваат во целост односно согласно нивната големина

За разлика од трошоците во постапката другите обврски на стечајната маса во одредени случаи може да се намируваат сразмерно на нивната големина, меѓутоа секогаш имаат приоритет пред исплатата на стечајните доверители.

Исклучок од ова правило е направено во случај кога по отворањето на стечајната постапка ќе настанат побарувања спрема нови кредитори, па во тој случај тие имаат приоритет при намирувањето на побарувањето пред исплата на другите доверители на стечајна маса.

Во трошоци на стечајната постапка спаѓаат судските трошоци на стечајната постапка. Како судски трошоци на стечајната постапка се сметаат сите трошоци кои ќе настанат во врска со постапките во кои стечајниот управник се јавува како тужител, во кои е упатен на спор со решението на стечајниот судија или поднесена тужба за побивање на правните дејства. Во судските трошоци спаѓаат и трошоци по основ на судски такси.

Понатаму, во трошоци на стечајна постапка спаѓаат наградите за извршената работа на стечајниот управник, надоместокот на реално сторените трошоци за водење на стечајната постапка, наградата и реално потребните трошоците на привремениот

стечаен управник како и наградата и трошоците на членовите на одборот на доверители;

Исто така како трошоци во стечајната постапка се сметаат и трошоците за комунално и техничко одржување на целокупниот имотот на стечајниот должник кој влегува во стечајната маса, вклучувајки го и имотот врз кого е воспоставено заложно право. Разликата е што по продажбата на имотот над кој е воспоставено правото на одвоено намирување овие трошоци се одбиваат од висината на износот кој е остварен при продажба на имотот. Исто така и трошоците за упис во јавните книги претставуваат трошоци во стечајната постапка

Во други трошоци на стечајна постапка спаѓаат трошоци кои со овој закон се определени дека ќе се намируваат како трошоци на стечајната постапка.Тука посебно треба да го споменеме уплатениот аванс за спроведување на претходната постапка од предлагачот.

15.4.1. Необезбеден кредит како трошок на стечајната постапка

По настапувањето на правните последици од отворената стечајна постапка, под определени услови стечајниот управник може да земе необезбеден кредит.

Првиот основен услов е да постојат услови деловното работење на должникот да продолжи. Во овој случај можно е правните последици на отворената стечајна постапка воопшто да не влијаеле на деловното работење на должникот и тоа да продолжило. Основна одлука која мора стечајниот управник да ја донесе е дали деловното работење треба да запре или да продолжи.

Приодот на стечајниот управник кон ова прашање треба да биде преку оценката на тоа дали запирањето на деловното работење на должникот ќе предизвика штета за доверителите и како ќе се обезбеди свежи пари за финансирање на деловното работење. Токму можноста стечајниот управник да земе необезбеден кредит е во тој правец, да обезбеди да не дојде до запирање на деловното работење на должникот и настанување на штетни последици за стечајната маса и со тоа за стечајните доверители. Најчесто ваквиот случај на продолжување на деловното работење на должникот е поврзан со финансиска реорганизација на деловниот потфат на должникот.

Постапката која треба да биде спроведена за да може стечајниот управник да земе необезбеден кредит е изготвување на бизнис план од кој очигледно произлегува дека со продолжувањето на деловното работење ќе биде профитабилно со оглед на тоа што од него меѓу другото ќе треба да се финансира враќањето на необезбедениот кредит. Со други зборови, за да се убеди банката да одобри ваков кредит, треба за тоа да се имаат и аргументи. Тоа што барањето за необезбеден кредит го поднел стечајниот управник, а над правниот субјект кој треба да го враќа кредитот е отворена стечајна постапка, дополнително ја отежнува работата од аспект на ризик дека пласираните средства нема да бидат вратени. Може да се каже дека оваа законска одредба не е до тој степен рестриктивна, па до бараните средства стечајниот управник може да дојде и од некој друг инвеститор кој е спремен да го финансира деловното

работење на должникот. Единствена поволност за банката односно инвеститорот е третманот на необезбедениот долг како трошок на стечајната маса.

Со други зборови, доколку стечајниот управник не успее да го врати необезбедениот долг, тој ќе се исплати од стечајната маса и тоа како трошок на стечајната постапка односно со највисок приоритет. Затоа при одобрувањето на необезбедениот кредит банката односно инвеститорот ќе треба да биде запознаен со состојбата во која се наоѓа стечајната маса од имотен аспект.

Стечајниот судија е органот во стечајната постапка во чија надлежност е донесување на решение со кое ќе одобри стечајниот управник да земе необезбеден кредит. Пред да го донесе ова решение стечајниот судија за тоа треба да побара согласност од одборот на доверители кој тој го именувал. Значи, стечајниот управник најпрвин ќе треба да го образложи својот предлог пред одборот на доверители и со силата на аргументите да ги убеди членовите на одборот да донесат одлука со која ќе дадат согласност за донесување на решение од страна на стечајниот судија. Ако одборот на доверители не даде согласност за донесување на решението, стечајниот судија истото нема да го донесе. Во рамките на своите надлежности, одборот на доверители е тој што ќе треба да ги оцени и условите под кои овој кредит треба да биде земен од аспект на тоа ако има повеќе заинтересирани инвеститори кои се спремни за го финансираат деловното работење на должникот под условите предвидени во оваа законска одредба.

15.4.2. Обезбеден кредит како трошок на стечајната маса

Во зависност од секоја состојбата во која се наоѓа стечајната маса, можно е во одредени случаи, стечајниот управник да располага на имот над кој не е воспоставено заложно право и истиот да го искористи за обезбедување на кредит со кој би се финансирал деловниот потфат. По однос на обезбедувањето можни се две ситуации. Првата заложното право да биде ставена на имотот на стечајната маса над кој не е воспоставено заложно право, а втората е во случај ако целата стечајна маса е предмет на заложно право, да биде воспоставено заложно право од втор ред.

Воспоставувањето на заложно право од понизок исплатен ред зависи од вредноста на имотот кој би бил предмет на залог и колкав е износот на заложното право од прв ред. За да може стечајниот судија да донесе решение со кое ќе одобри зимање на кредит со воспоставување на заложно право на стечајната маса треба претходно да биде донесена одлука на собранието на доверители донесена со мнозинство кое ќе се постигне за прифаќање на планот за реорганизација.

15.4.3. Обврски на стечајната маса

Во обврски на стечајна маса спаѓаат:

- **сите обврските засновани со дејствата на стечајниот управник преземени со управувањето на стечајната маса. Исто така тука спаѓаат и трошоците поврзани со впаричувањето и со поделбата на стечајната маса, а коишто не спаѓаат во трошоци на стечајната постапка.**

Се работи за обврски од двострано товарни договори кои стечајниот управник ги склучил во врска со исполнувањето на предвидените должности за осигурување на имотот на стечајниот должник, неговото обезбедување и други преземени обврски во врска со управувањето со имотот.

- **обврски спрема адвокатите кои го застапувале должникот во споровите или постапките за заштита на правата што влегуваат во стечајна маса и тоа за дадените услуги според адвокатската тарифа во текот на последните шест месеци пред отворањето на стечајната постапка.**

Доколку, во последните шест месеци пред отворањето на стечајната постапка, должникот водел парници поврзани со заштита на имотот и правата што влегува во стечајната маса, дадените услуги на адвокатите според адвокатската тарифа претставуваат обврски на стечајната маса. Во таа смисла стечајниот управник ќе треба да направи сеопфатна анализа за работата на адвокатите на должникот во овој период и за превземените дејства.

- **обврските од двострано товарни договори само во случај нивното исполнување се бара од стечајната маса или мора да следи по отворањето на стечајната постапка;**

Се работи за двострано товарни договори кои стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка прифатил дека ќе ги исполни.

- **обврски врз основа на неоснованото збогатување на масата или стекнување без основа**

Можно е одредени случаи стечајниот управник да наплатил одредено побарување кое претставува неосновано збогатување и тоа да влегло во стечајната маса. Истото се однесува и на стекнување без основ, овие обврски спаѓаат во група на обврски на стечајната маса. Всушност се работи за преминување на дел од имотот на едно лице премине на било кој начин во имотот на должникот, а тоа преминување нема своја основа во некоја правна работа или во законот стекнувачот односно должникот е должен да го врати тој дел од имотот ако е тоа можно инаку е должен да ја надомести вредноста на постигнатата корист.

- **обврските врз основа на договорите за работа по отворањето на стечајната постапка**

Сите обврски по вработувања по отворањето на стечајната постапка со цел да се одржи деловната активност или да се завршат одредени незавршени работи какои

вработени потребни стечајниот управник да ги преземе сите должности навремено, спаѓаат во групата а обврски на стечајна маса.

Овие доверители немаат обврска да ги пријават своето побарување, туку се здобиваат со право на приоритетна наплата на истите од стечајната маса. По правило исплатата на обврските на стечајна маса се врши по предлог на стечајниот управник, а врз основа на решение донесено од стечајниот судија.

16. УПРАВУВАЊЕ СО СТЕЧАЈНАТА МАСА ВО СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

Основна карактеристика на друштвото, а која е тесно поврзана со неговиот правен субјективитет, е неговиот имот кој претставува и негов конститутивен елемент.

Во таа смисла може да се направи разлика според видот на имотот на друштвото и времето на стекнување. Така постои разлика помеѓу имот од оригинерен карактер, кој по правило се изразува во пари и претставува основна главнина на друштвото. За овој имот е карактеристично тоа што без негово вложување друштвото не може да биде создадено. Влогот може да биде паричен и непаричен. Ова особено се однесува на друштвата на капитал во кои спаѓаат друштвото со ограничена одговорност и акционерското друштво.

Секое друштво, без разлика на формата, покрај основната главнина како имот, за време на своето постоење може да стекне и друг имот.

За своите обврски трговското друштво одговара со сиот свој имот. Се работи за правило кое го одразува начелото на потполна одговорност кое претставува основа на правно уредување на одговорноста за обврските во нашиот правен систем. Така во правниот промет за имотните обврски друштвото одговара со целиот свој имот. Ова начело е разработено до тој степен што може да доведе и до престанок на друштвото. Значи доверителите можат да ги наплатат своите побарувања од целиот имот кој е во сопственост на друштвото.

За формирањето на стечајната маса на стечајниот должник треба да се споменат и други правила кои се непосредно поврзани со големината на стечајната маса. Тие правила се однесуваат на одговорноста на основачите за обврските на друштвото.

1) Друштва на лица

Друштвата на лица одговараат за обврските спрема доверителите со целиот свој имот. Посебна карактеристика на овие друштва е тоа што за обврските спрема доверителите супсидиерно одговараат и содружниците на друштвото со својот имот.

Во центарот на друштвата на лица се наоѓа содружникот како член на персоналната структура, додека кај друштвата на капиталот еден од основните

елементи на кој се заснова правото на друштвата на капиталот е имотниот состав на тие друштва.

За обврските на јавното трговско друштво како друштво на лица на доверителите дополнително, супсидиерно одговараат сите содружници со целиот свој имот. Инаку, како обврски на друштвото се сметаат сите обврски од правните односи кои настанале врз основа на склучените правни работи, предизвикани штети, кршење на законски и други прописи како и даночни обврски. Како обврски на друштвото не се сметаат обврските кои ги преземале содружниците со посебни правни работи. Значи за обврските на јавното друштво покрај друштвото одговараат неограничено и солидарно содружниците на друштвото со сиот свој имот .

Содружниците одговараат супсидиерно за обврските на друштвото од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар. Доколку некој од содружниците пред уписот на друштвото во регистарот настапил во негово име, за обврските одговара лично и со својот имот. Во случај да биле повеќе содружници тие одговараат солидарно.

Супсидиерна одговорност значи дека содружниците одговараат за обврските на друштвото покрај самото друштво. Во овој случај друштвото е главен должник, додека содружниците се гаранти на друштвото. Друштвото одговара за обврските само во случај кога обврската е правно важечка.

Инаку одговорноста на содружникот за обврските на друштвото е супсидиерна и може да се активира само во случај кога доверителот прво писмено побарал исполнување на својата обврска од имотот на друштвото во одреден рок. Доколку друштвото не ја исполнило обврската во одредениот рок или пак нема доволно имот со кој би ја исполнил обврската на доверителот во тој случај може да побара исполнување на обврската од содружниците. Значи за да дојде до наплата на побарувањето на доверителот од содружниците како гаранти на друштвото, треба да бидат исполнети следните услови, прво да докаже дека писмено го повикал друштвото да ја исплати обврската и второ да докаже дека во оставениот рок друштвото не ја исполнило обврската. Кога ќе бидат исполнети овие два услова, доверителот може да побара исполнување на обврската само од еден содружник или од сите заедно. Исполнувањето на обврската на друштвото од содружникот како гарант значи дека тој е должен во форма на плаќање на штета да му го исплати на доверителот износот на неисплатената обврска. Начинот на кој содружниците одговараат за обврските на друштвото е и одговор на прашањето зошто со законот не е предвидена основната главнина на овие друштва. Неограничената и солидарна одговорност на содружниците со сиот свој имот претставува голема гаранција за доверителите дека ќе ги намират своите побарувања од ова друштво.

Така, секој содружник одговара за обврските на друштвото неограничено односно со сиот свој имот. Во таа смисла не е од влијание кога содружникот пристапил кон друштвото тој одговара и за обврските на друштвото кои настанале пред него пристапување кон друштвото. Од друга страна, покрај неограничената одговорност е утврдена и солидарна одговорност на секој содружник што пак значи дека секој содружник одделно одговара за целиот долг на друштвото.

Склученият договор за основање на друштвото неможе да има влијание на когентните правни норми кое се однесува на намирувањето на обврските на доверителите, што пак значи дека со договорот содружниците неможат да утврдат поинаква одговорност во внатрешните односи .

Како и другите трговски друштва без разлика дали се работи за друштва на лица или капитал, и командитното друштво за обврските спрема доверителите одговара со сопствениот имот. Со оглед на тоа што командитното друштво е модифициран облик на јавното трговско друштво за обврските на друштвото одговара супсидиерно и комплементарот.

Во случај кога од имотот на друштвото неможе да го намири побарувањето, доверителот има право да бара намирување на обврските од комплементарите кои одговаат за обврските на друштвото неограничено со сиот свој личен имот и солидарно. Значи, комплементарите во командитното друштво ја имаат истата улога како и содружниците во јавното трговско друштво. Командиторот е исклучен од одговорноста за обврските на друштвото. Тој е вклучен во одговорноста на друштвото за неговите обврски со своето капиталско вложување кое е оформено врз основа на неговиот удел. Уплатениот влог е составен дел на имотот на друштвото, со кој друштвото одговара за своите обврски.

Меѓутоа, исклучувањето не е апсолутно и одговорноста на командиторот за обврските на друштвото зависи пред се од фактот дали командиторот го внел целиот влог за кој се обврзал со договорот за друштвото или не. При тоа можни се две ситуации. Првата е кога командиторот не го внел целиот влог за кој се обврзал со договорот. Во овој случај на доверителите на комадитното друштво, командиторот им одговара неограничено и солидарно со другите содружници на друштвото до износот на договорениот влог. Втората ситуација е кога делумно го внел влогот за кој се обврзал со договорот.

Во овој случај тој одговара на доверителите на командитното друштво неограничено и солидарно со другите содружници на друштвото до износот на договорениот влог намален за износот на внесениот влог. Посебен е случајот пак ако командиторот врз, основа на спогодбата со другите содружници на командитното друштво, го намалил износот на својот влог.Тогаш до уписот на новиот износ на влогот во трговскиот регистар одговара спрема трети лица до првобитниот износ на влогот.

Нешто слично како и кај јавното трговско друштво во случај на пристапување на лице во својство на командитор, тоа одговара за обврските на друштвото што друштвото ги презело пред ова лице да се стекне со својство на командитор. Во случај пак кога комплементарот ќе стане командитор, тој одговара за обврските на друштвото како командитор и тоа од денот на објавувањето на уписот во трговскиот регистар како командитор. Посебен случај во кој командиторот одговара за обврските на друштвото неограничено и солидарно со сиот свој имот со комплементарите е тој кога командирот не ја почитува законската забрана да го застапува друштвото ниту пак врз основа на полномошно и тоа претставува еден вид на казна.

Кај тајното друштво за обврските спрема доверителите одговара друштвото со својот имот кое е носител на претпријатието во кое тајниот содружник внел паричен и непаричен влог.Значи за обврските на носителот на тајното друштво не одговара

тајниот содружник. Меѓутоа во случај кога името на тајниот содружник се наоѓа во фирмата на носителот на тајното друштво (претприемач) во тој случај тајниот содружник одговара на доверителите за обврските од работењето на тајното друштво неограничено и солидарно со носителот на тајното друштво.

За обврските спрема доверителите стопанската интересна заедница одговара со својот имот. За обврските на заедницата одговараат и нејзините членови со целокупниот свој имот. Одговорноста на членовите на заедницата за обврските е лична, неограничена и солидарна во однос на членовите на заедницата. Меѓутоа, членовите на заедницата одговараат на доверителот за обврските на заедницата по начело на супсидиерна одговорност. Тоа значи дека доверителот доколку не успеал да го наплати своето побарување од заедницата, во тој случај може да го наплати од било кој член на заедницата. Во секој случај доверителот треба прво да се обиде да го наплати своето побарување од заедницата. Доколку не успее да го наплати своето побарување од заедницата може да го наплати своето побарување од членовите на заедницата.

За обврските на заедницата одговараат сите негови членови со целиот свој имот без разлика кога пристапиле кон заедницата и кога настанале обврските. Така, новиот член кој пристапил кон заедницата одговара и за обврските кои ги имала заедницата пред неговиот прием. Од ова правило постои исклучок само во случај кога со одлуката за прием на новиот член тој е ослободен од одговорноста за обврските на заедницата кои настанале од нејзиното работење пред неговиот прием. Инаку, доколку била отворена стечајна постапка или ликвидација, над член на заедницата или тој ја изгубил деловната способност, во тој случај на таквиот член му престанува членството со денот на започнување на постапката или губењето на деловната способност. Престанување на членство заради стечај или ликвидација не влијае на опстанокот и работата на заедницата освен ако не е уредено поинаку во договорот за основање на заедницата.

Во отворената стечајна постапка на друштвата на лица, со тоа што активната легитимација за поднесување на тужба за активирање на солидарната и неограничена одговорност од неограничено одговорните содружници е на страната на стечајниот управник.

2) Друштва на капитал

Доверителот може да го наплати своето побарување од имотот кој исклучиво припаѓа на друштвото како должник на неговото побарување. Доверителот неможе да го наплати своето побарување од тоа што му припаѓа на носителот на акциите или уделот. Ваквата состојба е поради правната природа на друштвата на капиталот. Претпоставка за настанување на друштвото на капитал како правно лице, како и за неговото понатамошно постоење е формирањето на адекватна имотна структура. Инаку, една од основните причини поради кои нормативно е уредена обврската за оформувањето на имотната структура на друштвото е пред се нејзината улога како гарантна маса за обврските на друштвото спрема доверителите.

Кај формирањето на имотната маса на друштвото на капиталот може да зборуваме за правни правила кои можат да се поделат на два дела а кои се однесуваат на заштита на основниот капитал.

Во првиот дел спаѓаат правните правила кои се однесуваат на обезбедување на капиталот на друштвото, додека во вториот дел правните правила кои се однесуваат на одржување на капиталот.

Кај обезбедување на капиталот доаѓа до израз должноста на основачите за уплата на влогот. Тој дел од правните правила во теоријата е означен како правила за обезбедување на капиталот. Гледано од аспект на правото на друштвата основниот капитал е апстрактна сметководствена категорија во смисла на пресметковната вредност на она што основачите на друштвото на капитал со договор или статут во форма на влог се обврзале дека ќе го внесат во друштвото кое го основаат. Со тоа се ограничува и обемот на нивната одговорност за обврските на друштвото како и нивниот претприемачки ризик е ограничен со вредноста на уделот.

Ограничувањата кои што се предвидени со законот и кои се однесуваат на висината на основниот капитал или на одложеното уплатување на капиталот претставува апсолутна долна граница која мора да се почитува за друштвото да може да биде основано. Доследно почитување на правилата за основање на друштвото овозможува со нејзината инкорпорација да се формира неговиот почетен имот, материјализиран во имотни права кои во неа ги внеле нивните основачи .

Оттаму и правилото кое се однесува, за лицата кои стекнале удел, односно акции во замена за не парични влогови се лично и неограничено одговорни со сиот свој имот спрема трговското друштво за вредноста на не паричните влогови утврдени во извештајот за проценка за време од пет години од денот на објавувањето на уписот во трговскиот регистар на договорот за друштвото, на статутот, односно на одлуката за зголемување на основната главнина. Овој вид на лична и неограничена одговорност не се однесува на сите лица кои стекнале удел или акции, не настапува автоматски и не трае бесконечно. Таа е ограничена само на оние лица кои стекнале удел или акции во замена за не парични влогови.

Таа е ограничена и временски на пет години, сметано од денот на објавувањето на уписот во трговскиот регистар. Со други зборови, ваквиот вид на одговорност може да се активира во случај кога друштвото престанува да постои по пат на спроведување на стечајна постапка пред да протече рокот од пет години од уписот на трговското друштво во трговскиот регистар, односно на уписот на одлуката за зголемување на основната главнина. Меѓутоа, постои уште еден услов за активирање на оваа одговорност, а тое што таа е детерминирана со вредноста на не паричен влог како и од фактот дали не паричниот влог постои или не и на кој начин е отуѓен. Во случај на настанати правни последици од отворена стечајна постапка стечајниот управник е тој кој што може оваа одговорност да ја активира со тоа што прибраните средства по овој основ влегуваат во стечајната маса од која колективно се намируваат сите доверители кои пријавиле побарување во стечајната постапка.

Основниот капитал се прикажува со пасивата на билансот. Од аспект на правото на друштвата, основниот капитал се смета за основ за здобивање со членска положба односно збир на корпорациски права за оние кои го уплатиле влогот и за пресметување на опсегот врз основа на таа основа здобиени членски права.

Една од функциите на така формираниот имот е тој да претставува почетна гарантна маса со која друштвото по своето основање располага и одговара за

обврските спрема лицата со кои стапил во деловни односи врз основа на договорни односи како должник.

Правното уредување на друштвата на капиталот е поставено на тој начин што тој имот претставува правна алтернатива за личната неодговорност на имателите на влогови за обврски на друштвото за капитал. Меѓутоа за заштита на правно признатиот интерес на доверителите не е од некое големо значење фактот дека друштвото со неговото основање се стекнало со реално имот најмалку во висина на основниот капитал.

Својата гарантна улога основниот капитал може да ја оствари само кога друштвото фактички ќе обезбеди имот во висина на основниот капитал не само од основањето туку трајно, цело време на своето постоење.

Затоа покрај правилата за обезбедување на капиталот во правото на друштвата на капитал предвиден е уште еден сет на правила кои овозможуваат зачувување на имотот на друштвото за време на нејзиното постоење, во теоријата познати како правила за зачувување на капиталот. Сепак овие правни правила, односно начелото на зачувување на капиталот за доверителите не значат гаранција дека друштвото во секое време ќе располага со толкав имот колку што изнесува неговиот основен капитал, ниту тоа значи дека ќе може да ги исплати побарувањата. Имотот може да биде намален поради ризик кој може да настане надвор од овие правни правила. Сепак постои сигурност за доверителите дека имотот нема да биде поделен помеѓу вложувачите.

Во правото на акционерските друштва ова начело се изразува преку правилата кои се однесуваат на забрана за враќање на влоговите, преку начелната забрана за стекнување на сопствените акции и правилото според кое пред ликвидација на друштвото да може да подели билансната добивка.

Главната цел која треба да се постигне со овие правила е создавање на односи со кои друштвото за времето на своето правно постоење ќе располага со својот имот, чија вредност ја достигнува висината на основниот капитал. Меѓутоа со овие правни правила неможе да се заштити имотот од ризиците на кои влијанието на правото е ограничено. Поради тоа тежиштето на овие правила е насочено кон заштита на имотот од вложувачите кои имаат улога на економски сопственици.

Забрана на враќање на влог и плаќање на камата е начело кое е поврзано и служи за зачувување на основната главнина и имотната супстанца на друштвото. Од ова начело произлегува дека секоја исплата на акционерите освен исплата на дивиденда е забрането. Како враќање на удел се смета секаква форма на враќање кое ќе го обезбеди друштвото надвор од исплаќањето на редовната дивиденда. Правната форма или начинот на враќање на средствата не се важни. Така како враќање на влогот може да се смета безкаматни позајмици, несразмерно високи провизии, правни работи со кои се сака да се скрие дивидендата.

Исто така и дадена гаранција на друштвото за акционерот може да се смета за враќање на влогот, како и обезбедување кое ќе го даде друштвото на трето лице за својот акционер. За враќање на влог на акционер може да се зборува и кога друштвото ќе предаде предмет на трето лице во корист на акционерот.

Во правото на друштвата важи правилото дека друштвото, односно носителите на влоговите сами одлучуваат на кој начин ќе дојдат до потребните финансиски средства за вршење на својата дејност. Така според тоа од каде произлегуваат средствата за финансирање на друштвото може да се направи разлика помеѓу средства на корпорациска основа со финансирање на друштвото во форма на влог односно со сопствен капитал и на договорна основа односно со финансирање на друштвото со должнички капитал, кој по правило е во форма на заем. Во случај кога друштвото ќе западне во криза, правното уредување ја ограничува автономијата на тој начин што за двете варијанти на финансирање предвидува исти правни последици со нормирање на институтот на капиталско надоместување на заемот.

Главна карактеристика на овој институт е тоа што заемот кој што е даден во кризни финансиски околности за друштвото се преквалификува во нејзин сопствен капитал и не се смета за заем кој што друштвото како заемопримач ќе треба да го врати, туку за него важи системот на сопствен капитал.

Во нашето право на друштва е прифатен систем на правила чија цел е да создадат услови за заштита на имотот на друштвото. Овој посебен систем на заштита на имотот на друштвото се состои во ограничување на овластувањата на органите на управување посебно на извршните директори, односно на управниот одбор при располагање со имотот на друштвото. Тежиштето на заштита во основа е насочено кон акционерите на друштвото, меѓутоа во голема мера се однесува и на доверители.

Овој механизам на заштита се активира во случај кога друштвото има намера да го финансира своето работење со должнички капитал како што се заемот или кредит како и кога има намера имотот на друштвото да биде предмет на обезбедување со залог и хипотека, како и во случај кога треба да се преземе зделка со која се ќе се оттуѓи имотот на друштвото или кога ќе се стекне имот директно или индиректно или во случај кога се работи за поврзана зделка.

Ограничувањето на овластувањата се од когентна природа посебно кога се работи за големи зделки што значи дека кога таа зделка ќе биде склучена односно спроведена без да биде спроведена постапката согласно законот и да бидат донесени соодветни одлуки се смета дека е склучена спротивно на законот и таа е ништовна.

Овој механизам на заштита на акционерите и доверителите се состои во ограничувањето на овластувањата на органите на управување, со тоа што овластениот орган кој е надлежен да ја склучи зделката треба да добие одобрение за тоа од друг орган. Тоа зависи пред се од големината на зделката која треба да биде преземена, а е изразена во вредноста на имотот. Покрај во овие случаи, ограничувањето на овластувањето постои и во случај кога друштвото има намера да преземе зделка со заинтересирана страна.

Постои исклучок од правилото дека содружниците не одговараат за обврските на друштвото со својот имот. Посебната одговорност на содружниците и акционерите е поврзано со т.н пробивање на правната способност на правното лице. Всушност терминолошки оваа посебна одговорност на акционерите или содржниците во англо американското право е познат под терминот lifting the veil или piercing the veil. Се работи за можноста да се подигне на велот на одговорноста на правното лице со тоа

што во точно определени случаи се напушта одговорноста на правното лице за обврските спрема трети лица и таа се пренесува на нејзините членови.

Значи за определување на поимот пробивање на правната способност е важно да се напомене дека се работи за ситуација во која правниот ред не ја почитува и го занемарува самостојниот правен субјективитет на правното лице и не ја признава одвоеноста на правното лице од нејзините членови поради што настануваат одредени правни последици за членовите на друштвото. Во тој случај доаѓа до проширување на обврските на членовите на друштвото за обврските на правното лице. Се работи за со закон определени услови под кои доаѓа под удар правната способност на друштвото, односно одговорноста на содружниците односно акционерите за обврските на друштвото. Според тоа како правна последица на пробивањето на правната способност доаѓа до неограничена и солидарна одговорност за обврските на членовите на друштвото за обврските на друштвото. Правните последици од пробивањето на правната способност не настапуваат автоматски туку во секој конкретен случај мора да бидат докажани. Се работи за случаите кога содружниците или членовите на друштвото го злоупотребиле друштвото како правно лице за постигнување на цели што за содружниците односно акционерите како поединци се забранети, злоупотреба на друштвото како правно лице за да им нанесе штета на своите доверители, располагале со имотот на друштвото спротивно на законот како со свој сопствен имот и спротивно на законот, располагале со имотот на друштвото како со свој сопствен имот или во своја корист или во корист на било кое друго лице, а знаеле или морале да знаат дека друштвото не е способно да ги изврши своите обврски спрема трети лица

По правило треба да бидат докажани објективни и субјективни елементи за да настане правните последици од пробивањето на правната способност на друштвото. Објективните елементи се постигнување на цели злоупотреба на друштвото како правно лице спротивно на законот. Со други зборови, тужбата со која се докажува пробивањето на правната способност се поднесува против содружниците и против правното лице.

Друштвото настапува во правниот промет независно од своите членови и има на една страна права кои му припаѓаат само нему, а не и на неговите членови, на друга страна има и обврски за кои нејзините членови не одговараат. Ова правило се нарекува уште начело на издвоеност. Во случајот на акционерско друштво како друштво на капитал важи правило на немешање на имотот, на акционерот и имотот на друштвото. Исто така, акционерите немаат никакви сопственички права над имотот што го има друштвото, односно акциите кои ги поседуваат не им дава такво право. Од друга страна, пак, имотот на друштвото не може да се користи за намирување на побарувањата на акционерите .

Значи, имотот што го има друштвото може да се користи само за исплата на побарувањата на доверителите, односно на обврските кои ги создало самото друштво. Тоа не може да создава обврски во име и за сметка на акционерите, ниту пак да се користи за наплата на обврските направени од акционерите. Исто така акционерите не одговараат за обврските на акционерското друштво.

16.1. Формирање на стечајна маса

Настапувањето на правните последици од отворањето на стечајната постапка влијае и на целокупниот имот на должникот во зависност од видот на друштвото. Една од основните правни последици од материјално правен карактер кои настануваат по отворањето на стечајна постапка поточно од денот кога огласот е објавен на огласна табла на судот е формирањето на стечајната маса.

Со денот на отворање на стечајната постапка од целокупниот имот на должникот кој може да се впаричи се образува стечајна маса со цел да се намират побарувањата на доверителите. Постоењето на имот на должникот е и основна претпоставка да се отвори стечајната постапка.

Стечајниот управник по преземањето на имотот на должникот се стекнува со правото на управување и владение со имотот на должникот. Сепак остварувањето на правото на управување со имотот со кое стечајниот управник се стекнува во моментот на преземањето на имотот не е неограничено. Ваквото право е ограничено пред се поради овластувањата на другите органи во стечајната постапка.

Така стечајниот управник има неограничени права во врска со пронаоѓањето, преземањето и заштитата на имотот на должникот додека преземањето на одредени дејства поврзани со остварување на правото во врска со управувањето и располагањето со имотот се ограничени со донесување на одлуки на стечајниот судија како и одлуки на одборот на доверители.

Стечајната маса по правило го опфаќа целокупниот имот на должникот со кој тој располагал пред отворањето на стечајната постапка.

Според критериумот кога настанала стечајната маса може да се направи разлика помеѓу два вида на стечајна маса. Првиот вид на стечајната маса е онаа која се формира од имотот кој го имал должникот пред отворањето на стечајната постапка (постоечка стечајна маса). Вториот вид не стечајна маса е онаа која се создава во текот на отворената стечајна постапка (новосоздадена стечајна маса).

Во првиот вид на стечајна маса влегува целокупниот подвижен и недвижен имот, односно ствари на должникот кој истиот го имал во сопственостна денот на отворањето на стечајната постапка.

Значи, стечајната маса може да биде формирана само од оној имот односно оние ствари кои се во сопственост на должникот. Уште поточно во стечајната маса влегуваат сите подвижни и недвижни предмети кои органот на должникот ги држел и по своја волја, ги користел и располагал со нив без разлика како го стекнал правото на сопственост.

Во подвижни ствари спаѓаат оние кои во целост може да се движат или поместуваат од едно место на друго, а притоа да не се оштети нивната суштина. Во нив по правило спаѓаат машините и опремата на должникот, а кои му биле неопходно потребна да ја извршува дејноста. Недвижни ствари се стварите кои не можат од едно место на друго да се движат и поместуваат, без притоа да не се оштети нивната суштина.

Во недвижности спаѓаат земјиштето и зградите, како и инсталациите подигнати врз нив или под нив и трајно споени со нив. Правото на сопственост на недвижност врз основа на правно дело, се стекнува со запишување во јавната книга за запишување на правата на недвижностите или на друг соодветен начин определен со закон.

Постои можност за сите недвижности со кои располагал стечајниот должник пред отворањето на стечајната постапка, а кои немаат запишани права во текот на стечајната постапка да бидат предмет на посебна вон парнична постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

Предмет на постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект во стечајна постапка претставува недвижниот имот кој го презел стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка, а кој не е впишан во јавните книги во кои се врши запишување на правата на недвижностите.

Постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект во стечајна постапка се поведува со поднесување на предлог во вон парнична постапка до вон парничниот оддел во судот на чие подрачје се спроведува стечајната постапка. Предлогот го поднесува стечајниот управник или лице определено со планот за реорганизација на стечајниот должник. По приемот на предлогот, судијата во рок од три дена ја испитува уредноста на барањето и доставените докази и доколку утврди дека предлогот не е уреден или дека недостасуваат потребните докази, ќе го повика предлагачот да го уреди предлогот во рок од осум дена од денот на приемот на писменото за уредување на предлогот. Доколку кон предлогот не е приложен геодетски елаборат, односно земјиштето на кое е изграден објектот е со неутврдени права, судијата по службена должност ќе поднесе барање до Агенцијата за катастар на недвижности за изработка на геодетски елаборат за недвижниот објект, односно за изложување на предметното земјиште. Агенцијата за катастар на недвижности е должна да постапи по ова барање на судот во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето. Судот заедно со поднесеното барање до Агенцијата за катастар на недвижности издава наредба до стечајниот управник, односно лицето определено со планот за реорганизација за овозможување на непречен пристап за извршување на потребните дејства од страна на Агенцијата за катастар на недвижности во предметниот недвижен имот.

Доколку предлогот е уреден, односно по уредување на предлогот судијата во рок од три дена ќе донесе решение со кое ќе утврди правен статус на објект во стечајната постапка.

Судот правосилното решение по службена должност го доставува до Агенцијата за катастар на недвижности најдоцна во рок од три дена од неговото донесување, заради запишување на правото на сопственост во јавните книги во кои се запишуваат правата на недвижностите. Во случај ако за објектот или за дел од објектот за кој се води постапка за утврдување на правен статус на бесправен објект, се воделе сопственички тужби или тужби за излачување на објектот или дел од објектот од стечајната маса, судијата во решението за утврдување на правен статус на бесправен објект ќе наложи бришење на евидентираните кориснички права на стечајниот должник на градежно изградено и неизградено земјиште и земјоделско земјиште и прибележување во имотниот лист на заведени сопственички тужби или тужби за

излачување на објектот или дел од објектот од стечајната маса сé до моментот на правосилно завршување на предметните спорови, односно завршувањето на постапката по покренат вонреден правен лек. При запишувањето на правото на сопственост на објектот во јавната книга за запишувањето на правата на недвижностите се прибележуваат и споровите. Запишаното на правото на сопственост на стечајниот должник согласно со овој закон нема влијание на започнатите спорови и не претставува нов доказ на започнатите спорови од. Објектот, односно дел од објектот кој се стекнал со правен статус на бесправен објект, а за кој постои прибелешка не може да бидат предмет на впаричување во стечајната постапка до правосилно завршување на постапките и по евентуално покрената постапка за вонреден правен лек. По правосилно завршување на споровите, односно по завршувањето на постапката покрената по вонреден правен лек, кои се воделе за утврдување на правото на сопственост на објектот, односно дел од објектот кој е предмет на постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект, судот по службена должност ја доставува пресудата заради бришење на прибелешка во имотниот лист, односно упис на правото сопственост во јавните книги во кои се запишуваат правата на недвижности.

Стечајната маса покрај имотот ја сочинуваат и побарувањата кои ги има должникот спрема неговите должници, а чие не наплаќање навремено често пати влијае на неликвидноста на должникот односно се причина да должникот стане инсолвентен. Побарувања може да се парични или непарични. Може да потекнуваат од правосилни и извршни пресуди, а да се ненаплатени како и од се уште не утужени побарувања или пак се побарувања по парници кои се во тек. По правило сите парници кои должникот ги има и се во тек како и наплатата на сите побарувања по основ на правосилни пресуди и извршни решенија преоѓаат во надлежност на стечајниот управник кој е должен што е можно побрзо да ги продолжи и да преземе мерки да ги наплати.

Како новосоздадена стечајна маса се сметаат и сите средства кои биле уплатени на сметката на должникот по отворање на стечајната постапка, а се резултат на продолженото работење на должникот по отворање на стечајната постапка, без разлика дали продолжил деловниот потфат или биле завршени започнати работи. Тоа е во случај кога е отворена стечајна постапка на должникот, а неговиот деловен потфат е активен или кога стечајниот управник добил одобрение да го продолжи деловниот потфат со цел да ги исполни двострано товарните договори.

Сите парични средства кои ќе бидат наплатени по основ на исполнување на постоечките или ново склучени договори од страна на стечајниот управник влегува во оваа категорија. Се разбира дополнителното ангажирање на вработените на должникот, како и склучувањето на договори за закуп на деловните простории сопственост на должникот, а кои се дел од стечајната маса треба да бидат под контрола на одборот на доверителите како и стечајниот судија.

16.1.1. Пронаоѓање на имотот на стечајниот должник

По настапување на правните последици од отворената стечајна постапка, основна должност на стечајниот управник кој е именуван од страна на стечајниот судија е да го пронајде имотот кој што влегува во стечајната маса. Добра практика е ако уште во претходна постапка бил пронајден имот од страна на привремениот стечаен управник и стечајната постапка да не се отвора и спроведува ако должникот нема имот, или ако некој од доверителите е подготвен да ја финансира стечајната постапка.

Имотот кој може да се впаричи и кој влегува во стечајната маса претставува сигурност за доверителите дека ќе добијат одреден поврат на своето побарување. Впрочем, основно правило е дека стечајната постапка се отвора и се спроведува над имотот на должникот.

Стечајниот управник е должен да ја преземе целокупната писмена документација од органите на управување и да ги анализира и открие сите трансакции преку кои должникот се стекнал со имот или пред отворањето бил отуѓен имотот. За ова треба да го информира одборот на доверители и секако стечајниот судија. Пронаоѓање на имотот на должникот кој би влегол во стечајната маса е комплексна операција и бара внимателна оценка на целокупната состојба околу писмените докази. Лоша практика е ако стечајниот управник има сознанија дека должникот има имот меѓутоа не презема никакви мерки истиот да го врати во стечајната маса. Ваковото однесување на стечајниот управник покрај граѓанската одговорност може да доведе и до негова кривична одговорност.

16.1.2. Испитување на можностите за враќање на имотот во стечајната маса

Во рамките на испитување на можностите за враќање на имотот на должникот во стечајната маса, стечајниот управник треба да направи посебна проценка на тоа за каков имот се работи, приближната вредност на тој имот и трошоците на постапката за враќање на имотот. Истовремено потребно е да се направи и проценка на правните средства кои треба да бидат преземи околу можноста за враќање на имотот.

Се разбира, постапката на пронаоѓање на имот и негово враќање во стечајната маса треба да биде широко поставена и во зависност од конкретниот случај да го опфати и имотот кој се наоѓа во странство. Значи, тргнувајќи од општо прифатеното начело на универзалност можно е да се се отвори и спроведе посебна стечајна постапка во странство над имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во друга држава. Во таа насока стечајниот управник задолжително треба да ги ги познава правилата за преку граничен стечај. Понекогаш постапката на пронаоѓање на имот може да има карактер на посебна истрага, доколку се работи за прелевање на имотот во странска држава и може да биде поврзана со високи трошоци за кои треба посебно одобрени за нивно преземање од страна на органите на доверителите во стечајната постапка.

16.2. ПРЕЗЕМАЊЕ НА ИМОТОТ КОЈ ВЛЕГУВА ВО СТЕЧАЈНА МАСА

По настанување на правните последици од отворената стечајна постапка стечајниот управник е овластен да го преземе целокупниот подвижен и недвижен имот на должникот, вклучувајки го и оној имот над кој е воспоставено заложно право. Правото на преземање на имотот на должникот од страна на стечајниот управник произлегува и од настапување на една друга правна последица која исто така е од материјално правен карактер, а тоа е преоѓање на правата на должниковите органи во врска со управувањето и располагањето со имотот на стечајниот управник. Така сите права кои ги имал дотогашниот орган на управување на должникот по однос на имотот престануваат и преоѓаат на стечајниот управник кој се управува и располага со имотот кој влегол во стечајната маса. Стечајниот управник по настувањето на правните последици на отворената стечајна постапка се стекнува по сила на закон со право на располагање и управување со имотот на должникот како и правото да го презема владението врз имотот на должникот. Преземањето на владението врз имотот значи и стекнување на фактичка власт над имотот.

За да може да дојде до формирање на стечајната маса потребно е стечајниот управник да го преземе целокупниот имот без оглед на тоа дали истиот е во сопственост или се наоѓа во владение на должникот.

Во зависност од секој конкретен случај имотот кој што е во сопственост на стечајниот должник може да не биде достапен. Може да се случи, стечајниот управник имотот кој што влегува во стечајната маса да неможе да го преземе во владение за да може да управува со него. При таква состојба , стечајниот управник треба да започне постапка за преземање на имотот без разлика дали тој е во владение кај должникот или трети лица.

16.2.1. Преземање на имотот од органите на управување на должникот

Преземањето на имотот на должникот е една од основните должности на стечајниот управник. Веднаш по преземањето на должноста стечаен управник, тој е должен да ги преземе сите мерки со цел да го преземе имотот на должникот.

Во случај должникот односно неговите органи да го оневозможуваат да ја изврши оваа должност, односно не ја извршуваат обврската да го предадат имот, стечајниот управник за тоа веднаш го известува стечајниот судија и треба да предложи преземање соодветни мерки. Во овој случај стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе определи предавање на имотот со присилно извршување.

Донесеното решение на стечајниот судија произведува правни последици истиот ден кога е донесено со оглед на тоа што против истото не е дозволена жалба. Правото на жалба во овој случај е исклучено пред се поради итноста на стечајната

постапка како и поради можните злоупотреби на органот на должникот во врска со имотот кој го поседувал во време на отворањето на стечајната постапка.

Од друга страна нема ниту основ за право на жалба на органите на должникот и од причина што предавањето на имотот е правна последица која настапува ex lege со денот на објавување на решението за отворање на стечајна постапка на огласна табла на судот.

Покрај тоа, стечајниот управник има овластување да го изврши решението на стечајниот судија со кое му се наложува на должникот да го предаде целокупниот подвижен и недвижен имот. Во таа смисла стечајниот управник може самостојно да го изврши решението. Доколку должникот односно неговиот орган се спротивстават на извршување на оваа законска обврска во врска со предавање на имотот стечајниот судија може да донесе и решение со кое ќе определи и присилни мерки против него односно против неговите застапници. Во таа смисла стечајниот управник може да побара и асистенција на органите за внатрешни работи при извршувањето на ова решение. Добра практика е ако самиот стечаен управник преземе дејства за извршување на ова ова решение.

16.2.2. Преземање на имотот од трето лице

Стечајниот управник може да го преземе и имотот кој е во сопственост на стечајниот должник и треба да влезе во стечајната маса, а се наоѓа во владение на трето лице без правен основ. Значи се работи за подвижни ствари и недвижности кој се во сопственост на стечајниот должник, а се владеение без правен основ на трето лице. За да може да се спроведе оваа постапка треба да биде исполнет уште еден услов, а тоа е трето лице кое што го владее имотот беа правен основ одбива да го предаде владението и управувањето на предмет или право како и недвижност на стечајниот управник.

Во овој случај стечајниот управник најпрво треба да испита дали навистина трето лице го има во владение имотот на стечајниот должник без правен основ како и претходно да направи обид да го преземе. Доколку, обидот за преземање на имотот е без успешен во тој случај со писмен поднесок во кој ќе ги наведе фактите да предложи стечајниот судија да донесе решение со кое ќе го задолжи третото лице да го предаде имотот со присилно извршување. Стечајниот судија по оценка на наводите во предлогот може да донесе решение со кое ќе го одбие предлогот или веднаш да донесе решение за предавање на имотот со присилно извршување. Против ова решение на стечајниот судија не е дозволена жалба.

Со налогот за предавање судот може по службена должност да определи и присилни мерки против застапникот кој го застапува должникот - правно лице или должникот – поединец, односно трето лице кое го има во владение и управување подвижниот и недвижниот имот.

Покрај имотот стечајниот управник ги презема и трговските книги, годишни сметки и финансиските извештаи. Преземањето на овие трговски книги се неопходни

за стечајниот управник пред се при анализата на состојбата со имотот и финансиските резултаити на должникот.

16.2.3. Обезбедување на преземениот имот

Стечајниот управник веднаш ќе мора да преземе дејства кои се насочени кон заштита на преземениот имот. Тоа значи дека мора да ангажира чуварска служба која ќе го обезбедува имотот. Добра практика во оваа смисла е кога е возможно внатрешната чуварска служба на должникот да продолжи да го врши обезбедувањето на имотот. Доколку тоа не е можно, добра практика е да се објави јавен повик за избор на најдобрата понуда на агенциите кои имаат лиценца да ја вршат оваа дејност.

Покрај физичкото обезбедување на објектите потребно е да се склучи и договор за осигурување на имотот со друштво кое се занимава со оваа дејност со цел да не настанат штетни последици од пожар, земјотрес, поплави и други природни непогоди а поради кои доверителите би претрпеле штета. Во таа смисла стечајниот управник треба да испита дали должникот пред отворањето на стечајната постапка имал склучено договор за осигурување на имот и дали се платени премиите по тој договор. Причините за склучување на договор за осигурување на имотот е интересот кои го имаат доверителите да не настане осигуран случај, поради што би претрпеле некоја материјална загуба.

Со тоа ќе се оствари целта на осигурувањето на имотот да се обезбеди надомест на штета која би настанала во стечајната маса поради настапување на осигуран случај.

Во таа смисла, доколку стечајниот должник претходно склучил договор за осигурување, осигурувањето се продолжува со тоа стечајниот управник има право да го раскине договорот во рок од три месеци од настанувањето на правните последици од отворената стечајна постапка. Во тој случај на стечајната маса и припаѓа дел од платената премија кој му одговара на преостанатото време на осигурување.

Право на раскинување на договорот за осигурувањето има и осигурувачот. Доколку пак била отворена стечајна постапка над друштвото за осигурување во тој случај договорот за осигурување престанува во рок од 30 дена од денот на отворањето на стечајната постапка.

Добра практика и во овој случај ако нема услови да се продолжи постоечкиот договор за осигурување, да се склучи нов договор по спроведување на постапка за прибирање на понуди за осигурување. Последниот збор при избирање на најдобрата понуда треба да ја имаат органите на доверителите, посебно одборот на доверители доколку е именуван односно избран.

Доколку, се работи за обезбедување и осигурување на имот над кого е воспотавено заложно право, обезбедувањето и осигурувањето на имотот се врши со заложниот доверители кој има обврска да ги надомести трошоците кои поради тоа настанале.

Во одредени случаи можно е да се се обезбеди имотот со запечатување. Запечатувањето на предметите кој влегуваат во стечајна маса е една од мерките кои му стојат на располагање на стечајниот управник во исклучителни случаи, а со цел да ги обезбеди предметите кои се дел од стечајната маса.

Постапката за запечатување може да се спроведе само на подвижни предмети сопственост на должникот во случај кога истите неможат да се преземат со вообичаените мерки или пак постои опасност од нивно отуѓување. Во тој случај, стечајниот управник е должен да ја спроведе постапката за запечатување на тој начин што ќе формира комисија составена од најмалку тројца членови кои ќе состават записник во кој треба да биде наведен видот на подвижни предмети како и бројот на предметите кои биле предмет на запечатувањето. Еден примерок од овој записник се депонира во стечајното досие, со цел да биде на увид на учесниците во постапката. Истата постапка стечајниот управник е должен да ја изврши и доколку биде извршено отпечатување на предметите.

16.2.4. Управување со банкарската сметка

По доставувањето на решението за отворање на стечајната постапка на стечајниот судија до Централниот регистар на Република Македонија тој има законска обврска да ги извести сите банки кај кои должникот има отворено сметки дека над него е отворена стечајна постапка. Правните последици од отворената стечајна постапка имаат и последиците на својство на должникот како учесник во платниот промет, на тој начин што од тој момент стечајниот должник престанува да биде учесник во платниот промет. Носителите на платниот промет - банките кај кои должникот имал отворено сметки се должни веднаш да ги угаснат неговите сметки, без разлика дали се работи за денарски или девизни сметки, независно од фактот дали има парични средства на нив или не.

Губењето на својството учесник во платниот промет за должникот влијае на овластувањето на лицата кои ги определиле органите на должникот за да располагаат со средствата кои се наоѓаат на овие сметки. Инаку, овластувањата на овие лица во врска со располагањето со средствата кои се наоѓаат на сметката на должникот се ограничени уште многу пред да дојде до настапување на правните последици од отворената стечајна постапка. Така уште во моментот кога настапиле услови за отворање на стечајната постапка настапува забрана за органот на управување да предлага како и да врши исплата од сметката, освен во исклучителни случаи. Тие случаи се однесуваат на плаќања кои се поврзани на неопходното редовно работење на друштвото, согласно посебните законски прописи.

Доколку членовите на органот на управување постапат спротивно на оваа забрана и поради тоа настапат штетни последици за доверителите и акционерите тие се солидарно одговорни за настаната штетата. Покрај солидарната одговорност за штетата на органите на управување е предвидена и прекршочна одговорност на друштвото, како и за одговорното лице во друштвото.

Меѓутоа, покрај тоа што стечајниот управник ги стекнува сите овластувањата во врска со располагањето и управувањето со имотот кој влегува во стечајната маса, истиот неможе да располага со паричните средства кои се наоѓаат на таа сметка. Така, тој неможе да издава налози за плаќање на име сметката која била на должникот и треба да биде угасната. Значи на стечајниот управник му е забрането под било кои услови да располага со средствата кои се наоѓаат на сметката на должникот до моментот да гаснење на сметките.

Веднаш по доставувањето на решението за отворање на стечајната постапка до стечајниот управник тој треба да отвори нова денарска или девизна сметка, за потребите на стечајната постапка.

Не се работи за отворање на нова сметка на должникот, туку се работи за отворање на привремена сметка преку која ќе треба да се врши платниот промет за време на отворената стечајна постапка. Така на оваа новоотворена сметка ќе треба да се примаат уплати, односно прилив на средства по основ на наплата на побарувањата од должниковите должници, како и по основ на впаричување на стечајната маса, како и да се вршат плаќања, односно пренос на средства од неа на сметките на доверителите по основ на делба на впаричената стечајна маса како и други исплата на готови пари за време на траењето на стечајната постапка.

Отворањето на оваа сметка е последица на отворањето на стечајната постапка и настапувањето на правните последици од неа, пред се поради потребата да се спроведе стечајната постапка. Лоша практиката е што банките не прават разлика по однос на тоа дека се работи за отворање на привремена сметка ex lege и бараат стечајниот управник за нејзино отворање да им достави документација како тој да преставува нов застапник на должникот. Во овој случај за докажување на идентитетот и својството потребно е стечајниот управник да се легитимира со службената легитимација и решението на Судот за отворање на стечајна постапка или за негово именување, во зависност од која фаза тој ја презема постапката.

Со оглед на тоа што, сметката се отвора веднаш по гаснењето на сметката на должникот поради настапување на правните последици од отворање на стечајната постапка, а со цел да се создадат услови за непречено спроведување на стечајната постапка должност е на стечајниот управник како застапник на стечајната маса е да одлучи колку сметки ќе отвори за потребите на спроведување на стечајната постапка и кај кои носители на платен промет односно банка која има одобрение да врши платен промет ќе поднесе писмено барање за отворање на трансакциона сметка. Нема ограничувања по однос на тоа во која банка може да биде отворена сметката. Единственото на што мора да внимава стечајниот управник при отворањето на сметката е финансиската стабилност на банката во која отвора сметка. Така стечајниот управник е должен да направи проценка за финансиската стабилност на банката во која ќе отвори сметка. Се разбира оваа проценка стечајниот управник ќе треба постојано да ја прави и доколку дојде до нарушување на финансиската стабилност на банката благовремено да реагира со тоа што ќе ги префрли средствата од стечајната маса на друга сметка кај друг носител на платниот промет. Лоша практика е поради отворена стечајна постапка над банката во време на спроведување на стечајната постапка да пропаднат паричните средства кои се наоѓаат на сметката а претставуваат стечајна маса.

По отворањето на сметката тој е должен да го извести Централниот регистар за тоа во која банка ја отворил сметката. Понатаму, Централниот регистар ги известува банките за тоа во која банка стечајниот управник отворил нова сметка односно сметки за да можат банките средствата од угаснатите сметки да ги префрлат на ново отворената привремена сметка за потребите на стечајната постапка.

Покрај гаснењето на сметката на должникот која треба да се биде извршено по автоматизам од страна на банката која е носител на платниот промет или кај која била отворена, таа е должна да ги пренесе сите парични средства без разлика по кој основ се наоѓаат на угасната сметка на ново отворената сметка која за потребите на стечајната постапка ја отвора стечајниот управник.

Со Правилник за професионални стандарди за стечајната постапка - професионален стандард за управување со парични средства на банкарсите сметки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 119/2006) подетално се регулираат стандардите кои стечајниот управник мора да ги обезбеди во секое време да може да докаже дека управувал со паричните средства како дел од имотот на должникот кој влегува во стечајната маса со должно внимание на уреден и совесен трговец, односно со внимание на способен и вешт човек односно професионалец.

Притоа во текот на целата стечајна постапка треба да обезбедени услови паричните средства да бидат заштитени од обидот доверителите да ги наплатат своите побарувања во поголем обем како и да бидат издвоени од останатите парични средства на стечајниот управник како што се паричните средства кои стечајниот управник ги заработил во текот на стечајната постпка, и претставуваат лични негови средства како и од паричните средства со кои располага стечајниот управник доколку е именуван во други постапкаи и под негов постојан надзор. Во случај доколку деловниот потфат на должникот е активен и во тек е постапка за реорганизација како и постапка за лично управување може да бидат предвидени и исклучоци во поглед на потписите на лицата овластени за застапување како и располагање со средствата на сметката.

Во текот на отворената стечајната постапка од привремената сметка која е отворена за потребите на стечајната постапка неможат да се наплаќаат побарувања врз основа на решенија за присилна наплата доставени од било кој учесник во платниот промет како и блокирање на таа сметка заради присилна наплата на тоа побарување, освен побарувањата на доверителите на стечајната маса кои настанале по отворање на стечајната постапка и кои не биле исплатени од страна на стечајниот управник.Лоша практика е доверителите на стечајна маса да имаат ист третман како и стечајните доверители и истите да пријавуваат побарувања во стечајната постапка. Ова дотолку повеќе што на стечајниот управник му се познати сите обврски на стечајната маса и трошоците на постапката, па при таква состојба треба да обезбеди средства за намирување на нивното побарување кое тој го предизвикал или склучил одреден договор по отворање на стечајната постапка.

16.2.5. Управување со пари, хартии од вредност и скапоцености

Во случај кога стечајниот управник преземе имот на должникот кој се состои од пари, хартии од вредност или скапоцености, треба да спроведе посебна постапка која се однесува на нивното чување. Всушност, со оглед на тоа што се работи за специфични предмети, стечајниот управник е должен веднаш да го извести стечајниот судија и да побара одобрение за условите под кои истите треба да бидат вложени или депонирани.

Врз основа на предлогот на стечајниот управник, стечајниот судија треба во што пократок рок да донесе решение со кое ќе одлучи по предлогот на стечајниот управник. Доколку пак, бил именуван односно избран одбор на доверители во тој случај тој треба да донесе одлука за тоа и истата е обврзувачка за стечајниот управник кој е должен да ја изврши.

Стечајниот судија може да донесе решение и во случај кога одбор на доверители бил именуван односно избран, меѓутоа поради одредени причини не можел да донесе одлука или донесувањето на одлуката ја одолговлекувал.

Во случај именувани одбор на доверители од страна на стечајниот судија да биде сменет на првото извештајно собрание на доверители во тој случај новоизбраниот одбор на доверители треба да ја изврши повторна оценка на одлуката која ја донел именуваниот одбор на доверители.

Одборот на доверители е должен да донесе одлука со која ќе го овласти стечајниот управник да прима пари, хартии од вредност или предмети од вредност од лицето (агенцијата, банката и слично) кај кое или преку кое е извршено депонирањето или инвестирањето. Со истата одлука ќе овласти и член на одборот кој ќе го контролира работењето на стечајниот управник. Овластениот член на одборот на доверители е должен да го потпише и налогот издаден од страна на стечајниот управник до наведеното лице (агенција, банка и слично) и само во тој случај истиот произведува правно дејство и е правно обврзувачки за агенцијата, банката или друго лице. Доколку, доверителите на собрание на доверители, оценат дека одлуката на одборот на доверители не е добра може да донесат одлука со која поинаку ќе го уреди начинот и условите под кои ќе бидат депонирани или инвестирани парите, хартиите од вредност и другите предмети од вредност (скапоцености). Најцелисходно е за стечајната постапка одлуката за управување со стечајната маса, доверителите да ја донесат на седницата на првото извештајно собрание.

16.3. Попис и проценка на имотот кој влегува во стечајна маса

Основна цел поради кои се прави пописот е евидентирање на имотот кој го поседува должникот, можност да се утврди потенцијалната вредност на имотот со кој располага должникот и кој влегува во стечајната маса и основ за изработка на

извештајот за економско - финансиска состојба на должникот еден од најважните извештаи кои ги содржи сите потребни податоци врз основа на кој доверителите треба да одлучат за начинот на намирување на побарувањата, односно за реорганизација на должникот.

Со пописот се евидентираат сите средства кои се пронајдени кај должникот како што се недвижностите, постројките, опремата, резервите, нематеријалните средства во кои влегуваат патенти и лиценци, парични средства како и сите хартии од вредност.

При вршењето на пописот стечајниот управник треба да го примени Правилникот за професионални стандарди за стечајната постапка - Професионалниот стандард за попис на имотот на стечајниот должник, составување на листа на доверители и почетниот стечаен управник („Службен весник на Република Македонија “бр. 119/06)

16.3.1. Постапка за спроведување на попис

Со оглед на сложената структура на имотот кој го поседува должникот може да се направи поделба помеѓу попис на имотот кој се состои од недвижни и подвижни ствари и евидентирање на побарувањата на стечајниот должник спрема трети лица. Добра практика е ако пописот и проценката на имотот се одвиваат паралелно.

Стечајниот управник пописот е должен да го направи во рок од 15 дена од денот на настапување на правните последици од отворање на стечајната постапка. Тоа значи рокот за правење попис тече истиот ден кога огласот за отворената стечајна постапка ќе биде закачен на огласна табла на судот.

Стечајниот управник е должен новиот попис на имотот да го спореди со оној што го составил должникот претходната календарска година или пред отворањето на стечајната постапка.

За да ја изврши целосно оваа должност, стечајниот управник ќе мора да основа комисија за попис составена од тројца членови од кои двајца по правило се од вработените кај должникот, а еден е надворешен член кој го определува стечајниот управник. Надворешниот член пописните комисии не смее да биде близок роднина на стечајниот управник. Воопшто определувањето на блиски роднини на било кој од органите во стечајната постапка и тоа на стечајниот судија стечајниот управник или членовите на одборот на доверители создава услови за конфликт на интереси.

При извршување на пописот застапникот на должникот по закон и должникот поединец се должни да соработуваат со стечајниот управник. Органот на управување на должникот е должен да ги предаде пописните листи на имотот од претходната година.За време на вршењето на пописот комисиите не го испитуваат правото на сопственост на имотот пронајден кај стечајниот должник.

Во пописот одделно се прикажува недвижностите, постројките, опремата, резервите, нематеријалните средства (патенти и лиценци), паричните средства и

еквивалентите на парични средства и сите други тековни средства со наведување на вредноста на секој дел од имотот одделно.

Во пописот покрај одделно прикажување на секој предмет поединечно мора да се наведе и вредноста на секој предмет или право. За да ја изврши оваа должност паралелно со подготовките за вршење на попис потребно е да биде ангажиран и проценувач

ПОПИС НА

ИМОТОТ НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК

Стечаен должник: Број на предмет

Вредност во денари

р.б.	опис	Вид	Ликвидациона вредност
1.			
2.			

страна____ од _____ страни

Пописот стечајниот управник е должен да го достави до судот и истиот да биде депониран во стечајното досие заради увид на учесниците во постапката најмалку осум дена пред одржувањето на извештајното собрание на доверители

16.4. Проценка на имотот кој влегува во стечајната маса

Заедно со пописот на имотот на должникот, стечајниот управник треба да направи и проценка на имотот на должникот. При пописот се наведува вредноста на секое одделно средство или право, при што таа вредност се наведува согласно проценка која ќе се изврши од проценувач. Лоша практика е ако проценката ја врши самиот стечаен управник. Се работи за практика која е неодржива поради конфликтот на интерес кој го има стечајниот управник и должникот по однос на проценката. Уште едно нешто ја прават ваквата состојба незаконска а тоа е фактот што стечајниот управник неможе истовремено да ги врши и работите стечаен управник и овластен проценувач во други предмети.

Проценувачот е должен да направи процена на имотот согласно меѓународните стандарди за процена. Извештајот за проценката треба да содржи опис на проценетиот имот и на методот со којшто е извршена проценатa на имотот. При изборот на методот на проценка проценувачот ќе има предвид дали проценката ја врши заради продажба или заради продолжување на деловниот потфат. Кон извештајот се приложува и доказ за сопственост на недвижни, како и на подвижни предмети.

Исто така при извршување на проценката проценувачот ќе мора да биде внимателен во определувањето на вредноста на проценетиот имот и направи веродостојна процена согласно методот кој е избран од страна на стечајниот управник.

Ова е и првиот момент кога стечајниот управник треба да оцени дали деловниот потфат (претпријатието) на должникот може да функционира понатаму треба да биде затворено и да започне постапка за впаричување на имотот.

Во зависност од тоа ќе зависи на кој начин претпријатието ќе биде проценето. Вредноста на претпријатието доколку тоа функционира целосно ќе биде проценето на основа на тоа дали е тоа способно да остварува приходи. Доколку претпријатието не функционира во тој случај ќе биде извршена проценка на неговите делови.

Методот на проценката на претпријатие кое функционира е неговата сегашна вредност намалена за дисконтираните парични текови.

Овластениот проценител е лично и неограничено одговорен за точноста на продатоците во извештајот за процена врз основа на Кодексот за етика на овластените и меѓународните стандарди за процена. Покрај личната и неограничена одговорност за штета, доверителите можат да наплата надомест на штета од осигурителното друштво со кое проценувачот склучил годишен договор за осигурување од одговорност за штета која тој ја причинил при вршењето на дејноста процена. Најнискиот износ на осигурување од одговорност за штета изнесува 50.000 евра за трговско друштво, односно 20.000 евра за трговец поединец во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на склучувањето на договорот за осигурување.

Исто така постои можност доверителите и стечајниот управник како нарачатели на проценката да побараат овластениот проценувач дополнително да осигура. Ова од причина што во стечајната постапка се врши проценка на имотот со голема вредност и поради фактот што задолжителното осигување на овластениот проценувач е поставено на многу ниско ниво во однос на комплаксноста на работата која треба да се заврши.

Покрај тоа доколку се утврди дека проценувачот во текот на проценката на имотот на стечајниот должник, пристрасно ја вршел проценката или нестручно или несовесно ја врши проценатa спротивно на правилата на науката и струката, етичките норми, професионални стандарди и конфликт на интересиможе и да му се изрече дисциплинска мерка привремено одземање на право за вршење на работи на овластен проценувач во траење од еден месец до една година, односно одземање на лиценцата за овластен проценувач.

Доколку, сметаат дека овластениот проценувач при вршењето на проценка не ги почитувал стандардите за процена, ги злоупотребил информации и кај него постоел конфликт на интереси, доверителите можат да поднесат барање за ревизија на проценката до Комисијата за ревизија на проценката во рок од осум дена од приемот на проценката. Комисијата за ревизија во рок од 15 дена се произнесува по поднесеното барање со тоа што одлуката јавно се објавува на нејзината веб страница. Во случај кога во периодот кога проценката била завршена, стечајниот судија се уште не именувал одбор на доверители, барањето за ревизија на проценката ќе мора да го поднесе стечајниот управник. Од друга пак страна доколку одбор на доверители бил

именуван, тогаш стечајниот управник е должен да го извести претседателот на одборот на доверители веднаш да свика седница на одборот на доверители на кој ќе се разгледува проценката. Доколку постојат елементи кои укажуваат дека проценувачот не ги почитувал стандардите за процена, ги злоупотребил информации и кај него постоел конфликт на интереси и тие ќе бидат утврдени подоцна, одговорноста за неподнесување на барање за ревизија паѓа на стечајниот управник, односно на одборот на доверители.

16.4.1. Некои основни поставки на меѓународните стандарди на проценка

Меѓународните стандарди за проценка, онака како што се донесени од Комитетот за меѓународни стандарди за проценка поставуваат определени правила, принципи и стандарди кои треба да се почитуваат. Некои од тие правила ги прикажуваме во следниов текст. Сепак, треба да се има предвид дека овие прикажувања на основните принципи не треба да се сметаат како замена на стандардите, напротив, тие треба да се читаат во нивната целина и сеопфатност.

Меѓународните стандарди на проценка се наменети за олеснување на трнаскациите, особено на меѓународните трансакции кои вклучуваат сопственост преку промоција на транспарентноста во финансиските извештаи. Нагласок е даден на употребата на пазарните информации како основа за носење на професионални судови во врска со проценката на вредноста на некое средство или некој бизнис.

16.4.1.1. Основни методи на пазарно заснована проценка

Основните методи на пазарно заснована проценка се следниве:

1) Пристап на споредби во продажбата

Споредбениот пристап ги зема предвид неодамнешни продажби на слични или заменливи производи, права или други средства на блиски или слични пазари.

2) Пристап на капитализација на добивката

Ова е исто споредбен пристап кој ги зема предвид податоците за приходите и трошоците кои се однесуваат на сопственоста, при што резултантната добивка се капитализира со определена дисконтна стапка.

3) Трошковен пристап

Овој пристап применет како пазарно заснован пристап ја зема предвид можноста дека може да се изработи друг производ кој би бил замена на првиот или има иста употребна вредност. На тој начин, на пример кога се зборува за недвижности,

не би било оправдано да се плати повеќе за дадена недвижност отколку што чини земја или градењето на алтернативната градба со сличен квалитет.

16.4.1.2. Методите на непазарните проценки

Методите на непазарните проценки содржат слични пристапи, но вообичаено вклучуваат различна цел:

1) Трошковниот пристап

може да се примени за да се спореди цената на другите згради со некоја дадена цена на определена зграда, притоа имајќи го предвид нивото на евентуалната премија, којашто се однесува на некоја конкретна причина зошто точно таа на зграда и е определена таа вредност. Ваквиот пристап се фокусира на точно одреден имот и всушност се однесува на непазарна цена, кога постојат непазарни мотиви кои влијаат на вредноста на имотот.

2) Пристапот на споредба на продажбите

за одредување на максималната цена која сопственикот е подготвен да ја плати за соседно земјиште, соседен имот проценителот може да дојде до износ кој ја надминува пазарната цена. Инвеститорот може да примени стапка за поврат на инвестициите која не е пазарна и е својствена само за тој одреден инвеститор. Во примената на пристапот на капитализација на добивката за одредување на цената која инвеститорот е подготвен да ја плати за таа инвестиција на база на неговиот деловен план, може да се дојде до проценка на вредноста на инвестицијата или вредноста, која е различна од пазарната вредност на средствтото.

3) Методата на амортизирани трошоци

на замена претставува примена на трошковниот пристап употребен при одредување на вредноста на специфични средства и се користи при проценка кога директната пазарна евиденција е лимитирана или недостапна.

Потребно е да се користат и алтернативни методи на проценка, односно методите на проценка да се комбинираат, за да се обезбедат повеќе аналитички процедури кои ќе се вградат во крајната проценка на вредноста, во зависност од типот на вредноста што се разгледува. Пристапот и методите на проценка се заеднички за сите видови проценки, и за повеќето видови средства, вклучувајќи ги недвижностите, личната сопственост, бизнисите и финансиските интереси. Се разликува пазарот, се разликуваат купувачите, има и други специфики кои треба одделно да се проучуваат. На пример, куќите се продаваат и проценуваат на пазарот на недвижности, додека вредноста на акциите на компанија која поседува повеќе згради се одредува преку важечкиот пазар на акции, на берзата.

16.5. Изработка на проценката

Клучни за сите проценки се концептите на пазарот, цената, трошоците и вредноста. За работата на проценителите од подеднакво значење се јасната комуникација меѓу резултатите од проценката и разбирањето на тоа како тие резултати се добиени. Меѓународните стандарди на проценка треба да ги опфатат сите овие три основни аспекти на проценка: Меѓународен стандард бр. 1: Проценка базирана на пазарна вредност; Меѓународен стандард бр. 2: Проценка која не е базирана на пазарна вредност; и Меѓународен стандард бр. 3: Извештај за проценка.

Пазарот претставува окружување во кое преку ценовниот механизам, добрата, стоките и услугите се тргуваат меѓу купувачите и продавачите. Цената е концепт кој се однесува на размената на добра, стоки и услуги. Цената го претставува оној износ кој бил побаран, понуден, или платен за тоа добро, стока или услуга. Кога размената ќе биде извршена, цената станува историски факт.

Концептот на трошоците е поврзан со производството и е разделен од продажбата. Тој се дефинира како износ на пари потребен да се произведе стока, добро или услуга. Во моментот кога стоката е готова или услугата е извршена, направените трошоци стануваат историски факт.

Концептот на вредноста се однесува на најверојатната цена склучена помеѓу купувачите и продавачите на стоки или услуги достапни за купопродажба. Вредноста претпоставува хипотетички или теоретски цени кои купувачите и продавачите најверојатно ќе ги договорат за одредена стока или услуга и според тоа, за разлика од цената и трошоците, вредноста не е факт, туку е проценка на најверојатната цена која ќе биде платена за стоката или услугата достапна за купување односно продажба во даден временски период. При оценување на вредноста треба да се има предвид и нивната алтернативната економска корисност и функционалност и постоењето на евентуални невообичаени и атипични пазарни услови.

Пазарно заснованите проценки се вршат преку споредба на продажбите, капитализација на приходот и трошковниот пристап на вредноста. Користените податоци и критериуми во секој од овие пристапи мора да произлезат од самиот пазар. Непазарно заснованите проценки користат методи што повеќе се однесуваат на економската корисност или функција на средството отколку на неговата можност да биде купено и продадено од страна на пазарните учесници или пак на влијанието на необичните или атипични пазарни услови.

Пазарната вредност се базира на најдобрите достапни информации кои го одразуваат износот кој стечајниот должник би можел да го добие на денот на изготвување на билансот на состојба за отуѓувањето на тоа средство во трансакција помеѓу две добро информирани странки, соочени една со друга, по одземањето на трошоците на продажбата. При утврдувањето на овој износ, стечајниот управник ќе го земе во предвид исходот на трансакција со понов датум која се однесува за слично средство во рамките на истиот економски сектор.

Дефиниција на пазарна вредност според МСП е следнава: Пазарната вредност го претставува проценетиот износ за кој сопственоста може да биде разменета меѓу

потенцијалниот купувач и продавач во една нормална пазарна трансакција на денот на проценка, по обавување на соодветен маркетинг кога двете заинтересирани страни делуваат свесно, внимателно и без присила.

Пазарната вредност се определува со примена на методи на проценка и процедури кои најчесто се употребувани, како што се пристап на споредба на продажбите, пристап на капитализација на добивката, кој вклучува анализа дисконтираниот готовински тек и трошковен пристап. Споредбите на продажбите или другите пазарни споредби треба да произлезат од набљудување на пазарот. Пристапот на капитализација на добивката со вклучена анализа на дисконтиран готовински тек, треба да се заснова на пазарно условениот готовински тек и стапките на поврат произлезени од пазарот. Трошоците на изградба и амортизација треба да бидат определени со помош на анализа на пазарно заснованата проценка на трошоците и акумулираната амортизација.

Уште еден концепт кој е потребен да се познава и анализира е највисоката и најдобра употреба на средството. Тоа ја претставува најверојатната употреба на сопственоста, која е физички можна, соодветно оправдана, одобрена, законски дозволена, финансиски оправдана и која резултира со највисока вредност на проценуваната сопственост.

Конечно концептот на ликвидациона вредност е исто така значаен, особено од аспект на фактот дека, покрај проценката на имотот согласно пазарната или најдобрата употребна вредност, да се оцени и ликвидационата вредност**.** Согласно Меѓународните стандарди за проценка, ликвидационата вредност на некое средство се дефинира како:

Износот на средства што може разумно да се добие од продажбата на имотот во рок кој е прекус за да ги задоволи барањата на првиот МСП за доволен маркетинг за остварување пазарна вредност. Може да значи и продажба од страна на продавач кој не сака да продаде, и купувач кој е свесен за тоа дека продавачот е принуден да продаде.

16.6. Список на доверители и должници на стечајниот должник

По преземањето на писмената документација трговските книги и сметководствената документација, стечајниот управник треба да направи анализа на обврските на стечајниот должник спрема доверителите. Во рамките на оваа должност стечајниот управник е должен во рок од осум дена по настапувањето на правните последици од отворената стечајна постапка, односно од денот кога на огласна табла на судот ќе биде закачен огласот за отворената стечајна постапка, врз основа на податоците од сметководствената документација и трговските книги на стечајниот должник да состави списокот на доверители со тоа што ќе направи класификација на доверителите според исплатните редови, адресата на секој од доверителите, правниот основ и износот на побарувањето. Во списокот на доверители стечајниот управник ќе ги евидентира и доверителите со право на одвоено намирување од предмет или право со

тоа што го наведува правниот основ, износот, подвижниот или недвижниот предмет над кое е воспоставено заложното право, како и веројатниот износ кој нема да биде намирен по реализацијата на заложното право.

Списокот на доверители треба да биде доставен до стечајниот судија и депониран во стечајното досие на должникот најмалку осум дена пред одржувањето на извештајното собрание на доверители.

Покрај списокот на доверители стечајниот управник треба да состави и список на должници на стечајниот должник во кој ќе ги наведе висината на побарувањето кое не е наплатена, основ и причините поради кои не е наплатено побарувањето, дали се води постапка за наплата на побарувањето, во кој стадиум е таа постапка и веројатноста за наплатата на секое побарување поединечно. Исто така, стечајниот управник ќе ја наведе и секоја ситуација која што овозможува да се изврши меѓусебно пребивање (компензација) на побарувањата. Стечајниот управник е должен да направи и проценка на судските трошоци за наплата на секое побарување. Списоците се доставуваат до стечајниот судија.

СПИСОК НА

ДОЛЖНИЦИ НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК

Стечаен должник: Број на предмет

Вредност во денари

Тип О/Н	**главен долг**	**камата до стечајот**	**Вкупни обврски**	**Правен основ**	**Предмети врз кои постои обезбедување**

Н- необезбедено, О- Обезбедено страна _ од _страни

СПИСОК НА ДОВЕРИТЕЛИ

Стечаен должник: Број на предмет

Вредност во денари

Ред.бр	**Доверител (фирма/име седиште/престој и адреса)**	**Исплатен ред (И, Р, #)**	**Главен долг**	**Вкупна обврска**	**Правен основ /причина**	**Предмети на кој постои И/Р побарување и веројатен износ на намирување**

И - Излачен, Р - Разлачен, страна _ од _страни

16.7. Почетен стечаен биланс

Гледано од книговодствен аспект финансиската состојба на едно трговско друштво во одреден момент се прикажува со билансот на состојба. Билансот на состојбата како дел од годишната сметка претставува извор на информации за состојбата во која се наоѓа активата и пасивата на друштвото во одреден временски интервал. Значи, билансот на состојбата претставува слика на одреден момент и како таков може да се смета за извештај за моменталниот статус на активата и пасивата на едно трговско друштво. Гледано од овој аспект тоа не претставува и извештај за финсиските текови.

Билансот на состојбата содржи од една страна актива која претставува финасиски извор на друштвото на датата на билансот на состојбата, додека обврските и акционерскиот капитал се долгот на друштвото на определената дата. Основната книговодствена равенка на која почива билансот на успех изгледа вака:

Актива = Обврските - уплатениот капитал + нераспределената добивка

Инаку, доколку се проанализира билансот на состојба со користење на т.н. показатели на однос, може да се утврди и состојбата во која се наоѓа едно трговско друштво во времето на составувањето на билансот. Тековниот индикатор го покажува односот помеѓу тековните средства и тековните обврски. Неговата важност се огледа во тоа што тој е индикатор на способноста едно друштво да ги подмири тековните обврски.

Имајки ги во предвид правните последици од отворената стечајна постапка овој споредбен преглед кој треба да го изготви стечајниот управник се разликува од оној што се изготвува како биланс на состојба во одреден момент пред отворањето на стечајната постапка. Елементите кои ги содржи почетниот стечаен биланс и нивната веродостојна презентација влијаат на доверителите при одлучувањето за тоа кој од начините на впаричувањето на стечајната маса ќе се одлучат односно дали ќе се определат за реорганизација на деловниот потфат на должникот или за впаричување на стечајната маса (ликвидација).

Во вредноста на стечајната маса ќе биде наведен износот кој што проценувачот ќе ја утврди во својот извештај поединечно.

Во почетниот стечаен биланс треба да се наведат износот на обврските на должникот спрема доверителите според решението за утврдени и оспорени побарувања донесено од страна на стечајниот судија, разделено според различни видови на обврски. Посебно се наведуваат побарувањата на доверителите со обезбедено побарување и вредноста на имотот над кој е воспоставено заложно право, како и вредноста која не е покриена со обезбедувањето. Почетниот стечаен биланс не содржи и список на имотот на должникот и неговата вредност. Се работи за извештај со

пресек на состојбата на денот на настанувањето на последиците од отворена стечајна постапка во кој се прикажани во износи.

Рокот во кој стечајниот управник треба да го изготви почетниот стечаен биланс како облигаторна должност е 30 дена по преземањето на имотот на стечајниот должник стечајниот управник е должен да го состави почетниот стечаен биланс.

ПОЧЕТЕН БИЛАНС НА СТЕЧАЈОТ

Стечаен должник:: _____ Број на предмет _____

Вредност во денари

р.б.	Средство / обврска	Проценета
ИМОТ СО ВРЗ КОИ ПОСТОИ ЗАЛОЖНО ПРАВО		
1.		
2.		
3.		
ВКУПЕН ИМОТ ВРЗ КОИ ПОСТОИ ЗАЛОЖНО ПРАВО		
ОБВРСКИ СПРЕМА РАЗЛАЧНИТЕ ДОВЕРИТЕЛИ		**обврски**
1.	**Доверител А**	
2.	**Доверител Б**	
3.	**Доверител В**	
ВКУПНИ ОБВРСКИ СПРЕМА РАЗЛАЧНИ ДОВЕРИТЕЛИ		

ВРЕДНОСТ КОЈА НЕ Е ПОКРИЕНА СО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО	

р.б.	Средство-обврска	Проценета
ИМОТ		
1	**Готовина и готовински еквиваленти**	
2	**Аванси**	
3	**Побарувања**	

4	**Залихи**	
5	**Други финансиски средства**	
6	**Вложувања во поврзани субјекти**	
7	**Лиценци**	
8	**Недвижност, постојки и опрема**	
ВКУПЕН ИМОТ		

ОБВРСКИ		
1	**Пресметани трошоци на стечајна постапка**	
2	**Обврски на стечајна маса**	
3	**Побарувања од повисок ред**	
	Стечајни доверители	
	Разлачни доверители како стечајни доверители	
	Побарувања од пониски исплатни редови	
ВКУПНИ ОБВРСКИ		
ПРЕЗАДОЛЖЕНОСТ(ЗА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КАПИТАЛОТ)		

16.8. ВОДЕЊЕ СМЕТКОВОДСТВОТО ПО ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

По отворањето на стечајната постапка должностите околу водењето и чувањето на трговските книги е поделено. Така должникот има за обврска да ги води и чува трговските книги, сметките и другите деловни документи и извештаи согласно со закон, а кои се однесуваат на состојбата на должникот пред отворањето на стечајната постапка.

Обврските се поделени и во зависност од тоа дали пред да биде донесено решението за отворање на стечајната постапка должникот поднел годишна сметка. Доколку, должникот не поднел годишната сметка пред отворањето на стечајната постапка, стечајниот управник има обврска да изготви годишна сметка за периодот од денот на поднесување на последната доставена годишна сметка од страна на должникот пред отворање на стечајната постапка до денот на отворањето на стечајната постапка во рок од 60 дена од отворањето на стечајната постапка и истата да ја достави до регистарот на годишни сметки кој го води Централниот регистар.

Денот на отворање на стечајната постапка има за последица што за должникот започнува новата деловна и сметководствена година. Периодот за кој е изготвена годишната сметка нема да се земе предвид при изготвувањето и доставувањето на годишната сметка на надлежните органи за наредните години.

Оваа должност за стечајниот управник останува и во случај стечајната постапка да биде заклучена пред истекот на обврската за изготвување и поднесување на годишна сметка во согласност со закон, стечајниот управник е должен истата да ја изготви за периодот од отворањето до заклучувањето на стечајната постапка и да ја достави до Централниот регистар.

Во стечајната постапка може да биде определен и ревизор на состојбата во стечајната постапка. Се работи за ревизор на почетниот стечаен биланс. Така стечајниот управник може да поднесе предлог до стечајниот судија за определување на ревизор за билансот на состојбата на стечајната постапка. Доколку стечајниот судија донесе решение за определување на ревизор ќе треба да го има во предвид и фактот дали за деловната година пред отворањето на стечајната постапка бил назначен ревизор. Доколку бил назначен ревизор таквото назначување останува полноважно и по отворањето на стечајната постапка.

16.9. СТЕЧАЈНО ДОСИЕ

Стечајно досие на должникот е збирка на акти која ја води стварно и месно надлежниот суд за спроведување на стечајната постапка, а во која се депонираат сите со закон определени акти кои ги изготвува стечајниот управник како и решенија што ги донесува стечајниот судија во текот на спроведување на стечајната постапка кога тоа е определено со овој закон. Водењето на стечајното досие е задолжително и е различно од судскиот предмет кој се оформува и се води врз основа на поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка. Тоа треба да се води електронски преку системот на Е-стечај. Со оглед на тоа што се уште не е развиена методата на електронско водење на стечајниот досие судот треба да го води во хартиена форма.

Целта за водењето на ова досие е подобра информираност на учесници во постапката за состојбата на стечајната постапка и имплементација на начелото на јавност во стечајната постапка. Лоша практика е ако судовите не водат стечајно досие и во него не ги внесуваат овие документи, а на доверителите им го даваат на увид целиот стечаен предмет во кој се наоѓаат овие списи.

Во стечајно досие, стечајниот управник во рок од три дена од нивното изготвување задолжително се доставува: пописот на имотот што влегува во стечајна маса, список на доверители, почетниот стечаен биланс, списокот на предмети кои биле запечатени, табелата (шемата) на пријавени побарувања со докази и исправи, извештај за економско финансиска состојба на должникот, предлог планот за распределба на паричните средства остварени со продажба на имотот на должникот, посебен извештај за исплата паричните средства на доверителите по решението на стечајниот судија со

кое го одобрил планот за авансна распределба, решението донесено од стечајниот судија со кое се одобрува предлог планот за конечна распределба, посебен извештај за исплата паричните средства на доверителите по решението на стечајниот судија со кое го одобрил планот за конечна распределба, предлозите на должникот стечајниот судија да донесе решение со кое отворената стечајна постапка ќе ја запре поради непостоење на условите за отворање на стечајна постапка и поради согласност на доверителите кои го пријавиле своето побарување отворената стечајна постапка да биде запрена и планот за реорганизација доствен од овластените субјекти за поднесување на план за реорганизација, за увид на заинтересираните учесници во рок од осум дена по доставувањето.

Содржината и начинот на водењето на стечајното досие министерот за економија го пропишал со Правилник за содржината и начинот на водењето на стечајното досие ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/14)

17. ВОДЕЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ ПОТФАТ НА ДОЛЖНИКОТ ПРЕД ПРВОТО ИЗВЕШТАЈНО СОБРАНИЕ

За понатамошниот тек на стечајната постапка од посебно влијание е во каква состојба се наоѓа деловниот потфат на должникот.

Во случај кога деловниот потфат на должникот не функционира и не постојат никакви услови тој да профункционира, односно да оживее производството на должникот, се чини дека работата на стечајниот управник е и најлесна. Во таков случај, кога инсолвентноста одамна настапила, поголемиот број на вработени го напуштиле должникот, купувачите и добавувачите не соработуваат со должникот, плати и придонеси на вработените не се исплатени повеќе месеци во тој случај не постојат услови за утврдување на вредноста на претпријатието што функционира. По правило во овој случај може да се зборува само за спроведување на постапка за впаричување на имотот на должникот.

Меѓутоа, можно е во практиката да се појават две различни ситуации во кои се наоѓа должникот по отворањето на стечајната постапка, кои меѓу себе се многу слични.

Така можно е должникот да има активен деловен потфат кој функционира и по отворањето на стечајната постапка се поставува прашањето дали истиот да продолжи со работа, односно дали постојат услови да се пристапи кон реорганизација или не.

Втората ситуација е кога постојат само одредени започнати работи кои треба да се завршат . Во овој случај се поставува дилемата дали стечајниот управник да ги заврши започнатите работи на должникот пред отворање на стечајната постапка.

Во првиот случај, околу продолжувањето на деловниот потфат стечајниот управник треба да оцени дали со продолжувањето на работењето на должникот ќе дојде до минимизирање на опаѓањето на вредноста на имотот, односно дали со продолжувањето на работењето ќе се подигне вредноста на имотот кој што влегува во стечајната маса.

Посебно предмет на оценка треба да биде како продолжувањето на работењето на должникот ќе влијае на трошоците кои по правило имаат тенденција да ја намалат стечајната маса. По преземањето на управувањето со имотот како и деловниот потфат на должникот, стечајниот управник најчесто ќе се сретне со поделба на трошоците според контниот план и како трошоци според природни видови: потрошени материјали, амортизација, плати, калкулативни придонеси и услуги.

Меѓутоа за може да донесе други одлуки во текот на стечајната постапка стечајниот управник ќе треба да направи поделба на трошоците на директни и индиректни и варијабилни и фиксни трошоци.

Поделбата на директни и индиректни трошоци се врши врз основа на критериумот колку направениот трошок учествува директно во производството на конкретен производ или во обезбедувањето на конкретната услуга.

Директни трошоци се оние трошоци кои можат директно да се идентификуваат со производи, активности или услуги за кои тие се направени. Тие по правило се состојат од директни материјали, директни плати и други директни трошоци. Во трошоци за директни материјали, спаѓаат трошоци сторени за суровини, купени делови и др. Во трошоци за директни плати спаѓаат платите исплатени на вработените кои се вклучени во производството и исплатените плати кои може да се идентификуваат со определена услуга. Под други директни трошоци спаѓаат други трошоци кои се поврзани со трошоци за закупнина на хала во која се одвива производството, амортизација за машините и сл.

Индиректни трошоци се оние трошоци кои не можат директно да се идентификуваат со определени производи, активности или услуги. Во нив влегуваат материјалите кои се поврзани со производство како што се резервни делови за машини, машини за одржување итн, платите на другите вработени кои не се непосредно поврзани со произвидството, и други трошоци кои не се директни. Инаку овие трошоци се познати и како режиски односно општи трошоци. Инаку општите трошоци во практиката по правило се делат на производни, административни, за маркетинг и продажба и за истражување и развој.

Варијабилните трошоци се поврзани со промената на ангажираноста на капацитетите. Тоа значи дека нивото на овие трошоци се зголемува пропорционално на зголемувањето на нивото на производството. Таков пример е суровините потребни

за производство на некој готов производ. Колку повеќе готови производи ќе се произведат, толку повеќе суровини се потребни. Друг пример е потребната директна работна рака, да речеме ако за 10 кошули е потребна 1 шивачка, за 100 кошули се потребни 10 шивачки. Фиксните трошоци се оние кои во вкупен износ остануваат исти независно од бројот на произведените единици на производи. Таков е случајот со киријата за фабриката, со електричното осветлување за погонот во кој се извршува работењето, за трошоците за управата, за греењето во фабриката итн.

При ваква состојба, стечајниот управник ќе треба да го избере решението кое претставува најмал ризик по однос на опаѓање на вредноста на имотот. Меѓутоа основните проблеми со кои се судира стечајниот управник во овој период е недоволното познавање на работата на должникот, огромното незадоволство како и недостаток на мотивација кај вработените како и големиот ризик за доверителите, континуираните загуби од работењето на должникот да ја надминат загубата на тековните фиксни трошоци. Тоа со еден збор би значело дека приходот од идното работење нема да ги покрие трошоците кои ќе настанат со работата.

Покрај анализата на трошоците стечајниот управник при преземањето на деловниот потфат на должникот треба да го има во предвид и фактот дека претворањето на суровините и тековното производство во готови производи ќе ја зголеми вредноста на имотот кој влегува во стечајната маса, бидејќи вредноста на истите доколку тоа не се случи имаат многу мала вредност. Меѓутоа притоа се отвораат одредени прашања кои треба да бидат предмет на анализа од страна на стечајниот управник и тоа дали колкава вредност имаат суровините или производството што е во тек, колку треба да се инвестира уште на постоечките залихи да им се даде одредена вредност, на кој начина се продаваат производите и дали тие се користат за компензирање на одреден стечаен доверител.

Значи, стечајниот управник мора да ги преземе сите дејства за да го измери и контролира ризикот поврзан со било каква одлука во врска со продолжувањето на работата. Трупањето на залихи по отворена стечајна постапка кои треба да се пласираат во иднина е многу ризична работа за стечајниот управник во однос на неисполнување на налози и договори

17.1. Стечајниот управник и завршување на започнатите, незавршени работи

Одлуката дали стечајниот управник по отворање на стечајната постапка ќе пристапи кон завршување на започнатите работи а кои биле незавршени и кои од нив ќе ги заврши донесува стечајниот судија . Поточно стечајниот судија одобрува кои работи кои биле започнати треба да се завршат.

За да може стечајниот судија да донесе решение, потребно е стечајниот управник најпрво да направи анализа преку која ќе утврди дали исполнувањето на договорите ќе ја зачува или ќе ја зголеми вредноста на стечајната маса. При анализата на целокупната состојба ќе мора да го има во предвид и фактот дека се работи за многу краток временски период за извршување на работите и притоа предлогот ќе треба да се однесува на секоја поединечна работа која треба да се изврши.

При извршувањето на оваа должност стечајниот управник ќе треба да постапува со внимание на уреден и совесен трговец. Овој правен стандард е истиот правен стандард кој се употребува за утврдување на одговорноста на лицата одговорни за управување и за надзор на друштвата. Со тоа стечајниот управник при извршувањето на своите должности ја има истата одговорност како и лицата одговорни за управување и за надзор на друштвата.

Овој стандард го обврзува стечајниот управник да постапува со внимание на способен и (во работењето на друштвото) вешт човек (професионалец), при што тие одговараат за обична небрежност при вршењето на доверените работи, освен ако, со друг закон не е определено дека одговараат само за груба небрежност . Значи стечајниот управник е одговорен за штетата која ќе настане над имотот на должникот, доколку не го преземал сите дејства да не дојде до настанување на штетата.

18. ИСПИТУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ

Побарување е право на доверителот да побара од должникот да исполни определена обврска. Исто така, побарувањето може да се определи и како материјално-правно барање кое е насочено кон исполнување на одредена обврска. Тоа по правило е релативно право кое содржи определено барање.

Предмет на исполнувањето на обврската може да биде давање, сторување, несторување или трпење. Инаку, најчесто правните односи кои настануваат помеѓу доверителите и должникот по својата природа се договорни односно облигациони односи. Главната карактеристика на облигациони односи е нивната доброволност, при што постои автономијата на волјата на странките при уредувањето на содржината на тие односи.

Правните последици на стечајната постапка влијаат на побарувањата, правниот статус на доверителите во постапката и улогата која ја имаат во управувањето со стечајната постапка. Основната цел на правните последици е да создадат услови за примена на начелото на паритет во стечајната постапка кое што значи еднаква положба на сите доверители во постапката при наплатата на побарувањата. За да може да функционира ова начело со сите исклучоци кои се предвидени основната правна последица која настапува по отворањето на стечајната постапка е дека стечајните доверители можат да ги остварат своите побарувања само доколку го пријавиле во стечајната постапка.

Со други зборови по отворањето на стечајната постапка стечајните доверители можат да го наплатат своето побарување само преку механизамите на стечајната постапка. Во таа смисла се исклучени сите можности за наплата на побарувањето на друг начин односно преку водење на извршување кога е во прашање наплата на извршна исправа или парница.

Тоа значи дека сите доверители кои имаат побарувања спрема должникот се должни да ги пријават во стечајната постапка, во спротивно ја губат можноста да ги наплатат. Ова правило е од когентна природа и неможе да има отстапување од него.

Секое овозможување на одреден доверител да пријави побарување надвор од роковите и постапката или да поведе парница за побарување кое не е пријавено во стечајната постапка, односно судот не го упатил на парница создава услови за промена на положбата на доверителите и нарушување на начелото на паритет. Се работи за правило кое според својата суштина го надополнува начелото на паритет, на тој начин што се содаваат услови за концентрација односно остварување на правата на доверителите кои произлегуваат од побарувањето во една постапка.

18.1. Автоматско мирување на постапки и побарувања

Како процесно правна последица која е поврзана со побарувањата на доверителите е т.н. автоматското мирување на постапките. Ова правило има двојна цел така што од една страна му се овозможува на стечајниот должник да го заштити својот имот и дејноста на тој начин што ќе ја задржи неговата вредност и целокупност од налетот на доверителите со доспеани побарувања и да предложи реорганизација, а од друга страна директно е поврзано со спроведување на паритетното намирувањето на побарувањата на доверителите.

Тоа претставува процесно правно средство, кое ex lege делува на тој начин што спречува отворање односно суспендира продолжување на судски, административни или други индивидуални дејства насочени кон имотот, правата, обврските и одговорностите на должникот. На овој начин се ограничува и автономијата на доверителите, бидејќи тие неможат слободно да располагаат ниту пак да ги наплатат своите побарувања, се до моментот кога во стечајната постапка не се остварат услови за тоа. Гледано од процесен аспект критичен момент за остварување на правото кое произлегува од побарувањето во стечајна постапка е донесувањето на решението за отворање на стечајната постапка и информирањето на доверителите за состојбата во која се наоѓа должникот.

18.2. Пријава за побарување во стечајна постапка

Со пријавување на побарувањата во стечајната постапка доверителите поднесуваат барање за судска заштита на правото да им биде исплатено побарувањето, според правилата на стечајната постапка. Со поднесување на пријава за побарување доверителот се стекнува и со својство на странка во стечајната постапка и со овластувања да ги извршува процесните дејства во таа постапка.

При пријавувањето на побарувањата на доверителите доаѓа до израз иницијативата на доверителите во пријавата да ги изнесат сите факти и докази кои се однесуваат на нивното побарување спрема должникот.

При поднесување на пријавата доаѓа до израз начелото на диспозиција, според кое од волјата на доверителот зависи дали ќе поднесе пријава за побарување или не. Во стечајната постапка се испитуваат само побарувањата кои се пријавени од страна на доверителите. Во колективното намирување од стечајната маса учествуваат само доверителите кои го пријавиле своето побарување. Ова правило важи и во случај кога доверителите се определиле намирувањето на побарувањето да се врши во стечајна реорганизација.

Стечајниот управник нема овластување да постапува по непријавените побарувања, ниту пак доверителите кои не поднеле пријава може да учествуваат во колективното намирување. Според нашата регулатива стечајниот управник нема

обврска да ги информира познатите доверители на должникот за отворената стечајна постапка. Ваквата состојба може негативно да се одрази на доверителите од други држави кои немаат сознанија за отворената стечајна постапка и да не го пријават побарувањето навремено.

Пријавата за побарување е строго формален акт кој претставува иницијален акт по чие поднесување ex lege започнува посебна постапка во рамките на стечајната постапка која завршува со донесување на решение за утврдени и оспорени побарувања кое го донесува стечајниот судија.

По поднесените пријави за побарување исклучиво е овластен да се произнесе стечајниот управник како орган на стечајната постапка кој го именува судот да ја спроведе постапката. Стечајниот судија во постапката за испитување и утврдување на побарување нема активна улога, освен оценката на навременоста на пријавата за побарување која ја прави врз основа на произнесување на стечајниот управник, со оглед на тоа што законот содржи когентни норми според кои пријавите за побарување се доставуваат до стечајниот управник на адресата која е наведена во огласот објавен по повод отворањето на стечајната постапка.

Во овој сегмент од стечајната постапка се работи за пренесување на процесните дејства кои во парничната постапка се во надлежност на судот кој расправа и одлучува во конкретен спорен однос. Токму овој момент ја прави стечајната постапка карактеристичен и специфичен метод на заштита на правата на доверителите. На овој начин се создаваат услови за остварување на. двојна заштита на правата на доверителите.

Во прв ред таа правна заштита доверителите ја добиваат од стечајниот управник кој донесува одлука по нивните побарувања како по основ така и по висина. При донесување на оваа одлука на стечајниот управник не е од влијание дали стечајниот доверител пред отворање на стечајната постапка водел постапка за наплата на побарувањето или не и дали е донесена извршна исправа со која е должникот е задолжен да го исплати побарувањето.

Од стечајната маса се намируваат побарувањата на доверителитте кои настанале пред отворање на стечајната постапка како и побарувањата кои настанале во текот на стечајната постапка, а се резултат на превземените дејства на стечајниот управник. Значи карактеристично за овие побарувањата е во тоа што тие настанале по отворање на стечајната постапка, и се последица на нејзиното спроведување. По правило се работи за два вида на побарувања, а тоа се трошоци на стечајната постапка и долгови на стечајната маса. Овие побарувања не се пријавуваат во стечајната постапка и имаат приоритет при исплатата, односно спаѓаат во групата на приоритетни побарувања.

По отворањето на стечајната постапка условно кажано може да настане уште едно побарување кое доверителите во време на отворањето на стечајната маса не можеле да го пријават. Се работи за побарување на доверител против кого се водела постапки за побивање на правни дејства и стечајниот управник или доверител кој ја водел оваа постапка успеал во парницата и го вратил побарувањето назад во стечајната маса. Овој доверител, чие побарување е побиено има право да го пријави истото

побарување во стечајната постапка, како и да го наплати истото според правилата на стечајната постапка(оживување на побарувањето).

Доверителите треба да ги пријават своите побарувања во рок од петнаесет дена од денот кога огласот за отворената стечајна постапка е објавен во Службен весник на Република Македонија.(рок воведен со Измените и дополнувањата на законот за стечај кој започна да се применува од 7 јуни 2013 година, а ќе се применуваат на стечајни постапки отворените по овој датум).Претходно рокот за пријавување на побарувањата беше 30 дена.

Инаку, околу пријавувањето на побарувањата постојат повеќе рокови кои течат истовремено. Последица од пропуштање на рокот за поднесување на пријавата за побарувањето е отфрлање на поднесената пријава како ненавремена. Значи рокот за пријавување на побарување има преклузивен карактер и со неговото пропуштање доверителите го губат правото да побараат од должникот да исполни определена обврска. Доверителите кои го пропуштиле рокот да го пријават побарувањето во стечајната постапка го губат правото да побараат од должникот исполнување на обврската воопшто и тоа неможат да го остварат во ниту една друга постапка.

Рокови за пријавување на побарувањата се исти и за стечајните доверители и за разлачните доверители со тоа што правото да пријават побарување на разлачните доверители не се губи ако го пропуштат рокот.

Доверителите пријавата ја поднесуваат до стечајниот управник на адресата која е наведена во огласот. Пријавите можат да се доставуваат преку пошта или лично на рака за што стечајниот управник треба да стави потврда и да води посебна книга во која ќе води евиденција за примените пријави за побарување. Лоша практика е ако доверителите пријавите за побарување ги доставуваат до судот и ако стечајниот управник не води ваква книга, што отвора сомневање дека може да му овозможи на одреден дверител да пријави побарување надвор од рокот.

Пријавата за побарување е строго формален поднесок чија содржината е слична како содржината на тужбата. Во неа се содржани одредени податоците на доверителот кои се поврзани со статусни правни карактериски на правно лице односно податоци за физичкото лице. Покрај овие податоци кои се од формален карактер, пријавата за побарување треба да содржи и определено барање, како и правниот основ на побарувањето. Тоа подразбира дека во пријавата за побарување треба да бидат опишани дејствата од кои призлегува основаноста на барањето како и докази од кои произлегува.

Во пријавата за побарување треба да се наведе главнината на побарувањето. Кога доверителот покрај главнината, побарува и камата како споредно побарување во тој случај треба да достави и каматни листи за пресметана камата од денот на настанувањето на обврската до денот на отворањето на стечајната постапка.

Значи пријавата за побарување содржи податоци кои треба задолжително да се наведат. Така во пријавата доверителот правно лице е должно да наведат:

- назив, седиште, единствен матичен број и единствен даночен број на правното лица

Доколку доверителот е физичко лице треба да се наведе

- име и презиме, адреса и единствен матичен број
- назив на носителот на платен промет кај кој доверителот има сметка и бројот на сметката
- правниот основ на побарувањето;
- износот на побарувањето и тоа посебно износот на главното побарување со пресметана камата до денот на отворање на стечајната постапка;
- одредено барање на доверителот согласно одредбите на Законот за парнична постапка за содржина на тужба.

Добра практика е доколку доверителите доставуваат пресметана камата од денот на доспеаноста на побарувањето до денот на отворање на стечајната постапка. Во спротивно, ако барат камата се стават во положба, стечајниот управник да им ја врати пријавата на доуредување. Лоша практика е стечајните управници по налог на стечајните судии на товар на стечајната маса да пресметуваат камата на доверителите.

Доверителот во пријавата за побарување треба да наведе дека се води парница за побарувањето пред надлежен суд со тоа што треба го означи бројот на списот и судот пред кој се водела парницата.

18.2.1. Пријава за побарување на разлачен доверител

Правните последици од отворената стечајна постапка имаат влијание и на побарувањата на доверителите кои се обезбедени со заложно право т.н. обезбедени побарувања. Се работи за општи правните последици кои настапуваат со отворањето на стечајната постапка и влијаат на обезбедените побарувања без разлика на предметот на кој се воспоставени.

По однос на побарувањата обезбедени со некое право пред отворање на стечајната постапка процесно правните последици кои настапуваат имаат привремено суспензивно правно дејство. Таквото правно дејство, влијае како на стекнувањето на правото на обезбедување така и неговата реализација.

По однос на стекнувањето на правото на обезбедување на одредени побарувања последиците настануваат условно и се поврзани со рок кој тече од моментот на поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапката. Притоа, разлачното или друго слично право кое е стекнато на имотот на должникот од страна на доверител со судско извршување или со обезбедување во текот на 90 дена пред поднесување на предлогот не произведува правно дејство и престанува по отворањето на стечајната постапка.

Правните последици од отворената стечајна постапка влијаат и на реализацијата на стекнатото право на обезбедување. Тоа значи дека сите постапки за извршување на побарувањето со стекнато право на обезбедување кои се во тек во времето на отворената стечајна постапка се прекинуваат. Тоа произлегува и од

правните последици кои настануваат и се однесуваат на правната положба на должникот и овластувањата на неговите органи на управување и управителите. Оттаму, обврската побарувањата кои се обезбедени да бидат пријавени во стечајната постапка. Така, без исклучок сите доверители кои стекнале побарување кое е обезбедено со одредено право како гаранција за долгот, а кое може да се спроведе во случај на задоцнување на должникот, треба да го пријават во стечајната постапка.

Доверителите кои пред отворањето на стечајната постапка се стекнале со обезбедување на своето побарување се нарекуваат доверители со право на одвоено намирување од предмет или право или разлачни доверители.

Во пријавата која треба да биде поднесена во стечајната постапка за да се пријави побарувањето кое е обезбедено со заложно право освен основните податоци треба уште да биде наведен и делот на имотот на кој нивното побарување се однесува како и висината на побарувањето. Пријавата за побарување на доверителите кои имаат право на одвоено намирување треба да ги содржи истите податоците кои се однесуваат на стечајните доверители. Во овој дел пријавата треба да содржи висина на нивното главно побарување и пресметана камата. Покрај овие податоци пријавата треба да содржи податоци кои се однесуваат на делот од имотот на стечајниот должник на кој нивното право се однесува. Кон пријавата доставуваат писмени докази за обезбеденото побарување.

18.3.Испитување на пријавата за побарување

Пријава за побарување поднесена од доверител може да биде отфрлена поради две причини. Првата е ако е ненавремено поднесена. Втората е поради неуредност. И во двата случаја обврска е стечајниот управник да ја изврши оценка на пријавата.

Во таа смисла стечајниот управник е должен во рок од пет дена по истекот на рокот за пријавување на побарување најпрво да состави посебна табела во која ќе ги евидентира пријавите на сите стечајни доверители кои го пропуштиле рокот за пријавување. Се мисли на пет дена по истекот на рокот за пријавување на побарувањето од 15 дена на огласот објавен во Службен весник на Република Македонија. Стечајниот управник ја заклучува постапката за прием на пријавата најмалку три дена по протекот на овој рок бидејќи е можно доверителите последниот ден да ги испратиле пријавите по пошта. Лоша практика е ако стечајниот управник не води евидентна книга за секој предмет и ако во евидентната книга остава празни графи и остава можност доверителите да ги пријават своите побарувања и по преклузивниот рок.

18.3.1. Посебна табела за ненавремени пријави поднесени од стечајните доверители

Стечајниот управник е должен да состави посебна табела во која ќе ги наведе сите пријави кои кај него стигнале по протекот на рокот предвиден со овој закон, односно се ненавремени. Табелата треба да содржи податоци за тоа кога започнал рокот за пријавување да тече, кога бил последниот ден до кога можел стечајниот управник да ја поднесе пријавата и кога била поднесена и на кој начин таа пристигнала кај стечајниот управник, односно дали била испратена по пошта или доставена лично на рака. Заедно со табелата стечајниот управник треба да достави и докази за извршениот прием на поднесената пријава.

Оваа табела заедно со писмените докази се доставува до стечајниот судија кој пак има обврска во рок од три дена од приемот на табелата да одлучи дали поднесените пријави се ненавремено поднесени.

Стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе ја отфрли пријавата на доверителот како ненавремена или да му наложи на стечајниот управник да ја продолжи постапката за испитување на пријавата. Налогот за продолжување на постапката за испитување на пријавата стечајниот судија ќе го даде со донесување на заклучок.

Против решението на стечајниот судија со кое пријавата се отфрла како ненавремена, право на жалба има доверителот до апелациониот суд кој треба да одлучи по поднесената жалба во рок од осум дена. Последица од правосилната одлука со кое е утврдено дека доверителот пријавата ја поднел ненавремено е губење на правото на стечајниот доверител да го наплати побарувањето во стечајната постапка.

Доколку пак стечајниот судија не ја отфрли пријавата како неуредна, во рок од три дена донесува заклучок со кој му наложува на стечајниот управник да ја продолжи постапката за утврдување и оспорување на побарувањето. Против заклучокот на стечајниот судија не е дозволен приговор.

18.3.2. Посебна табела за неуредни пријави за побарување

Оценката за тоа дали доверителот поднел уредна пријава е на стечајниот управник кој во истиот извештај кој го доставува до судијата во врска со навременоста на поднесените пријави го известува судијата за тоа кои доверители поднеле неуредни пријави и во што се состои неуредноста.

При оценката на уредноста на една пријава треба особено да се земе во предвид дали таа ги содржи сите задолжителни податоци кои се со закон пропишани. Во рамките на оваа постапка стечајниот управник ја испитува содржината на пријавата, по однос на задолжителните податоци предвидени со закон.

Постапката за оценката на неуредност на пријавата е поинаква од постапката за оценка на навремено поднесување на пријавата.

Во оваа постапка стечајниот управник е овластен да изврши оценка на тоа дали може да пристапи кон испитување на побарувањето истакнато со поднесената пријава или не. Доколку утврди дека пријавата е неуредна, стечајниот управник е должен веднаш да ја врати пријавата на доверителот на нејзино уредување оставајќи му рок од осум дена. Кај неуредните пријави табелата содржи кога ја вратил пријавата на уредување и дали и кога стечајниот доверител ја вратил или не ја вратил пријавата. Лоша практика е ако доверителот поднел пријава за побарување на одреден износ и не ги поднел доказите врз основа на кои се утврдува основаноста на побарувањето. Доколку, стечајниот управник побара да се уреди пријавата, доверителот нема можност да ја менува висината на пријавеното побарување со оглед на тоа што се работи за поднесување на нова пријава за побарување која веројатно е ненавремено поднесена. Значи доверителот може да изврши уредување на пријавата само во рамките на пријавувањето побарување, а врз основа на произнесувањето на стечајниот управник.

Доколку, доверителот не ја уреди пријавата во оставениот законски рок, стечајниот управник доставува предлог до стечајниот судија поднесената пријава да биде отфрлена како неуредна. Стечајниот судија во рок од три дена од доставениот предлог, ќе донесе решение со кое ја отфрла пријавата како неуредна. И против ова решение дозволена е жалба до апелациониот суд во рок од осум дена по приемот на решението. Апелациониот суд е должен исто како и во претходниот случај да одлучи по поднесената жалба најдоцна во рок од осум дена од приемот на жалбата.

Во случај ако доверителот ја уреди пријавата во законскиот рок се смета дека дека таа е поднесена навремено и истата била уредна.

18.3.3. Испитување на пријава на доверител со право на одвоено намирување

Пријавата за одвоено намирување на предмет или право се доставува до стечајниот управник во рок од петнаесет дена од денот на објавување на огласот за отворање на стечајната постапка во Службен весник на РМ. Стечајниот управник, поднесената пријава на доверителот со право на одвоено намирување ја испитува при што треба да утврди дали се исполнети условите од материјално правен карактер и од формален правен карактер за воспоставување на заложното право.

Материјално правни услови кои треба да се испитаат се однесуваат на: начинот и правната основа на засновање на тоа право, предметот над кој постои разлачно право, висината на обезбеденото побарување како и дали договорот за заложно право е заклучен заради обезбедување на обврска на должникот или обезбедувањето е воспоставено за обврска на трето лице.

Формално правниот услов кој стечајниот управник треба да го провери, а кој е поврзан со материјално правните услови е времето кога обезбедувањето е воспоставено.

При утврдувањето на фактот кога е стекнато правото на одвоено намирување стечајниот управник посебно треба да го утврди временски период кога право е воспоствено односно дали тоа е воспоставено во текот на последните 90 дена пред поднесувањето предлог за отворање на стечајна постапка или потоа.

Притоа посебно треба да изврши анализа на фактот на кој начин е воспоставено заложното право односно дали се работи заложно право со судско извршување или со обезбедување или дали се работи за воспоставено заложно право со договор.

Во случај кога заложното право е воспоствено во последните 90 дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка со судско извршување или со обезбедување вака воспоставеното заложно право не е важечко и по сила на законот се смета дека истото престанало со денот на отворањето на стечајната постапка.

Ако се работи за договорно воспоставување на заложното право во тој случај може да биде предмет на побивање на правни дејства што ги преземал должникот, ако се исполнети условите со законот**.**

18.4. Табела (шема) за утврдени и оспорени побарувања

Покрај оценката на пријавите од процесен аспект односно дали ги исполнуваат условите по основ на уредност односно се навремени во исто време стечајниот управник е должен да преземе мерки околу испитување на побарувањето од материјално правен аспект, односно да ја утврди основаноста на поднесената пријава за побарување.

Стечајниот управник треба ја состави посебната табела(шема) на утврдени и оспорени побарувања, односно да го заврши испитувањето на побарувањата во рок од 15 дена по завршетокот на рокот за пријавување на побарувањата.

Во оваа фаза од стечајната постапка во кој се испитуваат пријавените побарувањата на доверителите, стечајниот управник е должен да го собере целокупниот процесен материјал кој му е потребен да донесе правилна одлука по поднесената пријава. Значи стечајниот управник е должен да ги собере сите факти и докази, да ги утврди фактите и да ги изведе доказите кои доверителите не ги предложиле како би можел да донесе одлука по поднесената пријава за побарување од доверителот.

Карактеристика на постапувањето на стечајниот управник во оваа фаза може да се согледа преку примена на истражно начело, со тоа што испитувањето го врши надвор од постапка (не се преземаат процесни дејства од судот во врска со испитувањето на побарувањата) и се работи за сложена операција во која кај

стечајниот управник се концентрира собирањето на процесниот материјал во врска со секоја поднесена пријава поединечно како и донесување на одлука.

Основно процесно дејство кое го презема стечајниот управник во овој сегмент од стечајната постапка е составување на табела (шема) на утврдени и оспорени побарувања. Лоша практика е ако стечајниот управник ги признае сите побарување или оспорува побарувања без за тоа тоа да има причина.

Со табела (шема) на утврдени и оспорени побарувања, стечајниот управник писмено се произнесува за секое пријавено побарување и по основ и по висина, со тоа што се наведува дали го признава или оспорува побарувањето и во кој дел.

Стечајниот управник составената посебна табела(шема) ја доставува до стечајниот судија и во наредниот рок од пет дена ја депонира во стечајното досие заедно со сите приложени документи, исправи и докази доставени по секоја пријава. Се работи за дејство кое стечајниот управник треба да го преземе паралелно со тоа што доставата до стечајниот судија треба да биде од формален карактер.

Од друга страна депонирањето во стечајно досие на составената посебна табела(шема) е од основно значење на информирањето на доверителите. Во стечајното досие не се депонира само составената посебна табела(шема), туку и сите приложени документи, исправи и докази доставени по секоја пријава.

Истовремено со доставувањето во стечајното досие, во истиот рок стечајниот управник составената посебна табела(шема) ја објавува преку системот на Е-стечај. Покрај објавувањето на ова решение во стечајното досие и преку системот на Е-стечај, стечајниот управник е должен да објави известување на огласна табла на судот и во еден дневен весник за тоа дека табелата на утврдени и оспорени побарувања е депонирана во стечајното досие. Покрај, тоа стечајниот управник е должен да изврши лична достава на посебната табела на доверителите чии побарувања се оспорени.

Со Правилникот за формата и содржината на посебната табела(шема) на утврдени и оспорени побарувања („Службен весник на Република Македонија“бр.) донесен од Министерот за Економија е уредено подетално што содржи точно табелата. Таа содржи: реден број; назив, седиште, единствен матичен број на субјектот за правните лица и име и презиме, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, за физичките лица; исплатен ред; назив на носителот на платен промет; број на жиро сметка; правен основ на побарувањето; предмет врз кој има хипотека; пријавен износ на побарување; утврден износ; оспорен износ; правен основ на оспорувањето; процентуално учество на побарувањето во вкупните побарувања; вкупно побарувања од повисок исплатен ред и стечајни доверители и вкупно побарувања на разлачни доверители. Добра практика е во рамките на табелата(шема) за утврдени и оспорени побарувања да се изготват посебни табели за стечајните доверители, стечајните доверители од повисок ред и разлачните доверители.

ПРИЛОГ

ТАБЕЛА (ШЕМА) НА УТВРДЕНИ И ОСПОРЕНИ ПОБАРУВАЊА

Реден број	Назив/ Име и презиме	Седиште/ адреса	ЕМБС/ ЕМБГ	Исплатен ред	Назив на носителот на платен промет	Број на жиро сметка	Правен основ на побарува-њето	Предмет врз кој има хипотека	Пријавен износ на побарува-ње	Утврден износ	Оспорен износ	Правен основ на оспорува-њето	Процентуално учество на побарувањето во вкупните побарувања
Вкупно побарувања од повисок исплатен ред и стечајни доверители:													
Вкупно побарувања на разлачни доверители:													

18.4.1. Право на приговор на доверителите на табелата(шема) за утврдени и оспорени побарувања

Доверителите имаат право да поднесат приговор против табелата за утврдени и оспорени побарувања.

Право на приговор имаат само доверителите кои пријавиле побарување, без разлика дали им е признаено или оспорено побарувањето. Приговорот се поднесува до стечајниот судија во рок од осум дена од приемот на табелата или и за оние доверители кои имаат утврдени побарувања од денот кога биле известени дека табелата е депонирана во стечајното досие. Тоа посебно се однесува ако стечајниот управник делумно или целосно го оспорил нивното побарување или пак пропуштил да се произнесе по некое од барањата содржани во пријавата.

Секој доверител може да оспори побарување на друг доверител само доколку во рокот од осум дена**.** поднесе посебен приговор. Рокот од осум дена започнува да тече од денот кога доверителот бил известен дека табелата(шемата) била депонирана во стечајното досие. Значи доколку еден доверител сака да му оспори побарување на другиот доверител процесна претпоставка за да може ова побарување да биде оспорено е поднесување на посебен писмен приговор во кој што треба да го образложи правниот интерес, и кон приговорот да достави оригинална или заверена исправа од нотар или друг доказ со кој го докажува своето тврдење.

Во приговорот треба на јасен и недвосмислен начин да побара стечајниот судија да го упати на парница доверителот чие побарување се оспорува или него со цел да го оспори утврденото побарување на другиот доверител од страна на стечајниот управник. Во спротивно ако во приговорот навел дека приговара само на тоа што стечајниот управник го признал побарувањето на другиот доверител, не постои основ стечајниот судија да го упати на парница. Ако не поднесе посебен приговор доверителот го губи правото да го оспори побарувањето на друг доверител во понатамошниот тек на постапката за утврдување, што значи дека нема право и да поднесе тужба за оспорување на побарување на друг доверител.

Истото се однесува ако пред отворањето на стечајната постапка била водена парница која поради настанувањето на правните последици од отворената стечајна постапка е прекината. Процесна претпоставка да продолжи оваа парница е доверителот да поднесе приговор во отворената стечајна постапка во законскиот рок од осум дена кој е преклузивен со кое го оспорува побарувањето на друг доверител кој во парницата бил тужен. Доколку не го поднесе овој приговор доверителот го губи правото да ја продолжи парницата. Лоша практика е ако, се бара доверителот чие побарување е оспорено од страна на стечајниот управник да поднесе приговор како услов за водење на парница по оспореното побарување.

Стечајниот судија, поднесените приговори ги доставува на стечајниот управник на произнесување. Поднесените приговори се разгледуваат на испитното рочиште кое е закажано со решението за отворање на стечајната постапка.

Стечајниот судија при определувањето на овој датум ќе треба однапред да внимава на сите рокови кои треба да протечат за да се создадат услови на овој датум

истото да се одржи и на него да се разгледуваат само оспорените побарувања на доверителите.

18.5. Испитно рочиште

Стечајниот судија испитното рочиште го свикува со донесувањето на решението за отворање на стечајната постапка и доверителите се информираат за датумот кога тоа ќе биде одржано со огласот кој се објавува во Службен весник на Република Македонија. Со тоа сите доверители се сметаат за уредно повикани да присуствуваат на испитното рочиште и тоа се одржува во секој случај без разлика дали сите доверители биле присутни или не. Ова се однесува и на доверителите кои поднеле приговори. Лоша практика е ако стечајниот судија дозволи на самото рочиште доверителите да поднесуваат усно приговори против произнесувањето на стечајниот управник. Исто така лоша практика е ако стечајниот судија го одложи ова рочиште поради тоа што доверителите кои поднеле приговор не се присутни на испитното рочиште.

На рочиштето за испитување на побарувањата стечајниот управник се произнесува само по приговорите поднесени по неговото одлучување кое го внел во табелата која писмено ја изготвил и ја доставил со доверителите . Тоа значи дека на ова рочиште стечајниот судија треба да му овозможи стечајниот управник да се произнесе само по претходно доставените приговори и доставените докази од страна на доверителите. Доверителите на ова рочиште на кое се разгледува нивниот приговор неможат да истакнуваат нови барања или веже поднесените приговори за да бидат проширени ниту пак да бидат поднесувани нови нови пријави за побарување. Лоша практика е ако стечајниот судија дозволи, стечајниот управник во врска со поднесените докази кон приговорот да изготви нова табела за утврдување и оспорување на побарувањата и да се достави на доверителите и повторно да тече рокот за приговори.

Карактеристично за ова рочиште е тоа што стечајниот управник треба само да ја соопшти неговата одлука по однос на поднесените приговори. На ова рочиште не е предмет на разгледување пријавите на доверители за кои во шемата се произнел дека ги признава и истите се сметаат за утврдени. Стечајниот управник се произнесува само по поднесените приговорите, на тој начин што наведува кои приговори ги прифаќа, а кои не ги прифаќа со наведување на причините поради кои го прифатил приговорот или предлага истиот да се одбие. Лоша практика е ако стечајниот судија дозволи на ова рочиште стечајниот управник да ја чита целата табела посебно во делот за утврдените побарувања.

Доколку, во постапката по поднесениот приговор на доверителите настанат определени измени во табелата за утврдени и оспорени побарувања стечајниот управник е должен веднаш да ги евидентира. Ваквата табела со евидентираните измени не се доставува до доверителите туку таа му служи на стечајниот судија да го изготви решението за утврдени и оспорени побарувања.

По заклучувањето на испитното рочиште стечајниот судија е должен во рок од три дена да изготви писмено решение.

18.5.1. Решение за утврдени и оспорени побарувања

Решението за утврдени и оспорени побарувања кое го донесува стечајниот судија врз основа на одлучувањето на стечајниот управник има карактер на мериторна одлука која се однесува на правна заштита на доверителите во стечајната постапка. Со донесување на оваа мериторана одлука е разрешено прашањето кое е од материјално правна природа, а се однесува на основаноста на барањето на доверителите за давање правна заштита. Со самото донесување ова решение станува и правосилно и може да биде променето само во случај доколку доверителот или стечајниот управник ги искористи своите права да побара судска заштита од надлежниот суд според правилата на парничната постапка. Лоша практика е да се дозволи жалба против ова решение иако со законот таа не е дозволена.

Исто така, ова решение на стечајниот судија кое е од материјалноправна природа има влијание на натамошниот тек на стечајната постапка. Со ова решение стечајниот судија истовремено утврдува кој од доверителите имаа право да учествуваат во донесувањето на одлуките во стечајната постапка како и тоа кој од доверителите имаат право да учествуваат во колективното намирување на побарувањето и со кој износ**.**

Значи врз основа на оваа извршна исправа, доверителите се стекнуваат со право на глас на собранијата на доверителите без разлика дали се работи за првото извештајно или други собранија на доверители кои не ги свикал стечајниот судија и на рочиштето за произнесување и гласањето по предложениот план за реорганизација. Од друга страна доверителите доколку не го наплатат своето побарување во целост како е утврдено во ова решение, а е донесено решение за заклучување на стечајната постапка истото претставува основ за бришење на побарувањето спрема должникот од сметководството на доверителот. Лоша практика е ако стечајниот судија изврши погрешно упатување на доверителите на спор, поточно кој од доверителите имаат активна легитимација да поведат постапка за утврдување на побарувањето. Исто така лоша практика е ако доверителот кој има извршна исправа и е оспорена од страна на стечајниот управник да биде упатен да поведе парница. Право да поведат парница имаат доверитителите или стечајниот управник кој го оспорува побарувањето врз осноава на извршна исправа.

По однос на оние доверители чии побарувања се утврдени истото претставува и извршена исправа за наплата на утврдените побарувања во стечајната постапка.

18.6. Судска заштита на доверителите со оспорено побарување

Кога пријавеното побарување на доверителот е оспорено од стечајниот управник, во тој случај состојбата по однос на активната легитимација за поведување на парницата е поинаква. Така може да се направи разлика по однос на тоа кој има активна легитимација да поведе парницата по повеќе основи. Тие основи се однесуваат на карактерот на пријавата која доверителот ја поднел и на што тоа побарување се заснова.

Доколку пријавеното побарување од доверител не се заснова на извршна исправа и е оспорено од стечајниот управник во тој случај доверителот чие побарување е оспорено е единствено активно легитимиран да поведе постапка заради утврдувањето на своето побарување.

Рокот во кој треба да поднесе тужба за утврдување е осум дена по приемот на решението за оспорување на побарувањето. Овој рок е преклузивен и доколку доверителот го пропушти, се создава можност неговата тужба за утврдување на побарувањето да биде отфрлена како ненавремена од надлежниот суд.

Вториот случај е кога доверителот поднел пријава за побарување која се заснова на извршна исправа и тоа побарување е оспорено од стечајниот управник.

Во овој случај активно легитимиран за поведување на парница е стечајниот управник кого стечајниот судија треба да го упати на парница. Значи стечајниот управник во овој случај треба да поведе парница во рок од осум дена од приемот на решението за оспорени и утврдени побарувања и во парницата да докаже дека побарувањето од извршната исправа престанало, односно дека повеќе не постои.

Правното дејство на оспорувањето на стечајниот управник односно доверителот не е апсолутно, бидејќи тоа не влијае на извршната исправа како поединечен правен акт со кој на авторитативен начин е утврдено постоење на побарувањето. Оспорувањето има дејство само на побарувањето на доверителот утврдено со извршната исправа со тоа што стечајниот управник е должен да докаже дека тоа престанало или не постои.

Се работи за овластување на стечајниот управник кое произлегува од неговата должност да ја заштита на стечајната маса. Всушност стечајниот управник е овластен да ја заштити стечајната маса на тој начин што при оценката на побарувањата на доверителите ќе создаде услови да бидат признаени само побарувањата на оние доверители чие побарување навистина постоело во моментот на отворањето на стечајната постапка.

Ова овластување на стечајниот управник е сепак ограничено со тоа што тој не смее да го злоупотреби правото на оспорување ниту правото на утврдување на побарувањата за кои постои извршна исправа, како и другите побарувања на довертели. Правилата поврзани со заштита на доверителите околу признавањето на непостоечко побарување на доверител или оспорување на побарување на доверител

за кое постои извршна исправа не се изричито нормирани во законот, сепак се содржани во правилата кои се однесуваат на разрешување на стечајниот управник од должноста поради повластување на доверител.

Исто така за дејството на стечајниот управник посебно околу признавање на непостоечко (лажно) побарување на доверител нормирана е и негова кривична одговорност. Тргнувајќи од премисата дека стечајниот управник во испитувањето на побарувањата во стечајната постапка ќе биде совесен и одговорен, а и поради примената начелото на итност не е предвидена дополнителна заштита на доверителите од пристрасното постапување на стечајниот управник, па така еднаш утврдени и оспорени побарувања од страна на стечајниот управник неможат да се преиспитуваат.

Сепак постои можност стечајниот судија, доколку го разреши стечајниот управник и именува нов стечаен управник пред одржувањето на испитното рочиште со заклучок да му наложи на новиот стечаен управник да ја преиспита постапката на утврдување и оспорување на побарувањата на доверителите од претходниот стечаен управник. Ваква можност не постои ако е заклучено испитното рочиште, по кое стечајниот судија треба да донесе решение за утврдени и оспорени побарувања Во тој случај останува на сила произнесувањето на стечајниот управник и во случај ако во меѓувреме е сменет и именуван друг стечаен управник.

И во двата случаја кога доверителот е упатен на спор или спорот треба да го поведе стечајниот управник, нормирано е правило на преклузивност на рокот од осум дена од наредниот ден на приемот на решението на стечајниот судија и последицата од неговото пропуштање е губење право на судска заштита во врска со пријавено побарување во стечајна постапка. Можноста за воспоставување на судска заштита и во овој случај е поврзана со преиспитувањето на одлуката на стечајниот управник. Меѓутоа, ова овластување да се поднесе посебна тужба или да се продолжи постапката која претходно се водела за доверителот, односно за стечајниот управник е ограничено со определ рок. Пропуштањето на рокот од осум дена кој тече од денот на приемот на решението за утврдени и оспорени побарувања, значи дека доверителот се одрекол да води парница.

Правната последица од одрекувањето да се води парница за стечајната постапка во одредени случаи значи и промена на табелата на утврдени и оспорени побарувања. Тоа пак е поврзано со промена на колективното намирување на доверителите и има влијание на процентуалното намирување на доверителите во постапката за ликвидација на стечајниот должник. Така на пример ако доверителот пријавил побарување кое се заснова на судско порамнување кое по правна природа е извршна исправа и стечајниот управник го оспорил ова побарување и е упатен на парница, не поведувањето на парница во рокот од осум дена значи дека тој се одрекол од правото да води парница и со тоа се смета дека побарувањето на доверителот за кое постои судско порамнување е утврдено. Поради тоа, стечајниот управник ќе треба да изврши промена во табелата за утврдени и оспорени побарувања и да го извести доверителот.

Доколку, побарувањето на доверителот е признато од стечајниот управник, а оспорено од друг доверител во тој случај, на спор се упатува доверителот кој го оспорувал побарувањето да докаже дека тоа не постои или истото е наплатено.

Парницата доверителот може да ја поведе или да ја продолжи во рок од осум дена од приемот на решението за утврдени и оспорени побарувања. Се работи исто така за преклузивен рок. Во овој случај, треба да биде исполнет уште еден услов. Доверителот кој го оспорува побарувањето е должен заедно со тужбата да достави и доказ за обезбедување надомест на штета најмалку во износ од една петтина од висината на оспореното побарување. Со други зборови овој доверител и да поднесе навремена тужба односно да ја продолжи парницата треба да достави доказ за обезбедување на надомест на штета. Последица од поднесување на овој доказ, е откажување од оспорување на побарувањето. Значи во парницата судијата ќе констатира дека доверителот се откажал од оспорување на побарувањето поради не доставување на доказ за обезбедување на надомест на штета.

Доколку пак судот во парницата го усвои тужбеното барање на доверителот трошоците на постапката паѓаат на товар на стечајната маса.

Во случај кога доверителот го докажува своето побарување со извршна исправа состојбата по однос на упатување во парница се менува. Во тој случај стечајниот судија треба во решението за оспорени и утврдени побарувања да го упати стечајниот управник да поведе парница во рок од осум дена. Истото се однесува и за доверителот доколку го оспорува побарувањето на друг доверителот за кој овој поседува извршна исправа. Стечајниот управник односно доверителот во овој случај во парницата треба да докаже дека побарувањето од извршната исправа престанало, односно дека повеќе не постои. Општо правило е ако доверителот, односно стечајниот управник не поведат парница во рокот од осум дена, дека ќе се смета дека се одрекле од правото за водење на парницата. Последица од неповедување на парница во законскиот рок е утврдување на оспореното побарување и стечајниот управник е должен по службена должност да направи промена во табелата за оспорени и утврдени побарувања.

Стечајниот судија ги суди парниците кои настануваат во врска со оспорените побарувања. Тој овие предмети треба да ги земе во работа најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на тужбата, односно предлогот за продолжување на парницата. Процесниот закон по кој се води постапката останува ист, тоа е Законот за парничната постапка со тоа што за овој вид предмети кои се поврзани со утврдување на оспорените побарување и побивање на правните дејства одредени рокови се скратени. Така рокот за поднесување на одговор на тужба е осум дена. Стечајниот судија кој ја води парницата треба да закаже и да го одржи рочиштето за главна расправа најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на одговорот на тужбата. На крајот постапката пред првостепениот суд мора да заврши во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на тужбата односно предлогот за продолжување на парницата. Рокот за поднесување на жалба против пресуда донесена во прв степен е 8 дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата.

Надлежниот апелационен суд е должен да донесе одлука по поднесената жалба против одлуката на првостепениот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата: рокот е продолжен на 30 дена доколку пред надлежниот апелационен суд треба да се одржи расправа.

Странките можат да изјават ревизија во рок од 15 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата. Врховниот суд на Република Македонија

одлуката по ревизијата ќе ја донесе најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на предметот во работа.

18.6.1. Правно дејство на пресудата донесена во парница по оспорено побарување

Правосилната пресуда која ќе биде донесена во парницата поведена од страна на доверителот во случај кога му е оспорено побарувањето кое го пријавил во стечајната постапка од страна на стечајниот управник има правно дејство спрема стечајната маса, спрема сите стечајни доверители и може да влијае на положбата на доверителот при наплатата на побарувањето.

Стечајниот управник е единствено надлежен да пристапи кон извршување на правосилна пресуда донесена во врска со оспорено побарување на доверителот. Во таа смисла во зависност од стадиумот на стечајната постапка кога е поднесена за извршување од страна на доверителот, тој треба да преземе мерки да ја евидентира во табелата односно шемата на пријавени побарувања. Со оглед на тоа што еднаш стечајниот судија донел решение со кое било оспорено побарувањето во овој случај нема законска можност стечајниот судија повторно да донесе решение со кое сега ќе биде утврдено побарувањето на овој доверител, тоа решение го заменува правосилната пресуда донесена од надлежниот суд.

Во случај кога во стечајната постапка била извршена авансна распределба на средства од впаричената стечајна маса на доверителите со утврдени побарувања, стечајниот управник треба да резервира дел од овие парични средства во истиот процент кој бил исплатен на другите доверители, за оспореното побарување на доверителот. На овој начин се создаваат услови да се оствари начелото за рамномерно намирување на доверителите, вклучувајќи го и доверителот кој дополнително се стекнал со правосилна пресуда со која му е утврдено побарувањето. Значи, стечајниот управник е должен да изврши распределба на резевираниот дел од впаричената стечајна маса на овој доверител и со тоа да ја изврши правосилната пресуда со која е утврдено побарувањето на доверителот.

Во случај кога тужбено барање на овој доверител е одбиено, правосилната пресуда со која е одбиено тужбеното барање на овој доверител има правно дејство спрема сите доверители. Во тој случај стечајниот управник е должен да побара стечајниот судија да донесе решение со кое ќе му одобри распределба на резевираниот дел на паричните средства на другите стечајни доверители кои имаат утврдено побарување.

Стечајниот судија може стечајната постапка да ја заклучи во случај кога ќе оцени дека стечајниот управник сите процесни дејства во стечајната постапка ги преземал и должникот нема имот кој може да биде впаричен и поголемиот дел од паричните средства распределени на доверителите. Во тој случај може да го задолжи стечајниот управник да ги заврши постапките кои се водат во врска со оспорените побарувања и во зависност од правосилните пресуди стечајниот управник да изврши

распределба на овие парични средства на доверителите кои успеле во парницата или пак овие средства да ги распредели на останатите доверители доколку доверителот го изгубил спорот за утврдување на оспореното побарување.

Оттука може да се заклучи дека правното дејство на пресудата за утврдување на оспорено побарување има влијание и на сите доверители поточно на нивниот процент на намирување.

Доверителите кои оспориле побарување на друг доверител и успеале во спорот без учество на стечајниот управник имаат право на надомест на сите трошоци во постапката од стечајната маса, ако водењето на парницата придонело стечајната маса да се зголеми, најмалку за висината на трошоците на постапката.

19. ГЛАСАЧКИ ПРАВА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ

Основен критериум врз основа на кој стечајните доверители се стекнуваат со право на глас е утврденото побарување. Така со право на глас се стекнуваат сите доверители чии побарувања се утврдени на испитното рочиште поточно оние побарувања кои ги пријавиле доверителите, а нив не ги оспорил ниту стечајниот управник ниту некој од останатите доверители.

Можно е побарувањето на доверителот да било само делумно усвоено , па така тој има право на глас само за делот во кој е утврдено побарувањето. За останатиот дел може да се стекне со прво на глас на некое од наредните собранија на доверители доколку успее во постапката за утврдување на побарувањето.

Кај доверителите со оспорено побарување, им се признава правото на глас кога нивното побарување се заснова на извршна исправа

Можна е уште една ситуација кога на овие доверители може да им се признае право на глас,а тоа е во случај стечајниот судија ќе оцени дека овие доверители имаат право на глас. Овие правила се применуваат и по однос на правото на глас на доверителите чии побарувања се со одложен услов.

Правото на глас на стечајните доверители се утврдува од висината на утврденото побарување сразмерно на учеството во вредноста на тоа побарување во вкупно утврдената вредност на побарувањата.

19.1.Гласачки права на доверителите со право на одвоено намирување од предмет или право.

Положбата на доверителите со право на одвоено намирување од предмет или право во стечајната постапка е специфична. Според начинот на кој е воспоставено правото на одвоено намирување од предмет или право на овие доверители може да се направи разлика помеѓу договорно, судско и законско заложно право. Може да се направи разлика помеѓу стекнато заложно право врз подвижни предмети или права или недвижност.

Доверителите кои стекнале заложно право треба да го пријават своето побарување во стечајната постапка. Меѓутоа за овие доверители важи правилото дека во стечајна постапка треба да му се овозможи непречено и целосно намирување на нивното побарување од предметот или правото над кого е воспоставено одвоеното право на намирување. Тоа е изразено во начелото на апсолутен приоритет на остварувањето на тоа право.

Гласачките права на овие доверители на првото извештајно собрание се условени такашто и покрај тоа што истите се стекнале со гласачкото право односно утврдено им е правото на побарување како и правото на одвоено намирување од предмет или право тие можат да бидат исклучени од гласањето по одлуките кои се носат. Ако писмено се изјасниле пред одржувањето на првото извештајно собрание или усно на самата седница се изјаснат дека нема да учествуваат во планот за реорганизација или пак реализација на заложното право ќе го извршат според правилата надвор од стечајната постапка тие немаат право да гласаат. Се работи за диспозиција на овие доверители да одберат кој е нивниот интерес и дали кон реализација на заложното право ќе пристапат според правилата на стечајната постапка или извршување. Ако се одлучиле реализацијата на заложното право да ја спроведат надвор од стечајната постапка имаат право да го продолжат извршувањето кое веќе го започнале.

Во сите останати случаи тие имаат право на глас и покрај тоа што побарувањето им е оспорено со оглед на тоа што го имаат запишано право на одвоено намирување во јавна книга .

19.2. Потребно мнозинство за да се донесе одлука на собранието на доверители

Доверителите на собранието на доверители без разлика дали се работи за прво извештајно собрание или за некое подоцнежно собрание донесуваат одлуки со гласање. Така, за одредена одлука да биде донесена, потребно е за неа да гласале мнозинство од утврдените побарања претставени од присутните доверители.

Тоа значи дека цензусот за донесување на една одлука на собранието на доверители е спуштен на доста ниско ниво.

Стечајниот судија пред почетокот на собранието констатира присуство на доверителите и ги констатира нивните права на глас. За да биде одлуката донесена

потребно за предложената одлука да гласале мнозинство од доверителите со утврдени побарувања во однос на вкупно утврдените побарувања на доверителите кои биле присутни на собранието.

Тоа значи големо и активно учество на доверителите во стечајната постапка и присуство на сите собранија на доверители кои биле закажани од стечајниот судија или претседателот на одборот на доверители на кој начин секој доверител може да ги контролира одлуките донесени од собранието на доверители со цел да ги заштити своите интереси во стечајната постапка. Ова посебно се однесува за мнозинските доверители.

20. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕКОНОМСКО – ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК

Наведените претходни стадиуми на стечајната постапка меѓу себе се поврзани и треба да завршат со изготвување на извештај за економско-финансиска состојба на должникот кој стечајниот управник треба да го презентира на првото извештајно собрание.

Стечајниот управник извештајот за економско финансиска состојба на должникот треба да го достави до стечајниот судија, до членовите на одборот на доверители и го депонира во стечајното досие на увид на доверителите најдоцна во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за отворање на стечајната постапка.

Со други зборови стечајниот управник мора да го изготви извештајот за економско финансиска состојба во рок од 45 дена од денот на отворање на стечајната постапка.

Стечајниот управник е должен во рок од три дена од извршената достава во стечајното досие да објави известување на огласна табла на судот и во еден дневен весник за тоа дека извештајот е депониран во стечајното досие.

Стечајниот управник при изготвување на овој извештај треба да го има во предвид Правилникот за професионални стандарди за стечајна постапка - професионален стандард за составување на извештајот на стечајниот управник за извештајно собрание(„Службен весник на Република Македонија“ бр.119/06) и може да ги користи податоците кои должникот ги навел во:

- извештајот за економско - финансиска состојба кој должникот преку неговите органи на управување и застапување го поднел заедно со предлогот за отворање на стечајната постапка
- извештајот кој органите на должникот ќе го состават по отворањето на стечајната постапка.

Доколку користи делови или податоци од овие извештаи стечајниот управник е должен тоа во својот извештај да го наведе при што точно ќе наведе кој дел го користел и во кој обем. Инаку, стечајниот управник одговара за точноста и потполноста на податоците кој се наведени во извештајот.

Овој извештај треба да биде составен од четири дела:

- во првиот дел треба да биде даден краток историјат и статусот на стечајниот должник;

- вториот дел треба да содржи опис на мерките и активностите кои ги превземал стечајниот управник во управувањето со имотот на стечајниот должник;

- третиот дел треба да содржи анализа и евиденција на книгите за документацијата на стечајниот должник;

- четвртиот дел мислење за очекуваниот исход во случај на затворање на деловниот потфат и ликвидација на стечајниот должник како и

20.1. Краток историјат и статус на стечајниот должник

Овој дел од извештајот треба да ги содржи сите податоци до кои дошол стечајниот управник, а кои се однесуваат на финансиското работење на должникот пред отворање на стечајната постапка.

Потребно е да се обезбеди концизен преглед на главните аспекти на дејствувањето на должникот. Стечајниот управник треба да ги изложи, на една до две страници следниве информации :

1. Име и седиште на должникот

2. Име на контакт деталите на должникот

3. Предмет - целта заради која се подготвува извештајот

4. Кус опис на дејноста на друштвото

Секое друштво работи во определена стопанска дејност. Притоа, би било добро дејноста на друштвото мора да се смести во определен контекст, а тоа е дејноста на ниво на земјата во моментот на подготвувањето на извештајот.

Основните прашања кои при анализата на дејноста би требало да се одговорат се приближно следниве:

- Основни карактеристики на дејноста во која работи друштвото.
- Статистика за вкупниот приход произведен во соодветната дејност во земјата во последните 3-5 години, со евентуална дистинкција на делот кој се извезува и делот остварен во земјата
- Главни учесници на пазарот во дејноста.

- Дали постои движење меѓу конкурентите во последните години: дали некои го зголемуваат, а други го смалуваат своето учество, дали има нови играчи?
- Предностите и слабостите на поголемите учесници на пазарот - конкуренти.
- Колкав е предвидениот раст на дејноста за идниот период?
- Датум на основањето на друштвото.
- Кои се карактеристиките на друштвото: дали има определена специјализиција, определени целни потрошувачи? Како тоа се вклопува во постојните односи на пазарот?

1) Опис на работењето на друштвото

Кога се опишува работењето на друштвото би било добро да се опфатат следниве прашања:

- Кус опис на производот / услугата на друштвото.
- Главните стратегии на бизнисот;
- Локација на друштвото. Дали друштвото е лоцирано во сопствен простор или е под закуп. Која е вредноста на просторот, односно месечната кирија. Кои се предностите и недостатоците на локацијата?
- Дали постои работна сила соодветна за дејноста на должникот;
- Дали има некои потреби од инвестиција;
- Дали производот / услугата /користи определен патент, трговски знак, франшиза или друга интелектуална сопственост.
- Историја на друштвото, со целосна презентација на друштвото: оперативна, технолошка, пазарна и финансиска.

Овој дел дава дополнителна потврда за евентуалните финансиски предвидувања ако се оди на реорганизација и на инвеститорот му се даваат повеќе доверба во нивната остварливост. Притоа, би можело да се презентира следново:

- Досегашното работење на друштвото, со нагласување на постигнатите резултати, доколку ги има, и укажување на основните причини заради кои довеле до стечајот;
- Во овој дел може да се изработи СВОТ анализа, односно да се прикаже кои се силните страни, кои се слабите страни, кои се можностите за развој на друштвото, а кои се опасностите. СВОТ анализата може и веројатно треба дополнително повторно да се доразработува.
- Детали за сегашното финансирање на бизнисот, сопственичката структура, задолженоста, основните финансиски резултати и показатели на финансиската перформанса и финансиската позиција, а особено да се

елаборира за тоа кои биле клучните фактори кои влијаеле да се постигнат негативните финансиските резултати.

- Детален опис на главните производи или услуги;
- Опис на производниот процес, со потребните дијаграми, шеми, технички нацрти;
- Опис на производствениот капацитет и потреба / можности за експанзија;
- Клучните фактори кои влијаат на производството, на приносот на капитал, на шкартот, и како овие фактори се контролираат и се следат;
- Опис на главните суровини, главните добавувачи на суровини, полупроизводи, услуги, со предвидените трошоци за нивниот инпут, зависност од еден снабдувач ако има таква, постоење на алтернативни извори, разработени алтернативи за тоа дали нешто да се произведува или да се купи готово или полуготово;
- Да се наведе дали постои некоја посебна предност во производствениот процес;
- Да се наведат фиксните трошоци на различни нивоа на производство - точка на рентабилитет итн.
- Што е она што го разликува производот од сличните такви производи - точка на диференцирање (на пример квалитет, цена, посебни погодности за потрошувачите, специфичен метод на дистрибуција, сервис, посебна пропаганда, единствени карактеристики итн.)? Доколку производот има некои недостатоци, тоа треба да се наведе, со забелешка дали тие можат да се совладаат;
- Каде се наоѓа производот / услугата во животниот век на производот (во фаза на истражување, веќе се стабилни на пазарот, или се наоѓаат на надолната линија на циклусот)?
- Дали слични нови производи се воведуваат од страна на конкуренцијата и дали тоа се очекува во иднина?
- Кои се главните производствени трошоци на секој основен производ / услуга?
- Каква е профитабилноста на секој основен производ / услуга
- Дали постојат планови за нови производи / услуги и дали има некој роковник за нивно можно воведување;
- Детали за производите кои се заштитени со патенти;
- Доказ дека се задоволени нужните индустриски стандарди;

2) Анализата на финансското работење на должникот

Анализата се прави за период од најмалку последните пет години, со посебен осврт за добивката односно загубата, како и нивоата на трендовите на задолженост

Постојат повеќе алатки за вршење на анализа на финансиското работење на должникот. Тоа првенствено се врши преку анализата на финансиските извештаи.

Следниве процеси се значајни при анализата на финансиските извештаи:

Хоризонтална анализа

Во постапката на хоризонтална анализа се набљудуваат стапките на раст на одделните елементи на билансите на успех и билансите на состојба во тек на повеќе години.

Вертикална анализа.

Во постапката на вертикална анализа се набљудува учество во приходите на сите или позначајните елементи на билансот на успехот во вкупните приходи и на сите или позначајните елементи на билансот на состојба во активата на должникот и тие односи се споредуваат во текот на времето

Се врши анализа на сите елементи за да се согледаат состојбите и движењата. Доколку постои ревизорски извештај, тој е многу добра основа за анализа и потребно е да се чита ревизорскиот извештај, но и финансискиот извештај и белешките за одредените елементи на кои тие се однесуваат

Анализа се прави и на тој начин што се прави споредба со слични друштва во дејноста

Анализата е целосна и кога се разгледуваат одделните индикатори. Постојат неколку видови индикатори:

- Индикатори на ликвидност
- Индикатори на оперативна активност
- Индикатори на задолженост
- Индикатори на профитабилност
- Индикатори на вредност

20.2. Опис на мерки и активности што ги преземал стечајниот управник во управувањето со имотот на стечајниот должник

Овој дел од извештајот содржи два дела:

Првиот дел се однесува на изнесување на сите податоци поврзани со преземањето и обезбедувањето и заштитата на имотот како и податоци кои се

однесуваат на соработка на органите на должникот со стечајниот управник. Посебно во овој дел стечајниот управник ќе треба да ги опише:

- мерките кои ги преземал, а кои се насочени кон обезбедување на подвижниот и недвижниот имот на должникот и негово осигурување,
- мерките кои ги превзел стечајниот управник за да ги заврши започнатите деловни работи на стечајниот должник, со опис на постигнатите или очекуваните резултати на таквите мерки;

Во вториот дел стечајниот управник треба посебно внимание да му обрне на почетниот стечаен биланс и анализа на истиот. Посебно ќе треба да изврши анализа на пописот на имотот од аспект на проценка на вредноста на имотот.

20.3. Анализа и евиденција на книгите и документацијата на должникот:

Во овој дел од извештајот треба да биде наведено:

- во каква состојба се деловните книги и документацијата на должниците
- дали постојат правни работи на должникот кои можат да бидат предмет на побивање;
- анализа на евентуалните разлики помеѓу имотот кој бил заведен во деловните книги на должникот и имотот кој стечајниот управник до денот на составување на извештајот го преземал во владение;
- приказ за отстапувањата помеѓу побарувањата на доверителите кои му се познати на стечајниот управник во моментот на составувањето на извештајот и биле пријавени во стечајната постапка и обврските заведени во книгите на стечајниот должник;
- податоци за евентуалните финансиските трансакции на должникот со поврзаните лица ;
- податоци за висината на обврските на должникот према овластените јавно правните лица на Република Македонија.
- анализа на проблемите или идните проблеми во врска со управувањето со имотот на стечајниот должник;

20.4. Очекуван исход во случај на затворање на деловниот потфат и ликвидација на стечајниот должник

Во овој дел од извештајот стечајниот управник треба да направи анализа на:

- почетната состојба во која се наоѓал должникот, при што ќе даде образложение на кој начин анализата направена;
- да состави шема во која ќе ја наведе висината на очекуваното намирување на доверителите по исплатни редови. При тоа, висината на очекуваното намирување на доверителите треба да биде корегирана за износот на очекуваните трошоци на стечајната постапка.

20.5. Одлука на доверителите по предложениот извештај за економско - финансиска состојба на должникот

За да можат доверителите да донесат одлука за понатамошно постапување во стечајната постапка односно одлучат по вака изготвениот извештај на стечајниот управник за економско - финансиска состојба на должникот треба да бидат исполнети одредени процесно правни претпоставки. Тие се следните:

20.5.1. Доставување на извештајот, пописот и почетниот стечаен биланс во стечајното досие

Стечајното досие претставува збирка на акти кој го води стварно и месно надлежниот суд кој е надлежен да постапува по овој вид на предмети. Доставувањето на овие акти во стечајното досие и неговото уредно водење претставува разработување на начелото на јавност, а претставува и можност доверителите навремено да се запознаат со содржината на актите кои се доставуваат во него. Тоа се разликува од предметот кој води стечајниот судија со оглед на тоа што во него се доставуваат само одредени акти кои ги изготвува стечајниот управник, а се од значење за доверителите и не се доставуваат на доверителите.

Во конкретниот случај доставувањето на овие акти кои ги изготвува стечајниот управник во стечајното досие и извршениот увид во нив од страна на доверителите може да придонесе доверителите да донесат правилна одлука во овој дел од постапката.

Извештајот за економско финансиска состојба стечајниот управник го доставува до стечајниот судија, потоа го доставува во стечајното досие .

За да биде доставувањето во стечајното досие целосно стечајниот управник за тоа треба ги извести и доверителите. Известувањето на доверителите ќе го изврши со тоа што на огласна табла на судот и во еден дневен весник ќе објави дека извештајот за економско финансиска состојба е доставен во стечајното досие.

Стечајниот управник има и обврска да направи и копија од извештајот и да му го достави на доверител доколку овој тоа го побара.

Покрај тоа што извештајот е доставен до стечајниот судија, овој извештај стечајниот управник треба да го достави до членовите на одборот на доверители. При доставувањето на извештајот за економско финансиска состојба на членовите на одборот на доверители би требало да се свика и седница односно заедно со извештајот да биде доставена и покана за седница на одборот на која членовите на одборот ќе го разгледуваат извештајот. Во врска со поднесениот извештај членовите на одборот на доверители односно одборот не донесува одлука.

20.5.2. Закажување на седницата на првото извештајно собрание

Првото извештајно собрание секогаш го свикува стечајниот судија и датумот на истото го објавува во огласот за отворање на стечајна постапка кој се објавува во „Службен весник на РМ“. Меѓутоа при определувањето на датумот на свикувањето на ова собрание стечајниот судија треба да има во предвид дека услов за одржувањето на ова собрание е рочиштето за испитување на побарувањата да биде одржано како и фактот дека стечајниот управник треба да го изготви и да го достави во стечајното досие во рок кој неможе да биде пократок од 15 дена пред одржувањето на првото извештајно собрание.

При определување на рокот кога треба да се одржи првото извештајно собрание важно е да се пресметаат сите рокови кои течат за да не дојде до одлагање на ова собрание. Најоптимален рок во кој стечајниот судија треба да го закаже ова собрание е околу 90 дена од денот на отворање на стечајната постапка.

Постои можност, ова собрание да се закаже и да се одржи истиот ден кога се одржува и испитното рочиште. Сепак тоа зависи од од секој конкретен случај и најмогу е поврзано со бројот на доверителите кои ќе пријават побарување во отворената стечајна постапка. Стечајниот судија голем дел од информациите за тоа дали се работи за сложена и комплексна стечајна постапка ќе може да ги добие од привремениот стечаен управник, кој би требало да ги има овие информации. Доколку треба да се одложи одржувањето на седницата на првото извештајно собрание, тоа може да се случи само во рок од осум дена.

20.6. Одлука за натамошно постапување во стечајната постапка

Ова собрание го води стечајниот судија на тој начин што најпрво нотира кој од доверителите е присутена на седницата на собранието на доверители.Потоа ги утврдува гласачките права на присутните доверители. Стечајниот управник пресметува и се изјаснува за тоа колку од доверителите присутни на собранието имаат гласачки права, поточно дали е присутно мнозинството на доверители со право на глас. . Понатаму, стечајниот судија ги поставува точките по кои доверителите треба да изјаснат. Пред да се пристапи со гласањето по секоја точка од дневниот ред кој со закон е строго определен доверителите можат да се признесат по секој поднесен предлог или да поднесуваат предлози.

На седницата на првото извештајно собрание доверителите одлучуваат за повеќе прашања кои се од значење за натамошното спроведување на стечајната постапка.

Така најпрво треба да одлучат дали стечајниот управник именуван од стечајниот судија по пат на електронски избор или врз основа на предлогот поднесен од предлагач ќе остане и понатаму или ќе именуваат нов стечаен управник. Добра пракса во овој случај стечајниот судија да дозволи гласање најпрво по оваа точка. Мнозинските доверители можат да донесат одлука да го сменат стечајниот управник без за тоа воопшто да ја наведат причината за неговото сменување. Истовремено можат да предложат именување на нов стечаен управник. Во ваков случа, стечајниот судија би требало да ја прекине седницата на собранието на доверители и да одлучи по овој предлог. Причината е во тоа што самото сменување на стечајниот управник да влијае на и на изготвениот извештај за економско финансиска состојба.

Втора одлука која треба да ја донесат е во врска со одборот на доверители именуван од стечајниот судија. Во таа смисла доверителите одлучуваат дали овој одбор на доверители ќе остане во истиот состав, дали ќе го прошират бројот на членови во одборот на доверители и дали ќе остане истиот состав на членови на одборот на доверители . Тоа значи дека покрај тоа што одборот на доверители го именувал стечајниот судија сепак последен збор по однос на овој одбор треба да го кажат доверителите на собранието на доверители. Тие треба да донесат одлука за формирање на одбор на доверители и притоа имаат можност да му го потврдат статусот на привремениот одбор на доверители.

Трета одлука која треба да биде донесена е и најважната и се однесува на понатамошниот тек на стечајната постапка. Во таа смисла доверителите треба да одлучат дали деловниот потфат на должникот ќе биде привремено продолжен, односно дали ќе се пристапи кон реорганизација или затворен и ќе се пристапи кон впаричување на стечајната маса. Пред да започне гласањето по оваа точка стечајниот управник накратко да го изложува извештајот за економско финансиска состојба, по што се преоѓа на гласање.

Доверителите може да донесат одлука со која го прифаќаат мислењето, односно предлогот на стечајниот управник за продолжување на деловниот потфат на должникот, со тоа што треба да се пристапи кон реорганизација на должникот. Со тоа може да го задолжат стечајниот управник да пристапи кон изработка на план за

реорганизација. Стечајниот управник планот за реорганизација го изработува во име на доверителите, а не во име на должникот.

Покрај, иницијатива на стечајниот управник за изработка на план за реорганизација, таква иницијатива или предлог план за реорганизација може да поднесе секој доверители или повеже доверители. Во зависност од конкретниот случај ако е поднесен план за реорганизација во тој случај се разгледува предложениот план за реорганизација и стечајниот судија треба да закаже собрание за изјаснување и гласање по предложениот лан за реорганизација. Се работи за различна ситуација бидејќи ако е поднесена иницијатива од стечајниот управник образложена во извештајот за економска состојба, или иницијатива од други доверители потребноне да се пристапи кон изготвување на план за реорганизација согласно одредбите на закон.

И покрај тоа што стечајниот управник предложил иницијатива за подготовка на план доверителите може да донесат одлука за затворање на деловниот потфат на должникот со тоа што веднаш ќе го определат и начинот и условите за претворање на имотот на должникот во пари (впаричување).

По завршувањето на извештајното собрание стечајниот судија заедно со стечајниот управник го утврдува процентот на гласови за секоја одлука поединечно и констатира каква одлука е донесена. Без разлика каква одлука доверителите донеле стечајниот судија за секоја одлука ќе изготви писмено решение.

Постои можност првото извештајно собрание да се претвора во собрание за изјаснување и гласање по предоженият план за реорганизација од органите на дожникот. Ваква можност постои и кога должникот односно доверителот заедно со предлогот за отворање на стечајната постапка поднеле изготвен план за реорганизација.

20.6.1. Ликвидација в.с. реорганизација

Проценката за тоа дали ќе биде предложена ликвидација односно впаричување на имотот на должникот или реорганизација зависи од стечајниот управник, освен ако самиот должник односно доверител не поднел план за реорганизација.

При проценката за еден од овие два начина на намирување стечајниот управник треба да се раководи од целосните анализи кои ги направил врз деловниот потфат на должникот, имајќи ја притоа предвид само целта на стечајната постапка зголемување на повратот на доверителите.

Планот за реорганизација не значи можност да се зајакне вработеноста, ниту пак треба да биде во интерес на одредена група на доверители. Главната карактеристика на предложениот план за реорганизација треба да биде негова успешна изводливост.

Со еден збор може да заклучи дека стечајниот управник може да предложи план за реорганизација само кој ќе може да се спроведе во практика и кој би му донел

повисоко намирување на доверителот од она што можел да го добие преку впаричување на имотот.

Постапката за впаричување на имотот пак е постапка која по правило на доверителите може да им донесе побрзо намирување, со оглед на тоа што се работи за исплата на впаричената стечајна маса . За разлика од оваа постапка намирувањето на доверителите преку реорганизација по правило трае подолг временски период пред се поради тоа што по правило со реорганизацијата се предлага одлагање на исплатат на одреден период, па поради тоа доверителите треба да имаат навистина добра причина за да ја прифатат реорганизацијата. Во секој случај исплата на побарувањето во поголем процент од она што би им било исплатено преку впаричувањето на имотот е тоа што би ги раководело да ја прифатат реорганизацијата. Значи по правило ниската ликвидациска вредност на имотот на должникот може да ја направи реорганизацијата која би се потпирала на идни приходи реална алтернатива во стечајната постапка.

21. ЛИКВИДАЦИЈА НА ДЕЛОВНИОТ ПОТФАТ И ВПАРИЧУВАЊЕ НА ИМОТОТ

Се работи за спроведување на посебна постапка во рамките на стечајната постапка, која има за цел впаричување на имотот на должникот и во зависност од висината на остварените средства, сразмерно намирување на доверителите. Оваа постапка се отвора, односно стечајната постапка се трансформира во постапка за впаричување на имотот во моментот кога доверителите на првото извештајно собрание донеле одлука за ликвидација на деловниот потфат и за впаричување на имотот на должникот.

Во рамките на оваа посебна постапка се спроведат повеќе фази кои се карактеристични за овој тип постапка. Првата фаза е затворање на деловниот потфат, информирање на учесниците за продажбата на имотот спроведување на постапка на продажба на имотот, распределба на впаричените средства на доверителите, завршна сметка и завршен извештај, завршно собрание на доверители на кое се прифаќа завршниот извештај и завршната сметка и заклучување на постапката.

21.1. Конечно затворање на деловниот потфат

Што се однесува до деловниот потфат на должникот, одлуката на доверителите на првото извештајно собрание на доверители значи и конечно затворање на деловниот потфат. Ова се однесува на оние ситуации кога деловниот потфат е привремено продолжен со одлука на стечајниот судија, а на предлог на стечајниот управник.

Донесувањето на решението на стечајниот судија со кое се констатира дека доверителите донеле одлука за затворање на деловниот потфат и впаричување на имотот на стечајниот должник фактички го означува крајот на фумкционирањето на деловниот потфат без разлика дали истиот бил активен, привремено продолжен или воопшто не функционирал. Ова се однесува и престанување на деловната активност на должникот во случај на завршување на недовршеното производство. Правната последица на оваа одлука е конечно престанување со секаква деловна активност и започнување на постапка за впаричување на имотот.

21.1.1. Постапка за впаричување на имотот

Одлуката за ликвидација на деловниот потфат и впаричување на имотот има влијание на содржината на продажбата на имотот. Се работи за продажба на стечајната маса и нејзино претворање на пари односно делбена маса која треба да биде

распоредена на доверителите сразмерно на висината на нивните побарувања. по принципот на паритет.

Доверителите на прво извештајно собрание треба да донесат одлука дали продажбата да се изврши на претпријатието во целина или имотот да се продава парче на парче. Се работи за многу важно прашање кое треба да биде предмет на анализа на стечајниот управник. Се работи и за различен вид на продажба која зависи од можноста да се постигне што повисок износ на парични средства кои би биле искористени за намирување на доверителите.

21.1.1.1. Продажба на претпријатието на должникот како целина

Се работи продажба или трансфер на претпријатието во целост или значителен дел, наспроти продажбата на одделен дел од имотот од претпријатието. Постои можност да дојде до трансфер на претпријатието на трето лице или на лица со посебни интереси.

Продажбата на претпријатието на трето лице може да се изврши според правилата за продажба на имотот кои се нормираи со законот без никакви ограничувања.

Продажба на претпријатието на лица со посебни интереси бара спроведување на посебна постапа која се спроведува заради обезбедување на согласност за продажба.

Ако е донесена одлука за да се изврши продажба на претпријатието или дел од претпријатието на должникот тоа може да се продаде:

- ако купувачот или лицето поседува најмалку една петтина од капиталот на должникот,
- им припаѓа на блиски лица на должникот или
- ако е доверител со право на одвоено намирување или доверител во стечајната постапка со повисоко рангирани побарувања, за чии права на одвоено намирување или побарувања стечајниот судија проценил дека достигаат вкупно една петтина од износот на сите права на одвоено намирување или една петтина од вкупниот износ на побарувањата на сите доверители во стечајната постапка со повисоко рангирани побарувања. Во овој случај основен услов е да има претходно одобрение на собранието на доверители.

Одлуката за затворање на деловен потфат и впаричување на имотот, може во конкретниот случај да има третман на претходно одобрение на собранието на доверители да се пристапи кон продажба на претпријатието или дел од претпријатието на овие лица со посебен интерес.

21.1.2. Огласување на намерата за продажба

Се работи за прво дејство кое треба да преземе стечајниот управник за да започне постапката за продажба на имотот. Се работи за т.н. огласување на намерата за продажба.

Тоа дејство е задолжително за стечајниот управник е во рок од три дена од донесувањето на оваа одлука да објави оглас, во најмалку еден дневен весник од трите најтиражни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Република Македонија, а по потреба и во странски весник, со кој ги повикува заинтересираните купувачи да го разгледаат имотот и ги информира за начинот на продажбата.

Огласот трае најмногу 15 дена. Целата која треба да се постигне во овој дел од постапката е овозможување на сите заинтересирани учесници да го разгледаат имотот кој е предмет на продажба, како и да им се објасни на купувачите постапката за електронска продажба на имотот.

21.1.2.1. Објавување на оглас за продажба на имотот

Во наредните три дена по завршување на оваа фаза, започнува електронската продажба на имотот. Најпрво се објавува оглас преку системот на електронска продажба Е-стечај кој го води Централниот регистар со кој се точно се наведува што е предмет на продажба и роковите во кој треба да се уплати гаранцијата. Огласот трае најмногу 15 дена. Продажбата на имотот се врши со електронско јавно наддавање без објавување на почетна цена ниту пак проценетата вредност на имотот кој е предмет на продажба.

Право на учество во продажбата имаат учесниците кои ќе уплатат депозит или ќе достават банкарска гаранција во висина од 10% од вредноста на имотот кој е предмет на продажбата. Постои уште една можност, а тоа е учесникот наместо да уплати депозит да достави банкарска гаранција. Се работи за алтернативна можност и судот при вршењето продажба мора да почитува и двете можности. Во случај на банкарска гаранција како депозит, судот мора да внимава од која банка е издадена и во кој рок може да ја активира.

Доколку на објавениот оглас за јавно наддавање по електронски пат, не пријавиле учество ниту еден од учесниците, стечајниот управник за тоа го известува стечајниот управник и се пристапува кон објавување на нов оглас за јавно наддавање по електронски пат.

21.1.3. Јавно наддавање по електронски пат

Заинтересираните купувачи се најавуваат преку системот за Е-стечај до стечајниот управник дека имаат намера да учествуваат на објавената електронска

продажба. Се работи за оние купувачи кои ја уплатиле бараната гаранција. Во точно определеното време на огласот, започнува електронското наддавање и трае 30 минути. По завршувањето на јавното наддавање Е-системот електронски ги известува учесниците за резултатите од наддавањето. За најдобар понудувач се прогласува лицето кое понудило најголем износ на јавното наддавање.

Учесниците во електронската продажба доколку сметаат дека настанал одреден софтверски проблем поради кој неможеле да достават понуда имаат право на приговор против одлуката за продажба во рок од три дена од денот на нејзиното објавување, по кој одлучува стечајниот судија со решение кое го донесува во рок од три дена од денот на поднесување на приговорот. Против ова решение не е дозволено право на жалба. Покрај тоа што не е дозволена жалба оваа одлука неможе да биде предмет на поништување во парнична постапка.

21.1.3.1. Одлука за продажба

Продажбата на имотот по електронски пат, секогаш се врши без објавување на почетна цена. Тоа не значи дека не се прави проценка на имот кој е предмет на продажба. Проценката на стечајната маса е задолжителна. Лоша практика ако проценетата вредност на имотот се објавува во огласот.

Доколку, при електронската продажба на имотот со јавно наддавање е понудена цена пониска од проценетата, одлука за тоа дали имотот кој што е предмет на јавно наддавање ќе биде продаден донесува собранието на доверители.

Се работи за собрание на доверители кое се свикува по предлог на стечајниот управник, со тоа што стечајниот судија го свикува во рок од три дена од завршувањето на електронското јавно наддавање. Собранието на доверители на кое треба да се одлучи дали имотот ќе биде продаден по постигната цена на електронското јавно наддавање треба да се одржи најдоцна во рок од 15 дена од денот на свикувањето.

Доколку, доверителите на собранието на доверители нема да донесат одлука, или пак истото нема да биде одржано, тогаш решение за продажбата носи стечајниот судија во рок од три дена по денот за кој било свикано собранието на доверители. Против ова решение не е дозволено право на жалба. Лоша практика е ако се свикува собрание на доверители во случај кога постигната цена на електронското јавно наддавање е повисока од проценетата вредност и доверителите одлучат да не ја прифатат.

21.1.3.2. Решение на стечајниот судија по прифаќање на понудената цена

Ако собранието на доверители донело одлука за одобрување на продажбата на имотот по понудената цена, стечајниот управник наредниот работен ден писмено го

известува стечајниот судија за одлуката за продажба донесена од собранието на доверители.

Врз основа на вака доставеното писменото известување, стечајниот судија во рок од три дена носи решение со кое констатира дека собранието на доверители ја прифатил понудената цена и го задолжува купувачот да го уплати износот на понудената цена во рок од 8 дена.

Кога пак собранието на доверители не се одржало односно не донело одлука, стечајниот судија носи одлука, про штп може заедно со решението со кое одобрува продажбата, го задолжува купувачот да го уплати износот на постигната цена или да го задолжи стечајниот управник да ја продолжи продажбата.

Ако не била прифатена понудената цена од страна на собранието на доверители, стечајниот управник го известува стечајниот судија и постапката за впаричување на имотот продолжува со објавување на нов оглас.

Учесникот на јавното наддавање кој дал најдобра понуда, која била прифатена од собранието на доверителите односно од стечајниот судија е должен да ја уплати постигната цена во оставениот рок од осум дена по приемот на решението.

Постигнатиот износ се уплатува на сметката која е отворена за потребите на стечајната постапка и стечајниот управник е должен веднаш по извршената уплата да го извести стечајниот судија.

21.1.3.3. Пренос на сопственоста

Стечајниот судија во рок од три дена по доставеното известување од стечајниот управник дека понудената цена е уплатена на сметката, носи решение со кое се констатира дека имотот е продаден.

Решението на стечајниот судија претставува и правен основ за пренос на правото на сопственост и запишување во јавните книги. Лоша практика е ако се пристапи кон солемизација на договорот за купопродажба пред нотар.

Тоа решение всушност претставува основ за стекнување на сопственоста на купувачот и претставува основ за упис на правото на сопственост во јавните книги.

Значи за да дојде до пренос на сопственоста на имотот кој бил предмет на продажба во стечајната постапка треба да бидат исполнети два услова: Првиот е, решението за продажба на имотот да станало правосилно, а вториот е купувачот на имотот да го исплатил износот на постигната цена на отворената сметка потребна за водење на стечајната постапка.

Дури по исполнување на овие два кумулативно поставени услови се создаваат услови за пренос на правото на сопственост на купувачот, запишувањето во јавните книги и предавање во владение на предметот на продажба.

21.1.4. Неуспешна продажба

Како неуспешна се смета продажбата ако не учествувал ниту еден заинтересиран купувач на објавениот оглас, или ако понудената цена не била прифатена од страна на стечајниот судија односно собранието на доверители.

Во тој случај продажбата се повторува најмногу уште два пати со тоа што продажбата треба да заврши во рок од 90 дена од денот кога е донесена одлуката за продажба на имотот.

Може да се објават три огласи за продажба на имотот по јавно наддавање по електронски пат во рокот од 90 дена.

21.1.4.1. Распределба на стечајната маса на доверителите

Во случај кога имотот од стечајната маса и покрај тоа што бил предмет на продажба не бил продаден ниту по три обиди, стечајниот управник доставува предлог за намирување на доверителите со распределба на имотот, правата и побарувањата кои влегуваат во стечајна маса.

Стечајниот судија е должен во рок од 8 дена, по приемот на предлогот на стечајниот управник, носи решение за намирување на доверителите со распределба на имотот на доверителите и против ова решение не е дозволено право на жалба. Стечајниот управник при примената на распределбата на имотот ќе треба да го почитува основното правило во стечајната постапка дека доверителите се намируваат сразмерно на нивните утврдени побарувања, како и да внимава на доверителите чии побарувања се оспорени и се уште водат парница.

Во случај кога доверителот со право на одвоено намирување ќе се согласи реализацијата на заложното право да биде извршено во стечајна постапка тогаш доколку во постапката за впаричување не бил продаден имотот врз кој е воспоставено заложно право, разлачниот доверител има право да ја продолжи постапката за реализација на заложното право преку друг надлежен орган. Лоша практика е ако и имотот над кого е воспоставено заложно право стечајниот управник го распредели на стечајните доверители.

21.1.5. ПРОДАЖБА НА ИМОТ ПОД ПОСЕБНИ УСЛОВИ

Можно е имотот на стечајниот должник кој влегува во стечајна маса да се продава и под други услови. Продажбата на имотот по пат на јавно наддавањепо електронски пат не е единствена опција за продажба на имотот. Така, во зависност од тоа за каков имот се работи, продажбата може да биде извршена и на друг начин. Тоа посебно се однесува на продажба на имот со цел да се спречи настанување на штета, и

кога во спроведување на претходната постапка е утврдено дека должникот има имот кој е недоволен за намирување на трошоците во постапката.

Во продажба на имот под посебни услови може да вброи и продажбата на недвижност над која е воспоставено заложно право.

21.1.5.1. Продажба на имот од стечајна маса со цел да се спречи настанување на штета

Стечајниот управник, врз основа на решение на стечајниот судија, пред донесување на одлука за впаричување на имотот од стечајна маса, може да врши продажба на имот од стечајна маса со цел да спречи настанување на штета.

Стечајниот судија наредниот работен ден по приемот на образложен предлог од стечајниот управник, донесува решение за продажба во кое го определува предметот, начинот и роковите за продажба. Постои целосна слобода за начинот и роковите за продажба на овој вид на имот. При оваа продажба треба единствено да се внимава дека се работи за посебен вид на имот и ако брзо не се спроведе оваа продажба можно е да настанат штетни последици за стечајната маса. Лоша практика е ако се определи продажба по пат на јавно наддавање на производи на кои набрзо им истекува рокот на траење.

Овој начин на продажба се применува и во случај кога се продава имотот на должникот во претходна постапка кога тој е од незначителна вредност и недоволен за намирување на трошоците во постапката кога стечајната постапка се отвора не се спроведува туку веднаш се заклучува. И во овој случај не е задолжително да се користи системот на електронска продажба, туку поради итноста на потребата да се спроведе продажбата, таа може да се спроведе на друг начин кој го определува стечајна судија врз основа на предлог на стечајниот управник.

21.1.5.2. Продажба на недвижност над која доверителот стекнал обезбедено право во стечајна постапка

Доколку доверителот кој стекнал право на одвоено намирување во стечајната постапка на недвижност и се согласи за реализација на тоа право според правилата на стечајната постапка, стечајниот управник треба да предложи до стечајниот судија да се изврши јавна продажба на недвижноста.

Продажбата на недвижноста над која доверителот стекнал обезбедено право и се согласил да се продава во стечајна постапка се врши со електронска продажба на имот во стечајна постапка. Така и во овој случај по спроведената проценка на вредноста на имотот кој влегува во стечајна маса вклучувајки го имотот над кој е воспоставено заложно право со согласност со доверителот кој стекнал право на одвоено намирување. Во овој случај што е исклучок од правилото, да се донесуваат

посебни решенија со кои се одобрува продажба на имотот, а пред се поради карактерот на имотот кој се продава, стечајниот судија носи решение за продажба на недвижности со тоа што во истото треба да наведе дека недвижноста се продава во стечајна постапка. Ова решение за продажба на недвижноста треба да се достави до надлежниот орган за да се прибележи во јавните книги. Стечајниот управник во огласот наведува дека недвижноста која се продава е со хипотека.

Во трошоци на спроведено извршување треба да се засметаат и сите трошоци кои ги имал стечајниот управник во врска со преземањето на недвижноста во владение, како нејзино обезбедување и сите трошоци направени во врска со нејзиното одржување до денот на продажбата. Во случај кога над недвижноста биле воспоставени повеќе заложни права, од средствата остварени од присилната продажба на недвижноста стечајниот управник ќе ги намири побарувањата на доверителите со право на одвоено намирување според редоследот предвиден со правилата на постапката за извршување. Со други зборови важи правилото кој прв воспоставил заложно право над имотот на стечајниот должник и исто било утврдено во стечајната постапка има право целосно да биде намирено неговото побарување. Од остатокот се намируваат побарувањата на другите доверители со право на одвоено намирување од втор ред. Во таа смисла треба да се напомене дека стечајниот управник при утврдувањето на правото на одвоено намирување треба да посебно да обрне внимание на времето на уписувањето на заложното право и не смее да си дозволи двајца доверители да имаат утврдено побарување на имот од ист ред.

Иста е состојбата и во случај ако се продава имот над кое е воспоставено заложно право за кое се води спор. И во овој случај спорот кој се води за уписување на заложното право над имотот кој е дел од т.н. посебна стечајна маса нема влијание на продажбата на имотот. Во ваков случај предметниот имот може да биде продаден во стечајната постапка со тоа што паричните средства кои биле остварени не би требало да бидат предмет на распределба на доверителот со право на одвоено намирување се до правосилно завршување на предметниот спор.

Во овој случај стечајниот управник треба да ги преземе сите мерки пред надлежниот катастар за бришење на уписните заложни права со тоа што истите немаат правно дејство спрема купувачот. Ова од причина што по правосилно завршување на спорот стечајниот управник ќе го исплати побарувањето на доверителот кој уписил заложно право од прв ред.

Доколку недвижноста се продава во стечајна постапка можни се две ситуации во однос на тоа колку доверители воспоставиле заложно право врз недвижноста:

Прво, во случај по извршената продажба на имотот на должникот над кого било воспоставено заложно право од еден доверител по надоместувањето на трошоците во постапката се врши намирување на побарувањето на овој доверител. Во зависност од тоа за кој износ е продадена недвижноста, и дали таа вредност го покрива побарувањето на доверителот, доколку има остаток тој претставува предмет на распределба помеѓу стечајните доверители.

Второ, доколку има повеќе доверители со обезбедено побарување стечајниот управник е должен да внимава на времето кога се воспоставени и од паричните средства добиени од продадената недвижност најпрво го намирува побарувањето на

доверителот кој прв стекнал заложно право па доколку има остаток се намируваат другите доверители според редоследот на воспоставувањето на заложното право.

Во случај овие доверители да неможат да го намират во целост обезбеденото побарување тогаш имаат право за остатокот на побарувањето да бидат намирени како стечајни доверители под исти услови со останатите стечајни доверители. Доверителите со право на одвоено намирување имаат правото на наплата на каматата само во случај таа да била е договорена и само до износот на вредноста на имотот којшто служи за обезбедување на побарувањето.

21.1.5.3. Располагање со побарување и продажба на подвижни предмети над кои е воспоставено право на одвоено намирување

Подвижните предмети и побарувања на должникот исто така може да биде предмет на рачен залог. Така правото на не владетелски залог врз побарување или друг вид права (интелектуални права и други сродни права) се стекнува со склучување на договор за залог и со попис и опис на заложното побарување или друг вид право и нивен упис во Централниот регистар.

Правото на владетедскиот залог врз побарување или друг вид право се стекнува со склучување на договор за залог и **с**о отстапување, односно пренесување на побарувањето или на друг вид на право.

Покрај овие услови во двата случаја на стекнување на не владетелски залог како и владетелски залог потребно е да биде исполнет уште еден услов, а тоа е должникот врз чија обврска е заснован залогот да биде писмено известен. Овој услов е облигаторен од причина доколку не биде исполнет залогот е без правно дејство

Доколку пред отворањето на стечајната постапка должникот заложил одредени свои побарувања тогаш стечајниот управник е должен да продолжи со наплатата на побарувањата и за тоа да го извести доверителот со право на одвоено намирување од наплата на побарувањата, како и да му овозможи на овој доверител да изврши преглед во трговските книги и другите деловни документи на должникот.

Кога стечајниот управник располага со предметот над кој е воспоставено право на одвоено намирување, во тој случај разлачниот доверител има право да биде известен за состојбата на предметот или да му биде овозможено да изврши увид во предметот. Разлачниот доверител во овој случај има право да побара известување од стечајниот управник за состојбата во која се наоѓа предметот или да му овозможи да изврши увид и самиот да ја утврди состојбата во која се наоѓа предметот.

Стечајниот управник е должен да му овозможи на доверителот да го оствари ваквото право, односно или да даде известие за тоа во каква состојба се наоѓа недвижниот предмет или да му овозможи на разлачниот доверител да изврши увид во предметот.

Стечајниот управник има право да започне постапка за продажба на предметот кој се наоѓа во негово владение, а над кој е воспоствено правото на одвоено намирување. Ова право стечајниот управник може да го оствари само доколку има одобрение на доверителот со право на одвоено намирување од тој предмет или право. По правило и овие предмети или права се предмет на попис на имотот и проценка па за тоа стечајниот управник е должен да го извести овој доверител за утврдената проценета вредност на предметот или правото и на кој начин ќе се одвива продажбата.

Доколку доверителот со право на одвоено намирување не е задоволен со начинот на продажба предложен од страна на стечајниот управник во тој случај тој е должен во рок од осум дена да го извести стечајниот управник на кој начин да пристапи кон продажба, а со цел продажбата на предметот да постигне што поголема вредност од која ќе го намири своето побарување. Секако дека и интересот на стечајниот управник треба да биде во тој правец од причина што со продажбата на имотот по што повисока вредност по исплата на обезбеденото побарување можно е од остатокот да се намират и другите доверители.

Во поповолни начини на намирување на овој доверител спаѓа и предавање на предметот на доверителот, меѓутоа тоа во секој конкретен случај треба да биде предмет на оценка и пред се зависи од вредноста на побарувањето на обезбеденото побарување на доверителот и вредноста на предметот. Инаку, во случај кога доверителот со утврдено разлачно право над подвижниот предмет во рок од осум дена пред продажбата, доставил известување со кое тој предлага некој друг за него поповолен начин за продажба, стечајниот управник ќе го прифати предлогот за поповолна продажба, ако доверителот приложи обврзувачка понуда (договор, гаранција или друго обезбедување) за откуп на заложениот имот. Оставена е можност разлачниот доверител како поповолна понуда да предложи и предавање на имотот на доверителот.

21.2. Реализација на право на одвоено намирување надвор од стечајна постапка

Доколку, продажбата на имотот кој спаѓа во посебна стечајна маса (со оглед на фактот што овој имот служи за исклучиво и приоритетно намирување на доверителот со утврдено право на одвоено намирување) се изврши надвор од стечајната постапка. по извршеното впаричување на имотот или правото над кое е воспоставено право на одвоено намирување запишано во јавна книга, надлежниот извршител прво ќе ги намири трошоците од спроведеното извршување.

Остатокот од средствата ќе ги уплати во стечајната маса по што стечајниот управник треба без одлагање да ги исплати на доверителот со право на одвоено намирување. Со оглед на тоа што се работи за намирување на доверител кој има приоритетно право утврдено согласно закон, за ваквата исплата стечајниот управник не е должен да направи план за распределба туку средствата ги исплаќа без за тоа да

добие и одобрение од стечајниот судија. Должноста е на стечајниот управник во месечниот извештај да го евидентира приливот и одливот на паричните средства и да го извести одборот на доверители. Исплата стечајниот управник треба да изврши најдоцна наредниот ден од приемот на паричните средства на сметката. Лоша практика е стечајниот управник одолговлекува со исплатата на паричните средства на разлачниот доверител, сметајќи дека проценката на имотот во извршувањето било нереално направено. Стечајниот управник може да ги користи сите правни средства кои му ги овозможуваат посебните законски прописи врз основа на кои се врши продажба.

Во овој случај кога продажбата на имотот над кој е воспоставено заложно право се врши преку извршител треба посебно да се внимава и бришењето на укниженото заложно право во имотниот лист. Тоа е важно за купувачот на имотот кој при стекнувањето на правото на сопственост треба истиот да го стекне без укнижени други стварни права посебно правото на залог. Со други зборови треба извршителот да го извести катастарот да изврши бришење на сите прибелешки и уписи во имотниот лист за продадениот имот. Значи со извршената продажба на имотот и исплата на приоритетните побарувања престануваат сите укнижени заложни права спрема купувачот и тоа по автоматизам.

22. НАМИРУВАЊЕ НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ

Намирувањето на стечајните доверители е последна фаза во стечајната постапка во која доверителите на првото извештајно собрание се одлучиле за затворање на деловниот потфат и впаричување на имотот на должникот кој влегува во стечајна маса, односно за ликвидација на должникот.

Основен услов да започне постапката за намирување на доверителите е стечајниот управник да извршил продажба на имотот кој што влегува во стечајната маса. Постојат два вида на распределби кои се разликуваат од тоа дали е извршена целосна продажба на имотот или делумна продажба на имотот. Ако е извршена делумна продажба на имотот тогаш се врши авансна распределба, а целосна продажба на имотот тогаш конечна распределба. Со еден збор, разликата помеѓу авансната и конечната распределба е во кој степен е впаричен имотот што влегува во стечајната маса. Значи, доколку целиот имот на должникот бил продаден, се создаваат услови веднаш да се пристапи кон конечна распределба на паричните средства остварени од продажбата на стечајната маса и да се прескокне авансната распределба.

Без разлика дали се врши авансна или конечна распределба на паричните средства, иницијален акт за започнување на постапката за намирување на доверителите е предлог планот за распределба на паричните средства.

Стечајниот управник е органот на стечајната постапка кој е должен да го состави предлог планот за распределба на паричните средства. Составување на предлог планот за распределба на паричните средства претставува сложена и прецизна операција која бара целосна ангажираност на стечајниот управник.

Задолжителни елементи на предлог планот за распределба на паричните средства се:

- износот на паричните средства достапен за распределба од стечајната маса,
- список на побарувањата на стечајните доверители со утврдени побарувања што ќе се земат предвид при распределбата,
- вкупен износ на побарувањата, процентот на намирување на доверителите,
- износот на паричните средства кои ќе бидат издвоени за намирување на побарувањата на доверителите чии побарувања биле оспорени

Стечајниот управник е должен предлог планот да го достави во стечајното досие заради увид на учесниците во стечајната постапка.

22.1. Авансна распределба

Авансна распределба на паричните средства започнува кога не бил продаден целиот имот на должникот и кога од продажбата на стечајната маса се остварени значителни парични средства. По завршувањето на постапката за продажба на имотот на стечајниот должник кој влегол во стечајната маса, стечајниот управник е должен во рок од 8 дена по уплатувањето на паричните средства да ја започне постапката за намирување на стечајните доверители.

Првото дејство кое мора да го изврши во овој рок е да состави предлог план за авансна распределба. Стечајниот управник е должен во предлог планот да ја наведе и висината на паричните средства кои се издвојуваат по основ на исплата на неисплатените и предвидени трошоци на стечајната маса.

По неговото составување стечајниот управник е должен веднаш да го достави до членовите на одборот на доверители на одобрување и да закаже седница на одборот на доверителите. Седницата на одборот на доверителите треба да биде закажана најдоцна во рок од осум дена по извршената достава на предлог планот за авансна распределба на членовите на одборот на доверители.

На седницата членовите на одборот на доверителите го разгледуваат планот за авансна распределба и донесуваат одлука за одобрување на предлог планот за распределба на паричните средства. Во случај членовите на одборот на доверители да не донесат одлука со која ќе го одобрат планот, тогаш треба да донесат одлука со која ќе го задолжат стечајниот управник да ги исправи сите неправилности во планот за распределба кои што го прават неприменлив во што е можно пократок рок.

Доколку одборот на доверители донесат одлука со која се одобрува предлог планот за распределба тогаш стечајниот управник заедно со одлуката на одборот на доверители го доставува предлог-планот до стечајниот судија.

Стечајниот управник е должен да го достави предлог планот до сите доверители опфатени со планот. Доверителите имаат право на приговор до стечајниот судија во рок од 8 дена од денот на доставувањето на планот за авансна распределба. Приговорите против предлог планот за авансна распределба се доставуваат до стечајниот судија.

Во овој стадиум на стечајната постапка по донесувањето на предлог планот за распределба можни се две ситуации и тоа доверителите да поднесат приговор на предлог планот или приговор да не биде поднесен.

Доколку некој од доверителите поднел приговор по предлог планот стечајниот судија е должен да го разгледа и доколку има потреба да направи одредени исправки во планот и да донесе решение со кое ќе го одобри планот за авансна распределба.

Во случај кога не е поднесен приговор од доверителите, стечајниот судија е веднаш по протекот на рокот за приговор носи решение за одобрување на планот за авансна распределба.

Решението со кое се одобрува планот за авансна распределба се доставува до стечајниот управник кој е должен во рок од 8 дена да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите.

По извршената исплата на средствата стечајниот управник е должен да состави посебен извештај за извршената исплата и да го достави до стечајниот судија, одборот на доверители, како и да го депонира во стечајното досие на должникот за увид на доверителите.

Доверителите со оспорени побарувања не учествуваат директно во авансната распределба. За намирувањето на нивните побарувања во стечајна постапка е предвидена заштита која се активира доколку достават до стечајниот управник доказ дека повеле спор пред надлежниот суд.

Овој доказ тие се должни да го достават до стечајниот управник осум дена по доставувањето на планот за распределба. Инаку со оглед на тоа што од донесувањето на решението за утврдени побарувања до првата авансна распределба можно е да помине подолг временски период кој е поврзан со брзината на постапката за впаричување на имотот можно е стечајниот управник веќе да дознал за поднесената тужба или за предлогот на доверителот за продолжување на постапката по тужбата која се водела пред отворањето на стечајната постапка. И таквото известување може да го има во предвид стечајниот управник пред изготвувањето на планот за авансна распределба со цел овие доверители кои имаат оспорени побарувања да го остварат привременото право до моментот додека не биде донесена правосилна пресуда по поднесената тужба, а тоа е право на издвојување на парични средства во висина на износот кој е оспорен.

Инаку, можни се две различни ситуации според кои доверителот може да го изгуби правото да побара да им се исплати оспориениот износ од стечајна постапка.

Првата. е доколку во рок од осум дена од приемот на решението за утврдени и оспорени побарувања не поднел тужба за утврдување на оспореното побарување или пак не ја продолжил прекината парница која ја водел пред отворањето на стечајната постапка. Во овој случај губењето на правото на наплатата на оспореното побарување е ex lege.

Втората ситуација е и покрај тоа што поднел тужба за утврдувањето на оспореното решение или ја продолжил парницата која била во прекин, за тоа не го исвестил стечајниот управник најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на планот за распределба.

Доколку на доверителот со право на одвоено побарување му било утврдено правото на одвоено намирување од предмет и право во тој случај тој може да одлучи во која постапка ќе го реализира правото на одвоено побарување, односно извршена продажбата на предметот или правото од кое одвоено треба да го намири своето побарување. Во случај ако ја продолжил започната постапка за реализација на своето право пред отворањето на стечајната постапка и од продадениот предмет или право не се намирил во целост тој е должен најдоцна во рок од петнаесет дена од приемот на планот за авансна распределба да го извести стечајниот управник и да ги достави сите

докази дека не го реализирал целосно своето побарување по основ на право на одвоено намирување од продадениот предмет.

Истото се однесува и во случај кога овој доверител ќе оцени дека своето побарување ќе го намири во повисок износ како стечаен доверител и ќе се откаже од правото на одвоено намирување. И во двата случаи овој рок е преклузивен односно со неговото не почитувањето и не доставување на потребните писмени докази овие доверители го губат правото да учествуваат во авансната распределба.

Се смета дека овие доверители ја извршиле својата обврска со цел да учествува во авансната распределба доколку најдоцна во наведениот рок му поднеле докази на стечајниот управник дека:

- презеле определени дејства во врска со располагањето со предметот врз кој постои правото на одвоено намирување
- го известиле за износот (делот) од нивното побарување што најверојатно нема да биде намирен.

Во тој случај, при авансната распределба ќе биде издвоен износот потребен за намирување на нивното побарување процентуално како и за останатите стечајни доверители. Ако при конечната распределба не се исполнети наведените условите, задржаниот дел може да биде пренесен во средствата наменети за конечната распределба.

Може да се направи разлика и по однос на правата на овој доверител во случај доколку стечајниот управник е овластен да располага со предметот врз кој постои правото за одвоено намирување тогаш не постои можноста која погоре е наведена.

При составувањето на планот за авансна распределба, стечајниот управник го зема предвид целиот износ на побарувањето врзано за одложен услов така што ќе издвои од средствата наменети за распределба и ќе се задржи делот потребен за намирување на тоа побарување.

За разлика од побарувањата кои се со одложен услов, кај побарувањата кои се со раскинлив услов истите ќе бидат земени предвид при распределбата само доколку доверителот дал средства за обезбедување дека ќе го врати она што го примил од стечајната маса кога ќе настапи тој услов.

Стечајниот управник не смее да дозволи состојба според која за доверителите со оспорени побарувања како и за доверителите со право на одвоено намирување на право или предмет нема да обезбеди издвојување на средства.

Така, стечајниот управник при наредната дополнителна авансна делба доверителите кои не биле земени во предвид при првата авансна делба да ги земе во предвид и за нив да обезбеди средства од стечајната маса во истиот процент како за останатите доверители на кои им бил авансиран определен износ.

Значи во случај ако овие доверители не биле земени во предвид при првата авансна распределба, во дополнителната авансна делба или конечната распределба мораат да бидат земени во предвид доколку ги исполнуваат условите предвидени во овој закон и за нив да биде обезбеден износ на парични средства како и стечајните

доверители кои биле авансно намирени. По обезбедувањето на правото на авансна распределба од впаричените средства стечајниот управник може да пристапи кон распределба на паричните средства на останатите доверители.

22.2. Конечна распределба

Вториот начин на распределба на средствата добиени од продажба на имотот на должникот е конечна распределба на паричните средства. До конечна распределба на паричните средства може да дојде и веднаш и без да биде спроведена авансна распределба само во случај кога ќе бидат исполнети условите за тоа.

Стечајниот управник е должен да состави план за конечна распределба веднаш штом ќе биде извршено целосното впаричување на имотот што влегува во стечајната маса. Истата постапка која се однесува на составување на предлог планот за авансна распределба се применува и во случајот на конечната распределба. Рокот во кој треба да биде составен овој план за распределба е осум дена од денот на пристигнување на средствата на сметката на стечајниот должник.

Заедно со предлог планот за конечна распределба стечајниот управник е должен да состави и завршна сметка и завршен извештај кои ги доставува до членовите на одборот на доверители. Одлука по доставениот предлог план за конечна распределба, завршната сметка како и завршниот извештај донесува одборот на доверители. За разлика од предлог планот за авансна распределба по донесената одлука со која се одобруваат доставениот предлог план за конечна распределба, завршната сметка како и завршниот извештај се доставуваат до стечајниот судија и се објавуваат на огласна табла на судот.

Против доставениот предлог-план за конечна распределба стечајните доверители имаат право на приговор во рок од 8 дена од денот на објавувањето на огласната табла на судот. Приговорот се поднесува до стечајниот судија.

Стечајниот судија во рок 8 дена одлучува по поднесените приговори и во случај да оцени дека приговорите се неосновани со решение ќе ги одбие приговорите и ќе го одобри предлог - планот за конечна распределба. Решението со кое ќе ги одбие приговорите на доверителите и ќе го одобри предлог-планот за конечна распределба се доставува до доверителите кои поднеле приговор против предлог-планот за конечна распределба и до стечајниот управник. Во исто време ова решение ќе биде доставено и во стечајното досие за увид на сите доверители. Против ова решение право на жалба имаат доверителите чии приговори биле одбиени.

Веднаш по одобрувањето на планот за конечна распределба, стечајниот управник е должен да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите. По извршената исплата на средствата стечајниот управник е должен да состави посебен извештај за извршената исплата и да го достави до стечајниот судија,

до одборот на доверители, како и да го депонира во стечајното досие на должникот за увид на доверителите .

22.3. ЗАВРШНА СМЕТКА И ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ

Завршниот извештај и завршната сметка во себе содржат податоци за спроведената стечајната постапка. Во завршниот извештај, стечајниот управник е должен да опише се што се случувало во врска со спроведената стечајна постапка, од нејзиното отворање па се до завршното собрание.

За разлика од завршниот извештај завршната сметка содржи податоци односно претставува унифициран образец кој стечајните управници се должни да го користат. Тој образец е дел од професионалниот стандард за образец за завршниот извештај на стечајниот управник и извештаите за уплати и исплати(„Службен весник на Република Македонија“бр. 119/06)

ЗАВРШНА СМЕТКА НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК

	ПРИЛИВИ				**Износ(ден.)**
1.	**Готовински парични средства во благајната и на сметките во банките на денот на именувањето на стечајниот управник**				
2.	**Парични средства преземени од**:				
	Привремениот стечаен управник				
	Разрешениот стечаен управник				
3.	**Реализирани средства од имотот на стечајниот должник, изземајќи ги недвижностите:**				
	Долгови по книги и меници				
	Залихи				
	Подвижен имот, машини и инвентар				
	Реализирани средства од недвижниот имот				
	Бруто	Одбивна ставка на име исплата на разлачните доверители	Одбивна ставка на име директни трошоци од продажба	нето	
	Недвижност 1				

	Недвижност 2				
	Недвижност 3				
	Останато				
	Вкупни реализирани средства од недвижниот имот на стечајниот должник				
4.	**Приходи од работењето:**				
	Одбивна ставка на име: (а) Купување (да се приложи изјава со податоци, по категории)				
	(б) Расходи од работење во готовински парични средства (да се приложи изјава со податоци, по категории)				
	Нето готовински парични средства добиени преку работењето ако се позитивни (да се приложи изјава со наведени расходи, по категории)				
5.	**Останато**				
	(а) камати од банки				
	(б) останато (да се наведе)				
6.	**Вкупни приливи**				

	ОДЛИВИ	
7.	**Судски трошоци (трошоци за поднесување барање и др)**	
	(а) трошоци од огласувања	
	(б) останати трошоци(да се наведе)	
8.	**Преписка со доверителите и останати преписки**	
9.	**Трошоци на превземање во владение и заштита на имотот**	
	Заштита на имотот	
	останати трошоци(да се наведе)	
10.	**Трошоци за попис (вклучувајќи ги и трошоците за проценка на имотот)**	
11.	**Премии за осигурување**	
12.	**Ангажирани стручни лица и ангажирани агенти за продажба (наведени поединечно)**	
13.	**Трошоци поврзани со правни услуги (да се наведат сите**	

	трошоци)				
14.	**Одобрени награди и надомест на трошоци на привремениот стечаен управник**				
15.	**Одобрени награди и надомести на трошоци на членовите на одборот на доверители**				
16.	**Останато**				
	(а) Загуби во работењето од дејноста				
	(б) останати (да се наведе)				
17.	**Вкупни одливи, освен награда на стечајниот управник и надомест на трошоци**				
18.	**Нето реализирани средства пред исплатата на наградата за стечајниот управник и распределбата на доверителите**				
	Одбивни ставки				
19.	**Награда на стечајниот управник**				
	(а)стечаен управник				
	(б) разрешен стечаен управник				
20.	**Надомест на трошоците на стечајниот управник**				
	(а)стечаен управник				
	(б)Разрешен стечаен управник				
21.	**Преостанато за распределба на доверителите**				
22.	**Намирување**				
		Утврдени побарувања	% на намирување	Износ на намирување (ден.)	
	(а)Разлачни доверители				
	Средства резервирани за оспорените доверители				
	(б)доверители од повисок исплатен ред				
	(в)стечајни доверители				
	1.авансна				

	распределба				
	2.резервирани средства				
	1. авансна распределба				
	2. резервирани средства				
	Конечна делба				
	Средства резервирани по конечна делба				
	Вкупни средства исплатени на доверителите				
	Вкупен износ на резервирани средства				
23.	**Состојба**				Нула
24.	**Преостанат имот на должникот што не е опфатен во приливите** (да се наведе причината поради која имотот не е продаден или средствата не се остварени)				

стечаен управник

_____

Одобрил Одбор на доверители :

_____

Датум

_____

Претседател на одбор на доверители

_____

22.3.1. Завршно собрание на доверители

По донесување на решението за одобрување на планот за конечна распределба, стечајниот судија треба во наредните три дена да свика завршно собрание на доверители.

Завршното собрание на доверители се свикува само во постапката за впаричувањето на имотот на должникот и на таа седница стечајните доверители, треба да донесат одлука во врска со одобрување на завршната сметка и за завршниот извештај, одлука со која ќе го потврдат планот за конечна распределба на средствата и одлука за предметите и правата што претставуваат дел од имотот што влегува во стечајната маса што не биле отуѓени, наплатени или претворени во пари.

Завршното собрание на доверители го води стечајниот судија, кој на почетокот го нотира присуството на доверителите и ги утврдува гласачите права на доверителите. Стечајниот управник на почетокот на собранието треба да го образложи завршиот извештај и завршната сметка.

Доверителите, одлуките на завршното собрание ги донесуваат со мнозинство од утврдените побарувања претставени од присутните доверители. Значи оваа одлука ја донесуваат само мнозинство доверители од присутните доверители со утврдени побарувања.

Доколку собранието донесе одлука со која не се одобрува планот за конечна распределба, стечајниот судија донесува конечно решение по однос на одобрувањето на планот за конечна распределба. При тоа ќе ги оцени причините за одбивање на планот за конечна распределба. Стечајниот судија носи решение и во случај кога собранието не било одржано.

Инаку исто како и планот за авансна распределба и планот за конечната распределба на средствата и одлуките на завршното собрание на доверители ги извршува стечајниот управник.

22.4. Распределба на вишокот од конечната распределба

Доколку по намирувањето на трошоците во постапката, обврските на стечајна маса и стечајните доверители од повисок и понизок ред, има остатокот на стечајната маса стечајниот управник е должен остатокот од впаричената стечајна маса или имот да го пренесе на должникот. Тука треба да се направи разлика дали стечајната постапка е отворена над должник правно лице или должник поединец. Во случај кога се работи за должник правно лице, стечајниот управник ќе им го пренесе делот од тој вишок на сите лица кои поседуваат удели односно акции во основната главнина на должникот. Значи остатокот на стечајната маса не се пренесува на должникот ниту претставува имот на должникот туку на содружниците или акционерите.

Начинот на распределба на остатокот на имотот се врши тој начин што основ за распределба се односот на номиналните износи на уделите односно акциите доколку во договорот кај друштвата со ограничена одговорност односно со статутот кај акционерските друштва не е поинакво определено и не постојат акции со различни права при распределбата на остатокот на имотот. За таа цел стечајниот управник ќе треба да го прибави сновачкиот акт на друштвото и докази од други институции во зависност од формата на друштвото. Кога се работи за должник-поединец, враќањето на вишокот на имот ќе биде извршено на основачот.

23. ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

Заклучувањето на стечајната постапка е последен стадиум на стечајната постапка, без разлика дали била спроведена постапка за ликвидација, односно впаричување на имотот на должникот или реорганизација на должникот. Значи, до заклучување на стечајната постапка доаѓа и во двете постапки ex lege**.**

Веднаш по завршувањето на сите стадиуми на стечајната постапка, која се спроведува со впаричување на имотот, распределба на паричните средства прибрани во стечајната маса на доверителите и прифаќањето на завршната сметка и извештај од доверителите на завршното собрание на доверители, стечајниот управник треба да ги преземе сите дејства за заклучување на стечајната постапка.

Во овој случај, стечајниот управник треба да достави посебен извештај за намирување на доверителите согласно планот за распределба во стечајното досие и до стечајниот судија да достави писмен предлог за заклучување на стечајната постапка во кој ќе треба да ги наведе сите преземени дејства во текот на стечајната постапка.

Инаку, пред заклучувањето на стечајната постапка стечајниот управник треба да преземе одредени дејства кои се задолжителни и од чие исполнување зависи дали стечајниот судија ќе донесе решение за определување на наградата на стечајниот управник . Тие должности се

1) бришење на сметката отворена кај банката

2) депонирање на остатокот средства кои се уште не биле распределени по кој било основ на овој закон согласно решението на стечајниот судија.

Доколку, стечајниот судија оцени дека се преземени сите дејства во стечајната постапка веднаш донесува решение за заклучување на стечајната постапка.

Доставувањето и објавувањето на решението за заклучување на стечајната постапка се врши на истиот начин кој е предвиден за доставување и објавување на решението за отворање на стечајна постапка.

Стечајниот судија во решението за заклучување на стечајната постапка ќе определи заклучувањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите и во други соодветни регистри. Покрај тоа заедно со решението за заклучување на стечајната постапка ќе треба да се изготви и оглас за заклучување на стечајната постапка. Ова решение односно огласот треба да биде објавен во Службен весник на Република Македонија, а решението доставено непосредно до Централниот регистар. Примерок од решението им се доставува на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги.

Правните последици од донесувањето на решението за заклучување на стечајната постапка се различни во зависност од тоа на кој начин била спроведена стечајната постапка. Доколку истата била спроведена со впаричување на имотот на должникот во тој случај заклучувањето на стечајната постапка значи и бришење на должникот од трговскиот односно од друг регистар во кој е впишан и должникот како правното лице престанува да постои. Бришењето на должникот од трговскиот региста се спроведува по службена должност од страна на Центаралниот регистар. Лоша

практика е ако Централниот регистар не ги брише од трговскиот регистар или од другите регистри должниците туку очекува дека некој ќе достви барање за бришење и ќе ги плати трошоците за бришење. Стечајниот управник нема овластувања да презема било какви дејства туку таа обврска ex lege мора да ја спроведе Централниот регистар.

Доколку, стечајната постапка завршила со реорганизација на должникот, на начин определен со планот за реорганизација се врши соодветен упис во трговскиот регистар во кој е запишан должникот заради спроведување на одобрениот план за реорганизација. Притоа се можни повеќе ситуации од кои една е должникот да продолжи да постои како правно лице.По однос на друштвото над кого е отворена стечајна постапка со денот на донесувањето на ова решение за заклучување на стечајната постапка значи и дефинитивен престанок на истото како правно лице.

Правните последици од донесувањето на решение со кое се заклучува стечајната постапка над должникот поединец се губење на својството трговец-поединец. Инаку, совесниот должник - поединец со заклучувањето на стечајната постапка може да побара ослободување од преостанатите обврски. По заклучувањето на стечајната постапка отворена над должнкот – поединец останува обрската на физичкото лице да ги исплати побарувањата на своите доверители, освен ако не била спроведена постапка за реорганизација или постапка за ослободување од преостанати обврски.

Заклучувањето на стечајната постапка и бришењето на должникот од трговскиот регистар нема влијание на овластувањето кое стечајниот судија може да му го даде на стечајниот судија да продолжи да ги води започнатите постапки кои се од значење за стечајната маса и по заклучувањето на стечајната постапка. Оваа должност стечајниот управник може да продоложи да ја врши и покрај тоа што настанале правните последици од заклучување на стечајната постапка. Во овој случај, стечајниот управник е застапник на стечајната маса, а не застапник на должникот. Сето ова укажува на една состојба која на стечајната маса на должникот и се дава посебен вид на странкарска способност, и неа ја застапува ex lege стечајниот управник. Со други зборови стечајната маса претставува субјект на стечајната постапка, со оглед на фактот што должникот како правно лице под притисок на правните последици ја изгубил деловната способност, а истовремено е со ограничен правен субјективитет. Стечајната маса не претставува правен субјект од причина што законот не го овозможува тоа, сепак има ограничена правна способност. Тоа произлегува од околноста што таа функционира независно од должникот, а со неа управуваат органите на стечајната постапка. Ова незначи дека за времето на стечајната постапка настанал некој нов правен субјект туку формирањето на органите и нивните должности се во функција на стечајната маса, а поради остварувањето на целта на стечајната постапка.

Може да се заклучи стечајната постапка и покрај тоа што не се завршени сите спорови кои се водат во врска со стечајната постапка посебно оние кои се водат за утврдување на побарувањата на доверителите. Оваа одредба неможе да се примени во случај ако стечајниот управник води спор за сопственост на имотот кој влегува во стечајната маса. Оваа одредба може да се примени само во одредени случаи посебно кога стечајната маса на должникот е целосно впаричена, а се уште се водат спорови за утврдување на побарувањата. Заклучување на стечајната постапка не е пречка

постапките да продолжат и да завршат и стечајниот управник да изврши делба на впаричената маса, за што не се формира нов предмет.

23.1. Дополнителна распределба

По заклучувањето на завршното собрание на доверители или заклучување на стечајната постапка стечајниот судија во зависност од околностите на случајот може да донесе решение со кое се одобрува спроведување дополнителна или одложена распределба.Тоа решение судот може да го донесе ex officio, на предлог на стечајниот управник или стечаен доверител.

Доколку предлогот е поднесен од доверител стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе му наложи на предлагачот да авансира трошоци за спроведување на дополнителната односно одложена делба. Услови кои што треба да бидат исполнети за да може вакво решение да биде донесено се следните:

- издвоените или задржаните средства да станале достапни за распределба;

Во овој случај кога под условите определени со овој закон издвоените и задржаните средства заради исплата на одредени доверители станале достапни, односно престанал основот тие да бидат издвоени или задржани во тој случај стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе одобри спроведување на одложена распределба.

- средствата исплатени од стечајната маса повторно да биле вратени назад

- биле пронајдени предметите и правата што претставувале дел на имотот што влегува во стечајната маса, а дотогаш стечајниот управник не знаел за нив

Имајќи ја во предвид околноста дека по донесувањето на решението за конечна распределба, стечајниот судија немал сознанија дека средствата исплатени од стечајната маса можат повторно да бидат вратени како и тоа дека должникот располага со одреден имот кој станал достапен или пронајден по завршното собрание на доверители или заклучувањето на стечајната постапка во овие два случаја стечајниот судија ќе донесе решение за дополнителна делба.

Правните последици на заклучувањето на стечајната постапка не влијае на тоа вакво решение да биде донесено, односно решението за спроведување одложена распределба може да се донесе и по донесувањето на решението за заклучување на стечајната постапка. Значи бришењето на должникот како правно лице од соодветниот регистар нема влијание на располагањето на стечајниот управник со стечајната маса, односно на стечајниот судија со водењето на стечајната постапка.

Ова решение се доставува до предлагачот и до должникот. Во секој случај решението се доставува до стечајниот управник и должникот. Против решението на стечајниот судија со кое се одобрува спроведување дополнителна или одложена

распределба жалба може да поднесе само должникот во рок од осум дена од приемот на решението.

Во случај кога стечајниот судија ќе оцени дека средствата се од мала вредност или пак дополнително пронајдениот имот е од мала вредност, а трошоците за дополнителната делба се повисоки од вредноста на средствата односно ново пронајдениот имот може да донесе решение со кое ќе го одбие предлогот за спроведување на постапка за дополнителна делба, а со тоа предметите или средствата на должникот да останат кај должникот.

Во случај стечајниот судија да го одбие предлогот за спроведување на дополнителна или одложена распределба или така одлучи по службена должност, во тој случај право на жалба во рок од осум дена против решението има предлагачот, односно лицата овластени да побараат спроведување на ваква делба.

Со донесувањето на решението со кое се одобрува спроведување дополнителна или одложена распределба од стечајниот судија започнува постапката која ја спроведува стечајниот управник. Таа се разликува во зависност од тоа дали предмет на постапката е распределба на задржаните односно издвоените средства или ново пронајден имот.

Доколку, се работи за ново пронајден имот стечајниот управник ќе треба да ја спроведе постапката за впаричување на тој имот, на начин утврден со овој закон и остварените средства да ги распредели на доверителите со план за распределба. За тоа истиот составува посебен извештај и посебна сметка која ја доставува на стечајниот судија.

Состојбата е поедноставна доколку ново пронајдениот имот бил пронајден по заклучување на спроведена стечајна постапка. тогаш стечајниот управник по правило ќе ги примени истите одлуки кои биле донесени од органите на доверителите во врска со спроведувањето на постапката за впаричување на имотот на должникот.

Меѓутоа доколку ново пронајдениот имот бил пронајден во постапка во која стечајната постапка била заклучена без да се спроведе, во тој случај истата ќе продолжи, со тоа што по предлог на предлагачот ќе биде именуван стечаен управник.

Решението со кое стечајната постапка продолжува и се спроведува над имот на должникот, поради ново пронајден имот, односно оглас за тоа ќе треба да се објави и да се повикаат доверителите да ги пријават своите побарувања според условите предвидени во овој закон и да се спроведе дополнителната делба на стечајната маса.

Тоа што настанале правни последици од заклучувањето на стечајната постапка и должникот бил избришан од трговскиот регистар не влијаат на спроведувањето на оваа постапка.

Посебна заштита имаат доверителите на стечајна маса кои имаат и приоритетно право на намирување на побарувањата во стечајна постапка.Таквото право тие го остваруваат по исплата на трошоците во постапката, а пред исплата на побарувањата на стечајните доверители.

Доверителите на стечајна маса немаат обврска да поднесат пријава за намирување на своите побарувања како стечајните доверители. Тоа е и разбирливо

затоа што по правило побарувањата на доверителите на стечајна маса настануваат по отворањето на стечајната постапка. Наплата на своите побарувања овие доверители го вршат на тој начин што доставуваат барање за исплата до стечајниот управник. Ова се однесува и на оние доверители на стечајна маса кои се стекнале со законско право своето побарување да го намират на овој начин по сила на овој закон.

Постои можност доверителите на стечајна маса во текот на стечајна постапка да не биле намирени во целост па тие имаат право на дополнително намирување на своите побарувања само од средствата што преостанале во стечајната маса, а за средствата за кои стечајниот управник дознал по утврдувањето на делот наменет за авансна распределба, за време на конечната распределба или кога било донесено решение за спроведување дополнителна (одложена) распределба, по нејзиното објавување.

24. ЗАПИРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

Постојат повеќе основи за запирање на стечајна постапка, а кои се разликуваат помеѓу себе пред се според правните последици кои настануваат по донесувањето на решението за запирање на стечајната постапка, според причините поради кои се запира стечајната постапка како и по односот на овластените предлагачи за запирање на стечајната постапка.

24.1. Запирање на стечајната постапка во случај кога стечајната маса не е доволна да ги покрие трошоците во постапката

Првиот основ за донесување на решение за запирање на отворената стечајна постапка е стечајната маса која била формирана да не е доволна да ги покрие трошоците во постапката. Значи по поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка веќе било донесено решение од стечајниот судија со кое е отворена стечајна постапка над должникот и настапиле правните последици од отворањето на стечајната постапка. Меѓутоа во текот на стечајната постапка, стечајниот управник утврдил дека имотот на должникот кој влегол во стечајна маса и бил впаричен нема да биде доволен за намирување на трошоците на постапката и за таквата состојба треба да го извести стечајниот судија. Пред да се донесе решението за запирање на постапката по овој основ, односно поради недоволност на имот за намирување на трошоците во постапката, треба да биде спроведена постапка. Така стечајниот судија ќе треба:

Прво да свика седница на собранието на доверители односно одборот на доверители и да побара мислење од нив. Понатаму, ќе треба да ги сослуша доверителите на стечајната маса и стечајниот управник. Доколку утврди дека се исполнети условите за запирање на стечајната постапка, во тој случај ќе донесе решение со кое ќе ја запре отворената стечајна постапка и истовремено ќе ја заклучи.

Исклучок од ваквото правило, што има за последица отворената стечајна постапка да продолжи и да се спроведе е во случај кога некој од доверителите ќе авансира средства за да може стечајната постапка да се спроведе.

Пред да биде донесено решение со кое отворената стечајна постапка се запира и истовремено се заклучува, стечајниот управник треба сите парични средства достапни во стечајната маса, да ги употреби за намирување на дотогаш направените трошоци во постапката, сразмерно на нивните износи. Доколку до овој момент стечајниот управник не го впаричил целиот имот, истиот го губи овластувањето да располага со имотот што влегува во стечајната маса, ниту пак тој имот ќе биде впаричен. Имотот од кој ќе треба да се намират трошоците во постапката ќе биде поделен без негово впаричување.

24.2. Запирање на стечајната постапка во случај кога стечајната маса е недоволна за намирување обврските на стечајната маса

Втор услов за запирање на стечајната постапка и нејзино заклучување е кога имотот кој влегува во стечајната маса е доволен за намирување на трошоците на стечајната постапка во целост, меѓутоа, не е доволен за намирување на другите обврски на стечајната маса.

Оваа постапка може да се спроведе и тогаш кога постои само веројатност дека, на денот на пристигнувањето на обврските, имотот кој влегува во стечајната маса нема да биде доволен за намирување на другите постојни обврски на стечајната маса.

Во овој случај стечајниот управник ќе го извести стечајниот судија за тоа дека имотот што го поседува стечајниот должник и кој влегува во стечајната маса е недоволен. Стечајниот судија известувањето кое ќе го достави до стечајниот управник кој треба да го објави во Службен весник на Република Македонија и на огласна табла на судот. За таа цел треба да се состави посебен оглас со кој судот ќе ги извести доверителите дека стечајниот управник доставил известување до судот за недоволност на имот, односно дека постои недоволност на имот. Во исто време ова известување стечајниот судија преку стечајниот управник ќе го достави на доверителите на стечајната маса.

Во овој случај обврските на стечајниот управник да управува и да располага со имотот што влегува во стечајната маса продолжуваат и по известувањето за недоволноста на имотот.

Во случај на спроведување на постапка за запирање на стечајна постапка кога постои недоволност на имот за намирување на обврските на стечајната маса од достапните средства, од впаричениот имот стечајниот управник има обврска да ги намири побарувањата во стечајната постапка сразмерно на износот на подеднакво рангираните обврски и според утврдениот редослед:

Прво, се намируваат трошоците на стечајната постапка;

Второ, се намируваат обврските на стечајната маса кои не се трошоци во стечајната постапка, а кои доспеале за наплата и станале правно обврзувачки по известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса. Тие се следниве:

- обврски од двострано товарни договори, за чие исполнување стечајниот управник се изјаснил дури по доставувањето на известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса;
- обврски што произлегуваат од потрајни обврзни односи по основ на договори за закуп, договори за дело, договори за работа или од други слични, за периодот по првиот ден на кој стечајниот управник имал право да го раскине таквиот договор, по известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса и

- обврски што произлегуваат од потрајни обврзни односи договори за закуп, договори за дело, договори за работа или од други слични, ако и до мерката до која стечајниот управник барал нивно исполнување за сметка на стечајната маса, по известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса.

Трето, други обврски на стечајната маса, вклучувајки и последна издршката од стечајната маса на должникот - поединец и на неговото семејство .определена од собранието на доверители

24.3. Запирање на отворената стечајна постапка поради непостоење на услови за спроведување на стечајната постапка

Постои можност должникот во текот на отворената стечајна постапка да приложи докази од кои може да се утврди дека истиот станал солвентен односно способен за плаќање и поради тоа постојат услови стечајната постапка да биде запрена.

Стечајниот судија, по оценка на приложените докази може да донесе решение со кое ќе ја запре отворената стечајна постапка поради тоа што должникот во меѓувреме станал солвентен и веќе не постојат услови да биде отворена стечајната постапка над должникот.

Во овој случај правна последица од донесеното решение за запирање на отворената стечајна постапка по овој основ е што должникот повторно го стекнува правото слободно да управува и да располага со имотот што влегол во стечајната маса.

Инаку, пред донесувањето на решението за запирање на отворената стечајна постапка поради непостоење на услови за отворање на стечајната постапка, стечајниот судија е должен да спроведе постапка да го утврди овој факт.

Стечајниот судија е должен предлогот на должникот по овој основ да го објави во Службен весник на Република Македонија и да го истакне на огласна табла на судот. И во овој случај е потребно да биде изготвен посебен оглас кој ќе ги содржи податоците од предлогот. Исто така ова барање треба да биде доставено и во стечајното досие на должникот за да им се овозможи увид на сите доверители.

Доверителите имаат право да изјават приговор против барањето за запирање на постапката во рок од осум дена од денот на објавувањето на предлогот за запирање на стечајната постапка.

Обврската на стечајниот судија пред да донесе решение за запирање на стечајната постапка е да го сослуша предлагачот односно органите на должникот или должникот поединец, стечајниот управник и одборот на доверители, ако таков одбор бил основан.

Во случај некој од доверителите во законскиот рок од осум дена да поднел приговор против предлогот на должникот стечајниот судија пред да донесе решение ќе

го сослуша и тој доверител. Обврска на стечајниот управник пред донесувањето на решението за запирање на отворената стечајна постапка е да ги исполни сите обврски и да ги намири сите побарувања на доверителите на стечајна маса. Исто така за сите оспорени побарувања стечајниот управник односно должникот е должен да даде соодветно обезбедување.

24.4. Запирање на стечајната постапка со согласност на доверителите

Должникот може да поднесе барање, и тоа до истекот на рокот за пријавување на побарување од страна на доверителите а запирање на стечајната постапка врз основа на согласност на доверителите.

Овој предлог должникот може да го поднесе, а стечајниот судија да постапи по него и пред истекот на рокот за пријавување на побарувањата доколку не се познати други доверители, освен оние кои дале согласност со јавно заверените исправи кај нотар.

Основен услов за спроведување на оваа постапка е должникот заедно со предлогот за запирање на отворената стечајна постапка, да достави до стечајниот судија јавно заверените изјави кај нотар на доверителите кои го пријавиле своето побарување во стечајната постапка по огласот објавен во Службен весник на РМ со кои тие се согласуваат и покрај тоа што имаат побарување од должникот отворената стечајна постапка над должникот да биде запрена.

Стечајниот судија е должен предлогот на должникот по овој основ јавно да го објави во „Службен весник на Република Македонија“. Објавувањето на предлогот треба да биде извршено со посебен оглас во кој ќе биде содржан предлогот на должникот. Исто така ова барање треба да биде доставено и во стечајното досие на должникот за да им се овозможи увид на сите доверители .

Секој стечаен доверител може да изјави приговор против барањето за запирање на постапката во рок од осум дена од денот на објавувањето на предлогот за запирање на стечајната постапка. Обврска на стечајниот судија пред да донесе решение за запирање на стечајната постапка е да ги сослуша предлагачот односно органите на должникот или должникот поединец, стечајниот управник и одборот на доверители, ако таков одбор бил основан. Во случај некој од доверителите во законскиот рок од осум дена да поднел приговор против предлогот на должникот, стечајниот судија пред да донесе решение ќе го сослуша и тој доверител.

Обврска на стечајниот управник пред да биде донесено решението за запирање на отворената стечајна постапка е да ги исполни сите обврски и да ги намири сите побарувања доверителите на стечајна маса. Исто така е должен за сите оспорени побарувања стечајниот управник поточно должникот да даде соодветно обезбедување.